КОСТА ПЕЕВ

КУКУШКИОТ ГОВОР

КНИГА I

НИО „Студентски збор“
Скопје, 1987

Ментор
акад. Божидар Видоески

*

Рецензенти

акад. Божидар Видоески
акад. Блаже Конески
акад. Оливера Јашар-Настева

Директор
Насте Стојкоски

*

Уредник
Томе Груевски

CIP—Каталогизација во публикација, Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски", Скопје
808.66—087 (495.619)

ПЕЕВ, Коста

Кукушкиот говор / Коста Пеев. — Скопје : Студентски збор, 1987— . — св. ; 20 см
Кн, 1. — 1987. — 355 стр.

Резюме. — Библиографија: стр. 345—347.

„Вредноста и интересноста на оваа монографија се зголемува посебно со тоа што таа му е посветена на еден говор којшто е, поради познатите историски околности во Егејска Македонија, подложен на исчезнување во својата матица. Авторот бил поставен пред задачата да врши еден вид реконструкција на кукушкиот говор, користејќи ги поранешните записи и соопштувања и спроведувајќи и самиот анкета меѓу припадниците на тој говор преселени во СР Македонија. Со сето тоа работата на д-р Коста Пеев ги надминува по своето значење чисто лингвистичките рамки, зашто заштитува и одбранува пред заборавот еден важен дел од национално-културното наследство на македонскиот народ...“

Блаже Конески

(дел од Рецензијата)

Меѓу грозните примери на геноцид хроничарите секако ќе мора да ги споменат и настаните што ја зафатија југоисточна Македонија во текот на Втората балканска војна, 1913 год. Во текот на оваа војна од страна на грчките војски беа запалени и уништени поголем број села од Кукушко, а на 3 јули 1913, по жестокиот артилериски оган и пожарот, наполно згасна животот во убавиот град Кукуш.

На тој начин беше прекината животната нишка на овој македонистички центар за чија културна активност уште пред 130 год. со одбрани зборови пишува во тогашниот печат (мај 1858 год.): ако кукушаните продолжат со своите благородни стремежи кон просвета и национален препород, Кукуш ќе се претвори во средишна точка од каде што љубовта кон народното образование како молња ќе се разнесе открај накрај кон сите правци на нашата земја. Народната историја ќе го забележи тоа хумано дело, но во исто време тоа ќе претставува укор за Охрид, Битола и другите поглавни градови во Македонија за нивното задоцнување.

Авторот

Панорама на разурнатиот град Кукуш — јули 1913 год.

У В О Д

Историско-географски податоци. Анализа на објавената литература.

1.1. Околината на Кукуш, што е предмет на нашиве дијалектни истражувања, го зафаќа средишниот дел на Долновардарско, Егејска Македонија. Географски таа се поврзува со Дојранско и претставува една целост што се простира на југ од Беласица, прошарена со многу "пресечени планински гребени, кои, колку повеќе се оди на југ, стануваат сè пониски и поминуваат во расфрлени голи ридови, што се губат во Солунското Поле. Од највисоките североисточни планински гребени од таа област истекуваат повеќе потоци, што се собираат во три главни притоки, и југоисточно од Кукуш, до селото Сараќој се соединуваат во една река, позната под името Галик, а таа понатаму се влива во Солунскиот Залив.

1.2. Географските граници на таа област може да се определат на следниов начин: северната граница започнува од врвот Висока Чука на планината Беласица, оттука по билото на планината оди на исток и токму над селото Шугово се спушта кон југ и источно од селото Тодорово завива малку на југоисток по билото на Круша Планина. Источната граница започнува од највисокиот врв на Круша Планина, над село Папрад и оди на југ до заобленият врв Равна. Јужната граница започнува од врвот Равна оди на запад по еден планински гребен, кој го оградува коритото на реката Галик, минува низ Солунското Поле, го заобиколува с. Нар'ш во правец на јужниот крај на Арјанското Езеро, потаму оди право на север и југозападно од с. Владаја скршнува малку на запад, по 'рбетот на висот Дуб поминува меѓу селата Палјорци и Фурка, свртува кон северозапад, проаѓа меѓу селата Пирава и Валандово и право на север по јужните падини на Беласица се соединува со врвот Висока Чука"[1].

[1] Г. П. Христовъ, По-забележителни особености на кукушко-дойранския говоръ, МакПр, X, 1936, кн. 1—2, стр. 104—106.

Авторот на спомнатиов опис Г. П. Христов, натаму како природна граница меѓу Дојранско и Кукушко го посочува гребенот од Круша Планина кој кај седлото Дова Тепе се прекршува скоро под прав агол и одејќи право на југ, поминува јужно од с. Патарос, каде што си пробива пат реката Ѓол'ај, којашто истекува од Дојранското, а се влива во Арџанското Езеро, и оттаму оди на запад, во правец на с. Фурка.

1.3. Кукушкиот регион од своја страна може да се раздели на два дела. Првиот т. н. Карадаг, е ридско-планинска месност што се состои од неколку гребени на Круша Планина, од кои истекуваат повеќе рекички што се собираат во р. Галик. Покрај првата притока, именувана од месното население како Стара Река, се наредени селата Штемница (Сневче), со мешано население, натаму Моларци — најголемо село во Кукушко, Алексово, Рошлово, Грамадна и Шекерлија. По втората притока се: Долни и Горни Тодораки, Рајаново (мешано), Планица (мешано), Мотулово, Стрезово и Сеслово. Меѓу втората и третата притока се селата: Лел'ово, Междурек и Кушево. Во Карадагот спаѓаат уште селата Гола и Тодорово.

Вториот регион, т. н. Поле се протега југозападно од Карадагот, сè до езерата Аматовско и Арџанско и ги зафаќа селата: Шереметлија, Карацакадар, Амбар Ќој (мешано), Саламаново (мешано), Ацилар (мешано), Ѓолјбаси, Постулар, Алиоџелар, Коџаомерлија, Беглери, Сарипазар, Женско (мешано), Даутлија, Ајдарлија, Гърбашел, Енешево, Ираклија (мешано), Врагитурци, Казаново, Драгомирци, Гавалјанци, Маловци, 'Рсово, Крундирци, Чугунци, Калиново, Мијалево, Куритин, Нар'ш.

1.4. По заземањето на Македонија од страна на Турците етничкиот состав во Кукушко нагло се менува, тоа особено се однесува на северозападниот дел. Поголемиот број села меѓу Дојранското и Бутковското Езеро се населени со Турци. Во почетокот на нашиов век, според статистиката од К'нчов[2] во Карадагот, на падините на Круша Планина, од 88 споменати села (под редните броеви од 55 до 142) со чисто маке-

[2] В. Кънчовъ, Македония, етнография и статистика, София, 1900 год.

донско население има само 10 села: Пејково, Дерели, Тодорово, Мотилово, Долни Тодорак, Горни Тодорак, Моларци, Алексово (Нехире Мутне), Грамадна и Междурек, и 7 со мешано: Рајаново, Рамна, Штемница (Енфиџе), Рошлово (Дуванџе), Лелово, Планица (Липлак), Кушево (Миланче). Останатите села (61) се турски, населени со коњари (преселници од областа Конија во Мала Азија). Во вкупно 142 села имало 43178 жители од кои 21468 Македонци[3], 19928 Турци и 1782 Цигани.

Во спомнатава книга К'нчов нагласува дека според салнамето од 1312 г. во односнава каза имало муслимани (Турци и Цигани) 23848 и немуслимани (Македонци) 17778. Подоцна овој однос се менува во корист на македонското население.

Во постаро време, додава К'нчов, административен центар во оваа регија бил оселото Женско, наречено од Турците Аврет Хисар (Женска Крепост), а околијата Кукушка официјално се викала Авретхисарска каза. Односниов назив за вилаетот (казата) ќе остане сè до Балканските војни, иако според Кузман Шапкарев Кукуш станал трговски и административен центар на околијата уште кон средината на XVIII век[4].

1.5. Кукуш, инаку, се споменува како населба уште во XV век, во турски документи[5]. Се наоѓа на 50 километри северно од Солун и 34 километри југоисточно од Стар Дојран. Кон средината на минатиот век според Верковиќ Кукуш бил релативно чист македонски град, имал 778 македонски брачни двојки и 10 влашки[6].

---

[3] К'нчов македонското население го прикажува како бугарско.

[4] Сп. „Читалиште", Цариград, 1871, г. I, кн. 13, стр. 408, цит. спрема Т. Влахов, Кукуш и неговото историческо минало, София, 1963, стр. 25.

[5] Т. Влахов, Кукуш и неговото историческо минало, София, 1963, стр. 7.

[6] С. И. Верковичъ, Топографический очерк Македоній, С-Петербургъ, Военая топографія (Въ здании Гловного Штаба), 1889, цит. спрема: Т. Симовски, Населените места во Егејска Македонија, Скопје, 1978, стр. 337.

Кузман Шапкарев наведува дека кон 1870 г. Кукуш имал од 1000 до 1200 семејства, скоро сите христијански — македонски, а само 50 — 60 турски[7].

Паралелно со развитокот на градот како административен центар, особено кон крајот на минатиот век, доаѓа до масовно доселување на Турци, така што во евиденцијата од 1900 год. (според К'нчов) во Кукуш има 7000 Македонци и 750 Турци.

1.6. Благопријатната изменета средоземноморска клима обусловена од близината на морето и погодните почвени услови даваа можности Кукушкото Поле да се претвори во солидна економска позадина на големиот пристанишен центар Солун, кој уште во XVIII век „држеше едно од најважните места како во внатрешната, така и во надворешната трговија на Турција. Особена побарувачка, за извоз преку Солунското пристаниште имаа следниве производи: волна, памук, жито, свила, тутун, кожи, восок и др.“[8]

Во средината на минатиот век општиот економски подем особено силно се појавува во Кукуш „кој станува средиште и природен пазар за полските села — чифлици, богати со житни храни, сусам, памук, афион и др., и за селата по Круша Планина богати со разнообразно овошје, лозја, дабово дрво, добиток, тутун, дрвен јаглен и сл. Во Кукуш беа застапени сите занаети, неопходни за задоволување на различните потреби на градот и широката околија. Кукушките занаетчии — ковачи, бакарџии, чевлари, папуџии, опинчари, ќуркчии, терзии, бојаџии, мутафчии, арабаџии, грнчари, самарџии, сарачи — сите работеа предимно за задоволување на месните потреби, но редовно ги посетуваа и пазарите, особено панаѓурите, надвор од околијата“[9].

Меѓу другите занаетчиски работи особено треба да се истакне преработката на памук, која во средината на 19 век доби размери на мала индустрија. Според Шапкарев повеќето од домаќинствата во градот се занимаваа со предење и

---

[7] Сп. „Читалиште“, Цариград, 1871, г. I, кн. 13, стр. 408 (сп. Т. Влахов, стр. 58).

[8] Svoronos, N., Le commerce de Salonique au XVIIIe siècle, Paris, 1956 (в. Т. Влахов, Кукуш ..., стр. 28).

[9] Т. Влахов, цит. раб., стр. 56.

ткаење на бели платна и алаци (шарени). Специјални трговци — платнари го откупуваа платното и го продаваа не само во соседните македонски градови туку и на подалечните пазари во Турција, Албанија, Босна и Херцеговина[10].

Развитокот на занаетчиството и трговијата и збогатувањето на граѓанската класа го обусловија раздвижувањето на националното сознание. Од контактите што ги имаа кукушките трговци со граѓанската класа од понапредните центри во Западна Македонија, потекнува и нивното настојување во 1840 г. за учител во Кукуш да биде назначен Д. Миладинов. Иако предаваше на грчки јазик, Д. Миладинов работи и на будењето на националната свест во текот на двете години, колку што остана во Кукуш. Според Шапкарев „превел неколку молитви, оние што се употребувале најмногу, од грчки на народен јазик, напишани сепак со грчки букви"[11].

1.7. Меѓу појавите на преродбата во Кукуш особено треба да се истакне борбата против Патријаршијата и фанариотското духовенство што зема особен замав во шеесеттите години од минатиот век. Таа борба во исто време значеше и борба за воведување на народниот јазик во црквите и училиштата.

Указателен факт за организираноста на кукушките граѓани во овие настојувања секако претставува поканата што 1857 година им ја испратиле на Р. Жинзифов и Д. Миладинов (по втор пат) со која ги повикуваат да бидат учители во нивниот град.

За одбележување е дека во одговорот на поканата, иако пишуван со грчко писмо, Д. Миладинов многу често го употребува изразот „народен јазик" или „словенски јазик": „Скокам од радост кога го гледам вашиот стремеж и љубов кон мајчиниот јазик, а особено затоа што мнозина од младите и свештениците се решиле ревносно да го учат словенскиот јазик, па по неколку месеци да служат и божја служба на нашиот стар прадедов јазик". Д. Миладинов натаму продолжува: „Вие први во Источна Македонија почнавте да го

---

[10] К. Шапкарев, Автобиография, МакПр, год. III, кн. 2, стр. 40 (в. Т. Влахов, цит, раб., 56).

[11] К. Шапкарев, сп. „Читалиште" ..., стр. 409.

изучувате нашиот прадедов јазик, вие први ќе ја овековечите во словенската историја својата татковина“ (Т. Влахов, Кукуш . . . , стр. 63)[12].

1.8. Благодарејќи на дејноста што на широк план ја повел Д. Миладинов против елинизмот, Кукуш станува еден од најпознатите центри на националната преродба во Македонија. За ова со одбрани зборови пишува во статијата „Кукуш“ печатена во „Български книжици“ од мај 1858 година: ако кукушаните продолжат со своите благородни стремежи кон просвета и национален препород, Кукуш ќе се претвори во средишна точка од каде што љубовта кон народното образование како молња ќе се разнесе од крај на крај во сите правци на нашата земја. Народната историја ќе го бележи тоа добро дело, но во исто време тоа ќе претставува укор за Охрид, Битола и други поглавни градови во Македонија за нивното задоцнување[13].

Општата нетрпеливост против фанариотското духовенство во Кукуш доби своја конкретна содржина во отворената борба со грчкиот владика Мелетиј. Иако безволно, солунскиот митрополит Неофит под силниот притисок на кукушкото граѓанство, кое неколку пати праќаше петиции, сепак се реши да го смени владиката.

1.9. Користејќи го народното незадоволство од Патријаршијата, во Кукуш почна да се наложува католичката пропаганда, која на вознемирените кукушани им предлагаше унија со Рим. Ова движење особено се засили 1859 год., кога голем број кукушани го примија унијатството. Патријаршиската врхушка исплашена од реалната возможност сосема да го изгуби кукушкиот вилает, се реши на отстапки, па дури и даде согласност за владика во Кукуш (ноември 1859 г.) да биде назначен Партенија Зографски.

1.10. Владиката Партенија како народен трибун, освен за демократизација на црквата, со отфрлање на елиниз-

---

[12] Атрибутите „народен“, „словенски“, „прадедов“ (јазик) Д. Миладинов често ги употребува и во писмото што му го испратил на папата Пие IX, во кое го известува за прифаќањето на унијатството од страна на кукушаните.

[13] Сп. Български книжици, № 10, кн. II, мај 1858, стр. 19—20 (в. Т. Влахов, цит. раб., стр. 67).

мот и воведување на словенски јазик при изведување на службата, се грижеше и за училиштата: за подобрување на условите, за отворање на нови училишта и за изведување на наставата на народен јазик.

Солунскиот митрополит Неофит поткрепен од прогонетиот владика Мелетиј, па и воопшто од фанариотската клика, загрижен од можноста по примерот на Кукушко-поленската епархија да тргнат и другите, а особено соседните македонски градови, покренува сериозна хајка против владиката Зографски. Служејќи се со интриги и поткупувања Неофит дури организира и судење на владиката со цел да го изгонат од епархијата. Кон групата на митрополитот во прогонувањето и клеветите се приклучуваат и некои чорбации и првенци од Кукуш и Дојран, и тоа, спрема Шапкарев, придонело за побрзото отпаѓање на Партенија Зографски од владичкиот стол на Кукушко-поленската епархија[14]. Во финалето на овие судрувања, макар за момент победи неправдата, во септември 1867 г. Патријаршијата го премести владиката Партенија Зографски и го назначи за нишавско-пиротски митрополит, а за владика во Кукуш беше вратен злогласниот Мелетија, оној истиот што пред повеќе од една деценија кукушаните со големи маки го набркаа од својата епархија.

1.11. Сведок, регистратор и учесник на борбата што ја водеше Партенија Зографски, па и воопшто кукушката граѓанска класа и малубројната интелигенција против фанариотите, од 1865 год. беше и учителот, фолклорист Кузман Шапкарев.

Основите што ги постави Д. Миладинов при организирањето на училишниот живот во Кукуш, и во разгрнувањето на националната свест, прифатени и продлабочени од владиката Партенија Зографски направија од Кукуш, така да се изразиме центар на македонската преродба.

Во таква средина, не случајно и Кузман Шапкарев, учителствувајќи во Кукуш, ќе се определи учебниците: буквар, читанки и сл. да ги напише на „наречје“ разбирливо за Македонците.

---

[14] К. Шапкарев, Материали за животоописанието на бр. Х. Миладинови . . . , Пловдив, 1884, стр. 57—58 (Т. Влахов, цит. раб., 90).

1.12. Многу природно, како резултат на сиве овие превирања на национален план дојде обидот за издавање на една граматика на „македонско наречје“ од „кукушкиот учител Венијамин Мачуковски, кој во 1872 година излезе со оглас за собирање претплата за издавање на својата граматика што ја употребувал веќе во својата учителска практика. Овој оглас беше дочекан со остра реакција во бугарскиот цариградски печат, па граматиката на Мачуковски не се издаде“[15].

1.13. Меѓу грозните примери на геноцид и истребување на населението што се повторуваат така често во нашиов век, хроничарите секако ќе мора да ги споменат и настаните што ја зафатија југоисточна Македонија во текот на Втората балканска војна, инспирирана од шовинистичките и великодржавнички аспирации на буржоазиите и владите на соседните земји: Бугарија, Србија и Грција.

„Втората балканска војна која се покажа многу посвирепа и која избувна на 29 јуни 1913 година, македонскиот народ ја плати најскапо. Во оваа војна, посебно од страна на грчките војски, беа заклани илјадници невини Македонци од кои поголемиот дел жени и деца, посебно од Кукушко и Демир Хисарско, каде што се водеа воените операции. Исто така беа запалени и разурнати десетици македонски села и убавиот град Кукуш“[16].

*

1.14. Во првите дни од месец јули 1913 г., во време на жетва, под силен артилериски оган од грчката војска, која имала за задача да приготви почва „оваа богата негрчка дотогаш област да се елинизира“, македонското население, немајќи време за спремање, така речи од нивите, оставајќи ги срповите, и по жетварски алишта, често не можејќи дури да се соберат сите членови од фамилијата, тргнале да бегаат на север, кон падините на Круша Планина и преку Демир Хисар се управиле кон Кресна и Пиринска Македонија, а некои и понатаму кон Софија. Зад растрганите колони од бегалци останувале пожари, експлозии и смрт. За ужасот и агонијата на бегалците, според месниот изговор „бижáнци“,

[15] Б. Конески, Граматика на македонскиот литературен јазик, 1967, с. 34.

[16] Т. Симовски, Населените места во Егејска Македонија, Скопје 1978, стр. 12.

многу указателни се случаите, кажувани од очевидци, кога некои мајки за да ги спасат двете деца третото го оставале на патот. Повеќе вакви искажувања имаме чуено од различни информатори, регистрирани на магнетофонска лента, а некои од нив се содржат во текстовите што ја придружуваат студијата.

Во текот на бегањето, на ова „одење по маките“ кукушките семејства биле слабо помагани од бугарските воени власти и често се случувало, исцрпени од глад и болест, старци и деца да умираат по патиштата.

Условите за живот во прифатилиштата, во градовите каде што се задржале: Дупница, Горна Џумаја, Софија и др. биле повеќе од мизерни, сместени во јавните згради, најчесто во училиштата, по 4—5 семејства во една соба, бегалците со душа го чекале моментот кога ќе можат да се вратат; „кугá к'и-ш-óјме нă- Кукýш“, била мислата со која живееле бегалците.

За жал нивните желби не се реализирале, многу семејства останале во Софија, другите, откако биле поставени границите, есента 1913 год., се упатиле на југ, што поблизу до родниот Кукуш и се задржале во Петрич и Струмица.

1.15. За да се види размерот на уништувањето на Кукуш и на околните села во текот на јули 1913 год., ќе се послужиме со статистичките податоци што ги земаме од спомнатата студија на Т. Симовски, главно, и од информаторите од кои собиравме дијалектен материјал.

1.16. Градот Кукуш, веќе рековме, според К'нчов кон крајот на минатиот век имал 7750 жители, а во 1913 год., по иселувањето и пожарот, градот се води само со 3000 жители и тоа не староседелци, туку претежно македонски семејства од Струмица, "гркомани“, кои по предавањето на овој град на Бугарија се иселиле во Грција. Во 1920 год. нивниот број се намалува, во Кукуш се регистрирани само 2236 лица.

1.17. Шекерлија е најблиското село до Кукуш, се наоѓа само на 4 км. северно од градот. Селото не било големо, кон крајот на минатиот век имало 65 македонски жители (К'нчов). Според информаторот од кој собиравме дијалектен материјал селото пред Војната било „тýрцко и каýрцко“. За време на погромот од Втората балканска војна селото

било напуштено, според повоениот попис (1913) селото се води со 252 жители, но таа бројка е привидна, се однесува на Турците од соседното село Серсемли. За ова може да послужи како доказ и фактот дека според пописот од 1920 година селото се води како напуштена населба.

1.18. Селото Ниманци се наоѓа на 8 км. североисточно од Кукуш. Населението било чисто македонско. Кон крајот на минатиот век имало 160 жители (К'нчов). За жал, информаторот со кој работевме, Милан Гогов, не можеше да ни даде демографски податоци за селото пред Војната: „нä-бéго бúше, не знам кóлко кáшти úмше сéлто". За време на Војната (1913) тоа наполно настрадало, населението бегајќи пред разјарените грчки војници целосно го напуштило и побегнало во Струмичко и во Бугарија. Резултатот е очигледен: според пописот направен по Војната Ниманци се споменува како напуштена населба.

1.19. Големото село Грамадна се наоѓа на 11 км. северно од Кукуш. Кон крајот на минатиот век (К'нчов) тоа претставувало чисто македонска населба со 600 жители. „Во Втората балканска војна селото многу настрадало од грчките војски и тогаш голем број од неговите жители, за да се спасат, побегнале во Струмичко, каде што живеат и денеска". Според пописот по Војната селото се води само со 150, а во 1920 год. со 272 жители.

1.20. Селото Мотулово се наоѓа на 12 км. североисточно од Кукуш. Во минатото претставувало голема и чисто македонска населба. Кон крајот на минатиот век имало 850 жители (К'нчов). Според нашите информатори, пред иселувањето (јули 1913 г.) селото имало околу 150 куќи. Во Втората балканска војна многу настрадало и најголемиот дел од неговите жители избегале: 30 семејства во Струмичко, каде што и денеска живеат, а останатите во Бугарија. Според пописот од 1913 година селото се води само со 240, а во 1920 со 272 жители. Во 1924 година и преостанатите македонски жители (официјално 77 души) се иселиле во Бугарија.

1.21. На северозапад од Кукуш, во близина на Грамадна, се наоѓа селото Ираклија. Кон крајот на минатиот век, според К'нчов, во односново село населението било мешано: 290 македонски и 100 турски жители. За време на Втората балкан-

ска војна македонското население, бегајќи од свирепоста на грчката војска, побарало прибежиште во Струмичко и во Бугарија, а Турците во други села. Резултатот и овде е жалосен, со пописот по Војната 1913 год., селото Ираклија се споменува како напуштена населба.

1.22. Селото Алексово се наоѓа во реонот на Карадагот, 14 км. северно од Кукуш. Населението било чисто македонско, кон крајот на минатиот век (К'нчов) тоа изнесувало 420 жители. Според информаторите со кои ние соработувавме, Алексово пред Балканските војни броело 50—60 куќи. Наоѓајќи се на патот и на бегалците и на војската што настапувала, тоа многу настрадало, а преживеаните лица пребегнале главно во Струмица и Струмичко каде што живеат и денеска. На нивно место дошле семејства „гркомани" од Струмичко (с. Зубово) и според пописот (1913 год.) селото имало 280 жители, но по Првата светска војна тие повторно се вратиле во Зубово, па поради тоа во пописот од 1920 год. Алексово се води само со тројца жители.

1.23. Големото село Моларци зазема централно место во Карадагот. Се наоѓа на 16 км. северно од Кукуш. Во минатото, кон крајот на XIX век било чисто македонско, имало 1200 жители (К'нчов). Според информаторот од кого собиравме дијалектен материјал, во првата декада од нашиов век „Моларци уф-уколита бише първа. Трѝста и пе́йсе къ́шти бѝше". Населението се занимавало со одгледување на свилена буба и земјоделство. Исто така било развиено занаетчиството, имале плоштад со трговско-занаетчиски дел: 15 дуќани папуџии, неколку столари, две воденици на газија, дуќан за правење бонбони и сл.

За време на Втората балканска војна селото настрадало, а населението ги напуштило своите домови и побарало засолниште во Струмица, Струмичко и во Бугарија. Според пописот направен по Војната 1913. год., во селото останале 755 жители, наредната 1914 половината од преостанатите македонски жители се иселиле во Бугарија, така што во 1920 год. тоа се намалило на 385 жители. Во текот на 1924 год. со сила биле иселени во Бугарија уште 312 жители.

Информаторот со носталгија заклучува: „се́га бих, та́а е́син уди́х, не́ма ни́што. Ка́ о́дум там, нъ́-то ме́сто (мисли

на селскиот плоштад), шо к'и ви́диш? — сѐ пул'а́ни. Са́мо адна́ же́на најде́ме уд-на́ште, шо зна́ на́шо да-гувóре, друк не́ма, сѐ гъ́рчко".

1.24. Селото Планица исто така се наоѓа во полите на Карадагот. До Балканските војни било беговско место. Се наоѓа 20 км. североисточно од Кукуш, до Круша Планина. Според К'нчов селото кон крајот на XIX век било мешано: 500 македонски и 250 турски жители. Иако настрадало во Војната, истата година, 1913, се води со 540 жители. Во 1914 год. голем број македонски семејства се иселиле оттука во Бугарија, а исто така се иселиле и Турци, поради што во 1920 год. селото се води со 230 жители.

1.25. На југозападните падини на планината Круша се наоѓа селото Штемница. Населбата била со мешано население, според К'нчов кон крајот на минатиот век Турците биле во мнозинство: 300 жители, тие селото го викале Сневче, Македонци имало 160, а Цигани 80.

Во текот на Балканската војна, селото, наоѓајќи се на патот по кој настапувале војските, многу настрадало, а македонското население се повлекло во Струмица и Струмичко. Како резултат на тоа, според повоениот попис од 1913 год. селото се води само со 25 жители, Турци.

1.26. Селото Гола се наоѓа на 19 км. северозападно од Кукуш, во граничниот реон со Дојранско. Во статистичкиот попис од К'нчов селото Гола не е зарегистрирано. Според пописот по Војната, 1913 год. селото имало 90 жители. Гола повторно настрадало 1916, кога — наоѓајќи се во близина на линијата на фронтот — околу 20 семејства го напуштиле селото и се префрлиле во Струмичко.

1.27. Населбата Хрсово, месното население го изговара 'Рсуво, во минатото била населена со чисто македонско население, според К'нчов таа броела 360 жители. Се наоѓа покрај железничката пруга Солун — Кукуш — Дојран, 19 км. северозападно од Кукуш. Грчката војска, за време на Балканската војна, го уништила селото, а населението, бегајќи пред злосторникот побарало прибежиште во Струмица, Струмичко и во Бугарија. Резултатот од опустошувањето се покажа во повоениот попис 1913 во кој селото се споменува како напуштена населба.

1.28. На 20 км. југоисточно од Кукуш, на патот за Солун се наоѓа селото Амбар Ќој. Во минатото, според К'нчов тоа претставувало мешана населба, со 300 македонски и 60 турски жители. Интересно и оваа населба во 1913, пред Војната не покажува нормален прираст. Според информаторот тогаш таа имала 40 куќи, околу 30 македонски и околу 5—6 турски семејства. Веднаш по Војната се води со 240 жители, а во 1920 поради доаѓањето на доселенички семејства тоа нараснало на 524 жители.

1.29. Селото Ханџилар, месното население го вика Иџиларе, се наоѓа на 15 км. јужно од Кукуш и на 27 км. северозападно од Солун. Освен со земјоделство, наоѓајќи се на џадето, според искажувањата на информаторот, мештаните се занимавале и со кирџиство, имале камили. Според К'нчов кон крајот на минатиот век селото било мешано, но македонското население било во мнозинство: 470 Македонци, наспрема 30 Турци. За време на Балканската војна селото многу настрадало: „óгино тук зăфăтú . . . Тувáрна, азăр кóлта сј-аа устăвúме, тăкá избигáме, ус-аднáта дýша, ус-житвáрски рýби". Бегајќи пред грчката војска населението се прибрало во Струмица и Струмичко, а делумно и во Бугарија.

1.30. Во близина на Иџиларе, на околу 12 км. југозападно од Кукуш се наоѓа селото Апостолар. Месното население го вика Пустулáр. Т. Симовски, во споменатава книга, демографски податоци за односново село ни дава од 1924 год. наваму. Според анкетирањата што сме ги вршеле, информатор ни беше Димов Илија, пред погромот од 1913 год. селото било чисто македонско, со околу 36 фамилии.

1.31. Селото Беглериево, месното население го изговара Биглирú, се наоѓа југозападно од Кукуш, близу до железничката линија Солун — Скопје, од Солун е оддалечено околу 50 км. Во близина се наоѓа Аматовското Езеро. Според К'нчов, кон крајот на минатиот век селото броело 125 жители — Македонци. Пред Балканските војни, според информаторот од кој собиравме дијалектен материјал, Бајрактаров Стојан, селото претставувало беговски имот со околу 20 куќи, Македонци. За време на Втората балканска војна селото многу настрадало, а населението бегајќи пред злосторникот побарало спас во Струмичко и во Бугарија. Погромот бил од

таков карактер што во повоениот попис од 1913 год. селото се води како ненаселено.

1.32. Во близина на Арџанското Езеро. на околу 20 км. западно од Кукуш се наоѓа селото Драгомирци. Во минатото Драгомирци била македонска населба, К'нчов ја споменува (крајот на XIX век) со 480 жители. За време на Втората балканска војна, под притисок на разјарената грчка војска населението побегнало во Струмица, Струмичко и во Бугарија. Според повоениот попис од 1913 год. ова село се води со 322 жители. Притисокот продолжил и понатаму, така што според наредниот попис од 1920 год. бројот на населението се намалил на 224, а во 1924 год. и преостанатите македонски жители, официјално 40 души, го напуштиле Драгомирци и се преселиле во Бугарија.

1.33. Селото Коџа Омерли, месното население го вика Куџумӑрлиа се наоѓа југозападно од Кукуш, близу до железничката линија Солун — Скопје, на 45 км. оддалеченост од Солун. „Нашто сéло бúше там блúско Биглирúа, Кӑзáнӑво, Дрӑгумúрци, Жéнцко". Кон крајот на минатиот век, според К'нчов, селото имало 260 души. Во годините пред судирот, според информаторот, селото „бúше трú-читирúјсе кӑшти. Нéмше Тýрци, нéмше Гýпци, сáмо Мӑкидóнци — ристéне". За време на Втората балканска војна, под невозможниот притисок на грчките војски, месното население, борејќи се за физички опстанок, побегнало во Струмица, Струмичко и во Бугарија.

1.34. На околу 14 км. западно од Кукуш се наоѓа големото сéло Крцово. Според К'нчов кон крајот на XIX век тоа претставувало чиста македонска населба, имала 500 жители. Интересно е дека според информаторите што ги користевме: Ванѓел Арапов, Магда Петрова и др., селото во годините пред иселувањето (1913) пак имало околу 500 жители, 70 домаќинства. За време на Втората балканска војна селото толку настрадало, што според повоениот попис од 1913 год. тоа се води како напуштена населба, без жители. Поголемиот број од жителите, пред свирепоста на грчките војски побегнал во Струмичко и делумно во Бугарија.

1.35. Селото Гӑрбашел се наоѓа на 9 км. северозападно од Кукуш. Кон крајот на минатиот век К'нчов ја регистрира

како чиста македонска населба со 150 жители. Пред иселувањето (1913), според информаторите Светла Иванова и Шил'ка Комарова селото имало околу 30 куќи, „сáмо нáши бúа". По Втората балканска војна селото се води како пуста населба, што е само една потврда на она што го зборуваат „бижáнците" дека селото за време на Војната било опустошено.

1.36. Селото Гавалјанци се наоѓа на околу 15 км. северозападно од Кукуш. Не било многу големо и административно влегувало во составот на општината Драгомирци. До Балканските војни Гавалјанци претставувало населба со чисто македонско население, според К'нчов тоа броело, кон крајот на минатиот век, 164 жители.

За време на Втората балканска војна селото било уништено, а населението побарало спас во Струмичко. Жалосниот резултат од геноцидот се покажал и во повоениот попис според кој селото се води без население.

1.37. На северозапад од Кукуш, на граница кон Дојранско се наоѓа селото Маловци. Во пописот од К'нчов се води како мала македонска населба со 50 жители. За време на Втората балканска војна „грчките воени единици за казнување" го уништиле селото, а населението, што успеало да побегне побарало прибежиште во Струмичко и во Бугарија. „Поради тоа во пописот од 1913 година селото се споменува како напуштено, без население".

1.38. Северозападно од Кукуш, на 18 км. оддалеченост, на граница со Дојранско се наоѓа селото Калиново. Населението било мешано. Според пописот на К'нчов, од крајот на минатиот век, Калиново имало 320 Македонци, 45 Турци, 120 Цигани. Во предвечерјето на Балканските војни, според информаторот Иван Манолев, во селото имало околу 100 куќи, од нив 20 биле турски. Под силниот притисок на грчката војска, за време на Втората балканска војна, поголемиот дел од населението побегнало во Струмица, Струмичко и во Бугарија.

Резултатот од погромот се покажал при пописот од 1913 год. според кој селото имало само 107 жители. Идната година, 1914 и последните македонски жители се иселиле во Бугарија.*

*

1.39. Долновардарските говори поради очекуваната возможност да илустрираат повеќе архаични посебности, во прв момент во потрага по елементи од дијалектната база на јазикот на Кирил и Методиј, а подоцна и како периферно, изоглосно огниште, спаѓаат меѓу оние македонски дијалекти што многу одамна, уште кон крајот на минатиот век го привлекле вниманието на славистите, и тој интерес продолжил, некогаш со поголем, другпат со помал интензитет и трае сè до наше време. Тоа особено важи за говорот во околината на Солун, поточно на просторот омеѓен со-утоката на реката Вардар и Лагадинското Езеро, во реонот на Богданско.

---

* Од повеќе аспекти предизвикува интерес искажувањето на акад. ген. М. Апостолски, како тој за време на НОБ го доживеал уништувањето на Кукуш и Кукушко од 1913 год. Имено тој во Пролетната офанзива 1944 год. заедно со борците од III македонска ударна бригада, VI јужно-моравска ударна бригада и IV косовска ударна бригада преку Беласица, каде што претходно имале судрувања со бугарската војска, се упатиле накај Круша Планина (Кукушко) со намера во планинските села партизаните да се одморат.

Генералот во одредена регија, во пазувите на Круша Планина очекувал да наиде, според картата, на селски населби, каде што сакал единиците да останат извесно време. Необично бил изненаден дека очекуваните села не можел да ги пронајде, бидејќи бујната вегетација ги закитила руините, и тој почнал да се сомнева дека има некаква грешка, или во картата, или пак во читањето на картата, што не било многу веројатно. Сепак кога со бастунот на некое издигнато место почнал да расчистува меѓу капините и коровот — генералот тогаш одел со бастун бидејќи ногата му била повредена — забележил дека има камења и остатоци од sидишта.

Од ова излегува дека некои од кукушките села за време на Балканската војна биле толку разурнати, а населението уништено или прогонето, што и по три децении (од 1913 до 1944) не успеале да се возобноват, па дури почнала да им се губи трагата.

1.40. Меѓу првите поважни работи од оваа област секако спаѓа студијата на В. Облак[17], во која го разгледува говорот во солунските села: Сухо, Ново Село, Градобор, Бугариево, Ватилак и Вардаровци. Освен тоа се задржал и на неколку села од Дебарско.

Најголемо внимание авторот ѝ посветил на партијата за фонетика и тоа на вокалниот систем. „Покрај Облака, кој со своите Македонски студии ѝ донесол победа на Јагиќевата македонска теорија за татковината на старословенскиот јазик, одделни проблеми во говорот на Сухо и блиските со него Висока, Зарово и Негован, обработувале и бугарските научници Јордан Иванов, Љубомир Милетич и Стоилов. Меѓутоа сите тие соопштуваат само одделни податоци“[18].

1.41. Полскиот славист Мјечислав Малецки во триесеттите години од нашиов век доаѓа во Солунско и во селата Сухо и Висока вршел дијалектни истражувања. Резултатите од таа работа планирал да ги презентира преку една комплетна студија за односниов говор, од која за жал поради прераната смрт, објавил само два дела: текстови и речник[19], а третиот дел — граматика, дополнително во поново време го објави неговиот ученик З. Голомб[20]. „Во одзивите и оценатa на двете книги на Малецки со право се истакнува неговата способност да ги улови и најсуптилните нијанси во артикулацијата на гласовите. Неговите записи се апсолутно комплетни и само како такви можеле на Голомба да му послужат за неговиот извонреден опис на дијалектот“[21].

1.42. Меѓу работите посветени на долновардарските говори со сериозноста на пристапот секако се истакнува студијата: Кулакиско евангелие издадено од француските

---

[17] V. Oblak, Macedonische Studien, Die slavische Dialecte des südlichsten und nordwestlichen Macedoniens. Wien 1896.

[18] Б. Видоески, Мјечислав Малецки како славист и испитувач на македонските дијалекти, МАНУ, Свечен собир посветен на Мјечислав Малецки, Скопје, 1977, стр. 13.

[19] M. Małecki, Dwie gwary macedońskie (Suche i Wysoka w Sołuńskiem), Część I, Texty, Kraków 1934, 90 s.; Część II, Słownik, Kraków 1936, 135 s.

[20] З. Голомб, Два македонски говора (на Сухо и Висока во Солунско), МЈ, XI—XII, кн. 1—2, стр. 113—182; XIII—XIV, кн. 1—2, стр. 173—276.

[21] Б. Видоески, Мјечислав Малецки . . . стр. 14.

слависти Андре Вајан и Андре Мазон[22]. Се работи за ракопис на евангелски текст пишуван на македонски јазик, долновардарски говор, со грчко писмо.

Разгледувајќи го јазикот на евангелието А. Вајан направил комплетна студија на овој, можеби најјужен македонски говор — селото Кулакија се наоѓа непосредно до утоката на Вардар. Многу прашања, било фонетско-фонолошки, било граматичко-структурални, во односната студија се така обработени, што освен за споредби можат да послужат и како база, модел при разрешувањето на одделни проблеми.

1.43. Во односниов временски период, триесеттите години од нашиов век, паѓа и чешкото издание на народни приказни од југоисточна Македонија (Солунско, Енидевардарско, Серско), собрани од С. Верковиќ[23]. Книгата ја приготвиле П. Лавров и Ј. Поливка, а ја издала Чешката академија на науките и уметностите.

Иако пишуван како фолклорен материјал, Зборникот има соодветно значење и за македонската дијалектолошка наука и може да послужи како едно дополнување кон општата дијалектна слика на југоисточните македонски говори. Во ова помага и опширната статија „Опис на говорот што претставува дијалектна база на Зборникот од Верковиќ", пишувана од П. Лавров. Статијата е приклучена кон Зборникот и ги содржи следниве поглавја: Опис на гласовите, Опис на формите, Синтакса (предлози, сврзници, извици, видови реченици, редот на зборовите) и Семантика.

Сериозна слабост на Зборникот, при неговото користење за дијалектолошки потреби, претставува нередовноста во лоцирањето на материјалите.

1.44. Во студијата за долновардарските говори[24] С. Романски, главно врз материјалите од С. Верковиќ, користени од архиви и библиотеки, бидејќи чешкото издание

---

[22] A. Mazon et A. Vaillant, L'évangéliaire de Kulakia, un parler slave du Bas — Vardar. Bibliothèque d'études balkaniques, VI, Paris 1938.

[23] P. Lavrov a J. Polívka, Lidové povídky jihomakedonské z rukopisů St. Verkovičových. V Praze, 1932, str. IV — 596.

[24] С. Романски, Долновардарскиятъ говоръ, МакПр, VIII, 1932, кн. 1, стр. 99—150.

на Зборникот сè уште било во печат, се обидел да даде пресек на македонските дијалекти од долниот тек на реката Вардар, почнувајќи на север од Гевгелиско сè до Солунскиот Залив.

Во предговорот, зборувајќи за материјалите Романски прецизира дека некои од нив собирачот ги означил како „Песни сфатбарцки ут село Бугданци до Полелин близу", други како „Годишни адете (обичаи) от Мачуково", трети како „Приказни от Пазар (Енице Вардар)" и сл. Треба да се спомене дека на маргините од материјалите собирачите понекогаш давале ценети забелешки за односниов говор, пр. меѓу другите особености во материјалите од Енице Вардарско под т. 5 пишува „... во Пазар и за машки и за женски род кај придавките се употребува само формата за среден род".

Авторот поопстојно ја разгледува фонетиката, а од морфологијата се задржал само на именките, заменките и глаголите.

1.45. Иако периферен во однос на долновардарските говори, гевгелискиот кој го зафаќа северниот дел, исто така го привлекувал вниманието на славистите. Како сериозен научен труд ни се претставува книгата „Гевгелискиот говор" од Д. Иванов[25], излезена исто така во триесеттите години. Авторот во почетокот дава географско-етнографски податоци за Гевгелиско, а во вториот дел посветен на јазикот ни презентира комплетен опис (фонетика, морфологија, акцент, одбрани прашања од синтаксата, текстови и регистар на поретки зборови).

1.46. На прашања врзани за гевгелискиот говор повторно се навраќа Л. Милетич во списанието „Македонски преглед"[26]. Предмет на неговиот интерес е говорот на селата што се наоѓаат северно од Гевгелија. Работена според материјали (МакПр, III, кн. 1—4), во споредба со претходно спомнатиот труд на Д. Иванов, статијата на Милетич остава блед впечаток, недоволна задлабоченост во повеќе партии, особено во фонетиката, па и превиди, пр. завршокот *-ом* за 1 л. ед.

---

[25] Д. Ивановъ, Гевгелийскиятъ говоръ, София, 1932, стр. 130.

[26] Л. Милетичъ, Къмъ особеноститѣ на гевгелийския говоръ, МакПр, VIII, 1932, кн. 2, стр. 51—72.

през.: *тр̄и сі́на сом испрат̄и́ла, — са́ком да ши́јом*, за гевгелискиот говор ни изгледаат невозможни, исто така нелогичен ни е резултатот *а* < Ѣ, под акцент во примерите: *п̄расја́ка шо е би́ло* (прѣсѣка); *п̄ра́д ме́не умре́но*.

Сепак некои морфо-синтаксички проблеми се разработени посериозно кај Милетич отколку кај Иванов. Такви се примерите во врска со конгруенцијата во кои средниот род, во служба на атрибут се јавува генерализиран и за трите рода: *мо́јт̄о же́на, мо́јт̄о вол, е́дно човек*, па дури *е́дно бра́ка*. Натаму побудува интерес проширената употреба на заменката *шт̄о*: *куцовла́си шо са́мо с о́вци и ко́зи му е живо́т̄о*.

Милетич како интересна ја наведува употребата на глаголите 'плаче', 'умре', 'пее' (некого), кои се сфаќаат како преодни и се употребуваат со директниот предмет: — *си п̄ла́чех живо́т̄о. — му сип̄а́ле во́дат̄а и јо умре́ле вамп̄и́рот̄*. — *не јо п̄еја́хме* (умрениот). Исто така и глаголот (*се*) *напие* се сфаќа како преоден, според глаголот 'напои', и се јавува со партитивен генитив: *нап̄и́ј мат̄а́рт̄о во́да*.

Да завршиме со забелешката од Милетич дека сложениот сврзник *за да*, во овој говор може да се јави и разделен: *не́ сам би́ла за ки́т̄ки да но́сам јас*.

1.47. Подоцна за една деценија од досега споменативе работи, во четириесеттите години, се јавува студија за воденскиот говор од В. Думев[27]. Авторот, во почетокот, освен што дава историско-географски податоци за Воденско, зборува и за местото на воденскиот во склопот на другите долновардарски говори. Притоа тој критички се осврнува врз објавените работи во врска со овие говори.

Нашироко ја разработува партијата за гласовите, особено за редукцијата. Во морфологијата главно се задржува на имињата и глаголот, а бегло на неменливите зборови. Исто така и од синтаксата се задржува само на неколку особености. Обратно, партијата за акцентот прилично нашироко ја разработува. Прво зборува општо за карактерот и местото на акцентот во долновардарските говори и критички ги оценува претходните искажувања по односново прашање.

---

[27] В. Думевъ, Воденскиятъ говоръ, МакПр, XIII, 1943, кн. 3, стр. 8—42; кн. 4, стр. 26—88.

Потоа задлабочено го разгледува, по суфикси, акцентот кај имињата, а посебно кај глаголот.

*

1.48. Само пет години по Македонските студии на Облак, 1901 год. во списанието СбНУНК[28] од Димитар Мирчев се појави поголема студија за кукушко-воденскиот говор. Како што кажува авторот трудот е работен, главно, врз материјалите од К. Шапкарев и Г. Л'жев, што Мирчев ги проверувал во Солун со информатори од Кукуш и Воден. Ваквите проверки биле особено потребни кај материјалите од Шапкарев, бидејќи како што истакнува Мирчев: "за жал, содржински богатите збирки на г-н Шапкарев имаат многу недостатоци во јазичен поглед. Г-н Шапкарев многу се влијаел од охридскиот говор, како роден и неговите особености ги пренел и во материјалите од други говори" (429).

Обратно, В. Думев во студијата за воденскиот говор освен кај Шапкарев наоѓа слабости и кај Мирчев и истакнува дека неговата работа има потреба од дополнување и корекции, бидејќи „родниот прилепски говор на Д. Мирчев, крајно различен од говорот во Кукуш и Воден, не му дал возможност да ги забележи деталите на овие два говора, кои се доста оддалечени еден од друг (над 100 км.) и разделени од големата река Вардар"[29].

Мирчев уште на почетокот од работата, откако дава груби граници на подрачјето што го опфаќа во својата студија (за кукушко-воденскиот говор), истакнува дека говорот во Кукушко, иако покажува некои заеднички особености со оној во Воденско, сепак има и повеќе посебности, на кои укажува. Со право, понатаму истакнува дека се јавуваат разлики дури во самиот кукушки говор, меѓу оној што се зборува во градот од една страна и говорот во селата од друга страна.

Понатаму Мирчев се обидува да даде што поисцрпен преглед на различни фонетски прашања. Некои од нив ги разгледува често пати од историски аспект. Во морфологи-

---

[28] Д. Мирчевъ, Бѣлѣжки по Кукушко-воденския говоръ, СбНУНК, XVIII, 1901, стр. 426—470.

[29] В. Думевъ, цит. раб., стр. 21.

јата поодделно ги разгледува формите на именките, заменките, и глаголот, а многу бледо се задржува на неменливите зборови и на акцентот.

Ние во текот на работата, особено во фонетскиот дел, кога материјалот ни налага, се обидуваме да правиме паралели меѓу заклучоците што излегуваат од теренските записи од една и она што ни го нуди студијата на Мирчев од друга страна.

1.49. Пак во триесеттите години, во сп. „Македонски преглед" наново се јавува напис за кукушкиот говор од Г. П. Христов[30]. Авторот, за разлика од Д. Мирчев, без поголеми претензии, за предмет на својата работа зел една поприродна целина: кукушко-дојранскиот регион, или како што нагласува авторот: „за да се зачува појасно физиономијата на двата говора и да се истакнат нивните нијанси, се решив да не ги делам, туку подобро да бидат заедно и паралелно опишани, укажувајќи истовремено какви поклопувања и разлики се среќаваат во тие говори и во нивните подраздели".

Во оваа, не многу голема, работа авторот низ контрастивен метод најмногу се задржал на фонетските карактеристики од кукушкиот наспрема дојранскиот говор. Од морфологијата нашироко го разгледува само глаголот. Во натамошното излагање, кога ќе има потреба, ќе правиме споредба со елементите од оваа работа.

1.50. Слабостите на некои од студиите, посветени на долновардарските говори, како што видовме, често резултираат од несоодветно бележаниот фолклорен материјал кој се покажува недоволно погоден да послужи како база за дијалектни истражувања. Освен тоа, песните како што е познато не се многу препорачливи за таа цел, бидејќи во нив не може да се открие наполно карактерот на фонетиката на говорот. Многу често напевот на песната, римата и ритамот, ја менуваат бојата на гласовите и второ, песните кога минуваат од едно место во друго, од еден во друг дијалект, повеќе отколку приказните задржуваат во себе особености од различни говори.

---

[30] Г. П. Христовъ, цит. раб., стр. 104—117.

Секако меѓу првите објавени работи од Кукуш, треба да се споменат две песни печатени во „Български книжици“ од 1858 (стр. 346): Стадо пасе чобан . . . (36 стиха) и Ej Стамат, млад Стамат (87 стиха).

1.51. Песните од Кукуш што ги има во Зборникот од Миладиновци[31], исто така не ги одразуваат особеностите на говорот или барем не во таква мера за да можат да се користат како извори за дијалектни истражувања.

За пример ќе ја земеме песната Свети Георги, во Зборникот се води под бр. 31, во која меѓу другите „нерамнини“ на фонетски план прават впечаток различните рефлекси за вокалното *ѫ*, дури и во една иста лексема: — там дека си шета и *с'лѕи* си рони. — нели падна една жешка *солѕа*; сп. уште: — и тебе да н' те *їолѣне*.

Меѓу непрецизностите од морфолошки карактер, присутни во Зборникот, ќе ја спомнеме наставката *-ѣ* кај глаголите во 3 л. ед. през.: — и там село се градело, што ми *сѣоиѣ* ден денеска (од песната Болен Дојчин, бр. 154).

1.52. За приказните кај Шапкарев повеќе истражувачи на долновардарските говори го истакнувале фактот дека содржат многу неотпорности, односно дека во нив се сеќава влијанието на родниот говор на собирачот.

Што се однесува за приказните од Кукушко, треба да истакнеме, дека при споредувањето со нашите материјали, при многуте слабости, на кои ќе се навратиме малку подолу, ние констатиравме и повеќе паралелности. Дури при одделни проблеми, особено од синтаксата материјалот од приказните што го анализиравме од кај Шапкарев понекогаш ни помагаше некои свои колебања и претпоставки или да ги отфрлиме или да ги класираме како заклучоци. Но тоа се однесува само на одделни прашања од синтаксата.

Таков беше случајот да речеме со проклитичка употреба на кратките заменски форми во императивот, што ни изгледаше многу необична, скоро невозможна, и во таа несигурност многу ни помогнаа сличните примери што ги забележивме во материјалите од Шапкарев[32]. Сп. примери

[31] Миладиновци, Зборник, 1861—1961, Скопје 1962.

[32] К. А. Шапкарев, СбНУ, т. IV, София, 1973, стр. 351—366

од приказната 208: — па *ѓо зако́ли* и *ѓо ѓокри* сос не́што. — как си му чини́л, така́ о́ди *ѓо сѓа́стри.* — а се́га о́ди на брат ти́, *ѓо ви́ки* и не́го.

1.53. За жал тоа не може да се каже за начинот на кој Шапкарев ги предава фонетските карактеристики на материјалот, во кој забележуваме ред слабости и недоследности.

Најпрво да го споменеме фактот дека најспецифичната фонетска особеност на кукушкиот, а и на другите долновардарски говори, редукцијата на неакцентираните вокали, не е доследно дадена. Имено во овие говори, скоро по правило, неакцентираните вокали *е*, *а*, *о* во почетокот и во средината на зборoформите подлежат на редукција и поминуваат во своите корелати: *и*, *ă*, *у*. Оваа посебност во материјалите се јавува само во мал број примери: — ами е *вуденича́рски ка́мин* (209), — стигна́ла *ду* една́ *вудени́ца* (209), — сос *ѓуле́ми* мӑки. Обратно, многу почести се примерите во кои неакцентираните вокали се предаваат без измени, та на читателот му се чини дека се работи за говор во кој редукцијата е спорадична појава. Сп. примери од приказната бр. 207: — *седе́ла . . . ѓоучува́ла . . . комши́ските* (жени́) *и им вел'а́ла* (м. — *сиде́ла . . . ѓуучува́ла . . . кумши́ските* (жени́) *и им вил'а́ла*), — *оѓи оѓ ѓо́ѓлоѓо ви́но ѓа боле́ли* (м. — *оѓи уѓ-ѓо́ѓлуѓо ви́но ѓӑ боле́ли*). — *ѓо-ѓоле́мио кро́ѓок* (м. — *ѓо́-ѓуле́мјо кро́ѓук*) — 209. — *не најде́л ни вече́ра ниѓу ка́мен* (м. — *не нӑјде́л ни вичера ниѓу ка́мин*).

Кратките заменски форми, како ненагласени, по правило се изговараат редуцирано, додека во приказните кај Шапкарев многу почести се примерите во кои се чува првобитната форма: *се оѓива́ла, ѓа се наѓи́ла ни се разбудува́ла* (207). — *мајка́-им се озӑбу́ла* (209). — *лу́доѓо се ѓлави́ло* (209). — *ѓо оставио́ло* (209). — *оѓ мале́чок ѓе ѓлиде́ла* (209). — *е́з ки ѓе изе́дум. — ако ре́чаѓ да ме изе́деш*

Поради блискиот изговор на *ă* со неакцентираното *а* има неколку случаи во кои наместо редуцираното *е* (> *ă*) се јавува *а*: *му са бра́ле* (209). — *са́мо са чуду́ли. — са бра́ли да ѓле́даѓ* (212). За ова прашање в. т. 2.5.12.

Дека механизмот на редукцијата на К. Шапкарев не му бил познат, или барем не му обраќал внимание, ни зборуваат случаите во кои среќаваме редукција под акцент. Сп.: — *ма́јкинио ѓрешли́н* (209). — *ѓрешли́но ми уѓежне́* (209).

Предлозите 'во' и 'со' во овие говори, со редукција, редупликација и елизија, поминале во *уф* (*ф*), и *ус* (*с*): — *ус-не́ĭо*, *уф-ни́х* и сл. Во материјалите од Шапкарев во голем број примери редукцијата не е изразена: — *во* зи́мно вре́ме (207). — *во* најголе́мото азно (209). — *вов* то́ вре́ме (209). — се за́вел *вов* ади́н трӑн (209). — *сос* едно́ дъ̆рво́ (207). — и го по́кри *сос* не́што (208). — *сос* горе́штата во́да (209). — *сос* карли́го за носо и *сос* голем дим и прах (209). — тоа *сос* свиро́лчето (209) и сл.

Сепак има нотирано и примери во кои е регистриран реалниот изговор: — *ув* цъ̆ркви (210). — пъ̆рв *ув* царсвото ми (212). — *сус* сичките гуле́мци. — *сус* страх се приближа́ли (220).

1.54. Меѓу особеностите на југоисточните говори, на фонетски план, сигурно треба да се споменат и случаите на елизија на неакцентирани вокали, во резултат на квантитетска редукција: *же́нта*, *мо́мта*, *се́лто* и сл. И оваа специфичност во материјалите кај Шапкарев не е доволно изразена: — от топло вино *ко́калето* бо́л'ат (м. — . . . *ко́кал'то* бо́л'ат) — 207. — и така́ *а́нĭелето* гу зе́ли (м. — и тъ̆ка́ *а́нĭел'то* о (гу) зели) — 209. — *прија́телето* ти (м. — *прија́тал'то* ти) — 208.

Согласките *д*, *з*, *ĭ*, *ж* исто така, во бројни случаи, се елидираат кога ќе се најдат меѓу вокали: *н'оо* (: него), *мојш* (: можиш) и сл. Во приказните кај Шапкарев таа особеност не е доволно изразена: — *да ĭо* сто́пли ви́ното (м. — *д-о̄* сто́пле ви́нто) — 207. — *Лу́дото*, като свъ̆рши́л *рабо́тата* (м. — *Лу́то* ка свъ̆рши́л *ръ̆бо́тта*) — 209.

Сепак има случаи во кои овие специфичности се изразени, но тоа е така маргинално, што се добива впечаток дека се импортирани или погрешно запишани. сп.: — мъ̆жо́ и седна́л *не́јде* (. . . седна́л *не́ĭде*) — 210.

Во Кукушко, а и во соседните долновардарски говори вокалното *л* се рефлектирало во *ъ̆л*: *пъ̆лно*, *въ̆лна* и сл. Исклучок од ова, освен во познатите случаи: *Буĭа́рин*, *јабу́лка* и сл., прават глаголите *мо́лче* и *мо́лse*. Во приказната 209 погрешно се јавува, и тоа под акцент, резултатот *ал*: — *ма́лчи*, бре лудо, ки не чујат.

1.55. Од консонантизмот, познато е дека во јужните говори гласот *х* релативно добро се чува, особено на крајот

на зборoформите, да речеме како наставка за прво лице во минатите времиња. Шапкарев, не можејќи да се ослободи од родниот западномакедонски изговор, направил превиди од следниов тип: — аз *фъ̀рлúф* и го *удрúф*, го *убúх* (208).

1.56. На морфолошки план прво ќе се задржиме на вокативните форми. Кај именките од м.р., според нормата, „формата за повикување се образува од општата форма на именката со наставка *-е* или *-у*“. Во кукушкиот говор вокатив многу често се изразува со номинатив и повишена интонација, а од наставките се употребуваат *-е* и *-о*. Во приказните од Шапкарев се регистрирани и примери на *-о*: — ним *сúно*, не чинувај такá (209). — извикáла: мúли *мъ̀жо*, мúли *т̄рикошýл'-нико* (210).

Покрај ваквите примери, што се одраз на говорот, среќаваме и случаи со наставката *-у*, што Шапкарев ги запишал сигурно под влијание на родниот говор. Сп.: — да му речеш: „*Прија̄тел'у*, едúн човéк сáкаше да влéзе“ (208). — и рекла́: „*Цáрју*, не ли сáкаш ез да го закóл'ум кáминут?“ (212).

1.57. Промените кај глаголите во кукушкиот говор се изразиле во изедначување на глаголските групи од презентската основа: во 3 л. ед. како основен вокал се јавува *-е*, а во 2 л. ед., 1 л. мн. и 2 л. мн. *-и*: *мúсле* (тој), *мúслиш* (ти), *мúслиме* (ние), *мúслите* (вие).

Овие специфичности на глаголскиот систем во приказните кај Шапкарев не се доволно истакнати, среќаваме повеќе примери во кои во 3 л. ед. основен вокал се јавува *а* или *и*: — да го *сто̄йли* вúното (207). — да стáне, да *зго̄тви* вечéра (207). — гледáл да *ото̄ýва* на нúвата (209). — да *налúва* главáта на мајкá му (209). — да *кóпа* гроп за мајкá им (209). — кату видéл брат мý да *бéга* (209). — Бóг *сáка* да ни убúе (209). — што да *чинýва* сос козáро.

Во 2 л. ед. многу често, погрешно, се јавува вокалот *е*: — Да га *донéсеш* на мајка на грóбо (209). — да *гójдеш* пак тука (212). — Ка ки *гójдеш*, емо да вéеш, емо да не *вéеш*, емо да ми *донéсеш* бакшúш, емо да ми нé *донéсеш* (212). Во 1 и 2 л. мн. освен *и* како основни се јавуваат вокалите *а* или *е*: — да га донéсеш на мајка на грóбо, за да га *закóпаме* (209). — ки *излéземе* да те *пречéкиме* (212).

1.58. Во кукушкиот, а и во други долновардарски говори, во императив, 2 л. ед. основниот вокал *и* се обопштил во трите глаголски групи: *ним ви́ки, ним че́ки* (*пе́ри, но́си*) и сл. Во приказните кај Шапкарев ова правило не се почитува. Сп. примери: — ни́м, си́но, не *чину́вај* така́ сос мајка́ ти (м. . . . не *чи́ни* така́ сос мајка́ ти), 209. Има и обратни случаи: — ба́че, две ро́пки *ко́пи*, две ба́би ти но́сум (209).

1.59. Од синтаксичките прашања прво ќе се задржиме на изразувањето на посвојноста со кратките форми на личните заменки, што во овој говор ги среќаваме редовно со роднинските имиња независно од тоа дали зборот кому му се припишува припадноста е субјект или не во реченицата: — му сă-нăсмијáл нă-*мáјк-му*.

Ваквите примери не само што ги набележува, туку — како необични — и ги објаснува Шапкарев: — то ѝ кажу́ве на *жена́та-му* (м. на жената-си) — објаснувањето е од Шапкарев; исто: — да нали́ва глава́та на *мајка́ му*. Меѓутоа, многу почести се синтагмите со кратката неизменлива заменска форма за присвојност *си*: — за да изми́е на *мајка́ си* глава́та (209). — га занесе́л на *мајка́ си* нă кăто (209). — го послуша́л на пома́лкио *си брат* (209). — Лудото не послуша́л на *браа си* (209). Ваквите конструкции се необични за долновардарските говори и многу е веројатно дека Шапкарев немал можност да ги слушне од кукушани, туку нему му се поткраднале под влијание на родниот говор.

1.60. Среќна околност е дека песните, објавени исто така во Зборникот на Шапкарев[33], се запишани од учител роден во Кукуш и за разлика од приказните презентираат релативно пореална слика на градскиот кукушки говор. Велиме релативна, бидејќи се работи за песни, а веќе истакнавме дека нивните можности на тој план се ограничени.

Оттаму произлегуваат и овде некои слабости и неускладености не само на фонетски, туку и на морфолошки план. На пр. редукцијата, толку широко застапена во говорот, во песните се јавува спорадично: — *полепна́л је цар Кустади́н*. — *полепна́л је, позаспа́л је* (песна 129).

---

[33] К. А. Шапкарев, т. I, София, 1968, стр. 233—238.

Од морфологијата да го споменеме присуството на различни наставки за 1 л. едн. през. во два стиха од истата песна: да ми сготве, *да вечéрам.* — да постéле, *да си леīнум* (123). Неуедначености среќаваме и во основниот вокал кај глаголските форми за 2 л. едн. през.: — *да* *ӣричекаш* пăрва л'уба от лова (122). — *да му дáдеш* дрóбно сéно да éде (122). — ела, сúно, *да вечéриш* (123). — сум послáла *да си лéīниш* (123).

Во други случаи забележуваме ретка употреба на поодделни форми и не е јасно дали се работи за архаизам, реликт од поранешна состојба или пак за форма позајмена од други говори. Имено во кукушкиот говор од прашалната заменка за лице 'кој', според нашите записи, не се употребува општата форма 'кого', но во песната 128 среќаваме: — *на коīó* ки ме јустáвиш? — *на коīó* ки ме порăчаш?

1.61. Материјалот од Кукушко што во сп. „Македонски преглед" го објави Георги Христов[34], иако по обем е помал од оној во зборниците од Шапкарев, многу повеќе ги одразува карактеристиките на говорот.

Анализата покажува дека собирачот во основа добро ги запознал фонетските специфичности на односниов говор и многу често материјалот го предава така што може да послужи како база за натамошна јазична обработка.

Да почнеме со фактот дека редукцијата на неакцентираните вокали, за која рековме дека претставува една од главните специфичности на долновардарските говори, во материјалот од Христов е така системски предадена што човек, ако има некаков увид во македонските дијалекти, лесно може да ја одреди локацијата, се разбира, сфатена во поширока смисла. Ова ќе го илустрираме со неколку фрагменти: — *буīáт* *стăнáх, напрăвúх си áнут, убличéх си дéцăта,.... дă сиīá как дă-бéīиш. — и дéтто рáдусно с-утúде дóма. — истúрве* *īу злáтто уф кисéто и тúрве īа уф пăзвăта.*

По правило, на законот за редукција на неакцентираните вокали не подлежат вокалите во крајните отворени слогови, бидејќи тие обично претставуваат граматички знак за одредена категорија. Оваа особеност кукушкиот говор ја споделува

---

[34] Г. Христовъ, Народописни материали по говора въ Кукушко и Дойранско, МакПр, IX, 1935, кн. 3—4, стр. 167—176.

со дојранскиот и гевгелискиот. Меѓутоа правилото не е консеквентно спроведено па тоа нашло одраз и во односниов материјал: — *анутѫ* бил *срéшѫу цáрскију* кунáк. — ка сидна́ дéтто уф *нéїовију* ан. — и дéтто сус *пајшóну* си шете из градут. — *аку* сте сто коли дă са чинат пéтстутини. — пулви́нта *цáрсву* ти гу дам. — не ки зéмиш, ама *буїáсвуѫу* ки си кајш.

Извесен превид, што се однесува до редукцијата, забележуваме во префиксот *пре-* кој обично поминува во *прă-// пăр-*, додека Христов го дава како *при-*: — *причéка* гу мáјка му рáдусно. — адна́ бáба дă га *приїлéде*. Резултатот *при-* се слуша во Полето.

Елизијата на неакцентираните вокали, како последен степен на квантитативната редукција, веќе делумно ја илустриравме со некои од претходните примери. Таа фонетска појава нашироко е застапена во спомнатиов фолклорен материјал забележан од Христов: — *дéшто* се зăрăдýва много. — срештна́а го *евréјто*. — причика́а гу *евréјто* пак. Освен кај имињата елизијата е застапена и во глаголските форми: — *и́мше* адна́ дувúца. — *дунсéјте* му пуапка. — други петнáјсе, *нăдкáчве* до сто.

Освен вокалите во кукушкиот говор се испуштаат и согласките, и вакви случаи има зарегистрирано: — кату ка ме *їлејш* (гледаш).

1.62. Од морфологијата ќе се задржиме на некои превиди кај глаголскиот систем. Веќе рековме дека глаголските групи се упростиле и дека сите глаголи во 3 л. едн. имаат основен вокал *-е*. Тоа делумно е одразено и во материјалот: — еска, *вúке*: мáмо, ки излéзум уф срáнсво. — анџијата гу *їлéде* ного, нă-рăце гу *дăрже*. — си *шéте* из градут и сл. Но од ваквото бележење има повеќе отстапувања: — адин *дáва* дéсет грóша. — апнáл си, и *пúта* гу мóмта. — штом гу видé, таа *услубóжда* ги.

Глаголската придавка во овој говор се образува само со наставките *-н*, *-на*, *-но*, *-ни*, независно на каква согласка завршува општиот дел. Во материјалот, иако ретко, и на тој план има превиди, сп. — и цáрут кату *трéснăш* стое.

1.63. Од синтаксата треба да го одбележиме превидот што му се поткраднал на Христов во врска со редот на зборовите. Имено, според нашите материјали, по правило кратката

заменска форма стои пред глаголот, па дури и во почетокот на реченицата. Во материјалите од Христов ваквите примери се реткост: — *ӣу ӣи́ӣе* мо́мта на́ де́тто. — де́тто *ӣа га́ге* че́шка́та. Обратните примери во кои заменските форми се јавуваат како енклитики се далеку почести: — *ӣричека́ ӣу* ма́јка му ра́дусно. — пригутви́ ри́ба́та, *иста́рӣа́ ӣа, ра́ста́рбуши́ ӣа.* — *иста́рве ӣу* зла́тто уф кисе́то и *ӣу́рве ӣа* уф па́звата. — *удри́ла му* ади́н ша́ма́р, *зе́ла му* че́шката. — *ӣура́ӣ ӣу* пуртретут фуф ка́ма́рта. — и стража́рто *фа́ша́ӣ ӣу*, *но́са́ӣ ӣу* при чорбаци́та.

Во врска со изразувањето на присвојноста треба да истакнеме дека во овој говор, кратките заменски форми, освен со роднинските имиња се јавуваат и во други состави, па такви примери има и во материјалите од Христов: — *и изле́зе ри́ба́та му ил'а́до ӣро́ша.*

*

1.64. Во Струмичко се судруваат три дијалектни типа. Во првиот „поддијалект“[35], кој е и основен, влегува градот и селата од централниот и западниот дел од Котлината, тој пошироко се вклучува во штипско-струмичкиот говор.

Вториот тип ги зафаќа селата што се наоѓаат на исток од градот, во пазувите на Огражден и Беласица (Мокриево, Мокрине, Смоларе, Ново Село, Стинек, Нивичино и др.). Тие споделуваат ред особености со малешевските говори.

Во третиот „поддијалект“ влегуваат селата во кои живеат преселници од Кукушко, т.н. „бижа́нци“. Тие, како што рековме, се дојдени по Балканските војни, живеат компактно, ги има во градот, го зафаќаат источниот дел во т. н. „бижа́нска ма́ала“, натаму ги среќаваме уште во десетина села во Струмичко (Свидовица, Сушица, Секирник, Борисово, Турново, Радово, Иловица, Штука, Хамзалија, Нова Маала и др.).

Оваа дијалектна разновидност го привлече моето внимание многу одамна, пред повеќе од две децении кога во Струмица вршев наставничка служба. Присуството, или поинаку речено „судирот“ на овие различни дијалектни типови особено се забележуваше на пазарот каде што покрај

[35] Терминот „поддијалект“ овде е употребен условно.

изговорот *ѫ* > *а* и *ъ*^{2} > *а* (*ра́ка*, *ра́кта*, *ла́же*, *ма́ла*) — особеност на „основниот поддијалект“, паралелно, т.е. многу често, поради големиот број „бижа́нски“ фамилии, или поточно села, се слушаа и особености на долновардарските говори (респ. кукушки говор) : *ра́кта*, *ра́цто*, *ла́же*, *ма́ла*, *ба́дник* и сл. Сп. ја уште и синтаксичката специфичност: — *ја-виде́х на ма́јк-ти.*

Третиот „поддијалект“, оној што споделува особини со малешевските говори, не беше толку присутен, поради релативно помала застапеност на претставители, но диференцијалните специфичности, особено акцентски, беа евидентни: *дете́то*, дури и *ете́то* См, *жена́та*, *глава́та*, и видливо го организираа присуството на односниов „поддијалект“.

1.65. Организирано, почнувајќи од пролетта 1963 год. почнав во Струмичко да собирам дијалектен материјал за потребите на Македонскиот дијалектен атлас, а паралелно со тоа ја истражував и микротопонимијата од односново подрачје.

Нешто подоцна, од 1975 год. длабоко ме заинтригира говорот на „бижа́нците“. При првите сондажни истражувања се поставија повеќе проблеми. Прво се покажа дека постои голема опасност од нивелирање на дијалектните специфичности кое се врши на повеќе нивоа. Иако „бижа́нците“ живеат компактно, сепак економските, женидбените и др. контакти со „староседелскиот“ *а*-говор, неминовно води кон корозија на нивниот дијалект.

Ова особено е изразено кај оние што живеат во градот и затоа се определивме основните истражувања да ги вршиме во селата.

Навистина во „бижа́нските“ села влијанието на „основниот поддијалект“ (струмичкиот) не беше толку изразено, но затоа таму нивелацијата на дијалектот се врши на друго ниво, бидејќи во истото село живеат преселници од различни кукушки села, од Карадагот и од Полето, така што полека се губат и оние не многу изразени разлики меѓу двата „поддијалекти“ од Кукушко. За илустрација ќе наведеме демографски описи само на неколку пункта, пр. во с. Иловица среќаваме доселеници од повеќе различни села, неколку од нив просторно во Кукушко се прилично оддалечени: Моларци, Попово, Сурлево, Канџалија, Брест, Патарос, Владаја,

Ниманци, Штемница, Шекерлија, Диманци, Алиоџалар, Апостолар, Казаново и Св. Петка. Во Секирник има од: Ајдарлија, Коџомарлија, Маловци, Крецово, Иџеларе, Амбар Ќој, Гавалјанци, Рошлово, Алексово, Владаја, Драгомирци, Градобор (Солунско), Ливадово (Д. Хисар), Грамадна, Ѓољубас, Гола, Беглерија, Диманци, Казаново, Маловци, Азнатор (Серско), Чигунци, Патарос, Сурлево, Дорбалија, Планица, Ираклија.

Слично е и во другите села: некаде, како и во овие што ги споменавме, во исто село живеат доселеници од 15—20 различни кукушки села, некаде нешто помалку но секаде доволно многу да придонесуваат за згаснувањето на регионалните посебности на говорите.

Освен тоа, иако во релативно мал број, заедно со „бижа́нците“ од Кукушко живеат и доселеници од други дијалектни зони: Демирхисарско, Серско и Драмско, што уште повеќе придонесува за расколебување на градбата на дијалектот.

1.66. Сите овие моменти налагаа посебен пристап при собирањето на граѓата, многу посериозен однос кон информаторите. При нивниот избор, барајќи најоптимални можности, комбинираме различни методи. Прво, настојувавме да вршиме истражувања во она село каде што има поголем број семејства од односниот пункт, така на пр. во с. Едноку́ево собиравме комплетен материјал, според нашите можности, од пунктот Ниманци, бидејќи тие овде се во мнозинство, пунктот Крецово, од истите причини, го истражувавме во с. Секирник итн.

Вториот пристап беше во настојувањето даденот пункт да го истражуваме кај информатори што сега живеат во различни села, пр. за с. Мораруи собиравме материјал прво во с. Иловица, од информаторката Јованова Лика, а повторно во Борисово од Атанас Јанев, или за пунктот Иџеларе основен информатор ни беше Ефка Колева што живее во Иловица, но исто така ги консултиравме и информаторите: Благој и Јордан Гавазови од Сушица и Илија Гугул'анов од Секирник.

Како трета особеност во работата сакаме да го истакнеме фактот дека настојувавме да собереме колку се може пообемен материјал, снимен на ленти. Дел од тој материјал

е претставен во вториот дел од студијата каде што презентираме: лексика, фразеологија и текстови.

Ваквите проверки и доуточнувања беа особено нужни, бидејќи се работи за информатори што го напуштиле родното место пред 65—70 години, како деца од десетгодишна возраст, а сега се наоѓаат на прагот од длабока старост.

Јасно беше дека се работи за последен момент: кога постојат какви, такви, но сигурно последни можности да се претстави и зачува говорот од Кукушко. Во слични случаи се употребува фразеолошкиот израз „пет до дванаесет", во нашиов случај би можело да се измени во „дванаесет и пет".

Затоа, откако за потребите на Македонскиот атлас, комплетно — според Тематскиот прашалник — ги испитавме пунктовите: Мотулово, Крецово, Амбар Ќој и контролните: спрема Солунско Градобор, спрема Серско Савек, спрема Дојранско Патарос и спрема Воденско Гуменџа, систематски и упорно, во втората половина од седумдесеттите години, секое лето го користевме да бидеме меѓу „бежанлиите" од Кукушко.

Барајќи типолошки разлики со соседните говори, истовремено настојувајќи да ги откриеме различителните елементи на дијалектниот систем меѓу Карадагот од една, и Полето од друга страна, продолживме да вршиме позадлабочени анкетирања кај доселеници од следниве пунктови: Мораџи, Грамадна, Шекерлија, Гърбашел, Драгомирци, Калиново.

Материјалите од овие, а и од претходно спомнативе села ги оформија контурите на нашава работа, а потоа за дополнување и доуточнување, со редуцирана програма се задржавме на истражување на пунктовите: Планица, Штемница (Сневче), Гола, Алексово, Ираклија, Беглерија, Маловци, Гавалјанци и др.

Ф О Н О Л О Г И Ј А

СОВРЕМЕНА СОСТОЈБА НА ФОНЕТСКИОТ СИСТЕМ

Самогласки

2.1. Во вокалниот систем на кукушкиот говор, како и во соседните долновардарски говори, освен самогласките *е, и, а, о, у*, среќаваме и еден среднојазичен вокал, што го предаваме со знакот *ă*.

Графички овој систем може да го претставиме на следниов начин:

и *ă* *у*

е *а* *о*

Споменатиов систем е релевантен само кога самогласките се акцентирани, тогаш тие по своите звукофизиолошки особини не се разликуваат од соодветните гласови во литературниот јазик. Во неакцентирана позиција тие се редуцираат, односно се елиминираат опозициите *е* : *и*, *а* : *ă*, *о* : *у*, а системот се упростува до следнава шема:

и *ă* *у*

Резултатите на редукцијата, па и на обратната редукција, често не се јавуваат во чист вид, туку се работи за гласови омеѓени меѓу артикулациите на *а* и *ă*, *о* и *у*, *е* и *и*, односно *ă*, т.е. алофони, што ги предаваме со соодветните знаци, во позиција на индекси: *мóм^{а}т̄а*, покрај *мóмат̄а*, *сéл^{о}т̄о*, покрај *сéлот̄о*.

Освен овие фонеми во кукушкиот говор среќаваме и еден ред долги самогласки, кои се позиционо ограничени, ги предаваме: *ā, ē̄, ӣ, ō, ӯ, ă̄*.

2.2. Гласот *ă* со својата физиолошко-фонетска природа е среден глас од типот на *а*. Основната боја ја чува кога се наоѓа под акцент, додека во неакцентирана позиција неговата артикулација е поотворена и се приближува кон *а*. Според З. Голомб[36] неакцентираното *а* и *ă* треба да се третираат како една фонема и јасно да се потцрта слевањето на *а* со *ă* во неакцентирана позиција. Тоа, од фонолошка гледна точка, влијаело така што запишувачите на дијалектен материјал ги мешаат групите *ра* (*ар*) и *ръ* (*ăр*). Сп. примери од архивата на Ст. Верковиќ: *варзувашт* (м. *врзувашт*), *їранчарошт* (м. *їрнчарошт*)[37].

Во врска со дистрибуцијата на гласот *ă* во кукушкиот говор забележуваме дека тој се јавува многу често: во принцип може да стои во сите позиции на зборoформите — во почетокот, во средината, а во појужните села и на крајот: *бúă, кáминă, сшóлувă* Иц.

2.2.1. Ја заменува носовката ѫ во кореновите слогови: *зăбо, зăјшшо, рăцшо*.

2.2.2. Се јавува наместо секундарниот *ер*: *бăдник, лăже, мăїла*.

2.2.3. Го среќаваме во секвенците *ăр — рă, ăл — лă* од некогашните вокални *р* и *л*: *уїăрлúја* 'јака' (: грло), *свăршú* 'умре', *вăрба, рăжнúца, жăлшóк* (: жолтица), *вăлна, слáнце*.

2.2.4. Се јавува на местото на редуцираната самогласка *а*: *блăїóшта* 'блажина', *жăбýјник* 'жабарник', *їрăжданиц*; наместо редуцираното *е* во соседство со сонант: *ūéūăл, сшóжăр*, и ограничено место редуцирано *о* во наставките *-ова, -ово* и *-ове*: *сăдăве* (: сад), топ. *Аїăва Чéшма* Крец.

2.2.5. Се јавува на местото од соодветниот вокал во зборови од турско, односно арапско потекло: *асăл* 'имено', *дăлїăн* 'човек во бунило од голема температура', *арăлăк* 'процеп'.

---

[36] З. Голомб, MJ, г. XIII—XIV, стр. 218.

[37] С. Романски, Народописни материали отъ Долновардарско (Изъ архивата на Ст. Верковичъ), МакПр, г. VI, кн. 4, с. 99 и 108.

2.3. Долги самогласки. — Прашањето за долги самогласки во кукушкиот (и воденскиот) говор прв го поставува, уште во почетокот на овој век Д. Мирчев[38]. Тој истакнува: „Остатоци од некогашниот квантитет, макар и оскудни, се среќаваат и во кукушко-воденскиот говор: *што̄ к'и вă пи́тӯм, к'и ми каа́жите ли*?; *а́j д'о́i̯ме нă ло́ói̯зто̄*; *ко́ói̯зто̄ са укузи́а*; *му искăра́а це́ла фа́ша ут̄ ко́ожi̯т̄а*. Во зборот *лудо̄то* се слуша долго *у*: *лу́ӯто ӯтка́ свăрши́л ръ́бо́т̄а̄та*... Треба да се забележи дека сите именки од *п*-основа и *t*-основа, преминати кон *п*-основа, покажуваат долго *и*: *ими́i̯на, врими́i̯на, клучи́i̯на* и др. Долго *о* и *а* се јавува во показната заменка *овъ,-а,-о*, која во кукушко-воденскиот говор се образува: за м.р. *воо*, за ж. *ваа*, за ср. *воо*".

2.3.1. На прашањето што го покренал Мирчев опстојно се задржал Д. Иванов во студијата за гевгелискиот говор[39]. Според него: „...остатоците од некогашниот квантитет за кои зборува Д. Мирчев во студијата за кукушко-воденскиот говор до еден може да се објаснат како нова појава по губењето или преметнувањето на самогласки и согласки во средината на зборот... Нема никакво сомнение дека е тоа една лажлива или поточно нова должина на самогласките. Губењето на самогласки од крајот на зборовите не е пропратено со никакви промени кај претходните гласови. Така: *ма́н-сă* (мани се), *дек* (дека), *дур*, *т̄ук*, *кăд*, *ним* (нимој), *на̄прав-i̯о*, *стре́т̄-i̯о* и др. се просто скратени зборови поради брзото зборување. Но кога испуштањето станува во средината на зборот, тоа ја менува градбата на зборот и предизвикува промени... Ако се обидеме да ја изолираме артикулацијата на некој глас во средината на зборот ние наидуваме на тешкотии зашто таа артикулација е органски сврзана со артикулацијата на другите соседни гласови... Во случај, ако односниот глас, за чие губење или слабо артикулирање е даден поттик од редукцијата, акцентот или некоја друга причина (склоност кон антиципација, контракција со соседната самогласка, метатеза, асимилација и др.), не може сосем да исчезне од зборот, тогаш тој остава траги врз некој друг глас и на тој начин ја менува артикулацијата на целиот збор". Примери-

---

[38] Д. Мирчевъ; БКВГ, СбНУНК, кн. XVIII, София 1901, с. 430.

[39] Д. Иванов, цит. раб., стр. 60.

те од Мирчев: *каа́жӣте ли, лоо́зи̯то, коо́зи̯то* Иванов ги објаснува со скратување и антиципација на *и* кое заземајќи позиција веднаш зад претходниот вокал прави впечаток како тој да е долг. Должината во зборот *коожа̄* според него е добиена откако редуцираното *ӑ* во *кожӑта* се преметнало пред *ж*, обусловено од брзата артикулација: *коӑжа̄*, а потоа со асимилација: *коожа̄*. Слично објаснување Иванов дава и за должината во *мра̄вта* од *мра́вӑта*, при што „...неполниот (мисли редуцираниот) вокал *ӑ* се изместува и со тоа го удвојува *а*-то во претходниот акцентиран слог: *мра̄в^{а}та*, *мра̄вта*. За тоа префрлување придонесува и карактерот на усната согласка *в* која се артикулира со скоро затворена уста и со крајно изменета позиција на говорните органи, додека артикулацијата на самогласката *а* пред неа и по неа е една иста, та сознанието за тоа ја тера устата да ја сврши работата одеднаш, да ги артикулира двете *а* со едно отворање, а *в*-то да го остави за потоа, кога ќе треба да се артикулира и блискиот по место на артикулација дентал *т*. Во *куќта* имаме само губење на *а* (куќата), зашто *у* и *а* се оддалечени самогласки, та слевањето во една е невозможно".

2.3.2. Г. П. Христов по односново прашање[40] има слично мислење. Тој исто така не го прифаќа мислењето на Мирчев дека во случајов се работи за стар квантитет, туку удолжувањето на самогласките го третира како ново и компензационо, добиено како надомест за исчезнатите гласови што оставиле трага во некакво удолжување на претходната акцентирана самогласка.

2.3.3. В. Думев во трудот за воденскиот говор[41] има поинакво мислење од веќе споменатите истражувачи на долновардарските говори. Тој не само што не допушта да се зборува за остатоци од некогашниот квантитет, за што се залага Д. Мирчев, туку воопшто според него поимот квантитет не е својствен на нашиот јазик, особено не на брзите говори какви што се кукушкиот, гевгелискиот и воденскиот, во кои редукцијата е една од најважните особини, а таа — како што кажува Думев — не е погодност за развој на долги самогласки, туку обратно нивен непријател.

---

[40] МакПр, г. X, кн. 1, 2, с. 107.

[41] МакПр, XIII, кн. 3, 1943, с. 39—40.

Задржувајќи се на примерите од Мирчев за долги самогласки во случаите: *сиi̯н*, *йустйi̯нă*, *смијái̯не*, *нусéi̯не*, *врими́i̯нă*, Думев аргументирано укажува дека се работи не за долго *и*, *а*, *е*, туку за дифтонзи *иi̯*, *аi̯*, *еi̯*, добиени со антиципација како во *којн*.

Меѓутоа не сме убедени дека во заменските форми *во̄* (*воо*), *ва̄* (*ваа*) неопходно е, како што тврди Думев, да се гледа секвенца од два еднородни вокала, а никако од еден долг, особено во северните села.

Фактички, Думев допушта протегнат изговор, односно извесно удолжување на вокалите, во било каков слог (на почетокот, во средината или на крајот на зборформата), само ако се работи за афектирана реч, кога се изразува зачуденост, страв, изненаденост, потенцирање, прашување и сл. Сп.: *ӯ*, *ӯ* — *ви́кăш йу нето*. *Мори же́нă*! Или кога некој ја разбрал туѓата итрина му вика: „*ā*“!

2.3.4. Самиот факт што скоро сите истражувачи на долновардарските говори се задржуваат на проблемот за долгите самогласки, често пати и со противречни мислења, ни дава доволна основа да забележиме дека се работи за сложено прашање. И проф. Б. Конески, разгледувајќи го овој проблем, иако од подруг аспект, забележува дека слеаниот изговор на два еднакви вокала, не ја анулира претставата што ја имаме во ваквите случаи за два еднозвучни вокали[42].

2.3.5. Основно што ни се наложува при разгледувањето на материјалот со кој располагаме е дека често, дури многу често, се јавуваат состави од два еднакви вокали добиени по различни начини, кои може да се реализираат како секвенци од два вокала (евентуално вториот пократок), или како соодветни долги (во селата кон Дојранско) доколку не се наоѓаат на морфемска граница меѓу префикс и лексичка морфема:

а) на крајот на зборформите, на морфемска граница со флексивните морфеми:

ае > *аа* > *ā*: *не си зна́* (: знае) *се́бйто* Штем 'не е свесен'; — *у́мăрта на сă-зна̄* Вл 'смртта доаѓа ненадејно',

---

[42] Б. Конески, Граматика ..., 1967, с. 97.

еа > *аа* > *ā*: *ра́ш ва́ре за́-н'ā* Мут (: неа), фраз. 'не му е симпатична'; *ус-н'ā* (:неа) *ва́цу́ва́т*; *ма́шта́* (: *машта*) Мор,

ое > *оо* > *ō*: *не ӣу-дō* (:*дое*) *де́тто* Гола;

б) во средина на зборо формите со метатеза пред консонантот и слевање со претходниот вокал или пак само со елизија на вокалот, при што се создаваат согласнички групи, и за поудобен изговор претходниот вокал се удолжува:

оа > *оо* > *ō*: *типо́лта* (< *типоолта* < *типоалта* < *типолата*); *но́кта* (< *нооӣта* < *ноаӣта* < *ноӣата*), *ко́рта* (< *кората*) Вл,

аа > *ā*: *клипа́лта* (< *клипаалта* < *клипалата*), *та́фта* (< *таавта* < *таваша*) Драг; во односно село, во мн. форма вокалот *и* се преметнува, но согласно со правилата за неговата дистрибуција, не доаѓа до слевање туку се образува дифтонг: *ӣла́ӣфте*,

иа > *ии* > *ӣ*: *жлибӣ'нта* (< *жлибиинта* < *жлибианта* < *жлибината*); *мулӣ'нта* (< *мулината*) Ал; топ. *Лузӣ'нта* (< *Лузината*) 'лозјата' Ир,

ие > *ии* > *ӣ*: *пӣ'л'то* (< пилето), *Мӣ'л'то* (: чл. ф. од сопствено име *Ми́ле*) Вл,

ио > *ии* > *ӣ*: *кандӣ'лто* (< кандилото), *крӣ'лто* (< крилото) Ал,

оо > *ō*: *ӣро́сто* (< проосто < просото) Ал,

уа > *уу* > *ӯ*: *тӯ'лта* (< туулта < туалта < тулата), сп. топ. *Кӯ'лта* Ир,

уе > уу > *ӯ*: *бӯ'рто* (< бурето): *са-дуӣи́ бӯ'рто*; сп. уште прекар *Л'ӯ'л'то Аніо*,

уо > *уу* > *ӯ*: *кӯ'сто* (<куосто < кусото) Мор,

ао > *аа* > *ā*: *ӣанка́лто* (< гӑнкаалто < гӑнкаолто < гӑнкалото) Ал 'оној што пелтечи', *сука́лто* (< сукалото) Вл,

ӑа > *ӑӑ* > *а̄*: *бӑлда̄ста* (< бӑлда̄аста < бӑлда̄зата) Вл;

в) по губењето на интервокалните консонанти се создаваат секвенци од два вокала кои и да се разнородни, по извршеното аналошко израмнување, пак се реализираат како соодветни долги:

аа > *ā*: *ноīо нă-рáбуш īă-клáм* (< *клавам*) 'не држам сериозно до нејзиното мислење'; *сă-прáм* (< *правам*) *нă-будлá* Штем; — *не-j-йузнáм* (< познавам) *л'ýјто* Мут,

ао > *оо* > *ō*: *нă-йáто дō* (< да-го) *прáчéкме* Ал; — *дō* (< да-го) *удмéнат* 'да му помогнат, да го заменат' Ним,

ео > *оо* > *ō*: *н'ō* (< не-го) *влăдéјме* 'не го употребуваме' *тō нéшто* Мут,

ио > *оо* > *ō*: *Тăрăнбýкта н'ō* (< ни-го) *прудăдé*; — *вúдō*, *вúдō* (< види-го) *йă тóо* Вл,

иа > *аа* > *ā*: *зăтō тā* (< ти-ја) *дăдé*, *от né-j árна* Мут,

уа > *аа* > *ā*: *мā* (< му-ја) *зăбóдуве уф īлáвăта* Ак,

уо > *оо* > *ō*: *īрóбот дă мō* (< му-го) *напрáвум* Ир.

2.3.6. Реализација на долги вокали, освен во лексичкиот, забележуваме и во морфолошкиот материјал: во формите за 1. и 2. л. мн. аор. на границата меѓу коренската и флексивната морфема, по загубата на *х* пред консонант од наставката (*искăрáме*, *искăрáте* < *искара-хме*, *искара-хте*, зн. 'извадивме, извадивте') Гола. Се работи за квантитет добиен по пат на компензација.

Веднаш да истакнеме дека ова удолжување се јавува факултативно, имено губењето на *-х-* од наставката е сè уште во процес, од истите информатори, освен *искăрáме* може да се чуе и *искăрáхме* и *искăрáме*. Од формите на аористот квантитативни дистинктивни признаци има кај глаголите од *а*-група, 3. л. ед. и 3. л. мн.: *истăрчá — истăрчá*, *избл'увá — избл'увá*.

Да заклучиме дека реализацијата на долги вокали не е општа особеност на кукушкиот говор, се јавува повеќе во селата кон Дојранско и таму таа не е регуларна и не може да добие третман на фонолошки квантитет. Прво, во мал број случаи среќаваме зборовни парови во кои должината, односно краткоста, е единствен диференцијален фактор: *ду* (предлог: *ду-тéбе*) — *дȳ* (*вéтăр*), *сто* (:број) — *сто̄* (: гл. стои), *мáста* (: чл. ф. од *маст*) — *мā́ста* (: чл. ф. од *маса*), второ, под истите услови на секвенците со долги вокали не постојат опоненти со два еднакви кратки вокали.

2.3.7. Во поголемиот дел од Кукушко, оној што го викаме Поле, во кој влегува и градот Кукуш, а особено во појужните села, во споменативе позиции, на кои се задржавме

пред малку, не го среќаваме очекуваниот квантитет на вокалите, туку се јавуваат поинакви резултати. Сп.:

а) на крајот на зборoформите, на границата на флексивните морфеми доколку се најдат два еднородни вокали, добиени со асимилација, тие се реализираат како такви, т.е. не се контрахираат:

а — е > аа: *ла́а* (< лае), *тка́а* (< ткае),

о — е > оо: *бро́о* (< брое), *не́коо* (< некое),

у — е > уу: *чуу* (< чуе) Иц.

б) во средината на зборот, по исчезнување на вокал, не среќаваме квантитет кај претходниот вокал, во смисла на компензација за загубата:

и — а(у) > и: *сă-ми́м* (< се мијам), *сă-три́м* (< се тријам), *спим* (< спијам) Гăр; но: *жни́ум* Пост,

о — а(у) > о: *їу-до́м* (< го дојам), *стом* (< стојам) Крец; но: *бро́јум* АЌ.

Во формите на 3. л. мн. вокалот од наставката се чува, но редуциран: *сă-ми́ăт*, *сă-три́ăт*, *спи́ăт*,

и втор случај има кога, со метатеза, се добиваат групи од еднородни вокали што се реализираат без контракција:

е — е > ее: *зе́ел'то* (< *зелето*), *се́емто* (< семето); ако вокалите биле различни, по извршената асимилација се добива истиот резултат:

е — о > ее: *се́елто* (< селото),

е — а > ее: *нă-ме́ерта* (< на мерата),

а — е > аа: *Буїа́арто* (< Бугарето),

о — а > оо: *нă-ко́олта* (< на колата); уште: *м-аа издуи́ ко́ошта* (< кожата), *а-диїну́ве но́окта* (< ногата);

в) по губењето на интервокални консонанти кај новонастанатите вокални секвенци пак се јавуваат две можности:

— кога доаѓаат во допир два еднородни вокали тие го задржуваат својот статус:

а — а > аа: *бра́ата* (< брадата), *ва́ата* (< вадата),

— доколку вокалите што доаѓаат во допир се различни, тие по законот на асимилација се изедначуваат, но го задржуваат статусот на секвенци од два вокала:

а — о > оо: *а-нóоѓе* (: ја наоѓа) *дóма*,
е — а > ее: *ӣи-збрá ӣувéеӣа* (: говедата),
о — а > оо: *вóоӣа* (: водата),
о — е > оо: *дӑ-дóо син-ми* (: да дојде . . .),
у — а > уу: *ӣунýуӣа* (: понудата).

Во селата кон Солунско (Амбар Ќој, Ицеларе и др.) паралелно со секвенците од два вокала: *жéенӣа*, *сéелӣо*, среќаваме и примери со нивно упростување: *сéлӣо* (<селото), *жéнӣа* (< жената). Ваквото скратување, изгледа, почнува да се сфаќа како модел, па и заменските форми *ӣоо*, *воо* се реализираат и како едносложни: *ӣо*, *во*.

2.4. Губење на слоготворната вредност на вокалот *и*. — Во партијата за долгите вокали, присутни обично во Карадагот, рековме по нешто и за одделните вокални групи, сега посебно ќе се задржиме на примери од Полето и Карадагот во кои како втор член се јавува самогласката *и*.

На крајот на зборoформите, на морфемската граница со флексивните морфеми ваквите вокални групи се јавуваат и неизменети: *а — и* (*снáи*, *сáи* — мн. од *саја* 'вид женска облека'), *е — и* (*стрéи*), *и — и* (*стрӑшутúи* — мн. од *стрӑшутúа* 'стравотија', *стрӑмутúи* 'органите за размножување', *ӣиӣцúи*), *о — и* (*кои*, *мои*). Истово го забележуваме и кога ќе се најдат на морфемска граница со префикс, односно со партикулите *ӣо* и *не*: *нек сӑ-нáи̯ӣре дéӣӣо*; *ӣó-úӣӑр уд-брáӣ-му*; *нé-úдум*, така е кога сегментот *и* е акцентиран, инаку се скратува во *i̯*: *ӣó-i̯машлúф*, сп. уште: *ӣи-i̯зӣурéла*, *сӑ-i̯сӣӑрдéла*. Во Градобор, таму се редуцираат и крајните вокали независно што се морфолошки квалификатори, во 3. л. ед. през. среќаваме: *знái̯* (: *кој кӑде знái̯*), *ӣрéi̯* (*слӑнцитто ӣрéi̯*), исто: *устарéi̯*, *шúi̯* и сл.

Кога односниве групи ќе се најдат во средината на зборот, ова — мислам на чувањето на вокалните групи — престанува да важи, бидејќи и граматичката функција на односниве морфеми не е толку изразена, тогаш се образуваат дифтонзи, а вокалот *и* се скратува во *i̯*: *стрӑмутúi̯ӣе дӑ-си-ӣукрúi̯ш*, *мói̯ӣе*, *змúi̯ӣе*, *стрéi̯ӣе*. Истово се забележува и во 2. л. ед. и 1. л. и 2. л. мн., през., кај глаголите со општ дел на вокал: *вéi̯ш*, *вéi̯ме*, *вéi̯ӣе* (*вéе* 'јава'), *ӣéi̯ш*, *ӣéi̯ме*,

пе̯ште; *спи̯ш*, *спи̯ме*, *спи̯ште*; *сто̯ш*, *сто̯ме*, *сто̯ште*; натаму во имперфектот: *тка̯ше*, *бро̯ше*, *чу̯ше* — 2л. ед.

Има интересни примери во кои среќаваме нови групи добиени со метатеза на *и*, скратено до *ı̯*: *а* — *и*: *убра̯исто* (: образите), *гла̯ифте* (: главите), *здра̯ифте* (: здравите); *е* — *и*: *вре̯имто* (: *вре̯мишто* < времето), *те̯ил'ту* (: *те̯лишту* < телето); *о* — *и*: *пуло̯исте* (: полозите), *ко̯ифте* (: кофите); *у* — *и*: *ту̯ил'те* (: тулите); *ă* — *и*: *зă̯ште* (: забите), *мă̯ште* (: мажите), *дă̯кте* (: дагите 'странични штици на буре или каца'); исто и кај глаголските форми: *убу̯ифше* (: обу̯више), *сно̯ифше* (< сно̯више), *стру̯ше* (< стру̯жише) — 2. л. ед. имперф., во мн.: *убу̯ифте*, *сно̯ифте* (2. л. през.).

Ваквите образувања особено се чести во селата југозападно од Кукуш. Примерите се од Драгомирци и Крецово.

РЕДУКЦИЈА НА ВОКАЛИТЕ

2.5. Редукцијата на неакцентираните вокали, т.е. нивниот позатворен изговор, обусловен од скратувањето на самата артикулација, е општа особеност на југоисточните македонски говори, подразбирајќи го овде и кукушкиот. Оваа гласовна појава ја познаваат не само соседните говори: воденскиот, солунскиот, дојранскиот, гевгелискиот, струмскиот, туку „... редукција на вокалите со вакви или слични резултати познаваат бугарскиот, северните грчки говори и ароманскиот. Тоа значи дека нашите источни говори се вклучуваат во една поширока балканска ареа во која таа појава е позната. Несомнено дека во овој случај се работи за заемодејство меѓу балканските јазици“[43].

2.5.1. Описот на редукцијата е компликувана работа. К. Мирчев во Неврокопскиот говор[44], правдајќи се за извесна недоследност при бележењето на редуцираните самогласки забележува дека секој што имал работа со нашите југоисточни говори, сигурно забележил каков сложен проблем претста-

---

[43] Б. Конески, Историја на македонскиот јазик, Скопје 1982, стр. 34—35.

[44] К. Мирчевъ, Неврокопскиятъ говоръ, Годишникъ, СУ, XXXII, 1936, бр. 1, стр. 5.

вува озде неустановеноста и нередовноста во однос на редуцираните вокали.

Веќе рековме дека вокалниот систем на нашиот говор во неакцентирана позиција подлегнува на упростување, од шесточлен системот се редуцира на тричлен; т.е. кај вокалите разликуваме фонетски силна (кога се под акцент) и фонетски слаба позиција (кога не се акцентирани). Во изговорот на вокалите *а*, *е*, *о*, забележуваме голема разлика зависно од тоа дали се акцентирани или не. Во неакцентирана позиција *а* се изговара позатворено, клони кон *ă*, го предаваме со *ạ*, *е* клони кон *и* — (*ẹ*), а *о* кон *у* — (*ọ*), или пак доаѓа до нивно совпаѓање, а тоа значи дека се неутрализира односната опозиција во корист на последните (*ă*, *и*, *у*).

Според Д. Мирчев[45] центар на редукцијата во југоисточните говори претставува говорот во Кукуш и Воден и колку се оддалечуваме од тој центар (особено од Кукуш) во правец кон Гевгелија редукцијата се чувствува послабо, бидејќи тие граничат со говори во кои јасниот изговор на вокалите е обична појава. В. Думев мислењето на Мирчева малку го модифицира: „... во споредба со редукцијата на самогласките во Кукушко и Гевгелиско, воденскиот говор зазема положба на центар, иако територијално не е таков“[46]. Како потврда за своето мислење го истакнува фактот дека во воденскиот говор неакцентираните *а*, *е*, *о* се редуцираат скоро во сите позиции, исклучок прави само *е* кога ќе се најде на крајот на зборот, па дури и таму во заменските форми *ме*, *ше*, *се* или партикулата *не* вокалот ја трпи силата на тој фонетски закон.

2.5.2. На преодот кон Воден како контролен го обработив говорот во Гуменџа. Материјалите нè упатуваат на фактот дека редукцијата овде е прилично напредната: среќаваме многу примери со редуцирани крајни вокали, независно што се индикатори на граматички категории, та како да се наметнува заклучокот дека односниов „фонетски закон овде се наложил без остаток“. Примери за редукција на *а* во крајни отворени слогови (кај именките од ж.р. на *-а*): *пра́ґă* 'праќица', *ску́рă* 'згура', *чо́пкă* 'клун', *ґа́бă* 'печурка', *флу́скă*

[45] Д. Мирчевъ, цит. раб., 431.

[46] В. Думевъ, цит. раб., стр. 25.

'плуска', *сăлsă* 'солза', *вóсă* 'оса', *spănsálă*, *jувѓálă* 'објала', *абăлчúнă* (на лице); редукција на *е* во почетокот на зборо-формите: *исéнцко сéно*, *илéн*, *иштéн*, *изúќ*; во средината: *кривéш* (независно што зборот не е од словенско потекло), *дéвиш*, *дéсиш*, *járим*, *пúлинцă*, *suвīáр*, *билésu*, топ. *Кăлýѓир Кáмин*; именки на *-ец*: *клúниц*, *увдóвиц*, *пáлиц*, *квáсиц*, *jýниц*, *кóбиц* 'вид птица', само во мал број примери има редукција *е* > *ă*: *вéчăр*, *кúсăл* — во соседство на сонанти, но: *бýбрик*; придавки на *-ин*: *винóвин*, *īнăсин*, *īрóзин*, *árин*, *лúчин*, *жéдин*; кај именки: *кáмин*, *плáмин*, *прéшлин*, *скóврин*, *кóрин*.

Прави впечаток редукцијата *е* > *ă* која се јавува само на крајот на зборо-формите. Кога самогласката *е* самата претставува морфема или пак е дел од морфема: се редуцира специфичниот завршок кај именките од среден род *е* (< ѧ): *црéфцă* мăлéчко, *бéбă* (: бебе) *сăрцă*, *пúлинцă* (< пилинце), *īăрнă*, *īрóздă* (: гróзде), *нéпцă*, *врéмă зă-кусéјнă*, *ќóшă* (:ќоше), во збирната форма *л'ýдă* (: луѓе), кај наставката *-ове* за образу-вање множина од едносложните именки: *врáшувă*, *сúнувă*, *пăшувă*, *брýзăвă* (: брус), *кăлкувă* (: кăлк), (но и: *двéше вулóве* — поради близина на акцентот ?), веднаш да укажеме дека на истиот темен глас завршуваат и множинските форми на *-ињa*: *мăīăрúјнă*, *кучúјнă*, *мулинцúјнă*, кон нив се приклучиле и: *лимóјнă*, *пăртизáјнă*, *Циīáјнă*, што убедливо зборува за дејството на факторот аналогија. Се редуцира и карактеристичниот вокал *е* од трето лице еднина през.: ного *мăлчă*, *вéл'ă* (он), *снéжă* (:врне снег), *дóжѓă*, *зéвă* (:земе), *дáдă*, *к'иуīлáднă*, *дă-флéзă* (он), кај множинската форма од помошниот глагол 'сум' : *снă* (: дóма *снă*, иднá пóра *снă*) исто: *сшă*, натаму во прво и второ лице мн. аорист: *jăдéмă*, *jăдéшă*; *кусúмă*, *кусúшă*; и имперфект: *īлéдихнă*, *īлéдихшă*; *úдихнă*, *úдихшă*; кај прилози: *нăтрă* (внатре).

Примери за редукција на *о*: *устéн*, *урúс*, *урéх*, *убрáс*, *убрáхчă* (на почетокот на зборо-формите); на крајот кај имен-ките и придавките од среден род на *-о*: *прóсу*, *зăрну*, *óру*, *сéдлу*, *плúшку úзвур*, *жúшну лéī*.

Примери за редукција од Воден: *īувéушу*, *дéушу*, *сéлшу*, *нă-бáбшă*, *жéншă-му*, *нă-мáјкă-му*, *кăмéјнă*, *римéјнă* (според Думев, 37); од с. Тресино: *вујвóдă*, *зóлвă*, *нă-сéлшу*, *óку*, *плáшнушу*, *нă-нéпшу*.

2.5.3. На исток редукцијата во соседниот струмски говор се јавува во послаб обем. Ј. Н. Иванов[47] забележил дека тој гласовен процес само делумно го опфатил неакцентираното *о* и довел до појавата на позиционен варијант *ọ*. Според него дури во драмската говорна група има повеќе случаи на полна редукција *о* > *у*, но со многу исклучоци. Редукцијата е пообична во слогови пред акцент: *ура́ло, дубя́р, кунче́* 'конец', но: *ви́но̄то̄ọ, пи́смọ, се́лọ* и сл.

Зборувајќи за редукцијата на *е* авторот се задржал на една специфичност на говорот на с. Лехово, во кој *е* > *ạ*. Оваа појава е регистрирана во зборникот издаден од Лавров и Поливка „Јужномакедонски народни приказни", а и самиот С. Верковиќ ја прокоментирал. Какви ареали на односниов терен зафаќа редукцијата *е* > *и* и воопшто нешто позадлабочено за судбината на неакцентираното *е* во останатите пунктови не успеавме да пронајдеме во трудот на Ј. Иванов.

Резултатот од редукцијата на *а*, пишува Иванов, најчесто е позициска варијанта *ạ*, во одделни пунктови и во одредени позиции и гласот *ă*.

Нашите истражувања од Демир Хисарско (с. Савек) редукцијата ни ја претставуваат во многу позасилена форма; *о* > *у* како на почетокот, така и во средината, па и на крајот на зборoформите: *удини́ца* (: воденица), *уст̄е́н* (но: *оī̄ледя́ло̄*), *т̄учи́ло, мут̄увя́лка, ру́ну, се́длу*.

Исто така среќаваме и повеќе примери со полна редукција на вокалот *е* во *и* во сите позиции: *иде́* (< еде = јаде), *ид'я́не* (јадење), *изи́к, иле́нче, виче́ра, дибе́ли, ришу́̄т̄у, п̄ит̄е́л* па и *ске́ли* (< скеле).

Редукцијата на *е* кон глас од типот на *ă* среќаваме и во овој говор, особено покрај сонанти: *ґу́брăт̄о, п̄е́п̄ăл, не́рăс*, но и на крајот на зборовите, на местото од *е* во множинските форми на именки од м.р.: *не́рăзă*, кај деминутивни форми од среден род: *п̄ăрл'ăнцă, му́л'ăнцă, слăве́јчă*.

2.5.4. Во јужниот соседен говор — солунскиот „... вокалите (*е о*) во неакцентиран слог во сите позиции на зборoформите подлежат и на квалитетска редукција и по

---

[47] Й. Н. Иванов, Български преселнически говори, София, 1977, стр. 90—114.

правило преминуваат во соодветните високи корелати. По тој начин се елиминира опозицијата *е* : *i* и *о* : *u*. Сп. ˈmori: muˈr'etu, ˈpoli: puˈl'etu, činˈda: ˈčendu. Неакцентираните /ạ а ə/ се реализираат како среден глас меѓу /ə/ и /а/, но поблизок до вториот [ʌ]. Тоа значи во неакцентиран слог се изедначил изговорот на споменативе три фонеми и се укинува опозицијата меѓу /а/ и /ə/, одн. меѓу /ạ/ и /ə/. Сп. ʌˈrap, bʌxˈča, dʌžˈdot: dəš, snˈʌˈgot: sn'ạk, l'ʌˈta: ˈl'ạtu...[48]".

Како преоден кон Солунско го имам истражувано говорот на с. Градобор. Таму редукцијата исто така е силно изразена, се јавува во сите позиции и во морфеми што носат различни граматички информации. Примери за вокалот *е*: во почетокот на зборот: *изи́к*, *иле́н*, *ими́ш*, во претставката *пре-* (стсл. пр҃ѣ-): дă ти *прича́кă*, *призи́рнăм*; во средината на зборот: *девиде́сит*, *ке́питу*, *сику́нда*, *зиле́ну*, *нивóл'а*, *нивéста*, *свикắрва*, *пирпили́ца* (: препелица). На крајот на зборот во повеќе позиции: а) кај именките од среден род: *те́ми* (// *вắрхут* = темето), *те́ли*, *де́ти* (бих), *дивóјчи*, *нóќну пи́ли* (// *пи́ле*), *пóли*, *ди́ву зе́ли*; б) кај наставката *-ен* за образување придавки: *стре́брин*, *усла́нин*, *гнắсин*, *вре́дин* (мăш), *цắрин*; в) кај долгите заменски форми: *уд-ме́ни*, *нă-те́би*; г) кај лични имиња на *-е*: *Гóци Де́лчив*, *Ми́три уд-Или́ја*; д) во наставката *-ец* (стсл. — ѣць): *ве́ниц сил'а́ниц*, *дăлмạти́ниц*, *Мạкидóниц*; ѓ) кај глаголите во формите за трето лице ед. през.: *нóĭо си-пóти* (:поте), *ни мóж дă-би́ди*, *ми-чу́ди то нă-ме́н*, *к'и-у́мри*; е) во формите на заповеден начин второ л. мн.: *биĭа́јти-сти*, *виде́јти*, *мулча́јти*; ж) во завршокот *-е* кај прилозите: *пóсли* (гу-нóсе лóшјут), *уд-ĭóри* (и́де), *узĭóри*, *ма́лци* (малце), *óшти* (са́кăм), *у́три* (дă-дójдиш), *у́три к'и-бе́ĭум*. Оваа појава е толку изразена што резултатот *и* делумно се наложил и во соседство со сонанти: *кóрин*, *ĭа́бир*, *мóлиц*, но: *пе́пăл*, *ки́сăл*, *ве́чăр*.

Примери за редукција на *о*: а) во почетокот на зборофор-мите: *ура́тин којн'*, *уснóва*, *уфча́р*, *уце́т*, *удĭуди́на* (*ду-ами́на* — дел од коледарска песна), *усумна́јста* гуди́на, *н'аа* (< не-ја) *уста́ве он*, *уĭла́мник*; б) во средината на зборот: *мóзук*, *ми-*

[48] Б. Видоески, Фонолошки описи, српскохрватских / хрватско-српских, словеначких и македонских говора, АНУБиХ, Посебна издања, књига LV, Сарајево 1981 г., Висока (ОЛА, 112), стр. 802.

бо́ли о́куш̄у, кулéну, вýјку-ми, вудуп̄а́ш̄, п̄ули́ца, ц̆а́рвујáдну, урéхуву д̆а́рву, думäк'и́ни (шо сäкä дä-кäже); в) во членската морфема којашто гласи *-ут̄* или *-јут̄*: *врäис ка́минут̄, еди́нјут̄, дрýгјут̄* пäт, *бéл'ут̄ кóјн'*, микротопоними: *Ри́дут̄, Кéчäвут̄ Рит̄, Нáчäвут̄ Пäт̄, Вóднијут̄ Азмáк, Цäрн'ут̄ Кáмин, Гулé-мушо Дäрву, Мäлéчкушу Дäрву* — низ него поминувале за вода кога оделе, преку река; г) на крајот во именки или придавки од среден род на *-о*: *сéдлу, сéдлушу, кури́шу, јáсну, лéт̄ну* (време), *п̄óлу* (*лóшу*) *мéст̄у, зилéну ош п̄ó-хýбуву*, кај лични имиња на *-о*: *Алéку* гу-вéл'ат, нä-*Мáрку*.

2.5.5. Кукушкиот и дојранскиот говор и територијално и инаку стојат близу, па сепак во однос на резултатите и степенот од редукцијата покажуваат разлики — ако Кукуш и Воден се центар, како што рековме, тогаш Дојран претставува еден вид периферија на односнава појава. На таа основа се разликува и говорот во јужните кукушки села од реонот *Поле* во однос на северните — *Карадаїот*. На пример целосната редукција на вокалите, па и на оние во крајните отворени слогови, ако е обична за јужните пунктови, таа сè поретко се среќава колку одиме на север кон Дојран. Таму крајните неакцентирани вокали често се изговараат само позатворено, како позиционални варијанти: *ạ, ẹ, ọ*.

Сепак најзабележлива е разликата во резултатите од редукцијата на вокалот *е*. Г. П. Христов[49] правејќи паралела меѓу дојранскиот и кукушкиот говор забележил дека „... во Дојранско неакцентираното *е* поминува во *ä*, а во Кукушко во *и*“, во поткрепа ги наведува примерите: *п̄äш̄óк, нäдäбäлéл, ц̆äлéзо, исп̄äчéх, т̄éмäн, јáсäн, п̄рéбäн, зäкóп̄äн, кáмäн, срéбрäн, п̄äш̄éл* (Дојран), спрема: *п̄иш̄óк, нäдибилéл, ц̆илéзо, исп̄ичéх, т̄éмин, јáсин, éсин, п̄рéбин, зäкóп̄ин, кáмин, срéбрин, п̄иш̄éл* (Кукуш). Ваквата редукција консеквентно е спроведена само во Дојран, во селата, па и во оние најблиските, таа доследно се јавува во соседство со сонанти. Примери од Патарос: *бýбрäк, дéвäр, г̄ýш̄äр, вéчäр, мáчäнце, п̄рéбäнци, лубäни́ца, кóрäн, мäш̄äни́ца, рäшéто, свäкäрва, т̄äмäнýшка, чäрäшóво дäрво, ц̆älézo, ц̆älézno* рало (зн. плуг), кај придавките на *-ен*: *г̄лáдäн, жéдäн, врéдäн*, и кај именките: *п̄рäст̄äн, кáмäн, вäл'äн, г̄лáмäн, п̄рéшл'äн*, кај именки на *-ец*: *п̄äш̄äрушчáнäц*

---

[49] Г. П. Христовъ, МакПр, г. X, кн. 1 и 2, стр. 109.

(покрај *пăшăрузлúа*), *жúвăц*, *пáлăц*, *кóнăц*, *клúнăц*, додека во подруга окруженост резултатот *и* < *е* не е реткост. Сп. пр. од Николич: *билéк*, *свишéц*, *свишéлник*, *свидóк*, *пилéни*, *ликувúш*, *нидéл'а*, *липéшка* 'трева што се лепи', во др. говори *лепич*, *лепкавец*; *мишúл'*; од Патарос: *вичéра*, *дибéл*, *дибéлшо мéсо*, *ми-сă-зăлидúја нóкше* (: лед), *плишкáш*, но исто така: *свęшýлка*, *ęдвáјм*, *уплęдáло*.

Во селата кон Гевгелиско исто така се јавуваат двата резултата *е* > *и* и *е* > *ă*. Д. Иванов се труди да одреди некоја закономерност, па од примерите му се наметнал заклучокот дека предакцентното *е* почесто се редуцира во *и*, а *е* > *ă* повеќе во слогови по акцент (ГГ, с. 67).

Материјалите што ги имаме собрано од контролните пунктови ова негово мислење не го поткрепуваат. Само како евентуалност може да се спомене и овде фактот дека сонантите често се јавуваат како „катализатори" што го олеснуваат преминот *е* > *ă*. Сп. примери од Фурка: *крăвéш*, *пă-чéс* (: пет-шест) гудúни, *зăјшúн*, *ĭăзăр* (: газер 'дно'), *зăлéн*, *вăјáвица*, *чăшвóрка* (: кола со четири тркала), *кăмăнúч* 'место со многу камења', *пăшнájсе*, *бăĭáнка* (: бегалка), *вăзáчка*, кај броевите на 'десет': *сăдăмдăсéш*, *усумдăсéш*, *дăвăдăсéш*; кај придавки и именки на *-ен*: *цăлéзăн*, *пăзáрăн* ден, *мăшăн* (извор), *кáмăн*, *пăрстăн*, *плáмăн*, *вăĭл'ăн*; именки на *-ец*: *нéрăц* (: нерез), *вăĭăрăц* (: јагорец), *шéĭăвăц*, *шróскăвăц* (: троскот, пиреј), *Сăрбијáнăц*; од Богданци: *кáмăн*, *рáмăн*, *цилéзăн*, *чăшвăршóк*, *пăсóк*, *пăшóк*, *пăкóл* (: пекол), *пăшăлáк* 'петел' но и *пишéл*, *пчăлáрник*, *гýшшăр*, *пáлăц*.

Префиксот *пре-* редовно се редуцира во *прă-* или *пăр-* (со преметнување): *пăрчéста*, *сă-пăрчéстăве*, *пăрфéк* (: префект) *пăрнукýвáх* (: преноќував), *пăрсушú* (: пресуши) *рéкша*, *кá не пăрвăрúх и-јáс* (: како не преварив, како не стигнав порано), *прăжúве* (или: *пăржúве*). По аналогија и претставките *при-* и *про-* се редуцираат во *прă-*: *нема кој дă-пăрбéре дéцша* (: прибере), *ним-пăркăжувájше* (: прикажува), *сă-прăшишáх* (: се прошетав 'бев по нужда').

Оваа појава ја забележил и Иванов, ги наведува примерите *прăстáнăвум*, *прăшéшум*, *прăĭăрнăве*, *прăмéна* (стр. 67). За разлика од гевгелискиот и дојранскиот говор во кукушкиот реон Поле претставката *пре-* почесто се редуцира во *при-*, за што ќе стане збор подоцна.

Во истите материјали (од пунктот Фурка) во друга окруженост, или како резултат на аналогија, се јавува редукцијата *е* > *и*: *дéвиш*, *дéсиш*, *писóк*, *свидóк*, *михчúна* (: месечина), *уф-нидéл'а*, *лиéшка* 'вид трева', *диширúна*, *сидéлко*, *ширéл*, *нивисúл'ка*, *ширúница* 'вид од плетени прачки, мачкан со кал', *цилéзо*, *сичúло* 'остриот дел од секирата', *нивéста*. Примери од Богданци: *сидéло*, *свишéц*, *нидéл'а*, *диширúна* и др.

Неакцентираното *о* исто така подлежи на редукција која се движи од резултатот *о* > *у*, т.е. од потполната неутрализација на односниве вокали, до делумно затемнување. Во Дојранско како и во северните кукушки села на ова правило не подлежи *о* од крајните отворени слогови. Д. Иванов за соседниот гевгелиски говор (ГГ, Софија, 1932, стр. 70) погрешно тврди дека редуцираното *о* скоро никогаш не се совпаѓа со етимолошко *у*. Во материјалите што ги имаме запишано во спомнатите пунктови Богданци и Фурка срекаваме: *увéс*, *увéсуш*, *сă-упрăсú*, *ysióре*, *ушăде*, *лузúјна*, *ушиúре*, *дуjдéме*, *дуjдéше*.

Прави впечаток дека во одредена позиција неакцентираното *о* се реализира како *ă*. Ова е особеност на гевгелискиот говор, а го срекаваме и во Кукушко, во реонот Поле. Во дојранскиот говор се јавува маргинално. Во Фурка, а особено во Богданци множинската наставка *-ове* скоро редовно ја срекаваме како *-ăве*: *рóiăве* (во Фурка: *păióве*), *кóлăве*, *éжăве*, *дéнăве*, *iрáдăве*, *сýдăве*. Исто така и во формите на *-ăв*, *-ăва*, *-ăво* : *нéiăф*, *нéiăва*, *нéiăво*, *брáшăво* (*деше*), *jáлăва крáва*, натаму и во наставката *-ăвци* (< *-овци*) за образување множина кај роднински и фамилијарни имиња: *зéшăфци*, *шáшкăфци*, *Мáмкăфци*.

Оваа вокалска промена Д. Иванов вака ја прокоментирал: во присвојните форми како *Мачýкăво*, *Сéăво*, *Јувáнăвише* и др. од тој тип, скоро е невозможно да се определи точната артикулација на гласот *о* во споменативе суфикси (ГГ, 70).

2.5.6. Во врска со редукцијата на *а* во гевгелискиот говор Иванов истакнува „. . . крајното *а* се редуцира во многу ретки случаи, ако ја исклучиме положбата во енклитики, каде што во однос на акцентот со право може да се третира како да влегува во предакцентски слог на зборот. На пр. *дă-úмум*, *дă-jáде*, *нă-шóа*, *дă-бéiме*, или пак: *мájкă-му*, *сéстрă-*

му . . . сите форми од ж.р. што свршуваат на *а* го пазат јасниот гласеж на тој вокал скоро секогаш“ (ГГ, 57).

Воопшто истакнува Иванов во Гевгелиско крајните вокали многу ретко се редуцираат: *ура́че*, *ѝлиѭа́ре*, *измиќа́ре*, *си́нѐве*, *вулóве*, *сѭóлѐве*, *ѝрáдѐве* и др. (с. 55). Аналогни се и примерите од Богданци и Стојаково (од наши материјали): *нójсѭе* (: нозете), *ѝа́рле*, *ѝувéаѭо* (: говедото), *бу́ ′рѭо* (: бурето), кај глаголите: *јáдме*, *сéдме*, *óдме*. Исклучок прави селото Фурка, таму среќаваме: *бре́ѝѐвă* (: брегове), *зắбă* (: зăбе), *не́ѭцă*, *Сắрбă*, *чура́ѝă*, кај глаголите: *удéјѭă*, *сăднáјѭă*, *извăдéјѭă* (импер., 2 л. мн.), *кăжу́вмă*, *вéл′мă*, *зăѭвáрмă*, *чу́кмă* (1л. мн. през.).

Д. Мирчев, кој своите иследувања ги базирал основно врз објавени материјали, особено врз оние од СбНУНК и од Шапкарев, истакнува дека на законот за редукција на неакцентираните вокали, во кукушкиот говор, не подлежат крајните *а*, *е*, *о* и почетните *а* и *е* (БКВГ, 430). Материјалите со кои располагаме, преку 200 стр. текстови чукани на машина, ова негово тврдење само делумно го потврдуваат, пр. секое почетно неакцентирано *е* се изговара редуцирано, а често достига и до соодветниот корелат *и*: *изи́ќуѭ* (: *езикоѭ*), *илéн* (: елен), *иднóш* (: еднаш) Гăр, *ирѭéнка* (: ерген) ’девојче од 14 до 18 год.’. Сепак факт е дека крајните вокали, во функција на морфолошки знак за дадена категорија, тешко се препуштаат на законот на редукцијата, но на ова прашање пошироко ќе се навратиме.

Зборувајќи за причините на јасниот изговор на почетните и крајните вокали Мирчев се задржува на физиолошкиот фактор и додава дека крајните самогласки секогаш се слушаат подолго отколку оние од средината на зборoформите (БКВГ, стр. 430). Д. Иванов во споменатата студија за гевгелискиот говор (стр. 55) исто така се задржал на прашањето за јасниот изговор на крајните вокали. Го прифаќа мислењето на Мирчев за влијание од соседните говори, но додава дека тоа дејствувало повеќе врз цела категорија имиња и глаголи, поради што односнава појава и има толку голем опсег. Тој, иако во зачувувањето на јасниот изговор на крајните вокали делумно го допушта и фонетскиот фактор, во самата артикулација на вокалите во отворени слогови на крајот на зборот, сепак

поголемо значење му дава на настојувањето да се зачуваат крајните вокали како карактерни за одредени категории.

Независно што во воденскиот говор се редуцираат и крајните вокали, со исклучок на *е*, како што е нагласено во споменатата работа на Думев, тој сепак не можел да го одбегне односново прашање. Според него „... во вториот случај (т.е. на крајот на зборот) *е* се зачувало како суштествен гласовен знак за род, број и сл. на цела група зборови; во *де̄те*, *п̄о́ле*, *п̄и́ле* гласот *е* е знак за таа група именки од с.р.; ако се изговорат редуцирано формите би се измешале со оние за множина: *п̄е́рце — п̄е́рци* или *п̄е́рцӑ*, *п̄о́ле — п̄о́ли*, а во изговорот *бо́лин* од *бо́лен* знакот за род, број и значење не се смешува“ (стр. 36).

2.5.7. На прашањето за блокирање на фонетскиот закон при редукција на последните отворени слогови во поново време се задржува проф. Б. Конески[50]. Тој истакнува како во гевгелискиот говор морфологијата ѝ се спротивставува на фонетиката и редукцијата ги одминува крајните вокали бидејќи се носители на значајни граматички информации. Така е и во говорот на северните села од Кукушко, поточно во Карадагот каде што не се редуцираат ни *а* ни *о* кога се показатели на родот: *мо́ма*, *се́ло*, исто така и во членските морфеми *-т̄а*, *-т̄о*: *мо́мт̄а*, *се́лт̄о*. Вокалот *-е* не се потчинува на законот на редукцијата кога е носител на морфолошкиот знак за мн. м.р.: *мӑже*, *де́нӑве*, натаму кога е обележје на средниот род: *сӑрце*, *вре́ме*, или за 3. л. ед. през.: *са́ке*, *но́се*, *п̄е́ре*.

На тој начин Конески во врска со редукцијата како фактор, освен фонетски силна (акцентиран слог) и фонетски слаба позиција (неакцентиран), разликува и морфолошки силна и слаба позиција. Според тоа, редукцијата треба да ја очекуваме особено во случаи кога се совпаѓа фонетски и морфолошки слабата позиција[51], а тие два услови ги исполнуваат средишните, неакцентирани слогови: *се́лт̄о* (< *се́лут̄о* < *се́лот̄о*), *мо́мт̄а* (< *мо́мӑт̄а* < *мо́мат̄а*). Вокалите во односнава позиција стануваат толку „небитни“ во соопштувањето,

---

[50] Б. Конески, За некои морфолошки пречки на фонетските промени во македонскиот јазик, МЈ, г. XIII—XIV, кн. 1—2, стр. 11—12.

[51] Б. Конески, За редукцијата на неакцентираните вокали, МАНУ, Прилози, I, 1—2, Скопје 1976, стр. 58.

што се случува, согласно со познатата навика да се зборува брзо и економично, не само да се редуцираат широките вокали во соодветни тесни, туку и целосно да се елидираат.

Со овие заклучоци, врз односново прашање, се дава една заокруженост на согледувањата на повеќето истражувачи на долновардарските говори. Некои од нив редукцијата ја објаснуваа само како резултат на силниот, експираторен акцент, но во тој систем како проблем им се јавуваа вокалите во крајни отворени слогови, што не се потчинуваа на односниов закон.

Конески иако не ја негира важноста на фонетскиот фактор (динамичниот акцент) во ваквите процеси, со право ја истакнува комплексноста на односнава појава која не може само со него да се објасни. Како прво тој наведува дека редукција среќаваме и во говори со тоничен или музикален акцент, пр. во источно херцеговскиот дијалект во кој вокалните редукции се толку присутни што често доведуваат и до слоговна функција на извесни сонанти, пр. *са́крла, ви́кнти*[52]. Од друга страна морфолошкиот чинител се јавува во два аспекта. Првиот се состои во пазењето на крајните вокали и нивниот отпор кон редукцијата со цел да се обезбедат морфемите, а вториот е резултат на морфолошката функција на акцентот во овие говори, кој служејќи како различителен знак на пр. мѓу формите на презентот и аористот (*ви́ка — вика́*, 3. л. едн.) „... причинува и да дојде, без пречки за разбирањето, до слабеење на оние слогови што ја губат релативната важност во пренесувањето на граматичка информација, до скратување или целосно елиминирање на вокалите во нив" (Б.К., За редукцијата... стр. 59).

2.5.8. Соодносната врска меѓу редуцираните вокали и акцентираниот слог во разните јазици е различна. Така, за рускиот јазик А.А. Реформатскиј дава шема од која се гледа дека акцентираниот слог за 1,5 пат е посилен и подолг од првиот предакцентиран, а за трипати посилен и подолг од другите неакцентирани слогови. Во англискиот, каде што акцентот е исто така динамичен и има силна редукција, најслаби и најкратки се првиот пред акцент и првиот зад акцент.

---

[52] П. Ивић, Дијалектологија српскохрватског језика, Нови Сад 1956, стр. 136.

Во однос на акцентираниот слог пропорцијата е еден спрема три, а слоговите што остануваат од акцентот на два слога помалку се редуцираат и нивната краткост во однос на акцентираниот слог е еден спрема еден и пол[53].

Д. Иванов во Гевгелискиот говор (стр. 64) по односново прашање искажал мислење што работите ги приближува кон шемата на рускиот јазик. „Колку подалеку е акцентот, толку посилна е редукцијата. Имено затоа во енклитиките како *ама, ама* има редукција, а во зборовите со свој акцент како *акăл, ајдýт* — нема".

Нашите истражувања од кукушкиот говор, а мислиме дека и во Гевгелиско е така, работите ги претставуваат малку поинаку. Издишната струја со која се формира акцентираниот слог како да ја апсорбира сета енергија па вокалот во наредниот слог е најсилно редуциран: *ĭăрлéсин* 'оној што го боли грлото', *нéпцитто, кăтин зăв*, исто *пéпăл, кúсăл* Крец, топ.: *Свитти-Тóдăр* Крец, *Кéчăвут Рит, Мăлéчкуто Дăрво, Бóчвăтă* 'извор', *Кăлдăрмăта, Л'ăл'увите Бăшчи* Град, *Бóшăво* 'празно место' — турц., *Тýмбăта* 'рид' АḰ, *Гулéмăта Чéшма* Пат. Примерите со елизија, како најсилен степен на редукцијата, се силно указание за тоа дека вокалите зад акцентираниот слог најсилно се редуцираат: *кúсло* (: кисело) *урúпе, нóĭо клáнне* (: *клањање*) *дă-нóсиш дóма* (зн. поздрави), *јăрбица* (: јаребица), *тéсто* (: тестото), *мухувúнта* (< *маховината*) Крец, топ.: *Лăзăрца* (: Лазарица) 'купишта карпи в поле', *Áĭăвта Чéшма* (: Аговата), *Лузúнта* (: *Лозината* зн. лозјата) Крец, *Вăлтта* 'мéсто кăд вăрвише машúнта' (— зн. возот) Иц, *Студéнта Вóда* 'извор' АḰ.

М. Ивковиќ по односново прашање има скоро идентично мислење: „Вокалот во слогот што е непосредно зад акцентираниот слог осетно е повисок како од акцентираниот така и од слогот што доаѓа по него. Затоа тој во најголем број случаи најлесно се редуцира, додека слогот по него подобро се чува, сп.: *рéпă-та рéп-та, цăруве, сúрăне, úмме* итн" (ЈФ, II, 1921, 3—4, стр. 262). За влијанието на морфолошкиот фактор во овие случаи, што Ивковиќ не го споменува в. малку понапред.

---

[53] А. А. Реформатский, Введение в языковедение, Москва 1957, стр. 198.

Проф. Б. Видоески зборувајќи за редукцијата во југоисточните говори, конкретно по односново прашање за говорот во пунктот Фурка, малку пошироко ја поставува работата. Според него „степенот на редукцијата особено е силен во слоговите непосредно до акцентираниот слог“ (Фонолошки описи, стр. 746).

Значи, општо речено, за соодносната врска меѓу редуцираните самогласки и акцентираниот слог, за кукушкиот говор, респективно за долновардарските говори, повеќе одговара табелата што се однесува на англискиот јазик.

2.5.9. Карактерот на фонетската окруженост исто така влијае врз интензитетот на редукцијата на неакцентираниот вокал. „Звукофизиолошки тоа е сосем нормално, зашто артикулацијата на вокалите прилагодувајќи се спрема артикулацијата на согласките полека се изменува, а понекогаш се изменува дотолку што се минуваат границите на една дадена фонема и се добива друга“[54]. Така сонантите, како што рековме, тоа особено важи за гласот *р*, се јавуваат како „катализатори“, што во едни случаи ја забрзуваат редукцијата, воопшто, а во други ја усмеруваат во одреден правец. Таков е случајот со вокалот *е*, кој нормално во неакцентирана положба се редуцира во *и*, но покрај сонанти неретко се јавува резултатот *ă*: *пе́ăл, ки́сăл, сто́жăр.*

Наслонувајќи се на континуантите на вокалното *р* (*ăр / рă*), се случува кон резултатите од редукцијата на групите *ар/ра* > *ăр/рă* да се приклучат не само групите *ер/ре*, туку и *ир/ри*, во одредени пунктови: *ăрвој* (< привој), *ăрбу́ле* (< *ребуле*) *трăна́јсе* (< *тринајсе*), *ним ĭу-ăрти́ски* (: не го притискај) Грам. Оваа појава повеќе е присутна во северните кукушки села, оние што граничат со Дојранско и Гевгелиско.

2.5.10. С. Романски во работата за долновардарските говори истакнува уште една особеност поврзана со редукцијата: „Од друга страна пак, лабавоста својствена на говорот при артикулацијата на неакцентираните вокали, ги засега и неакцентираните *ă*, *у* и *и* во резултат на што им ослабнува карактерната изговорна боја, и тие пак се доближуваат по гласеж до неакцентираните *а*, *о* и *е*“ (цит. раб., стр. 106). Натаму

---

[54] Б. Видоески, За вокалната система на кривопаланечкиот говор, МЈ, г. IV, кн. 5—6, стр. 119.

Романски оваа поставка ја илустрира со зближување на групите *ар, ал* и *ра, ла* со *ăр, ăл* и *рă, лă* и наведува примери од материјалите од Верковиќ: *бăрдáци*, но *варзýвăш, пéпăл*, но и *пéпалта* (в. 2.2.).

Наставката *-о* кај вокативните форми на именките од м.р.: *сúно, брáто, зéто*, присутни во долновардарските говори, С. Романски исто така ја објаснува со неинтензивниот изговор на неакцентираните вокали (ор. cit., стр. 131). Сигурно е дека овде припомогнала и аналогијата спрема соодветните форми на именките од ж.р.

Овде би можеле да се споменат и случаите: *жéна-мо-j* (: жена му е). Веројатно и во овој случај покрај блискиот изговор на неакцентираното *о* со *у* дејствувал и факторот аналогија спрема присвојната заменска форма од м.р., но несомнено е дека лабавиот изговор, ако ништо друго, сигурно приготвил почва за ваквото израмнување.

2.5.11. **Редукција на самогласката** *а*. — Она што веќе го споменавме за неопределената артикулација на редуцираните вокали, особено важи за самогласката *а* која во неакцентирана позиција покажува различни степени на редукција почнувајќи од алофонот *ạ* па до темниот вокал *ă*.

Степенот на редукцијата на вокалот *а* зависи од тоа во каква фонетска окруженост се наоѓа, од тоа дали се наоѓа во почетокот, во средината или на крајот на зборoформата, дали е во отворен или затворен слог и колку е оддалечен од акцентираниот слог.

Потполна редукција на неакцентирано *а* среќаваме во средината на зборот во предакцентска и поакцентска позиција. Сп. примери во отворени слогови: *стăрúнта* 'стариот', *пăзáрчин* (ден) 'пазарен (ден)', *мăлéнко* 'малечко', *утрувáчкăта* 'отровот', *кăшăрóк* 'каша', *смéнкăта* 'многу мрсно свинско месо'. Ако судиме по елизијата, како најсилен степен на редукцијата, тогаш слоговите веднаш по акцентираниот слог се најмногу изложени на односниов фонетски закон. Многу често, ако фонетската окруженост тоа го дозволува, т.е. ако не се јави натрупување на согласки, вокалот *а* пред членската морфема *-та* се елидира: *ýста* 'устата', *пујáшта* 'шупа покриена, но заградена само од едната страна, таму чуваат дрва, алати и др. ', но: *пúпкăта* (*Бójчуф Рит* 'уд-

Дójран că-глéде пу-тúпкăта, пу-вăрут') Ал, *мáндрăта* (по елизијата овде би се создала група од 4 согласки), *мусáндрăта* 'полицата' Крец; исто така: *армáсницта* 'свршеницата', но *чéрїăта* 'овчарска облека како ќепе' Ир. Истите резултати ги забележуваме и при редукцијата во затворени слогови, пред и по акцент: *умăрнúк* 'омарнина', *бăбл'óк* 'лоша баба', *мăрлóк* 'мачор', *кóмăр* 'комарец', *врăпчáн* 'врабец', *кóкăл* 'коска', *пăспáл* 'прав од брашно, се фаќа по гредите на воденицата' Грам, *бýмбăр* 'машката пчела што не работи', *мăнцăрáк* 'вид гуштер' Мор. Обратно, Д. Иванов во ГГ (стр. 64) истакнува дека редукцијата во предакцентните слогови е послаба, „... бидејќи во таквите случаи *а* се наоѓа во струјата што се издига кон акцентот".

Глаголските групи во овие говори се измениле: во 2. л. ед. и 1. и 2. л. мн. како основен се јавува вокалот *-и*, а во 3. л. ед. *-е*. По правило се смета дека ова е резултат на аналошко израмнување. Сепак мислиме дека на аналогијата овде припомогнала и редукцијата *е* > *и*, така се изедначиле *е* и *и*-група, а потоа кон нив се приклучиле и глаголите од *а*-група.

Во почетокот на зборформите редукцијата на *а* е само делумна, а резултатот останува во границите на алофонот *ạ*: *ạрмáсник* 'свршеник', *ạрмáсница* 'свршеница', *ạрлăк ạрăплáн кóла*, *ạршúн*, но: *ајáшче* 'летна кујна', *ајдýт*, *ајл'áк* 'слободен, без работа'.

Во крајните отворени слогови *а*, по правило, не се редуцира до таа степен за да помине во својот корелат *ă*, ретко, во соседство со сонанти (особено *р*), може да придобие извесна позатворена артикулација: *пупáрạ*, *стáрạ*, *сéстрạ*. Во јужните села, се јавуваат случаи со редукција на *а* на крајот на зборформите во примерите: *кусланкă* (: ми-сплитéа *кусланки* = плетенки, опашки), *нáиснă* 'вистина', *кúфкифцă* 'кијавица', *дулáмкă* 'кошулка', *пăржăлóкчитă* 'полжавчиња' Коцумарлија, *Бóчвăтă* (топ.), *снăхă*, *шăшáркă* (шишарка), *бăлéзă* 'земјен сад за вино, со него канат гости', *бубóтă* 'пченкарна погача со урда', *спúдă* 'силен ветер', *сáстрă* // *сăбáлин* Град, *прéсрăмă* '*ạрмáсникут ка óде прăф пăт уфбáбăта нă-ïóсте*', *сúнкувúцă* 'чир што помодрува и многу боли', *блидúцă* 'кожна болест, загреб', *лáткă* 'земјен сад со две рачки' АЌ; *стóкă имăх*, *ïувéдạ имăх* Иц.

Веќе истакнавме дека редукцијата е тесно поврзана со акцентот, но за комплетно истражување на неговото дејство, неопходно е неакцентираните вокали да ги разгледуваме како сегменти на акцентските групи и композиции. Само така може да се објасни редукцијата на самогласките што се наоѓаат на крајот на зборoформите, но влегуваат во различни проклитични или енклитични врски: *нă-слáнце зáвăда*; *нă-зóлвă-ми дéвир*; *сéстрă-му їу-пуштувáла нă-ýка д-óде*; *ус-чúнă-ми Рýшка* Гăр.

На крајот на зборот, во секвенци со вокалот *и*, ако последниот е *а* тој се изговара затворено, како алофон *ạ*: *сăштчúạ* 'човек што го преработува млекото на бачило', *буклúạ* 'дрвен сад за носење вода, обично се товара на коњи', *їăтăрузлúạ* 'човек од Патарос', *шúạ* (*не їу-врáт, їу-шúạ*), *нăмлúạ* 'окосен ред трева', *їитимúạ* 'единец' (*имáла мáјка син їитимúạ*), *ạрнúạ* 'голем казан за перење' Крецово. Во Градобор ваквите вокални групи го чуваат јасниот изговор, а зевот се избегнува со вметнување на *ј*: *авлúја, нúја, їúја шо-ј-знáјше, їаксирăтлúја, свитúја*.

2.5.12. Редукција на самогласката *е*. — Резултатот од редукцијата на гласот *е* спаѓа меѓу различителните особености што го одделуваат говорот во Карадагот од оној во Полето, поспецијално во селата кон Солунско. Таму резултатот *и* за редуцирано *е* се јавува со особена фреквенција и во оние позиции во кои понасевер среќаваме *ă* < *е*, пр. така е во префиксот *їре-*, а специјално во соседство со сонантите. Тоа значи дека во односниов регион неакцентираното *е* скоро регуларно поминува во *и*: во почетокот и во средината на зборoформите, пред и по акцентот, речиси независно од оддалеченоста од акцентот и карактерот на соседните гласови, со извесни ограничувања на крајот на зборот и во затворени слогови покрај *л*. Сп. пр. од Амбар Ќој: а) во почетокот на зборот: *илéн, изúќ* (јазик), *иїăрва*; б) пред акцент: *Билáсца, вирвирúцạ, нимáло* (*рабóїа*), *їитéл, сидé ама не дусидé, свикăрва, їилéни, їинцéрка, цидúлка, цилéзо*; в) по акцент: *јáдинїо, нéбиїо, їéнцире, кáмин, дéвир*; г) во наставките: *-ен*: *жéнин, рáнин, кáнин, їудбýшин* 'отечен од пиење' // *їуїунéсин, зăїóрин* // *жéдин*; *-ец*: *крăцкạвиц*' 'рскавица', *кóниц, јýниц, стáфуриц, вăрїạлиц* 'јагорец', *зáјц, мóлиц*; *-енце*: *дéїинце, їéлинце, ýшинце*; д) во префиксот *їре-*: *сă-їричéстуве, їризúрке низ-врáїїа*,

арно нă-ӣричикá; ѓ) во клитики: . . .*тă и биз-ýши устăнáл, биз-мирáк*.

Во истото село — Амбар Ќој примерите со редукција *е* > *ă* се малубројни и во повеќето случаи видливо е влијанието на аналогијата: *мăтăнúца, ӣрăтсăдáтăл, трăндáфил* (: *тăрăн*), уште: *не ӣрăфăтú друґ изúк*. Покрај сонантот *л* забележивме неколку примери со *е* > *ă*: *пéӣăл, кúсăл, ґăлáнки*.

Во Беглерија оваа фонетска појава исто така е присутна, но не е толку изразена. Оттаму се примерите: *зер изúкут* (< езикот) *к'и-т-ӣу-измăкнум, ӣитилáк* 'петел' (инфор. знае дека во Карадагот е: *ӣăтăлáк*), во наставките: *-ец*: *звóниц, тéӣăвиц* 'вид трева, има широки лисја', *ӣáлиц, ӣрăждáниц, -ен*: *бóлин, ӣлáдин, жéдин*, во броевите: *седумдéсит, усумдéсит, дивидéсит, читúр-стутúни*. Резултатот *ă* < *е* се јавува во ограничен број примери, обично во соседство со сонанти: *ӣýштăр, вéчăр, чăрéши, óрăл, пéӣăл, кúсăл, чéшăл'*.

Примери од Иџеларе, во слогови пред акцент: *мижнúк* 'камен што ги дели нивите', *нидéл'а, ӣирнýӣа, изúк, дивидéсит*; во слогови по акцент: *дéвит, дéсит, вăӣлин, вáдин*; во наставките: *-ец*: *мóлиц, сил'áниц*; *-ен*: *ӣáднин, утéӣин, ӣрибéрин*; во префиксот *ӣре-* : *ӣритичé, ӣричéстуве*; во предлозите: *ӣрику-рéкта, ӣрику-зúдут, ӣриз-живóтут*. Ретко, покрај *р* и *л*, неакцентираното *е* поминало во *ă*: *нă-трéшта вéчăр* (*úдăт нăрăчницте*), *пéӣăл*.

Слични примери ни презентираат и материјалите од Коџомарлија: *бóлин, ӣлáдин, ӣрăстин, не-ј-árин, џилéзо, не мă-ӣриӣлéдувăт, рăӣ'исáло, мýлинце, седумдéсит, осумдéсит*.

Во Карадагот редукцијата *е* > *и* не е непозната, но исто така среќаваме ред примери во кои неакцентираното *е* поминало во *ă*, и тоа не толку во северните села кон Дојранско, каде што регуларно *е* > *ă*, колку во селата на североисток, кон струмскиот говор. Оваа појава особено е изразена во пунктот Мутулово. Резултатот *е* > *ă*, во соседство со сонанти, познат и во други пунктови, таму е скоро регуларен: *Бăлáсца* (: Беласица), *пéӣăл, кúсăл, ӣријáтăл, зăлéн, жăлăґник, ґăлýнка* (: деланка), *лóӣăн* 'вид трева со широки лисја', *вéчăр, чăрéша, ґéвăр, ӣáбăр, кáтăрица, ӣýштăр, нéрăс, кóрăн* (и: *кóрин*), *рăшéто*, во префиксот *ӣре-*: *ӣрăӣрúзе, ӣрăфáште, ӣрăґăґéх, ӣрăзúрке, сă-ӣрăчéстуве* (но: *ӣрéчиста*), *ӣрăсáґе уф-мéкуто*; уште и: *си-ј-ӣрăбéри* (2л. ед. импер.), *кăрвуӣлéт*

(: кривоглед), *мăшăни́ца*, *мăнăсшу́л'ка* (и: *нăвăсшу́л'ка*), *їăсăни́ца*, *лубăни́ца*, *нăво́л'а*, кај глаголите: *їу-вăнча́*, *снăсе́ла*, *дунăсе́ла* (и: *дунце́ла*), *изнăмуште́х*, *ас сум їă-пăја́л*, *сăја́х ичуме́н*, во предлози: *прăд-Бужи́к*, *прăд-ме́н*, *прăз-нуша́*. Во овој говор неакцентираното *е* се редуцирало во *ă* и во друга окруженост, а не само во соседство со сонанти: *бăїа́ли уд-до́ма*, *Ки́ро не сăде́ думузе́т*, *сăче́ дăрва*, *де́вăт*, *дăвăдăсе́*, *пубăсне́л уд-ина́т*, *нă-пăча́лба* и др.

Паралелно со овие суштествуваат и примери со редукција *е* > *и*: а) во предакцентни слогови: *Витрини́цăта* (: ветар) 'таму ја паселе стоката, имало ритки, ритки' — топ., *шимину́шка*, *ниве́ста*, *шиле́шко*, *миси́х*, *миси́ла*, *пиче́х*; б) во слогови по акцент ваквата редукција е поретка: *ко́рăвиц* 'вид диња со дебела кора', *мушуле́ниц*, *цăрвик*, *ждре́бито*, *и́мито*, *избуїа́рин* 'измелезен': *ваа їуди́на бусша́но-ј избуїа́рин* и сл.

Примери од Планица: *чăшвуру́јца*, *чăшвăршук*, *чăре́ша*, *свăкăрва*, *пе́пăл*, *ки́сăл*, *к'и-пăрце́диш прăс-це́шка*, *вăждили́а* (: *ве́жда*), но: *пиште́л*, *нидел'а*, *пăрстин*, *ко́рин*, *мăшин*, *їнăсин*, *ка́мин*, *пчини́ца*, *дибе́ла*, *їувида́ро*;

од Морарци: *седăмдăсе́*, *вăзăл*, *пе́пăл*, *уши́шăл*, *ко́рăн*, *їу́шшăр*, *ви́шина чăре́ша* 'вишна', но: *пиште́л*, *изи́к*, *бинси́н*, *ни не-ј-пăрїле́дин*, *куште́лчита*, *пиште́лчита*, *пу-бижа́нцки*, *їăрле́син* 'гроздав', *пича́ло* 'летна кујна', *пиле́ни*, *пиште́л*;

од Штемница (Сневче): *млăдуже́нăц*, *мăшăни́ца* (но: *мăшинча́рка*), *бу́брăк*, *їа́бăр*, *де́вăр*, *де́вăт* (но: *дисши́на*), *ко́пăле*, *пла́мăн*, *пре́шл'ăн*, *прăси́рне*, *прăси́рке*, *шăсна́јста їуди́на*,но: *дибе́лто ме́со* 'заден дел од ногата, под клечката', *плишка́т* (: плеќи), *ликуви́т*, *шиме́л'*, *криве́т*, *виче́ра*, *слубо́дин*, *ми́рин*, *уїлида́ло*, *пиле́ни*, *лиу́нка*, *пинце́рка*;

од Алексово: *прăсăда́тăл*, *пе́чăн*, *ве́чăр*, *зăле́н*, *лубăни́цта* (гă-прувăли́х), *свăкăрва*, *цăле́зо* (но: *цăле́зин*), *ва́дăн*, *сăдăмдăсе́*, *де́вăт*, *де́сăт*, *прăжиже́* (*сланцăто*), *прăчисти́х* (: *пре́чиста*), *прăнда́фил*, *прăтиче́* (*кацата*), *пăрăжли́ф* (*пăре* = лути), *рăше́то*, *прăвăту́л'ка* 'дел од разбојот'; во предлози: *прăззи́до*, *прăз-баца́та испăдна́*, *прăмо-Бужи́к ши-уддé*, *прăт-кăшти сто́јше*, но паралелно се јавуваат и примери со *и* за неакцентирано *е*: *бăкăрин-ej*, *не-ј-утво́рин*, *зла́тин зăи*, *бо́лин*, *нăзăпа́лино мири́се*, *ърма́син*, *вăрsино*, *гла́дин*, *аку не си-па́зе се́бито*, *се́мито сă-истури́*, *їувида́р*, *виче́ра*, *ниве́ста*, *пиште́л*, *пили́н*, *пре́динто*, *пре́шлин*, *ја́ринце*, *кăрлиш*, *ма́чинце*;

од Грамадна: *ваа вéчăр, лубăни́ца, зăлéна* (но и: *зилéн-си*), *чăтвăртук, двáјсăт, читтири́јсăт, к'и-т-йрăвáрум дýмата* (= ќе ти го земам зборот), но: *изи́кут, исăбин нóш* („тăпав"), *йлéсин* ('мувла'), *йрăждáниц, сил'áниц, митúл'*;

од Шекерлија: *дéвăт, дéсăт, сăдăмдăсé, йăрдéл'та* (*йредела* 'големо стадо овци'), *йрăс-Питтăрéво, йрăко-димини́ко, не мă-йрăйлéдувăт*, но: *не сум уттири́сувин, и́митто, уфнидéл'та*;

од Маловци: *мăјлéм, тáмă к'и-т-сă-йрăјáде, чăрéши, дéвăро*, но: *устáнин лéй, óна-ј ýмрина, мăтин и́звур, уф-нидéл'а, дéтинце* (*мăлéнко*); *нă-Кúсăлта Бóда*, топ. во реонот на с. Женско.

Одделно внимание заслужуваат кратките заменски форми за директниот објект *ми, ти* (<* *тę*, **тę*) и повратната *си* (< **sę*), што ги среќаваме во јужните села кон Солун: *зашто ми-лăжете вија на-мене*; *найкун ми-фати, ми-фăрли на-хаисанатa то*; *сакаха да-ми-закол'ат арнаутите* (Ватилак); *там си-родúх аз, ми-удрú йу-йлáвăта, си-л'ýти, си-йóтиш, к'и-си-упúј*. Тешко е да се каже дали овде се работи за редукција *е* > *и*, дотолку повеќе што од соседните солунски села Сухо и Висока З. Голомб наведува : *м'а, т'а, са* (*йусв'антúй*)[55], форми познати не само во долновардарските говори (Гевгелиско, Дојранско, Кукушко, Солунско, Воденско), туку и на запад во Костурско (с. Мокрени: *ма, та, са*), Преспа, а и во крајните источномакедонски говори, во Неврокопско[56]. Мирчев претпоставува дека овде се работи за првична замена на мѧ, тѧ, сѧ со мѫ, тѫ, сѫ и оттаму следува резултатот *ма, та, са*. Ако го прифатиме тоа објаснување на Мирчев тогаш во формите *ми, ти, си* не треба да бараме редукција *е*>*и*, туку најверојатно е дека се работи за аналошко израмнување спрема дативните форми.

Обратно, во Градобор среќаваме во датив интересни форми на *-е*: *на-йúнуко ме-ј* 'не ми е гајле' — фраз.; исто: *те-ј, не ве-ј* и сл. Овде, во основата, имаме регресивна асимилација во составот од заменска форма и помошен глагол: *ми-е* > *ме-е*, а потоа со редукција *е* од помошниот глагол поминало во *и*, односно се скратило во *ј*.

---

[55] З. Голомб, МЈ, XIII—XIV, кн. 1—2, стр. 219.
[56] За ова в.: К. Мирчевъ, цит. раб., стр. 13.

2.5.13. **Редукција на самогласката** *о*. — Секое неакцентирано *о*, првично или секундарно, како што рековме, ја менува својата артикулација накај *у*, која се движи од затемнето *o̯* до *у*. На степенот на редукцијата влијаат истите фактори што ги споменавме: оддалеченоста од акцентот, фонетската окруженост и местото во зборoформата. Степенот на редуцираноста на вокалите е многу неодредена и тешко дофатлива, а забележлива е разликата само меѓу оние што се наоѓаат на крајот на зборoформите, од една и сите останати од друга страна.

Примери во почетна, предакцентска позиција: *ура́шин ко́јн, уснóва, уфчáр, уцéш, увéс, урúс* Иц; *уд-їудúна, н'ā устáве* Град; *убрáјсто, убéци, уїлидáло, устéн, уснóва* АЌ; *o̯брáхче, o̯чúла, ултáр, убóр* 'заградено, непокриено место за стока' Гăр; *убéла* 'завивачи од шајак за нозете', *o̯блéчуве, упáше, упăшáх, дă-сă-o̯бýм, o̯бýјш* Мут; *o̯иак* (зн. огниште), *удáа, уснóва*;

во средината на зборoформите, а) пред акцент: *кулéнта мă-вăртăш, сус-мушóр, уд-їудúна* (*ду-амúна*), *вудупáш, усумнáјста їудúна* Град; *мушувúлка, купúшо, кусúлшо, курúшо, їуруцвéш* Драг; *булникáф, мулчил'áф* АЌ; *шолójсте* 'полозите', *шуфшорáк* 'сено од второ косење' Ним; *думузéш, шостéл'а, шол'áне* 'оние што живеат во Полето', *Бужúн* (соп. име), *Лузúнта* 'Лозјата' (топ.) Крец; *Самовúлцкио Кáјнак* (топ.) Пат; б) по акцент: *Рúдуш, Цăрн'уш Кáмин, Măлéчкушо Дăрву, Вóднијуш Азмáк, Прáвјуш Пăш* — топоними од Градобор; *шéсук, шóпуве, óкушо, Пăрнáруш* 'рид со грмушки (пăрнáре)' — топ, АЌ; *дудáкуш* 'устата' Драг; *мóзуко, рéбрушо, ýушо* (: увото), *суни́зук, дéдофшо* (и: *дéдăфшо*) Крец; *зилинúкуф* Жен; *вăшук, Вилúки шéшук, Вéли читвăршук, шéсук* Мал; *Дрáмувица* 'ниви, поле', *Влăшúкуво* 'во близина на Арџанскиот Ѓол' — топ. од Калиново.

На крајот на зборот, во отворени слогови, резултатот *у* < *о* се јавува ретко: *їóлу* (*лóшу*) *мéсту, зилéну, кúслу млéку* Иц — почесто се чува првичната зона на изговорот, односно редукцијата се движи во степени на алофонот *о*^{у} (*o̯*) : *сидéлко̯, їлýо̯* (*дете*), *Чифлúко̯* (топ.), *Нóво̯ Сéло̯, кýмо̯ лúсо̯, брáшăнто̯, дăржáвно̯* (*училúште*) Мор; *вéтро̯ прăстăнá, урéо̯* (*и тéсăлта сă уф-нéїо*), *сúлно̯ чéтиш, ко-о-прăцéдат млéкто̯, Вájнто̯* (< Ването) Кал; *рăцто̯ мă-бóл'ат, кýкто̯ кýке, и цăрнúло̯*

ĭă-ви́кат (*ĭлáмната* = болест кај житата), *нóшно вре́ме* Штем; *Мáро* (вок. од Мара) *скóро дă-си-дójш*, *блúјчко сéдум*, *чуме́нто* Ним.

Предлозите *во* и *со* исто така подлежат на редукција. Редовно се изговараат *уф* и *ус*: *уф-ĭичáлто*, *уф-ни́х*, *ус-кój-нцка кóла*. Спрема К. Мирчев, тој нашироко го разгледува прашањето за овие предлози, развитокот одел вака: прво со редупликација се добило *сăс*, *вăв* (наведува други примери на удвојување на префикси од материјалите од Верковиќ: *сускарши иĭлиште*, *сускина концето*), по изјаснувањето на еровите *със* и *във* дале *сос* и *вов*, потаму со редукција овие поминале во *сус*, *вуф* и по отпаѓањето на првиот консонант се добило *ус*, односно *уф*[57].

2.5.131. Иако нерегуларно и многу поретко, сепак во повеќе пунктови, обично во одредена фонетска окруженост, се среќаваат примери со редукција *о* > *ă*. И Д. Иванов во Гевгелискиот говор (стр. 70) се задржал на односниов проблем: „... во присвојните форми како *Стојáкăво*, *Мачýково*, *Сéăво*, *Пéтрово*, *сúнăве*, *сúновто*, *свáтове*, *свáтăвто*, *Јувáнăвите*, *Мáмкове* и многу други од тој тип скоро е неможно да се определи точната артикулација на редуцираното *о* во суфиксите *-ов*, *-ова*, *-ово*, *-ови*“ (2.5.5.) Понатаму тој сепак истакнува дека е забележлива тенденцијата во споменативе случаи, а и во сите други од тој тип, *о* да се редуцира во *ă*. Заклучува дека влијанието на гласот *в* во оваа фонетска промена е повеќе од јасно. И од нашите примери излегува дека резултатот *ă* за редуцирано *о* најчесто се јавува во наставките *-ов* и *-овци*: *сăдăве*, *сăдăфто*, *пóисăве*, *нéĭăфте чúкăфци* (но: *кýмуфци*), *Пéткăва Чéшма* (топ.), *Аĭăва Чéшма* (топ.), *Тáсăфци* и *Арáпăфци* (фам. имиња) Крец; *нéĭăва к'ёрка* Бег, *тáткăфците*, *нéĭăфте дéца* Мут; *свáтăве*, *Бóшăво* (топ.) 'празно место', турц., *зúдăве* АК; *кýкăво ĭрóзде* 'вид трева, раѓа ситни зрна како грозје', *тáткăва*, *сăдăве*, *нéĭăвјо*, *нéĭăвăта-си кăшта*, *сăкăве* (*сăк* 'глужд на дрво') Пат.

Во втората поголема група примери со редукција *о* > *ă* забележливо е присуството на сонанти: *рăĭóфчета*

---

[57] К. Мирчевъ, Предлозитѣ *въ* и *съ* въ македонскитѣ говори, Приносъ къмъ руско-българскитѣ езикови успоредици, МакПр, г. VIII, кн. 3, стр. 69—77.

(мн. од *рā̄ó̀фче* 'рокче'), *рā̄узи́на* (: рогоз), *вă̄ло́ве*, *вă̄ло́фто*, *вла́кăнто*, *кро́сăнто* (со метатеза од: влакното, кросното), *да́нăк*, *кутy свăне́ц*, *нă-мо́ж дă-ī-у-пра̄ше́те*, *пра̄̄дна́ло си́чко*, *нă-та́шкă-му* АЌ; *рā̄у́ша* 'овца со рогови', *рā̄ó̀ве*, *вă̄ло́ве*, *кă̄лăвó̀зник* 'привремен пат низ нивите, коловозник', *о́дмăл* 'дупка на брегот на реката, под некои корења или сл.', *вýјкă-му* Мут; *не́ī̄ави*, *Ма̄кр'во* (: Мокриево), *И́лăфца* (: Иловица), *Му́ртинă* (: Муртино) Крец; *ве́дрăто*, *тама̀*, *на̄̄ра̄стăк* Ир;

други случаи: *та̄̄ó̀ла* (: топола) Даут; *уф-во́сăк на̄̄ра́вни*, *вили́ка са̀ба̄та* АЌ, *сăбýj-сă* Драг., сп. уште: *Со́лăн* (: Солун) Ним.

Примери со промени на акцентирано *о* кај бројните именки *двýјца*, *трýјца*, исто така и во заменската форма *кој* (: *кyj са́ке* не́ка би́де), присутни и во гевгелискиот говор, Д. Иванов ги објаснува со наложување на акцентот на фразата.

2.5.14. Редукцијата „била туѓа на Кирило-методиевиот јазик“[58]. „Меѓутоа, податоците што можат да се извлечат од некои текстови од 13 век сведочат доста уверливо дека во тоа време редукцијата на неакцентираните вокали била веќе позната. Сп. од Струмичкиот апостол: покъри, разъмнѣ, трѣфима“[59].

2.6. **Елизија**. — Брзата артикулација како општа навика, обусловена од физиолошко-психичката потреба да се зборува брзо, е една од главните карактеристики на долновардарските говори[60]. Таа брзина и изразито експираторниот акцент се јавуваат како причина не само за редукција на неакцентираните вокали, туку и за нивното крајно ослабнување и отпаѓање.

Влијанието на односната особеност предимно ги засега вокалите по акцентот и оттаму елизијата со право се сврзува со тенденцијата на говорот акцентот да се ограничи врз извесни слогови од зборот, обично на вториот од крајот. Конкретно: кога зборoформата суфиксно се раширува, се налага, од причини акцентот да се задржи на одреденото

---

[58] К. Мирчев, Историческа граматика на българския език, 1963, стр. 29.

[59] Б. Конески, Историја ..., 1982, стр. 35.

[60] Д. Иванов, цит. раб., стр. 59.

место, отпаѓање на самогласката пред новиот слог. Според Иванов „... и редукцијата и исчезнувањето на самогласките имаат подлабоки причини во акцентот, кој се стреми да го зачува местото“ (цит. р. 59), понатаму додава дека „... стремежот на акцентот не е само да се зачува на вториот слог од крајот, туку и врз кореновиот слог“.

Најизразити примери за елизија среќаваме кај членуваните форми на именките, придавките и присвојните заменки од женски и среден род, како во еднина, така и во множина. Елизијата во ваквите случаи е многу честа, скоро регуларна, доколку не се јават тешкотии, фонетски, на пр. натрупување на согласки.

Примери во ед.: *ѓлитинúцта* (: глетиницата 'жлебот' — на буре, каца и сл.), *кусинúнта* (: косенината 'косиштето'), *стăрúнта* (: старината 'стариот, главниот во куќата'), *булештúнта* 'болеста', *нáшта мóма, дибéлта* — ж. р.; *клипáлто* (: клепалото 'клепката'), *ѓлéтто* (: глетото), *óкто, лúцто, рáлто* (*-ј дăрвино*); *брáтăфто* (: братовото) *дéте, дéдăфто, сéстринто* (: сестриното), *чúнинто* (: *чина* 'стрина') — с.р.

Кај личните имиња: *Тóмто* (: Томе-то), *Тýшто* (: Туше -то), *Вáјнто* (: Ване-то), *Кóл'то, Бóрто, Мáрто* (: Маре-то); но: *Мúткаша, Бráнкуто, Дúнкăша*;

примери во множина: *ристéнто* (: ристене-то 'христијаните'), *крецувáнто* (: крецуване-то 'жители од с. Крецово'), *брáшто* (: братето), *рáчкурто* (: рачкурето 'чекорите'), *сиделúнша* (: сиделината 'гнездата'), *ѓăркăлúнша* (: тркалината 'тркалата'), *кулчúнша* (: кулчината 'колчињата'), *ѓитéлчитша* (: пителчитата 'петлињата'), *ѓиструшѓúнте* (: итруштините 'итрините'), *ѓинчанúцте* (: пинчаниците 'врвки со кои се стегаат опинците') Крец;

примери во кои со елизијата би се создале согласнички групи тешки за изговор: *ѓтрувáчкăша* 'отровот', *нóшваша* (или: *нóшăфша*, не: ношви), *шл'ýпкăша* 'лушпата', *јáслите* (или: *јáсăлте*), *ѓúлчките* (: *ѓилчки* — мн. од пиле), *мачúнкаша* (чл. мн. ф. од мače) Ир;

примери од Драгомирци: *дувúцша* (: довицата), *свáкша, армáсницша, дулáмша* (зн. кошулата), *ýѓăрша* 'нива изорана, но не посеана', *крăфша, штирúцша, мăлзнúцша, вójнша, ѓрăдúнша*, во *кăш:ша* имаме удолжување на согласката *ш* — ж. р.;

по́што (: *по́ше* 'емајлиран сад за пиење'), *пуло́что*, *вăрте́нту*, *слӑнцто*, *вă̆лнинто*, *те́сто* (: тесто-то) — ср.; *чуве́це*, *мо́мше*, *ґӑш:ше* (: гаштите), *вăрте́нта*, *вра́ше*, *зăґӑрто*, *по́стӑфто* (: постăве-то 'корита од кои добиците пијат вода'), *ма́јкинше* (мн.);

примери од Амбар Ќој: *зе́мґ'а*, *ве́шта* (веждата), *алґи́цта*, *пукӑшинта* (покуќнината), *ко́ста мо-ј кукуру́зи*, *кукуру́зи*; *стӑна́л нӑ-лӑсти́нта* (: ластината), *ґӑрбуши́нта мӑ-бо́ле*, *су́'та ре́ка*, *у́ста*, но: *мӑ* (: му ја) *искăра́ли злӑчкӑта* (ж.р.), *ґе́сто*, *ру́нто*, *пре́дӑнґ'о*, *и ни́јнто интире́сно*, *Мо́нґ'о* (: Монето — лич. име), *услубуду́вӑнто*, *дури нӑ-че́лто* (с.р.); *ґӑрше* (: гăрдите) *мӑ-бо́л'аш*, *прӑсґ'о* (: прăстето), *но́хґ'о* (:нохтето), *пӑпу́цто* (: папуцето), *друґа́рґ'о*, *ąрґа́шґ'о* (: аргатето), *рӑцто*, *нӑуча́рше*, *стӑрше сӑ-нусува́ли* (мн.).

Елизијата особено често, скоро регуларно, ја среќаваме во членуваните заменски придавки (како во еднински, така и во множински форми): *мо́јто*, *тво́јто* (дете), *мо́јта*, *тво́јта*, *не́ґӑфто*, *не́ґӑфта*, *не́јнта* (: нејзината), *не́јнто*, *не́јнше*, *ни́јнте* (: нивните), *на́што* (: нашето), *ва́што*, *на́шше*, *ва́шше* и др.

Примери од Кукуш (МПр, IX, кн. 3—4, с. 167—176): *де́што*, *мо́мта*, *мо́јта мо́ма*, *ма́а-му-сӑ рӑкта*, *два-три ме́с'ци*, *чак на-сӑрцто ми-дупре́*; *ма́јстурто*, *стража́рто*, *да-си-пла́тум бо́рчув'то*.

Елизија од посочениот вид среќаваме и во микротопонимискиот материјал: *Цӑрн'ут Ка́мин*, *Цӑрквинта Мӑ́ла*, *Нири́зинта*, *Ва́лта* (: Валтата), но: *Ґо́лцкӑта Кури́а* — Мор, *Ґо́рґевӑта Ту́мба* — Шек, *Ма́ринта Че́шма*, *Гуле́мта Цӑрква* Ал, *Бґ'лто*, *Лаза́рца* — Гăр, *Ки́сӑлта Во́да*, *Гра́ди́ш* : *то* — рид, Пост; Лузи́нта (:Лозината), но: *Вӑрбӑта* 'чешма', *Же́нцкӑта Ку́ла* 'кула кај с. Женско', *Русали́цките Гро́бишта* 'таму се истепале русалиите' — Крец, *Во́дн'ут Азма́к*, *Гуле́мту Дăрву*, (и: *Мӑле́чкуто Дăрву*), *Же́л'кинте Би́л'ки*, *Л'а́л'уфте Бӑшчи*, *Ґӑл'уфто Алча́к* — Град, *Студе́нта Во́да*, но *Ту́мбӑта* — АЌ, *Витрини́цата* 'таму ја паселе стоката' *Ка́динта Че́шма*, *По́пуфта Че́шма* — Мут.

2.5.1. Елизија на самогласки среќаваме и во нечленувани именски форми; пр. почетното *о-* кај именките *пӑшка* и *пи́нци*: *нӑ-пи́нуко ме-ј* 'не ми е гајле'; *ус-пи́нци дујде́*, *ус-пи́нци*

ĭу-испра̄ти́а — пог., *ѫ̆шка́р* 'оној што жние на крајот' — Мор; *мо́лц* (: молец), *те́ĭвиц* (: тегавец), *по́л̄ни* (: полани): *ош по́л̄ни сӑ-жини́а, ко́л'де* (: коледе), *ѫ̄лви́на* (< половина: *ѫ̄лви́на чуве́к ста̄на́х*) Ал; уште: *ѫ̄ла́нна* (: — *Пири́н ѫ̄ла́нна*), *нӑ-ѫ̄лви́ни ĭӑ-рӑздили́а* Грам, сп. и: *та̄-ј ки́сла-ли вода*? АЌ, *би́бул'ца* (: биволица), *ло́бда* (: лобода=вид трева, кога е млада се употребува за зелје), *пре́дно* (: предено), *си́рне* (: сирење) Пат, *пи́јвица* (: пијавица) Иц, *бо́рна* (: борина): *сус-бо́рна си ĭу-бӑрке* 'се закача' Мут, *сурви́ца* (: суровица) Сав, *кра́ста̄фца* (: краставица), *бра́дуфца* (: брадавица), *ви́длу* (< видело: *ош нӑ-ви́длу сӑ-вӑрна́а*), *вӑлсипе́т* (: велосипед), *се́два ĭла́ва* (: седава) Драг, *ме́хца* 'месеца' (: *ĭуди́на и-три́ ме́хца*) Гар, *ло́ша̄т* (: лошиот), *ки́сло мле́ко* (: кисело).

Исто и во роднинските називи: *баче, баба, дедо, жена, мајка, те̄та, чико, чина*, употребени атрибутивно, а и во др. синтагми, пред клитики крајниот вокал често се испушта: *ба́ч-Ва́но, о̄т би́ше висо́к му ви́каа Куца́-Ва́но* (со *ба́че* се обраќа невестата кон постариот девер), *ба́б-Мирме́на* (: баба), *де́л̄т Глиĭо́р* (: дедо), овде, освен замена на втората согласка *-д-* се јавува и необично исчезнување на крајниот вокал во членуваната форма, причинето од аналогното израмнување со членот *-ӯт* за м.р., бидејќи и именката по смисла е од машки род.; сп. од Иц: *не́ĭувуш та̄шко*; *де́ӯт Киро* Грам, *ќ-о́диме нӑ-ма́јк-ти*, зн.: кај мајка ти Град; *а-виде́х же́н-ти* Ал, *нӑ-чи́к-ти Ту́ше рудни́на, чи́н Цо́фа уд-Мора́рци* (: стрина), *да́л' дуjде́ те́т-ти* Драг; *нӑ-се́стра̄т-ти*... (псост).

2.6.2. Елизија се јавува и во формите на показните и личните заменки: *две ча́ши су-ва к'и-пра́зниме* (: оваа), *ми-чу́ди то на-мен* (: тоа), *по́-ло́ш лиша́н уд-во* (: овој), *уд ва чуре́ша* (: оваа) Град, *ӯт-ме́н по́-висо́к* (: мене), *ĭу-купи́ ӯт-те́п, нӑ-ме́н ме-ј стра̄х* Гар, *и на-те́п не-т три́бу́ве* Ним; *та́чка* (дем. ф. од таа: *та́ичка* > *та́чка*) АЌ. Заменките: *во̄* (и: *во́о*), *ва̄*, *ва́а, ви́а* м. овој... се добиле со израмнување спрема формите: тој, таа ... (ДВГ, 124).

2.6.3. Кај глаголските форми во 1. и 2. л. мн. през. основниот вокал се елидира, ако општиот дел завршува на консонант: *тува́рме — тува́рте* (: товариме — товарите), *ка́чме — ка́чте, удмо́рме — удмо́рте, ѫ̄ла́чме — ѫ̄ла́чте* Ал; исто така и во 2. л. едн. имперф.: *и́мше двӑ-тру́jца ка́лфи*

Гър, *нъ-ка̀то си-удма́рше, а-бо́л'ше ӣла́фта* Драг, *слу́шше* (: слушише), *ла̀јше* (: *ла̀жише*), *ма̀јше* (: *ма̀жише*), *пра̀јше* Ним; кај глаголските придавки: *нъра́нна ле-ј сто́кта* (нъранена), *ку́пни ше́јве* (: купени ствари), *испа̀дни уд-до́ма* (: испаднени), уште и кај глаг. именки: *ја̀динто* (: јадењето), *ми́слин'то, спа́н'то* АЌ;

сп. уште примери од гр. Кукуш: *дъ-до́нсте, дунсе́х, дъ-тъ-извъ́рме, но́ждум е́дна че́ша, ко́лко но́ӣо мо́ж д-и́ма, нъдка́чве, исту́рве.*

Кај императивните форми за 2 л. ед., особено ако зад нив следува кратка заменска форма, се испушта наставката *-и*: *сто́й-съ нъ-не́ӣдин* 'бегај одовде', *збе́р-си пърта́л'то, о́ј-си* (: збери си... оди си), *се́ч-му уд-ле́бо, о́став-се, зи́м-си уд-лубъни́цта, за̀пиш-о бе́нто* (зн.: прегради ја браздата — по која тече вода) Мут.

Во множина, обично, наставките се чуваат: *испъдне́јте нъ-во́нка, уднисе́јте му уд-то́о*, но се случува и да се испушти крајниот вокал *-е*: *пучика̀јт-ме ту́ка* Ал, *закл'уче́јт-съ уднъ́тре, заӣръде́јт-съ ду-к'ирми́јте, уднисе́јт-му ја̀дне* Бегл.

Заповедните глаголски форми *немој, немојте* со редукција и елизија се скратиле во *ним, нимте*: *ним мъ-ма̀чи*; *он пъ-тури́л два* (*стражари*), *ним еди́н*; *ним о-зъка́чуви*; *ним мъчепки, мъ-ӣъди́шке* Мор. Во множина често се комбинираат двете форми: *ни́мте де́ца, ним-съ-къра́јте*; *ни́мте-де, ним чука́јте.*

2.6.4. Кај предлозите: *зъ̀рди мъ̀јка́-му съ-скъра́а*; *пурди и́мето ӣу-зима́, пурди шири́нто*; во прилози: *на̀пкум* (: напокон) *к'и-т-ила́тум, на̀пкунта ич ӣу-нима́*; *но̀пко* (: наопаку) *к'и-тъ-у́друм*; *но̀пко съ-убличе́.*

2.6.5. Примери за елизија среќаваме и во синтагмите со енклитички и проклитички врски, најчесто на границата меѓу кратките заменски форми, односно морфемата *ќе*, сврзникот *да* и зборформи на кои акцентски се наслонуваат: *д-усти́јме сто́мин, ноӣо де́нуве нъ-мо́ш д-издр́жиме* Мут; *ќ-о́јме къд-ни́х*; *ќ-о́м, к'и-ја́м, к'и-до́м* (ќе одам, ќе јадам, ќе дојдам); *д-испа̀дниме за̀адно, два̀мата киниса́хме д-у́диме нъ-пънъӣи́р*; *с-исуши́ тити́нут*; *шо д-иска́рум*; *з-а́дна пудничарка зъбръви́ нъ-мја̀јка* (: *пудничарка* = крпа со која се прифаќа подницата, овде употребено фигуративно, се однесува на снаата); *н-*

ѓдну мéсто к'и-в-нѓ-ýче (: ќе ве научи); *ќá с-испушти́ бýрто сѓта рѓкúа истичé*; *дур-ду рóпката к'и-т-íóне* (: дури до гробот); *д-óдум, ам д-úма фáјде.*

На проблемот на елизијата повторно ќе се задржиме во партијата за согласките, овде само ќе укажеме на фактот дека при откривањето на некаква законитост кај овие скратувања се судруваме со комплекс од причини и тешко е да се оддели она што е резултат на дејството на редукцијата, а таа, како што рековме, првиот поттик го има во динамичниот акцент, од она што претставува плод на други фонетски процеси: асимилација, контракција, антиципација и сл. Според Романски (ДВГ, 115) поголемиот степен на редукцијата во долновардарскиот говор е причина за особената сила на елизијата во него. Почетокот на односнава појава тој ја гледа во случаите кога елидираната самогласка се наоѓала по сонантите *ј, н, м, р, л*, т.е. при согласки што можеле по самата природа на работите да го апсорбираат до извесен степен следниот редуциран вокал: *пójсут, плáнна, úмме, нéмме, вичéрта.* Соседството на сонантите ние веќе го определивме како „катализатор" што го забрзува процесот на редукцијата (в. 2.5.9.).

2.7. Непостојани вокали на апсолутниот крај на зборот. — Во општиот контекст на редукцијата и елизијата, што се вбројуваат меѓу основните карактеристики на југоисточните говори, треба да ги споменеме и непостојаните вокали што ги среќаваме факултативно кај многу прилози, предлози, сврзници, па и др. видови зборови, употребени како клитики.

2.7.1. Примери за непостојано *а*: *ѓујдé тýк*(*а*) *утсéдум сáато*; *ка си сиднáх тук, ќá си запалúх адúн óгин*; *тук пúти, тáм пúти и о-нѓдéх* АЌ; *óдме, ам не знájме кѓд-óдме, ни сѓ-зé свéста*; *ам ќá к'и-устáриш, кáк к'и-ги-јáдиш*; *тѓрнáла сѓс бáбат*(*а*) *Éно ду-еднá рéка и тáм мѓ-рудúла*; *дéк сѓ-стáват двéте рéки*; *нéк моо-искáре ут-кóрѓн, нéк си стóо*; *дек ѓустáвум óвците*? Има примери во кои сврзникот *да* со елизија се скратува само во *д-*: *ми сѓ-чинú д-úма нéшто нѓ-óкто.* Изразот: *ами како* се јавува : *ми ќá* (*нит-тáкá, нит-тáкá . . . — ми ќá сáкиш ти*?).

2.7.2. Примери за непостојано *о*: *ќá óдум тáм*(*о*) *и там пáлно с-челипчúи*; *тáм ми пáлаха цел ден*; *нѓ-вáм фѓрлúх*

адна ӣу́шка (: пукнал); прилогот *како* со елизија се јавува еднос̄ложен *ка* (*как*): *кундиса́ха Ту́рц̄те нӑ-ку́к̄та, а он ка́ фӑт̄и́ дӑ-бе́ӣе*; *как ӣи-нуси́хме, ӣи-вӑрза́хме шерве́т̄и нӑ-му́цката*; *е у́баво ка́ си-т̄о́лко их̄тиба́р*; уште: *на́ӣкун нйт̄* (: *нйт̄о*) *ми-бӑркна́а, нйт̄ мӑ-удри́а*; *а и бе́ӣут̄ фӑт̄и́ и́нак* (: *инако*); *ак*(*у*) *умре́ де́л-т̄и, не ӣи уднисе́ и лӑј̄йт̄е*; *ак сӑ-ӑрма́сни дӑ-сидо́ј̄ш*; *ак т̄и т̄рибу́ве*; *о-вӑрса́ укул-ӣулви́н̄т̄е*; *широ́ко мо-ј укул-вра́т̄о* (фраз.: лесно му е); *ко́лк*(*о*) *де́ца и́миш*?; *дуј̄де́ кулк зӑ-о́ӣинче* (зн. многу малку се задржа); *ка́м*(*о*) *до́-о ви́дум, ка́м ӣи ӣа́рт̄е*.

2.7.3. Примери за непостојано *и*: *ўт̄та́м си-удде́х дур*(*и*) *нӑ-се́лт̄о*; *дур не до́нсиш̄е бӑј̄ра́ко*; *дур да-сӑ-вӑрнӑт̄*; *ми биш̄е с̄тра́х, о̆т̄ нӑ-мра́ко кинисáа*; *он виде́ ј̄уру́ц̄те о̆т̄*(*и*) *и́дӑт̄ зад не́ӣо, фӑт̄и́ дӑ-бе́ӣе*; *о̆т̄ сӑ-скӑра́т̄е* (*зо̆ш̄то*. . .); *ил'* (: *или*) *ӣӑ не́ т̄е-ј-а́рно*; *нел'* (: нели) *рудни́ни не́ сӑ-зи́мӑт̄*; *ил' ло́ш ил' а́рин, илим кўт̄-т̄е́ӣ де-ј* Ал.

2.7.4. Примери за непостојано *е*: *дӑ-удри́ ко́зйт̄е ўт̄-т̄ӑд*(*е*) *Ва́рдӑр*; *кӑт̄* (: *кӑде*) *д-о́диме, о́ни сӑ-лйӣна́т̄и*; *и кинисáха с-не́ја ўт̄-т̄ӑд, а ўт̄-т̄ам го́л' и́мше*; *кој̄н'йт̄е дӑ-н-ӣи-т̄ра́чкиш, зер к'и-т̄и-ӣра́виме ка́к нӑӣра́ви́хме нӑ-бра́т̄-т̄и*; *нӑ-ӣо́р би́ше ри́дут̄ Гӑӣл'увут̄ Алча́к — Град, нӑ-до́л* (: *доле*) *фа́ш̄т̄ише Нйӣри́т̄а*; *ӗт̄-т̄и т̄и́а ӣа́ри, шо са́киш ӣра́в-му* АК. Многу често од прилогот 'оште' се испушта целиот краен слог: *дуј̄де́ ош-сӑба́ј̄ле*, исто и кај извикот *ајде* > *ај*: *ај су-здра́ве*; *ај-бе, мӑӣӑре́шки ина́т̄*.

АСИМИЛАЦИЈА И ДИСИМИЛАЦИЈА НА ВОКАЛИТЕ

2.8. **Асимилација**. — Израмнувањето на вокалите, како појава, често се испреплетува со др. фонетски процеси, на пр. со редукцијата, и понекогаш е многу тешко да се утврди главниот агенс за одредена измена. Пр. за сврзникот *кўт̄у* може да се претпостави ваков развиток, прво формата *кӑт̄о* со редукција поминала во *кӑт̄у*, а оваа со асимилација во *кўт̄у*, натаму предлогот *мйӣ'и*, сп. топ. од Град: *Мйӣ'и-Две́т̄е Ре́ки*, веројатно се добил на следниов начин: *ме́ѓу* со редукција поминал во *ми́ѓу*, а оваа форма со асимилација во *мйӣ'и*; или од *мен́ѓуши* со редукција се добила формата *мин́ѓуши*,

а оваа со асимилација во *минї'и́ши*, или именките: *домазе́т* и *душеме́* со редукција поминале во *думазе́т* и *душиме́*, а овие со асимилација во *думузе́т* и *душуме́* (// *душиме́*).

Од истиот пункт се и примерите: *тиминў́шка* (: темјанушка), *чики́а* од чакија, *хў́бувў* (*ош по́хў́бувў*) од хубаво преку *хубавў* (во Градобор се редуцираат и крајните отворени вокали), *чибри́ка* од *чубри́ка*, *либини́ца* преку *лубини́ца* од лубеница (со редукција); од Алексово: *сипини́ца* од сипаница, *їурчул'а́ва* (< горчелава преку *їурчил'ава*), *листиви́чка* (лестови́чка со редукција *листови́чка*, а оваа со асимилација: *листиви́чка*); во Крецово: *лубуни́ца*. Во Гърбашел прилошката форма *дале́ко* со асимилација поминала во *деле́ко*, а оваа со редукција во *диле́ко*, покрај *рăки́а* (со редукција од *ракија*), среќаваме и *рики́й* добиена со асимилација. Сп. уште од истиот пункт името на с. *Сви́дифца* од Свидовица, во Гавал'анци: *учуме́н* (< *ичуме́н*), *їриши́на* (< грашина), *чили́а* (< чалија) 'вид трн, расте високо', уште: *рики́а*.

Од Амбар Ќој имаме забележано повеќе примери во кои се чувствува влијанието на асимилацијата, пр. во формата *йăтлăци́ане* добиена од *йăтлици́ане*, несомнено е присуството на односнава фонетска појава, натаму и именката *кăртăчи́на* по слични основи е добиена од *кăртечина* 'купче земја подигнато од крт', во синтагмата *Ве́лика са́бăта*, поверојатно е да се претпостави аналошко израмнување *са́бота* > *са́бăта*, отколку редукција, бидејќи *о* се редуцира во *ă* ретко и во одредени позиции. Од истово село се и примерите: *Сифила́р* (< Софилар) 'топ., излетничко место', *бусту́м* (< бастум), *йи́тима кру́ша* (< питома), *фурунци́а*, со асимилација и метатеза од 'фурнација', *сипинича́ф* 'оној што има траги од прележана сипаница', *миле́чко* од 'малечко' кое со израмнување поминало во '*меле́чко*', а ова со редукција во *миле́чко*, истово важи и за *дише́к* од *деше́к* — со редукција, а ова од *душе́к* — со аналогија, *чибри́ка* (< чубрика) 'га то́пат ус-ле́п и со́л'че уф-нăтре, ў́бувў мири́се'. Од Драгомирци: *кисливи́на* (: кисловина), *к'е́лефта* (глава).

Освен порано споменатите: *ў́бўф*, *ў́бува*, *думузе́т*, *либини́ца*, *ми'и*, овде треба да ги споменеме и заменските форми *не́каа* (< некоја) *же́на* (*рăбо́та*), *не́коо* (< некое) *де́те*, уште во неодредената заменска форма: *кра́ва ни́идна* (: ниедна), *ку́че ни́идно* (: ниедно). Асимилациони процеси

среќаваме и на составот меѓу формата од помошниот глагол за 3 л. ед. *е* и честичката *ли*, сп.: *висо́ко ле́-ј* (: високо ли-е) со асимилација поминало во *висо́ко ле́-е*, а ова со редукција во *висо́ко ле́-ј*, но: *ојдѐ ли*?, натаму на границата меѓу кратките заменски форми и морфемата *ќе*, односно сврзникот *да*: *до́-о-удме́нӑш* (: да го...) 'да му помогнат', *до́-о-фа̑рлиш не-о-фа́шум* (< да го фрлиш . . . — по губењето на *ӣ*), *ќо́-о-испра́шум ӯу-чувѐк* (< ќе го испратам . . . — по губењето на *ӣ*), *ро́ӣкӑша дӑ мо̄-нӑпра́вум* (: гробот да му го направам), *ма́-а искӑра́ли злӑчкаша* (: му ја извадиле...), *чѐкӑхме ја́ко нӑӣӑшо до́-о-ӣрӑчѐкиме уд-Но́во Се́ло* (*до́-о* < да го); сп. уште: *ка к'и-до́ох, ка к'и-ле́ӣнах, ра̑ӣшо мӑ-бо́л'аа* (: *до́ох* < *до́јдех* — по губењето на *д* и израмнување на *о* — *е* во *о* — *о*), *ус-на́а вӑӣцу́вӑш*. Други примери: *уро́ова буја́* (: ореова) 'кафена боја, се бојадисува со лушпи од ореви', *Су́ута Ре́ка* (: суата) АЌ, *ру́ута овца, ӣи́ивица* (: пијавица); во Беглерија запишавме: *ӣриши́на* (<грашина), *ӣиӭжи́на* (<пајажина).

Од Крецово кај глаголите со општ дел на вокалите *а* и *о* 3. л. ед.: *зна́а* (< знае), *иӣра́а* (< играе) : *с-иӣра́а ӣрӑдѐчкаша, ба́а* (< бае): *ба́а ба́ба шо ба́а, ӣа не́јнӣо си-ӣу-зна́а*; *ла́а* < лае: *це́ла нош ла́а, не ӣрӑста́нуве*; *ӣка́а* (< ткае): *ӣӑ-нӑучи́ла дӑ ӣка́а*; *бро́о* (< брое): *заста̣на́л дӑ-бро́о*; *сӣо́о* (< стое): *ми́рно си-сӣо́о*. Други примери: *у́буфӣо о́кце* (< убавото), *ку́чуви за́би* (< кучеви), *мухуви́нша* (< *махувината* < *маховината*), *сипинича́ф* (: сипаница), *ӣиксирашли́а* (< таксиратлија), *дуждул'а́во* време (: *дождил'а́во* со редукција: *дуждил'а́во*, со асимилација: *дуждул'а́во*), *ӯӣрубе́ние* (*ӯо*-гребение: со редукција > *ӯӣребе́ние*, со асимилација > *ӯу-ӣрубе́ние*) Крец;

од Морарци: *зиикли́вата* (< заикливата) *ка́шлица* — зн. црна кашлица; уште: *сипинича́ф, дили́ко* (< *дели́ко*), *ӣиӭжи́на* (< пајажина), *русили́и, русили́цко оро* (< росалии), *кӑрӣачи́на* (< кӑртечина);

од Мутулово: *бу́ӣум* (<бутим), *жӑбу́нук* (< жабуњак), *ма́шӣаа* (< маштеа), *ливича́р* (< *ливуча́р* < левучар).

2.9. **Дисимилација**. — Примерите за разедначување не се толку многубројни: *кӑрӣучи́на* (: кртичина), *ӣиӣу́н* (: тутун), *сума́р, сумӑрӭи́ӣа* (: самар) Крец; *кра́ӣуф* (: кра-став), *ӣа́рӯуф, ӣа́рбуф, и́мӣо* (: *и́миӣо* < името), *ӣипо́ла*

(: топола), *за́лук* (: залак), *ӣу-фа́шӣе сума́ро* (фраз.: може да има непријатности), *бӑчки́я*, *ни́шӣулки* (: ништелки) Ак, од Градобор: *брушл'а́н* (: *бра́шл'ан*), *чумбе́р* (: чембер), од Драгомирци: *бра́дуфца*, *кра́сӣуфца*, *кра́сӣуф*; од Амбар Ко̀j: *чувӣ́ја* (: чивија), *о́рӣима* (: ортома), *чикула́ӣка* (: чоколатка); *чуфли́к* Мут.

2.10. **Преглас на** *а* **во** *е*. — Една од карактерните особености на градскиот кукушки говор, во споредба со другите долновардарски говори, е прегласот на *а* во *е* зад палатална согласка. За разлика од источните бугарски говори во кои односниов преглас се врши ако вокалот *а* е окружен со палатални согласки, односно ако се наоѓа под акцент, во кукушкиот говор по правило *а* се прегласува во *е*, ако се наоѓа зад палаталните *ј*, *ч*, *ж* и *ш*, независно од акцентот и карактерот на наредната согласка: *вудиничер*, *вудиничере* (мн.), *ӣӑрнчер*, *ӣӑрнчере* (мн.), *еничер* (јаничар), *ӣӑӣлӑцен*, *ӣӑӣлӑцене*, *ӣимен* (темјан), *кукушеници*, *кукушени*, *сулујененче*, *если* (јасли), *еjце*, *еjца*, *езе*, *ес* (јас), *чес* (час 'после': *к'и-дојдум чес*), *вене* (јавне), *чеша*, *чеши*, *кучен*, *кучене*, *силенин*, *силене*, кај личните имиња *Ена* (Јана), *Енка*, *Ено*, *Енко*, *Сӣуен* (Стојан), (БКВГ, с. 441—442); сп. примери и од МПр., IX, 3—4, с. 170—176: *адна чеша*, *чешкаӣа*, *еска*, *зенееӣ*; *ама е шичо излезе* (во соседните говори: *ја* м. *е*).

Ова не е правило без исклучоци, бидејќи се среќаваат повеќе примери што не се потчинуваат на односниов систем. Според Г. П. Христов (цит. раб., с. 109) примерите: *ере*, *еӣне*, *еве* (јаве), *есни* (јасни), што ги наведува Д. Мирчев (БКВГ, 443) од Кукуш се особеност на говорот на дојденци во градот од кај Гуменца. Христов ги дава и примерите: *лӑjчер* (*лӑжичар* 'циганин што продава дрвени лажици', фиг.: оној што се преправа, лаже) *муравченин* (жител од с. Мораровци), *силенин*. Како примери во кои немаме преглас *а* > *е*, иако се наоѓаат зад палатални согласки, треба уште да ги споменеме: *офчар*, *офчаре*, *ӣријаӣӑл*, *ӣријаӣӑле*, *шаӣка*, *жаба*, *жаби*, *шајак*, *шајаци*, *Бужана*; уште: *чиреша*, *лажа*, *крушка*.

Освен зад споменативе палатални согласки (*ј*, *ж*, *ш*, и *ч*) поединечни примери со *а* > *е* Д. Мирчев забележил и зад *р*: *чуреӣе* и кај глаголите *вичирех*, *вичирели*. Тој завршува со претпоставката дека бројот на примери со преглас *а* > *е*

веројатно е поголем, а нашите можности за проверки кај информатори од градскиот говор беа сосема ограничени.

Во говорот на селата, и во Полето и во Карадагот, и во оние што биле оддалечени само десетина километри од Кукуш, прегласот *а* > *е* не е карактеристичен, се јавува само во лексемите: *тимéн* (: темјан), *шéрка*, *шéркички* (: шарка), *кукушéниц*, *кукушéнка*, *сурéт* (< сурат: *адна нивéста алúс сурéт* — ако е убава); во разговор со информаторите на неколку пати, од различни села, ме прашуваа: *кукушéниц не. си?*, а во Мутулово запишавме: *грăмăтчéниц* 'човек од Грамадна'. Инаку, во другите примери се чува *а* непрегласено: *вудинчáр*, *гăрнчáр*, *час* (*к'и дójдум*), *чáша*, *чáши*, *ас*, *áска*, *сил'áниц* Гăр.

Во соседните говори примери со преглас *а* > *е* се јавуваат во мал број, тука и таму, без да формираат ареали, пр. во Дојранско *лéстăвичка*, *ерéм*, *кукушéниц* (ДГ, с. 25), во Воден и Воденско: *чéша*, *чéши*, *чирдáк*, *еко* 'јако' (БКВГ, 441), од Гуменца: *чéши*, *чéшката нă кулéно*, *чирéпа*, *чирéпи*, (според наши белешки), од Солунско: „... на теренот на Богданско единствено во Негован *а* по *ч*, *ш*, *ж*, *џ* преминува во *е*" (ЗГ, ДМГ, МЈ, XIII-XIV, с. 228), од соседниот серски говор, во с. Савек ги забележивме примерите: *иџéе*, *иџéто* (со редукција од *еџéе*), *иснúк* (со редукција и асимилација од *есни́к* : јасник), *икá* (: јака), *ибанџúа* (: јабанџија), *јéребúца*, *идé* (< јаде): *суф л'áп не сă идé*, оваа фонетска појава нашироко е застапена на југ од Серез, во зилјаховскиот говор: *éре*, *јéре*, *полéна*, *полéни*, *пијéн*, *жéпка*, *шéрин* 'шарен', *чéшка*, *офчéре*, *офчéрето*, но *жáба*, *жáби* (БПГ, 89).

И во неврокопскиот говор имаме преглас на палатално *а*, во акцентирани слогови како *ä*, кое често губи, извесен степен, од широкиот изговор, а во неакцентирани слогови имаме *е*, што тешко се разликува од етимолошкото *е*. Пр.: *ĕслáтă*, *ĕрĕбúцă*, *ĕд'é*, *ĕст'é*, *пóјес*, *шĕмáр'*. Односна појава во овој говор се проширила и во заповедните форми (2 л. ед., од *а* - група): *слýш'ej*, *ŏбúч'ej* (НГ, 28, 29).

Оваа фонетска појава ја познаваат не само југоисточните, каде што е поизразена, туку и југозападните говори, сп. примери од Костурско: *езóвец* (: јазовец), *ерúца* (: јарица), *лúшej*, *мравéлник*, *ткáеч* (Тиолишча), *чéша*, *кăшej*, *дăржéлје*, *чéлет* (Вăмбел), *јерéмче*, *пójес*, *чéлет*, *кóчен* (Бобошчица), од Не-

страм: *же́ба*, *же́лна* (жална), *ка̑шеј*, *че́ша*, *еси́ка*. Слични примери се забележани уште во Кајларско, Преспа, Охридско, на север односнава појава се шири сѐ до Берово: *бр̀шлен*, *чершáф*, *чек'и́а* и Радовиш: *кре́шник*, *ѿоле́на* (Фон. описи, Сараево, 1981).

Според К. Мирчев (НГ, 25—29) причината за односнава фонетска појава се крие во палаталноста на согласките, кои во некои говори се изговараат помеко и го допуштаат прегласот, а во други се изговараат потврдо и не го допуштаат.

2.11. **Лабијализација на *и* во *у***. — Оваа фонетска појава не е широко распространета. Од градскиот говор Шапкарев го забележил примерот: *ја ју-зе́ми цӑрно шушé*; од нашиве материјали се следниве примери: *т̄рӑндáфул*, *сјурмáх* (*си бúше*), *ноѿо-ј ѿурчул'áва* — не без влијание на аналогијата — Ал, *чуфли́к* Мут, *мáт̄урка* (од *мат̄ерка*, преку *мáт̄ирка* — со редукција), *шуру́ѿ* (: *сируѿ*, и овде не е исклучено влијанието на асимилацијата), *шушé* Драг, *кӑрт̄учúна* (: *крт̄ичúна*).

Повеќе примери забележивме во јужните села, во Полето кон Солунско: *чуре́ша* (: *но́шше адно вишáло чуре́ши*; *вишáло* 'црешни наредени на стапче'), *џурџáн* 'врабец', во соседните северни говори: *џивџáн* и *џивџóр*; *чувúа* 'чивија', *кичуфчáниц* (од *кичевчанец*, преку *кичифчáниц*) АЌ, *чумбе́р* (од *чембер* преку *чимбе́р* — со редукција), *учумéн* (< ѩчимень) Иц.

На граница со струмскиот говор: *чуре́ѿи* (преку *чире́ѿи* од *чере́ѿи*), *чумéн* Нег; сп. и од пунктот Савек: *шушáрка* (< *шишарка*) 'мешунка од грав', *вúшна чурјáша* 'вишна', *чѿарáшка* (: чепарашка), *шуќéр*, *шулéже*, *чурéн* 'рачка на нож' (во др. говори: *черен*). И пошироко на исток, во серскиот и драмскиот говор, има забележано примери со лабијализација: *ж'уберúнки* (во др. говори: *џибиринки*), *уч'умéн'*, *с'урмáх*, *ж'уф*, *ж'ýвина*, *ч'ул'áк* (БПГ, 100). Натаму уште и во неврокопскиот говор, каде што се лабијализира и вокалот *е*: *ѿéш'т̄'урй* и *ѿéн'ж'урй* (пештера, пенџере) — НГ, 17, 18.

Од примериве се гледа дека *и* (*е*) се лабијализираат во позиција зад палатални согласки, а особено зад фрикативните: *ч*, *ж*, *ш*. Треба да одбележиме дека во спомнативе

јужни села Амбар Ќој и Иџеларе од кои има повеќе примери за лабијализација, се чува мек изговор, освен на согласката *л'* и на *ш̄'*, *ǯ'*, *н'*.

2.12. **Метатеза.** — Освен антиципација на мекоста, во овој говор, особено во јужните полски села, прави впечаток присуството на голем број примери во кои во средината на зборoформите се префрлуваат неакцентираните, обично редуцирани вокали пред согласките. Оваа појава е широко распространета, особено во врска со континуантите на вокалните *р* и *л*, но на нив ќе се задржиме дополнително кога ќе ги разгледуваме односниве гласови. Таа појава ја забележил уште Д. Иванов (ГГ, 61, 62) и мисли дека е условена од брзата артикулација, ја споменува како една од причините за појава на должина на вокалите: *ко́ӑш̄та* (< *ко́а̯ш̄та* < *ко́ж̯а̯ш̄та*), исто и во нашите примери ваков вид метатеза често забележуваме на граница меѓу основната именска форма од ж. и с.р. и членската морфема: *ко́ӑста* (< козата) *ми-умре́*, *но́ӑкта* (< ногата), *ǯу-не́ӗшто* (< небето) *сӑ-слу́шше*, *уф-зе́мӑнта* (< земната) Крец; (сп. од истиот пункт примери со удолжени вокали што се добиле по спомнатиот начин: *ин кӑǯа́х нӑ-ба̄-ш̄ти* (< *ба́а̄-ш̄ти* < *баба-ш̄ти*), *Мӯл'што Ва̄сто* — прекар (< *Му́лешто Ва́сешто*). Повеќе такви примери забележуваме во Драгомирци: *ӯӑста* (: уздата), *кни́ӑкта* (: книгата), *ш̄ру́ӑнта* (: трубата), *сли́ӑфта*, *смо́ӑлта*, *ӣла́мӑнта* (: гламната) *Г'ӑа̄нта Ки́ро* (< *Г'ӑбӑта*) — прекар, *ру́ӑнта*, *ме́ӑкта* (: меѓата), *фу́рӑнта* (< фурната), *ц̯ӑрӑнта зе́мна*, *се́ӑнто*, *ви́ӑнто* (: виното), *бра́шунто*, (: брашното); особено често вакви случаи среќаваме во соседство со сонантите *р* и *л*: *ӣӑрди* (: грӑди), *ре́бӑрта* (: ребрата), *ӣӑрӑнту* (< *ӣӑрнӑто* < гӑрнето), *ку́кӑлта* (: куклата), *те́сӑлта*, *те́сӑл'те* (: теслите), *ја́сӑлта* (: јаслата). Од Амбар Ќој: *пе́сӑнта* (: песната), *со́фӑрта* (: софрата), *кро́суншто* // *кро́сӑнто* (: кросното), *бра́шӑнто* (: брашното), *ја̄ӑнто* (: јагнето).

2.13. **Други измени на вокалите.** — Стсл. кор. шьп- (шьпьтати) се јавува со лабијализиран вокал, сп. *шо́пке*, *шупну́ве* 'шепка': *нӑ-у́хто ми-шупна́* Ал, *са́мо шупо́та̄т*, *не́што кри́а̄т*, несомнено во врска со дејството на соседното лабијално *п̄*. Исти резултати се забележани и во Неврокопско (*ш'у́пт'ѧ*, *ш'упо́л'ѧ*; НГ, 17), овде уште треба да ги споме-

неме именката *чо́пка* 'клун на птица' и глаголот *чо́пке* (: колва), покрај *ка̀лве* (: *куко́шките ка̀лвăт*).

2.131. Некои резултати не идат непосредно, ами поради израмнување на морфолошко ниво, на пр. промените кај членуваните форми на именките од с.р. на *е* : *и́муто*, *се́муто*, што ги запишавме од некои села од Карадагот, инфилтрирани од дојранскиот говор, бездруго се добиени спрема другите именки од среден род на — *о* (*се́ло* — *се́луто*) Ал., од Гола се примерите: *ја̀јцуто*, *са̀рцуто*, *и́муто*; од Владаа: *вре́муто*, *ште́муто*, *и́муто*.

Слично, со аналошко израмнување спрема 1 л. ед. (*но́сум*, *ви́кум*) се добиени и формите за 1 л. мн.: *ви́куме* Владаа, *до̀-ва̀ршуме*; *ќ-а̀-ка́жуме на̀-бра́т-у̀*; *ќ-а̀-пи́туме* Крондирци. И овие глаголски форми се особеност на говорите северно од Кукуш, кон Дојранско, во *Полето* ги немаме забележано.

2.132. Други случаи: *а* > *у* : *те́гувиц* (: тегавец), *цу̀ркуфта* (< цăрквата), *и́нук* (< инаку): *и́нук би́ло* Шекерлиа; *за́лук* (: залак), *у́буф*, *у́бува*, *ту̀пуф* 'тап' (нож), *кра́стуфца* (: краставица) Гола; *думуша́р* (< домашар) 'маж кој седи често дома', *пра́скува*, *пра́скуфци*, во *ва̀рчува* и *но́шува* (: врчва, ноќви) имаме вметнато *у* Крец; *ќо́руф* (: ќорав), *гу̀рбуф*, *скằржуф*, *у́буф* АЌ, Ал; *пи́пуф* 'невешт', *ли́гуф*, *гằрбуф*, *пи́јувец* (: пијавец) 'трева од која се опијанува', *бра́дуфца*, *сума́рут*, *о́блук* (: облак) 'задното дрво на самарот, на него се намотува ортомата' Драг; *ут-ку́кта на́зут*, *кра́стуфци* (*к'и-му-на̀бе́рум*), *за́лук*, *то́лкуви* Кал; *rằспрува́ли* Пат;

о > *и*: *пи́тима* (круша), *о́ртима*, *чикула́тка* (: чоколатка) АЌ, *сифа́л'ка* Драг, Гằр 'ус-н'аа сằ-тка́а', *типо́ла* (: тополa) Мор, *чире́пи* (: чорапи) Гум;

а > *и*: *кра́стив* (: крастав) Гум, *ијце́* (: јајце) — возможно со редукција од *ѐјце́*, в.т. 2.10., *исни́к* (: јасник), *иба̀нција* (: јабанција) Сав, *пиӡжи́на* (: пајажина) Гав, *бришл'а́н* (< *бра̀шл'ан*), *дилéко* АЌ, *листувúчка* Ал, *ипли́че* (: јагличе) Пат, *ва̀рбина́к* (: врбанак) Драг;

у > *и*: *сирме́*, *цимби́ш* Крец, *дика́н* Пат, *дише́к* АЌ, *к'ише́к-о-ј ут-ра́јо испа́днин* Шек, *к'итýк*, *к'ише́* Сав. Оваа промена ја среќаваме само кај зборови од турско потекло,

во кои фонетската адаптација е извршена на односниов начин.

Во извесен број од споменативе вокални измени забележливо е влијанието на асимилацијата: *думушáр* (: домашар), *ýбуф*, *пӣшима*, *пиi̯жúна* (в. 2.8.), а кај други од дисимилацијата: *сумáрӯт*, *крáстӯфци*, *тӣпóла* (в. 2.9.).

Овие промени не се јавуваат со доследна закономерност. т.е. не ги опфаќаат сите случаи од определена позиција, туку се среќаваат само во одделни зборови, односно во некои зборообразувачки модели.

2.14. **Упростување на вокалните групи.** — Факултативно *j* среќаваме обично во народните песни, во почетокот на зборoформите пред *о* и *у*:

Триста ми стапа јудриха
Триста ми гроша јузеха

(од Морарци, МПр. г. IX, кн. 3—4)

Да си измú бéло лúце
Бéло лúце цăрни јóчи
Јотвăрзаá ѝ гердáн јот гăрлото

(СбНУ, V, 347, ib. 353.)

2.141. Освен старото пополнување на хијатот: *вýјко*, *вујчúна*, *вăĭлине*, *вăдица* // *вăјца*, *вăзăл*, *вăже*, (но: *úзба*) Ал, во овој, како и во др. долновардарски говори, по губењето на согласките *д*, *ĭ*, *з*, *ж* и сл. во интервокална позиција, се јавиле можности за нови хијати.

Во северните села од Карадагот, кон Дојранско, ваквите вокални секвенци се упростуваат со стегање во долги вокали, а доколку тие биле различни на стегањето му претходело изедначување: *вóта* (: водата) *дујдé*; *ӣу н'ō* (: него) *д-испрáшиш*; *не му сă-ӣуӣудú жéнта* (: жената). Кон ова не подлежат вокалните секвенци од разнородни вокали на морфемската граница со префикс и со партикулите 'не, ни, по': *нúшто нé устăвú*; *óди ӣóуч-си нă-двóрӯт*; *ӣó-árно такá дă-нă-ӣрáјме* Гăр (в. 2.3.5.).

Во говорот на Полето вокалните групи или остануваат неизменети: *сáа аку дójде* (: сега), *брáатта* (: брадата) Иц, или пак се стегаат, но без должина: *тѝ́* (*дéте*) < *тоо* < *тоа*, *вá* (*жéна*) < *ваа* АЌ.

Од ова се изделува говорот во најјужниот пункт кон Солунско, Градобор, каде што во одделни вокални секвенци непосредноста на вокалите се избегнува со вметнување на гласот *j*; пр. за групата *е-а*: *ѓибéја* 'сјагнета овца', *уд-нéја* и сл.; за *и-у*: *чúју маѓáри-j*, топ. *Прáвијут Пăт*, *Вóднијут Азмáк*; за *и-а*: *уд-Тýрција да-ѓáла*, *свитúја*, но: *чи ва кýка*? (: чија); за *о-о*: *твójо*, *кójо*.

Како и во други солунски говори, пр. во Висока (Фонол. описи, 805) и овде *j* се јавува во почетокот на зборовите пред вокал, специфичност е дека тоа се случува и пред меки самогласки: *јеш*, *јéжут*, *јéхче*, *јéла*, *је* (Зл. ед. од 'сум').

Во говорот на Полето и Карадаѓот секвенци од два вокала со *и* како втор член, ако се наоѓаат меѓу согласки, се реализираат како дифтонгоиди, сп.: *-aj-*: *зájчко* (< *заичко* < *заечко*), *жájтте* (< *жаитте* < *жабите*) — в. 2. 4.

ИСТОРИСКИ ПРОМЕНИ НА ВОКАЛНИОТ СИСТЕМ

2.15. **Замена на старословенските назали.** — Во кукушкиот говор стариот изговор на носовките оставил многу малку траги. Освен примерот *енѓула*, што го наведува Д. Мирчев (БКВГ, 451) стсл. ѥгѫла, во Мутулово *анѓула*, во материјалите ги среќаваме уште овие примери: *трăмбо* АЌ: *адно трăмбо димúа*, во Гуменца ја запишавме формата *трăмба* (сп. стсл. тръба), гл. *ѓăнке* (датка кога зборува) — под услов зборот да е стар; во формата на бројот *стойендесет* забележана во Кукуш (НГ, 13), позната и во други места (Серско, Неврокопско), К. Мирчев (НГ, 14) ја исклучува можноста за остаток од ринезам и претполага дисимилационен процес од *петдесет*, бидејќи носниот елемент се забележува само во сложените форми *пенд'есéт*', но не и во *пет*. Во неколку примери имаме забележано неорганско назализам: *лимбéт*, стсл. лебедь АЌ, натаму во името *Јунѓуслáвија* Град.

Забележливо е дека во соседните говори се среќаваат многу повеќе примери од споменатиот назализам: *сăнѓăм*,

жа̀ла̀ндрук, *Синде́лчиву* (село), *ӣре́нди*, *е́нсӑ*, *бла̀нди*, 'нечисти пупки', од блѫдь, *ӣре́нсӑ* 'тивко плаче', *а̀нӣула̀* (Воденско, ВГ, 22), од Солунско: *че́нду*, *ӣр'е́нда* // *ӣринда́т҃а*, *ӣувинда́рин*, *инси́к*, *да̀мт҃* // *дамбо́*, *ӣансо́т҃* (ДМГ, 227), во материјалите од граничниот пункт Градобор не наоѓаме примери со носов изговор, на исток во мрвашкиот говор *ӣла̀мбам*, од серскиот *измӯ́ндри*, сп. уште: *ӣендесе́*, *девендесе́*, *ја́нза*, *т҃е́нӣал'*, *ӣе́нда* (од односниве говори, БПГ, 67, 68), во пунктот што ни е контролен кон серскиот говор запишавме повеќе примери: *е́ндӑр*, *ӣо́-е́ндар*, *ма̀ндо* (стсл. мѧдо), *ма̀ндре́ц*, *за̀ӣ*, *ка̀ндруво Сав*; на север, од гевгелискиот говор Д. Иванов (ГГ, 73), како примери со зачувана носовост ги споменува: *сӑмба* 'алатка за отворање дупки во железо или кожа', *ра̀нки*, уште ја споменува и формата *зе́мин* (*зе́минт҃а*) како нејасна. С. Романски (ДВГ, 122) со право му возразува на Иванов, првиот збор *сӑмба* е турцизам, а *ра̀нки* е ономатопеја. Думев пак (ВГ, 23) се задржува на зборoформата *зе́мин*, ја исклучува можноста за носов изговор, што ја претпоставуваше Д. Мирчев (БКВГ, 451) и ја толкува како падежен остаток од формата *зе́мна*.

2.151. Како во другите југоисточни и источни говори, и во кукушкиот носовката од преден ред ѧ, за разлика од западните говори, не се мешала со носовката ѫ, така што ѧ редовно се рефлектира во *е*: *е́дӑр*, *ет҃а̀рва*, *изи́к* (< *ези́к*, со редукција), покрај *изи́к*, *ичуме́н* // *учуме́н*, *ичумини́ца* (слама) Грам, во Савек *ичмини́к* 'јачменчок на окото', *мо́јт҃е че́да* Ал.

2.152. Основна замена на носовката од заден ред ѫ се јавува среднојазичниот глас *а̀*. Оваа е општа особеност на долновардарските говори, а северна граница на односнава фонетска појава, во правец на струмичкиот говор, се јавува пунктот Костурино каде што среќаваме ѫ > *а*.

Резултатот *а̀* < ѫ најрегуларно се јавува во коренските слогови: *ва̀т҃ук* Ал, Гӑр, *ва̀ӣлин* Ир, во Бег: *ва̀ӣлине*, а во Сав: *ва̀ӣл'а̀*; *ва̀же*, *ва̀јшт҃о* Драг, во Сав: *ва̀жа̀*; *ва̀жни́ца*: 1. 'низа' (*ва̀жни́ца т҃ит҃'у́н*, *крумӣ́т҃*), 2. 'колона, ред' (*ва̀жни́ца л'у́де*, *во́шки*) Ним, *ва̀зӑл* Гӑр : 1. 'јазол', 2. фиг. 'мал, ситен човек', *ва̀т҃а̀р* Грам, Ал, Гола 'жлеб на дното од бурето во кој влегуваат страничните штици', стсл. жѫлина, рус. *у҃шоры*,

во Амбар Ќој и Мутулово запишавме *ва̄тъ̆р*, возможно под влијание на месниот (струмички) изговор, во Бег: *ва̄тъ̆рӯт*, *вӑрӣӑлиц* (стсл. жрълъ) *'нӑ-во́лӯт исӣа́ї'е'* АЌ, во Драг: *вӑӣӑр*; *вӑдица* (и: *вӑјца*), *вӑтре* // *фнӑтре* Крец, во Кук: *уд-нӑтре*, во Ним, План, Сав запишавме *не́тре*, оваа форма, според К. Мирчев (НГ, 9) се добила од стсл. вънжтрь, преку вънѧтрь, во кој имаме замена на ж со ѧ зад мека согласка; *ӣӑлӑӣ*, *ӣӑлӑба́р*, *ӣӑлӑба́рник* Мут, Ир, *ӣазӣи́чки* (*о́де*), *ӣазо* (*му-сӑ-ӣле́де*) Крец, *ӣазӣи́шта* (*ӣуле́ми*), *ӣазе́рка* (пеј.) 'дете со голем газ' Грам, *ӣӑзъ̆р* 'дно': *уд-ӣӑзъ̆ро пӯ́ште* Гум, *пӯ-ӣӑзӯт*, *пӯӣазе́ј* АЌ, обичај: во понеделникот, по свадбата, подароците („шаи́жут") што се кај девојката ги носат кај момчето, *ӣӑба* 'печурка', *Гӑ̄пта Ки́ро* (прекар) Драг, *ӣӑрди* Ним, *ӣӑ̄рте мӑбо́л'а̄т АЌ*, *ӣӑска*, *ӣӑсӑро́к* Мут, во АЌ: *ӣӑсо́р*, *ӣӑхче* — дем. Крец, *ӣӑсӑни́ца*, *ӣнӑсин*, *ӣнӑсуӣи́а* (*ӣуле́ма уф-ни́х*) Грам, во Сав: *ӣну́сӑн*, *дӑ̄ӣ*, *дӑбо́во дӑрво* Грам, во Сав: *мише́*, *дӑбӯт*, *дӑби́ца* АЌ, топ. *Кри́вио Дӑ̄ӣ* Пат, *дӑӣа* Крец 'странична штица од буре, каца и сл.', *дӑј'кте* — чл. мн. ф. Драг, во АЌ: *да́ӣа* — сп. погоре: *ва̄тъ̆р*; *жӑлӑдник* АЌ, Ал, Мут, во Сав: *жӑлӑзник*, *зӑ̄ӣ*, *зӑбл'о* — пеј. 'човек со големи заби' Грам, *зӑбица* 'болест на устата кај коњите' АЌ, во Гум: *нӑзӑбица*; *шо сӑ-зӑбии*? 'што ми се потсмеваш' Ним, *јӑнӣу́ла*, *јӑнӣу́лче* Драг, *кӑ̄тни зӑбе*, *кӑде́л'а* Бег, *кӑ̄т* 'подигнат дел до огништето': *се́ј* (< седи) - *си нӑ-кӑ̄то*, зн.: остани си во својата куќа, *кӑ̄тна 'кукошките шо ле́жа̄т'* Ал, *кӑшта* Кук (МПр, IX, 3—4, с. 170—176), *кӑшто́вник* Гър 'добар домаќин', *бискӑшник* Крец, *кӑ̄пи́на*, *кӑлбо* (стсл. клѣво) Град, Ал, *кӯ кӑлбишта* Мор, *кӑ̄т* (*ӯт-кӑд дӑ-знам*, *нӑ-кӑди них*) Град, во Крец: *кӑде*, *ӯткӑде*, *не́кӑде*, *ни́кӑде*; *кӑдрава́ ко́са* Мор, *крӑк* АЌ 'дрвена лопата со куса рачка со која се принесува лебот до фурната кога се пече', во Мут: *кӑрк*, стсл. кръгъ, *лӑк* (*и сре́ла*) АЌ, *лӑк* 'направа за дрндање памук' Сав, *Лӑкӣте* и: *Лӑкӣте* — топ. Крец, *ӣи лӑчме јӑ̄ниш:та* Гав (стсл лъчити, рус. *разлука*), *тӑ̄ӣ* // *исӑбин* (*нош*) Крец, *тӑ̄пуф* Гав, *мӑка* (и со придавско значење: *мӑка рӑбо́та-ј ко́па̄нто*), *сӑ-мӑчум* Гър, *мӑта̄ни́ца*, *уд-мӑ̄тн'ӯт и́звур* АЌ, *не́ ми мӑ̄ти мо́зукӯт*, фраз.: немој да ме занимаваш со празни работи, *мӑ̄то́к* // *клупута́р* 'расипано јајце' АЌ, *мӑндре́ц зӑ̄ӣ* Сав, *се́ди-си мӑдро нӑ-ӣазӯт* АЌ, *мӑшкуда́нци* 'машки деца': *са́мо мӑшкуда́нци и́мум до́ма*, во Крец: *мӑже́ӣа* 'мажиште', во План: *мӑжо́к*; *сӑ-мӑжи́* Ал, *нӑтрӑшнуто* 'вна-

трешното' Гăр (зн. милицијата), *óбăрч* АḰ, стсл. обрѫчь (за метатезата в. 2. 5. 21.), *пукăшнина* Грам, *пу-пăтут*, *пăтиц* Град, *пăтúчка* Мут, *пăдáр*, *пăде*, но пообичен е гл. *пóне* Бег, *прăт* Мор 'голем стап', стсл. прѫтъ, уште: *пăрчка*, *пăпка*, гл.: *пăпе*, *păспăпе* Крец, *păцто* (*мă-бóл'ăт*) Гăр, *păчúца* Крец 'рачка на рало', *păкăвúци* Грам, Ал, *păкáвут* Ним, *păп*, *păбишта* Град, *зăрăбе*, *пудрăбе* Грам, *уштăт* (: *уштăде замина*), *удăнăт* (*удăнăт пичáлто*)Гăр, *стăпáло* Шек, *не стăпнá уш иднóш* Град, *кој стăпнáл нă-лăстúнта* АḰ, *ут-скăпјут*, *јулéма скăпутúа* Ним, *сăдúлишта* (мн. од суд) Град, *сăдúа* Крец, *дă-ју-сăдăт* АḰ, *сăшто кут-н'оо* Гăр, *сăпта*, *бéла сăба* Крец 'саботата пред Велигден', *сăрбјăзúца* Град 'шипка', *стăрја* Град 'заграден тесен простор за молзење овци' стсл. стрѫга; *сăк*, *сăкут* Крец 'глужд на дрво', стсл. сѫкъ, рус. *сук*, од истиот корен *сăчка* 'сува прачка': *нă-сăчки пéрăхме* Гăр, *сăт*, *сăдуфто* (*дă-измúјш*) Крец, *тăпăн*, *тăпăнáр* Гăр: 1. оној што чука на тапан, 2. неуреден човек, *тăрба* Град 'шајак замотан во труба', *штăпăл'ка* Град 'стапка, трага од стапка'.

Во повеќе од испитаните села од Кукушко придавката *кус* се јавува во односнава форма, исклучок прави с. Мутулово, тоа и по редукцијата на *е* > *ă* се приближува кон дојранскиот говор, каде што среќаваме: *кăсо*, *кăсичко*, а во пунктот Савек, кон Серско, ја запишавме глаголската форма *сă-кăсјăт* (годините) 'се скусуваат'. Исто и во градскиот дојрански говор среќаваме: *кăс*, *кăса* (ДГ, 29). Двојниот изговор *кус* и *кăс* се должи на дублетните форми во стсл. јазик: кѫсъ и кобсъ, веројатно затоа во повеќе дијалектолошки студии, во одделот за рефлексите на ѫ не се споменуваат овие разновидности, додека Г. П. Христов ги наведува примерите *кус*, *скусýвам* како исклучок од правилото дека ѫ дало *ă* (ОКДГ, 110).

2.153. Во кукушкиот говор, во коренските слогови, освен рефлексот *ă* за ѫ, што се јавува најчесто, во поодделни пунктови има случаи со *у*, *о*.

Така во Градобор среќаваме *кýка* (но: *пукăшнина*), во Кукуш: *кăшта*; *жилýдник* Крец, *жăлýдник* Град, но во Ал и АḰ *жăлăдник*, во Савек *жăлăзник*; со особена експанзија се јавува лексемата *врук'úна*, таа покрива поголем дел од источните и југоисточните говори. Освен во Кукушко, во пунктовите Крец, Грам, Бег, Гăр, Мор се јавува и како *вурк'úна*,

забележана е и во Гевгелиско (ГГ, 45), Дојранско: *но́ĭо-ј вурк'и́на* (ДГ, 30); натаму со широка распространетост се среќаваат и лексемите: *бу́брӑк* и *ĭрӯ* (*уĭрубе́л*).

Со регионална употреба и со повеќе разновидности се јавуваат: *суди́ја, нӑ-су́до дӑ-сӑ-су́дат* Ал, но во Крец *сӑди́а, сӑд*, натаму во Град *сӑди́лишта* (мн. фор.), во АḰ *сӑ-сӑдат*, во Сав *сӑди́а*, но *суд*; *ĭу́жба* Град, Гум 'тркалце за придржување на гределот со јаремот', стсл. гѫжь, рус. *ĭуж*, во Мут ја запишавме разновидноста *ĭу́жва*; *кукӧ́л'* Крец, АḰ, Иц, Мал, Мут 'паразит во житата', во Сав *кӑкӑл'*, во Град *куку́л'*, сп. стсл. кѫколь, рус. *куколь*; *ӣӑну́да* План, Мор, *ӣуну́да* Драг, во Сав *ӣо́нуда*, во АḰ гл.: *сӑ-ӣунуде́суве, ḱо-о-ӣунде́се*; *ӣо́ӣук* Пат, *ӣо́ӣкуӣ* Иц : *ус-ӣо́ӣук мј-оо-вӑрна́* 'садот (со брашно или ориз) бил преполн', исто така е и во пунктовите Кал, Гӑр, Грам, Влад, Пат, Гум, Ним, во Рош и Мал *ӣо́ӣукче*, во Сав *ӣо́ӣче*, исклучок прави пунктот Мутулово каде што запишавме *ӣа́ӣук* (: *ӣа́ӣуко му-бӑĭа́* 'многу се уплаши'), а во Мор, Ал, Шек и Ним *ӣӑӣӑк*.

Прави впечаток дека во слична фонетска окруженост, од истиот корен од кој е и *ӣо́ӣук*, скоро насекаде среќаваме *ӑ* < ѫ во: *ӣӑӣка*, гл. *ӣӑӣе*, *рӑсӣӑӣе* (*дӑрвуӣо нӑду́ло ӣӑӣкиӣе*) Иц, Кал, Гӑр, Шек, Крец, Рош, Влад, Пат, Мут; само во Савек запишавме *ӣо́ӣка*, *наӣо́ӣнува*, а во Гуменца *ӣу́ӣка*, но тие се граничнѝ пунктови и не влегуваат во Кукушко.

Во некои села се прави разграничување: лексемата со рефлекс *у* (за ѫ) означува голема пупка, со зборообразувачката разновидност *ӣу́ӣӑниц* (мн. *ӣу́ӣӑнци*), сп. *ајн ӣу́ӣӑниц сӑ-ӣудде́л* (од трендафил) Коц, односно: 'пупка од памук' Иц, додека зборформата со континуантот *ӑ* < ѫ (*ӣӑӣка*) се однесува на мали, обични пупки, пр. на лозје, овошно дрво и сл.

Може да се претпостави дека различниот резултат од ѫ (стсл. пѫпъ) во *ӣо́ӣук* и *ӣӑӣка* веројатно е обусловен и од потребата да се избегне омонимијата, независно што се јавуваат со различни наставки.

Со резултат *о* < ѫ во Коцумарлија се јавува и лексемата *кло́бо, кло́ӣӣо*, така е и во говорот на месното струмичко население; слично во Гуменца: *кло́ӣко*.

В. Думев во студијата за воденскиот говор (ВГ, 22), зборувајќи за случаите ѫ > *у* во примерите: *бу́брик, ру́жӑм*

(зн.: спремам, украсувам), *пӣнӯда* и *кӯјкјӣ* искажува мислење дека се работи за позајмици од говори во кои има рефлекс *у* од ѫ. К. Мирчев повеќето такви примери од неврокопскиот говор се обидува да ги објасни како резултат на внатрешен јазичен развиток, пр. за лексемата *уруже* (*обружен*) допушта асимилација од претпоставената форма *ѻꙋ҂ѧжꙗ҆. Зборовите *ӣрӯӣ*, *ӣнусӑн*, *руӣа*, *нужда* и сл. ги објаснува како остатоци од редувањето на ѫ со ѻꙋ, познато нашироко уште во старословенскиот јазик. Според Мирчев и во *бубреӣ* имаме старо *у* (стсл. ѻꙋвр҃гъ), а не рефлекс на ѫ од формата ѧвр҃гъ, која, ако воопшто постоела, во стсл. јазик била вторична (НГ, 9—11).

Проф. Б. Конески за лексемите *куќа*, *врук'ина* и др. укажува дека се пренесувале од север кон југ во меѓудијалектен контакт, за ширењето на зборовите *суд* и *судија* посредници биле црковниот јазик и јазикот на администрацијата, а сигурно е дека припомогнала и потребата да се отклони омонимијата меѓу *сад* (чинија) и *сад* (правно тело) — Б. К., Историја, 49, 50.

Во примерите *ӣӧӣук*, *ӣӧӣка*, *наӣӧӣнува*, *ӣӯӣка*, *клӧбо* појавата на рефлексите *о*, *у* од ѫ може да се објасни со влијание од соседните *б*, *ӣ* во смисла на лабијализација.

За зборот *кукӧл'* стсл. кѫколь не може да се претпостави влијание од посеверните говори, бидејќи во Дојранско и Струмичко тој се јавува во формата *к(ӑ)ркӧл'*, а истава форма се шири и прилично на североисток[61].

Во примерите што бараат посебно објаснување, освен *кукӧл'*, треба да се споменат уште: *ӣӯжба* (*ӣӯжва*), иако и овде возможно е да се претпостави лабијализација од индиректниот допир со *б* (*в*), натаму останува уште: *жилӯдник*, *жӑлӯдник*.

Случаите со ѫ > *а* во примерите *ӣаӣук* и *ваӣӑр* забележани во пунктот Мутулово, последниот пример (*ваӣӑр*) уште се јавува и во Амбар Ќој, не можеме да ги толкуваме инаку, освен како изолирана појава не без влијание на месниот, струмички изговор.

2.154. Општата форма кај именките од *а*-основи завршува на -*а*: *Нӗ нӑјдӗ́л ни вичӗ́ра, ни кӑ́мин*; *и-ӣӑ-зӑкӑчи́л нӑ-мајкӑ́-му сус-кӑрли́куӣ*; *и ӣӑ-уӣӗ́ӣуве нӑ-бӑ́баӣа*. Романски

[61] Б. Видоески, MJ, г. IV, бр. 7, стр. 161.

(ДВГ, 121), мисли, погрешно, дека тоа се должи на широката артикулација на неакцентираното *ă*, со што односниов вокал се приближува до редуцирано, неакцентирано *а*. „Оттука и *а* во формите за акузатив ед., кај именките на *а*-основи (*цăрква, цăрквата, книīа, свијна, левата мишка, вода* 93 и др.), за кои зборуваат Мирчев 451 и Иванов 74; нивната појава е олеснета и од општиот стремеж на говорот за јасна артикулација на крајните вокали. Таму пак каде вокалот паѓа под акцент, се јавува *ă*: *сăта таја īодина* 95, *сăноќ* 97 и сл". Примерот, со јасен изговор, на акцентираното *а*: *нă-мăјкá-му*, што ние намерно го одбравме, јасно укажува дека Романски направил превид, имено дека *ѫ* во флексивните морфеми, за разлика од коренските се рефлектира во *а*.

2.155. Кратката акузативна форма од 'она' гласи *а, īа* односно *ă, īă* (со редукција): *нăпăлнуве īă вóда* (*чéшта*), *стáне злáто*; *неă īă-зăстăнáх да-а-пúтум*; *а-зéх ут-тéјко*; *īă-фă-тúли нă-лишúцта и īă-рăсипáли*; *īă-уднисéли нă-мајкá-му нă-кăтут*. Интересни случаи на асимилација забележуваме кога акузативната се наоѓа покрај дативната форма: *мā* (< *му īа*) *нусú мájка*; *нé мā* (< *му ја*) *дáвум зă-пáри*; *мā искăрáл пăрчката*; *дă-мā дáх пóáрно к'и-бúше*.

2.156. **ѫ во глаголските наставки**. — Во 3л. мн. презент среќаваме *а*, кое често, особено во соседство со сонантите *р, л*, и *н*, се редуцира во *ă*: *јáдат, пúат* и *стáнăт си-вăрвăт*; *и флéзат уф-аднá īрăдúна, дéка нéма нóīо нарóт и сéднăт нă-аднá máса*; *ублéчат-īу зéтут и кáчăт сă на-пăјтóнут и тăрīúнăт*; кај глаголите со општ дел на вокал: *сè там стóот*; *ич не знáат да-кáжăт*; *да-сă-измúăт*; *цел ден жнúăт*.

2.1561. Во 3л. мн. аор. исто така се јавува вокалот *а*: *викнáа, īлидáа, купувáа*, или со редукција: *измислúа, запалúа, сă-изīурéа* Гăр; во Градобор: *пустујáха, изīурéха, викнáха*. Според С. Романски „појавата на *а* м. очекуваното *ă* (од *ѫ*) во аористните и *л*-формите како *кренáа* 111, *не биндисáа* 113, *пăднáле* 101, *спăрснáл* 105, *сă вăрнáл* 268, *запинáла* 269 и сл., се должи на аналошкото израмнување со истите форми од глаголи со инфинитивна основа на *-а*, сп. *тепа* (*īу фати, īу тепа, тепа, īу тисна уф един дол . . . нема, немало масло* 98 и сл.") (ДВГ, 121); значи, како што зборуваше и за

општата форма на именките од *а-* основи, и овде тој погрешно очекува резултат *ă* од *ѧ*.

2.1562. Истиот резултат за *ѧ* се јавува и во 3л. мн. имперф.: *ви́каа*, *и́маа*, со асимилација: *кро́ја̄* (< *кројаа* < *кроеја*), *жни́(ј)а̄* (< *жниеја*), *вӑршаа* // *вӑршā* (< *вӑршеа*), во Град: *ви́каха*, *но́сиха*, исто така се чува *х* и во дојранскиот говор (ДГ, 29); сп. уште кај глаголите со суфикс *-на-*: *сӑ-сӯ-на́*, *рӣ-на́*, *шӯ-на́*, *сӑ-слим-на́-л*, *исӯӑд-на́-ла*, *исӯӑд-на́-ли*.

2.1563. Во 1л. ед. през. редовно се јавува наставката *-ум*: *ез*, *цар бидејк'и*, *не можум дӑ дусто̄јум*; *ако ја́дум*, *вике ше̄ ірошл*, *ше̄лашто̄ум ше̄тна́јсе*, само во Град се употребуваат наставките *-ам* и *-ум*: *к'и шӑ-ши́што̄ум*, *к'и знајш*?; *к'и-о́дум дӑ ви ко́сум*, но: *к'и бе́јӑм*, *не са́кӑм*. За тоа како се добило *-у-* во наставката *-ум* има различни искажувања. Според Д. Иванов (ГГ, 43—45) „... сите глаголи без исклучок во 1л. ед. през. завршуваат на *-ум*, што не е ништо друго освен лабијализирано *ă* од *а-*, *о-* пред *м*, како што се лабијализирало *ă* пред *м* во *осум*, *седум*, *сум* (в. A. Mazon, Contes Slaves, ..., 14; V. Oblak, Macedonische Studien, 14 ...)". Според Л. Милетич (КОГГ, 54) „... наставката *-ум*, на пр. *ше̄ле́што̄ум*, *мо́л'ум* ... не може инаку да се објасни освен дека тука се јавува случај на редуцирано, во отсуство на акцент, *о* во *у*, што значи дека наст. *-ум* ја заменува постарата *-ом*, на пр. *ше̄ле́што̄ом*, *мо́л'ом* ... Затоа треба да се претпостави дека формата *ше̄ле́што̄ум* се развила од постарата форма *ше̄ле́шъм*. Прашањето е дали тоа станало директно, со „лабијализација" на еровиот вокал (Д. Иванов, 43) или со посредство на изјаснување на *ъ* во *о*, кое понатаму поради влијание на *-м* и поради безакцентност се лабијализирало во *у*. Последново објаснение е поприемливо (Романски, МПр, VIII, 1, 136). Според тоа се налага да се прими како средна фаза постоењето на формата *ше̄ле́што̄ом*" — понатаму Милетич наведува примери од северните гевгелиски села: *ими о̄т што̄уа сом*, *к'е си саком*, *к'-идом*, *саком да шијом*, *нема шо да а̄ном*.

Поинакво мислење има В. Думев (ВГ, 60): „... формите на *-ум* се среќаваат и во воденскиот говор, само кај глаголи на суфикс *-увам*: *не кӯпу́м што̄ӑква́ сто́ка*; *кӯпу́м* е од *кӯпу́вӑм* → *кӯпу́ӑм* → *кӯпу́м*, т.е. со отпаѓање на *в*, а потоа и на *ă* ... Верувам дека овие размислувања посигурно ги објаснуваат

формите на *-ум* во кукушкиот и гевгелискиот говор. Во тие говори таа наставка се наложила скоро во сите глаголи".

2.1564. 3л. мн. презент од помошниот глагол 'сум' гласи *сă* (стсл. сѫтъ): *они сă-дуjдéли ӣрăд-нáс*; *сă-сă-нăфнужúли*; *буӣáӣи сă-бúли*.

2.16. **Континуација на еровите.** — Во поглед на замената на еровите кукушкиот говор, иако основно се вклучува во широкиот ареал македонски говори[62] во кои ъ > *о*, ь > *е*, покажува колебања, во смисла на зачувување на првобитниот изговор. Со оваа особеност кукушкиот говор се јавува како преоден меѓу крајните југоисточни говори во Солунско (Сухо и Висока) каде што во голем број случаи, во коренот на зборот на местото на големиот *ер* има темен глас[63] и централните македонски говори во кои ъ дало *о*.

2.161. **Сп. примери** ъ > *о*: *уд бóзăл' сă-ӣráве* Пат, во Крец: *бóзил'*, *бóчува*, *бóчувáр* Кук, *вóнка* (стсл. вънъ), *вункă-шнúчуф* 'епилептичар' Гăр, Романски оваа лексема ја дава без редукција: *вонкашничови* (с. 117), *вóшка*, *вушлéсин* 'оној што има вошки' Иц, *дош* (: *вăрни*, *вăрни дош*, *дă-си-нájдум ӣрóш*) Гăр, *дуждóвна* (*ӣудúна бúше*) Бег, *нă-зóлва-ми* (стсл. злъва) Ним, *кóӣа сă-вăрúниш*? (стсл. къгъда) Ал, *мухувúнӣа исăнá* Крец, *нóшва* Ал, во Грам: *нóшува* (стсл. нъштвъ) — скоро во сите испитани пунктови се јавува во ед. форма, *сóӣка*, *сóӣнăн којн*, *сă-суӣнáх — ӣăднáх*, *дă-му-ӣúриш сóӣка*, *сон*, *нă-сóне*, *о-сунувáх ӣéjко*, *сунлúф бúше* Гăр; кај заменските форми: *ӣо*, *во* (*чувéк*, *дéӣе*) АḰ.

Од солунските села пунктот Негован, изложен на влијанија што доаѓаат од север, најмногу се приближува кон кукушкиот говор, таму како што рековме ѣ и во акцентирани слогови се рефлектира во *е*, а освен тоа во средината на зборoформите покрај доминантното *ă* (од *ъ) се јавува исто така и *о*[64]. Ваква двојност забележуваме и во Кукушко,

---

[62] За застапеноста на рефлексите на еровите во македонските дијалекти в. V. Oblak, цит. раб., стр. 12, 14; К. Мирчевъ, Неврокопскиятъ говоръ, стр. 11, 15; Б. Видоески, Кумановскиот говор, стр. 40, 41; Б. Конески, Историја ..., стр. 35—39.

[63] З. Голомб, MJ, XIII—XIV, кн. 1—2, стр. 232.

[64] M. Małecki, O zróżnicowaniu gwar Bogdańska w pd. — wschodniej Macedonij, Lud Słowiański, III, 1, 1936, str. 90—106.

како што рековме, само што таму, основен се јавува резултатот ъ > *о*.

Сп. *ка̑сно* (*са̑ вӑри́не*), *дӑ-не́-си-до́јш ка̑снуш̄о*, *зӑкӑснéх* (стсл. късн҃ти), *ма̑кне*: *ус-мӑкна́лш̄о к'и-ма̑кнш* Гола, *нӑ-мӑкна́а куш̄у свидо́ци* АЌ, *ѣлеј дӑ-са-изма̑кнш* 'гледај да побегнеш' (стсл. мъкнжти сѧ), *са̑не* 'се суши'; *к'и-иса̑нӑш̄ ак не му-ш̄у́риш во́да* Гола; *иса̑на́ла мӑло́кш̄а* (вид цвеќе) Ним (стсл. съхнжти); *не́коо да̑ска му-не́ма* 'не се контролира' (стсл. дъска).

Ваквиот резултат особено е изразен во ориентирниот пункт кон Серско Савек во кој ъ редовно дало *ӑ*: *ва̑нка*, *бӑ́чва*, *бӑзӑни́к* (: бозел), *за̑лва*, *роси́ дӑш*, *мӑ́о* (: мов), *снӑа*, *две снӑи*, *нӑ-са̑н-ли*?

Во Градобор оваа особеност не е толку присутна, таму покрај *да̑ска*, *сна̑ха*, *ела сна̑хо*, запишавме и примери со вокализиран ъ: *бо́зел'*, *во́шка*, *зо́лва*.

С. Романски во еден контекст со *ер* голем и *ер* мал ги разгледува и вторичните вокали и задржувајќи се на примерите: *Бӑдник*, *лӑжа*, *мӑѣла*, *мӑска*, заклучува дека долновардарскиот говор не бил целосно опфатен од првата вокализација, т.е. овој фонетски процес во односниов говор „останал недовршен". Тој мисли дека задржувањето на темниот еров гласеж во посочените примери било спомогнато од соседните забновенечни и уснени консонанти (м, н, б, в, и л) и тоа го поткрепува со примери од суфиксните слогови: *за́лӑк*, *ре́кӑл*. Натаму завршува: вокализацијата ъ > *о* во долновардарските говори започната првично во определени случаи (суфиксни слогови) и на определено место, почнала да губи сила пред да ги опфати сите случаи со ь и ъ во „силна позиција" (ДВГ, 119).

Во повеќето од испитаните пунктови, наместо стсл. сн҃ъха среќаваме: *сна́а*, *сна́ӑш̄а*, исклучок прави селото Мутулово, таму ја забележивме формата *сна̑ха*, истава форма, со невокализиран *ер* голем, се јавува и во Градобор (*снӑха*) и во Савек: *снӑа*. Но последниве две села се контролни, гранични со Солунско и Серско, кои и не спаѓаат во Кукушко, тоа особено важи за Савек. Лексемата со ваква форма, со *а* место ъ, покрива голем дел од македонските говори. М. Петрушев-

ски претпоставува дека во случајов се работи за секундарен глас[65].

2.162. Резултатот *о* < ъ најредовно, без исклучок, се јавува во суфиксните слогови. Не е ни чудно, бидејќи процесот на вокализацијата овие ерови првично ги засегнал, а освен тоа некои од нив, на пр. суфиксот *-ок* <-ък се јавува со особена експанзивност, па во таква, вокализирана форма, се среќава и во Солунско. Според Голомб, во конкретниот случај се работи за позајмување на „готов суфикс", а не за фонетски процес (ДМГ, МЈ, XIII—XIV, с. 233).

Законот за редукција на неакцентираните вокали, особено во средината на зборо̀формите, не ги одминал ни случаите со о < ъ. Сп.:

-ък > *-ок* (односно *-ук*): *вȁшук*, *купȉшук* (: копито), *шéсук* (и *шисóк*), *шишóк* (и *шéшук*), *Вéлики читвȁршук*, *рȁчóк*, *крóшук*, *сунúсук* (: низок), *дубúшук*, *истрéсук* 'последното дете во семејството'.

Како што спомнавме, во пунктовите: Мор, Ал, Шек, Ним запишавме *шȁшȁк* 'папок', веруваме дека овде во суфиксот *-ȁк* не се работи за чување на стариот изговор за ъ, туку за аналошко израмнување спрема *-ȁ-* во коренскиот слог, потпомогнато и со редукција, бидејќи иако ретко, сепак овде се јавува и резултатот *ȁ* за редуцирано *о* (в. т. 2.5.131.).

Зборувајќи за изјаснувањето на ъ во *о*, односно *у*, треба уште да се спомене членската морфема која во јужните села се јавува во полна форма: *кȁшȁк-ут*, *нȁ-шúнук-ут ме-ј* Град, *изúк-ут* (: јазикот), *висóк-ут* (: високиот) АЌ, Иц, *зȁб-ут*, *мирȁк-ут* Бег, а во северните, Карадагот превладува неполната форма: *дикȁн-о*, *к'ишéк-о*, *чéшȁл'-о*, но *зȁлук-ут* (*си-ĩу-дȁве*) 'се кажува за човек што е многу дарежлив' Шек. Сп. уште: *кȁкóф*, *шȁкóф*, *сéкȁкоф*.

2.163. Исто така и во префиксите ъ обично се изјаснил во *о*, а бидејќи акцентот ретко се префрла врз префиксите, со исклучок на императивните форми за 2л. ед., затоа и резултатот е обично ъ > *о* > *у*: *сукȁрши́*, со редупликација: *сускȁрши́* (*к'ирми́јше*), *сускинá шúнците*, *субури́ скéл'то*, *субујá шȁшýцто*, но: *сóбуј-сȁ*, *шóсул' јáдинто* (2л. ед. импер.).

[65] М. Петрушевски, Неколку експресивни зборови од охридскиот говор, МЈ, г. VI, кн. 1, стр. 51.

Ретки се префиксите во кои се јавува *ă* < ъ : *ним мăри́ ќо-о-сăбо́рии* Гăр. Овде, како што се гледа, не може да стане збор за аналошко израмнување, значи останува да претпоставиме или дека вокализацијата не го опфатила односниов случај, или пак дека се работи за редукција, што е многу поверојатно: *о* > *ă*.

Има случаи во кои префиксот се редуцира со елизија на вокалот, сп. *трибу́ве дă-збе́рме литни́нта* (: собереме), *к'и-сă-скри́е* (: сокрие).

Понеобичен е случајот со префиксираниот глагол 'врие', кој се јавува во формата *за́врe*: *о́стај-ти не́ка за́врăт*, во аор.: *зăвре́* (*во́ота*) Ним.

Кај предлозите *въ* и *съ* големиот ер исто така се изјаснил во *о*, но овде процесот е малку посложен, за тоа в.т. 2.5. 130.; сп. *уф-дик'а́но бих*, *уф-рăки́а к'и-ги-ту́рии*, *ус-тра́афта рăка*, *ус-о́рлите не́ к'и-живе́е* Коц.

2.17. **Континуација на** ь. — Како кај големиот ер, и овде вокализацијата не се јавува во чист вид. Навистина резултатот ь > *е* е многу обичен, скоро регуларен, но исто така се среќаваат и мал број лексеми во кои се задржала артикулацијата на полугласникот. Интересно е дека истите примери, со спомнатава фонетска особеност имаат широка распространетост, односно се присутни насекаде во испитуваниов говор.

2.171. Примери за основната замена ь > *е*: *дине́ска* (пообично: *ва́адин*), *ден визде́н*, *уд Вили́гдин нана́ки* (: Велигден), *ле́ка Мари́а* 'жена со лесно поведение', исто така и за маж кој не е доволно сериозен, *гуле́нка* и: *гуле́чка* (*си гув о́ре*), *уф-се́гăшно вре́ме*, *се́гичка* (в. понатаму за деминутивизација на прилозите), *те́мно* (*би́ше*), *рок тимни́ца*, *уф ади́н те́син сука́к*.

2.172. Сп. примери во кои малиот *ер* не се вокализирал: *лъ́ске* 'блеска', *лъсна́л но́жо* Ал, (стсл. блъсти), *лъ́скувчета* Ним (мн. од *лъ́скувче* 'светулка', срхр '*свитац*') во Гăр: *блъ́скувче*. Кор. блъс-(лъс-), не без влијание на групата *ль/ъл*, широко е распространет во југоисточните говори; го имаме забележано уште во Дојранско, Гевгелиско, Струмичко. Со затворена регионалност се јавува лексемата *цъ́кло*: *би́стăр кутu*

цакло, го забележивме во Крецово (стсл. стькло, рус. сшекло), има и други примери во кои денталите ш, g со проструј-ното *с* поминале во африкатот ц, во Градобор ја забележивме формата *стáкло*; уште: сшабло, сшабла 'дебела гранка' Мут: (: нар'gume Сштабла, сшабла), стсл. стьбло и стьбль, рус. *стебель*, во Патарос со аналогија спрема групата *-ъл-* се добило: сшалбо.

2.173. Побудува интерес формата на прилогот 'еднаш' кој овде се јавува и како agноiu Пат (заagн6ч Ал, заgн6 и Иц) и како еgнуш Бег (иднуш Град). Според Голомб < *édь-пъžь (ДМГ, 233), а С. Романски објаснува дека се работи за вторичен ер < ѫ (ДВГ, 118).

2.174. Во суфиксите редовен рефлекс за ь се јавува *е*, ако не е под акцент се редуцира во и:

-ьл: *куше́л* Бег, Ним, урел Грам (во Алексово: 6рла), uишел, че*шáл*' Крец, Кал,

-ьн: болин Иц, Ал, *ілáдин*, gребин Шек, Пост, uумешин Кук,

-ьц: вениц Драг, Мут (стсл. вѣньць), *скáкáлиц* Ал, маршувец Грам, м6лиц АḰ (во Пат: *мáлк*),

-ьнце: шелинце, gешинце Мор, Гăр, uилинце, мач'нце Грам, Шек.

2.175. Коренот чьт- во овој говор, за разлика од централните, поминал во чеш- (чешум, чеши и), со редукција: *прáчишéх* Гăр.

2.18. **Секундарниот ер**. — Развитокот на секундарниот ер во кукушкиот говор, во општи црти се поклопува со оној во другите долновардарски говори. На пр. заеднички е резултатот *ă* во коренот на зборо-формите. Но, исто така се јавуваат и некои специфичности со кои се разграничува дури и самиот кукушки говор, односно се изделува говорот во јужните села од оној во северните. Така, доследната замена на групата *-tmъ со -tum е особеност само на пунктовите од јужниот, полски говор.

Како што рековме во коренските слогови одредени консонантски групи се разлагаат со развивање на *ă*: бagни вечир Крец, Бagник 'вечарша сиурши Божиќ' Град, *лăжичáрин* 'оној што лаже', исто: лажичарка Ал, лажіуман (со комби-

нација од *лăжĭо* и *лăжуман*), уште: *мăĭла*, *мăĭлил'áво* (*време*) Мор, *мăска*: *кутӣу мăска се-ј чинúла* Гăр.

2.181. Групата **-trъ* > *-tăr*: *бúстăр* (*извур*) Ним, Шек, во пунктот Гола запишавме: *бúстир*, а тоа како да укажува на првична форма **-trь* > *-ter*; *вéтăр* (*гýу*) Гăр. Во врска со неинтензивниот изговор на неакцентираните вокали, се случува вторичниот *ер* да се јави и со поширок изговор, приближувајќи се кон *а*: *úтăр*, *вéтăр* План, Ал, *édăр* (*урúс*) Кал, Мал, *мóкăр* (: *мóкăр уд-дóш не сă-бóо*) Гăр, *óдăр*: *дăзбéриш óдăрто* (*титу́но*) Ним. Поинаков резултат се јавува само во лексемата: *свéкур* Крец, Пат, Град, *нă-свéкурӣт* АЌ, така е во повеќето испитани пунктови, темен вокал забележивме само во Савек: *свéкăр*.

2.182. За групата **-tl̥ь* среќаваме *-tol*: *ӣикóл* (: стсл. пьклъ) АЌ, Пат, со исто значење: *кăтрáн* АЌ, во Мут, Град акцентот е на првиот слог, па оттаму се редуцира *-о-* во вториот слог: *ӣéкул*; *уф-ӣéкулӣт* Гум, во Ал : *ӣéкăл*.

Во глаголската *л*-форма од примерите: *рéкăл*, *утúшăл*, *излéĭăл*, тешко е да се рече дали се работи за вторичен вокал *ă*, или пак за редукција *о* > *ă*, по аналогија со групата *ъл*. Дури, пак во врска со неинтензивниот изговор на неакцентираните вокали, изговорот *ăл* се приближува кон *ал*: *рéкăл* Крец. С. Романски запишал покрај *рéкăл* и *рéкал* (ДВГ, 122).

Различните резултати од редукција на вокалите, како што може да се заклучи, создаваат сериозни тешкотии во одредувањето на она што е првично. Така во пунктот Шекерлија и Беглерија запишавме *чéшăл'* и на прв поглед би се согласиле дека се работи за вторичен вокал *ă*, но во Гавал'анци сме забележиле *чéшил'*, што обратно не упатува на резултатот *-ел* < **-tl̥ь*.

2.183. Секундарниот *ер* што ја разложува групата **-tmъ*, како што рековме, се јавува како различителен белег меѓу говорот во Карадагот и оној во Полето. Во јужните полски села резултатот **-tmъ* > *-ум* е спроведен консеквентно, оп. *сéдум*, *óсум* Бегл, Иц, АЌ, *сéдумдéсиӣт*, *óсумдéсиӣт* Драг, *сéдумстутúни*, *óсумстутúни* Коц, истата состојба ја забележуваме и во 1л. ед. од *'сум'* и во наставката за 1л. ед.: *óдум*, *убúждум-ӣи нă-ӣăӣе* Коц, во некои од односниве пунктови се јавува наставка *-ум* дури и кај глаголите со општ

дел на вокал: *пи́ум* (*зă мој пắри*), *că-сме́ум* Коц, во АḰ: *ич не јаде́л-сум леп, ви́кум, ле́дум, бро́јум*, исто така и во Пост: *жни́ум* (*цел ден сам*), *к'и-că ми́ум*. Во Иџеларе: *ма́лзум, пе́рум*, но: *că-мим, к'и-că-скри́м*, во Гăр: *шắм си-сто́м, пи-бро́м* (*пу-ре́т*), во Крец: *о́рум, це́пум*, но: *жни́м, ве́м, că-сме́м, кро́м, сто́м*.

Од ова прави исклучок говорот во Град, таму забележивме исто така *се́дум, о́сум, усумна́јста пудина, седумде́сит, осумде́сит*, но во глаголските форми како да доминира наставката *-ăм*: *фо́дăм, пра́вăм јурпа́ни; не́јкăм, ви́кăм, бе́пăм*, но: *ви́дум*, исто така и во помошниот глагол: *сăм уди́л*.

Во селата на север од Кукуш се мешаат групите *-ăм* и *-ум*; *-ăм* се јавува во *се́дăм* (возможно за да се избегне омонимијата со гл. *се́дум* 1. 'седам', 2. 'живеам'), а *-ум* во *о́сум, усумдăсе́*; вака ги имаме запишано односниве броеви во повеќе пунктови: Ним, Шек, Мал, План, а според пишани материјали и во градскиот говор се употребуваат истиве форми: *се́дăм, о́сум, сăдăмдăсе́, усумдăсе́* (СбНУ, дел I, к. III, с. 9—11). Има села во кои групата *-ăм* се јавува и во едниот и во другиот случај: *се́дăм, о́сăм, седăмдăсе́, осăмдăсе́, се́дăмстушпи́ни* Ал, Мор, Грам, Гола, но во глаголските форми (1л. ед. през.) превладува групата *-ум*: *că но́сум пу-пра́ци, к'и-că-суб'у́м* Гола, *дă-că-пăрше́тум, стăрпум, ви́кум* Мал, *пу-на́шо пув'о́рум*, но *сум* и *сăм, ви́ждăм* Грам, *ви́кум, те́пум*, но: *ас сăм до́нсăна* Мор; *не́мум, д-и́мум к'-ит-да́дум, не сум изле́пăл* Ал, *сăм пи-виждăл*, но: *ас сум că-уми́рне* Пат.

2.184. Разлагањето на групата **-tnъ* со *и*: *о́пин* (сп. стсл. **огнь**) е широко распространета појава, не само во долновардарските говори. Како специфичност за кукушкиот, а и за дојранскиот говор (ДГ, 32) е антиципацијата на мекоста: *о́пин* Драг, сп. од истиот говор: *кра́јфте* (: кравите), *тӱ́јл'те* (: тулите) и др. Спрема Селишчев[66] ова *и* е добиено од **ь**, преку *е*, кое под влијание на мекото *н* дало *и*.

Вокалот *и*, како секундарен вокал, се јавува и во кор. *сим-* : *усимна́, к'и-уси́мне* (*стăнува́јте*) Мор, стсл. **осѣнь-**, истава форма од Долновардарско ја споменува и Романски:

---

[66] А. Селищев, Полог и его болгарское население, София, 1929, стр. 308.

да усúмне (ДВГ, 118). Инаку, односнава група *-см-* почесто ја раздвојува *-ă-*: *к'и-усăмне* Бег, Ним, Ир, Пост, Ал, така е и во градот Кукуш (СбНУ, op. cit. с. 9—11). Во Амбар Ќој ѕвездата Деница ја викаат *сăмнýл'ка*.

И во групата цвь- се јавува како секундарен гласот *ă*: *цăфт̄е, рăсцăфт̄é* Крец, *нóĭо сúт̄ни цăфчúна дáве* Грам.

2.185. **Замена на ѣ.** — Со континуантот *е* < ѣ кукушкиот говор се вклопува во заедничкиот ареал на македонските дијалекти, а се одделува од соседните говори: солунскиот, на југ, во кој во акцентирани слогови се чува широкиот изговор: *чув'äк, л'äĭ, м'äст̄у, в'äк* (ДМГ, 219) и серскиот, на исток, во кој според нашите белешки од пунктот Савек среќаваме: *ĭол'ámo, л'аĭ, кол'áно, н'ákoj* (*збор*), *ш̄'áсто*. Со ваков, упростен шесточлен вокален систем, без *ä*, се одликува и говорот на некои солунски села, пр. М. Малецки од пунктот Негован наведува: *нéкн'и, лéт̄у, лéбу, ст̄рéда, снек, ст̄рéла, ĭнéзду*[67]. Ист ваков изговор забележавме во село Градобор: *цéва, цéĭуви, цéдăм, дéт̄и, фăш̄úло ĭлéсна* (мувла), *леĭ, ш̄éст̄у, лéш̄у, лéш̄т̄у, бел, бéла*.

Она што претставува специфичност за кукушкиот говор е тоа што ѣ дало *е*, независно од карактерот на соседните гласови. Така, освен во примерите *дéу-ш̄и* (< *дедо-ш̄и*) *Глиĭóр* Гăр, *млéкто* (*истичé*) Ним, *дă-не măрднум уд-мéсто* (клетва) Грам, *вéниц, вéнче* Крец, *му-зé мéркаш̄а* 'го казни' Ал, истиот континуант се јавува и во групата цѣ-: *цидúлка* Гăр (<цедилка — со редукција), во Гав *цидúло*, а во Иц *цидáл'ка, ĭăцéдум, дă-ĭрăцéдат* Ал, *цéлина* 'необработена нива', *цéĭуве* 'прачки, се стават во преѓата, кога се ткае да не се мешаат нишките' Пат, *цéĭе* (*к'и-ш̄-рăсцéĭум ĭлáфш̄а*) Кал, *циĭиниúца* '*цеĭаница*' Грам, *цéт̄ка, цел* Ним.

Со ваквата континуација на групата цѣ- кукушкиот говор, исто и дојранскиот, се изделува не само од другите долновардарски говори (во Гевгелиско: *цал, цáва, цáло, цáдум, цадúлка* — ГГ, 74,94; во Воденско *цăлúвам, цáдăм, цáĭăм*,

[67] M. Małecki, O zróżnicowaniu gwar Bogdańska w pd. — wschodniej Macedonij, Lud Słowiański, III, 1, 1936, str. 96.

цӑди́лка, ВГ, 23), туку и од говорите северно од Беласица: струмичкиот, радовишкиот, малешевскиот, штипскиот[68].

С. Романски како исклучок го наведува примерот *рӑци* (*закл'учени рӑци*), форма спомната и од Иванов (ГГ, 74) и ја објаснува со аналогија според другите мн. форми на *и* (ДВГ, 116). Обратно, Д. Мирчев ги дава формите *рӑце*, *но́зе*. Според нашите истражувања и двете форми се обични во односниве говори, а тоа особено се потврдува во членуваните форми: *рӑцто*, *но́јсто* (: *рӑце-то*, *но́зе-то*), покрај *рӑцте*, *но́јсте* (:*рӑци-те*, *но́зи-те*). Се определуваме за членуваните форми, бидејќи оние без член (*рӑце* и *рӑци*), поради редукцијата тешко се разграничуваат.

Натаму тој како интересни ги наведува примерите *вилја́л* (од стсл. вѣлѣти), *пувилја́л* (првиот од кукушкиот говор) во кои широкиот изговор на ѣ „претставува добар пример како дадени форми од еден говор можат во поодделни случаи да проникнат во друг, соседен говор во вид на лексичка заемка“ (ДВГ, 117).

Во Дојранско, во с. Николич, Аканџалија па и Фурка среќаваме широк изговор на местото од стсл. вокал ѣ во имперфектните форми од '*сум*', стсл. бѣхъ: *уф-ни́х бјах*, *за́дно бја́хме* Ник, *ка бах свира́ч* Фур; *измика́рин бах* Ак.

Според Л. Милетич „треба да се истакне дека во Гевгелиско, во северниот дел, се јавуваат забележливи траги од широкиот стсл. гласеж *ä* на вокалот ѣ особено во имперфектната форма, стсл. бѣхъ, во коренски слогови по *ц* и *с*, во префиксот пѫть-, сп.: *бес крај бáа* Мир, *кни́ште бáа гра́чки* Ков, *дваjсе ӑ́ри башка́ бáа* Ков, *ни бáме тáмо* П. Се среќава и редукција на ѣ во *ӑ*: *не бӑ́х у ку́ќта* Г, *де́ца ка́ бӑ́хме* Ков, *бӑ́а зве́зди* (КОГГ, 57) . . . доста чести и интересни се покажуваат примерите со *а* м. ѣ: *пра́ко су́до* Мир, *праса́ка* (стсл. пѫтьска) *што е било* Ков, *прасе́ката е меѓа* Мир, *испа́ѓе на прасе́ката* См, *прад ме́не умре́но* Мир, *зема́та прабӑ́рнах* Ков, *по пра́ко гӑ́рбот се пукна́л* Ков“ — ib., 58.

---

[68] Т. Маневиќ *цѣ- > ца-* во некои македонски говори, МЈ, III, 1952, бр. 1—2, стр. 35—37: *цадилка*, *цафки*, *цанил се* (од Штипско); М. Кушевски, Делчевски градски говор, МЈ, IX, 1958, стр. 70: *цада*, *цадило*; К. Пеев, Белешки за лексиката и фразеологијата од Струмичко, МЈ, XIX, 1968 : *цал'на* (зн. ледина), *цадилка*.

Милетич, во овој случај, направил неколку превиди. Прво, во широкиот изговор во имперфектните форми во Гевгелиско (*бјах*, *баа*) не мора да се кријат траги од некогашниот широк изговор на ѣ, туку може да се претпостави дека се работи за нова појава, асимилација, во 3л. мн.: *беа* > *баа*, а потоа таа се наложила и на другите лица; сп. *н'аа* (< *неа*), *н'оо* (< *неīо*). Ова наше мислење може донекаде да се сфати како хипотетично (ДГ, 33), многу посигурно е дека се работи за превид кога Милетич во: *ӣра́ко* (*су́го*), *ӣрад* (*ме́не*), *ӣрасе́ка̄а* гледа замена на ѣ со *а*. Јасно е дека овде се работи за редукција на неакцентираното *е*, кое во соседство со сонантот *р* се повело по групите *ăр* / *рă*, и место очекуваната редукција *е* > *и*, сме добиле *е* > *ă*, а ова *ă* поради неинтензивниот изговор на неакцентираните вокали, можело да се сфати и како *а*.

2.19. **Континуанти на** ъı (**у*). — Со рефлексот *и* од старото ъı (**у*) кукушкиот говор се сложува со она што се среќава во македонскиот, па и пошироко во јужнословенските јазици.

Сепак во периферните пунктови што ги истражувавме, во веќе споменатите села Градобор и Савек во слогови без акцент и покрај тврди согласки се јавува поинаков резултат — темниот глас, што претставува една исклучителна појава во јужнословенските јазици. Се работи за глас што напомнува на руското ы, но со артикулација што се приближува кон *ă*.

Во литературата што се занимава со односнава проблематика досега се спомнуваше само селото Висока (Солунско), како говор во кој се слеал изговорот на **у* со **ъ* во сите позиции :*бăла* (:**byla*), *кăӣка* (:**kytъka*), *кăсалу* (*мл'ако*) (:**kysalo*), *мăшка* (:**myšьka*), *сăн* (:**synъ*) (ДМГ, 236).

Во Савек резултатот *ă* < ъı е позиционно ограничен, како што рековме, во акцентирани слогови се јавува замената *и* < ъı; сп.: *рăба́р* (но: *ри́ба*), *о-рăсӣă̄а́х* (: пита); сп. уште: *īудăна́к* (: годинак), *шăро́ко*, *ӣумăна́* (: помина), *шăва́чка и́ӣла*, *măсăро́к*, (но: *ми́ска*). Ј. Иванов зборувајќи за континуацијата на ъı во серско-драмските говори истакнува дека имаат еден континуант *и*, а во одделни пунктови и *ы*, но за разлика од нашите примери тие се под акцент: *ры́ба*, *ӣы́ква*, *мы́шка*,

сы́н. Интересно е дека не се споменува ни селото Савек, ни поширокатa област Демир Хисарско како подрачје во кое се јавува изговор *ă* за **y*.

3. Голомб проблемот на ъı го поврзува со судбината на полугласките и истакнува дека слевањето на **y* (ъı) со **ъ* во заеднички рефлекс *ă* е особеност на говорот во Висока. И навистина, и во Савек покрај ъı > *ă* и **ъ* дало *ă*, така покрај *рăбáр'* има и: *снằа*, *мăó* (: мох), *вằнка*, *бằчва*, *нăшкăвá*, *зằлва*, *бăзăни́к* (в.т. 2.161.).

Во Градобор бројот на примери во кои ъı дало *ă* е многу помал: *рăбáр*, сп. уште: *шăрóк*, *шăрóка* (: широк), *шăшáрка* (: шишарка), исто како и: *снăха*, *снăхо*.

Според В. Думев во воденскиот говор „само во зборот *шрăјăм*, стсл. тръıти, има остаток *ă* за ъı, како појава позната почесто во солунските села“ (ВГ, 23). Ова објаснување на Думев, за некаков остаток, нам ни е неприемливо, поверојатно е дека овде имаме аналошко израмнување спрема групата *рă* / *ăр*; сп. *прăкăжни́ца* 'приказна'.

2.20. **Континуанти на** р̥, л̥. — Како и во другите долновардарски говори еднородните јужнословенски фонеми **l̥* и **r̥* подлегнале на разбивање на групи од две фонеми, и наместо старата, една фонема — така на пр. до денеска е артикулирано или третирано *р̥* во српскохрватскиот јазик — се развила група од две фонеми, при кое втората вокална компонента е *ă*[69].

Веднаш да истакнеме дека гласот *ă* што се развил покрај вокалното *р̥* често пати се изговара неинтензивно, како да се работи само за обид за негова појава, па оттаму кај испитувачите на долновардарските говори не среќаваме комплетна установеност во бележењето на спомнативе гласови.

Како потврда на ова да споменеме дека во материјалите (според ДМГ, 238) од искусниот дијалектолог М. Малецки, од Солунско, среќаваме шест начини на бележење на вокалното *р̥* : 1. *р̥* (: *бр̥каш*), 2. *ᵊр̥* (: *ӣᵊр̥ву*), 3. *ᵊр̥ᵊ* (: *кᵊр̥ᵊӣа*), 4. *р̥ᵊ* (: *бр̥ᵊша*), 5. *ăр* (: *дăрву*), 6. *рă* (: *ӣрăскам*). Сепак превладуваат примери во кои континуантот на вокалното *р̥* ни се прет-

[69] N. S. Trubetzkoy, Grundzüge der Phonologie, str. 54. Цит. MJ, XIII—XIV, 236.

ставува како група фонеми, имено *р* + вокален елемент од типот на *ă*. Едно е сигурно: вокалниот елемент што го придружува сонантот *р* ја нема онаа интензивност и се изговара многу пократко отколку, да речеме, во крајните западни говори. Разликите во интензитетот на вокалните секвенци не успеавме докрај да ги определиме, а уште потешко беше да ги пренесеме и затоа се определивме само за знакот *ă*.

2.201. Во врска со дистрибуцијата на придружниот вокален елемент, во однос на *р*, треба да истакнеме неколку моменти; прво: во почетокот на зборформите вокалот *ă* по правило стои зад ликвидот: *ръш*, *ръшта*, *ръ́га* Град, *рънки* Драг, *ръблạк* 'парче од искршен сад, од него пијат вода кокошките', се употребува паралелно со *шутлák* Гăр, *рàґа*, *рăї'ésин* АḰ, во Мут; *ръждésин*, *ръждésуве*. Примери со обратен ред се реткост, сп. *Ăрсуво* 'име на село', ваков изговор забележивме во Мут, Крец, Пост, Ал, *ăрче* (глагол) Пат, *ăртуфто*, *ăрт* Гăр.

Во еднослоҗните зборови среќаваме и *ăр* и *рă*, но превладува *рă*: *брăс*, *ґрăт*, *ґрăв*, покрај *кăрв* и *крăв*, покрај *тăрăн* и *трăн* Крец, *сăрт* 1. 'било на планина' (: *ґу-сăртут óде*), 2.' 'рбет на човек' (: *нă-сăртут бил ґрăкăршин*) АḰ, *стăрф* // *мáмиц* (: *збрáх цăрве зă-стăрф*) Гăр, *крăс*, *врăс* (и: *нăвăрс*) *кáмино*, уште: *аднá врăс сме* 'на иста возраст сме', *сăрґ*, *црăн* и *цăрăн* Драг, во Град: *цăрин*, АḰ: *цăрин дроґ*, *тăрн* и *тăрăн* 'багрем' Ир, *вăр* 1. врв 2. 'теме' (: *мă-удри ґу вăрут*) АḰ, *Грăк* (*с... јáрина*, *нá-висóка ґлáнина*) Гăр.

Во средишните слогови вокалот може да стои и пред и зад *р*, но забележлива е тенденцијата да се обопшти првиот случај. Ова го забележил Романски и го истакнува како специфичност, особено кога зад групата *-ăр-* следуваат две согласки: *не са кăрстат* 93, *разкăрсниците* 93, *не кăрстено* 95, *измăрзнали* 95, *ґăрстен* 99, *ґăрсте* 107, *вăршник* 103, *сă тăрчкат* 109, обратните примери се реткост: *крăстосват* 93, *трăн* 103, *стрăпал'ка* 193 (ДВГ, 120). На ова прашање се задржал и З. Голомб „Крајниот резултат *ръ* // *рă*, или *ър* // *ăр* е независен од тоа дали по **r̥* доаѓа една или повеќе согласки (значи поинаку одошто во бугарскиот литературен јазик) ...“ (ДМГ, 238).

Нашите материјали исто така обилуваат со примери во кои вокалниот елемент е препозитивен во однос на сонан-

тот па дури и кога групата се наоѓа пред две согласки, сп. *вăрте́шка 'што сă-бе́рăт кала́ме'* (направа) Гăр; *ĭăрчма́к* 'грклан' : *ĭăрчма́куш к'и-ш-ĭу-измăкнум, уф-цăркваша* Крец, но *дă-сă-прăкрăстум* (*уз-ле́фша рăка*), од истиот пункт се и топонимите: *Вăрбăша* 'чешма', *Дăрĭоф* 'извор, место', *Крăсто* 'голем камен'; од Пат: *Трăнкаша* (место); *бăркáн урúс, ми-вăрши нóĭаша* 'ме боли', *скăрна* 'нечистотија', *нă-шăршино* (*место*) 'удрено', *к'и-ĭăрле́се* // *уĭрăздăве́ј, вăршúца* 'мала врата', *шăркăлáк* 'тркало', уште: 'круг', *нăбăрдúло* 'дел од разбојот', *вăрше́но* срхр. 'вилин коњиц', *вăршинúца* 'место каде што врти орачот', *шăкăр — шăкăр*: за вабење кокошки, но *дрăмка* Град; *рăскăвáш* ('рскавица), *измăрска* 'настинка', *ĭăржăлóк* 'полжав', *ĭăрĭуф* 'брз', *рăжино* (брашно), *бăрлóк* 'нечисто место', но: *прăфке* 'пафта со крилјата' Драг; *вăрбăнáкуш, вăршуĭлáва* 'вртоглавица', *извăршóлино* 'нешто округло', и: *вăршăлóчно, цăрвинáк* 'црвена земја', *óвăрш* 'место каде што врти орачот', *кăршáло 'нă ĭăрш'ше нă-кукóшкаша'* (коска), *вăрлúво мéсто* 'лошо', *дăрча, дăрчл'áва ĭудúна* 'кога продолжително врне' АḰ; *шăрнáрник* 'место со трње', *ĭăрвустúнка* 'крава која што првпат се тели', *шăрнáк* 'копито од овца, коза', *вăршшéц* 'многу лут сапун', *шшăрбл'áк* 'човек без заби', *нă-кăркáч* 'го носи детето на врат', *скăрнуф* 'нечист', *вăршóк* 'место в река каде што врти водата', но: *нăстрăнлúво мéсто* Мут, топ. *Гулéмăша Цăрква* Ал.

2.202. За застапеноста на рефлексот *ăр* од вокалното *р̥*, посебно за неговото влијание, многу указателни се примерите во кои имаме редукција *е* > *ă*, покрај *р*, наместо очекуваното *е* > *и*, натаму тоа *ă* се преметнува пред *р*, особено во претставката *ĭре-*: *ĭăрбýле* (: гребуле), *ĭăржúве* (: прежива), *ĭăрдéла* (: предела) 'големо стадо овци од повеќе газди' Крец, *ĭăршчé* (: претече) *бурúлшо* Ал, *ґýбăршо* (: ґубрето), *шăрсинúна* (: тресенина) 'волна што останува при влачењето' Драг, *ĭăркăлвино* (: прекăлвено — 'удрено' (место), *ĭăрметáрин* (: преметарин), *ĭăрĭилúца* (: препелица) АḰ.

По претставката *ĭре-* се повеле и *ĭри-* и *ĭро-* : *ĭăркáжуве* (: *ĭрикажуве*), *ĭăрвóј* (: *ĭривој*), *сă-ĭăрчéсшуве* (: *ĭрочесшуве*) Крец, *сáке дă-ĭăрбéриш дéчкăша* (: прибереш), *ĭо-ј лен адин лáф дă-ĭрăĭувóре* (: проговори) Пат, *ĭăркăжнúца* (: прикажница) Ал.

Овде треба да ја споменеме и групата *ăр* што се добила со метатеза од -ѓж- : *цéло тӑ́рбо* (: стсл. трѫвл), *óбӑ́рче* — мн. форма (: стсл. обрѫчь) Гӑр, *ӣӑ́рт* (: стсл. пѫтъ), *ӣӑ́рчка* (: *ак зи́мум адна ӣӑ́рчка*), *кӑ́рк* 'ткалезна штица за принесување леб во фурната' (: стсл. крѫгъ) Крец, *ӣӑ́рди* (: стсл. грѫдь).

Има и други случаи во кои среќаваме преметнување на редуцирани вокали пред *р*, не без влијание на групата *ăр*: *мӑ́рвӯлник* (: *мрӑ́вулник* 'мравјалник'), *уӣкӑ́рдéх* (: *уӣкрадех*) Драг, *Гӑ́рди́ӣте* (: *Градиште* 'место, остатоци од населба') Пост, *бӑ́рчéт*, *бӑ́рчéдуфци* (: *бра̄тучед*) АЌ, Пат, *уздӑ́рвéам* (: *оздравеам*) Шек, *бӑ́ршум* (: *бришум*); *ӣӑ́р-мéн* (: *ӣри*) Ал, *сӣурӣи цӑ́ркӑ́фта* (: *сӣроӣи*) Гӑр, *вурк'и́на* (: *врук'ина*) Ал, *стӑ́рӣутӣи́ни* 'паринки од риби' (: *стрӯ́ӣум штӣи́ци*) Пат, *дӑ́-ј ӣурдáде* (: *ӣрудаде*), *ӣурдӑ́дé* (*офӣиӣе*) АЌ, *Афурди́ӣта* 'лич. име' (: *Афруди́ӣта*: Афродита) Пат.

Оваа појава, освен во долновардарските, каде што се среќава со поизразита фреквенција, се јавува и во др. македонски говори[70].

2.203. **Вокалното** л̥. — Континуацијата на вокалното *л̥* ни се претставува слично како и кај вокалното *р̥*, имено покрај првобитниот сонант се развил одделен вокален елемент (*ă*), т.е. се добила група од 2 фонеми.

Сличноста ја забележуваме и во дистрибуцијата на сегментите, имено вокалниот елемент најчесто се јавува пред ликвидот: *кӑ́лк*, *кӑ́лкуӣ* (*мӑ́-бóле*) Мал, *вӑ́лна*, *вӑ́лнин*, *вӑ́лнушӣи́на* (*и́звáди вӑ́лнушӣи́нӣе нӑ́-рóса*) Ал, *вӑ́лк*, *вӑ́лчи́ца*, *вӑ́лчáрник* Грам, *кӑ́лнум*, *сӑ́-зӑкӑ́лнáх*, *бӑ́ла*, *жӑ́лчка* Крец, во Гред: *дӑ́лбóк*, *ӣӑ́лӣум а́ӣуве*, *ӣӑ́лӣе жӑ́лчки* 'има секирации', *жӑ́лӣи́ца* 'болест' Мор, *ӣӑ́лна михчи́на* Гӑр, *сӑ́лза нé ӣушӣи́*, *сӑ́лзи* Ним, во Гав: *сӑ́лзи*, *зӑсӑ́лне* (*сӑ́-зӑсӑ́лни́х уф-ни́х*), *зáсӑ́лни се* — 2л. импер. Пост, во Пат: *зӑ́лне*, лит.: засолне; *бӑ́ла*, *бӑ́лӣа* (*уӣéӣи ја*) План.

Примерите во кои вокалниот елемент е во постпозиција во однос на сонантот *л* се далеку помалубројни: *длӑ́к* (*Тóдӑр бис кóски* — пог., зн. чад) Крец, во Пат има топ. *Длӑ́ӣио*

---

[70] А. Поповски, Изменување на групата *р* + вокал меѓу согласки, МЈ, XXIII, 1972, стр. 237—248.

Рит̄, злӑшка, слӑнци, слӑнцуӣле́т̄ Град, *глӑжин, глӑӣнӑве́с, слӑнцту* Драг, во Амбар Ќој пред 2 консонанта *ӑ* редовно се јавува зад *л*: *жлӑчка, млӑзни́ца* (но: *мӑлзе*), *ӣлӑт̄не* (но: *ӣӑлт̄е*), *слӑнце, слӑнчуӣле́т̄.*

Како кај *р* и во спомснатава група среќаваме повеќе примери во кои редуцираниот вокал се преметнува пред сонантот *л*, приближувајќи се кон групата *ӑл*, иако тоа не може да биде единствена причина, бидејќи како што ќе видиме понатаму, преметнувањето во некои говори (пр. Амбар Ќој) е многу обично и во други случаи, а не само покрај *р* и *л*. Сепак дека аналошкото израмнување со групата *ӑл* не е надвор од оваа појава зборува фактот дека *о* се редуцира во *ӑ*, а не во *у* како што е обично.

Сп.: *ӣӑрӑлт̄о* (: грлото), *дро́ӣӑлт̄а* (: дроплата) 'голема птица', *и́ӣӑлт̄а* (: иглата), *ме́т̄ӑлт̄а* (: метлата), *мӑлди́нцит̄е* (: младинците), *мӑӣӑлт̄а* (: маглата), *же́ӣӑлт̄а* (: жеглата), *кро́сӑнт̄о* (: кросното), *т̄е́ӣӑлт̄о* (: теглото) 'дел од ралото', *т̄е́сӑлт̄а* (: теслата), *убле́кӑлт̄о* (: облеклото), *се́дӑлт̄о*(: седлото) АЌ, од Гăр: *бра́шӑнт̄о* (: брашното), *вӑлди́ката* (: владиката), *ве́дӑрт̄о* (: ведрото), *ку́кӑлт̄а* (: куклата), *т̄ӑрӑлт̄о* (: тăрлото) Гăр, в. 2.12.

Оваа особеност, наложувањето на групата *ӑл*, кукушкиот ја споделува со дојранскиот (ДГ, 33: *бӑлха, ӣӑлт̄ка*, топ. *Жӑлт̄а Бо́да*) и со гевгелискиот говор (ГГ, 73: *бӑла, вӑлк, вӑлна, вӑлна́р, ӣӑлт̄ум, дӑлӣо, дӑлӑк*). На север односнава појава се шири сè до пунктот Костурино каде што среќаваме *влӑк, влӑна* итн., што претставува преод кон струмичкото и малешевското *вӑк, вӑна.*

На исток, во контролниот пункт од струмскиот говор Савек примери со групата *лӑ* се јавуваат почесто: *млӑзни́ци-т̄'е* (*до́јдоа*), *влӑци* (но: *вӑлк*), *жлӑчка, ӣлӑн, к'и-ӣлӑнӑт̄, ӣлӑт̄ну́ва, глӑк ст̄а́ӣ, слӑнцуӣле́до сӑ-убрӑшта кӑра̣ слӑнцит̄о*, отколку со *ӑл*: *бӑлва, ја́бӑлка.*

Во Солунско (ДМГ, 239) исто така превладува групата *лӑ*: *глӑнук, млӑкнувам, сӑ ӣлӑз'ам, слӑнци, слӑба, влӑк, жлӑшка, жлӑт̄*, наспрема: *ӣӑлин, ӣужӑлт̄на́* 3л. ед. аор., *вӑлна, жӑлт̄ни́каф.*

На запад, во Гуменџа како подеднакво да се застапени и двете групи: *лӑ* (*злӑшка, т̄лӑчник, блӑа*), со мала предност на *ӑл* (*абӑлки, жӑлт̄и́ца, кӑлк, вӑлци, мӑлчӑ, ӣӑл*(*ӑ*)*жо́к*).

2.2031. Случаите со *у* (*ул*) наместо вокалното *л̥* во лексемите: *Булїа́рин* Ал, *буїа́рцки изи́к* (ДВГ, 120), *Булїа́рија* Сав, во Гъ̆р: *Буїа́рја*; *јабу́лка* АḰ, Драг, Мут, во Кукуш *абу́лко* (БКВГ, 449) се форми познати одамна и не само во долновардарските говори. Исто така познат е и начинот како се добиени, се работи за лабијализација на *ъ̆* во *у* под влијание на соседното уснено *б*. Во Гуменца вокалниот елемент *ъ̆* не се лабијализирал: *абъ̆лка*, во Град со јотација: *ја́бъ̆лко*.

2.2032. Поопстојно разгледување бараат случаите во кои вокалното *л̥*, како во централните говори, се рефлектира во *ол*: *мо́лче*, *мулчили́ф* (со редукција), *мо́лзе* Крец, Пат, во Град: *мо́лчи* — 3л. ед. през., *мо́лчаш*, но: *мъ̆лзе*, *мъ̆лзаш*, во Драг: *мъ̆лзе*, но: *мулзни́ца*, во Мут: *мо́лче*, *дъ̆-ј-мо́лзум*, *ји-измулза́х*, во АḰ *мо́лче*, *мулчили́ф*, но: *мъ̆лзе*.

С. Романски задржувајќи се на односниве примери споменати уште во материјалите од Верковиќ: *молча́ки* 102, *измолзал* 295, се обидува да ги објасни како инкорпорирани од посеверните говори. Колку што нам ни е познато долновардарските говори, и посеверните од нив, гевгелискиот и дојранскиот, немаат контакт со говори во кои *л̥* > *ол* и поверојатно е да се претпостават истите причини како и во споменатите лексеми: *јабулка* и *Буїарин* — лабијализација, под влијание на усненото *м*.

Придавката 'полн', стсл. **плънъ** во неизменет облик се јавува во пунктот Савек: *ӣлъ̆н*, *ӣлъ̆на*, во Гуменца: *ӣъ̆лн*, во Крец: *ӣъ̆лъ̆н*, Град *ӣъ̆лин*. Не може со сигурност да се каже дали ова „полногласие" (: *ӣъ̆лъ̆н*) се добило од чисто фонетски причини — за полесна артикулација или пак се работи за аналошко израмнување со придавката 'празен'. Веќе наспомнавме дека слична појава среќаваме и кај *р̥* во зборовите: *ӣъ̆рън* (: *ӣрън*), *цъ̆рън* // *цъ̆рин*.

2.2033. Коренот *ӣл̥к-* не само во југоисточните, туку нашироко и во источните говори[71] се јавува како *кл̥к-*: *къ̆лве* 'удира, толчи' : *къ̆лце во́шки*, *о-искъ̆лца́х ме́сто* 'го исчукав месото' (со задниот дел од секирата), *и́скъ̆лци-ӣу ус-ко́ӣано* (платното) 'кога белат платно, го чукаат со копан', сп. уште: *о-нъ̆къ̆лва́х* 'го натепав', *съ̆-къ̆лваш* 'се тепаат', кокошката исто така *къ̆лве*.

[71] Б. Видоески, Кумановскиот говор, стр. 55.

Во коренот *хл̥ц-* по губењето на *х* за вокалното *л̥* имаме вредност *ăл*: *ăлцке* Гăр, АḰ, исто така и во Дојран: *ăлцке, ăлцкум* (ДГ, 34), а во другите источни говори, на север од споменатиот пункт Костурино: *ăца, ăцка.*

СОГЛАСКИ

3.1. Инвентарот на фонемите од консонантскиот систем може да го прикажеме на следниов начин.

Сонанти	Опструенти			
м	*п̄*	*б*	*ф*	*в*
н л р	*т̄*	*д*		
н' л' j	*ц*	*ѕ*	*с*	*з*
	ч	*џ*	*ш*	*ж*
	ќ	*ѓ*		
	к	*ī*		

Фонемата *н'* се јавува само во јужните села, во оние што непосредно граничат со солунскиот говор.

Фонемите *к, ī* во позиција пред предните вокали (*е, и*) се јавуваат во алофони *к', ī'*.

Исто така и фонемата *л* пред предните вокали и пред *j* има алофон *л'*.

Во јужните села фонемата *т̄* во одделни позиции, поспецијално во членската морфема се јавува во алофон *т̄'*. Несомнено дека со оваа особеност споменативе јужни села, иако периферно, се вклучуваат во ареалот со центар во Солунско. Таму, во селата Сухо и Висока сите консонанти пред предните вокали се изговараат палатализирано, а *ч, ж, џ* и *ш* ја покажуваат споменатава особеност без оглед на позицијата во однос на вокалите.

Најмногу примери забележивме во Амбар Ḱој: *де́т̄'о* (: детето), *уф-мо́рт̄'о* (: морето), *мо́мт̄'е, арīа́шт̄'о // арīа́т̄'о, маīа́рт̄'о* (: магарето), *Мо́нт̄'о* (: Монето - л. име), *но́хт̄'о* (: но́хтето), *ū о́шт̄'о* 'лонче' (: *на́ū ăлни ū о́шт̄'о во́да*), *ū ăш у́рт̄'о*

(: патурето), *йо́стуфт'о* (*йост* 'корито под чешма'), *йартиза́нт'о* (: партизането), *йра́ст'о* (: прстето), *йе́т'ут* (: петтиот), *ше́ст'ут* (: шестиот) АК, од Бег: *де́т'то* (: детето), *нă спа́нт'о* (: на спането), од Пост: *мăйа́рт'о*, *јаіắнт'о* (: јагнето), *и́мт'о* (: името). Сп. уште: *зе́мт'а* (*іă-фа́рке*) АК.

Слично како во Солунско (Сухо и Висока) така и во пунктот Савек, контролен со серскиот говор, палатализацијата во споредба со онаа во Кукушко е многу посилно изразена и сè уште се чува кај голем број согласки.

Таму освен пред вокали од преден ред: *буд'е́* (: боде), *д'ива* ја́гуда, *йат'и́шка*, *д'ит'ил'и́на*, *д'ен*, *д'ено́*, *т'и́ква*, *дума́т'и*, *йаша́т'и*, *кузи́т'е* (*услекна́а в ред*) 'изумреа козите', *ни́т'и* (: нишки), *но́кот'е*, *мет'е́м*, *йит'е́л*, *луйа́т'и* (но: *луйа́та*), *ін'и́да*, *р'и́ба*, палатализирани согласки среќаваме и на крајот од зборот: *каламо́т'* 'трска', *крива́т'*, *іо́спот'*, *йăт'*, *ина́т'*, *зе́т'*, *на́ут'*, *йăза́р'*, *йăна́ґи́р'*, *іуведа́р'*, *йрăма́ша́р'*, *рăба́р'*, *йăрна́р'*, *буна́р'*, *ајве́р'*, *зиу́р'*, *сусам'*, *ури́с'*, *мла́дус'*, *ра́дус'*, *ма́с'*, *кура́й'*; уште *т'и́т'ун* (: тутун), *ч'а́ша*, *ч'а́шка*, *ж'а́ба*, *ч'а́муву дăрву*, *ч'урја́ша* — и во туѓи зборови или како континуанти на старата мекост.

Значи во Савек среќаваме голем број палатализирани согласки со релативно широка дистрибуција.

Л, Л'

3.2. Во кукушкиот како и во соседните говори разликуваме тврдо и полумеко *л'*. Тврдото *л* својата нормална артикулација ја реализира пред вокалите од заден ред, на крајот од зборот и пред консонант: *ла́тка* 'глинен сад со 2 рачки', *ко́кăлче* 'зглоб', *бубунисал* 'се подул од пиење', *бăрло́к* 'дел од нивата што останал необработен', *бăбăла́к* 'очув', *йăспа́л* 'ситно брашно, се фаќа по гредите во воденицата', *колдува́р* 'ограда од камења', *мăку́л* 'молчелив' Крец, *Лузи́нта* — топ. Пат.

Меѓутоа, во позиција пред вокалите од преден ред, тоа тврдо *л* ја изменува својата артикулација кон алвеолите и се добива алофон чиј изговор се пресретнува со полумекото *л'*. Сп.: *кл'ипа́ло* 'клепка', *јăстул'и́т* 'лаком', *зăбл'ис*, *зăикл'и́ва ка́шл'ица* 'црна кашлица', исто како : *нидел'а*, *пустел'а*, *нивол'та* (*мă-нăширá*) Крец, *нидел'и*, *пустел'и*.

3.3. Употребата на полумекото *л'* не се исцрпува само со примерите во кои се чува старото палатално *л*, туку е раширена и во многу други случаи, необични за централните говори.

3.31. Полумек изговор на *л'* среќаваме пред задната самогласка *-а*: *скра̀п̄л'а* 'скорпион', *сул'а́рник* 'солник', *ли́л'ак* Крец, *сте́л'а* 'долниот, мекиот дел под самарот', *п̄усте́л'а* Грам, *че́л'ат̄*, *фами́л'а* Пос, *нидéл'а* Гăр, *бăршл'а́н* Пат, *т̄ил'а́л* 'телал', *куп̄ра́л'а* 'вид остен, со ноже назад за чистење на ралникот' Град, *г̄ăркл'а́н* Драг, *му́хл'а* 'мувла' Мут.

3.32. Пред задната самогласка *-о*: *бăбл'о́к* 'лоша баба', *зăбл'о* (*и нă-зăбл'от̄о*) Крец, Пат, *Ґо́л'о* 'така му викаат на езерото' Пат, *п̄ăржо́л'ки* 'она што останува кога се топи сланина, маст' Град.

3.33. Пред задната самогласка *-у*: *кл'уча́рка* 'брава' Крец, во Град: *кл'уча́рница*, *кл'у́ке* 'колва', *бил'у́к* (овци, кози), *л'у́рка* 'волнена облека', во Пат: *л'о́рка*, *că-л'у́т̄е* (*că-л'у́т̄ăт̄*), *л'у́де* Ал, *п̄л'у́скăвиц* 'божурика', *Л'а́л'увит̄е Ба́шчи* — топ. Град.

3.34. Кај придавките со суфикс *-л'аф*: *г̄урчил'а́ф* Крец, *дăмкил'а́ф* Драг, *мулчил'а́ф* АЌ, *брункил'а́ф*, *вушкил'а́ф*, *нăмиī̄л'а́ф* Гăр.

3.35. Полумеко *л* среќаваме и во наставките *-ал'ка*, *-ул'ка*: *вăржа́л'ка*, *бăрша́л'ка* 'крпа за бришење', *бăрка́л'ка* 1. 'голема лажица за мешање', 2. 'жена којашто прави сплетки', *л'у́ л'ка* Крец, *мушка́л'ка* 'жена која ствара расправии' Гăр, *нивист̄у́л'ка* Крец, *п̄răвăрт̄у́л'ка* 'дел од разбојот', *суфа́л'-ка* 'дел од разбојот' Пат, *шт̄ăп̄а́л'ка*, *т̄руп̄а́л'ка* 'голема пила' Град.

3.36. На крајот од зборот: *п̄răт̄сăда́т̄ăл'*, *кукóл'* 'паразит во житата', *сол'*, *бо́зил'* Крец, *мит̄и́л'* 'трева од која фаќаат метил овците', *че́шил'* Грам, *фăсу́л'*, *т̄име́л'* План, *п̄изу́л'* 'отвор на ѕидот до огништето' Мор, *г̄ол'*, *мил'* Ал, *миса́л'* 'крпа со која носат леб кога одат в поле на работа' Пат, *жал'*, *п̄ријăте́л'*, *п̄ăшт̄ума́л'* 'дел од носијата, предник', *рувéл'* 'револвер', *фит̄и́л'*, *димбéл'* Драг, *че́шăл'* АЌ, *măрсóл'* Мут.

3.37. Кај глаголите од типот '*молит̄и*', '*хвалит̄и*' во 1л. ед. и 3л. мн. през. редовно се јавува полумек изговор на

л': *сă-мо́л'ум — сă-мо́л'аш̄, сă-фа́л'ум — сă-фа́л'аш̄, сă-жа́л'ум — сă-жа́л'аш̄* Гăр.

3.38. Пред вокалите од преден ред, како што рековме, сонантот *л* се изговара палатализирано, а тој полумек изговор се задржува и кога вокалот ќе се елидира: *ш̄е́л'ш̄о* (: телето) Крец, *кăл'ш̄а́ш̄а* (: *калиш̄ата* 'кум'), *ске́л'ш̄о* (: скелето) Пат, *бу́вул'ца* (: биволица) Град, *ко́л'де* (: коледе) Драг, *п̄о́л'ш̄о* (: полето), *бе́л'ше* (: белите), *зил'ника́ф* (: зеленикав) АЌ, *Ми́л'ш̄о* (: Милето), *Ко́л'ш̄о* (: Колето) Гăр.

3.39. Кај членуваните придавски форми на *-л*: *ки́сл'уш̄* (: киселиот), *бе́л'уш̄* (: белиот) Бег, *дибе́л'уш̄* (: дебелиот) Пост.

3.40. Пред согласки: *п̄у́л'ка* 'јарка' Пат, *Же́л'кинше Би́л'ки* — топ. Град, *п̄а́л'ци* — веројатно овде палаталноста се развила според еднинската форма: *п̄алец* АЌ.

3.41. Изговорот *зе́ле* (сп. 'зел'јс' во западните говори) познат како особеност на источното наречје се забележува и во Кукушко: сп. *бра́ме зе́ле за-ќо́рво п̄и́де, ди́ифш̄о зе́ле п̄о́-а́рно-j.* Тоа нè упатува на претпоставката дека во овие говори новото јотување било извршено, а потоа се добило полумеко *л* пред *е*, ако воопшто во времето на слевањето на *л* + *j* сè уште имало палатално *л*[72].

Н, Н'

3.5. Во развитокот на мекото *н'* во кукушкиот говор се јавуваат две специфичности. Прво, со затврднувањето на мекото *н'* од новото јотување, на целото подрачје, имаме една особеност што придонесува во оформувањето на дијалектната посебност на говорот. Второ, со зачувувањето на мекото *н'* од старото јотување, само во јужните полски села истапува еден од елементите со кои се разграничува говорот во Карадагот од оној во Полето.

Во говорот на Карадагот, значи, палаталното *н* затврднало скоро во сите случаи: *ба́на, ба́ни* Мор, *ни́ва, ни́вш̄а,*

[72] Б. Конески, Историја ..., стр. 67.

ви́шна, *о́џино*, *кни́џа* Ал, *неџо* покрај *н'о́о*, *н'а́а* (: *ус-н'о́о џувури́х*, *нă-н'а́а ѝ дăдé́х*) Гола, Шек, Ним. Во вториот случај (*н'о́о*), со меко *н'*, секако не се работи за остаток од старото јотување, туку за вторично палатализирање под влијание на соседниот вокал од преден ред, кој иако се елидирал, претходно оставил траги врз *н*, во смисла на смекнување. Палаталното *н'* затврднало и во имперфектните глаголски образувања: *сă-кла́не ду зе́мџа*, *не́ џу-ме́нум ку́мо* Мор. Истото го забележуваме и кај глаголските придавки: *же́нин*, *ка́нин*. Натаму наставките -(*а*)*н'е*, -(*е*)*н'е*, добиени од -ньѥ со новото јотување, што се јавуваат кај глаголските именки, во ова подрачје гласат -(*а*)*не*, -(*и*)*не*: *му удри́ адно ка́лвине*, *ја́дне* (и: *јадени́на*) Мут, во Грам: *ја́сџе*, *џе́џне* Алек, *но́сне*, *ко́џне* Мор, *ноџо кла́нне* Рош.

Во селата што се непосредно блиски до градот Кукуш, иако спорадично, среќаваме траги од мекото *н'*; било во примери со антиципација на мекоста: *ба́јна*, *којн*, *ко́јнцка* (*ко́ла*), било во туѓи зборови: *дăрмо́н'*, *џипо́н'*, *џиџу́н'* Крец, но во односнава регија има и пунктови во кои среќаваме примери со затврднато *н*, како во Карадагот; пр: *бана*, *дуна* но: *којн* Шек, Гăр.

Новото јотување не оставило траги ниту во множинските форми кај именките од среден род од типот '*џоле*'. Така множинската наставка *-ија* < *-ин'а* < иньа, што е многу обична во гевгелискиот говор (*кучи́јна*, *сăрци́јна* ГГ, 81), во овој говор се среќава ретко и без антиципација на мекоста: *кучи́на*, *сџаичи́на* Грам, *маџари́на* Ал, *џинџири́на* Шек, *џăркăли́на*, *сидели́на* Ним. Колку се приближуваме кон Дојран наставката *-ина* се јавува сè поретко; сп. *бу́ришџа* (: буре), *вре́мишџа* (: време), *и́мишча* (: име) и др. (ДГ, 37), па дури и: *о́ришџа* (: оро), *џро́з*(*д*)*ишџа* (: грозје) Мор.

Со поголема фреквентност, за изразување на мн. кај именките од односниот тип, освен спомнатава наставка *-ишџа* (*ра́бишџа*, *сăрџишџа*, *де́нишџа*), сè јавуваат уште: *-еџа* (*џиџе́лчиџа*, *кучу́елчиџа*), *-инка* (*мачи́нка*), и *-ичка* (*ли́сџичка* — од *ли́хче*) Ним (в.т. 4.14.).

Во јужните села забележлива е палатализацијата на *н* во соседство со вокалите од преден ред: *џнăсн'уџ* (: *џнăсниуџ*), *е́фџин'уџ* (: *ефџиниуџ*), *џла́дн'уџ* (: *џладниуџ*), уште: *џре́дн'о* (: *џредниуџ*) Крец, во Пост: *цăрве́н'уџ* (: *цăрве́ниуџ*),

во АḰ: *бо́лн'ут* (: *болниут*), *уд ма̑тн'ут* (: *ма̑тниут*) уште: *ї̑рн'то* (: *ї̑рнето*), од Град: *їна̑сн'ут*, *сулéн'ут* (: *суленuут*), *жéдн'ут* (: *жедниут*).

3.51. За старото меко *н'* среќаваме различни резултати во различните пунктови, пр. во Коџомарлија и Иџеларе мекото старо *н'* е на исчезнување, односно останале траги во развојот на антиципирано *j*: *бáјна*, *дýјна*, *кóјнцка кóла*, *кóјнцка мýа*. Односниов резултат за *н'* во Иџеларе се јавува и во прилогот *дéјна*: *нă-искрăдéа нă-дéјна*, *нă-плáднина*.

Во Амбар Ḱој, а повеќе во Градобор на показ се примери во кои се чува фонемата *н'*, од старото јотување, пр. на крајот од зборот: *сúн'*, *сúн'о*, *кóн'*, натаму кај именките од женски род на *-н'а*: *бáн'а*, *вúшн'а* Град; во Амбар Ḱој *бáн'а*. Обратно, во морфемата -ньѥ, од новото јотување, *н'* затврднало на целата оваа регија: *зă-пúјне*, *уф-жнúјне*, *зăбéрне* Град; од АḰ: *нóїо клáнине дă-нóсиш* (зн. поздрави), *пúјнто* (*о-устăвúх*), *спáнт'о*, *знáјнт'о*, *мúслинт'о*, *услубудýвăнт'о*; од Драг: *урúпине*, *урúпинто*; од Иџел: *кóпине*, *мáскине* 1. 'тепање', 2. 'премногу јадење', *уф-мисúрка кăршине* 'кога се бере пченката'.

Значи, во испитуваниов говор, за разлика од западните, мекото *н'* од старото јотување релативно се чува, но само во најјужните села, а новото редовно се губи.

3.52. Во реонот Поле, во множинската наставка за среден род *-ин'а* мекото *н'* се чува само во граничниот пункт Градобор: *пет кипчúн'а* (*кéпче* 'црпка'), *пилчúн'а*, *мăăрúн'а*, *тинџирúн'а*, обратно во останатите пунктови се губи: *слéпи купрúна*, *сирăчúна*, *сăрцúна* АḰ, од Бег: *сè мăшки мăăрúна*, *їгудúна*, од Драг: *сирачúна*, *скилúна*, *ушúна*, *чувичúна*.

За одбележување е дека говорот во овие села го репрезентира и средниот стадиум од губењето на мекото *н'* > *-јн'*: *кóјн'ут*, *кујн'áр*, *кóјн'цка* (кола), *дýјн'а*, *бáјн'а*. Вакви примери забележивме и на запад во пунктот Гуменџа: *рăмóјн'* (вртипоп), *рăмúјн'а*, *скилúјн'а*, *кóјн'ут*.

3.53. Присутноста на мекото *н'* во овие говори условила и појава на *н'* во некои позајмени лексеми, пр. на крајот од зборот: *пипóјн'*, *питýјн'*, *дăрмóн'* (сп. *сúн'* и *кóн'*), натаму *ликáн'а* 'голем земјен сад, тава' (сп. *бáн'а*) Град,

сп. уште од Гуменца: *рӑмо́јн'*. Во Амбар Ќој и Иџеларе консонантската група *-мн-* редовно се јавува како *-мн'*: *ла́мн'а, џле́мн'а, џла́мн'а, зе́мн'а* (сп. *ба́н'а* и *џла́дн'а* : пладнина).

Разгледувањето на мекото *н'* ќе го завршиме со укажување за неговото присуство во корелацијата свршеност — несвршеност, примерите се од граничниот пункт Град: *вӑрне — вӑри́н'а* (*ра́но си-вӑри́н'а до́ма*), *сџо́шне — сџуши́н'а* (*сџуши́н'аш ду-џра́џо*), *за́шне — зӑши́н'а* (*нӑ секуј лаф*), исто: *си-измин'а́ва.*

X

3.6. Општата тенденција во македонските говори за неинтензивна артикулација на гласот *х* во долновардарските говори не е изразена, а кукушкиот и градскиот дојрански говор во тој поглед покажуваат изразита конзервативност и се поврзуваат со солунскиот и со неврокопскиот говор (ДМГ, 247, 248; НГ, 51, 52). Иако не сосема доследно гласот *х* во Кукушко, особено во појужните села, оние што граничат со Солунско, се јавува во сите позиции.

3.61. Не многу често *х* се среќава и на апсолутниот почеток од зборформите пред вокал: *ху́бава* Кукуш (МПр IX, 3—4, с. 170—176), истава форма ја забележивме и во Амбар Ќој. Повеќе вакви примери запишавме во Градобор: *ху́баф ден, ош џо́-ху́буви, хо́ди, што хо́дӑха, хи́шрус, хи́шрјуш*; во туѓи лексеми: *не́маше џра́во хич, ха́рна смо́ква, хуле́ра* (: колера).

Дека *х* во оваа позиција е во губење зборува и фактот што вакви примери во соседните пунктови нема или се јавуваат многу ретко, па дури и во Градобор покрај *хо́ди* среќаваме и примери во кои *х* веќе се заменило со *ф*: *фо́ди џла́ши*; *фо́дӑм, џра́вӑм јурџа́ни.* Веројатно овде гласот *х* се повел по почетната група *хв* — која исто така поминала во *ф*: *ноџо сӑ-фа́л'аш, фалбӑџи́ка* Драг, *ним сӑ-фа́шши зӑ-зи́до* Шек, *нӑ-ме́не фа́рке шува́ро* Иц.

На почетокот пред согласка *х* се губи во лексемата *рисше́не* Крец, во Мутулово: *кришен.*

3.62. Во средината на зборот употребата на *х* меѓу самогласки зафаќа многу поголеми ареали. Се јавува и во

селата од Карадагот, иако не консеквентно: *у́хо-у́хто* (*мъ̆-бо́ле*), но: *вра́х — вра́о, уре́х — уре́о* Ал, исто и во Грам: *у́хо — нъ̆-у́хто* (*ми шутна́*), во Мор: *уре́х — уре́хо* (*исъ̆на́л*), во Мал: *ус-адно́ у́о, вра́о* (*о-нъ̆сла́х*), во Мут: *ду́хум* (дишам), *ӣре́х — ӣре́хуве*, но: *ӣре́о му нъ̆-шу́ъ̆та, уре́хо*, но: *зме́о, ме́о; ку́хавица, ахъ̆р* 'сушина за стока', *се́чинто у́хо*, во Ак: *уре́х — уре́о.*

Во говорот од Полето исто така среќаваме двоен изговор за *х* во односнава позиција: *за́дих — за́дихут, сулу́-хут дъ̆-си-зи́ме* 'да здивне', но: *ме́х — ме́ут* (*мъ̆-бо́ле*) Коц, во Каз: *мухуви́на* 'мов', но: *уре́х — уре́ут — уре́е, нъ̆съ̆ду́ме вра́о*, во Иц: *у́уто ми-скина́*, во Драг: *тирду́хут* (: пердув), *Ду́хувден* (празник), *за́дихут*, но: *зме́х — зме́ут; ӣлу́х — ӣлу́а, су́у дъ̆рву*, во АЌ: *бу́хъ̆л* (: був), *у́хо, ку́хе — ку́хувица*, во Гър: *кихавица*. Во Градобор чувањето на меѓувокалното *х* е скоро регуларно: *Влъ̆хи́нка, сня́ха — сня́хи, вја́ха* (: јава), *вја́хът, му́ха* (и: *му́а*) — *му́хи, су тво́ју у́ху, ту́ху вре́ми, една стре́ха, нъ̆-вър́хут* (на темето), *бу́х — бу́хут, ми-бо́ли ме́хут.*

З. Голомб (ДМГ, 247, 248) регуларно чување на меѓувокално *х* во Сухо и Висока забележил само во формите на аор. и имп. и го поврзува со морфолошката вредност на таа фонема како формант на наставките за односниве времиња (*има́ха, да́духа* — 3л. мн.). Според нашите истражувања на односново подрачје *х* се чува во интервокална позиција, само во имперфектот, а не и во аористот, и тоа во градскиот дојрански говор : *ви́къ̆ха, но́съ̆ха, сто́аха* — ДГ, 38, а во кукушките села се јавува многу ретко: *тка́јӑха* Крец. Во тој однос говорот од Градобор ги споделува особеностите од Сухо и Висока: *шо хо́даха, се́деха, би́ха, тъ̆рча́ха, зъ̆кӑлна́ха, размиси́ха.*

3.63. Во средината на зборот пред согласка *х* се чува многу поконсеквентно, на целото подрачје: *мухле́син леӣ, фатӣ́л му́хла, мо́хта, тъ̆хтъ̆бӣ́та* 'стеница' Ал, *ахка́јк'и си-умре́* Мут, *но́хт, но́хтъ̆* Иц, во Крец: *но́хто, но́хти, к'и уӣлухне́м, о́хтика* 'туберкулоза', *к'и съ̆-иску́хне, бо́хча, бухчӑлӑци* 'дарови за свадба', *ме́хче* (но: *ме́о*), *о́хне, о́хке, кре́хто* (дрво), *ӣру́хке* (свињата), од Пат: *к'и-изду́хне, уд-ни́хка* (: нив), во Коц: *о́хне*, но: *ку́фке.*

Во Сухо и Висока, според Голомб, пред согласка *х* се чува доследно само во наставките за 1. и 2. л. мн. имп.

и аор., пак од истите, граматички причини. Во Кукушко, обратно, *х* од овие морфеми е на исчезнување, особено во аористот: *ка́ уддéме нă-Кукýш* Ирак, *ĭу-испрăшúме крумúдо* (зн. површно копање) Ал, *о-испрăзнúме шишéто* Гола, *рáно сă-вăрнáте* Гăр; во АḰ: *дóбре дуjдéхте* (поздрав), *чýхме*, но: *мăлéчки бúме*.

Во формите на имперфектот *х* исто така се губи: *дек сéдāме* Ним, но почести се примерите во кои се чува: *вúкихме*, *вúкихте*, *бúхме* // *бúме* Крец, *óрăхме*, *óрăхте*, но: *к'и-утúдāме* Мут, *jáдихме*, *нóсихме* АḰ, од Шек: *бéрăхме*, *кóсăхме*.

3.64. На апсолутниот крај од зборот *х* консеквентно се чува во имперф. и аор. : *úмăх брáте*, *ĭă-прувалúх лубунúцта* Ал, Крец, кај имињата исто така се чува: *урéх*, *мóх* Иц, *зáдих*, *ĭлýх* Коц, *Вăртăлăмéх* 'празник' Гăр, *прáх* (*и пéпăл*) Гола, *врáх*, *ĭлýх* Мал, но бидејќи нема морфолошка вредност понекогаш преминува во *ф* или се губи (ДМГ, 248): *кужýф*, *кужýво* // *кужýхо* Гола, Крец, *лóпуф* Ал 'трева расте високо, со жолти цветчиња, со неа ги трујат рибите', рус. *лопýх*, *вăр* 'теме': *нă-вăрут* АḰ.

Замената на *х* со *ф* се јавува и во средината на зборо-формите, пред согласка: *кúфке*, *кúфкифца* Коц, во Пат: *кúфкувúца*, *пăрфне*, *пăрфке* (со крилјата) АḰ.

3.65. Се среќаваат, иако не многу често, примери во кои *х* е заменето со *j*: *кújавица*, *сýjут* (: сух), *мијлéм*, *нújни* (: нихни), *нújно* Иц, *ĭлýjут* Коц, *мијлéмут* Кал, *ус-сóја пýтпират* Гав (: соха) 'чаталесто дрво', *сăбájле* Крец, *пирдýj* (: пердух) Драг, *ĭлýjут* АḰ.

Примерите за губење на гласот *х* што веќе ги истакнавме, а и овие што следуваат, јасно укажуваат дека кукушкиот говор не можел да остане надвор од општиот стремеж појавен во македонските говори за елиминација на *х*: *мáн-сă нăнáки* Гăр, *дýни та лáмба* Грам, *ĭриутúа*, *ĭриóта* Ир, *сéмито му-ĭлýо*; *дúо-му-смăрде* Шек.

*tj/*kt'/, *dj

3.7. Г. П. Христов во споменатата работа за кукушко-дојранскиот говор (ОКДГ, с. 111) истакнува дека групите **tj/*kt'/*, **dj* во односниве говори по правило се рефлекти-

рале во *шт, жд*, со незначителни исклучоци: *рѓа, рѓѓасало* Кукуш, Дојран, но: *рѓжда* Моравци.

Ова тврдење на Г. П. Христов е само делумно точно, бидејќи според нашите истражувања, иако основна замена на целото кукушко подрачје за прасловенските групи **tj* (**kt'*), **dj* е *шт, жд*, сепак присуството на *ќ, ѓ* не е така спорадично, особено во јужните пунктови.

3.70. Говорот во северните села, во Карадагот, повеќе се вклучува во системот на Христов: *лéшта, кѓшта, кѓштóвник* 'добар домаќин', *īáшти, нóшува* Ал, во Мут; *нóшви, нуштéска // нóште* (*ни дујдé один īос*), *īѓштѓрлúа ūштéл, рѓзīáштин, снóшти* Рош, *свéшта, к'и-сѓ-убрѓште цéла вéчѓр, не-сѓ-сéштум* Грам, *фáштум, фáште* Вл, *свéшти, свиштéлник, срéште, срéштум* Ним, *нéīо īу ūлáштѓт* Мут, *нóшва, кѓшта* Гола.

Покрај споменативе случаи, во истиот ареал се присутни и примери со *ќ* (*к'*): *цéла нóќ, к'éрка* покрај *штéрка* Гола, во Грам исто така имаме двоен изговор: *к'éрка* и *штéрка*, во Рош: *нóќно ūúле*, во Ним: *сѓнóќ, врéјка*, во Ир и Гола *врéјќа, сѓ-сиќávум* покрај *сѓ-сéштум* Шт. Истава појава, антиципација на мекоста среќаваме и во формите на глаголот *'нејќе'* кои овде гласат: *нéјкум, нéјк'иш, нéјк'е; нéјк'име, нéјк'ите, нéјкаш* Грам, сп. од истиот пункт аор. форми: *нијк'é, нцјкáа.*

3.71. Замената на **dj* имала сличен развиток: *вéжда, сáжди, рѓжда, рѓждéсуве, зýжде* (: заоѓа), *нýжде* (: наоѓа) Ал, во Грам: *кѓде слѓнце зýжде* 'запад', и: *нуждáјте-сѓ адúн нѓ-друк* 'да си помагате', во Мут: *зѓóжде, нѓóжде, извáжде* 'плави', *не сѓ-ūуīóждаш* 'не се сложуваат, не живеат добро', *сме виждáли*, и: *виждувáли*, од Шт: *вúждум, вúжде* (*нóīо вúжде и нóīо чýве*), *за-вúждѓне бúше* 'нешто многу убаво'.

Во истиве села, кај одделни лексеми присутен е и рефлексот *ѓ*: *мéѓа* Ним, Шек, во Грам исто: *мéѓа*, но: *мéжду сéлта*, во Ир: *мижнúк* 'каменот, меѓник', во Мут: *муī'и нúвите*, од истиот пункт: *рѓѓа, к'и рѓī'éсе*, но: *рѓждéсин, рѓждéсуве, ūрѓūáī'е* (*тáма*), во Мор: *рѓī'исáло*, но: *не рѓжде.*

Во дојранските села Николич и Аканџалија се изговара *рѓīа*, со тврдо *ī*; сп. уште: изговорот *Еднокýкуво* наместо Еднокуќево.

Резултатот *ѓ* (< **dj*) повеќе се јавува во западните села, сп. пр. од Гавал'анци: *зо́ї'е* (: *заоѓа*), *но́ї'е* (: *наоѓа*), во Вл исто: *зо́ї'е*, *но́ї'е*; *ве́ї'и* покрај *ве́жди*, *ва́ѓа* 'вада', *не-j-ва́ї'и* 'не ги вади'. Романски мисли дека именката е изведена од глаголот (ДВГ, 128); во Гола: *за́ї'е* (*сѐ ѿа́м си-за́ї'е*), *ръ́ѓа*, *ве́ѓа*.

3.72. Рефлексот *ќ* за **tj* го среќаваме и во морфемата *к'е* (к'и) за образување на идно време: *ќ-о́м*, *к'и-ја́м*, *к'и-до́м* (ќе одам, ќе јадам, ќе дојдам), натаму во наставките *-ајк'и*, *-ејк'и*, за образување на глаголскиот прилог: *ѯлъ́че́јк'и* (*си уддé*), *дујдé ѿъ́рча́јк'ин* Гъ́р.

Артикулацијата на тоа *к'* е без изразита фрикација и не се разликува од изговорот на *к* кога ќе се најде пред предни вокали. Се работи за изговор на алофони чија артикулација се пресретнува, а разликата се неутрализира. Слично се изјаснил и В. Думев во студијата за воденскиот говор (стр. 40): „За *к'* и *ї'* во гевгелискиот говор, како што ги бележи Иванов, јас се посомневав, и затоа во Гевгелија го споредив изговорот на *к* и *ї* од *tj*, *dj* и пред меките самогласки, така установив дека еднакво палатализирано се изговараат *к* и *ї* во зборовите: *ме́ї'и* (по Иванов) и *снаѯи*, и во двата случаи слушав сосем еднакво палатализирано *ї*; *к'е́рка* (по Иванов) и *ке́ѯе*; *цвек'е* (по Иванов) и *ве́ке*; *лу́јї'е* (по Иванов) и *беѯе*. Поради тоа означувањето на смекнатите *к* и *ї* — *к'* и *ї'* пред меките самогласки со знакот ' за мекост не е оправдано: не *ме́ї'и* а *ме́ѯи*; не *ку́јк'и* а *ку́јки*".

Сепак, ние *ќ* и *ѓ* пред предните вокали *е* и *и* ги предаваме, условно, со *к'*, *ї'* не само затоа што се реализираат палатализирано, туку водејќи сметка за традицијата и за етимолошкиот момент.

3.73. Во говорот на Полето присутноста на гласовите *ќ*, *ѓ* е релативно поизразена, особено во имперфективните глаголски форми, но и не само кај нив.

Примери за *ќ* < **tj* (**kt'*) од Амбар Ќој: *Бо́жиќ*, *божи-ќо́ф ѿо́с*, *врук'и́на*, *ѿръ́нъ́ќува́ уф-нас*, *съ́-но́ќ чу́каѿ*, *к'еркени́ка* 'паштерка', но: *к'е́рка* // *ѿте́рка*, *ѿо́виќѿо л'у́де* (: повеќето), *мъ́-зе́ дъ́-му-ѿрифа́кум*, *мъ́-сре́к'ише нъ́-ѿъ́ше* (зн. понекогаш), со антиципација: *не́јкум*, *не́јкъ́ѿ*, *вре́јка*, *вре́јкъ́ѿа*.

Случаите со *шт* < **tj* (**kt'*) исто така не се ретки: *ле́шта* (*јáge, крăф с. . .* — пог.), *їáшти, їăштăрлúа пиште́л, кăшта, măште́а, све́шта, свиште́лник*, кај имперфективните глаголи: *дáли сă-се́штиш, ми-прáште абе́ре* (болеста) АЌ.

3.74. Она што треба особено да се истакне, како специфичност на овие говори, е честата појава на палатални *ќ* и *ѓ*, добиени „неетимолошки". Прво ќе ги споменеме случаите со палатализирање на *к* во *ќ* кај членуваните придавски форми во кои соседниот вокал од преден ред *и* се скратува во *ј*, а потоа како да се пенетрира и го палатализира тврдото *к*: *уд-дăлбóќут бунáр* (< *длабокіут* < *длабокиот*), *măлéчќут ѓáвул бúл* (за некоја несреќа што нема сериозни последици), *мáлќут прăс, широ́ќут двор* (< *широкіут* < *широкиот*), *сúчќут леј* (< *сичкіут* < *сичкиот*).

Интересно е и истапувањето на *ќ* на апсолутниот крај од зборовите: *знáќ* (*áрин*), *дрýќ* (*акăл úмах шóпи*), *изúќ, изúќут, цвиќ* (и *цвиќа*), *фаќ* (*има фаќ, фăтлúа, веш*) АЌ; во Градобор примерите се со антиципација на мекоста: *бубájќ, кăрлијќ*, оттаму се и примерите: *свéјќа, врéјќа, кýјќа.*

З. Голомб споменативе случаи ги објаснува како туѓо (турско и грчко) влијание: *фармájќ* 'отров', *бенéќ* 'човек што се вози со кола', *бишúќ* 'лулка', *илéјќ, кунájќ*, кои поради својата бројност започнале да влијаат врз зборовите со словенско потекло со *к* на крајот од зборот, така од *инsик* се добило *инsúќ* во Солунско (ДМГ, 245).

С. Романски, конкретно за формата *изиќ* има поинакво објаснување, имено тој претпоставува дека се работи за прогресивна асимилација од претходното *и* кое го палатализирало следното *к* (ДВГ, 128).

3.75. Нови палатални *ќ*, *ѓ*, „без етимолошка база" особено често се јавуваат во соседниот гуменциски говор. Таму освен во споменатите случаи на крајот од зборот: *изиќ, друќ* и во соседство на вокали од преден ред: *нúскут* (: нискиот > *нúскіут*), среќаваме и многу други примери во кои имаме вкрстување и создавање на нова група од *т* + *т*(*ј*), од геминатот *тт* кај членуваните форми на бројните придавки што свршуваат на *т*: *петќут* од 'петтиот'. Групата *тј* се добила на тој начин што мекиот вокал *и* се скратил во *і*, односно го палатализирал претходното *т*' (*ти* > *ті* > *ќ*).

Потоа, за да не се изгуби изразноста, се задржало првото *ш* и се добило: *пе́шќуш*. Исто се добиле и примерите *диве́шќуш*, *дисе́шќуш*. Инаку, во говорите каде што не се врши споменатава палатализација нормален е изговорот со скратување на секвенцата *шш* во *ш*: *пе́шјо*, *деве́шјо*. Ваквите образувања веројатно се наслониле и врз резултатот *шќ* (< **stj*): *шк'и́ца*, *кле́шк'и* Гум.

Посебно објаснување бараат случаите: *ме́нќа* (*мă-видé*), *шáмќа* (и: *шáмоќа*) 'таму'. Може да се истакне дека формантот *-ќа-* освен овде се јавува и во имперфектните глаголски форми: *шу́шќа*.

3.76. Веќе споменавме дека во јужните села, во Полето, новиот резултат за групите **tj*, **dj*: *ќ*, *ѓ* се јавува релативно почесто отколку во северните. Таа разлика не е многу голема, но сепак се забележува, особено во имперфектните глаголи и тоа повеќе во примерите со **dj*. Така во Карадагот превладуваат формите *но́жде* (и: *ну́жде*), *зо́жде* (и: *зу́жде*) — в. т. 3.71., а овде, обратно, скоро во сите испитани пунктови во односниве глаголи се јавува резултатот *ѓ* (< **dj*), сп.: *зо́ї'е* (*слӑнцишо*), *но́ї'е* (*не но́ї'иш дру́ќ*), но: *фа́ше* Драг. Исто така е и во Иц, АЌ, Пост, во Каз: *зắої'е*, *нắої'е*, од Крец: *ф-о́сум зắої'е*.

И лексемите *ме́ѓа* и *рӑѓа*, во односната форма со *ѓ* превладуваат во споменатава јужна регија: Бег, Иц, АЌ, Пост, Крец, Каз, Гă̆р, но: *мижни́к* Иц, Каз. Сп. уште: *мй'и них шӑѓă̆ш* АЌ, во Бег: *мў'и них*; во Крец: *ме́жду них*, топ. од Град: *Мй'и Две́ше Ре́ки*; *рӑѓă̆ф*, *рӑї'е́син* Крец, во Иц, Бег: *рӑї'иса́ло*. Во Драг, како и во Гар, покрај *ве́жди* се јавува и *ве́ї'и*. И овде среќаваме неколку примери со „неетимолошко" *ѓ* добиени со вкрстување и аналогија, слично на случаите со *ќ*: *ва́ѓа* 'вада' Крец, спореди гл. *ва́ї'е* (*бă̆рзăша ку́чка сле́ши кўшри́на ва́ї'е*) АЌ. Ваквите примери особено се чести во Гуменца. Таму според *мла́дѓуш* (< *младјуш* // *млаѓуш* — со вкрстување), аналогно се добиле и *здра́вѓуш*, *сла́бѓуш*, *це́лѓуш Ва́рдар*, *суле́нѓуш*.

3.77. Резултатот *жд* за **dj* се јавува во истите пунктови, но кај други лексеми сп.: *ве́жди* Драг, *ѓрă̆жда́ниц* Иц, *ви́жде* Гă̆р, Каз, *ро́жде* Пост; сите споменати примери плус *са́жди* ги запишавме и во Бег, во Крец: *дува́жде*, *ѓре́жда*,

ве́жди, во АḰ: *ӣуӣо́жде* (*ӣӑка́ сӑ-ӣуӣо́жде*). Сп. уште: *ӣло́жди* — мн. (: *ӣӑрне*, *ӣло́жди*).

Интересни и ограничени во својата употреба се имперфектните форми: *ӣӑжди́не* и *ӣӑди́не* (: паѓа), *нӑжди́не* (: наоѓа), по нив се повел и *уждӣре* АḰ.

3.78. Широка застапеност покажува зборо формата *чӣздо*, во која групата *жд* се изменила во *зд* со дисимилација. Односнава форма се среќава и во Полето и во Карадагот: Мор, Ал, Шек, Гъ̆р, Крец (*не са́кум чӣздо*), Бег, Пост.

Во глаголот *ѓва́е*, *ѓва́не* Бег, Гав (во Кукуш : *ве́е*, *ве́хне*) се развило иницијално *ѓ* за сметка на безвучното *х*, што се изгубило (ДВГ, 129)? Сп.: *ӣу-ӣӑрцко ӣи-ѓва́јӣе маӣари́нӣа*, *Ѓӑрци сӣе* Гъ̆р.

3.79. Процесот на новото јотување само делумно го опфатил кукушкиот говор. Во множинските форми *бра́ӣе* и *л'у́де* се губи *j*, т.е. групата -ӣьj- > *ӣj-* > *-ӣ-*, а -дьj- > *-gj-* > *-g-*, без јотација. Ваквиот изговор е познат и во карадашкиот и во полскиот говор; *л'у́де* (*л'у́јӣо ӣлӑгу́ваа ӣо́ӣи*) Гола, Крец, Ним, Бег, Иц, *бра́ӣе* (*сме*) Гав, Гъ̆р, Мор, Грам, Ир, *бра́ӣӑ* Пост, Кал, Иц.

Надвор од процесот на јотувањето останала и синтагмата *ӣре́ӣа ве́чӑр* Пост, а во др. пунктови се јавува во мн. форма, пр. во Крецово запишавме: *нӑ-ӣри́ӣе ве́чӑри у́дӑӣ нӑрӑчницӣе*.

Обратно, комплетно во сите испитани пунктови, со извршено јотување се јавува лексемата *сва́ќа* Ним, Гола, Бег, Иц, Гав, Ир, Шек, Гъ̆р и на др. места.

Широката застапеност на оваа лексема во односнава форма можеби припомогнала да се појави формантот *-ќа* и во други зборови. Сп. *во́јсќа*, *цзи́ќа* АḰ; уште од Крецово гл. форми: *ви́ќаа*, *са́ќаа*.

Во соседниот градски дојрански говор и зборот *сва́ӣа*, мн. *сва́ӣи* се приклучува кон останатите примери во кои новото јотување не е извршено. Во Гуменџа исто така се јавуваат различни резултати, сп.: *л'у́дӑ* 'луѓе' (во овој говор се редуцираат и крајните отворени вокали, в.т. 2.5. 2.), во други случаи јотацијата е извршена: *цве́ќӑ*, *ӣре́ќа ве́чӑр*, а има и примери што го презентираат средниот стадиј: *бра́ӣќа*, исто: *сва́ӣќа*.

3.80. Палаталните гласови *ќ*, *ѓ* ги среќаваме и во туѓи зборови: *бубаќ* АЌ, во Гăр: *бубáјк*, *диќан*, *диќанут* Крец, *ќóруф*, *ќóрчо* — пеј., *уќурвéе* Гăр, во Град: *уќурвéй*, *измиќáрка* (*мă-нăпрăвú*) Ал, *ѓýбре*, *ѓýбăрто* АЌ, *ѓóл'*, *уф-ѓóл'о* 'во езерото', *Ѓóл'о* — топ. од Пат, *ѓунл'ýк* 'надница' Крец, *ѓáвул* (*сă-фăтúл уз-ѓáвуло*) Ним, *їúнѓăр* 'магарешки трн' *їúнѓăрто* Гăр. Од пунктот Калиново се топонимите: *Ќупрújте* 'имало растурен мост', *Ќор Бунáр* 'извор', во Крецово без јотување: *дјáвул*.

3.81. Ќе заклучиме дека кукушкиот говор со развитокот на прсл. групи **tj* (**kt'*), **dj* предимно во *шт*, *жд* се приближува кон соседниот солунски говор, на југ, во кој го среќаваме истиот резултат.

З. Голомб (ДМГ, 246) во глаголската форма *фáт'а*(*м*) — 1л. ед. през. гледа изедначување на првобитните *шт*, *жд* за 1л. со *т*, *д* од другите лица (? ,можеби: од др. времиња). Ако е така, возможно е да се помисли дека тој не го зел предвид фактот дека во овие говори се среќаваат презентски форми и од свршени глаголи, па оттаму доаѓа и превидот, односно претпоставката за споменатово изедначување.

Сличен резултат за **tj* (**kt'*), **dj* среќаваме и на север во дојранскиот говор: *шч* (*кăшча*, *снóшчи*, *лéшча*) и *јџ* (*вéјџи*, *сáјџи*), обратно, на запад во гевгелискиот и воденскиот говор превладуваат случаите со *ќ*, *ѓ*: *врéјќă*, *кýјќă*, *нóјќ*, *к'éркă*, *свéјк'и*, *вéјї'и*, *мéјѓă* (ВГ, 37,41), *врéќа*, *їáк'и* и *їáшк'и*. . . *вéѓа*, *мéѓа*, *нăóжѓум* (ГГ, 76).

На исток, во струмскиот говор, според материјалите од пунктот Савек превладува замената *шт*: *лéшта*, *кăшта*, *снóшти*, *свéшта*, *їлáшта*, *испráшта* и *жд*: *рăжда*, *сáжди*, *вúжда*, *їрăждáнăц*. Но исто така присутни се и примери со *ќ*, *ѓ*: *дошлá к'еркá-му*, *бужúќ*, *мéѓу* и *мéѓа* (покрај *бráзна*). Овде треба да се спомене и морфемата *ќе*, а и др. форми од глаголот *хътѣти*: *ќ-одат*, *ник'é* — *никáт*, но: *нéјку-їу*. Не се необични и примери со „неетимолошко" *ќ* на крајот од зборот: *изúќ*, *рăмнúќ* 'рамница', *зимнúќ*, *їниздúќ* 'гнездо'.

**SKJ, *STJ, *ZDJ, *ZGJ*

3.9. Овие прасловенски групи во кукушкиот говор дале *шт, жд*; *ӣу́шта́р, кле́шти* Бег, *крӑшта́ни́к* (: крстениот на кумот му паѓа *крӑшта́ни́к*), *ӣу́ште* (кацата), *ӣи-рӑсӣушти́а де́цӑӣа, мӑ-исӣриши́й, шти́ра, шти́ри́ца* 'ак не ро́жде' Кал, *шти́ца, дош, до́жде* (: *ним исӣа́ї'и до́жде*), *дуждил'а́ва* (*ӣуди́на*) Гър, во АЌ: *дуждул'а́ва.*

Во наставките *-ште, -шта*: *сӣӑрни́ште, буни́ште, кӑлчи́ште, Русъли́цки Гро́бишта* — топ. Крец, *де́ништа* (*сиде́х но́ӣо де́ништа*), *рӑбишта, сӑртишта* Гър, од Град: *ӣре́мишта, да́ӣишта* (*даї* 'рид'), *ӣво́јте си́ништа.*

Кај изведени глаголи со наставката *-(j)a, -(j)аве*: *крӑшта́ве, ӣрушта́ве* Мут.

Во Гуменца се среќаваат форми со *шќ, жѓ*: *ӣу́шќӑӣ, шк'и́ца* (: штица), *кле́шк'и* (: клешти), *шк'и́рува* (крава), *ӣу́шк'ер* (: гуштер), *до́жѓӑ* (дожди).

S

3.10. Африкатот *s*, освен во примери од стсл. јазик, пр. *све́зда* и *све́р* Крец, се среќава и во други зборови во кои го заменува струјното *з*. Се јавува.

3.101. Во почетокот на зборо формите: а) во група со сонанти: *свиска* Мут 'млада овца, уште не објагнета', *свиза́р* 'млад овен' АЌ, во Град: *свизо́че, сво́не кўӣу своне́ц, срӑнца́ла* Ал 'очила', б) пред самогласка: *сиӣва́р* 'севгар', *сӑрсӑли́на* 'кајсија' Крец, *симӣире́к* 'немирно дете', *синсе́л'* 'багрем', *синсили́во* 'слаба материја, прозирна', *си́нсили-ми́нсили* 'лигавење', *Са́на* — лич. име, и: *Са́нна Ти́на* Гър, *сӑдин, сӑдни́ште* 'задниот дел од колата' Мут, во АЌ: *сӑдни́к; сӑдни́чки о́де, сӑрсува́ӣ* 'зарзават', *си́ври* Мут, *сӑмба* 'алатка за отворање дупки', *са́спа* (*у́ӣре са́спа* 'утре сабајле') АЌ, во Град: *са́сӣрӑ*, во Драг: *сы́нка* 'виножито', *сӑдна све́зда.*

3.102. Во средината на зборовите *s* се јавува повеќе во соседство со сонанти: *бинси́н, мӑлсум, мӑлсиш* Драг, во Мут: *мо́лсе, измулса́х*, во Крец: *мо́лзум, вӑрсе* (: *вӑрсин ӣо́ӣ ми́рно се́ло*), во Гър: *сӑлса, сӑлси, о́рӣума к'и-му-вӑрсиш*, сп. уште во Дрыг: *ӣугсе́мна во́да*; *ӣо́ӣӣрӑси* (: *ӣо́ӣӣрӑк* 'колан од самарот') Град.

В

3.11. Во кукушкиот, како и во другите источни говори, етимолошкото *в* се чува во позиција меѓу две самогласки: *кувăнлăк* 'задниот дел од секирата', *лӯ̆уве* 'ограда околу камењата во воденицата', *ӣра́ва* 'направа': *дру́ӣа ӣра́ва-ј кури̋̄̆ницӣ̆а, рӑ̄кӑве́̄̆ка* 'ракатка', *ску́вăле* 'глота', *му́ркуво* (време) 'кога се смрачува' Мут, *уде́ва* 'преѓе', *Пе́̄̆кӑва Че́шма, Аӣӑва Че́шма* — топ. Крец, *Кри́вио Дӑ̄* Пат.

Ретки се примерите во кои меѓувокалното *в* се елидира, пр. *шо дӑ-ӣра́јме* (: правиме), *шо́ дӑ-ӣра́м* Гăр, *дӑ-усӣ̆а́јме сӣ̆о́мин* Ал.

Напротив во соседните села од Солунско оваа појава е прилично раширена, пр. според М. Малецки во пунктот Негован, што самиот го одредува како преоден кон кукушкиот[73] среќаваме: *на ӣуӣга́ру* (: на говедарот), *оло́ӣу* (: воловите). Во истиот пункт *в* се испушта и на почетокот од зборот пред *о*: *о́да* (: вода), *о́л* (: вол), *о́сук* (: восок). Ваков пример ние забележивме во Градобор: *о́нка би̋̄̆е* 'надвор беше' (: вонка).

Во Ним, Драг, Мут и на др. места запишавме *и̋̄̆ме* наместо *виме* (*и̋̄̆мо̄̆ и-би̋̄̆ме ӣӑлно мле́ко*), сп. уште *цăрли̋̄̆ф* < *цăрвлив*.

Треба да го истакнеме фактот дека има примери во кои се востановува *в*, во почетокот на зборот пред *о*, пр. *во́са* 'оса' Драг, Крец, во Град 'стршенот' го викаат *мӑ̄̆ӑре́шка во́са*, а 'олтарот' *вӑлӣа́р*. З. Голомб од пунктот Висока покрај *во́са* го наведува и примерот *во́̄̆ни* (< *о́̄̆ни*). Според него „оздека имаме работа со појава што истапува на границата на двата говорни типа од кои едниот го развива *во-* во *о-*, а пак другиот го чува *во-*; во врска со тоа има услови индивидуите од говорот *во-* > *о-*, поддржувајќи го говорот со зачувано *во-* да го застапуваат хиперправилно секое изворно *о-*, премината во *во*“ (ДМГ, 250 — 251).

3.111. Согласката *в* како звучен опструент не може да стои на крајот од зборо̀формите и се реализира како *ф*: *кукушко́ф дӯ̆* 'голема брадавица' Мут; *адинро́нкуф* (чуве́к) 'мал човек' Гăр, *к'е́л'уф*, *ќо́руф* АЌ, *билизни́куф* Грам, исто

---

[73] M. Małecki, O zróżnicowaniu gwar Bogdańska w pd. — wschodniej Macedonij, Lud Słowiański, III, 1, 1936, str. 100.

така и во предлогот *уф*: *уф-уро́ва буја́*, *уф-миле́ќкӯт џеī* АЌ, во Крец: *ф-о́сум зăо́ī'е*.

3.112. Се случува во туѓи зборови место незвучното *ф* да се употреби *в*: *каавине́*, *кааве́*, *ва́фли* покрај *фа́фли*, но *фу́ска* 'женска поткошула', *фусту́н*, *фиро́н* 'лош човек' Крец, Шек, Мал, *фăрмăзо́н* (: *кӯт фăрмăзо́н ка се-j нăду́л*), *фăки́р* 'сиромав' (*тӯка́ си умре́ фăки́ро*), *фиту́л'*, *фре́нк* 'модерно нешто', *фине́р*, *фирма́н* 'препорака' : *ус-фирма́не-j о́на* Гăр, АЌ, Мут.

Џ

3.12. Гласот *џ* главно се јавува во туѓи зборови, турцизми, односно во образувања со балканскиот суфикс *-џија* од турско потекло.

3.121. Во почетокот на зборот: *џа́нки* 'сливи', *џа́снин* 'немирен', сп. уште *џа́ске* 'повлекува остро, одеднаш', *џа́н-џи́н* — *то̄по̄јна́р* 'полноќ, глува доба' Гăр, *џăмба́с*, *џăмбăзла́к*, *џеī*, *џăнда́р* Мут, *џурџа́н* 'врабец', *џура́* 'последната ракија' АЌ, *Џи́н До́л* 'место' Стр (Гăр).

3.122. Во средината на зборот: *măџу́н*, *а́нџăк* 'постојано' (: *анџăк фле́зи-изле́зи*, *пра́ве*), *Аjданџи́ко* 'чешма' — топ. во „бижа́нската ма́ала" Стр, *ајнаџи́ја*, *џе́л'* 'крај' (*му дуjдé џе́л'о*), *екимџи́ја* Гăр, Крец, Мал, *артӯmăџа́* 'граблива птица' (*али́с кӯту артӯmăџа́*), *бăбăџа́нча̄та* 'мали пилиња што ги ловат зимно време' АЌ, Ал, Гав, *сăрăџа́* 'рана што се лекува тешко', *булмăџа́* 'болест кај бебињата' Гăр.

3.123. Гласот *џ* многу ретко го заменува *ж* во словенски зборови пр.: *џиле́зо* Шек, Крец, Гăр, Мал, *дăрџа́вна ра́бо̄та* Ак, а освен тоа, покажува забележливо присуство во повеќе ономатопејски глаголи: *џа́фке* 'слаб лаеж од куче' и фиг. за неумесно протестирање: *што а́нџăк џа́фкиш*, *џи́фке* (: *вра́ичӣто пра́ве џи́ф-џи́ф*) АЌ, *џини́ра̄ш* 'звецкаат', пр. шумот од движењето на ситни, метални пари или нешто слично, *џва́рке* 'тече со прекини во млазот, со шум'.

Да одбележиме дека во соседниот дојрански говор гласот *џ* се јавува многу често во итеративно-имперфективни образувања: *ви́џје* (*о-ви́џум нӑ-па̄ше* 'понекогаш'), *изва́џје* 'плави алишта'.

СОГЛАСНИЧКИ ГРУПИ И ИЗМЕНА НА КОНСОНАНТИТЕ

3.13. Упростувањето на согласничките групи со менување и прилагодување на артикулацијата на едната кон артикулацијата на соседната согласка од групите е појава позната и од други говори.

Убав пример за тоа гледаме во измената на групата *-вн-* која со регресивна асимилација поминала во *-мн-*: *ӣла́мна*, *уӣла́мник* Мут, Драг, *ӣле́мна*, *уф-ӣле́мната* Крец, во Ицеларе, Коцумарлија и Амбар Ќој се јавува со палатализирано *н* *ӣла́мн'а*, *ӣле́мн'а*; сп. уште *ра́мно*, *ръ́мни́ца* Гър, Ним, *ръ́мни́к* Мал, Шек. Истава појава ја забележуваме и во заменската форма 'нивен': *къ́де ӣу-на́шо*, *къ́де ӣу-ни́мно* Крец.

Избегнувањето на групата *-вн-* го забележуваме и во коренот *свьн-* кој овде поминува во *съ́мн-*: *усъ́мна́* Бег, Пост, односно *симн-* (*ӣака́ усимна́х*) Мор. Малку на подруг начин, со елизија, односната група се избегнува и во лексемата *ну́к*, *ну́ка* која така се изговара скоро на целото подрачје: Ир, Ал, Грам (и: *ӣъ́ра́ну́к*), Мор, Крец. Само во некои пунктови на југозапад среќаваме *фнук*, *фну́ка* Коц, Драг. Во истиве села групата *-вн-* се чува и во прилогот *в(ф)на́ӣре*, додека во претходно споменатите среќаваме *не́ӣре* Мут, Ним, односно *въ́ӣре* Грам, Ал.

Среќаваме и други примери во кои упростувањето на согласничките групи се врши со отпаѓање на една од согласките, така *-мј-* > *-м-*: *ла́ма* (*уз-де́виӣ ӣла́ви*), *зе́ма* (*уд-зе́мъ́ӣа к'и-ӣ-ӣре́снум*) Мут. Таквиот изговор е обичен во северните села и соседниот дојрански говор (: *зе́ма*, *зе́мӣа*, *ја́де кути ла́ма* — ДГ, 43), додека на југ и во овие лексеми се јавува групата *-мн-* (*-мн'-*): *ла́мна*, *зе́мна*, *нъ́-зе́минӣа* Драг, односно *зе́мн'а*, *ла́мн'а* Коц, АЌ.

3.131. Во говорот во Полето фрикативите *с*, *ш* на морфемската граница не можат да стојат пред африкатите *ц*, *ч* : *но́хче* (: нос) Каз, Драг, *ӣа́лна михчи́на* (: месечина) Иц, *ӣръ́хчи́на* (: прст) Коц, *убра́хче* Драг, *ли́хче* (: лист), *ма́хче* (: маст) Иц, *михчи́нка* (: месо), *мо́хче* (: мост) Бег, *бре́хчеӣа* (: брест), *ури́хче* (: ориз) Гър, *е́хче* (: еж) Каз.

Во префиксираните глаголи на морфемската граница односната измена не се врши: *съ́-исчишах*, *дъ́-исчи́стум* Гър.

Во селата од Карадагот прострујното *с* пред африкатот *ч* ја менува својата артикулација и преминува во *ш*: *бре́шче*, *ли́шче* Влад, Рош, *ури́шче*, *но́шчшто с-јо̄ удри́* Мут, или останува неизменето: *ме́сце*, *мисчи́на* (*ірее*) Ал. Истиот резултат се јавува и во соседниот дојрански говор: *ӣра́шче*, *убра́шче*, *фе́сче* (ДГ, 43).

Обратно, во Гевгелиско, како и во селата од Полето, *с* пред *ч* поминува во *х*: *но́хче*, *убра́хче* Фур, Богд.

3.132. Плозивите *т̄*, *д* на морфемска граница со фрикативите *с*, *з* се слеваат во африкати *ц*, *s*: *ӣуве́цко* (*месо*), *ysӑт̄* // *ysӑди* (: одзади), *буӣа́цвуто мо-ј-ӣуле́мо*, *буӣа́цко де́т̄е* Шек, *бра́цка де́лба*, *уцӣре́т̄ сӑ-нӑӣрӑви́* (се извалка) Гъ̆р, *ӣра́цки* (*живот̄*), *ӣрӑма́цки сӑнӑр* (: Грамадна — име на село) Ним.

Согласката *т̄*, освен тоа не се јавува во секвенци со *к* (*т̄к* > *ц*): *убе́ци* (мн.), ед.: *убе́ца* Крец.

3.133. Фрикативното *с* не се јавува во секвенцата *-ск* кога се наоѓа во состав на суфиксот *-ски* (> *цки*): *изи́кӯт̄ кукуше́нцки* АЌ, *суфила́рцка во́да* Гъ̆р, *Јӑмбо́лцкит̄е ба́хчи* (место), *Сӑмови́лцки Рит̄* — топ., Крец, *кӑрцко мест̄о* (: *кӑр* 'суво, песокливо место'), *ко́јнцка му́а* 'голема мува' Грам, *куса́рцки* // *т̄учи́лцки ка́мин*, *мут̄у́лцки* // *мут̄уле́нцки* (: с. Мутулово).

Иако ретко, освен по консонант, среќаваме примери во кои групата *-ски* се изменила во *-цки* и кога ѝ претходи вокал: *амба́ркӯи́цки*, топ. *Русали́цки Гро́бишт̄а* Крец, *кӑкӑра́цка* (: *какараска* 'стрчка') Ним.

Промената на струјното *с* во африкатот *ц* ја забележуваме не само во суфиксот *-цки*. Примери во почетокот од зборот пред вокал, односно пред звучна согласка: *Цве́т̄ла*, *Цве́т̄линт̄е де́ца* (: *Свет̄ла*, лично име) Гъ̆р, *цӑрна* 'срна' // *куршу́т̄ка*, *цӑрвуӣа́ска* 'шипинка' (сп. во др. говори: *србоӣа́ска*), натаму во средината: *руцка́ло* (: *руска́ло* "рскавец') Гъ̆р, во АЌ: *кӑрцкӑвиц*, *о́ј до́нци бра́шно* (: оди донеси брашно), *дунце́ удӑ-Да́бил'а* Ал, *до́нцино де́т̄е* 'доведено од првиот брак', и на крајот од зборот: *ӣлац* 'плас, дел од ралото' Гум.

3.134. За денталните плозиви *д*, *т̄* пред *л* среќаваме двоен изговор, иако измената *ӣл* (< *дл*) е многу почеста, сп.: *ӣле́т̄у* Драг, *ӣлит̄ини́ца* 'она што е ожлебено со длетото' Крец, во АЌ ваков пример забележивме и во средината на зборот

сва̑рїле 'сврдле'. Групата *т̄л-* > *кл-* во зборови изведени од коренот *т̄л̥к-* кој се развил во *кл̥к-*: *ка̑лве*, *ка̑лце* Гър; сп. уште *кла̑па* (*уд-но́го о́гин*) Град, но: *да̑лбо́ко* и *т̄ле́е* (огино) Гър.

3.135. Почетната група *п̄с-* егзистира како *п̄ц-* (*ц-*): *п̄ца́ле* (*п̄ца́лто п̄ца́ле*) Крец, *це́т̄а да-т̄-ја́да̑т̄* (: пцета), *п̄цу́у* (: пцуе) Гър, *п̄цувису́ве ко́јнут̄* АК, во средината на зборот исто така среќаваме *п̄ц* место *п̄с*: *шти́п̄ца* (: стипса) Крец, *т̄ипц̄и́а* (: тепсија), *ва̑п̄ци́ло* 'боја растворена, спремна за бојадисување' Ним.

Меѓутоа почетната група *п̄ч-* во овој говор не е необична: *п̄че́ла*, *п̄чила́рник* Крец, Кал, *п̄че́ло́к* 'трева', *п̄че́л'т̄е* Пост, Коц.

Во одделни случаи се одбегнуваат на почетокот од зборформите и групите *вд-*, *вч-*: *дувёц*, *дувѝца* Мут, во Гум: *увдо́виц* и *увдовѝца*, *че́ра* и *уфче́ра* Гър.

3.136. Во повеќе села, во пунктови од говорот на Полето, невозможни се секвенците *с*, *з*, *ж* + *р* ако зад нив доаѓа вокал. Во таков случај во односниве групи се вметнуваат секундарни плозиви *д*, *т̄*: *ме-ј-стра́м да-ї́у стре́т̄ум*, *не́-си на-п̄ре́страма* 'обичај поврзан со младоженците и свадбата' Гър, *стре́бро*, *стре́бра̑на — п̄а́ра* Иц, *стре́шт̄у них*, *ждре́бе*, *здра́к*, *на̑-стре́т̄* *ве́ча̑р*, *устре́н* 'рачка од нож' Коц, *са̑-стра̑му́ве*, *стра̑мни́че* 'трева, има бел цвет' Пост, *ждребѝчка*, *здре́ли*, *стре́а* Каз, *ста̑рмин* 'јаже од самарот', *стрѧмо́т̄а*, *стре́да*, *стридуре́к* Град.

Но, има пунктови во кои првобитните групи *стр-*, *здр-* се упростуваат со испуштање на плозивите *т̄*, *д*, сп.: *ла̑к и сре́ла*, *се́сра*, *зра́ве*, *сре́а*, *п̄ут-сре́ј̄т̄е*, *Сру́мица* АК.

Ваков изговор на групите *с*(*т̄*)*р-*, *з*(*д*)*р-* забележивме, во одделни пунктови, и во Дојранско: *би́сра во́да*, *о́са̑р нош* Ник, но во Фурка: *стра̑мли́ви* 'срамежливи', *здрел*, *здре́ло*, од Патарос се топонимите: *Стре́дната Че́шма*, *Стре́дното По́ле*. Артикулацијата на групите *стр-*, *здр-* во Фурка се сложува со онаа од гевгелискиот говор, со кој има и др. слични особености: *стре́бро*, *стре́ќа*, *стра́м*, *стра̑мо́т̄а*, *са̑-стра̑му́вум*, *здрел*, *ждре́бе*, *издри́п̄ум*, *стре́да* (ГГ, 78), па дури и: *стра̑па́л'ка* 'стапка'.

На запад, во Гуменца, во односниве групи исто така се вметнува *т̄*, *д*: *стре́н* 'рачка на нож', *стре́бро*, *стре́дин п̄ра̑с*, *стре́ќум*, *здра́к*, а на исток — во Савек, обратно, *т̄*

се испушта и таму каде што етимолошки го имало: *срук*, *сру̀ĭо* 'струг', *сру̀ĭам*, *нек сă-зра́ви и жи́ви*, *о́сра вắлна*, *срах ло́зе чува́*, *сри́ку*, *сра̀ни́ца*.

3.137. Почетните согласнички групи: *чр-*, *чрѣ-*, по правило се измениле во *цăр-*, *цре-*: *цăрни́ло* 'паразит во житото' Грам, *цắрин дро̄ĭ*, *цăрцо́ре* (*ӣи́л'ӣо*), *цăрни́ца* АḰ, *цắрвик*, *цăрве́син*, *цăрвини́ца*, *цăрни́ца* (земја) Мут, *цре́во*, *цре́фце* Ал, но *чăре́ша*, *чăрắшо́во дắрво* Мут, во АḰ: *чуре́ша*; *ви́шна-чăре́ша* 'вишна' Крец, во Савек: *чре́во*.

3.138. Меѓу особеностите од консонантизмот во овој говор треба да ја споменеме измената *с* > *ш*, што се јавува во одредени случаи, во групата *сӣ* (> *шӣ*): *шӣи́ӣца* (: стипса) Мут, *шӣени́ца* (: стеница) Сав, *шӣăӣа́л'киӣе му ӣи-виде́х* 'ми побегна' (но: *сӣа́ӣке*,) *лишӣуви́чка* (:ластовичка) АḰ, натаму почетната група *ск-* > *шк-*: *шкрипчи́на* (: скрипци), *шкра́ӣила* (: скорпион) АḰ, *шки́ӣник* (: скитник), *шки́ӣе* Гắр, пред самогласки: *шуру́̄* (: сируп) Драг, *ка̄ӣ-Шуши́ца* (: Сушица — с.), *лиши́ца*, *мо́ри лиши́цо*, *дă-ш-о́диш до́ма*, *к'и-ш-о́дум* АḰ, *же́ӣа̄ӣа ӣуми́не и аj к'и-ши до́ă̄ӣ* Гắр, *ишиче́* (: исече) Шек, пред согласка: *но́ше* (: носеше) Мал, *шлес* 'слез' Сав, со метатеза: *шл'у́̄ка* (: луспа) Гав; уште *Шӣи́ро* (: Спиро) Гắр, *лишка́рник* (: леска) Драг.

Обратните примери се реткост, сп. *ско́л'ка* 'школка' Мор, Гắр, *ско́л'ки* Гум.

3.139. Елизијата, како што рековме, го менува обликот на зборoформите, а често дури и ги наштрбува.

Овде ќе се задржиме на случаите со удвоени консонанти, што најчесто се резултат на елизија на неакцентираниот вокал пред членската морфема. Појавата на геминати, иако поретко, е условена и од други моменти.

Сп. примери за геминатата *ӣӣ*: *ӣле́ӣӣо* (< глето-то), *ӣо́ӣӣо* (< поте-то) 'емајлирана чаша', *сӣале́ӣӣо* (< спалето-то) 'голем волнен шал, жените го носеле место џемпер', *ка̄ӣо́ӣӣо* (< капоте-то) — чл. мн. форма од *ка̄ӣо́ӣ* 'зимско палто', *бра́ӣӣо* (< брате-то)—чл. мн. форма од *бра̄ӣ*; *ӣла́ӣ ӣе* (< плати-те) — чл. мн. форма од *ӣла́ӣа*; кај глаголите со општ дел на согласката *ӣ* во 2л. мн. : *да-ӣу-ӣузла́ӣӣе* (< позлатите), *ӣле́ӣӣе* (< плетите), *кла́ӣӣе* (< клатите).

Бројот на случаите со други удвоени консонанти не е толку голем: *уддóлце* // *уддóл* (*úде*), *уддáмна*, *уддéлин*, *уддăнăде* // *уддăнăт* 'позади, онаму': *тýр-јоо уддăнăт* = 'онде': *úјше уддăнăт Бурúзуво*; *úмме*, *нéмме* (*рабóта*), *прúмме* (: примаме), *зúмме*; *нáјјăвудúа* 'најскржав', *нáјјýс* 'најпрв', *нáјјáк*.

Поинтересни се случаите кога, од истите причини, ќе се најдат во непосреден допир три согласки една до друга. Во тој случај, за поудобен изговор, еднородните согласки: втората и третата, се слеваат во една, а првата се удолжува: *ýста* (< уста-та), *гăста* (< гăста-та), *тéсто* (< тесто-то), *прăсто* (< прсте-то) — чл. мн. форма, *пăрто* (< пăрте-то) — чл. мн. форма од *пăрт* 'прат', *ăрто* (< ăрте-то) — чл. мн. форма. Сп. уште: *буни́ш:та* (< буништа-та), *гро́биш:та* (< гробишта-та), *дво́риш:та* (< дворишта-та) *не ни биа зăгрáдни*.

3.140. На составот од звучен и безвучен, односно од безвучен и звучен опструент, како и во други говори, доаѓа до едначење по звучност, т. е. не се јавуваат секвенци од согласки различни по звучност.

Она што треба да се нагласи како специфичност е фактот дека во повеќе пунктови забележуваме стремеж да се отклонат консонантските алтернации, т.е. безвучниот сегмент од вторичната форма добиена како резултат на законот за обезвучување на крајните звучни согласки, односно на законот за едначење по звучност, се наложува повторно во членуваната и во множинската форма. Сп. примери од Мутулово: *лýпуве* наместо 'лубуве' : окрýгли штици, се ставаат околу воденичкиот камен да не се растура брашното, мн. форма од *луп*, која е добиена со обезвучување од 'луб'; од истиот пункт се и придавските форми: *нúсук*, *сунúсук*, *тéшук* м. 'низок', 'сунизок', 'тежок', во кои се наложил безвучниот парник од соодветната членувана форма: нискиот, сунискиот, тешкиот. Во Грамадна исто така ја запишавме формата *нúсук*, во Драгомирци: *лýпуфто*, *лýпăве*, *тéшук*, во Град: *лýпут*, *цéпут*, *цéпови*, во Амбар Ќој: *кăдéшут*, *жéшук леп* (: кадеж, жежок), но сепак: *лéбут*, во Морарци: *кăдéшо*, *нúсук*, во Крецово: *нúсук*, *сунúсук*, во Гуменца: *нúсук*, *прáсут*, *тéшук*.

Иако ретко среќаваме и обратни случаи, кога крајната етимолошки безвучна согласка се приклонува кон моделот: *леп*, но: *лéбот*, *лéбови*, т.е. обезвучена — на крај, а пред член-

ската морфема и во множинската форма — звучна согласка, па така: *увéс*, чл. *увéзо̀т*, иако стсл. форма гласи **овьсъ**. Сличен е случајот со името на селото *Борисово*, кое во два пункта се јавува со *-з-*: *удă-Бури́зувă* (Иц), односно *Бури́зуво* (Мут).

Слични случаи наведува и З. Голомб од материјалите на М. Малецки од Солунско (ДМГ, 243) и ги објаснува како резултат на вторично едначење, олеснето од етимолошката изолираност на односниве лексеми.

3.141. Финалните согласнички групи: *-ст̄*, *-шт̄* многу често се пазат неизменети; пр. од Крецово: *ло́ст̄*, *ли́ст̄*, *їли́ст̄*, но *ра́с*, *мо́с*, од Драгомирци: *чи́ст̄*, *їӑст̄*, *ли́ст̄*, *цӑфт̄*, од Амбар Ќој: *кре́хт̄*, *бре́ст̄*, *при́шт̄*, *їо́ст̄*, *но́хт̄*, *ло́ст̄*, *їӑст̄*.

Оваа особеност ја познаваат и други јужни говори и по сè изгледа претставува специфика на појасот од Костурско — Солунско. Сп. примери од Нестрам: *брест̄*, *чист̄*, *їост̄*, *їорешч*, но: *бо́лес*, *мос*, од Бобошчица: *лист̄*, *їлист̄*, *дошч*, *чушч*, *воск*, од Тиолишча: *брест̄*, *лист̄*, *мост̄*, *чист̄*, но: *жалос*, *радос*, од Висока: *мост̄*, *їост̄*[74].

3.142. **Асимилација.** — Изедначувањето на консонантите е појава многу поограничена отколку кај вокалите. Ги забележивме овие случаи: *р—к* > *р—р*: *брор* 'трева', во др. говори: *брок*, *брош*; *л — н* > *л — л*: *ле́л'но семе* (: лен) 'се става на рани'; *в — н* > *м — н*: *ст̄ӑрмин*, *ст̄ӑрмна* (: стрв): *сè са́ке дă-а́їне* Мут; *н — в* > *м — н*: *мă̆нă̆ст̄у́л'ка*; *б — в* > *б — б*: *би́бул* (БКВГ, 456), *би́бул'ца*; *ч — ш* > *ч — ч*: *ку́чичка* (*ко́жа*) Мут.

3.143. **Дисимилација.** — И примери со разедначување нема многу: *р — р* > *л — р*: *їлă̆мут̄ӑрн* 'трева, грмотрн' Драг; *л — л* > *р — л*: *їă̆ржă̆ло́ци*, *їă̆ржă̆ло́к* (: полжав) Гă̆р; *н — н* > *л — н*: *лиша́н*, *лишанли́ф* (: нишан); *н — н* > *н — м*: *нă̆лӑме* АЌ; *ч — ж* > *ч — з*: *чу́здо* Ал, Мор.; *м — н* > *в — н*: *дă-сă̆-нă̆фно́жат̄*.

3.144. **Губење на согласките.** — Брзата артикулација и изразито експираторниот акцент, кој — ангажирајќи голем дел од издишната струја врз акцентираниот слог — условува крајно ослабнување на неакцентираните слогови, доведуваат

[74] Б. Видоески, Фонолошки описи ..., стр. 771, 756, 777, 804.

не само до делумна редукција на вокалите, туку и до полна елизија и на вокалите и на консонантите.

Се работи за стремеж кон економичност во зборувањето што претставува една од главните особености на долновардарските говори. Д. Иванов анализирајќи ги случаите со елизија во соседниот гевгелиски говор, и барајќи ги причините, истакнува дека стремежот на акцентот да остане врз коренските слогови е една од најглавните причини за скратување на зборовите.

На проблемот на елизијата, освен Иванов се задржал и С. Романски. И едниот и другиот истакнуваат дека секое меѓувокално *д* се испушта кога ќе се најде во слог по акцент (ГГ, 59, ДВГ, 129).

Сп. примери од Кревово: *л'ýјшо* (< л'удето) : *ним слýши шо лáфаш л'ýјшо*, *брááша* (< брадата) : *му-сичéли брááша*, *їрéáша* (< гредата), *їувéáшо избиїáло* (< говедото), *дéу-ши* (< дедо) : *нă-дéушо Глиїóр нýко*, *ój-си* (< оди си), *їол ќ-óјш*, *к'и-ш-óјме нă-Кукýш* (< оди), *шóо сă-їлéјше* (< гледаше), *ешу їлéјше кăквá-j мójша рăбóша*, *дă-си-дójш рáно* (< дојде), *к'и-дóм // дójдум*, *вијш*: *дō-вýјш*, *уф-чáша дō-испýјш* 'се кажува за многу лично дете' (< виде);

од Моравци: *о-їлéјш шóо нă-висóкшо* (: гледа), *дă-мидájш уш смéнкăша* 'месо од стомакот на свињата' (: даде), *и дă-jájме пá сме шакви́* (: јаде), *уш-свéшша вójчка дă-сă-напúе* (: водичка), *уф-ливájше о-видéх* (: ливада), *ајн ден їа-усшавúх сáма* (: адúн);

од Драгомирци: *зájно бúме* (: заедно), *їулéма* (:и *мăлéчка*) *Буїурójца* 'празник' (: Богородица), *ф-млájше їудúни*, *млáашо жúшо* (: младо), *наináки-ли сéјше* (: седете) 'онаму ли живеете', *пушúл брájчка* (: брадичка), *двájсăш*, *шширúјсăш*, *пéјсăш*;

од Амбар Ќој: *му-дéх* 'му дадов', *збéр-си пăршáл'шо*, *ój-си* (: оди си), *нă-брáсша си-лиїнá* (: браздата), *брájчка* (: брадичка), *вóоша* (: водата), *шă-їлéм шо прáвиш* (: гледа), *д-ин кáжиш нă-дóă-ши* (: *дод-о* — обраќање кон постара сестра), *ка не úјше и ас не úдум* (: идете), *сéшне к'и-jájме* (: јадеме), *избráме jáїујше* (: јагодите), *рýáша óвца* (: рудата); сп. и: *авăкáшо Глиїóр* (: адвокатот);

од Мутулово: *дă-ш-вúм*, *ќ-óјме дō-вýјме* (: одиме, видиме), *їлéј дă-нé пáдниш* (: гледај), *к'и-си-óăш пу-свиши-Илúја*

(: одат), *пре́сна во́јчка* (: водичка), *уд-кла́јнцо* (: кладенец), *дă-пръ̆це́јш мле́кто* (: цеди), *сеј-си ми́рно* (: седи си);

од Коцумарлија: *га́јта* (: гајдата), *пре́јше* (: предеше), *о́јше* (: одеше), *к'и-кра́јте* (крадете), *гре́јте* (: гредите), *слубо́ăта*. Гласот *д* се испушта и во лексемата *го́сто*.

3.145. Согласката *г* најчесто се елидира од акузативните форми на личните заменки *тој, таа, тоа*, еднина и множина, употребени во состав со сврзникот *да*, негацијата *не*, морфемата *ќе* и кратките дативни форми од односниве заменки.

Примери од Амбар Ќој: *до* (< да го) *фắрлиш, не́ о* (< го) *фа́тум, дă ма* (< му га) *дах* 'да му ја дадов', *дăржа́јте-ј* (: држете ги), *ма* (< му га) *искара́ли зла́чкăта, да* (< да га) *зи́ме, ќо* (< ќе го) *по́тпре*;

Од Градобор: *тија шо-ј* (< ги) *зна́јше, кој к'и-ј* (< ги) *пиј*; од Мутулово: *но* (< не го) *при́ма, тој* (< тоги) *ни́што не́măхме*.

3.146. Примери за елизија на согласката *ж* исто така нема многу; од Мутулово: *но́јци* 'ножици', од Амбар Ќој: *он că-стри́јше* (*кога ути́дăх*), *нă-мо́јш дă-că испра́виш* (: можеш), *дă-ни́јш пу-пе́т ни́зи нă-де́нут* (:нижеш), *пра́во дă-мика́јш* (:кажеш), *дă не́ ла́јш* (: лажеш), *а́пни-си, дă că прăбла́јш* (: преблажиш), *де́ка ле́јше* (: лежеше).

Во формите на спомнативе глаголи *ж* се испушта само во 2л. ед. през. и 2 и 3л. ед. имперф., значи наспрема *стри́јш, стри́јше* имаме: (*că*) *стри́жум, стри́же, стри́жме, стри́ште, стри́жăт*, односно: (*că*) *стри́жăх, стри́жăхме, стри́жăхте, стри́жаа*; исто така наспрема *ни́јш, ни́јше* има: *ни́жум, ни́же, ни́жме, ни́ште* итн. Единствено гл. 'може' освен во 2 и во др. лица се јавува без *ж* : *нă-мо́м, нă-мо́ме* итн. Гăр.

3.147. Примери за елизија на *з*: *бли́јчко* (: близичко) Крец, *еднорóнкави но́јчки* (: мали *нозички*), *к'и-пу-изпри́јше* (: изгризеше, но *изпри́зум, изпри́зе*. . .) АЌ, *и ка бише прпе́нка пă не ве́јше* (: везеше, но: *ве́зум, ве́зе*), *ич тă-не́ма дă-фле́јш* (: флезеш), исто: *изле́јш* и *изле́јше* (: излезеш, излезеше) Драг, (обично : *испắдне*).

Сосема се ограничени примерите со испуштено *н, м* и *к* : *к'и-пи-до́јсише* (: ќе ги донесеше), *к'и-до́јсе не́ко ше́јче* АЌ, *не-пу- ăм* (: имам) *виде́но* Град, *не́јде удри́ло пром* (: некаде) Мут.

Еве уште неколку покарактеристични примери во кои има испуштено цели слогови, па зборовите дури тешко се препознаваат: *о́фчка* (: овцичка), *нӑ-мо́ш дӑ-издӑржиме* (: можеме) Мут, *бӑрче́т* (: братучед), *рувел'* (: револвер), *ва́јн* (:ваа ден) АЌ, во истиот пункт предлогот *'како'* се скратува во *ку*, сп. *срилу́шка 'зму́ја, ку́са ку вӑрте́но'*, а прилогот *'која'* во *ка*: *о́ш ка́ би́ше мӑле́нка.*

А К Ц Е Н Т

4.1. Во врска со морфолошкиот карактер на акцентот македонските говори можат да се поделат во две големи групи. Кукушкиот говор се вклопува во источната група говори која се одликува со неопределен, слободен акцент, за разлика од западните говори во кои акцентот е определен, фиксиран. Спрема Б. Видоески „границата меѓу овие две групи, а тоа значи и меѓу спомнатите два акцентски системи, оди по правецот Корча (во Јужна Албанија) — Долна Преспа — Црна Река — Вардар — Пчиња (до над Катлаково) — Скопска Црна Гора“[75].

Во спомнатава група источномакедонски говори, во настојувањето за натамошно расчленување, се одделуваат три основни акцентски типа: 1. говори со неопределена и подвижна акцентуација (малешевско-пиринско акцентски тип), 2. говори со неопределена и неподвижна акцентуација (штипско-воденски тип), 3. говори со ограничено-неопределена акцентуација (тиквешко-костурски акцентски тип).

Спрема М. Ивковиќ[76] границата на говорите со неопределена и неподвижна акцентуација, во кои спаѓа и кукушкиот говор, се протега на север од Солун и ги зафаќа говорите во Пазарско, Мегленско, Његушко, Воденско, Кајларско, Кукушко, Струмичко, Радовишко, Штипско и Кочанско. Б. Видоески односнава говорна група ја проширува со овчеполскиот, кумановскиот и кратовскиот говор[77].

---

[75] Б. Видоески, Акцентските системи во македонските дијалекти, Лзб, Скопје, 1970, бр. 3, стр. 1.

[76] М. Ивковић, Акцентски системи српско-македонских говора, ЈФ, II, 1921, књ. 3—4, стр. 258.

[77] Б. Видоески, Кумановскиот говор, стр. 95.

На ова, релативно големо пространство, се јавуваат извесни акцентски разлики, особено е забележлив интензитетот на акцентот во долновардарските говори, кој апсорбира многу голем дел од издишната струја.

4.2. Во почетокот на нашиов век, првите истражувачи на долновардарските говори акцентот го детерминираат како полуопределен, двосложен и неподвижен[78]. Д. Мирчев се повел по ова искажување и забележил „... со исклучок на членуваните *вичиртá*, *рăдустá*, *стăрустá*, или состави од зборови со кратки заменски форми — *брăт-мú*, *мăјкă-мý* — во никој друг случај акцентот не го менува местото, така што Цонев со право го нарекува неподвижен и двосложен“ (БКВГ, 470).

Дополнително на ова прашање се навраќаат Д. Иванов и В. Думев. Првиот, во студијата за гевгелискиот говор, земајќи ги предвид множинските и членуваните форми: *сúнăве*, *сúнăвто*, натаму имперфектните множински форми: *нóсăхме*, *нóсăхте*, односно имперфектните образувања: *нăпăлнуве*, *рăздúпл'уве*, истакнува „Од примерите што ги изнесов јасно е дека во гевгелискиот говор, спротивно на досегашните определби (Цонев, Мирчев), паралелно со двосложниот се шири и трисложниот акцент, притоа и едниот и другиот не се „полуопределени“, туку скоро целосно определени, ако не ги земеме предвид исклучоците, што ќе ги има секогаш додека има соседни говори“ (ГГ, 106).

В. Думев го проширува и доуточнува искажувањето на Иванов со примери во кои се акцентира последниот слог: *чувéк*, *уфчáр*, односно четвртиот *Йчувица*, *кýкушкутý* и заклучува дека „... акцентот во кукушкиот, гевгелискиот и воденскиот говор е разносложен, ... т.е. го среќаваме на првиот слог од крајот, на вториот, на третиот, па и на четвртиот: *питóк*, *вóсук*, *Влáдуву*, *Рúстувица*“ (ВГ, 20).

Меѓутоа, Думев понатаму греши кога се обидува да го побие мислењето дека акцентот во овие говори е неподвижен. Сакајќи да го докаже обратното тој предвид ги зема и промените што ги внесуваат лексичките морфеми: *вóда*, но *вудинúцă*, но *вудинчáр*.

---

[78] Б. Цоневъ, СбНУ, XIX, 1903, стр. 25.

Обратно, Милош Ивковиќ (op. cit., с. 263) го поддржува мислењето на Цонев и Мирчев и разгледувајќи го акцентот низ парадигмата (само со граматички наставки) ги третира овие говори како говори со неопределена и неподвижна акцентуација. Кон ова искажување на Ивковиќ подоцна се придружува и Б. Видоески кој истакнува дека „парадигматичноста на акцентското место е главна одлика на овој акцентски тип и е спроведена во сите зборовни групи готово без исклучоци“ (Акцентските системи . . . — с. 8). Како исклучоци ќе ги споменеме множинските форми од *вол*, *ӣой* и *роӣ* кај кои се акцентира наставката: *вулóве*, *ӣуӣóве*, *руӣóве*. Со ваков, пренесен акцент, односниве лексеми се јавуваат нашироко во источните говори. Оваа нарушеност на парадигматскиот акцент ја споменуваат и Ивковиќ (првиот и третиот збор, с. 46) и Видоески (првиот и вториот збор) во Кум. говор, с. 95 и во Кратовско[79]. Д. Иванов во Гевгелиско исто така го забележил ова префрлање на акцентот, но со третман на неустановеност, бидејќи на истата стр. (ГГ, 103) бележи и *вóлӣве* и *вулóве*. Кон овие исклучоци треба уште да се додадат императивните форми: *рýчи*, но *ручáјӣе*, *éла* (дури и: *елýви*) но *ẹлáјӣе*, уште повеќе кај префиксираните глаголи кај кои во еднинската форма акцентот се префрла врз префиксот: *зáӣиш-си*, но *зӣишéјӣе-си*. Ова е исто така несталожена појава, имено има примери во кои се јавува двојно акцентирање, т.е. покрај новиот се чува и стариот акцент: *ýднéс-јӣ*, *ýсӣáв-се*; во вториот пример имаме интересна замена на кратката заменска форма за 1л. ед. *ме* со „повратната“ заменка *се*: *ýсӣáв-се*, *ич нé-мӣ-бúве*, м. *ýсӣáв-ме*.

Независно што не е спорен фактот дека акцентот во овие говори е разносложен, сепак од материјалите се наметнува и заклучокот, а тоа го истакнува и Д. Иванов (ГГ, с. 58) дека акцентот се стреми сепак да се задржи врз вториот, односно врз коренскиот слог. Тоа многу добро се гледа во оние двосложни зборови, што примајќи ја членската морфема го испуштаат крајниот вокал од основниот збор и акцентот пак останува на вториот слог од крајот: *сéло* — *сéлӣо* — *сéла* — *сéлӣа*, *врáӣа* — *врáӣӣа* — *враӣи* — *врáӣӣе*, кај

[79] Б. Видоески, Местото на акцентот во кратовскиот говор, МЈ, год. III, бр. 3, стр. 60.

глаголите: *пи́шум — пи́ши — пи́ше — пи́шме — пи́ште — пи́шат* и сл.

Фонетскиот фактор, како и во др. примери, понекогаш ја оневозможува доследната реализација на односнава појава, пр.: *те́сла* но *те́слӑта* (или: *те́сă̆лта*), *ку́кла* но *ку́клӑта* (или: *ку́кă̆лта*). Инаку би се создале согласнички групи невозможни за реализација.

Присутноста на факторот парадигматичност во системот на акцентирањето во овие говори најјасно се забележува во случаите кога кај некои суфиксни образувања дошло до поместување на акцентот кон почетокот, пр. *оре́л* : *о́рли* > *о́рӑл* : *о́рли* (*о́рӑлут*, *о́рӑл'тэ*) или *вене́ц* : *ве́нци* > *ве́ниц* : *ве́нци*. Уште поуказателен е случајот со еднинската форма *рок* која се проширила со наставката *-ов* спрема множинската форма *руӣо́ве*, за да се запази парадигматичноста на акцентот: *руӣо́в* — *руӣо́ве*.

Од истите причини, подвижните самогласки *е* и *о*, што обично се губат во множинските форми кај одредени двосложни именки, во овие говори се чуваат: *пӑте́л* — *пӑте́ле*, *пӑте́лче* — *пӑте́лчита*, *суко́л* — *суко́ле* (в. ДГ, 50).

4.3. Основната разлика меѓу штипско-воденскиот акцентски тип од една и пиринско-малешевскиот од друга страна се состои во тоа што во првиот тип акцентот се префрлил од последниот отворен слог на претпоследниот. На ова прашање опстојно се задржал М. Ивковиќ, кој забележил „Денеска на отворен краен слог акцентот стои само во неколку случаи: 2 и 3л. ед. аор. (*пӑрча́* — *пӑрча́*) и формите за ж. и ср. род *ӑди́н*: *ӑдна́* — *ӑдно́*. Во споменативе примери јасно е дека таквиот акцент е внесен од другите форми. Овие се сите, и единствени, случаи со акцент на последниот слог во овие говори за кои би смеело да се тврди дека се настанати на домашна почва. Акцентот на отворен краен слог во броевите *пӑе̯дӑе̯се́*, *шијсе́*, *сӑдӑмдӑсе́*, *дӑвӑдӑсе́* (Дојран) не мора да се вбројуваат во овие случаи, односно крајниот слог не треба да се смета за отворен, бидејќи последното *-т* можело да отпадне дури откога гласовниот закон за повлекување на акцентот од крајниот отворен слог престанал да важи. Има уште примери со акцент на отворен краен слог, но тие се нанос од страна во поновата епоха. Такви се примерите: во Дојран, Кукуш *ве̯че̯рта́*, со исто значење се употребува

и *чáска*; во Дојран *вăркăни́* 'бргу'; турските зборови *башкá*, *коџá* итн.; *блasé-му*, *блasé на тебе*; во Кукуш *брăт-мú*, додека во сите други говори е *брáт-ми*; во Кукуш, Дојран *коїá*, *се^{u}їá* покрај постарото *ка*, *са*, а во сите останати говори *кóїа*, *сéїа* покрај *ка*, *са*, зборот *тóїа* (Воден . . .) во Дојран гласи *тоїáј* со затворен краен слог, од која форма акцентот можел да биде внесен во *коїá* и *се^{u}їá*; итн"[80].

Искажувањата и на Д. Мирчев и на М. Ивковиќ имаат потреба од дополнителни објаснувања.

Прво, освен спомнатите членувани форми: *вичиртá*, *рăдустá*, *стăрустá*, забележивме и други именки во кои акцентот се задржал врз крајните отворени слогови; пр. од Амбар Ќој: *ни дă рăбóтăт, ни чистутá дă-дăржăт*, *лóша миризмá úдише*, *їулéма дăлбучинá*, *уф-вујнá-та*, *сè рăмнинá бише*, *нă-висучинá нă-мóжум дă-стом*, од Мутулово: *кá не-мо-ј їриутá* 'греота', *їразó* (*сă-исуший*), *сè мăрснинá сă-нăїрăвúл си*, *дăлбучинá*, *висучинá*, *уф тимнинá-та си дујдé*, од Крецово: *ново школó їравúха*, *на-школó-то*, *нáшта слубудá нúїде їă нéма*, *вујнá*, *вујнú*, *ут таа ширинá*, од Шекерлија: *їриз нуштá*, од Градобор: *їуриштинá* (*їолéма*), *дулнинá*, *вујнá*, уште: *кој кăдé знај*, во Грамадна: *нукtá*; од Кукуш: *излизéле двитé кучúшта*.

Исто така кон спомнатите примери со акцент на последниот слог, што се добиле со аналогија од другите форми : *аднá*, *аднó* (спрема: *адúн*), натаму аор. форми *тăрчá* 2, 3л. ед. (спрема: *тăрчáх*), треба да се споменат и заменските форми *тăквá*, *тăквó* (спрема: *такóф*), *унаквá*, *унаквó* (само во случаите: *таквá*, *унаквá*, *ама свăрший рăбóта*), натаму: *каквá*, *каквó*.

Од материјалите од МПр. IX, кн. 3-4. с. 170—176 од Кукуш се примерите: *анџúјата ут-тувá нăїридné*, *дă-сиїá как дă бéїиш*; *анџúјата куїá си кýїе сóл'*, *куїá си кýїе брáшно*, *нă-баштá-й*, *тăкá*, *квó дă-нóсе*, *чукнáл нă вратá-та*.

Случајот со акцентирање на заменската форма во примерот *брат-мú*, што го наведува прво Д. Мирчев (БКВГ, 470), а по него и М. Ивковиќ не успеавме да го забележиме во нашите истражувања, меѓутоа во некои села од Карадагот (Алексово, Мутулово, Ираклиа), а според материјалите и во градскиот кукушки говор, во извесни синтагми од роднин-

[80] М. Ивковић, цит. раб., стр. 264—265.

ски имиња и кратки заменски форми се чува старото место на акцентот: *душе́л до́ма и кӑжа́л нӑ-жина́-т̄-му*. Бидејќи ваквите именки се јавуваат само во акцентски композиции во кои крајниот отворен слог, влегувајќи во однос со кратката заменска форма, престанал да биде отворен и тие не пречат на правилото за двосложно акцентирање, ваквите случаи се обопштиле и кон нив се приклучиле и други роднински имиња што не се акцентирале на последниот слог: *ī̆-уднисе́л нӑ-мӑјка́-му нӑ-кӑт̄ут̄*; *мајка́-му фче́рӑшин ле̄т̄ да́ве нӑ-Ми́цо*; *де́т̄ит̄о ӣла́ке ӣу-мӑјка́-му* Кукуш, од Алексово: *шт̄а́м нӑ-ш̄т̄ерка́-ми т̄и ī̆-ви́киш* 'мислам дека ќерка ми ја викаш', *нӑ-мӑјка́-т̄и дӑ-ин ка́жиш*, од Мутулово: *ут̄-ш̄т̄ерка́-ми мо́ма* (зн. внука, женско мало дете).

Овие образувања се наложиле како модел така што кон нив се приклучиле и некои роднински имиња од машки род, во членуваната форма кога завршуваат на вокал: *ка́ дӑ-й дукима́симе ричел мӑжо́-й*. Има пунктови во кои се јавуваат примери само од последниот случај, пр. во Моравци имаме: *нӑ-мӑжо́-т̄и*, но: *нӑ-ш̄т̄е́рк-ми*, *нӑ-ма́јкӑ-му*; во Мутулово по именката 'маж' се повела и 'син': *мӑжо́-ј ак ī̆а-ви́ке*, исто: *и-о́н и сино́-му адно́-сӑ*.

Во говорот во Полето ваквите акцентски типови не се обични, сп. примери од Беглери: *нӑ-ма́јк-т̄и*, *нӑ-се́ст̄рӑ-т̄и*, *нӑ-мӑжӯт̄-и*, од Постолар: *нӑ-же́ан-т̄и*, *нӑ-се́ст̄рӑ-ми*.

Бројот на лексеми со акцент на последниот отворен слог особено се зголемил со примањето на ред туѓи зборови, респ. турцизми; сп. примери од Мутулово: *аба́* 'груб волнен штоф', *а̄писана́*, *бошча́* 'широка крпа за завиткување', *бина́* 'висока куќа', *дулма́* 'кошула', *дӑли́а́* : 1. 'бран', 2. фиг. 'некоја непријатност што траела подолго време', *зам̆ба́* 'метална направа за отворање дупки', *кӑшла́* 'далечно, зимско пасиште', *ниринде́* 'направа за рендосување дуњи и сл. за варење слатко', *мӑш̄т̄ӑрба́* 'бокал од чинго', *ус-маша́т̄а* (*ī̆-удри́*), маја́ : 1. 'потквас за сирење', 2. 'странична, голема греда од покривот', мн. *мӑи́*; *каве́*, *каве́т̄о*, *п̄ӑрча́* (*адна́ п̄ӑрча́ си́рӑне*), *п̄ӑнча́*: *ми-дде́ адна́ п̄ӑнча́ ури́с*, *п̄ојра́* 'долниот дел на буката од воденицата', *п̄ӑст̄ӑрма́*, *сӑфра́* : 1. 'стомачно заболување, киселини', 2. 'нервоза': *сӑфра́ мӑ-фа́ш̄т̄е*; *сӑрма́* 'јадење', *сјурме́* 'дрво за потпирање на портата', *т̄ӑмбура́*, *ќумбе́* 'висока печка', *ќуше́* 'ќоше', *чӑне́* 'вилица': *ка к'-у́мре чуве́к чӑне́т̄а к'и-му-вӑрзӑт̄*, *чӑт̄ма́* 'главна греда од покривот', *џура́* 'пос-

ледна, слаба ракија', од Амбар Ќој: *бина́, јабана́ // јабанда́, кӑсӑба́, кума́* 'покрив со 4 стреи', *мира́* 'ширина, поле', *сирме́* 'дрво за запнување', *ќуфтӗ́, ќуфтӗ́та* 'ќофте', *кӑпӑма́, џӑдӗ́, нӑ-џӑдӗ́тӗо, шишӗ́*; од Градобор: *душуме́, сурме́, кавине́, тӗилиме́* 'пресно сирење', од Гӑр: *булмаџа́, бил'а́, кӑпӑма́* и др.

4.4. Веќе истакнавме дека двосложното акцентирање во овој говор е прилично експонирано. Освен со примерите во кои акцентот се прэфрлил на вториот од последниот отворэн слог, брэјот на оваа категорија именки се зголемил и со оние што пръобитно се акцентирале на третиот или на четвртиот слог од крајот, пр.: *михчи́на, рӯзи́на* (сп. шток. *мѐсечина, рдӯзина*).

Во други случаи, кога акцентот останал на старото место, на вториот слог се појавил нов спореден акцент, чиј интензитет е многу пэслаб, или како што вели М. Ивковиќ (op. cit. 262 — 263) се работи за постоење „... услови за развивање на спореден акцент"; сл. примери од Амбар Ќој: *си́чкувӣца, си́чкувӣцта* 'чир што помодрува', *ки́хувӣца, ки́хувӣцта, пр̀ӣлетичѐта*; топ. *Га̄ӣл'узу́ту Алча́к* Градобор; од Мутулово: *бӣзули́ца, ка̄ӣри́ца* 'верверица', *ӣу́шувӣца // жа̏ба́р* 'голэма птица, личи на штрк, се храни со жаби', *ле́стувӣца, ӣра́скувӣца*; од Моларци: *ма̄ӣри́ца, ка̏рта̄ӣчи́на*; од Грамадна *ма́ндӑрӣа*.

Многу повеќе примери со двоен акцент забележивме во пунктот Савэк: *ма̄ӣури́ца, цӣӣари́ци* 'цимиринки', *аф-бо́лница́-та, аф-мили́ццја́та, је́ребӣца, ле́стӑзӣца, кра́ставӣца, ӣа́дӑвӣца, бӣули́ца, ӣӗ́нцерчѐта, ја́рӑнцѐта, ӣра́сӑнцѐта, мо́мичка́та, ра̏жа̄но́ва сла́ма*. Во овој говор и квалитетот на вторичниот акцент е од подруг карактер, имено има интензитет што стои паралелно со првичниот акцент.

Прашањето за вторичниот акцент нашироко го разгледува К. Мирчев во студијата за неврокопскиот говор[81].

Двоен акцент срэќаваме и во некои сложени зборови: *ја́чӷозли́ја* 'разрэк', *чака́ндишли́ја* 'човек со големи заби', *ко́ртили́ч* 'лилјак'; сп. и: *смӑрдико́ӣан* 'мало жапче' Пат, натаму во степенуваните форми на качествените придавки: *ӣо́-ша̏ре́н, на́ј-висо́к*, односно кај прилозите: *ӣо́-ӣо́рце, на́ј-на̄ӣре́ди, на́ј-нӑ-висо́ко* и сл.; сп. уште: *ӣа́рӑба́ба, ӣа́рӑдѐдо*.

[81] К. Мирчевъ, Неврокопскиятъ говоръ, стр. 54, 55.

4.41. **Акцентот кај именките од машки род.** — За разлика од соседниот воденски говор во кој парадигматичноста на акцентот се нарушува во множинските форми од едносложните именки, оние што се зголемуваат за два слога: *врăшóви, зидóви, стулóви* (ВГ, 74), овде акцентот останува на старото место и во множинските и во членуваните форми: *кл'ýч — кл'ýчо — кл'ýчуве — кл'ýчувшо, сăрш* (зн. грбна коска) — *сăршо — сăршуве — сăршувшо*. Оваа особеност кукушкиот ја споделува со соседните северни говори: гевгелискиот (*ĭрáдăве, ĭрáдăвшо, двóрàве, двóрăвшо*, ГГ, 102) и дојранскиот (*дрóбуве, крáйуве, чúруве*, ДГ, 47).

Непроменлив останува акцентот и во оние множински форми што се образувани со наставката *-ишша*: *йăш — йăшо — йăшишша*.

Кај повеќесложните именки од м. род, како што рековме, акцентот е разносложен. Особено е бројна групата именки што се акцентираат на последниот и претпоследниот слог.

4.42. Именки со акцент на суфиксот:

-ар: *дешишáр* 'човек кој сака да си игра со деца', *йлишáр*: 1. 'непечена цигла', 2. 'големо парче сирење', *смăшукáр* 'јајце, маток', *сулинáр* 'мразулец' Крец, *йăрсшинáр* 'трговец на ситни предмети', *шăнчáр, йăрнáр* 'грмушка' Гăр, *suĭвáр, кацáр, шкимбáр* Грам, *кашличáр* 'оној што кашла многу', *бăснáр* 'гаталец', *йăшкáр* 'оној што жние на крајот' Гола, *дуждáр* 'вид пиле, поголемо од врабец', *ацшáр* 'постава на палто' АЌ.

Ретки се примерите со акцент на слогот од основата: *сшóжăр, бýмбăр*;

-ан: *лăжĭумáн* 'лажливец', *шăрлáн* Ир, *дишл'áн* 'човек со големи заби', *врăйчáн* 'врабец' Мор, *јурĭáн, дуĭáн* 'јастреб', *арĭăвáн, йиликáн* 'штрк', *Гуĭул'áн* (прекар), *брушл'áн* 'бршлан', *цăрцáн* 'врабец' Град, во АЌ: *цурцáн*, но *ĭăврăн, шăйăн* Крец;

-ак: *ĭруздáк* 'грозд', *мăнцăрáк* 'вид гуштер', *уцáк* 'огниште', *шăрáк* 'гребло' Мор, *вăрбăнáк* 'врбјак', *йуфшурáк* 'сено од второто косење', *йăрвáк* 'ракија' Ал, *чакмáк* 'кален челик за секнување оган од камен', *кулáк* 'геврек', или било што завиткано во круг, *бăсăмáк* Грам, *вăрснáк, чăкăлдáк* 'дрвце што го регулира мелењето на житото', *шăрнáк* 'копито од овца, коза' Крец, *дудáк* 'усна', *йăшăдáк* 'вид

птица, потполошка', *ѓъркалák* 'тркало', *мълák* 'млад бивол', *шъмák* 'рогоз', *жъбун'ák*, топ. *Азмák* 'извор' Град;

-ач: *кълвáч* 'чукајдрвец' АЌ, *ѓулуѓáч* 'капаче' (исто: *ѓулуѓáчка*), *ар̨íáч* 'сточарски термин', топ. *Тýкаф Ар̨íáч*, *Бакрáчуѓ*; *къзлáч* 'глина' Крец, *ѓриíáч* 'скутник', *дърскáч* 'плашливец', *лъжáч*, *кувáч-о Глиíóр* Гър;

-ок: *мъжъѓрóк* 'мажиште', *жълѓóк* 'жолтица', *бáбл'ок* 'лоша баба', *мъчърóк* 'мачор', *ѓържълóк* 'полжав', *жъбърóк* 'голема жаба', *чимчóк* 'јачменчок', *къшърóк* 'каша', *чъѓърóк* 'растојание меѓу палецот и показалецот', *мърлóк* 'мачор', *мисирóк* 'мисир', *íъсърóк* 'гусок', *ѓъѓърóк* 'патор' Крец, *нъíърбóк* (*адúн нъíърбóк сáчки*) 'загреб, нарамник', *рънóк* 'свиња што се храни интензивно за колење', *ѓърл'óк*: 1. 'машко прле', 2. 'машко дете' Грам, *бърлóк* 'дел од нивата што останал необработен' АЌ, *ѓчелóк* 'мирислива трева', *чичóк* 'трева што се лози, има многу ситни трње', во говорот на староседелците: *чúчка*, но: *нáѓръсѓук* Мут, *вáѓук*, *зáвúук*, *ѓéсук*, *вéли чиѓвáрѓук* Крец.

Именките на *-ер* и *-ир* обично се акцентираат на последниот слог: *íруздубéр*, *аскéр* Ал, *килéр* 'шпајз', *ниѓѓéр* 'вид ноже' Град, *бирбéр*, *ѓиѓéр* Гър; *ѓъсѓúр*, *въмѓúр*, *ѓъѓúр* 'бочва' Грам.

Именките на *-аѓ* (*-еѓ*, *-иѓ*) и *-аш* (*-еш*, *-иш*) исто така се акцентираат на последниот слог: *сурá(é)ѓ* 'лице': *ýбува-j нъ-сурá(é)ѓо*, *ѓъксирáѓ* 'несреќа', *вудуѓáѓ*, *ѓреíáѓ* 'вол што се впрегнува', *сърsъвáѓ* 'зеленчук', *ѓъхѓъбúѓ* 'стеница' Грам; *съклéѓ*, *бирикéѓ*, *авъкáѓ* АЌ;

аѓáш, *будéш* (*нъстинáл-сум мъ-удúраѓ будéже*), *къдéш* 'чад', *íърмéш* (*уд-жéл'ка íърмéш* 'кога нешто мало се прави силно'), *смърдéш* (погрден израз: *смърдéш и нъ-смърдéжо*), *имúш* 'овошје' Ир, *аѓéш* Крец;

-ија > *иа*: *лушуѓúа*, *ѓиѓимúа* (зн. син единец) Крец, *ѓъксирътилúа* 'несреќник', *ајнъцúа* 'мрзливец' Ал, *арнúа* 'голем бакарен сад за перење' Гър, *ахчúа* 'готвач', *куимцúа* 'златар' Драг;

-лија > *-лиа*: *бáлдувалúа* (од с. Ѣалдовци), *ѓъѓурузлúа* (од с. Патарос), *амбáр-ќујлúа* (од с. Амбар Ќој);

-лък: *кувънлък* 'задниот дел од секирата', *íъбърлък* (: габер), *уцъклък* 'огниште', *íнъсуѓилък*, *лушуѓилък* Грам, *бъбълък* 'очув', *къвълък* 'ѓезве' Крец, *върбълък* 'врбјак', *íъбирлък* (: габер) АЌ.

Други случаи: *џӑрмо́н* 'прекар', *адӑм* 'чекор', *кӑла́м*, *џишќу́н* 'ќепенок', *тријо́н* 'мала бичкија', *миса́л* 'ткаена крпа за завиткување леб', *тил'а́л*, *џизу́л* 'мал отвор на ѕидот до огништето, таму се ставаат ствари', *џиќу́л* 'туфка', *дӑу́л* 'главина на тркало', *сӑра́ј* 'ограда од камења', *рӑзбо́ј*, *убо́р* 'заградено место, но непокриено, за стока'; *сӑнӑр*, *бӑлдӑр* 'задниот дебел дел од ногата', *авӑр* Пат.

4.43. Кај именките на *-(н)ик* се забележува двојност во акцентирањето, во едни лексеми се акцентира основата а во други суфиксот.

а) примери со акцент на основниот дел: *насе́јник* 'вид баница', *зе́лник*, *џувојник* 'повој', сп. *бих на џувојница* 'на мало бебе', *во́дник* 'умивалник', *ӑрма́сник* 'свршеник', *стро́јник*, *сул'а́рник* (: солник), *зуби́лник* (: зобник), *змија́рник*, *мрӑву́лник*, *кра́шник* 1. 'вид баница', 2. 'краешник од лебот' Грам, *кӑрмник* 'скопена свиња' АЌ, *жӑлӑдник*, *мле́чник* 'вид баница, во средината има запечено млеко' Ал, *џушку́мник* 'вториот сведок при венчавањето', *ри́бник* 'вид баница во средината со кромид и риба', *џчила́рник*, *змија́рник*, *лишича́рник*, *вӑлча́рник*, *кукушка́рник* (пообично: *кӑтна*), *жилу́дник* Крец.

б) примери со акцент на суфиксот: *брӑџӑни́к* 'брат само по мајка, или само по татко', *џрисни́к* 'некиснат леб', *мӑрсни́к* 'маснотија', *вӑршни́к*, *кӑрли́к* 'стап со кука на крајот за фаќање овци' Ал, *рӑбутни́к* 'работлив', *тиквини́к* 'баница со рендосана тиква', *дими́ник* 'баџа', *мижни́к* 'меѓник', *витлини́к* 'чеп' Крец, *бӑџини́к* 'горниот дел од оџакот', *џӑркл'ӑни́к* 'грклан', *кӑфини́к* 'ѓезве', *шӑрлаџӑни́к* 'сад во кој се чува зејтин' Грам.

Двојно акцентирање среќаваме и кај именките на *-ел*: *џе́џӑл*, *о́рӑл*, *учи́џӑл* (на основниот дел), но: *џиџе́л*, *куџе́л* (на суфиксот) Крец, во Град: *џе́џӑл*.

-ен. — Именките на овој суфикс обично се акцентирани на основниот дел: *џре́бин*, *вӑџлин*, *ка́мин* Крец, *ко́рин* // *ко́рӑн*, *џрӑстӑн* Мор, но и на суфиксот: *устре́н* 'рачка' Крц, *усте́н*, *ичуме́н*, *мӑрџве́н* АЌ.

По правило именките на *-ец* се акцентираат на основниот дел: *џа́лиц*, *џӑџиц*, *жи́виц*, *мӑрџо́виц*, *џӑрдубо́рец* Грам, *џл'у́скӑвӑц* 'божур', *ла́џӑдӑц* 'штавел', *ле́џкӑвӑц* 'трева' Мор, *све́џиц*, *џи́џвиц* 'паразит во житата', *жи́лавиц* // *џе́џавиц*, *џуџа́ниц* 'стаор', *мӑрмӑриц* Крец.

4.44. **Акцентот кај именките од женски род.** — Како што истакнавме, независно од исклучоците, во овој говор, по правило, именките од женски род на *-а*, што се акцентирале на последниот отворен слог, се приклучиле кон оној тип именки што се акцентираат на претпоследниот слог. Нивниот број се зголемил со примери (повеќесложни) во кои акцентот од коренот се префрлил на пенултима.

-ка. — Овој суфикс особено често се јавува кај именки образувани спрема соодветни именки од машки род, но има и примери што се изведени од глаголска основа. По правило таквите именки се јавуваат со акцент на слогови од основниот збор. Сп.: *ерѣ́нка* (: *ерѣ́н*), *кукуше́нка* (: *кукуше́ниц*), *ѣра́ждáнка*; сп. уште: *ѣуа́ѣка* 'закуска', *уве́шка* 'нарамник', *ка́дáнка* 'вид врабец', *ро́нка* 'трошка', *бри́чка* 'жилет' Гола, *сме́нка* 'сало откај стомакот на свињата', *да́лка* 'гранка' Мор; *кусла́нка* 'плетенка од коса' Гăр.

Голем е бројот на двосложни суфикси деривувани од суфиксот *-ка.* Таквите именки редовно се вклопуваат во правилото за двосложно акцентирање:

-ал'ка: *шѣа́ѣа́л'ка* 'стапка', *ва́ржа́л'ка* Крец, *ма́жа́л'ка* 'штица за мачкање при малтерисувањето', има и прекар *Ма́жа́л'ка́ѣа*, *ба́рка́л'ка*, *шѣиѣа́л'ка* Гăр;

-ачка: *уѣрува́чк*[а] 'отров', *жинува́чка* Крец, *ѣлида́чка*, *ба́ја́чка*, *шија́чка* Грам, *ла́жа́чка*, *рунка́чка*, *ва́рша́чка*, *уѣиѣува́чка* Гăр;

-ул'ка: *нивисѣу́л'ка* 'ласица', *шѣиѣу́л'ка* 'инсект', *ѣра́ва́рѣу́л'ка* 'дел од разбојот' Мут, *закачу́л'ка*: 1. 'закачалка', 2. 'оној што се задева', *ѣодмиѣу́л'ка*, *замуѣу́л'ка* 'завивач' Гăр;

-учка: *ѣлаву́чка* 'пеј. од глава', *каѣал'у́чка* 'ќулавка', Мор;

-ушка: *на́ѣа́рѣу́шка* 'удрено, „*на́ѣа́рѣено*" место' Мор, *Ма́ру́шка* (име), *сма́рду́шка* 'инсект' Гăр;

-арка: *ма́ѣинча́рка* 'урда', *кл'уча́рка* 'брава', *ма́ѣисница́рка*, *ѣа́рна́рка* (баница со тарана), *шиша́рка* 'мешунка од грав', *суса́рка* 'дива метла', *ѣанча́рка* 'онаа што го води танецот' Крец.

Со акцент на суфиксот се јавуваат и именките на *-ава*: *бул'а́ва* 'болка' Грам, *жишќа́ва* 'жештина' Бег, *жа́лѣа́ва*, *бил'а́ва*, *ца́рна́ва* Гăр;

-ота. — Кај именките образувани со овој суфикс срекаваме акцентирање на последниот отворен слог: *страмутá*, *гриутá* (греота): *ká нé тé-ј гриутá*? Гăр, во Град: *гриóта*.

Со акцент на претпоследниот слог се јавуваат и именките образувани со суфиксот *-ика*, *-инка*: *дулчúнка* 'долче' Крец, *глугúнка* 'плод од трн', *куманúка* 'вид трева', *питрúка*: 1. 'кадела', 2. фиг. 'за големи снегулки', *дулнúнка* 'долина' АЌ.

4.45. Именките со суфиксот *-ица* (*-ница*, *-вица*), изведени од именска или придавска основа, двојно се акцентираат. Во овие разграничувања веројатно оставиле трага и првобитните акцентски типови:

а) со акцент на суфиксот: *ичуминúца*, *сójкăрúца* 'вид птица' Ал, *чепканúца* 'измислена расправија' Гăр, *глитинúца* 'жлеб', *жăлтинúца* 'жолтица' Крец, *сăрбугăзúца* 'шипинка' Грам, *зăврăтинúца* 'тупаница', *ăрлúца* 'женско магаре' АЌ.

б) со акцент на основниот дел: *врăскрăсница* 'раскрсница' Ал, *ăувójница* 'слава кај родителите на новородено дете', *сусáмница* 'баница со сусам' Крец, *курúтница* 'многу голема каца', *ăл'ускáвица* 1. 'силен дожд', 2. фиг. 'тепање', *гýшувица* 'голема птица' Крец.

Кај образувањата со суфиксот *-ичка* акцентот останува главно врз производната основа: *кăштичка*, *глáвичка*, *óфчка* (< овчичка), *мумúјчка* 'шамија', *рúјчка* Ал, но ако основната форма завршува на *-ица*, тогаш акцентот се префрла врз суфиксот: *лишúца — лишúчка*, *магарúца — магарúчка* Мут.

Именките образувани со наставката *-ина*, главно, се акцентираат на суфиксот: *вујчúна* Мор, *булиштúна* 'болест', *иструштúна*, *глăвúна*, *кăртучúна* 'крт', *тăрбушúна* 'утроба', *кусинúна* 'косиште', *стăрúна*, *стăрúнта* 'стариот' Крец, *сукăнúна* 'нешто што е сукано, баница и сл.' Грам, *săpsăлúна* 'кајсија', но: *јáрина* 'втората волна', *лăстúна*, *снигувúна* Ним, *бóрина // бóрна*, *нóвина* Шек.

Кај именките од женски род на согласка во членуваната форма, а кај некои и во множинската, акцентот стои на коренoвиот вокал: *гнój — гнójта — гнóишта — гнóишишта*, *бóлис — бóлиста — бóлисти — бóлисте* Ал, *гóмуш — гóмушта*, *мúлус — мúлуста* Шек.

4.46. **Именки од среден род**. — Повлекувањето на акцентот од крајните отворени слогови кај именките од женски род, за што зборувавме пред малку, го забележуваме и кај именките од среден род. Значи, именките од типот: 'уше', 'јајце', 'ребро', се приклучиле кон именките што се акцентираат на вториот слог како во еднинската така и во множинската, односно во определената форма. На последниот отворен слог се акцентираат само некои туѓи зборови, сп. *ниринде*, *сурме*.

Кај повеќесложните именки забележуваме двојност во акцентирањето: кај некои именки се акцентира основниот дел, а кај други суфиксот:

-ало, *-ило*. — Образувањата со овие суфикси се акцентираат на претпоследниот слог: *ѓрускáло* ('рскавец), *кăндúло* Крец, *ѓăнкáло* 'пеј. за оној што пелтечи', *бучáло*, *кăршáло* Гăр, *кусúло* 'рачка на коса', *сукáло*, *мушувúло* (: мотало) Ал, *кучúло* 'пород' : *лóшо кучúло*, *чурúло* 'матало во бутимот' Рош, *убувáло* Гола, но: *вúдăло*; уште: *бурúло*, *ваѓцúло* 'растворена боја' Мут;

-иште. — И именките на *-иште* ги среќаваме со акцент на суфиксот: *ѓăзăрúште*, *бунúште* Ир, топ. *Цăрквúште* Град, *каминúште* 'камењар', *стăрнúште* Драг, но: *сóлиште*.

Множинските форми на *-ишта* се јавуваат и со акцент на основниот дел: *шăрлишта* (: трло), *шрéмишта* Мут, *дéништа*, *сúништа* (*швójше*) Грам, *ѓăшишта*, *брéѓишта* Гăр, *лójишта* (< лозишта) Ир, но: *бунúшта*, *стăрнúшта* и сл.

Кај множинските форми на *-ета* акцентот стои на истиот слог како во основниот збор: *клáхчишта* (: *клáхче*), *урéхчишта*, *крáѓчишта*, *ѓăржăлóчеша* (: *ѓăржăлóче*), *стóлчеша*, *шшéлчишта*, *ѓăлăѓчишта*, *вúрчишта*, но ако акцентот со додавање на множинската наст. останува на четвртиот слог, тогаш се појавува и вторичен акцент: *шрéѓлешчéша* (: *шрéѓлеш*), *ѓл'ýскуфчéша* (: *ѓл'ýскуфче*) АЌ.

Именките изведени со суфиксот *-це* и дериватот *-енце*, се акцентираат на слог од основниот збор: *óкце*, *óкцишо*, *ýшинце*, *ѓóлинце*, *млéкцинце*, *вúнцинце* Иц, *јáѓнинце*, *мáчинце*, *ѓăрлинце* Грам, *дéшинце*, но: *мăѓăрéнце* Ал.

И именките со суфиксот *-че* исто така се акцентираат на основата: *дубúче*, *рăкáфче*, *шиликáнче* 'штркче', *шăркăлáче* (дем. од *шăркăлák* 'ткало'). На истиот слог како и во основ-

ниот збор се акцентираат и образувањата од женски род: *русиńче* (: *русиń(ј)а*) 'вид цвеќе', *змиńче*, *жаńче* Гăр, *иńје*, *лăстувиńче* Крец.

Множинската наставка *-ина* во поглед на акцентот се однесува како лексичка морфема. Овие образувања редовно се акцентираат на наставката, како и во повеќе источни говори[82]: *мăăрńина*, *кокалчńина* (: *кóкалче* 'коскиче'), *стулчńина*, *шишńина* Грам, во Град наставката гласи *-ин'а*: *кипчńин'а* (: кепче), *кулчńин'а*, *кучńин'а*, па и *тăркалńин'а* (: *тăркáло*), *стăрништńин'а* (: *стăрнńиште*).

4.47. **Акцентот на сложените именки.** — Кај сложенките акцентот паѓа на втората компонента, независно дали таа претставува глаголски дел или именка: *душувáдник*, *слăнчулéт*, *кăрвуńиј*, *тăрнóриц*, *душујáдник*, *тресуńáшка*, *иґрăóриц*, *думăзéт*, *смрдикóńаниц*, *слăткоґáзиц*, *лепоýстиц*, *лепомýцка*, *ґороцвéтка*.

Исклучоци среќаваме кај оние сложени именки што се без составен вокал, кај нив акцентот паѓа на слогови од првата компонента: *Ґурґóвдин* // *Ґýрґувдин*, *Петкóвдин*, *Илńинден*, *Питрóвдин*, *Крăстóвдин*, *ńминден*, *кóрńилич* 'лилјак', *кóрńиде* 'вид пита', *дивéдишлиа* 'човек со големи заби'.

4.5. **Акцентот кај придавките.** — Парадигматичноста на акцентското место се забележува и кај придавските образувања. Кај нив, како и кај именките, акцентот не го менува местото во различните граматички форми, а се разбира, се раководи спрема акцентот на формата за машки род: *висóк*, *висóка*, *висóко*, *висóки*, *висóкут*, *висóкта*, *висóкто*, *висóкте*.

И овде, кај придавските образувања, забележуваме двојно акцентирање: на суфиксот и на слогови од основниот дел.

4.51. Придавски образувања со акцент на суфиксот:

-ат, *-ит* (*-овит*): *ґреґáт* (*дубńитук*), *сăкáт*, *ńлишкáт* 'плеќест', *ńрилґáт* 'личен' Грам, *ликувńит* (*ńзвур*), *јăстулńит*, *билижńитто* (*мéстто*), *имувńит* 'богат' Крец;

---

[82] М. Ивковиќ, цит, раб., ЈФ, IV, стр. 57—58.

-лив: *ӣурдили́ф*, *инӑ̄тли́ф*, *шӑшӑкли́ф* 'оној што гледа настрана' Град, во Драг со исто значење: *нӑ̄стрӑнли́ф*, *мӑӣлӑли́во*; *милусли́ф*, *цӑрли́ва* (*јабу́лка*) Гӑр;

-ли(ј)а: *ӣирдили́а* — ако има перде на очите, *мӑрӑзли́ја* // *булника́ф*, *фа̄тли́а* 'вешт', има: *фа́к*, *јӑлӑӈи́а* 'оној што многу лаже', *урӑли́а* 'нива што се ора' АЌ;

-ес(ӣ): *брӑде́с* Град, *беличе́сӣи* Мут, *вӑлнӑле́с* 'ако има влакна по телото' Ир, *ӡуӡуле́с* 'нешто издигнато, со *ӡуӡу́л*' Ним;

-ан: *бӑрка́н изи́к* Град АЌ.

4.52. Образувања со акцент на основата:

-ин < *-ен*: *исӑ́бин* Грам 'тап', *рӑ́жино* (*бра́шно*), *сӣра́сина*, *сму́сина*, *сја́ӣнина*, *избуӣа́рин* 'измелезен', *цӑрве́син*, *изми́слино* (*не́шӣо*) 'направено добро', *ӣӑрӣи́н* (: *ӣӑрӣи́н за ле́ӣ-ej* 'гладен'), но: *зиле́н*, *шӑре́н* Мут;

-ин: *миси́ркин* 'пченкарен', *ба́бини* (*мӑса́ле*) 'приказни', *ӣӑскино јајце*, *кукӧ́шкино ме́со* Шек;

-ски (*-цки*): *би́вулцка ко́жа*, *сӣа́рцко муӑбе́ӣ*, *ва́куфцки двор* Град, *ӣрӑма́цко ме́сӣо*, *куса́рцки ка́мин* Мут; со проширување на суфиксот: *ре́кинцка* (*риба*) 'речна' Крец, топ.: *Ру́сӑли́цки Гро́бишӣа*, *Са̄мувӣи́лцки Риӣ*, *Же́нцка̄ӣа Ку́ла* Крец.

4.53. Кај образувањата на *-ав* среќаваме двојност во акцентирањето:

а) со акцент на суфиксот: *ӣулуӣла́ф*, *булника́ф*, *сиӣа́ничáф*, *ӣурчил'а́ф*, *жӑлӣуна́в* Грам, *дуждил'а́ва ӣуди́на* Драг, *дӑмкил'а́ф*, *мулчил'а́ф*, *ӣулимича́ф* АЌ;

б) со акцент на основниот дел: *ӣӑрбӑ́ф*, *ӣре́хнӑ́ф* (*ӣре́хни* 'бенки по лицето'), *билизни́кӑ́ф*, *цӑрвини́кӑ́ф* Град, *ли́ӣуф*, *скӑ́рнуф*, *кра́сӣуф* Мут.

Кај посвојните придавки на *-ов* исто така среќаваме двојно акцентирање:

а) оние што се изведени од лични или роднински имиња имаат акцент врз основниот дел: *Усма́нуфӣо де̄ӣе* (: Осман), *Сӣуја́нува ма́јка*, *ӣе́јкуфӣо ӣа́лӣо* (: *ӣејко* 'татко'), *Јурда́нува ка̄ша̄*, сп. топ. *Гӑӣл'увӣо Ариа́ч*, *Л'а́л'увиӣе Ба́шчи* Град, *Пе́ӣкӑва Че́шма*, *Аӣа́ва Че́шма* Крец, *Бо́шӑво* 'место' АЌ;

б) со акцент на суфиксот ги среќаваме, главно, образувањата според имиња на растенија: *увизо́ф*, *увизо́ва*, *рӑжино́ва* Драг, *цӑрничко́ф*, *ӣуӣуно́во се́ме*, *чӑрӑшо́во дӑрво*, *дӑбо́во*

Мор, Ал; исто така: *кукушкóф дуī* 'голема брадавица', *суróф* 'непечен', *бужикóф ī̆ос*, *виликóви ī̆óсти* Грам, но: *ī̆рóздува*, *илúвува* (*рăкúа*).

4.6. **Акцентот кај заменките**. — Во акцентирањето на заменките отстапувања од двосложниот и третосложниот акцент забележуваме само кај заменските придавки. Такви се качествените кои се акцентираат на последниот слог: *ī̆ăкóф*, *унăкóф*; според нив и на отворен слог во формите за др. родови и за множина: *ī̆ăквá*, *ī̆ăквó*, *ī̆ăквú*, *унăквá*, *унăквó*, *унăквú*. Исто така се акцентираат и прашалните: *кăкóф*, *кăквá*, *кăквó*, *кăквú*, *кăквáī̆а*, *кăквóī̆о*, *кăквúī̆е*.

Кај посвојните, неопределените и негираните, акцентот паѓа на почетниот слог: *нáшī̆а*, *вáшī̆а*, *нúјнī̆е*, *нéкăкуф*, *нéкăква*, *сéкăкуф*, *нúкăкуф*, исклучок прават формите од заменката 'негов' кои се јавуваат со двоен акцент: *нéīуф* и *неīóф*, *нéīува* и *неīóва*, *нéīуво* и *неīóво*, така е и во говорот на староседелците.

4.7. **Акцентот кај броевите.** — Формите на бројот '*еден*' кога се употребуваат во своето вистинско значење се акцентираат на последниот слог: (*а*)*идúн* (: *двáјс и-дúн*), *а*(*и*)*днá*, *а*(*и*)*днó*, но ако се јавуваат со значење на 'некој' тогаш акцентот паѓа на вториот слог: *áдни дéца мă-ī̆ī̆áа*; *áдна жéна си-сéјше нă-ī̆áī̆о*.

Во акцентирањето на десетичните броеви од 20 до 90 среќаваме неуедначеност. Во јужните села, во говорот на Полето, таму се чува *-ī̆* на крајот, акцентот паѓа редовно на вториот слог: *двáјсăī̆*, *ī̆рúјсăī̆*, *чīī̆ирúјсăī̆*, *ī̆éјсăī̆*, *седумдéсиī̆*, *осумдéсиī̆*, *девидéсиī̆* АЌ, истиве форми, со односниов акцент ги забележивме уште во пунктовите Постолар, Коџомарлија, Иџеларе. Во Драгомирци постои обид за појава на вторичен акцент на првиот слог: *сéдумдéсиī̆*, *óсумдéсиī̆*.

4.71. Во говорот на Карадагот, а и во непосредната околина на градот, крајното *-ī̆* отпаѓа, од 20 — 50 акцентот се јавува на вториот слог: *ī̆рúјсе*, *шīī̆ирúјсе* Гăр, *чīī̆ирúјсе*, *ī̆éјсе* Крец, а од 60 — 90 во одделни пунктови се акцентира последниот отворен слог: *седăмдăсé*, *осăмдăсé* (и: *усăмсé и óсăм*) Ал, во Мутулово и Шекерлија: *сăдăмдăсé*, *усумдăсé*,

во Кукуш: *усăмдесé* (од материјали), но има села во кои се акцентира третиот слог: *сăдăмдăсе, усýмдăсе* Ир.

Двосложните и повеќесложните броеви (до 19) во Полето се акцентираат на претпоследниот слог: *шшúри, пéш'уш, дéсиш, дисéш'уш, идинáјсиш, двăнáјсиш, шишнáјсиш* АЌ, исто и во Карадагот (од 11 — 19 без крајното *-ш*), впрочем како и во десетиците: *идинáјсе, шринáјсе* Мут.

Во стотиците од 400 до 900 срекаваме двоен акцент. Така е и во Полето: *чишúрсшушúни, сéдумсшушúни // сéдумсшúни* Бег, во Амбар Ќој: *чéширсшóшини, сéдумсшóшини*, и во Карадагот: *чéширсшóшини, óсумсшóшини* и: *óсумсшушúни* Шек, од Кукуш: *пéшсшóшин* и *пéшсшушúни*, од Мутулово: *чишúрсшушúни, сéдăмсшушúни.*

4.8. **Акцентот кај глаголите.** — Во глаголските форми акцентот во овие говори врши граматичка функција, на пр. служи за диференцирање на аористот и презентот или имперфектот.

4.81. Формите на презентот, имперфектот и на глаголската придавка (делумно) се поврзуваат во една група со акцент врз кореновиот слог. Сп.:

презент: *óрум, óриш, óре, óрме, óрше, óрăш; жнúам, жнúјш, жнúе, жнúјме, жнúјше, жнúаш* Шек. Кај префиксираните глаголи ситуацијата не се менува : *дă-изóриш, к'и-изóрум* и др.;

кај итеративните образувања, обратно, акцентот се ѓавува на суфиксот: *шо-ш-шрибýве, шам си-зăјдýве* (покрај *зaóжде*), рано *си лиīнýве* (покрај *лиīúне*), *сшимнýве, сиднýве, скурúне, вăрúне, īрешáве* и сл.;

имперфект: *óрăх, óрише, óрише; óрăхме, óрăхше, óраа; жнúјăх, жнúјше, жнúјше; жнúјăхме, жнúјăхше, жнúјаа.* И овде итеративните суфиксни глаголи се акцентираат на суфиксот: *нéшшо ми-шрибýвише, рáно си лиīнýвише, сшимнýвише, вăрúнше, скурнýвише.*

4.82. Глаголска придавка. — Акцентот кај глаголската придавка во долновардарските говори покажува релативна неуедначеност и тоа не само на регионален план. Имено, различно акцентирање на глаголската придавка освен во одделните дијалектни зони срекаваме и во еден ист пункт.

Така на пр. во Воденско акцентот редовно паѓа на наставката: *диīа́н*, *диīа́нă*, *диīа́ну*, *диīа́ни*; *учéн*, *учéнă*, *учéну*, *учéни*; *митéн* (ВГ, 76, 77) исто и во Солунско: *удбира́н* (ДМГ, 147), обратно во Дојранско се акцентира кореновиот слог: *бéīăн*, *нóсăн*, додека во Гевгелиско среќаваме случаи и од првиот и од вториот тип: *завíјн*, *извéјн*, *утвóрин*, но и *утвурéн*, исто: *дујдéно*, *ричéно*, *сукáно*, *умрéно*, *извијáн*, *вијáна* и сл. (ГГ, 102).

Во Кукушко исто така среќаваме двојно акцентирање, дури и како што рековме, во едно одредено село. Сепак во говорот на Карадагот превладуваат формите со акцент на вокалот од основата. Сп.: *тиă не сă јáдни ут-чувéк*, *тук уд-мрáви*, *биз-динáр ej дójдин*, *не-j нájдин нă-пăто*, покрај *испрáн*, *испрáно* Ниманци, од Мутулово: *измíјн*, *нăпíјн*, *лéīнин*, *бíдна-j таа рабóта*; *и óни пéīлинки стáнат*, но: *слáнцăто бише зăjдéно*; *изурáна нíва*, од Кукуш: *испрăкýдин свет* (зн. протеран), *извăртóлин*; од Шекерлија: *ни-ýмрин — ни-жúф*; *рáнин*, *жéнин*, од Гола: *заīúнин*, *истéчин*, од Ираклија: *чýкнин*, *испáднин*.

Двојното акцентирање го среќаваме и во говорот на Полето, но почести, особено во појужните села, се формите со акцент на суфиксот. Сп. примери од Амбар Ќој: *зăкóвина-j дăскăта*, *мóчино-j дето*?, *скáпина īлáва*, *издúпино* (*бише ґýбăрто*), но од друга страна: *ќутéк úмăт jăдéно*, *úмăт прудăвáно и нă-Скопе*, *ус-сичéна рăка* (*ми дуjдé*), *лúстут ej-пишáн*, *судрáна ми бише кóăшта*, *ти не бúше рудéн*, од Беглерија: *уртумúсани дубúци* (зн. врзани), но: *рúзи визáни*, *уткриéн*. Во Градобор по правило акцентот се јавува на суфиксот: *кăт ќ-óдиме они сă-лиīнáти*, *úма дуjдéно читúри пăти*, *не īу úăм видéно*, *úма зимáно пéнција*, *нéмăм фудéно*, *не бих рудéн*, *бăркáн изúќ*, *бăркáни бúа*, *бăркáни сме*, *кăлисáн* 'канет', но *измíјн*, *пукрíјн*, *изăбин* 'тап нож'. Слична е состојбата и во соседниот серски пункт Савек: *укăлвáн* 'убиен', *зăīрадéно*, *уценéт*, *рăнéт*, но: *пáднăт*, *лéīнăт*, *жéн'та* (< *женета*). На запад, во Гуменџа исто така се акцентира наставката: *īúмăм чуéно*, *кăнéт*, *лиīнáт*, *рăнéт*, *пăднáт*, *утипáн* и сл.

4.83. Втората група ја сочинуваат: аористот и *л* — формата. Кај нив акцентот паѓа на вокалот од основата.

Аорист: *брá-х*, *брá-ø*, *брá-*(*х*)*ме*, *брá-*(*х*)*те*, *брá-а*; *дуjдé-х*, *дуjдé-ø*; *дуjдé-*(*х*)*ме*, *дуjдé-*(*х*)*те*, *дуjдé-а*; во Гра-

добор: *gyjgé-ха*. Исто така и во префиксираните глаголи: *(сă)-из-мú-х, из-мú-ø, из-мú-(х)ме, из-мú-(х)ше, из-мú-ă*.

Глаголската *л*-форма: *видé-л, видé-ла, видé-ло, видé-ли*, кај префиксирани глаголи: *изïризá-л, изïризá-ла, изïризá-ло, изïризá-ли*, поинаку се акцентира *л*-формата кај глаголите од типот 'рече': *рéкă-л, рéк-ла, рéк-ли*, но и: *ричé-л, ричé-ла, ричé-ли* АḰ. Иџиларе: *јагé-л, јагé-ла, јагé-ло, јагé-ли*, но и: *рéкă-л, рéк-ли*, уште: *ушúй-л, ушúм-ла, ушúш-ли, вúшă-л, вúм-ли*; сп. уште: *сă-збрá-ли, не-ј-спá-л, пú-ли*.

4.84. Глаголскиот прилог има акцент на вториот слог од крајот: *нусéјк'и, сичéјк'и, удéјк'и* Крец, *нусувájк'и, зимувájк'и* АḰ, во Град: *јагéк'и, удéк'и, смијáк'и, сичéк'и*, во Мутулово: *сичéјк'ин, струïájк'ин, смијájк'ин*. Глаголските прилози на *-ник* се акцентираат на последниот слог: *вăркăнúк*, покрај *вăркăнúа* (: *ниă нă-вăркăнúа, а óни не стáнни*).

4.85. Во кукушкиот говор глаголските именки се акцентираат на коренот: *јáдине* (*јáдинте'о*), *урúпине* 'поџдригнување', *кóпăне* (*кóпăнте'о*), *мúслинте'о, пúјнте'о, нăвуднувинте'о* АḰ. Оваа особеност тој ја споделува со соседниот дојрански говор, сп. *óрăне, тéпăне, трóпкăне* (ДГ, 75), а се разликува од гевгелискиот во кој се акцентира претпоследниот слог: *јăгéјне, купájне* (ГГ, 77).

4.86. Формите на императивот акцентски се изделуваат од споменативе два акцентски типа: презентски и аористен. Фактички, во 2л. ед. се акцентира кореновиот слог, а во множина наставката и така се нарушува принципот за парадигматичноста на акцентот (в. 4.2.): *кýпи — купéјте, нóси — нусéјте, зúми — земéјте*. Кај итеративните глаголи на *-уве*, акцентот се префрла врз суфиксот и во еднинската форма: *купýви — купувájте, земýви — земувájте*. Кај префиксираните глаголи во еднина се акцентира слогот од префиксот: *нáсоли — нăсулéјте, нáпăси — нăпăсéјте*.

Ако императивната форма е придружена со кратка заменска форма, во постпозиција, тогаш вокалот *-и* од наставката за 2л. ед. отпаѓа: *óднес-ïо, зáпиш-си, зúм-си, óблеч-ïо* и сл.

4.9. **Акцентот кај прилозите.** — Самиот граматички карактер на прилозите не овозможува сеопфатност во одредувањето на системот на акцентирањето. Сепак, не-

ретко, кај сложените прилози забележуваме одредена акцентска закономерност. Така, на пр. во образувањата со предлогот *на-* акцентот обично се јавува на основниот дел: *нă-нáки избиī́á* (зн. онаму), исто: *нă-нáм*, *нă-вáки* (зн. ваму), и: *нă-вáм*, *нă-вă̄ре* Мут, *нă-вéчăра* (*ш̄вá врéме*, *смех*, *ш̄ăквú рабóш̄и*, *сáа нéма џáн-џин чувéк*), *нă-ăднóч* 'веднаш', *н-óп̄ко* (опачки), *нă-вóнка* 'надвор', *нă-јáвă или нă-сóне* Гă̄р, *нă-дóл*, *нă-зáст̄ра* 'наутро', *нă-дóлце* Мор.

Истото го забележуваме и кај други сложени прилози, па дури и кај оние што се со два предлога: *уф-нéт̄ре*, *у-дăнă̄т̄* (*бих*), *п̄у-кур*е́*мо* (*п̄ăднá*) 'ничкум', *п̄у-ī́азúчки*, *у-фчéра*, *зă-п̄у-вóнка* (*п̄ијáх áп̄уве*) 'за вршење нужда', но: *нáд-вéчăр* (*си дујдé*).

4.91. Извесна системност се забележува и во акцентирањето на степенуваните прилози, кај кои имаме два акцента, еден на честичката (*п̄ó*, *нáј*), а друг на основниот дел: *п̄ó-нă-ст̄рéт̄*, *п̄ó-нă-вáки*, *п̄ó-чáс* 'навечер', *п̄ó-уддóл*, *нáј-нă-вă̄ро* (нáј на висóко), *нáј-нă-крáј̄т̄а* (*зăст̄ăнá*).

По како предлог не се акцентира: *п̄у-дéне или п̄у-вéчăр* (*ама дă-си-дójш*), *п̄у-вујнúчки* (*сă-п̄уздрáвуве*), *п̄у-ст̄áрцко*.

Честичките *не-* и *ни-* како компоненти на сложени прилози се јавуваат со акцент: *нéјде удрúло ī́ром* (: некаде), *нúјде не óдум* Мут.

Бројот на прилозите со акцент на последниот отворен слог не е голем: *куī́á* (*дујдé*) 'кога', според материјали од градскиот говор, во селата *кóī́а*, исто така и *сиī́á* (*си уддé*). Сп. уште два-три примери: *ш̄ăкá* (*нé-бúве дă-п̄рáвиш*), *зăшó* (*сă-скăрáхш̄е*?).

4.10. **Акцентот во реченичната низа**. — Во врска со акцентот во реченицата кукушкиот споделува со другите источни говори повеќе особености, што се различителни во однос на западното наречје, особено во акцентирањето на синтагмите.

4.101. Во предлошките синтагми акцентот секогаш си останува на слог од именката (заменката), т.е. предлозите се јавуваат само во проклиза: *п̄у-зéмна и п̄у-нéбе*, *уш̄-п̄áзви ī́ă-извăдúл*, *врăс-нéīо*, *нă-ī́лáва*, *п̄рăд-мéне*, *нă-п̄ăт̄ īу-ст̄рит̄é́л*.

Исклучок претставуваат некои петрифицирани изрази во кои акцентот паѓа на предлогот, пр.: *зá-душа рăздáваш* Алексово, во Савек: *ó-душе*, односно во изрази со прилошко значење: *дó-сăрце мă-дужижé*. Со проклитичка употреба се

јавуваат и сложените прилози: *сӣурӣи-сӑбуӣӣа, укул-кӑшӣӣи, нӑврӑс-ни́х* (*ме́не*), *ӣурди-мӑјка́-му.*

4.102. Парадигматичноста на акцентот го ограничува префрлањето на акцентот и во атрибутските синтагми во кои и именката и атрибутската детерминанта си имаат свој акцент: *ӣӑрвуӣо ли́бе, сӯу-дӑрво*; *си-ӣледӯве мо́ма бе́ло ли́це, цӑрни јо́чи*; *цӑрве́н шике́р, сӯхо ӣро́зде, куӣу ӣрӑвната ӣуди́на.* Сп. примери од топонимијата: *Ке́чӑвуӣ Ри́ӣ, Ни́чӑвуӣ Пӑӣ, Пра́вијуӣ Пӑӣ, Во́дниијуӣ Азма́к, Цӑрн'уӣ Ка́мин, Мале́чкуӣо Дӑрво* Град, *Ка́динӣа Че́шма, По́ӣуфӣа Че́шма, Све́ӣи Тру́јца* Мут, во Крецово атрибутот акцентски се наслонува на именката: *Свиӣи-То́дӑр.* Во Патарос покрај примери во кои се акцентираат и двата елемента: *Бе́лио Ка́мӑн, Кри́вио Дӑӣ, Длӑӣио Ри́ӣ, Стре́днуӣо По́ле*, забележивме и акцентска целост со тросложен акцент: *Гладно́-Поле.*

Детерминантите што означуваат сродство или професија исто така си имаат свој акцент: *де́уӣ Ки́ро, чи́нӣа Мӑру́шка, вӯјчин Та́на, ба́б Ши́л'ка, чи́к Ри́сӣо, до́кӣуро Фида́нчиӣо, бирбе́ро На́со.*

4.103. Како што е нашироко во нашите говори, кратките заменски форми со посесивно значење, употребени постпозитивно во однос на именката акцентски се наслонуваат на истата: *нӑ-си́ӣе бухчалӑци*: *нӑ-зо́лва-й, нӑ-чи́к-му, нӑ-вӯјк-му, нӑ-ку́м-му, нӑ-не́ӣувуӣ ӣе́ӣин*; *ув-вујчи́н-ӣи, ӣрӑ-де́д-му.* Кратките заменски форми прават акцентски целости и во синтагми со именки што се акцентираат на последниот отворен слог: *ӣла́че ӣу-мӑјка́-му, уӣ-шӣерка́-ми мо́ма* (в. 4.3.).

4.104. Кратките заменски форми со глаголот образуваат акцентски целости, независно дали се наоѓаат во преили во пост-позиција, но секогаш само како клитики.

Кратките заменски форми во овој говор обично како клитики стојат пред глаголот: *а-ӣи́ӣе ба́б-му*; *о́де, му-ј-зе́ме вулӧвӣо* АЌ; *си-ӣу-кла́ве уф-це́буӣ* Ним; *ӣу-фа́ше зӑ-рӑкӣа, му-ӣу-да́ве* Гола; *ӣӑ-ну́жде ба́б-му у́мрӑна* Грам.

Примери со енклитичка употреба на заменките во однос на глаголот се поретки, ги наоѓаме во синтагми со глаголскиот прилог или со формите на заповедниот начин: *слушӑјк'и-ӣу не́ӣо еӣ шо ми-сӣӑна́, ӣлидӑјк'и-ӣу сӑ-суӣна́* Ир;

ĭăлт̄а́јк'и-а жа́т̄та сă-зăдăви́л Грам; *да́ј-му-ј нă-бра́т̄-т̄и, за́т̄ши-ĭа бра́здăт̄та дă-не́-т̄е́че* Мут; *кла́ј-ĭу нă-му́цкат̄та* 'стави го в уста' Град; *зи́м-си, ним сă-стрăму́ви* Гăр.

4.105. Партикулата '*не*' во синтагми со глагол никогаш не го презема акцентот од глаголот: *нă-мо́јш дă-да́јш џуа́т̄* Иц; *нă-мо́жум ро́т̄ дă-би́дум, нă-муже́ли дă-а-зе́мат̄* Гăр. Во состав со глагол што почнува со вокал, честичката 'не', обично, се скратува во *н*: *дă-н-исп̄а́дне т̄у-во́нка* Ир, но ако се потенцира особено елементот на негацијата тогаш имаме два акцента: и врз глаголот и врз негацијата: *т̄аквó не́шт̄о не́ аре́сум*; *он кажа́л*: „*не́ зна́м ас*“; *ни́шт̄ичко не́ уст̄а́на́, сѐ ра́с-т̄ус уддé* Гăр.

Два акцента среќаваме и во случаите кога меѓу негацијата и глаголот ќе се најде помошен глагол или заменска форма: *дă не́-сă-нăсме́е нă-ни́кујо* Мор; *не́-ĭă-зна́м удуфче́ра, не́-ми-т̄рибу́ве ни́шт̄о* Ним; *не́-ми-да́ви акắл, т̄а́ри ми-да́ви* Гăр.

МОРФОЛОГИЈА

ИМЕНКИ

Образување на именките

5.1. Меѓу особеностите што ја презентираат сликата на дијалектот секако спаѓаат, иако не со особена нагласеност, и специфичните зборообразувачки форманти, односно наставки. Затоа во работава се задржуваме не само на најпродуктивните наставки, туку и на оние што претставуваат одредена особеност, односно архаизам. Да истакнеме дека во овој говор сè уште се јавува старата наставка *-ие*, стегната во *-е*, кај глаголски именки од свршени глаголи, но само во одделни лексеми; како одредена специфика треба да се спомене и наставката *-инка* за образување множина кај именки од среден род на *-е*, натаму зачестената употреба на формантите *-лија* (за означување припадност на населено место) и *-ава* (за образување на супстантивирани придавки со прилошко значење).

5.2. **Имиња на лица.** — Кај именките од машки род освен општораширените наставки *-ик* (*-ник*), *-ар*, *-ач*, *-ец* со честа употреба се јавуваат и образувањата на *-ин*, *-ул'ка*, *-лија*. Сп.:

-ик (*-ник*). — Најчесто се врзува со глаголска, придавска, односно со именска основа: *дунисини́к* 'доведен син', *дусил'ни́к*, *бра̄тини́к* 'брат само по мајка или татко', *пусака́лник* 'љубовник'.

-ар. — Карактерен признак на именките образувани со овој суфикс е означувањето на професија, а поретко укажуваат и на некаков друг однос спрема именките од кои се изведени: *ва̄рти́нар* 'чергар, фиг. човек што лаже', *ма̄ја̄ри́ша̄р*, *ва̄ли́нар*, *дӣши́ар* 'големко дете', *кукушка́р* 'крадец на ситни работи'. Оваа наставка многу често се јавува во комбинација со наставката *-ин*, што се изделува како особеност: *риба́рин*, *ва̄ли́нарин*, *змику́рин*, *жӣва́рин*.

-ач. — Со оваа наставка се изведуваат именки, најчесто од глаголски основи, што означуваат дејност: *ура́ч* (и: *ура́чин*), *ѓутва́ч*, *крӑда́ч* (и: *крӑда́чин*).

-ец. — Овде, за разлика од западните говори, наставката *-ец* се изговара редуцирано *-иц* и се врзува генерално со именки што означуваат национална припадност: *Мӑкидо́ниц*, *Сӑрбија́ниц*, додека за означување припадност на населено место или крај (особено од име на село) почесто се користи наставката *-лија*. Наставката *-ец* често се јавува проширена (*-анец*, *-чанец*): *ѓрилиѓча́ниц*, *Анѓлича́ниц*; сп. уште: *бижа́ниц*, *ѓуле́миц*, *мӑрѓо́виц*.

-ул'ка: *ѓрӑвӑрѓу́л'ка* (: *о-зна́м шо ѓрӑвӑрѓу́л'ка-ј*, зн. превртливец), *ѓресу́л'ка* 'плашливец', *зӑкӑчу́л'ка* 'немирник' (*но́ѓо зӑкӑчу́л'ка би́ше*), *шѓипу́л'ка* 'немирник', уште значи и: 'стоногалка', *ѓодмиѓу́л'ка* (оној што „монтира"). Се образуваат од глаголска основа, а се однесуваат и на машки и на женски род.

-ли(ј)а. — Оваа наставка иако од туѓо потекло се јавува со особена фреквентност кај именки што означуваат припадник на село: *мура́рцали́а* (с. Моларци), *ѓӑѓӑрузли́а* (с. Патарос), *ба́лдувӑли́а* (с. Балдовци), *ѓӑрдубурли́а* (с. Градобор), *кӑра́дали́а* (од Карадагот, област во Кукушко).

-џи(ј)а. — Турската наставка *-џи(ј)а* освен со туѓи се јавува и со домашни основи. Најчесто служи за образување именки што значат професија. Се поврзува со именски и придавски основи: *кӑлӑџи́а*, *Вӑрџи́ӑѓа* (*го́кѓуро*), *испулџи́а* 'наполичар', *ѓулемџи́а*; ако основата завршува на незвучен консонант, тогаш наставката гласи *-чија*: *ѓунл'укчи́ја* 'оној што работи на надница'.

-ин. — Оваа стара наставка во кукушкиот говор има широка употреба. Освен со именки што значат национална припадност: *Ара́ѓин*, *Арну́ѓин*, *Евре́ин* се јавува и со именски основи што означуваат припадник на населено место: *кусѓура́нин* (с. Костурино), *баничи́нин* (с. Баница); проширена: *ѓрӑжда́нин*, *сил'а́нин*, натаму, како што рековме, се среќава заедно со наставките: *-ар* (*измиќа́рин*) и *-ач* (*ура́чин*), а исто така и кај неколку именки што во други говори се јавуваат без односнава наставка: *ама́лин* — амал, *каса́ѓин* — касап, *ара́ѓин* — аргат, *шѓио́нин* — шпион, *врӑжа́рин* — вражач.

5.2.1. Имињата на лица од женски род се образуваат од соодветните од машки род со наставките *-ка*, *-ица*.

-ка. — Оваа наставка се јавува и деривувана (*-арка*, *-ачка*, *-лика*). Служи за образување на имиња со значење номен акционис: *шушунáрка*, *мăшинчáрка*, *мушуфчúка*, *измикáрка*, *житвáрка*, *ĭлидáчка*, *вăртинáрка ниáдна* (жена што многу зборува и лаже); имиња со значење на жители на населени места: *сил'áнка*, *кустуráнка*, *ĭрăдубурлúка*, *кăрáдалúка*; натаму со пејоративно значење: *лăжичáрка* 'жена што прави сплетки'.

-ица. — Образувањата со оваа наставка не се многу чести: *дувúца*, *шкúшница*, *ăрмáсница*, *свишúца*.

5.2.2. **Сопствени имиња**. — Системот на именувањето во Кукушко, како и во другите источни и југоисточни говори[83], покажува, не само во фондот, туку и во зборообразувањето, свои специфичности во однос на западните македонски говори и тоа: а) отсуство на образувања со наставките *-мир*, *-слав*, *-оја*, б) отсуство на аугментативно-пејоративни образувања со суфиксот *-ище*, в) реткост се и женски имиња добиени според името на мажот: *Кóлевица* (Никола, Коле).

Најчести сопствени имиња од машки род се со наставките:

-ан: *Стујáн*, *Трăјáн*, *Милáн*,
-ин: *Бужúн*,
-ко: *Мúшко*, *Нáско*,
-а, *-ија*: *Никóла*, *Илúја*.

-е. — Со овој суфикс (и со неговите деривати *-ше*, *-ле*) се образуваат хипокористици кои многу често функционираат како стилски неутрални, а основното име, од своја страна, останува како службено: *Úле* (Илија), *Гóце* (Никола), *Кóце*, *Дúне* (Костадин), *Тúше* (Димитруш). За одбележување е дека сите овие именски форми се членуваат: *Мúл'-ше*, *Мúл'чше*, *Кóл'-ше*, *Гóц-ше*.

Во служба на формант за хипокористици се јавува и суфиксот *-о*, но со поограничена употреба: *Úл'о* (Илија),

---

[83] К. Пеев, Белешки за антропонимијата во Струмица, Onomastika jugoslavica, V, 1975, 111—117.

Ди́но (Костадин), *Ми́то* (Димитар), *Та́шо* (Атанас, покрај: *Та́ше*), *Ту́шо* (Митруш, покрај *Ту́ше*).

Женските лични имиња најчесто се образуваат со наставките: *-ка, -ена, -ана.* Како кај машките, така и кај женските лични имиња не се ретки случаите хипокористиците да се сфаќаат како основни имиња: *Ди́нка* (Костадинка), *Ши́л'ка* (Василка);

-ка: *Ру́шка, Ми́лка, Вели́ка, Ве́рка, Сла́вка, Трајáнка, Ли́ка,*

-ена: *Рист̄е́на,*

-ана: *Бужа́на.*

5.3. **Роднински имиња.** — Во именувањето на роднинските односи покрај источните македонски особености забележивме и некои регионални специфичности. Така лексемата *т̄е́јко* (зн. татко) е особеност на градскиот кукушки говор; во полските села се јавува името *мăжови́ца* (зн. жена што има (жив) маж): *нă-мо́же мăжуви́ца дă-сă-т̄ла́ч'е уд-дуви́ца* АЌ; обраќањето *ба́че, бра́че* (кон постар брат или девер) има поширок ареал на употреба — се среќава и во Полето и во Карадагот. Во обраќањето кај именките од машки род среќаваме повеќе форми на *-е*: *т̄а́т̄е, ба́т̄е, ба́че,* но и *чи́чо, ву́јко* покрај *ву́јче*, а во женски род превладува *-о*: *ма́мо*, покрај *ма́ле, т̄е́т̄о, ву́јно.*

Фамилијарните имиња се образуваат со наставките: *-ци* (*Аши́кци, Патри́кци, Арнау́т̄ци*) и *-овци* (*-евци*): *Ил'овци, Ст̄о́јковци, Ми́левци* — последнава наставка се јавува ако фамилијарните се од лични имиња. Во фамилии без маж по старешинство, односно кога жената се наложила како главен субјект во куќата фамилијарните имиња се образуваат од женски имиња со наставката *-ине*: *Ру́шкине, Ма́рине.*

5.4. **Имиња на животни.** — И во наставките со кои се образуваат имиња на животни среќаваме некои специфичности. Таква е наставката *-ок*, што се јавува со особена фреквенција. Освен *-ок* продуктивни се уште и наставките: *-ец, -ар, -ак, -ник.*

-ок: *рăно́к* 'свиња што ја хранат интензивно — за колење', *звизо́к* 'млад овен', *мăчăро́к* Гăр 'мачор', во АЌ *мăрло́к, т̄ăржăло́к, мисиро́к*;

-ец: *мъ̑рмъ̑рицъ* 'мало жапче, полноглавец' Драг, *въ̑рӣъ̑лецъ* Драг 'паразит кај животните, јагорец', *ӣу́ӣаницъ* Грам 'вид птица', *ја́дицъ* Мал 'кршалото од грбот на кокошка, со него се обложуваат деца';

-ар: *бу́мбъ̑р* Крец 'машка пчела', *клуӣуӣа́р* Крец 'јајце, маток', *жа̑ба́р* // *ӣу́шувица* 'голема птица со долг врат, личи на штрк, се храни со жаби', *ка̑рда́р* АЌ: *ӣи-д̄е́х о́фциӣе уф-Асӣа̑ру́х ка̑рда́р* (ги дал на пасење), *куӣа́р* АЌ 'прегради дел од трлото'; сп. уште образувања со разновидноста *-арник*: *дуждя́рник* 'вид глиста', *кукушка́рник*;

-ан: *ӣил'ка́н* Мор 'голема птица, штрк', *врӣа̑ӣча́н* Ал 'врабец', *дуӣа́н* Иц 'сокол' — турц.;

-ак: *ӣа̑ӣӣъ̑да́к* Грам 'сиво пиле, слично на еребица': *к'и-ӣу-сӣа̑ӣниш и дур ӣуӣа́ј к'и-ле́ӣне*, *мъ̑нцъ̑ра́к* Мор 'вид голем зелен гуштер', *слиӣуӣра́к* // *мижуӣра́к* Гъ̑р 'нешто што е скоро родено „*зъ̑ле́ӣни му-съ̑-о́чкиӣе*"', *ба́блъ̑к* Грам 'птица со долги нозе и долг клун, бела а има и црни пердуви'; сп. уште: *ка̑лва́ч* Ал 'чукајдрвец';

-ник : *мъ̑цу́рник* Драг 'муцка на свиња', *мръ̑ву́лник* Гъ̑р.

5.4.1. Најголем број имиња на животни од ж.р. се образуваат со наставките:

-ка : *ба́ӣка* АЌ 1. 'голема морска школка', 2. 'вошка', *ӣу́л'ка* Гъ̑р 'јарка', *сӣрилу́шка* 'вид змија, потскокнува', *бубул'а́чка* Гъ̑р 1. 'бубачка', 2. фиг.: *куӣ бубул'а́чка би́ше го́д Ра́јна и ӣа́ не́ ӣуӣуду́*; *ӣруся́рка* Крец 'личи на врабец, малку е поголема, има жолтеникава боја, пее најмногу „*нъ̑-свиӣ Чеӣири́јсе*"';

-ица : *и́мница* Мут 'болест на вимето на кравата', *дујни́ца* АЌ 'овца што дои, а јагнето се вика *дујак*', *ӣъ̑рлица* Грам 'помала од гулаб, жолто-сива'.

5.5. **Имиња на растенија**. — Овие називи најчесто се образуваат со наставките:

-ка (или проширена): *дя́лка* Гъ̑р 'гранка' : *ка́ уӣцуӣури́х адна́ дя́лка уд-јъ̑бу́лкаӣа*; *суся́рка* Крец 'дива метла', *ле́ӣка* Ал 'вид трева, се лепи по нозете', *мя́л'ка* Ним: *чу́кан кубя́к* — клас од пченка без зрна, *шле́шка* Пат 'мешунка од грав и сл.', *шл'у́ӣка* Гъ̑р 'луспа', *дръ̑мка* Ал 'жбун', *ӣувѝвка* Мор

'трева што се лози, се витка по други треви', *нăддáвка* Крец 'трева со членчиња, служи за бојадисување', во Пат *прид̄áвка*, *жúлувка* План 'трева со долги лисја, се става на рани'; сп. уште *блăї́нка* Крец 'вид даб', *їлуї́нка* Крец 'плод од трн', *кумани́ка* Грам 'вид трева';

-ица : *жи́т̄ница* Крец 'слама од пченица', *т̄у́шница* Гăр 'трева со дебели лисја, ја јадат свињите', *їо́рница* Мор 'дива круша, зрее наесен', *сăрбуїăзи́ца* АЌ 'плод од шипка';

-ец : *ма́чиц* (< *ма́чец* — со редукција) Крец — така се вика тревата, додека е млада, а цутот е *бужа́на*, *п̄и́виц* Грам 'паразит во житата, има ситни зрна, ако јаде човек од нив се опијанува', *смуле́ц* АЌ 'има корен како „*жир*, *їла́вичката-ј црна*"', *лăп̄ăдéц* Гăр 'штавел', *жúлавиц* Крец 'трева', в. *жúлувка*;

-ак : *цăрцăфа́к* Пат 'трева, со неа бојадисуваат, има син цвет, го ставаат на удрено место', *куба́к* Мор 'плод од пченка, со зрна', *вăрбана́к* Крец 'место со врби', *шăма́к* Пат 'трски во блатото', *чęст̄а́к* Пат 'густа, ситна шума';

-ина : *лăст̄и́на* Грам 'лозинка од тиква, лубеница', *săрсăли́на* Крец 'кајсија';

-че : *дримли́вче* Пат 'вид качунка, има модар цвет', *ст̄рăмни́че* Гăр: 'трева со бели цветови, во средината има црно, во минатото имало повеќе црно, „бидејќи кај луѓето имало повеќе срам"';

-ан : *куш̄тра́н* АЌ 'го има онаму каде што има вода, расте колку пченицата, раѓа многу ситни зрна', *дăрца́н* Крец 'расте во оризите, дава мали зрна како просо, светликаво сиви';

-ок : *чичо́к* АЌ 'вид трева со многу трње, се лози по земјата', *п̄чело́к* Грам 'мирислива трева, со неа ги мамат пчелите, ги тријат кошниците'.

5.5.1. Со други наставки : *чико́р* Гăр 'пенушка', *кулуп̄и́т̄* Пат 'има плодови како компир, плоски се, растат меѓу коренѣата на габер, има розов цвет', *блу́ст̄ур* Драг 'штавел', *рăмо́н* Крец 'вртипоп', *бăзăлắк* Крец 'вид трева', *ст̄ре́їло* Град 'кај житото, од класот до коренот', *врăжил'у́к* Град 'вртипоп' — „*о́т̄и вра́же*", *т̄ро́скут̄* Град 'пиреј', *т̄а́т̄ула* АЌ 'расте високо, има шишарки како ореви, има бел цвет

како инка', *бучуми́ш* АЌ 'смрдлива трева, личи на магдонос', *шерени́ја* АЌ 'се лози по земјата, *цафте* бело и црвено, ситно', *дим л'у́с* АЌ 'мирислива трева, се става во јадењето', *бизе́л'* АЌ 'грашок', *ба́кла* АЌ 'зрнесто растение, како боранија', *чина́р* АЌ 'јавор'.

5.6. **Имиња на предмети**. — Во врска со образувањата што означуваат називи на предмети, орудија и материја, треба да се истакнат следниве особености: поголема продуктивност на наставките *-ило*, *-ал'ка*; ретка употреба или отсуство на наставките *-ат*, *-ул'а*, *-ача*.

5.6.1. Образувања од машки род

-ник : *витлини́к* Крец 'чеп', *ли́сник* Мут 'млади гранки од даб, ги редат на дрво и ги даваат на стоката зимно време', *баџини́к* Крец 'горниот дел на опакот', *ба̀дник* Гър 1. '*ве́чарта спурти Бужи́к*', 2. 'човек стар, што седи цел ден дома: „*ка-j сидна́л кут-не́кuj ба̀дник*"', *јаркл'ани́к* Крец 'грклан', во АЌ: *јаршма́лник*, *јазни́к* Грам 'метална лампичка на газија', *димини́к* АЌ 'отвор на покривот за излегување на чадот', *зуби́лник* Мут 'зобник', *пувојник* Крец 'повој', *друба́рник* Мут 'вид пита направена од млеко, јајца и иситнети сукани кори', *мăслина́рник* Мор 'сад за масло', *крумида́рник* Крец 'јадење од кромид и риби', *вода́рник* АЌ 'умивалник';

-лăк : *миндăрлăк* Гър 'софа, кауч за седење', *куванлăк* Крец 'задниот дел на секирата со кој се кова', *астăрлăк* Мор 'постава на палто', *пашлăк* АЌ 'пасиште', *балтăлăк* Крец 'железо углавено во горниот воденичен камен, го врти каменот';

-лук : *думузлу́к* Грам 1. 'долниот дел на воденицата каде што се чаркот и бабата', 2. 'род, сорта домашни животни што се чуваат за приплод', *бурсуклу́к* Гър „*л'у́тне* : *шо́-j то́о бурсуклу́к*", сп. *бурсу́к* 'јазовец'; сп. уште: *зăвијутук* Гър 'завој, кривина на пат';

-ец : *вăрште́ц* АЌ 'многу лут сапун, кога се вари се собира одозгора, на врвот', *пали́ц* Гър, *зво́ниц* Мал;

-ок : *нăјăрбо́к* Мут 'нарамник сено', *вăрто́к* АЌ 'место в река каде што врти водата', *вăртало́к* АЌ 'круг'; сп. *вртало́чно* (зн. округло);

-ач : *ӣреӣа́ч* Гăр 'предник, го носат жените врз фустанот за да не се валкаат'.

5.6.2. Образувањата од женски род најчесто се јавуваат со наставките:

-ица (*-ница*) : *алт̄и́ца* Мор 'парче штоф во вид на клин, се става на ракавите', *суса́мница* Крец 'вид пита со сусам', *кури́т̄ница* АЌ 'голем сад за грозје, колку помала соба', *вăрт̄ини́ца* Крец 'место каде што врти орачот со плугот', *врăскăрсница* АЌ 'раскрсница', *ӣнујни́ца* Мор 'бронка', *ӣлит̄ини́ца* АЌ, сп.: *ӣле́т̄о*, *зăврăт̄ни́ца* Гăр 'тупаница, шамар';

-ка: *бо́лка* Крец 'женска кошула', *ӣудло́шка* АЌ 1. 'парче кожа, се става во опинците', 2. 'нечиста жена', *бо́л'ка* Мут 'болест': *уд-ло́ш̄та бо́л'ка-ј фа́т̄ин*;

-ачка : *иӣрăја́чка* Грам 'играчка' : *не'-ј зă-иӣрăја́чка*;

-арка : *т̄ăрна́рка* Крец 'вид пита, во средината има тарана', *ба́рка* Мут 'локва вода (на патот)', *ӣудничá́рка* Крец 'крпа за бришење';

-ал'ка : *буа́л'ка* Мут 'копан, лост, со него го мешаат цибрето', *бăршá́л'ка* Гăр 'крпа': *и́мах адна бăршá́л'ка зă-сăдуф-т̄о де́к јок сă-чина́ кој зна́а*;

-ул'ка. — Се јавува во ограничен број примери: *сăмну́л'ка* Град 'ѕвезда што се јавува наутро', *рăсциӣу́л'ка* Мор 'меѓупростор, цепнатина';

-ина : *каӣăни́на* Грам 'стопена маст', *ӣијжи́на* Гăр 'пајажина', *дулни́на* (: долинка), *ја́рина*, *ко́зина*, *блажи́на*.

5.6.3. Во среден род забележлива е наставката *-ло*, односно проширена *-ало*, *-ило*: *ӣича́ло* Грам 'летна кујна', *лăзӣа́ло* Мут 'детска санка', *ӣруцка́ло* Гăр ('рскавица), *виша́ло* АЌ "чуре́ши, нăре́ди-ј нă-ста́пче то́-ј то виша́ло", *ст̄авја́ло* Гăр 'место за лежење, прибежиште: *т̄а́м мо́-ј ст̄ăвја́лт̄о*'; *сичи́ло* Грам 'остриот дел од косата', *бури́ло* АЌ 1. 'буре', 2. „*сă-чини́л али́с бури́ло*" (дебел човек), *буди́ло* АЌ „*ус- две т̄ăркăли́на // фре́нцко т̄ăркá́ло*" — велосипед, *вăӣци́ло* АЌ 'за бојадисање („*вăӣцу́вне*")', *куси́ло* Ал 'рачка на коса', *ӣлит̄и́ло* Гăр : *да́ј-ми т̄о ӣлит̄и́лт̄о* (зн. нешто што се плете, заедно со преѓата и иглите), *јăда́ло*, *ӣија́ло* Бег: *д-и́ма јăда́ло*, *ӣија́ло*, *дă-дру́ӣо не́ т̄рибу́ве*.

5.7. **Имиња што означуваат дејство.** — Во образувањата на овие именки, освен познатите факти — од литературниот јазик или од други говори — присутни се и не мал број специфичности.

-ие. — Старата наставка *-ие*, за образување на глаголски именки, сп. стсл. питье, како што спомнавме, во скратена форма ја забележивме во с. Мутулово во зборот *ја̏сте* (со значење: исхрана на свилената буба врзана со одреден период од нејзиниот развиток, има: *пӑрво ја̏сте, второ ја̏сте*). Истава лексема ја споменува и К. Мирчев од неврокопскиот говор: *естѐ*; уште и: *питѐ*[84]. Во истиот говор, а и во други села нормално се употребуваат *ја̏дине, пи̏јне*, исто: *јадо́ло, пијо́ло* во друг контекст. Во Градобор го забележивме зборот *клањ'а̏те* со значење поздрав;

-ње. — Најпродуктивната наставка за образување на именки што значат дејство *-ње* во кукушкиот говор по затврднувањето на мекото *н'*, се јавува во формата *-не*: *о́рне* (< орање), *ја̏дне, те̏не, о́дне*, освен во селата кон Солун. За одбележување е дека, иако во поограничен обем, ја среќаваме, и со глаголи од свршен вид, сп. пр. од Патарос: *и уд-ме́н да-но́сиш но́го про́ста̏не, но́го кла́нне*[85];

-(н)ица. — Во овој говор суштествуваат глаголски именки со наставката *-(н)ица*: *тепани́ца* 'тепачка'; сп. уште: од едн. форма *ја̏дне* како множинска нормално се јавува *јӑдни́ци* (со нијанса на пејоративност или пренебрегнување): *нӑ-ма́ста и́мше се́кӑкви јӑдни́ци*;

-вица : *пл'уска́вица* Крец 1. 'силен дожд' (: *кӑква́ пл'уска́вица-ј во́нка, де́к ќ-о́јш*?), 2. 'тепање' (: *сӑ-чу́ пл'уска́вица, о́но Го́не гу-тупа́л де́што*), *вреска́вица* (: *сӑ-дина́ адна вреска́вица, ко́ј нӑ-ко́ј уди́рше не зна́јш*);

-нина : *суканина* Крец 'јадење од тесто, сукано', *тӑрсени́на* Драг 'остатоци при тресење, а и при влачење на волна';

---

[84] К. Мирчевъ, Неврокопскиятъ говоръ, стр. 67.

[85] Т. Димитровски, Кон Миклошичевата теза за потеклото на старословенските глаголски именки образувани од свршени глаголи. Реферати на македонските слависти за VII конгрес на слависте во Варшава, Скопје 1973, стр. 19—23.

-еш : *будéш* (: *áдни будéже пӯт-пле́шката мă-издéа*), *вắрвéш* 'пролив' (: *ӯт-пӣо́н вắрвéш фа́ште*); *вắрвуле́ш* 'множество од нешто во постојано движење', *смắрдéш* (*ниáдин*) — погрден израз, *пắрдéш*, *пуфéш* (физиолошко испуштање на гасови);

-ло : *јắдáло*, *пијáло*, *кắршáло* 'коска', сп. и: *нóсаа пе́чắво*, *ри́ба уф ша́ва* (Д.И., ГГ, 116);

-ба : *пичáлба.*

Прегледов на суфиксните образувања што означуваат дејство ќе го завршиме со формите без наставки во кои глаголската основа добива именско значење: пр. *пек* Гăр (: *нóїо-ј вурк'и́на*, *їулéм пек фắши́*); *фаш* // *фаќ* (: *и́ма фаќ* 'вешта е'), натаму именката *плак* (: *нéјкум плáк уф-кắши*); оваа именка во другите народни говори има ограничена употреба (Б. Конески, Граматика . . . , 1967 год., стр. 275).

5.8. **Имиња на апстрактни поими.** — Во овие образувања се среќаваат наставките *-иа*, *-оша*, *-лăк*:

-иа: *винчăни́а* (*не си-пл'ýвум нă-винчăни́аша*), *ąрбăши́а* 'неуреден' (човек, жена): *шó ąрбăши́а жéна-ј*; *сирумăши́а* Мор (*сă-бóрум ус-сирумăши́ăша*); *їулуши́а*, *стрăмуши́а.* Последниве две именки освен со апстрактна се јавуваат и со конкретна содржина; сп. *пóкрij-си їулуши́аша* // *стрăмуши́аша*;

-оша. — Оваа наставка се јавува во ограничен број примери: *стрăмóша*, *їриóша*, *чистóша.* Сите три збора може да се чујат и со акцент на последниот отворен слог: *стрăмушá*, *їриушá*, *чистушá*, в. т. 4.44.;

-лăк. — Изведените со оваа наставка се најмногубројни. Освен со турски се јавува и со словенски основи: *ајл'ăзлăк*, *апашлăк*, *ąрăмилăк* (: *ус-ąрăмилăк не сă-живéе*), *їинишлăк* 'флегматичност' (: *шó-ј шóо їинишлăк уш-шéп*, *збéр-се аднóч*), *пушлăк* 'безобразие, неморалност' (: *и-шáшку-му-бише шăкóф пушлăк măїáре*), *їнăсушлăк*, *стрăмушлăк*;

-ло. — Од глаголски и именски основи се образуваат апстрактни именки со наставката *-ло* : *му-сă зé ви́дăлшо*, кај С. Романски, стр. 133: *су нóїо ви́дăло*; *дујдé нă ви́дулшо*; *шéїло* и *шеїли́ло* (*шéїлō*, *дујдéло*, *к'и сă-шéїле*); *кучи́ло* — во смисла на карактер, наследен: *лóшо кучи́ло*; *бисни́ло* (: *адно бисни́ло кá ме-ј-фắши́ло*).

Доста често се среќаваат наспоредни образувања: *сирумăшти́ја* и *сирумăштилăк*, *стрăмути́а* и *стрăмутилăк*; *-ава*, *-ева*: *бул'а́ва* 'болка' (: *уд-бул'а́ва ич не́ мо́жум дă-спи́м*); *арне́ва* (: *уд-арне́ва не́ се́дум до́ма*).

Кон прегледов на формите со *-ава*, *-ева* ќе укажеме на една специфичност: при образувањата од придавска основа освен што е опредметен признакот на придавката: *бел — бел'а́ва*, се укажува и на множество од дадениот признак: *стăна́ жăлта́ва* 'се однесува на место врз кое има попаѓано многу жолти сливи', или: *бăи́ро-ј бил'а́ва* 'ридот е покриен со снег'; уште: *нă-шипо́лта-ј цăрна́ва уш-чăфки*.

5.9. **Наставки за изразување чувствен однос**

5.9.1. **Образување на деминутивно-галовни именки.** — Веќе истакнавме дека овие говори според бројот на наставките за образување на деминутиви (и аугментативи) во споредба со централните и северните покажуваат извесна сиромашност. Така наставката *-ица* не се употребува за образување на деминутивни форми од именките во женски род. Место 'водица', 'главица' и сл. среќаваме *во́дичка*, *ӣла́вичка*, *бо́зичка*; но: *рăчи́ца* 'рачка на рало'. Натаму суфиксот *-е* за образување на деминутиви од машки род не се употребува, исклучок *свѝзе* (: свизак) Пат, Мор, а од женски род се јавува само во ограничен број лексеми; наставката *-ца* за образување на деминутивни форми од материјалните именки не е во употреба (сп. *ма́хче* Гăр); исто така деминутивните образувања со наставката *-уле*, што се среќаваат во западните говори, во овој говор ги нема, а со *-ле* се реткост. Од прегледот е јасно дека инвентарот на наставките за образување на деминутиви не е многу богат, но веднаш да истакнеме дека и со постоечкиот фонд на односниве наставки деминутивизацијата е многу обична во нашиот говор, дури многу често не се останува на една наставка, туку за да се засили деминутивноста се придава и втора: *крăфченце*, *ли́хчинце*, *ви́нцăнце*, *змѝјкичка*, сп. пр. од С. Романски, стр. 133: *мăчинцѝјна*.

Деминутивизацијата е толку раширена, иако бројот на наставките не е особено голем, што освен кај именките се јавува и кај броевите: *две́чки*, *три́чки*; кај прилозите: *ӣо́рце*, *ӣа́мичка*, во некои императивни форми: *ӣле́ј-ӣ-ички ри́бичките*. Овде фактички се проширува кратката заменска

форма со наставката *-ичка*. Сп. уште: *ви́ј-ӣ-ичка* (*мо́мичка̄та*); сп. уште: *ја́ј-ӣ-ичка* (*и́де*).

Најпродуктивни наставки за образување на деминутиви кај именките од машки и среден род се:

-це: *о́кце* Драг, *ме́хце* Крец, *се́лце*, *мле́кце*, *цре́фце*, *ӣуве́ц̄це* АЌ;

-енце (*-инце*): *ӣу́мнинце*, *ӣра́синце* Мор, *ли́хчинце* Грам, *ја́ӣнинце* Крец, *ле́ӣчинце*, *де́ц̄инце*, *ӣро́здӑнце*, *убра́хчинце* Гӑр, *ма́чинце*, *мле́кцинце* АЌ, *у́шинце*, *ку́чинце* Пат. Иако во ограничен број, наставкава се јавува и со именки од женски род: *ри́ӣчӑ́нце* Мал, *ӣӑ́хчинце* Гӑр;

-че: *кра́ӣче* (: крап), *ӣрӑ́хче* (: грст), *ӣрӑ́хче* (: прст) Гӑр, *изи́че* Драг, *ка́минче*, *ли́л'че* АЌ (: *ли́л'ак* 'јоргован'), *ӣо́ц̄ӣӑлче* (: *ӣо́ц̄ӣӑл*) Пат, *чумбе́рче* Град (: *чумбе́р*), *ајӑрче* АЌ, *звизо́че* (: *звизо́к* 'млад овен'), *куре́мче* (: *куре́м*), *бӑкӑрче* Мут 'котле';

-ле: — Со овој суфикс ја забележивме само лексемата *ко́чле* во с. Мутулово; именката *свӑрӣле* Штем го изгубила деминутивното значење; сп. уште: *ӣе́ц̄ле* Влад, Мор.

Кај деминутивните образувања од женски род најфреквентно се јавува наставката *-ичка*, добиена со вкрстување на *-ица* и *-ка*. На тој начин ја ограничува нивната употреба, особено на наставката *-ица* која и не се среќава во деминутивни образувања од женски род. Суфиксот *-ичка* делумно се јавува и место наставките *-иче* и *-че*. Сп.: *ниве́ц̄ичка*, *ӣрӑ́хчичка* покрај *ӣрӑ́хче*, *ӣӑ́хчичка* покрај *ӣӑ́хчинце* Гӑр, *рӑки́јчка*, *уда́јчка*, *дула́мичка* 'кошулка', *бра́јчка* Драг, *о́фчка* Мор (: овцичка), *о́фчки* (: овцички), *бу́личка* (: *бу́ла* 'божур'), *ӣлӑни́чка* АЌ 'дива јагода'. Интерес побудува фактот дека множинската форма од оваа наставка освен со именки од женски род: *рӑ́чки*, *рӑ́кички*, *но́јчки*, *но́ӣички*, ја среќаваме и со именки од среден род, сп. *о́чки*, *о́чички* Гӑр. За скратувањето *рӑ́чки*, *но́јчки*, *о́чки* (сп. го и примерот *о́фчка*, *о́фчки*) в. т. 3.144.

Деминутивната наставка *-ичка* врзувајќи се за завршокот *-а* кај именките од женски род, се пренела и кај извесни множински образувања на *-а* : *ли́ц̄-ичка*, изведена од плуралната форма *ли́ц̄а*, присутна во овој говор (: *што́ ли́ц̄а испӑћа́ле*), исто би било и објаснувањето за множинската форма *де́ч-ка* и *де́ц-ичка*, изведени од 'деца' (за ова в. и друго објаснување во ДГ, стр. 70). Наставката *-ичка* и во лексемите *ли́ц̄ичка* и *де́чка* го задржала своето деминутивно значење.

-че. — Оваа наставка има ограничена употреба, но сепак присутна е во кукушкиот говор, а поретко се јавува во соседниот дојрански говор. Сп.: *же́л'че*, *зми́јче* АЌ, Мут, *бо́хче* Град 'со неа се завиткува рубата', *па́јче* Мут (: патка), *жа́пче* Мор, *ја́хче* Драг, *јању́лче* Рош, *мандри́че* Грам (:мандија), *уруспи́че* Гър 'нешто што предвреме цвета, а исто така се однесува и на девојче со непристојно поведение', *лиштуви́че* Ал (: ластовица), во Крецово: *ластуви́че*. Со оваа наставка образуваат деминутиви и едносложните материјални именки: *ма́хче* (: маст), но: *кра́хчинце* (: крв) за да се избегне омонимијата со *кра́хче* (: крст);

-е: *би́бе* (: *би́ба* 'шатка');

-енце: *би́шинце* Грам (: бишка), *ила́вчинце* Крец, *ја́хчинце* Гър, *ју́стањце*, *ри́пчањце* Мал (*-че* + *-енце*);

-ка. — Оваа наставка се јавува како диференцијална во однос на посеверните источни говори. Освен во кукушкиот се среќава и во гевгелискиот, а ретко и во дојранскиот. Сп.: *шарве́шка* (: *шарве́та* 'крпа за завиткување', со исто значење и: *шамија́ка*) Мор, *миндри́л'ка* Штем 'крпа за нос', *кру́шка*, *пипци́јка* Крец, *уда́јка*, *зми́јка* покрај *зми́јче* и *зми́чка* Вл, *чики́јка* (: *чики́ја* 'ноже'), *ра́ки́јка* Ал, *купа́нка*, *сула́рка* Грам, *дула́мка* Град 'кошулка', во Драгомирци: *дула́мичка*, *пуја́чка*, во Амбар Ќој: *пинце́рка*.

Спомнатава наставка *-ка* во корелација со *-ина* (*-ција*) се трансформира во *-инка*, со која образуваат множина именките од среден род на *-е*, но со деминутивно значење: *маја́ри́нка*, *пърли́нка*, *врапчи́нка*.

5.9.2. **Аугментативни и пејоративни образувања**. — Во кукушкиот говор и воопшто во источните, а посебно во југоисточните, се забележува една изразита сиромаштија како во бројот на наставките за аугментативни образувања, така и во нивната фреквентност. Најпродуктивната наставка за образување именки од односниов тип во западните говори *-иште*, во нашиот говор како да не постои, па дури и во називите на места во одредени региони е изместена од *-ина* (во Крецово место 'косиште' среќаваме *косени́на*). Независно, соседниот воденски говор, според Думев (цит. раб., 52), не ја споделува оваа особина; авторот таму забележил:

жени́ште, *баби́ште*, *дети́ште*, *мăжи́ште*. Од нашиве материјали успеавме да извлечеме само: *ӣлави́ште* и *рăчи́шта* Драг.

-ок. — Оваа наставка во западните говори се јавува со деминутивно значење, сп. 'денчок', 'грашок' (Б. К., Граматика 1967, II, 290), а во нашиот говор се јавува и со аугментативно и со пејоративно значење, сп.: *мăжăтро́к* (*це́л мăжăтро́к стăна́л*) Крец, *жăбăро́к* Крец 'голема жаба', *кăшăро́к* Мор 'каша' — со иронија и презир, со сличен чувствен однос е и именката *бăбл'о́к* 'лоша баба' Штем, исто *ӣуро́к* Ал 'оној што се лути постојано, не му се погодува', *рăно́к* Грам 'свиња', *звизо́к* Град 'млад овен', *стăрчо́к* Мут 'погрден израз за дедо', *ӣижо́к* Гăр (*сă-нăду́л кути ӣижо́к*), *ӣăрл'о́к* АЌ 'поголемко машко прле', *мăрло́к* Ир 'мачор'. Со оваа наставка, и проширена, се образуваат имиња од повеќе машки домашни птици: *ӣăӣăро́к* 'патор', *мисиро́к* 'мисир', *ӣăсо́к* 'гусак';

-ина. — Оваа наставка се јавува во ограничен број лексеми, но има поширок ареал. Се среќава и во североисточните (КГ, 132) и во југоисточните говори. Примерот *ӣлăви́на* освен со аугментативно значење се јавува и како назив на дел од тркалото, сп. уште *живо̣ти́на* Штем, *сукăни́на* 'нешто што е сукано, зелник'. Се јавува и проширена (*-е̣ти́на*) : *мо̣ме̣ти́на* 'со нијанса на пренебрегнување'; освен во говорот на „бежанците" од Кукушко, зборот се среќава и кај староседелците;

-учка. — Мал број примери имаме забележано и со аугментативната наставка *-учка* : *ӣлăву́чка* Мор (: *их ӣлăву́чко ниа́дна*), *кăӣăл'у́чка* Мут 'ќулавка';

-ул'ка : *зăкăчу́л'ка* 'оној што се задева' Грам, а во Гăрбашел зн. 'закачка на која се закачуваат крпите';

-еӣа : *мăже́ӣа* Мут (: *це́л мăже́ӣа стăна́л*);

-л'ак : *штăрбл'а́к* Мут 'погрден израз за оној што нема заби', *ми̣ти̣л'а́к* Гăр 'болезлив човек';

-л'о : *ли́ӣл'о* АЌ 'дете што претерано се мази', *му́кл'о* Гăр 'оној што не зборува, што не разбира', *смѓрдл'о*, *у́шл'о*, *стра́шл'о*, *ти̣ре́сл'о* 'плашливец' (: *ти̣ре́сл'о ниа́дин*), *зѓбл'о*;

-ко : *ӣла́чко*, *дăрдо́рко*, *бăрбо́рко*, *вле́чко*;

-чо : *кла́ӣчо* 'оној што оди несмасно', *кле́чо* Гăр 'слабунав, со слаб карактер', *ла́ӣчо* Гăр 'тром, неработлив човек'.

5.10. **Именки од машки род**. — Во кукушкиот говор, како и во другите југоисточни говори, аналитизмот се јавува скоро во чист вид. Сите именки, вклучувајќи ги и сопствените имиња и родствените именки имаат една единствена форма за номинативната, генитивно-акузативната, дативната а понекогаш и за вокативната форма: *Гу-видéх нă-Динúш. — Вúкниīу нă-Мúшшо* Крец. — *Нă-дéуш Глиīóр нýкуш. — Нă-бáч-Кóл'о му-кажáх. — Уз-Блăīój зáадно бúхме нă-Стрýмица. — Нă-брáш-му нă-Анąшáш. На-мăжó-ù нă-Мара* Штем. — *Удбрáш-ми друīáро* Град.

Кај сопствените имиња и родствените именки, според завршокот на номинативната форма разликуваме четири групи: а) именки на согласка: *Арīúр, Асīарýх, Вăшúл'*, овде се вклучуваат и личните имиња од типот *Мишóш, Блăīój*, кои во западните и во северните говори[86] завршуваат на *-а* (*-ија, -оја*) : Методија, Благоја; б) именките на *-а* во овој говор се малубројни: *Илúја, Кóста, Никóла*; в) именки на *-о* : *Áрсо, Крсто, Вáнчо, шáшко*, во градот *шéјко*; г) именки на *-е*: *Мúле, Дúне*, покрај *Дúно, бáче // брáче* (зн. постар девер).

Кај сопствените имиња од последната група, оние на *-е*, општата форма многу често се членува: *О-шишувáх Дúншо зă-шăзăрлăко. — Ус-Пéшриш нă-мóјш дă-сă-рăзбéриш. — Густришнá Мúл'шо*? Гăр.

Во образувањето на општата форма, во овој говор, како и во другите југоисточни (MJ, XI-XII, стр. 120), а и западни говори[87] среќаваме една балканистичка појава, имено односнава форма ја придружува предлогот *на*, иако не со апсолутна доследност: *Гу-викнáх нă-Лиунúд, ама нé дуjдé. — О-нăкăлвáх нă-Ґóрīшо. — Гу-ушипáли нă-мăжó-ù* Штем. Се разбира оваа појава е присутна и кај именките од женски род.

---

[86] А. Поповски, Гостиварскиот говор, Гостивар 1970, стр. 57. Б. Видоески, Кумановскиот говор, стр. 185.

[87] Б. Видоески, Дебарските говори, MJ, XIX, стр. 72—73. А. Поповски, Реканскиот говор, докторска дисертација, 1979.

5.11. **Вокатив**. — Една од особеностите на овој говор е и честата употреба на вокатив без наставки: *А ба-мајмýн, зáйри бе, зáйри бе; — ej рибáр, мликáр; — éла бе шýра; — вол ниáдин; — Ивáн; — éла Стујáн*, покрај *Стујáне; — Тáшко, вéле, сáа-сă дýйло йáрите; — Дăй, ричéл, ду-нидéл'а йáарте азăр дă-ми-j-чúниш; — Вýjко, ду-нáште дă-йýштиш ајн чувéк*. Во ваквите примери без наставка се забележува едно удолжување на последниот вокал, една специфична интонација. Нив почесто ги среќаваме во северозападните (Штемница, Планица, Ниманци) и јужните села (Амбар Ќој, Алиоџалар), оние во кои влијанието на турскиот јазик било поизразито; за ова в. Б.К., Граматика, 240, според која изразувањето на вокатив без наставки е особеност на турскиот јазик.

Од синтетичките вокативни форми прават впечаток образувањата со наставката *-о* (се јавува и кај еднозложни и кај повеќесложни именки): *Éла зéто, дójнци-їă и мăjкá-ти. — Ej йăстúро, ел дă-т-йúтум нéшто*. Ваквите форми како необични ги споменува и С. Романски (ДВГ, 131): *сúно, вúки їо цáрувут син нă-їóсте*, и ги третира како остатоци од старата форма за вокатив, при имиња на *й*-основи, стсл. сыноу, со поотворен изговор на крајното неакцентирано *-у* како *-о*, а во врска со неинтензивниот изговор на ненагласените вокали. Уште ги споменува примерите од Гевгелискиот говор: *чúко, брáто, цáро* (Иванов, 84). Ова објаснување може да важи само делумно, зашто обратната редукција на ненагласените самогласки повеќе се однесува на релацијата *а* < *ă*, и во овој случај неинтензивниот изговор како фактор тешко можел да ја изврши оваа промена, ако не се придружила и аналогијата според вокативните форми од женски род (*жéн-о, сéстр-о*) сп. уште: *їа видéх неа* — според *їо видéх нéїо*. Секако не без влијание на аналогијата се и вокативните примери во ВГ (с. 48): *брáту, брáшку, вăлку* покрај *жéну, змúју, мéчку, лисúцу*.

Д. Мирчев во БКВГ, с. 458 за образување на вокатив покрај наставката *-о*, ја споменува и наставката *-у*: „во вокатив нема строга последователност; имаме *сúну*, но и *сúно, сúне, чувéк, чувéче, Бої — Бóже, йой — йóйе*, но и: *трикушýл'ник — трикушýл'нико, јунáк — јунáку*“, на с. 459 наведува: *цáру, уфчáру, їóсту, кáмину*. Наставката *-о*, според Мирчев, се јавува место *-у* поради израмнување на основите, спрема

што и во множина именките од м.р. о-основи се јавув ат како да се од у-основи (с. 458).

Од правилата што ги има во граматиките за образување на вокатив со наставките -у и *-е*, за кукушкиот говор како да важи само она дека личните имиња на согласка се јавуваат само со суфиксот -е: *Бужи́не, де́д Глиго́ре,* доколку не се употреби, како што рековме, ном и ативната форма. Кај другите именки од м.р., независно дали се едно или повеќесложни и на каков консонант завршуваат, тешко да се установи некоја закономерност во употребата на едната или на другата наставка: *Ца́ро, ре́кăл, дă-ти-ка́жум дек сă-скри́ уфча́ро*; - Му *ве́л'ăт: чисти́ти ца́ро, тук ади́н чуве́к нă-ăто . . .*; — *слиắти и кăрмнико* 'машка скопена свиња'; - *Бра́то, слу́ши, ве́чăрно вре́ме ка́ч-сă нă-та́а типо́лта*; — *Ми та́т-ти, ричел́, си́но, как би́ше жиф и́мише адна́ пу́шка, о́дише нă-ло́ф*; — *Дај бре си́но, ве́ле, и нă-ме́не не́што зă-бо́га*; — *Дујде́-ли бе си́но?*; — *Ајде си́но, ве́ле, ти́ вăри нă-ца́ро кааве́*; — *А-бре де́фо, ричел́, ти уше шо и́ма дă-ви́јти уд-на́с.*

Во некои пунктови, пр. Крецово, наставката *-о* како да се генерализирала: *ма́жо, зе́то, си́но, гувида́ро, ăсти́ро* и ел.

Примери за употреба на наставката -е: *Ца́ре, ричел́, о́ди се́га аку са́киш де́фо до-ви́јш*; — *Бра́те, фăрли бри́чо, ре́кла сестраа́та*; — *По́пе, ричел́, о́ди ви́ди шо пра́ве то́о Лу́уто*; — *Бо́же, бо́же, вил'а́л, са́мо дă-до́јде.* — *Та́те, шо сă-у́миш?*; — *Ричел́: дă-не́-ми-си-ти та́тко, та́те?*; — *Пубра́тиме, му-уд-гувури́л, дă-сă-ка́чме го́ре.*

Кај именките на *-ција* во вокатив се среќава турската форма - со скратена наставка: *Чо́рбăџи, га́зда, ак-те-ј-ма́ка уд-ме́не . . .*; — *Ej бо́зăџи, викну́ве, о́ди ва́ки.*

5.12. **Множински наставки.** — Во образувањето плуралис кај именките од м.р. забележливо е присуството на наставк та *-е* која покажува силна експавзивност. Се јавува главно кај двосложните и повеќесложните именки. Потеклото на овој суфикс не е единствено, веројатно во него се слеале следните првобитни наставки: *-е* од старите консонантски основи (**plamene*), *-uje* од старите основи на *-и* (**nogъtije*), на крајот, што е најважно, колективниот суфикс *-uja* (**bratrija*). Интересно е дека токму колективниот суфикс извршил решавачко влијание врз формата на тој мешан множински

суфикс (ДМГ, 179). Исто и според Д. Иванов (цит. раб. 79) оваа наставка се обопштила со аналогија од збирните форми на именките од с.р.: *л'у́ї'е*, *пърт̀е* (*пърт̀* 'прат'). И К. Мирчев во НГ (стр. 68) зборувајќи за причините на необичната раширеност на наставката *-е* на прво место ги споменува случаите во кои наставката е наследена од стсл. период: именките на *-ин*, *-т̀ел'* и *-ар'*, а кон нив и неколку примери од меката *а*-основа од ж.р., кои несомнено ја чуваат множинската наставка *-е* < ѧ уште од стсл. период *ꙋ́фце* — овьцѧ и др., но најсилно било влијанието на збирните именки од ср.р. на -ие. На ова прашање се задржал и С. Романски (ДВГ, стр. 132). Тој напомнува дека множинските форми на *-е* се сфаќаат како збирни и го примаат соодветниот член за ср.р. Ваквите множински образувања ги среќаваме уште во соседните говори: дојрански и гевгелиски (ДГ, стр. 67 и ГГ, стр. 79).

Множинската наставка *-е* се јавува кај двосложни, повеќесложни и неколку еднослоżни именки: *рáчкуре*, *рáчкур-т̀о* (: *рáчкур* 'чекор') Крец, *пул'áне*, *пул'ан-т̀о* (: *пул'áниц* 'оној што живее во полските села'), *рист̀éне*, *рист̀éн-т̀о* (: *рист̀éн* 'христијанин'), *мърсóле*, *дувéце*, *чурáпе*, *крецувáне* (: *крецувáниц* 'оној што живее во с. Крецово'), *мáже*, *мáјш-т̀о* (маж), *брáт̀е*, *брáт̀-т̀о* Крец; *зáбе* //*-бă*, *нишáне*, *їóст̀е*, *Ш̀ипт̀áре*, *чурáпе* — Штем.

Во јужните села кон Солунско каде што се редуцираат и вокалите од крајните отворени слогови, покрај наставката *-е* : *кóпáне*, *нăлáне* Град, *óтвуре*, *Буїáре*, *їувидáре* — АЌ, почесто ја среќаваме наставката *-и*: *убрáзи*, *јурїáни*, *нăлáни*, *мáжи* Град, *рáци*, *нóзи*, *кăлчýни* — АЌ. Во ова двојство на изговорот тешко може да се одреди дали под *рáци*, *нóзи* не се крие наставката *-е*, која (како неакцентирана) нормално се редуцира во *и*. На ваквата можност нè упатува не само членската морфема *-т̀о*, која оди со именки што завршуваат на *-е* : *рáц̀т̀о*, *нójст̀о* — значи треба да се претпостават формите *рáце-т̀о*, *нóзе-т̀о*, туку и примери со редуцирано крајно *-е* : *т̀éми* (=теме), *дéт̀и бих*, *врéми*, *не мóж дă-бúди* Град.

Според Д. Мирчев во воденскиот говор (БКВГ, стр. 459) работите стојат поинаку, таму скоро сите именки од меки о-основи и некои од н- и и-основи множина образуваат на *-и* : *кój̀н* — *кój̀ни*, *учúт̀ил'* — *учúт̀или*, *уфчáр* — *уфчáри*, *сил'áнин* — *сил'áни*, *лáкăт̀* — *лáхт̀и*, *нóкăт̀* — *нóхт̀и*, *їăлăй* — *їăлáби*. Бидејќи во воденскиот говор не се редуцира крајната самогласка *е* треба да се исклучи претпоставката, дека овде

може да се крие факторот редукција, независно што множинската наставка *-е* е широко застапена во другите долновардарски говори; како што рековме освен во кукушкиот се јавува и во гевгелискиот (ГГ, 79), дојранскиот (ДГ, 68) а и во солунскиот (ДМГ, стр. 180). С. Романски во ДВГ (132) наведува повеќе примери од материјалите кај Верковиќ: *адетѣто*, *орачѣто*, *имише* 'плодови', *бубакѣто* (едн. *бубакѫт* 'памукот'), *листѣто*, *їложде*, *їинїаре*, *їрăсти-то*, *нокти-то* и *л'уй-то* — последниве три примери авторот ги приклучува кон множинските форми на *-е*, имено тргнувајќи од претпоставката за која зборувавме погоре — факторот редукција.

Множинската наставка *-е* на север го зафаќа и струмичкото подрачје, а како граница се јавуваат селата кон Радовиш. На исток се среќава и во драмскиот говор: *сéлене*, *їроздáре*, *дéвере*, *їăлабе* (БПГ, 144).

Наставката *-ове* за образување множина кај повеќе едносложни именки има уште поширок ареал почнувајќи на југ од Солунско, таа преку говорите во Кукушко, Дојранско, Струмичко, Радовишко се шири сè до штипскиот говор, на исток се споменува во серскиот говор: *вóлове*, *дéнове*, *снóїове*, *їрáдове* (БПГ, 146), во соседниот воденски говор Думев ја споменува наставката *-ови*: *стулóви*, *двурóви*, *дарóви*, *дýўви* (ВГ, 44).

Во селата кон Солунско формата *-ове* се јавува поретко (*сăрїуве*), а почесто се слуша *-ови* : *сăдуви*, *їрáдуви*, *нóжуви*, *брúчуви* Град, но како што рековме во односниов говор редукцијата *е* > *и* на крајот на зборот е обична појава.

Во нашиот говор наставката *-ове* (*-уве*, *-ăве*) често се јавува напоредно со наставката *-ишта*, а поретко и со *-а*: *сноїї — снóїуве // снóїишта*, *ден — дéнăве // дéништа*, *син — сúнуве* (*-ăве*) *// сúна*, *лис — лúстуве // лúста* и сл. Суфиксот *-ове* го среќаваме и со именки од некогашната мека основа, така покрај *дéнуве*, *їăзуве* среќаваме и *кóшуве*, *нóжуве // нóжăве*. Отсуството на суфиксот *-еве* по етимолошки меките согласки З. Голомб го споменува како една од разликите на говорот во Солунско со бугарскиот лит. јазик (ДМГ, стр. 176, на пр. буг. лит. *коневе*). Д. Мирчев наведува освен *-ове* и *-еве* : *кл'учуве*, *крал'уве* и *крал'еве*, стр. 448.

Според З. Голомб наставката *-ове*, која претставува континуација на псл. наставка за ном. плур. кај *у* -основите

(synove), се обопштила кај еднослоҗните именки благодарејќи на својата морфолошка изразност (ДМГ, 176).

Суфиксот *-уфци* за образување на мноҗина кај патронимичните називи на -о е познат во повеќе говори, овде специфичност претставува не само неговата редуцирана форма, туку и извесна проширена употреба. Така освен со именки од машки род: *Го́шуфци, Аспару́хо̯фци, ву́јкуфци, ку́муфци, си́нуфци* — Драг, по аналоҗија може да се чуе понекогаш и со именки од женски род. Сп.: *вă-че́кат ва́шче ча́шкуфци, ма́јкуфци*; интересна е и формата *о́цуфци* (: оца) Савек, во Гуменца : *о́цувă*. Освен аналоҗијата за ваквите случаи веројатно придонесла и расколебаноста на категоријата род што се јавува во овој говор. Во Солунско е забележана друга специфичност, освен со именки што значат сродство неретко се јавува и кај називи на животни : *бу́фуфци* (: був), *ку́куфци* (: *кук* зн. кукавица, а во ДМГ, стр. 177 погрешно „ластовица“).

Со суфиксот *-и* мноҗина образуваат оние еднослоҗни и повеќеслоҗни именки што во еднина завршуваат на -г, -к, -х. Тој ја континуира псл. наставка за ном. пл. *-и* кај о-основи, што ги палатализира претходните заднојазични согласки: *би́к — би́ци, бе́к — бе́зи — бе́јсче* Штем, *дуби́чук — дуби́ци, бре́зи* (: *брек*) Мут, *Вла́х — Вла́си, вắлк — вắлци — вắлче, вра́к — вра́зи — вра́јсче, пичо́к — пичо́ци* и *пе́чук — пе́чци, чичвăрчо́к* (и: *чичвăрчук*) — *чичвăрчо́ци*; сп. уште: *ју́нец — ју́нци, ве́ниц — ве́нци, чăрјо́виц — чăрјо́фци.*

Наставката *-ишча*, позната како наставка за образување мноҗина кај некои именки од среден род што означуваат место (*бунище — бунища*), натаму кај збирната мноҗина од неколку еднослоҗни именки (*друм — друмища, пат — пашища*), во овој говор има поширока употреба: *де́н — де́нища* (покрај *де́нуве*), *ра́бища* (: *ра́ч*), *са́рчища* (: *са́рчут на пла́нинча*) Крец, во Мор формата *де́нища* ја забележивме со број: *две́ де́нища* што јасно укажува дека тука не се работи за збирна мноҗина. Овде, а и во соседните села што граничат со дојранскиот говор оваа наставка има особено широка употреба кај мноҗинските форми од среден род (в. понатаму): *ја́чнища, ју́мнища* Штем. Исто така широка примена на односна наставка забележивме и во јужните села: *си́н — си́нища* (: *чво́јче си́нища*), *де́нища* (: *сиде́х но́јо де́нища*),

трéмишта (: трем), *дáїшта* (: *дáї* 'рид'), *брéїшта*, *рáбишта* (: раб), *дáбишта*, *сáдúлишта* (судови) Град.

Повеќе од авторите што ги истражувале југоисточните говори оваа наставка или не ја споменуваат или само бегло на неа се задржуваат (ГГ, 81; ВГ, 44; ДВГ, 133), обратно З. Голомб консултирајќи го искажувањето на Мазон, Вајант (L'evang. de Kul., стр. 91) сп. пр.: *їрáдишта*, *двóришта*, *сóништа*, *дéнишча*, *зїéтишча*, *сúништа*, *вóлишта*, *братўчéндишта*) забележил: „... пренесување на суфикс-наставката за неутр. *-ишта* во пл. маск. е општа појава во говорите на јужна Македонија" (ДМГ, 180).

Форми за збирна множина на *-је*, *-ја* во овој говор се јавуваат ретко. Така во Градобор имаме запишано *крúља* (*ус-крúља литáјте*), *пéрја* (*нă-рúбата пéрјата*); *нúвја* БКВГ, 447, *снóпе* (: *пут-снóпито сă-скрúл*), *їлóже* Мут, *рóбе нă-Тýрцте* Мор, *лóзјата* (во Драгомирци *лузéа*), исто : *зéле*, *їрóбе*, но и *крúла*, *пéра*. Поширока ареална употреба имаат лексемите: *брáте* (*брáтто*), во ДВГ, стр. 33: *брáтја*; *л'ýде* (*л'ујто*) (: *ним слýши шо лáфаш л'ýјто*), *пăрте* (*пăрттo*).

Интересни множински форми среќаваме со наставката *-а*: *чúрува*, *їлидáча*, *лéкува*, *кóпăна*, *зăба* (*кăтни зăба*) Крец, *питéла* Град; особено често се среќава во Драгомирци: *бăјáча*, *кýмува* // *кýмуфци*, *рăкáва*, *рăба* // *рăбува*, *кужýфа*, *кăлчýна*, *двóрува* (*двóруфта*), *тимéл'а*, *брýса* (: *брус* 'камен за острење') но и: *брýсуфте*, спореди уште: *нóїо пăта-ј бúла* АЌ, *рăзбóја*, *дăрмóна*, *кóла*, *мóста*, *їрáда* Мут. Во материјалите од МПр., IX, среќаваме: *три дéна и три нóшта* — со аналогија, во Гуменџа: *нóїо пăта*, *мăжа*. Од соседниот серски говор, с. Савек: *лúста*, *самáра*, *зáтура*.

Прашање е дали овде се работи за аналогија според формите за збирна множина без јотација: *крúла*, *пéра*, *лúста* Мор, односно според истоветните форми за избројана множина, или се добиени според множински форми во кои може да се допушти во наставката редукција *е* > *ă*, потпомогната со аналогија: *рăбă* (: *рăї* — ед.), *бăјáчă* (: *бăјáч* — ед.), *рăкáвă* (: *рăкáф* — ед.), односно под комплексно влијание на споменативе фактори.

Во повеќето испитани пунктови (Мор, Штем, Алек, Грам, Гăр, АЌ и во други) еднинските форми *клас* и *лис* се употребуваат и како множински: *ин-дăдéх лúс нă-бýуптa*; —

бра́ме кла́с — дă-ја́дме, сп. уште примери од материјали: *за-офице́ре ајри́* (одделно) *ле́ӣло, за-аске́рӯт ајри́ ле́ӣло*. Интересна множинска форма на *-ци*, како и во дојранскиот говор, среќаваме во името на детската игра *ка́минци* (од: *ка́мин*) Гăр.

Избројаната множина се образува со наставката *-а* како и во останатите говори. Специфично за овој говор, како и за другите југоисточни говори, е дека именките, независно дали се еднослożни или повеќесложни, употребени со број, ја чуваат формата за избројана множина: *ӣри-чиӣири́јсе дина́ра; са́мо о́сум ме́хца би́ше вујни́к; чиӣи́ри аршѝна ӣла́ӣно*. Во ваквите состави немаме забележано форми на обична множина.

Формите на избројаната множина толку здраво се држат во кукушкиот говор што може да се јават и во состав од две именки кога едната е атрибут на другата: *два мле́чника — друба́рника, два ри́бника — крумида́рника*, меѓутоа ако атрибутот е придавка тогаш таа може да се јави и во форма за обична множина: *два си́ва ӣăла́ба*, покрај *два си́ви ӣăла́ба*.

5.13. **Именки од женски род**. — Во изразувањето на падежните односи кај именките од женски род, како и кај оние од машки, среќаваме чист аналитизам. И кај личните и кај роднинските имиња, како и кај сите одушевени (и неодушевени) се среќава само една форма: *нă-ба́б Сӣо́јна зӧлвата;— нă-ӣа́м би́хме ус-го́д-Ве́рча; — уӣ-цăри́цӣа нăго́лу, фа́ӣи нă-ре́ӣ; — ви́кнă цăри́цӣа сус-си́ӣе ӣумăӣа́чки; — виче́ра ӣно́сум нă-мо́мӣа; — о-фăрли́л на́ј-нă-вра́о нă-ӣшӣо́лӣа; — ӧујге́ла дă-ӣă-ви́де ру́ăӣӣа*.

5.13.1. **Вокатив**. — Како и во другите говори вокатив се образува со наставките *-о, -е* кои го заменуваат крајното *-а*. Треба да истакнеме, како особеност на овој говор, дека наставката *-о* се јавува многу почесто.

Наставката *-е* се среќава во стилски обоени дијалози, кога односот меѓу говорителите е нежен, кога во повикувањето има елементи на деминутивност или галовност: *ни́м мăр-Ма́ре; — Ра́ге дă-го́ӧдиш, чу́-ли*? Инаку таа регуларно се употребува кога се повикува жена според името на мажот: *Вăни́ел'це, Димиӣри́ӧце* (*го́ма-си*?), *Ри́сӣифце* (овие образувања се јавуваат ретко и тоа само во вокативни форми), кај

другите именки на *-ца* во вокатив може да се чуе *-е*, но тоа не е редовно: *Е, ве́ле, цӑри́це, уф-на́шио ка̏вица́ има́ е́дно де́те. . . А, ричел, ку́мо лиси́це, ти́ уддека́ ти́а ри́би?*, инаку: *Мор ма̏ӣ-ри́цо* (исто: *би́вул'цо*) *ниа́дна*. Наставката *-е* може да се чуе и кај именките на *-ка*, но и тоа не е регуларно: *еј пасти́рке* (*ра́но дӑ-сӑ-ва́рниш*); — *Зла́тке дӑ-ӣа̏-до́нсиш ба́ӣ-ти*, но: *ӣувида́рко и на̏-ӣувида́ркӑта*; *чин Ши́л'ко* (*Ши́л'ка* < Василка); *думак'и́нко, до́ма си?*

Имињата на *-ја* во вокатив се јавуваат и со едната и со другата наставка: *стри́н Мари́о* и *стри́н Мари́е*. Именката *мо́ма* се јавува само со наставката *-е* (барем во нашите материјали): *Как, ве́ле, мо́ме, ти о-са́киш то́о цӑрско̄ син? — Е мо́ри мо́ме, ти к'и-ӣле́диш у́мрин чишири́јсе дена*; а *сва́ка* со двете наставки: *свак'е* и *свак'о*. Д. Мирчев (448): *Мари́е* (: Марија), *Бо́е* (: Боја), *ӣупади́е* (: попадија).

Како што рековме наставката *-о* се јавува многу почесто: *фа̏рли, ве́ле, се́стро, че́шило. — А дӑ-бе́ӣме се́стричко. — Де́ка-ј мӑр ма́мо та́а ӣу́шка? — Мо́р шо́ дӑ-ӣра́вме, ве́ле, ба́бо, зӑ-ле́ӣ! — Еј-ӣи-ди же́но, а́ма то́о шо ни-сӑ-навиа́. — А мо́ри же́но, ричел, збе́р-си ака̏ло* Грам; *— Бра́вос брӑ-же́но, ем си-ӣу-тури́ла дӑ-сӑ-ва́ре. — И̏ӣри мо́мичко, и́ӣри са́ма. — Е, мо́ри девојко, он ка к'и-ста́не, к'и-т-наӣра́де. — Ста́ни Пе́тро* (ном. Петра), *ста́ни шче́рко. — Мо́ри бӑсна́рко*; *о́фцо* (*би́шко, ку́чко, кукошко*) *ниа́дна*; *е́ла сна̏хо* Град.

За разлика од машкиот род, кај именките од женски род вокативната форма релативно добро се чува. Сепак и кај нив, иако ретко, се јавува номинатив наместо вокатив: *Ана̏шта́шица дек си?*; *ма́чка ни́дна*! Грам.

Како особеност на овие говори треба да се истакне дека во состави од две именки, па дури и кога се како сложенка, вокативната наставка се додава кон двете компоненти: *До́бӑр ден ку́мо-ли́со. — А ричел, ку́мо-лиси́це. . .* Ним. (в. Б.К., Граматика, 257: *кума-лисо*).

Ова се пренело и во состави од атрибут (придавка) — именка: *мо́ри у́бувo мо́ме, мо́ри вре́дно ӣумаӣа́чко.*

5.13.2. Формите за множина кај именките од женски род редовно ги среќаваме со наставката *-и*: *ла́тки* (: *ла́тка* 'глинен сад со две рачки'), *сли́ни* (: *сли́на* 'слезина'), *тӑрбуши́ни* (: *тӑрбуши́на* 'шкембе'), *ри́зи* (: *ри́за* 'крпа за брише-

ње'), *дула́ми* (: *дула́ма* 'кошула') Крец. Така е и во соседните говори, според објавените студии (ВГ, 45), (ГГ, 81), (ДВГ, 133), (БКВГ, 460).

Освен во примерите што ги третираме како остатоци од старата двоина: *ра̑це*, *но́зе* (*ра̑ц-т̄о*, *но́јс-т̄о*), покрај *ра̑ци*, *но́зи*, наставката *-е* за множина кај други именки од женски род иако многу ретко, се среќава во селата на североисток од Кукуш: *о́фце*, *ко́зе* Штем. Д. Мирчев (447) наведува: *ливá̑де* (: ливада). Не е исклучено овде овие примери да се внесени од соседниот серски говор, во кој се забележани именки од женски род со односнава наставка: *ра́не*, *мо́ме*, *т̄ла́нине* (БПГ, 145); од неврокопскиот говор Мирчев ги наведува примерите: *зв'а̑зд'е́т̄о*, *сф'а̑ш'т̄'е́т̄'о*, *т̄ор'е́т̄о* (НГ, 70) и ги објаснува со влијанието од формите за збирна множина.

Ваквите форми на *-е* ние ги забележивме и во с. Конско (Гевгелиско), а Д. Иванов во ГГ, 81, од с. Петрово (пак Гевгелиско) го наведува примерот *т̄оїа́че* (— *Ти т̄оїа́че не ја́деш, на-т̄оїа́че мири́саш*).

5.14. **Именки од среден род.** — Во образувањето на множинските форми на именките од среден род кукушкиот говор (и дојранскиот) покажува особености со кои се поврзува со солунскиот дијалект, а се одделува од другите соседни говори: воденскиот и гевгелискиот. Така во материјалите од нашиот говор многу фреквентно се јавува старата множинска наставка *-ѧта*, од консонантските основи на *-t-* и *-n-*, а не е регистрирана во работите за гевгелискиот говор од Д. Иванов и Л. Милетич, во студијата за воденскиот говор од В. Думев, па дури не се спомнува ни во онаа од Г. П. Христов за кукушко-дојранскиот говор. Како што спомнавме, односнава наставка се среќава во говорите во Солунско, таму среќаваме: *ја̑ї̄н'ант̄а*, *т̄и́л'ант̄а*, *т̄'е́лчант̄а*[88].

Спомнатава наставка е изместена и од говорите во Струмичко, Радовишко, Штипско, Кратовско[89] и Кумановско[90]. Значи, општо речено, така стои работата на целото говорно подрачје со парадигматичен акцент. Во малешевските говори

[88] З. Голомб, цит. раб., MJ, XIII—XIV, кн. 1—2, стр. 186.

[89] Б. Видоески, MJ, г. III, бр. 6, стр. 138.

[90] Б. Видоески, Кумановскиот говор, стр. 142—143.

обични се множинските форми: *ждребе́та*, *теле́та*[91], но тие говори спаѓаат во друга дијалектна зона. За ова немал податоци З. Голомб па зборувајќи за иновациското проширување на односнава наставка запишал дека „-ѧта е до толку интересна во говорите на С—В, што во другите македонски говори не се јавува (Mazon, Vaillant, op. cit., стр. 96)".

Во кукушкиот говор исто така забележуваме иновациско проширување на употребата на суфиксот *-е̑та*. Се јавува не само кај првобитните именки од среден род со суфиксот **еп*, туку и со други именки од односниов род, па и со туѓи зборови: *куте́лчита* (: котелче), *ко́лчита* (: колче), *пите́лчета* (: петел) Крец, *бра́тчета*, *иле́нчета* (: елен) Мор, *пра̑хчета*, *кра́пчета*, *но́хчета*, *џа̑нџа̑ра́чета* Гър, особено често се јавува во селата кон Солунско: *ви́рчита*, *мана̑сти́рчета*, *цра̑фчита*, *кла́хчита* Алиоџалар, *уре́хчита*, *ја̑ла̑пчита*, *па̑ржа̑ло́чита* (: полжав), *пл'у́скуфчета* (*пл'у́скуфче* зн. цвеќе), *сто́лчета*, *мозо́лчета*, *ко́пчита*, *ра̑ѕо́вчета*, *пре́плетчета* (*пре́плет* зн. дел од пасмото), *со́рчета* АК, *славе́јчита*, *пру́пчета*, *ко́јнчета*, *зѕло́пчита* Град. Во Мутулово иако забележивме повеќе примери со односнава наставка: *ро́кчета*, *ко́ра̑нчета*, три *пло́тчета*, сепак лексемата *име* не се приклучила кон нив, сп.: *и́мат но́ѕо име́на*, во Савек: *и́мета*.

Примери од соседниот струмски говор: *конди́рчета* (: *конди́рче* 'бардаче'), *те́нцерче́та*, *сто́лчета*, *ја́ра̑нце́та* Сав.

5.14.1. Уште една особеност на множинските форми кај именките од среден род, што веќе ја споменавме, заслужува да биде посебно истакната. Паралелно со наставката *-ина* за образување на множина кај именките на *-е* од среден род, односно со корелација на истата и на деминутивната наставка *-ка* се апстрахирал нов суфикс *-инка* за образување множина кај односниве именки со нијанса на деминутивност, односно галовност.

Овој новообразуван суфикс покажува особена експанзивност, се јавува во повеќе испитани пунктови: *ма̑чи́нка* (: *ма́че*), *пили́нка* и *пи́лчки* (: *пи́ле*), *пули́нка* (: *по́линце*) Крец, *ѕрѕинчи́нка* (: *ѕрѕе́нче*) и *ѕрѕе́нчита*, *биши́нка* Град, *ѕа̑хчи́нка* (: *ѕа̑хче*)

---

[91] М. Кушевски, Делчевски градски говор, МЈ, г. IX, кн. 1—2, стр. 84.

Драг, *симиџчи́нка*, *џрăси́нка*, *џиџли́нка* АЌ. Во струмскиот говор истиов суфикс е добиен по друга основа, од аугментативната наставка *-ина* + деминутивната *-ка*, бидејќи служи за образување на форми од еднина, но пак надвладала деминутивноста: *нивјáсџ'инка*, *брад'и́нка*, *жени́нка*, *уд'и́нка* (= водичка), *офчи́нка* Сав. Ј. Иванов (БПГ, 149) зборувајќи за деминутивите во серско-драмските говори ја споменува само наставката *-инка*, истакнува дека е многу типична и дека се јавува со именки и од машки и од женски и од среден рэд: *носи́нка* (: нос), *бáринка* (: бара), *жени́нка*, *џлави́нка*, *џарчи́нка*.

5.14.2. Како што рековме, наставката *-ина* се јавува паралелно со *-инка*, само што таа е стилски неутрална: *џинџири́на* (: тенџере), *лицúна*, *рăми́на* Ним, *лиши́на* (: *лише* 'лишај') Штем, во Мутулово: *ли́ши*; *сирăчи́на*, *скрипчи́на* Гола, во јужните села наставката гласи *-ин'а*: *кипчи́н'а* (: *ке́џче* 'лонче'), *кучи́н'а*, *џули́н'а*, *џилчи́н'а* Град.

Независно што именките од среден род на *-о*, множина, обично, прават со наставката *-а*: *џăрло — џăрла*, *се́ло — се́ла*, кај неколку именки се обопштила наставката *-ина*, што е уште една потврда за нејзината експанзивност: *џăркăли́на* (: мн. од *џăркáло*), *видри́на* (: ведро), *сниделúна* (: седело), *џăрли́на* (но и: *џăрлишџа*: *џăрлиш:џа* не знáјш дéка биа?) Мут.

Прегледов на образувањата на множинските форми кај именките од среден род ќе го завршиме со укажување на наставката *-ишџа*. Таа наставка повеќе е карактеристична за дојранскиот (ДГ, 70), отколку за кукушкиот говор и се јавува во северните села, гранични со дојранскиот говор: *џýмнишџа*, *јáџнишџа*, *џăрлишџа* Мор; *нóџо óришџа úмше адно врéме*, *сéдлишџа* (: седло) Мут.

Именката *óкце* во множина се среќава како *óчки*, скратено од *óчички* (покрај: *óкца*), исто: *рăкички // рăчки* (:*рăкичка*), *нóјчки // нóџички* (: *нóџичка*).

5.15. **Остатоци од падежните форми**. — Во овој, како и во другите југоисточни говори, аналитизмот прилично се експонирал. Забележливо присуство на остатоци од синтетичките форми се јавува само во прилошки зборови: *уфкăшџи ej-усџáвин*; *цéла џуди́на уф-џусџéли би́ше* АЌ (зн.

тешко болна); *нă-бéĭо рăбóшше нă-ĭулвúни* Иџеларе; *уф-зéми, уд-зéми, нă-зéми*; *уд-sâge că -бутнá* Крец; *ел ĭó нă-ĭóрце, că-слимнá уд-ĭóрце, дóлце к'и-ш-чéкум*; *уд-напрéди к'и-с-јáвише, сéĭа кој-знáа дéк că-стуĭúй* Гăр, *нáј-нăпрéди ĭу-шурúа — алис куџáбăшúл* Рош; *ни зúме, ни лéше ĭă-бúве*; *нă-пăше нă-дéне к'и-дójше* Мут; *две апчúча нă-дéне* Мор; *снóше рáнко că-вăрнá, прéди сúше* Грам; *у-зóри* Ал; *ĭу-вичéри чукнáа нă-џáмо* Крец; *ĭу-вичéре к'и-că-зáпниш уд-зájслáнце* Ниманци; *că-шă-шăрдисáх нé знáм нă-јáве бúше, или нă-сóне*; *нă-ĭулвúни ĭă-рăздилúја* Шек; сп. уште: *стój прóстум цéл дéн* Град, *скрúшум că-ĭлéдаш* АЌ; кај заменки: *чýму ти је тéби* (од песна) Град.

Во Савек ја забележивме интересната форма *о-дýше* 'задуша': *о-дýше му-дáваш*.

Уште во некои клиширани изрази: *брат брáта нé рáне*; *уд-дéди — прăдéди*; *дур ду-бóĭа*.

5.16. **Плуралија тантум**. — Специфичност за кукушкиот говор е дека формите за плуралија тантум не се многу омилени. Така познатите лексеми: *ноќви, јасли, ножици* што во повеќе говори се јавуваат само во множина овде ги среќаваме во еднина, особено првиот збор. Нашите материјали укажуваат дека на целото подрачје егзистира: *нóшва* Грам, Крец, Жен, Гăр, со фонетските разновидности *нóшува* Алек, *нóшфа* Драг, *нăшкувá* Сав, спореди во израз: *ус-сúструшто* (вид ноже) *дă-ĭă-истрýĭши нóшвата*; покрај *јáсла* Алек, Драг, среќаваме и *јáсли* Град, Крец, место 'ножици' запишавме *нужúца* во Гăр.

5.17. **Промена на родот**. — Во долновардарските говори категоријата на родот е прилично расколебана. Во тоа се сложуваат сите автори кои пишувале за нив. Треба да се истакне дека промените ги засегнале не само именките од женски род на согласка, уште и тоа дека тие промени сè уште се во процес, дека се јавува едно колебање и неустановеност. Така во ДВГ, стр. 133, се нагласува дека *ден* се јавува не само како именка од м.р. (*на денут*), но и како именка од ж.р.: *шаа ден*, но и: *шоа ден, денша*. Д. Иванов (ГГ, 82) истакнува дека и зборот *крај* ги има и двата рода: *адин крај*, но и *крáјша, ваа* (*шаа*) *крај*. Ваквата ситуација убаво ја дефинирал Д. Мирчев (БКВГ, 457) кога напишал: „Во кукушкиот говор

одделни зборови, но не на секое место, и не секогаш, го менуваат родот: *ва́а дин, ва́а ды́н*, во песни среќаваме *ко́јната* м. *ко́јнут, нă-мо́ата ĭắрба, нă-мо́јата живо́т*“.

Кон овие би можеле да се набројат и повеќе примери од нашите материјали: *до́бро-ве́чер*, покрај: *це́ла ве́чер, е́дна ве́чер, ве́черта*; *то́о ĭе́сук*, покрај *жа́лта ĭе́сук, сă-истури́ ĭе́сукта* (и: *писо́кта*), *цăрве́н кра́ф*, покрај: *кра́фта мо-ј-ло́ша* Иц, *висо́к вра́х*, но: *нă-вра́хта* (*сă ка́чи́ме*), *то жар, жа́ро*, но и *жа́рта* Мут. Во истиот пункт од женски род се уште: *крај* (*кра́јта к'и-ĭудо́рме*), *ĭној* (*зăĭе́ча́на ĭно́ј, та́а ĭно́ј*), *мутуви́лка* (: мотовило), *ĭри́шка* (: пришт), *ĭек* (: *нă-Питро́вдин, уф-та́а ĭе́к*), *че́сна* (: чесен лук), од среден род: *ли́сто* (лис: *адно́ ли́сто скина́х*), *тắрбо* (: 'шајак завиткан во труба', можеби за да се избегне омонимијата со *тắрба* (: труба), *ру́до* (: руда), *ĭли́сто* (*адно́*) — глиста кај човек, *ку́ко* (: *ку́куто ку́ка* 'кукавица'), *бу́хо* (: був), *ĭра́но* (: *ĭу-ĭрăса́че́ ĭра́но* = гранката), *ли́ше* (: лиша). Во Амбар Ќој во среден род освен споменатите *ли́сто, тра́мбо* (остаток од назализам?) ги забележавме и: *нăбăрди́ло* (: набрдила), *ве́чăрто* покрај *ве́черта, сли́ко* (: слика), *амбула́нто* (м. амбуланта), *ка́рто* (*а́дно ка́рто*) — м. карта.

Во Град во женски род освен споменатите: *мутуви́лка* (: мотовило), *дру́ĭăта ден, крај — кра́јта*, среќаваме уште и *сăба́лина — сăба́линта, ĭротока́лита* 'портокал', *цаде́* (*цаде́то-ј нă-ĭа́лнина*), во машки род: *иди́н-два́ ве́чăра*. Од Крцово кон веќе истакнатите примери ќе ги споменеме уште следниве: *ĭли́ĭа* (: плик), *у́ĭăра* (: угар), *утрува́чка* (: отров), *же́ĭла* (: жегол), *кува́лна* (: наковално), *ра́чка* (: рачец).

Како и во соседните говори: гевгелиски (ГГ, 82) и солунски (A. Mazon, A. Vaillant, L'ενang. de Kul., 102), генитивно-акузативната форма *ро́да* (од 'род') се сфаќа како именка од ж.р. и се употребува место *род, роднина: ем сă-ро́да, ем сă-те́ĭат*.

5.18. **Членот**. — На кукушкиот говор, како и на другите долновардарски говори, не му се познати членски морфеми добиени од старите показни заменки онъ, овъ, сь, туку само оние од тъ, та, то. Д. Мирчев (БКВГ, 457) дури и описното изразување на прилогот 'денес-ка' со: *ва́а дин* и *ва́а ды́н* во овој говор го поврзува со отсуството на форми од зам. сь.

Овде определениот постпозитивен член во м.р. ед. има две форми: полна *-ут* и скратена *-о* (*-у*). Со ова кукушкиот говор се приближува кон соседниот појужен говор — солунскиот (ДМГ, XIII — XIV, 182), а се одделува од другите соседни говори: гевгелискиот (ГГ, 80), во кој среќаваме: *свéкурут*, *нишáнут*, *вáлкут* и воденскиот во кој според В. Думев членот гласи *-ут* и *-(ј)ут*, од *-ът*, *-(и)ът* преку *-от*, *-(ј)от*: *стóлут*, *крáјут*.

Од нашите материјали, не само лексички, туку и микротопонимиски, може да се заклучи дека полната членска морфема *-ут* се јавува повеќе во јужните и западните села, а неполната *-о* во селата што граничат со дојранскиот говор во кој исто така имаме *-о* м. *-от*: *курáбо*, *чувéко* (ДГ, 71), односно со струмскиот во кој се јавува во неполна форма, но има различни модели.

Д. Мирчев, кој не прави разлика во смисла на комплексно разграничување на кукушкиот и воденскиот говор, а уште помалку укажува на разновидностите внатре во одделни говори, не ја забележал разликата меѓу едниот и другиот говор, што ја споменавме погоре. Според него неполниот член се јавува само во случаите кога елементот *-о* од членот е акцентиран: *мăжó-ù*, но *мăжут*, инаку скоро редовно се задржала согласката *-т* (БКВГ, 457).

Примери од Ниманци: *урéо*, *стрáхо*; од Гола: *ĭýштăро*, *зáјцо*, *óĭино*, *мăжó-ј*; од Мутулово: *Чучуру́ко* 'селско маало', *Тумýро* 'рид', *Сăрпо* 'река', *Ајвăлăко* 'река со вирови', „ас сум сă-банáл там" (топоними); од Крецово: *изúкут*, *тăнчáрут*, *врăут*, *пóпкут*, но и *пóпко*, *тувáро* (*врăз-*; *мéн*), топоними: *Крăсто* (голем камен), *Рăзлúвăко* (ливади) топоними од Патарос: *Крúзио Дăп*, *Бéлио Кáмăн*, *Длăпио Рит*, *Купáчо*, *Герéно*; од Градобор: *пăтут*, *кóјнут*, топ.: *Пăл'ăóрут*, *Рúдут*, *Цăрн'ут Кáмин*, *Бăкрáчут* 'извор'; од Драгомирци: *убрáзут*, *дудáкут*, *зăбут*, *курéмут*, *уфчáрут*, но: *вéтеру* гу-уднисé *сéнту*; од Амбар Ќој: *чăтăмут* 'раскрсница', топ.: *Пăрнáрут* 'рид'; Беглерија: *óĭинут*, *уĭлáмникут*, топ.: *Крăј-Ќóл'ут*; од Иџеларе: *пăрдинúкут*, уф *читвăртукут*, топ.: *Азмáкут*, *Кунáкут*; од Гавал'анци: *нă-изúкут*, *стрáут*, *питéлут*; од Маловци: *бéĭут*, *пăтут*, *пăрстут*.

Именките од женски род ги среќаваме со членската морфема *-та*: *сто́мната*, *же́нта*, *ӑрни́нта*; исто и кај именките од м.р. на *-а*: *вӑлди́кӑта*, *а́ја̨та*, *чурбаџи́нта*.

5.18.1. Во членуваните множински форми особено кај именките од м.р. забележуваме специфичности кои имаат пошироки ареали, се протегаат на повеќе југоисточни говори, а се во непосредна врска со различните наставки за образување множина. Според З. Голомб (ДМГ, 182) раширената употреба на членската морфема *-то* во множинските форми кај именките од м.р. несомнено е поврзана со третирањето на плуралис како колективум. „За тоа придонесле структурално-јазични мотиви, имено употребата на колективните форми во функција на плуралис“, благодарение на што станал можен процесот на аналогна деривација што оди по линија на соодветна пропорција. Најверојатно овој процес во почетокот ги зафатил само именките од м.р. со плурал на етимолошко *-е*, а потоа по пат на аналогија ги опфатил и другите именки. Слично толкување дава и Д. Иванов (ГГ, 80), тој објаснува: како што од збирните именки *пӑрте*, *л'у́ѓе* имаме *пӑрт-то* (пăртето), *л'у́ј-то* (л'удето), така и од *све́куре*, *алтӑјне*, *дво́рӑве* имаме *све́кур-то*, *алтӑј-то*, *дво́рӑв-то*.

Членската морфема *-то* се обопштила и кај множинските форми на *-ове*: *сто́лув-то* (по елизија на *-е* од *сто́луве-то*), *сва́тув-то*, *ја̨зув-то*, *вуло́в-то*. Во Гуменџа по истите се повела и именката *оџа*: *о́џӑве*, се реализира *о́џӑвă*, чл. *о́џӑв-то*.

Со членот *-то* се јавуваат уште и двоинските форми *рӑц-то*, *но́јс-то*, натаму неколку именки од ж.р. што во множина завршуваат на *-е*: *о́вце-то*, *ко́зе-то*, *бра́зде-то* Гум, но: *о́чи-те*, *у́ши-те*. Во АЌ членот *-то* толку се наложил што се јавува и во ваквите случаи: *мӑ-бо́л'ат о́чито*.

Нормално, именките од среден род се членуваат со споменатава морфема *-то*: *се́л-то* (< село-то), *де́т-то*, *по́л'-то* (< поле-то). Кон нив се приклучуваат и некои именки од м.р. на *-о* кои без да го промент родот се членуваат како да се од среден: *чи́к-то* (: чико), *де́у-то* (: дедо). Во Гуменџа односниве именки дури и се сложуваат со атрибути од среден род: *мо́јто та́тко* (*де́до*).

Од различната употреба на членот *-то* (со сите именки што завршуваат на *-о*, *-е*, независно од родот и бројот): *де́т-то* како *бра́т(е)-то*, како *овча́р(е)-то*, како *ра̑ц-то*, како *бра́зде-то*, како *Го́ци-то*, како *Ма́ре-то*, натаму од употребата на членот *-та* со сите именки што во сингулар завршуваат на *-а*, независно од родовата припадност (*же́н-та* како *а́ї̆а-та*), З. Голомб (MJ, XIII-XIV, 182) изведува заклучок дека членските морфеми во овие говори не се вистински членови бидејќи не го покажуваат родот на именката: тие се само „артикли", т.е. морфеми со чисто граматичка функција што служат за изразување на категоријата на определеноста.

Одделно ќе го разгледаме членувањето на оние именки од машки род кои во множина завршуваат на *-и*: *сука́ци*, *ва̑лци*. Тие, како и именките од ж.р. на *-и* се членуваат со морфемата *-те*: *ва̑лц-те*, *ма̑рло́ц-те*, *мисиро́ц-те* како *же́н-те*. Со истиот член ги среќаваме и роднинските имиња на *-овци*: *вуйка̑вци-те*, *та́шка̑вци-те*, според нив и *си́на̑вци-те*.

Во врска со проширената функција што ја има суфиксот *-иште*, во овој говор почесто отколку во други, во множина се среќава членот *-та*: *та̑рлиш*: *-та* (< та̑рлиштата), *ї̆у́мниш*: *-та*, *о́риш*: *-та*, уште пофреквентно се јавува во членуваните множински форми кај именките на *-инка*: *ма̑ї̆ри́нка̑-та*, *кучи́нка̑-та*, *ма̑чи́нка̑-та* и сл.

Прегледот на членувањето на именките ќе го завршиме со уште една специфичност на овие говори. Имено, личните имиња што завршуваат на *-е*, *-че*, *-ка*, *-ко*, а поретко и некои географски имиња се јавуваат членувани (в. 5.2.2.): *То́ми-то*, *Го́ци-то*, *До́јнчи-то*, *Бра́нку-то*, *Ми́шка-та*, *Вине́рка-та*, во синтагма: *Глу́пув-ут Ива́нчо* АЌ. Исто така се членуваат и прекарите: *Ја̑јча́р-о Пе̑три-то*, *Изї̆о́ра̑н-јо Ца̑н-то*. Од географските имиња со член, повеќе пати и од различни информатори, го забележивме само името *Цума́а-та*, често со доза на пејоративност.

ПРИДАВКИ

6.1. **Образување на придавките.** — Во врска со образувањето на придавките во овој говор забележуваме неколку специфичности. Прво ќе го споменеме мешањето на суфиксите што се јавува кога тие не се акцентирани. Некогаш тоа е резул-

тат на редукцијата, пр. суфиксот *-ен* се измешал со *-ин*, а кон нив се приклучил и суфиксот *-ан*, другпат тоа е врз база на аналошко израмнување, пр. проширената употреба на суфиксот *-ов*. За одбележување е честата употреба на турски зборови со наставката *-лиа* во служба на придавки. Исто така паѓа в очи честата деминутивизација на заменските придавки со показна нијанса, натаму зачувувањето на извесни архаични образувања и сл.

6.2. **Качествени придавки.** — Во образувањето на качествените придавки суфиксот *-(л')ав* се јавува релативно често: *буцкил'а̀ф ӣел'* (: боцка), *дамкил'а̀ф* 'шарен во лицето', *ӣумнил'а̀ф* 'извалкан', *ӣӑрӣил'а̀ф*, *вошкил'а̀ф*. Овој суфикс проширен во *-икав*, односно *-никав* на придавката ѝ дава значење на умалителност (Б.К., Граматика, 316) на особеноста на која се однесува: *жӑлӣиника́ф* (не е: жӑлтикав), *зил'ника́ф* и сл.

Во случаите кога на последниот слог не паѓа акцентот, суфиксот *-ав* се помешал со *-ов*, што обично се јавува кај односните придавки и со редукција се добил *-уф*: *шу́ӣуф* (: шуга), *се́дуф* // *се́дӑф* (зн. обелен); и: *фӣирни́чуф* 'оној што сака само по негово да биде', со слично значење: *ӣри́чуф*; *ӣи́ӣуф* // *ӣи́ӣӑф* Гăр.

Сличен е резултатот и во прошрениот суфикс *-никуф* (// *-никӑв*) : *билизни́куф* 'не сосема бел', *цӑрвини́куф*; и: *ӣрӑ-фӑӣни́чӑф* 'оној што лесно се лути'.

Вакво мешање на споменативе суфикси наведува и Романски од Долновардарско, но посочува и обратни примери: *ӣӑрбуф*, но: *ӣо́ӣава бра́да*, *дре́ӣава ґу́ӣка*, *о́рлавӣа си́ла* (ДВГ, 134). Во последниве примери мислам дека не се работи за наложување на суфиксот *-ав*, туку најверојатно имаме наслон на редуцираните наставки *-ӑв* (< -ов), *-ӑве* (< -ове): *не́ӣӑф*, *не́ӣӑва*, *сӣо́лӑве* Драг (в. 2.5.131.), а веќе рековме дека неакцентираното *а* и *ӑ* треба да се третираат како една фонема (ДМГ, 218).

Суфиксот *-лив*, како и во др. говори (Граматика, 317), претставува една од најпродуктивните наставки за образување на придавки од именки (и глаголи): *биӣурли́ф* (*ка́мин*), *чӑӣӑр-ли́ф* 'со чатали', *зимурли́ф* (: *сѐ мо-ј-сӣуде́но*), *сӣрӑмижли́ф*, *ӣисукли́ва* (*ни́ва*), *цӑрли́ф*, *ӣунусли́ф* (: *ӣо́о шо не́ сӑ-ка́ре ус-л'у́ӣо*) Гăр.

Образувањата на *-ив*, познати од западните говори, овде не се среќаваат, сп. *милусли́ф* (не: 'милостив'), *жа̀лусли́ф*.

Наспомнавме дека суфиксот *-ен* со редукција поминал во *-ин*: *а́рин*, *дăлīувéчин* (: *о́ни си́те сă-дăлīувéчни*), *бабунéсин* (: *īуддýјн уш-īи́јне*), *далéчин* (руднѝна), *дрóбин бусúл'ук*. Кон нив се приклучиле и оние со суфикс *-ан* изведени од глаголи од *а*-група: *закóвин*, *испýкин*.

Придавките на *-ес* се јавуваат релативно ретко, обично се изведени од именка: *дудăклéс* 'оној што има големи усни' (*дудáк* 'усна'), *ши́лес* (: *ши́лка* 'нешто со врв'), *кукалéсти нóзи* (: *кóкăл* 'коска'), *шăркăвалéсто* 'нешто округло', *зàблис* 'со големи заби', *бурсуклéс*: 1. 'оној што лесно се лути', 2. 'човек со големи усни'.

Меѓу специфичностите на овие говори би можело да се спомене релативно честата употреба на суфиксот *-аш*, што се јавува кај придавки изведени од именки и придавки со значење на изразита застапеност на особеноста: *устáш* 'зборлив' (: *адна устáша*, *нé-ш-устáве дă-прăīувóриш*), *калишáш* 'црномурен', *кусмáш* (: *кусмáш чувéк*), *кушчáш* (: со широки коски), *īлишкáш* (: со широки плеќи), *лупушáш* 'оној што има широко лице'.

Примери со суфиксот *-иш* (*-овиш*) нема многу: *ликувúш* (*úзвур*), *жàлувúш* 'жалослив' (: *нóīо ме-ј жàлувúшо дéшшо*), со исто значење: *īриувúш*, *вăрувúша* (*вóда*), *īлăсувúша* (*-ј ноīо*, *сă-слýше нăдăлéко*), *имувúш* Драг.

Суфиксот *-чок*, редуциран во *-чук*, се среќава во придавката *мăлéчук*, која се јавува паралелно со *мáлăк* наместо 'мал', инаку многу пошироко е формата за среден род на *-чко*: *висóчко* (дете), *ширóчко* (место), *дăлбóчко*, *īлúшкичко*, *далéчко*, употребени со нијанса на умалителност.

Ретко се јавува и може да добие третман на архаизам суфиксот *-ашш*, од партиципите на *-шш*, го забележивме само во примерот: *лежáшша* (вода) во Мутулово и Драгомирци. Веројатно би можело да се најде уште некој пример, но сигурно е дека нивниот број е ограничен. Аналогни се образувањата: *īлетúкне иīле*, *стојáкња вójска* (Кумановски говор, 154); сп. уште: *īорéшто* (придавка и прилог).

Суфиксот *-лиа* како што рековме, има широка употреба кај турски зборови со придавско значење: *шикирлúа* 'розова боја', *лимóнтăбитлúа* 'со непостојан карактер', *īăјлилúа*, *акăллúа*, *бил'алúа*, а во ограничен број примери се јавува и

кај изведенки од словенска основа: *фатли́а* 'оној што брзо работи', *жа̏бунли́а* 'зеленкаст' (: жабурнак).

Прегледов на качествените придавки ќе го завршиме со суфиксот *-уш*, што има многу ограничена употреба, сп. *црвену́ш* (*чувёк*) 'црвеникав во лицето', *меку́ш*: 1. човек со мек карактер, 2. орев со мека лушпа, *зилину́ш* 'зеленикав'.

6.3. **Образување на односни придавки**. — Суфиксот *-ов*, за образување на посвојни придавки, ја раширил својата употреба и се јавува наместо суфиксот *-ев* кај некогашните меки основи. Го среќаваме кај придавки изведени најчесто од лични и роднински имиња: *Кел'та́шув На́со, Ра̏нкув Љ̏а́мо, Аљо́кув Са́нде, Ка̏па̏на̏кув Димитри́а, вујкуво, чи́куво, бра̏тув, тше́јкув, ма̏чко́в снек* 'првиот снег', *о́рлув нос*. Сп. — месни имиња: *Ке́ча̏вут Ри́т, На́ча̏вут Па̏т, Ка̏н'а̏ва Ва̏рба, Л'а́л'увите Ба́шчи* Град, *А́ја̏ва Че́шма, Пе́тка̏ва Че́шма, Ка̏за́на̏во* Крец.

Кај женските лични и роднински имиња припадноста пообично се искажува аналитички со предлогот *на*, отколку со присвојни придавки. Сепак неретко, се среќаваат придавски образувања на *-ин*: *Бо́жин Цо́ко* (: Божа), *Ма̏ри́ин Куста́ке* (: Марија), *Цве́тлин Тра́јчо* (: *Цве́тла* < Светла), *Та́шкин Вашил'* (: Ташка), уште: *ба́бино* (: *ну́че*), *се́стрин, до́дин* (: *до́да* 'постара сестра'), *зо́лвин, ита̏рвин*.

Посесивниот суфикс *-ји* се јавува многу ретко и без *-ј-*: *на̏-бо́жи ѓрот, бо́жи син* Мор, во Драг: *бо́жит син*. Како што рековме меките основи се приклучиле кон тврдите и во среден род образувањата на *-ји*, иако ретки, завршуваат на *-о*: *о́фчко* (месо); сп. уште: *тиле́шко, тиле́шко, чу́здо*.

Во повеќе случаи суфиксот *-ји* е изместен од *-ин*, односно проширен: *-ински*, сп. *ре́кинцка* (*риба*) Грам, *куко́шкино, ѓа̏скино* (*месо*), *ко́зино* (*млеко*) Град, во Гола: *ко́зинцко*; во Ал: *кра́винцко* (*мле́ко*),во Драг: *кузе́шко*, но во Грам: *кра́фцко*, во Гър: *кра́фчко*.

Во образувањето на другите односни придавки најчесто се јавуваат суфиксите *-ов, -ен, -цки* (< -ски): *ка̏рта̏чи́нуви ду́тки, уро́ва буја́, за̏турни́чуво вре́ме, но́кно ти́ле* АК, *учуме́нуф лет, ца̏рвуја́дну да̏рву, уфче́ра̏шно де́те* Гав, *чиришо́во да̏рву, ко́јнцка ко́ла, ва̏куфцки двор, маѓаре́шка во́са, ѓа̏ла̏цко изи́к* (*зна̏ја́л*), *житва́рцки ме́сиц* Град; сп. уште од истиот пункт топонимот: *Же́л'кинте Би́л'ки, о́ра̏лцко ја̏јце, змијнцки лук* 'вид

трева', *тӑрна́рцка ко́са, думӑки́нцки маабе́т, кусу́рна ча́ша* (*-j тӑа́*), *изи́ку́т кукуше́нцки* Иц. Сп. уште месни имиња: *Ру́сӑлицки Гро́бишта* АЌ, *Крундӣ́рцкаша Кури́ја, Самуви́лцкио Ка́јнӑк* Пат.

Обични се образувањата на *-ин* (< *ен*): *кӑ́тин зӑ́т, ӣо́рин, го́лин, сӑ́дин*, но: *бӑ́дни ве́чӑр.*

6.4. **Формите на придавките.** — Во овој говор кај придавките, како и кај именките нема никакви остатоци од флексијата, т.е. општата форма се изедначила со номинативната: *ге́тто ӣӑ-гаге́ зла́тнӑта че́шка; — си купи́л у́буф цӑрве́н којн.*

Натаму, определената форма на *-и* скоро наполно исчезнала од говорот. Остатоци се јавуваат или во месните имиња или во некои определби од религиозната терминологија, сп. *Свити То́гӑр* — манастир во Крецово, од истиот пункт се и: *вили́ки ӣе́тук, бӑ́дни ве́чӑр*; во Мутулово: *вили́ки ӣос, бужи́к'и ӣос*; сп. уште: *чу́зди шеј* Гӑр.

Освен формата *вили́ки* (*ӣе́тук*) запишавме и *ве́ли*: *ве́ли ӣе́тук, ве́ли-читва́ртук* Кал, АЌ, но дистрибуцијата на споменативе образувања не овозможува да се набележат ареали.

Определената форма нешто поширока употреба има во пунктот Градобор, таму освен споменативе примери ги забележивме и случаите: *ӣа́рви бӑртуче́т* и *ста́ри сват.*

Множинските форми за сите три рода, кај придавките, се јавуваат со наставката *-и*: *тӣу́кашни чувёци, ӣуле́ми зӑ́рна, у́буви мо́ми.*

6.5. **Членување и степенување на придавките.** — Кај придавките како и кај именките тројниот член е редуциран само на една форма, добиена од старата показна заменка тъ. Во говорот на Полето се јавува полната членска морфема *-(и)от* која со редукција дала *-(и)ут* односно *-(j)ут*, а во случаите кога мекоста се слева со претходниот консонант, членот се скратува во *-ут*: *булника́вјут, дамкил'а́вјут, висо́ку́т, ни́ску́т* АЌ, *ло́шјут, ӣна́сн'ут*, топ. *Широку́т Буна́р* Иц, од Градобор: *Пра́вијут Пӑ́т, Во́днијут Азма́к, Гуле́мијут Дол.*

На запад, во Драгомирци фонетските промени течеле поинаку, таму членската форма *-(и)ут* се скратила во *-ит*:

бе́лиш кojн, цӑрниш кусшу́н, Ма́риниш мӑш, во Беглерија покрај: *у́бавиш* (*ле́к*) запишавме *цӑрн'уш*.

Од непосредната околина на Кукуш се примерите: *бла́г'уш, ки́сл'уш*, но *шшӑрбйо* Крец, *нӑ-сшре́днио, йо́-мале́чко̄*; *ше́сниуш* Шек, според материјали од градскиот кукушки говор паралелно се јавуваат форми со неполна и со полна членска форма: *а́нуш бил сре́шчу ца́рскију куна́к, не́ївију ан*; *нӑ шре́шију йӑш, не́јнијуш* покрај *не́јнуш*.

Обратно, во Карадагот по правило придавките во машки род се јавуваат со „наштрбена" членска морфема -(*и*)*о*, односно -(*ј*)*о*: *не́мио* // *не́мјо, шӑре́њо* Мор, *чу́здио кojн, скӑйо, висо́ко* Ал, *бу́сшрио, о́сшрио* Ир, сп. топ. од Патарос: *Кри́вио Дӑш, Бе́лио Ка́мӑн, Длӑшио Ри́ш*.

Кај формите за женски и среден род, доколку не се јават фонетски пречки, скоро по правило вокалот пред членската морфема се елидира : *усла́нина*, но: *усла́нинша, скӑшша шӑми́а*, но: *маіаре́шкаша во́са*, топ. *Кӑлдӑрмаша* 'пат', *Бо́чваша, Гуле́мшо Дӑрву, Мӑле́чкушо Дӑрву* Град, од Иц: *бра́нша, іле́шшо* (: *іле́шушо*), *бури́лшо* (: *бури́ло*), *ка́цӑша, е́дрио ичуме́н*.

Во членуваните множински форми наставката -*и* многу често, доколку нема други фонетски пречки, се испушта: *шо ус-смӑкнинше пӑншӑло́не, широ́кше ве́жди, уф-дуждул'а́фше де́нуве*, но: *кукуру́знише* (зн. кадравите) АК.

6.6. Начинот на степенувањето на придавките во општи црти се сложува со она што е општопознато во македонскиот јазик: со додавање на партикулата *по* (за компаратив) и *нај* (за суперлатив) пред основната форма на квалитативните придавки (Б.К., Граматика, 307) : *йо́-мале́нко, на́j-мале́нко*.

Сепак забележуваме и некои специфичности. Пример, кога се сака да се истакне застапеноста на одредена особина се употребуваат и двете честички, прво за суперлатив, а по неа за компаратив: *на́j-йо́-іуле́мјо̄ цреј к'и-ш^{и}-о-га́дум*; *на́j-йо́-цӑрна уш-си́ше бише о́на*; *на́j-йо́-уста́ша* (ако многу зборува). Оваа особеност ја споменува Д. Иванов за серскиот говор, и ѝ дава третман на трет степен (: *на́j-по-арно си бе шӑм*; *на́j-по-іајрезам*, БПГ, с. 158), истото е констатирано и во Кукушко од Д. Саќов: *ез сум на́j-по-висо́к уш-си́чкише*[92].

---

[92] Д. Сакьов, Принос към речника на кукушкия говор, Българска диалектология III, София, 1967, стр. 331.

Да споменеме дека овде и старата компаративна форма *'ѿовеќе'* се јавува степенувана со двете партикули: *он нáј-ѿóвик'е //нáј-ѿóвичко лúри úмше*; *ѿóо шеј нáј-ѿóвичко ми-се-арисá* Гăр.

Исто така за особено истакнување, наместо честичката *нај* често се употребува турцизмот *ќупшéн*: *ќупшéн буīáти сă*; *ќупшéн ýбува бúше*; *ѿáа дулáма ќупшéн ме-j-ширóка.* Со исто значење се јавува и честичката *ен*: *éн бáш бúше* (зн. најпрв беше); *ама ѿоо ен дибéл бúше*; *ен енпирлăк* 'последен'.

Како што веќе споменавме, изразита застапеност на одредено качество, особено на бои, се искажува и со суфиксот *-ава*, што се додава кон придавката (в. 4.1.), пр. *бил'áва бúше* (зн. сè било бело од снег или сл.), исто така: *жăлтáва, цăрнáва* (*бúше*) и сл.

Степенувањето на некои општи именки е појава позната и во овој говор: *ѿó-чурбаци́и са-óни*, — *ѿó-мирáк мибúше ѿу-сéстрă-j*, — *ѿó рăбуѿнúк уд-нéīо нéма* (оваа именка по правило се употребува со придавско значење: *нóīо рăбуѿнúк жéна-j ѿáа*); сп. уште: *нáј-нă-вăро сă-искачú* — со прилошко значење.

Да нагласиме дека зборот *мăка* овде многу често се јавува со прилошко значење: *мăка живéм*, а може да стои како определба пред друга именка: *мăка рăбóѿа-j кóпăнто* (м. *мăчна рăбóѿа* . . .), сп. уште: *нóīо мăка-j ýчинто*. Во првите случаи таа нормално се степенува: *нáј-ѿо-мăка он живéјше*, — *ѿó-мăка-j дă-сéдиш дóма*, — *нáј-мăка-j ак не ѿи īувóрат*.

Честичките *ѿо* и *нај* се јавуваат во образувања со глаголи и имаат прилошко значење: *ѿó-сă-jáдат ká сă-прăстóјни*, — *ѿó-сúм ká сум измóрин*, — *ѿó-сă-л'ýѿат ак им-дáвиш*, — *мăрснúнта нáј-дăрже сúтус*, — *ѿó-ѿрā, ак му-ѿýриш сóл'*. Сп. уште: *нáј-ме-j мăка зă-мăјкá-ми*, — *ѿó-мé-j стрáх ká сум сáм*.

6.7. **Посвојни заменски придавки**. — Кај овие придавки интерес побудуваат извесни фонетски промени што довеле до изедначување на некои форми; сп. за 1. л.: *мој, мóо* (за ж. и с.р.), *мóи, -i* (мн.), *наш, -а, -о, -и*, чл.: *мóо // мójуѿ син, мójѿа нúва, мójѿо, мójѿе сúнуфци* (*шѿéрки, дéца*), *нáшō // нáшуѿ, нáшта, нáшто, нáште*; за 2.л. : *ѿвој, ѿвóо* (ж. и с. р.), *ѿвóи, -i* (мн.), *ваш, -а, -о, -и*, чл.: *ѿвóо // ѿвójуѿ, ѿвójта, ѿвójто, ѿвójте, вáшō // вáшуѿ, вáшта, вáшто, вáште*; за 3. л.: *нéīуф,*

не́ѣ̆ва, не́ѣ̆во, не́ѣ̆ви (мн.), чл.: *не́ѣ̆вут // не́ѣ̆фјо* (*имо́т*), *не́ѣ̆фта* (*си кӑшта*), *не́ѣ̆фто, не́ѣ̆фте*; за ж.р.: *не́јн, -а, -о, -и*; *нијн, -а, -о, -и*, чл.: *не́јнō // не́јн'ут, не́јнта, не́јнто, не́јнте, ни́јнō // ни́јн'ут, ни́јнта, ни́јнто, ни́јнте.*

Веќе споменавме дека во овој говор е изгубена разликата меѓу меките и тврдите основи, така е и кај посвојните заменски форми, кај кои се генерализирала наставката *-о*: *на́ш-о-ј то́о де́те*, исто: *ва́шо.*

Посвојни заменки образувани од основата на демонстративните заменки 'овој' и 'оној' овде не се употребуваат. Место нив среќаваме синтагми од: предлог *на* + показна заменка *то́о* (*та́а, ти́а*) или *во́о* (*ва́а, ви́а*) + предлог *тук*(*а*) — за лица што се во близина, односно *там*(*о*) — за лица што се далеку: *нӑ-то́о ту́ка, нӑ-то́о та́мо, нӑ-ва́а ту́ка, нӑ-ти́а та́м.*

6.8. Кај заменските придавки за качество и количество, освен фонетските и акцентските специфичности, интерес побудуваат и деминутивните образувања. Сп.:

тӑко́ф, тӑква́, тӑква́, тӑкви́, со чл.: *тӑко́фјо // тӑко́вјут, тӑква́та, тӑква́то, тӑкви́те*;

то́лкуф, то́лкува // то́лкӑва // то́лква, то́лкӑво // то́лкво.

Во југозападните села Беглерија, Драгомирци забележивме, од гледна точка на зборообразувањето, многу интересна заменска форма: *то́лик* 'толкав'. Секако се работи за архаизам, бидејќи географската оддалеченост го исклучува српскохрватското јазично влијание. Односната заменка се јавува уште и во Гуменџа[93], а во бугарските дијалекти М. Младенов ја забележил во ихтиманскиот говор[94]. Сп. стсл. толикъ, рус. *тоҗикий*, срхр. *толики.*

Формите 'ваков', 'онаков' не се јавуваат во кукушкиот говор; само во одреден контекст, во изрази од типот: *ним ми кажу́ви тӑква́то, ун̆ква́то*; исто и во Дојранско (ДГ, 73). Обратно во пунктот Савек ваквите форми не се необични: *ун̆ков чувја́к.*

---

[93] К. Пеев, За македонската дијалектна лексика, МЈ, XXI, 1970, стр. 127.

[94] М. Младенов, Лексиката на ихтиманския говор, Българска диалектология III, София 1967, стр. 91.

Многу често овие заменски придавки се јавуваат во деминутивни форми: *тӣаква́чка бу́ше ка тӣа-дунцée, тӣаквӣ́чки ма́лéнки, тӣо́лкавичко ма́лéнко, тӣо́лка́фко, тӣо́лка́фка.*

Во Крецово деминутивната форма *тӣо́лка́ви́чка* се јавува и скратена: *тӣо́чка* (*тӣо́чка бу́ше тӣо́ӣи*), исто и: *тӣо́чко.*

6.9. Во групата на прашални заменски придавки спаѓаат: *ка́ко́ф, ка́ква́, ка́квó, ка́квӣ́*, чл.: *ка́ко́фјо, ка́ква́ӣа, ка́квó-тӣо, ка́квӣ́тӣе*; сп. *како́ф ин-ej ӣо́минуӣ* (зн. како живее);

ко́лкуф, ко́лкува // ко́лка́ва // ко́лква, ко́лкуво // ко́лкво, ко́лкуви // ко́лкви, чл. *ко́лкуфјо*, сп. *ух, ко́лка́ви ра́чӣи́шӣа и́миш.*

И овде многу се чести деминутивните форми: *ка́квó́чко* (*у́буво дéӣинце*), *ка́ква́чка, ка́квӣ́чки, ко́лка́фко* (*ӣи́линце*), *ко́лка́вички* (*ӣра́хчи́на*), *ко́лка́фки* (*да́-би́даӣ*).

6.10. Заменската придавка *са́ӣ, са́ӣа, са́ӣо, са́ӣе* (во крајните јужни села) и *си́ӣе* (на север од нив), според Д. Мирчев (БКВГ, с. 462), е добиена од вьсь + тъ = *вьсьӣъ, -а, -о*, а таа се скратила во *са́ӣ, -а, -о, -е*, но *си́ӣе*; сп.: *са́ӣ леӣ о-изде́ӣе, са́ӣа сна́ӣа ма́-бо́ле; сè шо и́мше си зе́ — са́ӣе ше́јве.*

За добивањето на односниве заменски придавки, Видоески во работата за заменските форми во македонските говори[95] го дава следново објаснување: по губењето на *ь* од зам. *вьсь*, од формите за ж., с.р. и множина, со метатеза на *в* и *с* се добиле: *сва, све, сви*, а со аналогија и форма за машки род: *са́в*. Натаму, по губењето на *в*, во овие говори, се наложила акузативната форма за женски род, а бидејќи *ѫ* овде дало *а́*, се добила основна морфема *са́-*, која се проширила со инкорпорација на членот: *са́-ӣ, са́-ӣа, са́-ӣо, са́-ӣе.*

Во овие заменски придавки членската морфема не само што редовно ја придружува заменската форма, туку и наполно сраснала со неа, при што го изгубила своето членско значење. Тоа натаму условува, во одреден контекст, спрема потребата, и повторна употреба на членот: *са́ӣјо // са́ӣјуӣ* (*леӣ*), *са́ӣӣа, са́ӣӣо*. За одбележување е дека повторното членување како да е поприсутно кај формите за машки род.

---

[95] Б. Видоески, Заменските форми во македонските дијалекти, MJ, XV, 1965, стр. 66.

Со значење на споменатава заменска придавка за количина *сѫ̄т*, често се јавува и формата: *сѝчкѡ̄* (: *сичкио*), односно *сѝчкѫ̄т* (во јужните пунктови), *сѝчката*, *сѝчкѫ̄то*, *сѝчкѝте*, добиена од истиот корен *вьс-* + морфемата *-чьск-* (→ *-чк-*). Во оваа заменска придавка, како и во придавката *сѫ̄т*, членската морфема наполно сраснала со формата на придавката: *сѝкчите си-сѫ̆-збра́а*, — *сѝчкѫ̄т имѝш сѫ̆-рѫ̆сѝпа́*, — *сѝчката гла́ва мо-ј бе́ла*. Оваа форма е особеност на јужните говори, во појасот: Костур — Солун — Неврокоп (Б. Видоески, Заменските форми, 65).

Треба да го потенцираме и фактот дека покрај употребата на двеве форми *сѫ̄т* и *сѝчкѡ̄* (*сѝчкѫ̄т*), паралелно со нив, со исто значење се јавува и придавката *цел*, *-а*, *-о*: *це́лта гла́ва мо-ј ра́ни*; — *асѫ̆л це́лта рѫ̆бо́та ѫ̄ти гѫ̆-рѫ̆сѝпа́*. Според истата работа за заменските форми, стр. 65, оваа специфичност ја познаваат периферните говори, јужно од Преспа, Лерин и Гевгелија.

Исклучок прави прилогот *виздѐн* во кој се чува стариот заменски корен *вьс-*, без метатеза: *виздѐн сто́јш ѫ̄рѫ̄т-уѝлидѫ́лто*.

6.11. Со неопределено значење ги среќаваме заменските форми: *не́кѫ̆куф* (и: *не́кѫ̄уф*), *не́кѫ̆ква* (и: *не́кѫ̄ва*), *не́кѫ̆кво* (и: *не́кѫ̄во*), *не́кѫ̆кви* (*не́кѫ̄ви*);

се́кѫ̄уф (и: *се́кѫ̆куф*), *се́кѫ̄ва* (*се́кѫ̆ква*), *се́кѫ̄во* (*се́кѫ̆кво*), *се́кѫ̄ви* (*се́кѫ̆кви*). Сп. *ут-се́кѫ̄во ѝ́ле ме́сто не сѫ̆-ја́де*; — *не́кѫ̄ва ѫ̄ре́ва ѫ̄ма́м, ликува́ла.*

6.12. **Бројни придавки.** — Карактеристично за така наречените редни броеви е дека обично завршуваат на согласка, а не на *-и*. Тоа особено важи за оние од 1 до 3: *ѫ̄рѫ̆ф*, *вѫ̄тор*, *ѫ̄рет*, а и од 3 натаму покрај на наставката *-ѫ̄ти*, ги среќаваме и на *-ѫ̄т* (со исклучок кај *се́дми*, *о́сми*). Сп. *аз бих чиѫ̄тѫ̆рѫ̄т* (покрај: *чиѫ̄тѫ̆рѫ̄ти*), *дисе́т*, *дваjс*, но: *дваjс*(*ѫ̄т*)*-и ѝ̄рви*.

Кај бројните придавски форми за ж., с.р. и мн. од бројот '*еден*', често се јавува вметнато *н*: *уф-ѫ̄рѫ̆вно вре́ме*, *уф-ѫ̄рѫ̆вната дѫ̆ржа́ва*. Вакви форми се забележани и во соседниот солунски говор[96], а и воопшто по долината на Вардар,

[96] A. Mazon, A. Vaillant, L'évang. de Kul., str. 144.

како и во западното наречје. Има мислење дека ова секундарно вметнато *н* се јавило под влијание на бројот *'еден'*, односно дека е внесено од прилозите *пр̄вин, оштр̄вин*[97].

6.13. Прегледов на придавките ќе го заклучиме со укажување уште на две особености, од кои едната и не е така честа во нашиот јазик. Имено во материјалите, во дијалошката реч, освен кај прекари, и кај оние неколку збора за обраќање (*ми́ли, дра́ги*), вокативни форми овде среќаваме и во определбите од женски род, со наставка *-о*: *и́тр̄о лиси́цо, л'у́т̄о зми́о*; уште и: *ку́мо ли́со* (в. 5.13.1.).

Втората особеност се однесува на заменската придавка 'свој', која со супстантивирано значење се јавува релативно често: *сво́ј сме* 'роднини сме', *уд-сво́ј дӑ-сӑ-бо́јш* 'од роднина да се плашиш', но како посвојна заменска придавка многу често е заменета со дативни енклитики од личните заменки, односно со други посесивни заменки: *уд-не́гуфт̄о-си има́не им раздили́л; — ин кажа́ла на-ни́јнт̄е рудни́ни.*

Оваа особеност ја познаваат и другите југоисточни говори, сп. примери од Солунско: *и ја́с гу уклава́х бра́т̄-ми, — и ги стр̄ати́ха ма́нцет̄о-му* (ДМГ, II, 202); од Кулакија: *саварна́ле на-ни́јнт̄а ку́кја.* Според истражувањата вршени задниве децении односната појава е раширена на голем простор во јужните говори, од Корча до Сухо[98].

ЗАМЕНКИ

7.1. **Лични заменки.** — На кукушкото подрачје кај личните заменки забележуваме повеќе специфичности. Прво, како и во др. источни говори, овде среќаваме деклинациски тип од две форми: номинативна и општа. Дативниот однос се изразува со општата и предлогот *на*. Локална специфичност е и искажувањето на општата форма со *на*-конструкција. Со другите источни говори се поврзува и со употребата на форми со партикулата *-ка*: *а́ска // ас, е́ска // ес*, поретко: *т̄и́ска, ме́нка*, во Гуменџа: *ме́нќа.*

---

[97] Б. Видоески, Кумановскиот говор, 159.

[98] Б. Видоески, Заменските форми . . . , стр. 57—58.

Кај кратките заменски форми присутни се извесни промени и варијанти, кои најчесто се резултат на силно изразената редукција, но и на различни аналошки израмнувања на допирот со други форми и партикули. Меѓу таквите измени има и некои што се посуштествени, на пр. изедначувањето на формите за акузатив и датив. Да споменеме уште и тоа дека на односново подрачје кај заменките забележуваме извесни архаични фонетски и други црти, пр. чувањето на формата за личната заменка за 1л. *ас* (*áска*) — во селата, *ес* (*éска*) — во градот, исто така се чува и гласот *х* во формите на заменката за 3л. мн. — *них*, натаму во архаизмите на лексички план треба да се спомене личната заменка за 3л. *он, -а, -о, -и*, на зборообразувачки: заменската придавска форма *кóлик*, позната како една од особеностите на северните говори.

7.2. За личната заменка за 1л. среќаваме нејотирана форма *ас, áска* и *ес, éска*. Ова претставува специфичност со која кукушкиот се изделува од повеќе соседни говори: на север во Гевгелиско и Дојран среќаваме *јас, јáска* (ГГ, 84; ДГ, 75), на запад во Гуменца *јáзика*, на југ во Солунско, Сухо и Висока: *јас, јáска* (ДМГ, II, 190), а во Градобор ги забележивме и двете форми: *јáска* (*за-ште́пка сă-пуштишáх*), но исто така: *ас* (*знáм кáк ме-ј*). Истава, нејотирана форма, по исклучок, освен во Кукушко ја забележивме и во Серско (пунктот Савек): *ас*.

Кратката акузативна форма гласи *мă* (: *мă-видé*). Во Градобор формите за акузатив и датив се изедначиле: *мичýди што нă-мéн, — ми-бóли мéхут, — ми-нусúха, ама нé мирăзбрáха*; и: *дáј-ми-їă-нă-мéне*. Формата *ми* во акузатив се јавува и во Ватилак : *сáкаха дă-ми-закóл'ат арнаýтите, — да си крăстат ми-совăрдзаха*, а и во Кулакија не се прави разлика меѓу дативната и акузативната форма (ДМГ, II, 192). Долгата форма ако се нагласува се изговара целосно: *мéне мă-видé*, инаку почесто се слуша: *мéн* (*ус-мéн дă-дóјш и ти*) Крец. Веќе истакнавме дека акузативот се јавува и со *на*-конструкции: *нă-мéне дă-мă-закóле, — нă-мéн мă-пуштúја*.

Во датив кратката форма, како и обично, гласи *ми*: *ми-ричé*, но ако стои пред помошниот глагол *е* таа поминува, со асимилација, во *ме*: *крáвта мé-ј нă-јóнцата* Крец, *што мé-ј*

не́ зна́м, а пред кратката акузативна форма *ја* (во овој говор *ĭа*) поминува во *ма*: *ма́-а зима́* (: ми ја зеде).

Множинската форма за 1 л. гласи *ни́ĭ*; во акузатив: *на́с-нă*, но се јавува и со предлог: *нă-на́с нă-*(*виде́*). Во датив не се употребува долгата форма 'нам', туку се обопштила акузативната *нас* + предлогот *на*: *нă-на́с к'и-н că-сме́аш̆*; — *на́ĭкун на-на́с ни-дунце́ ја́дне*. Така е редум и во соседните долновардарски говори.

7.3. За личната заменка за 2 л. нема што особено да се каже: *ти*, акузатив *те́бе* // *теĭ* (*тă-виде́х*), со предлог *нă-те́ĭ тă-удри́*, датив *нă-те́бе* // *нă-те́ĭ* (*ти-ґаґе́*). Во множина *ви́ĭ*, акузатив (*нă*)-*ва́с вă-ĭузна́х*, датив *нă-ва́с ви-ричел́*. Формата 'вам' не се употребува.

Како кај заменката за 1 л., и овде кратката дативна форма *ти* пред помошниот глагол *е* поминува со асимилација во *те* : *мер рудни́на те-ј*, а пред акузативната форма *ја* (*ĭа*, *а*) во *та*: *на-те́ĭ та-а-нăĭправи́*. Множина *ви́ĭ*, акузатив (*на*)-*ва́с вă-виде́*, датив *нă-ва́с ви-даде́*.

7.4. Кај личната заменка за 3 л. ед. забележуваме повеќе специфичности. Како прво да истакнеме дека за среден род место очекуваната форма 'оно' среќаваме *то́о*, иако за другите родови и за множина имаме: *он*, *о́на*, *о́ни*. Во акузатив за машки и среден род од кратката форма *ĭо* многу често се елидира согласката *ĭ*: *о-виде́х*, *о-чуја́х*. Гласот *ĭ* се губи и во долгата форма, а потоа со асимилација се добило *н'о̄* или *н'о́о* (< *нео* < *неĭо*): *ус-н'о́о вăцу́ваш*; — *нă-н'о́о тă-шиијо́нат* Мут.

Заменската форма во датив секогаш е придружена со предлогот *на*: *му-ĭу-уста́ви́ нă-не́ĭо*; — *нă-н'о́о не́-м виру́ум* Мут.

Кратката форма *му* во допир со акузативната *ĭо*, по елизијата на *ĭ*, со асимилација и контракција поминува во *мо̄*: *нă н'о̄ мо̄-* (*мо-о* < *му-о* < *му-ĭо*) *ґе́х*; — *ĭу-бра́т-ти мо̄-испра̣ти́х*. Истиот резултат се јавува, во одделни случаи, на допир со акузативната форма од женски род: *ро́ĭката ґă-мо̄-нăпра́вум* (*ро́ĭка* зн. гроб). Веројатно овде се работи за аналошко израмнување спрема машки и среден род, припомогнато од блиската артикулација на неакцентираните *о* и *у*. Сепак, почесто на допирот меѓу дативната форма *му* и

акузативната *ја* среќаваме обична асимилација: *мā* (< му ја)-*дáвум éфтино*; — *мā-дунцé дур нă-нójсто*; — *мā-зé за ич пáри*.

Посебно објаснување бара резултатот што се јавува од контактот меѓу дативната форма *му* и помошниот глагол *е*: *тáшко мо-ј* (< *му-е*), — *вујчúна мо-ј*, — *тóлко мо-ј акáло* и сл. Можеби и овде имаме резултат од блискиот изговор на неакцентираните *о* и *у*.

Во извесни именски прироци место очекуваните датив-ни се јавуваат акузативни форми: *īо-ј-стрáх дă нé сă-упúј*; — *нé-īо-ј стрáм дă-прáве нă-стáрус тăквú рăбóти*. Обични се односниве предикати во состав со именките 'страв', 'срам', 'жал'. Возможно е дека оваа специфичност е пренесена од формите на заменките за 1. и 2. л. во кои имаме акузативни место дативни форми добиени со асимилација: *ме-ј стрáх* (< ми е); — *рóда ме-ј* (< ми е).

Долгата форма од 'она' во акузатив гласи *н'ā* или *нéă*; среќаваме: *он нé īă-устáве н'ā*; — *нă-мужéх дā-пузнáм на-н'áа*.

Место кратката акузативна форма *ја* во овој говор се јавува разновидноста *а* (*īа*), последнава секако добиена со аналогија според формата за машки род *īо*: *а-устáвúх дома*; — *īа-сичéх нă пулвúна*. Формата *īа* ја познаваат и некои тетовски села, се јавува уште во Битолско и Благоевградско[99].

Извесни специфичности од заменката 'она' забележуваме во употребата на кратката дативна форма. Освен општопознатата форма *ù*, што обично се скратува во *ј* (: *што дă-ј-дáдум*), позната на целата територија, во јужните села се јавува со проширена функција формата за м. р. *му*: *óртума к'и-му-вáрзиш* (на кравата) Бег: — *шкрáпл'а му-вúкиме* Драг. Слична е состојбата и во Гуменца, таму покрај: *дă-нé-й сă-смéјте*, запишавме: *му-сă-мóл'ум нă-тáа жéничкăта*.

Во Карадагот паралелно со формата *ù* се јавува и *ин*: *ин-кăжáх на-мájка*; — *дáј-ин-īă таа пáричкăта* Гола; сп. уште примери со посесивно значење: *тéта ин-бúше* Мор. Оваа форма се јавува и во соседните говори: гевгелискиот и дојранскиот, а Видоески ја споменува и во некои полошки села[100]. Според него формата *ин* е преобразувана од потребата да

[99] Б. Видоески, Заменските форми ..., стр. 33.
[100] Б. Видоески, Заменските форми ..., стр. 35.

се избегне омонимијата со акузативната мн. форма *и* (< *ĭи*), а елементот *н* е пренесен од полната форма (с. 41).

Во крајните јужни села односнава заменска форма се јавува изменета со метатеза — *ни*: *не ни а зимá на-сúла*; — *кá ни-ј-живóшто*? Иц, во Амбар Ќој на составот на односнава заменска форма *ни* со помошниот глагол за 3 л. ед. *-е*, со асимилација се добила интересна форма *не*, што нема значење на одрекнување (: *ни-е* > *не-е* > *не*) : *ка не*(*-ј*)*-úмшто* 'како ѝ е името'; — *ка не-ј инáшто ĭулéм, нек-стрáде*.

На целата кукушка територија, во множина за сите три рода се јавува единствена форма *они*. Така е на север во Гевгелиско и Дојранско, на запад во Воденско и Гуменџа, но на југ, во Солунско: *ш'é* // *ш'ä*, на исток во Серско (Савек): *ш'úа*.

Во акузатив множина кратката заменска форма *ĭи*, во која *ĭ* е пренесено со аналогија од еднинската форма *ĭо*, често повторно поминува во *и*. Долгата форма гласи *них*.

Поверојатно е дека во скратената форма *и* се работи за испуштање на гласот *ĭ* — појава позната во овие говори — отколку за чување на постара состојба; потврда за ова наоѓаме во ретките, но сепак присутни форми со неелидирано *ĭ*. Сп.: *Он и-куртулисáл них*; — *к'и-й зáкóле*; — *дă-й нăкăлвиш* (да ги натепаш); — *ĭá-й збрáле зă-нă-аскéр*; но: — *ĭи-стришéх нă-ĭáшто*.

Дативот, како и во други лица се изразува со *на*-конструкцијата: *нă-нúх им-дунцéх вóда*; — *дури не-им-ĭрилéĭе шăквó нéшто нă-нúх*; — *нă-нúх им-устáвúл сúчкушто имáне*.

Кај кратките форми и кај овие заменки забележуваме извесни специфичности. Прво, нередко место формата *им*, среќаваме *ин* : *шо ин-нăĭрăвú нă-кóĭжше*.

Веќе рековме дека истава заменска форма ја среќаваме и во датив од 'она': *дáј-ин ĭă*, но тешко е да се каже дека еднинската форма се наложила, односно дека оттаму е префрлена во множина, бидејќи не е невозможно процесот да бил и обратен, имено заменската форма *ин* // *ни* прво може се јавила во промената: *нă-них им* → *нă них ин* // *ни* — датив од 'они', не без влијание на долгата форма 'них', што од своја страна исто така не ја исклучува можноста за паралелен развиток, односно заемно влијание на споменативе форми.

Покрај формите *и* и *ин* // *ни* во говорот на Полето, а ретко и во Карадагот, пр. во пунктот Мутулово, во датив

мн. се јавува и едн. форма *му*: *му-ј-напрăшúја óчките* (на децата); — *му-фăрлú нă-кукóшките*? (јадење) АḰ; *нă-дóк-турто му-вúке*; — *пéнција не му-дáват нă-них* Иц; — *аку нé му-пумáīум* (на родителите) Мут; — *ас нă-мójте нă-мóш да-му-кáжум* Драг.

Познато е дека ваквата проширена употреба на ненагласената форма *му* и како множинска, е нашироко распространета во јужна и југозападна Македонија, јужно од линијата Охрид-Прилеп-Пазар-Сухо (Б.В., Заменските форми, 41). Кон овој релативно широк простор, значи, се приклучуваат и југоисточните говори. Освен во кукушкиот се јавува уште и во воденскиот (*нă-них вó дéуту му сă-видéл блак чувéк*, ВГ, 54), солунскиот (ДМГ, II, 198), гевгелискиот (: *му дáл édно óстро нóхче на дéцата* ГГ, 109).

Во Ватилак исто така во датив множина се јавува кратката форма *му*: *идин ґутин тăрча, му ги фана рăцте на јуруцте*; — *јас му-вел'ам, а они викат*: *хлеб ни дај*!

Овде во иста служба се среќава и кратката акузативна форма *ги*: *напкун пашата ги рече*: „*кабаатот е нă-вас*“; — *ги фатихме, ги вăрзахме и ги дăдехме един арин ќутек*; — *јас ки станах кăде рăчок, ки ги носах леп и ки ручаха*; — *нија, ка ке одиме да ги кажиме, што има нихни овци у нашиот бил'ук*.

С. Романски во врска со употребата на *му*, погрешно истакнува: „Во датив множина — освен во Кукушко, каде што се задржало *им* (*на них им*) — се јавува редовно *му* м. 'им' по аналогија со еднина“ (ДВГ, 135).

Личната заменка за секое лице гласи: *сéбе*, *сéбе-сă*, *сéбе-си*; *сă*, *си*: *свéста ми-сă-зé*; — *дéно сă-скусýве*; — *ихтибáр си прáве*; — *сă-мáче*.

Во крајните јужни села кратките форми за акузатив и датив се изедначиле: *си-л'ути* Иц; — *ги-ј стрáх да не си -уби́ј*; — *си-чудăм ас*; сп. уште: — *ми-чýди што нă-мéн* Град.

Меѓу особеностите уште треба да се спомене членувањето на долгата форма 'себе' во одделни конструкции: *сéбиту* (< себе-то). Оваа појава ја познаваат и соседните говори, Дојран: *не си знá сéбуто* (ДГ, 77); Думев од Воденско го наведува примерот: *нáј-мúлу нéшчу нă-сéкуј чувéк е сéб'ту-му* и со право истакнува дека во ваквите случаи членуваната „повратна“ заменка исполнува именска функција (ВГ, 54).

Во југоисточните говори паралелно со личната заменка за секое лице 'себе се' се шири и употребата на формите

на личните заменки: *си-ĭлéдум зă-мéне*; — *ĭрăд нéĭо си-ĭуштурú*; — *мижду них нѐ сă-ĭуĭóждаш*.

Според Голомб во Солунско процесот е многу понапреднат. Таму, истакнува тој „освен *сă* < *sę и *си* < *si, проклитичко-енклитички ак. и дат. форми, сите други форми на првобитната „повратна“ заменка се загубиле... Во врска со загубувањето на акцентираната форма на повратната заменка (*с'éб'а*) во С—В ги има следниве обрати: *за си ха éзма сăс м'éн'а* В 87. — *Д'ăш'ањшу з'é и смóквăш'а сăс н'éĭу...*, во кои старата заменка с'éб'а е застапена од соодветните форми на личната заменка“ (ДМГ, II, 198). И во пунктот Амбар Ќој, што спаѓа меѓу најистурените села кон Солунско, споменатава долга заменска форма не е обична.

Кратката форма *си* се јавува со глаголи во т. н. етички датив:... *и дéуто си* (*ши*)-*сĭúјше на-вудúщта*, исто така со посвојно значење: *си-зéл дéлуш* (од имотот), *си-куĭúл suĭвáр*. Како особеност, во однос на литературниот исказ, овде треба да се спомене отсуството на формата (*си*) во состави со роднински имиња и тогаш кога зборот кому му се препишува припадноста е субјект во реченицата, независно во кое лице; овде, и во ваквите случаи се јавуваат кратките форми од личните заменки: *не-ĭу-ĭузнáла мăш-ин* (м. *мажош-си*); — *дéцта-му* (м. децата-си).

Лично-предметни заменки

7.6. Прашалните заменки, со мали фонетски посебности, ги имаат познатите номинативни форми: *кој* (м. р.), *коо* (ж. и с. р.), во Град: *којо* — с.р., *кои* (*кой*) — мн.

Една од специфичностите на овој говор се изразува во отсуството на дативната форма 'кому', што ја познаваат западните говори, втората во отсуството на општата форма 'кого' што ја среќаваме во некои други источни говори. Сп.: *кој ошиĭáха — ошиĭáха, кој нé куршулисá*; — *о-ĭиш́áх зă-кој сáке ди-ј кýĭе*; — *нă-кој му-ĭлашú*; — *нé знáм уш-кој úмаш стрáх*. Ова е особеност на целото кукушко подрачје, а според нашите истражувања формите 'кого' и 'кому' отсуствуваат и во контролните пунктови: на исток кон серскиот, во пунктот Савек, на запад кон воденскиот (и пазарскиот) во

Гуменџа, а на југ кон солунскиот во Градобор (: *зă-кој пắла* 'за кого прашува').

Ова е особено интересно бидејќи во соседното солунско село Висока општата форма *кóīу* не само што се зачувала, туку развила широка употреба и се јавува во функција на номинатив. Според Голомб зависниот падеж се обопштил, бидејќи бројно превладувал во говорот (*на-кóīу, сăс-кóīу, уш-кóīу*) за на крајот да го истисне сосема од номинативот малку изразното *шó* (ДМГ, II, 201).

Според нашите истражувања на север, во Гевгелиско, се употребува општата форма, но таму нормално се јавува и номинативната. Сп. *кој-ши-ј-дăдé*?, но: *бăīáјше нă-куīо пăркáжăвум* Фур.

Прашалната заменка за предмети во овој говор гласи *шо*, која во јужните пунктови често се редуцира во *шу*: *шусáкиш*?; покрај: *шó-ш дадé* (ако е акцентирана). Старата датив-на форма 'чему' се мисли дека е особеност на западните говори, но ја забележивме и во говорот на Полето: *чум ше-ј шо шеј* Бег; — *чум-шé-ј шăквá жéна* Крец.

Прашалната заменка за припадност ги има следниве форми: *чиј* (м.р.), *чúă* (ж.р.), *чúо* (с.р.), во мн. *чиј*: *чиј-сă шúă óфци*?; — *чúо дéше сă-ушипáло*?

Со исто значење се употребуваат и формите на прашалната заменка 'кој' со предлогот *на*: *нă-кој-ој шóо дéше*? — *нă-кој чувéци ин-кажá*. Ваквиот аналитички начин на изразување е многу обичен на целото источно подрачје.

7.7. Неодредената заменка за лице ги има следниве форми: *нéкуј* (м.р.), *нéкō* (ж. и с. р.), *нéкуй* (мн): *му-вéли* : *нéкуј да-зéме кóнката, д-óјше нă-Вáно*; — *свикáрвата нé-а-дáвише нă-нúкуј*; — *нéкō рудни́на īу-чикáла*; — *нéкуй ајдăмáци*. И кај оваа заменка не се употребува ниту дативната, ниту акузативната форма, сп. директен предмет: *нéкуј*, индиректен: *нă-нéкуј*.

Спорадично, во југозападната регија, место 'некој' може да се чуе *нúкуј* Бег. Ваквите форми се многу пообични во соседните говори, пр. од Гевгелиско: *нúкуј īулéмиц, нúкуј пáша уф-нăшре, а пúше мájка-му*: *нúкоа сшóка нéма уш шăшкоми* (ГГ, 110).

На југ, во Ватилак (Солунско), ваквата форма скоро е регуларна: *как ке си ошейише никуј човек*; — *и кундисуваше*

на никој село; — *немаше никој колај*? Форми со *и* (*никуј*) забележивме и при истражувањата во Кајларско (пунктот Тремно), а К. Мирчев наведува и од неврокопскиот говор (НГ, 105, 106).

За неодредената заменка за предмети 'нешто' нема што особено да се истакне, освен да споменеме дека во јужните говори се јавува редуцирана: *не́шту* дури и *не́шу* (: *а́пнин-си не́шу*?) Иц. Да забележиме и тоа дека оваа неменлива заменка се среќава и како супстантив: *жа́лшто не́шшто и́мше уф-ра́кта*.

Во функција на неопределена заменка, впрочем како и во други наши говори, се јавува и бројот 'еден': *на-па́што сритна́л адна ме́чка*; — *си-би́ло адно вре́ме* и сл.

Со исто значење се јавува и прашалната заменка 'кој' со честицата *еди*, а поретко и *ер*: *на-еди-кój-си де́што*; *ер-кój* и сл.

Одречната заменка гласи: *ни́куј* (м.р.), *ни́кō* (ж. и с.р.), *ни́куй* (множина). Акузативот од таа заменка се изразува со номинативната форма: *ни́куј не пи́шум*; — *ни́куј не са́кум*, а дативот со предлогот *на* + номинатив: *на-ни́куј не пупу́ше*; — *на-ни́куј уд-ни́х не-му-пади́не жал*.

Формите на општата неопределена заменка гласат: *се́куј* (м.р.), *се́кō* (ж. и с. р.), *се́куй* (мн.). : *се́куј да́-си-се́де до́ма*. Општата форма 'секого' не се употребува; директен објект: *ус-се́куј на́-мо́јш да́ са́-ра́збе́риш*, индиректен: *на-се́куј не́ са́-кажу́ве*.

7.8. Во употребата на показните заменки забележуваме двојност во кукушкиот говор. Додека во говорот на Полето разликуваме систем од две показни заменки: *што* и *во*, во Карадагот се употребува само една: *шоо*//*шō*.

Натаму, за одбележување е дека полскиот говор се вклопува во источната периферна област, што го зафаќа просторот од Лагадинското Езеро до Неврокоп, во која демонстративната заменка се јавува со партикулата *-зи* (*-з-*): *шо́зи чуве́к* Крец, *шос да́рва́р* Град. Оваа форма се употребува паралелно со *шоо* и *шо*, но последнава превладува. Во Солунско (Сухо и Висока), обратно, заменската форма *шос* и *шузи́* е регуларна (ДМГ, II, 198).

Според тоа показни заменски форми во јужните села се следниве: *шо* // *шос* // *шо́зи* (м. и с. р.), *ша*, *шас* (ж. р.), *ши́й* (мн.); *во*. . .

Во материјалите од Кукушко (МПр, IX, 3—4, 170—176), освен заменката *тóзи, тоз* (: *блúзу тóзи ан, — тóзи стрáх, — тоз дéте е ут тóо мáш*) за среден род ја среќаваме и заменката *тувá*: *как тувá да стáне*?, — *тувá к-си-кáжум, — мóже ли тувá*. Формата *тувá* во нашите истражувања не ја забележивме, исклучок прави пунктот Мутулово во кој покрај *тоо* среќаваме и *тва*, а за примерите во материјалите останува да претпоставиме дека се особеност на градскиот говор, за кој што имавме мал број и несигурни информатори.

Како што рековме во односниов говор (во Полето) за означување на блиски предмети и лица се употребува и заменката *во* (м. и с.р.), *ва* (ж. р.) и *вúа* (мн.): *две чáши су ва ка к'и-прáзниме* Иц.; — *вá сáке свитéц да-сă-прáве*; — *во чувéк пáмишут ми-ĭу-зăвăршé* АЌ; — *вúа жéнше брáшто ù-нăпрăвúа дирéн-пирéн* (зн. ги испокарале) Бег; — *во чувéк уд-вáс зимá óвца* Драг. Во Градобор спомнатава заменка се јавува со партикулата *-ј*: *вој чувéк мé-ј брат*, и : *вој дúкáн ej на-Глиĭóр*.

Многу е веројатно дека кај формите *во* (*вóо, вој*) добиени од 'овој' почетното *о* се изгубило под влијание на заменката *тō*. Во таква форма, без почетно *о*, заменката се јавува и во други долновардарски говори, барем онаму каде што ја има, сп. од Гевгелиско: *оде вóа дéшто уд едúн урáч му-ј-зéме вулóвто и рáлто*; — *вóа си óре, тóа сиднáл дă јáде* (ГГ, 110); од Воденско: *са-сфалú вó тăксил'дáруш уш-кójнуш*; — *во пăцá да-ĭу-крéвă* (ВГ, 17) и од Гуменца: *ва сă-излăжăве, му кăжýве*; — *вóа син-му имáл прáво*; — *вúа пак ĭи зăýшувăш*.

Во говорот на Карадагот показна служба врши само заменката *тóо* (м. и с. р.), *тáа* (ж. р.), *тúа* (мн.). На предмети што се близу се укажува со: *тóо* (*тáа, тúа*) *тýка*, а на далечни со *тóо* (*тáа, тúа*) *там* // *нăнáм*.

Значи во отсуство на показните заменки 'овој', 'оној' односнава релација се изразува описно. Исклучок прават синтагмите во кои показната заменка се однесува на именка што означува време: *вáа сăбájлин, — вáа-дин* (< овој ден), — *вáа вéчăр, — вáа ĭудúна, — вáа лéто, — вáа нидéл'а, — вóо мéсиц* и сл.

Заменката 'оној' се јавува исклучително во составот: *óн-ден* (< оној ден) Иц, во Гăрбашел: *ọнáа-дин* (зн. завчера: *ọнáа-дин си-утúде*).

Во серскиот говор оваа заменка има поширока употреба, сп. *на онáа стрáна, — унóо чувјáк, — унувá д'áше, — унúа...*

Формите на показните заменки во говорот на селата од Карадагот се скоро идентични со оние во Дојранско (ДГ, 78).

БРОЕВИ

8.1. Кај основните броеви забележуваме извесни специфичности на фонетски план: *и(е)дúн, иднá, иднó*, покрај *адúн, аднá, аднó* — првите форми доминираат во јужните полски села, а вторите во северните, во Карадагот. Натаму: *два (две), три, чишúри*, во брзото броење *шишúри, пеш, шес.*

Во врска со развојот на секундарниот *ер* во групата **tmъ* имаме двојство, во Полето: *сéдум, óсум* АḰ, Бег, а во Карадагот: *сéдăм, óсăм* Алек, Мор, покрај *сéдăм, óсум* Мут, Ним; *дéвиш, дéсиш.*

Броевите од 11 — 19 во Полето гласат: *идинáјсиш, двăнáјсиш, пишнáјсиш, усумнáјсиш* АḰ, Иц, а во Карадагот се јавуваат без крајното *-ш*: *идинáјсе, тринáјсе.*

Форми на десетиците од 20 до 90: *двáјсăш, шширúјсăш, седумдéсиш, дивидéсиш* Иц, но во Карадагот и селата близу градот : *трúјсе, шширúјсе* Гăр, *сăдăмдăсé, усумдăсé* (и: *усумсé*), *дивидисé* Ним, Мут, покрај *седăмдăсé, осăмдăсé* Мор (в. 4.7.).

Во сложените броеви, при брзото броење, се случува да се елидира не само сврзникот *и*, туку и од десетиците може да отпадне последниот вокал, ако не е акцентиран: *двáјс-адúн, шширúјс-три* Гăр.

Како специфичност треба да ги споменеме деминутивните форми од броевите 'два' и 'три' образувани со суфиксот *-чки*: *сáмо двéчки си-зéх*; — *и двéчките* (*óчки*) *му-сă-нăпрăшúа*; — *и трúчките умрéли.*

Стотици: *шширстушúни, пéстушúни, сéмстушúни, дéвитстушúни* (во брзиот говор: *шширстúни, пéстúни, сéмстúни, дéвитстúни*) Иц, во Амбар Ḱој: *чéтирстóтини, сéдумстóтини*, од Кукуш: *пéстóтин* и *пéстушúни, ил'áда.* Во материјалите од МПр покрај *ил'áда* среќаваме и: *ил'áдо гроша.* Ваква форма ние не забележивме.

Кај бројните именки суфиксот *-ица* обично се скратува во *-јца* : *дву́јца, тру́јца, чиштвару́јца* Гăр, но во Градобор: *двои́ца*, во Ватилак: *двајца*, покрај *двојца* и *двоица*, уште *тројца, троица.*

Веќе нагласивме дека деминутивизацијата во овој говор се јавува во различни случаи, меѓу другите и кај бројните именки; сп. форми со суфиксот *-ичка* (> *јчка*): *дву́јчка* (: *са́мо дву́јчка устана́хме*), *тру́јчка бра́те би́а* Мор.

Според споменатите материјали од МПр (IX, 3—4, 170—176) во Кукуш од броевите 'два' и 'три' бројни именки се јавуваат и со суфиксот *-ма*: *два́ма бирбе́ре*; — *два́мата се́дат*; — *два́ма или три́ма*; — *и се аре́сат два́мата.* Вакви форми а и оние на *-мина* во анкетните истражувања од повеќе села не забележивме. Во прв момент ни се стори дека се работи за превид кај запишувачот, но откако констатиравме повеќе образувања на *-мина* и во материјалите од Ватилак (МПр, VIII, 1. 65 —98): *ĭи донесе четирмина*; —*тија десетмина*; — *двамина арнаути*; — *сă-вăрнаха сăс тријсетмина*, остана да заклучиме дека се работи или за особеност исклучиво на градскиот говор (кукушкиот), или пак ваквите форми ги имало и во говорот на селата, но во полувековниот контакт со струмичкиот говор, во кој ваквите бројни именки не се употребуваат, исчезнале и од говорот на дојденците од Кукушко.

Суфиксот *-ина* се јавува кај десетиците за образување броеви со приближна вредност: *дести́на ил'а́ди ми-устăви́*; — *стути́на о́вци и́мше.*

Приближна бројност се изразува и со поврзување на два „соседни" броја: *три-шти́ри, два-тринајсе, три-штири́јсăт, две три-стути́ни.* Меѓу случаите што не се погодни за вакви поврзувања во граматиките обично се споменуваат броевите 'еден-два', 'четири-пет', 'осум-девет' итн. Оваа непогодност од првиот пример ('еден-два') обично се избегнува на тој начин што наместо бројот 'еден' се јавува именка што се поврзува со бројот 'два': *ча́шка-две исти́ја́*; — *ден-два ка́-că-до́јдини*; — *к'има ме́сиц-два ка́ ĭи пушти́а.* „Соседните" броеви не мора секогаш да стојат еден до друг : *еден месец ĭи-раниха, два* Ват.

ПРИЛОЗИ

9.1. Меѓу особеностите на прилошката зборовна група како прво ќе ја споменеме честата деминутивизација, особено на прилозите за место: *тӯкичка сéдни, — ел пӯ́-нӑ́-вáкичка, — тáмичка бише сӑ́-скрúло, — тáм-тӑкáчка нӑ́-прúпик зáстани, — тӯ́к-тӑкáчка лéпни-си, — кáч-сӑ́ пӯ́-нӑ́-пóрце, — спӑ́днáа нӑ́-дóлце, — пулéчка // пулéкичка // пулéнкичка óде, — мáлчко (тóлчко, кóлчко) ми-дé, — пӯ́-блúйчко сéдни, — дӑ́лéчко ми-сӑ́ дéцта, — нáпкунце сӑ́-ситúх шо сáкше дӑ́-кáже.*

Натаму треба да се истакне дека во овој, како и во другите источни говори, кај прилозите изведени од придавки не се забележува она формално диференцирање што се изразува преку карактеристичниот знак *у* на кој завршуваат прилозите во централните и во западните говори. Значи овде наместо 'блиску', 'малку', 'многу', среќаваме: *блúзо, мáлко, нóпо, кóлко, тóлко, далéко, тáмо* (: *арно му-дујдé блúзо*; *ел пӯ́-блúйчко*; *зӑ́-мáлко дӑ́-сӑ́-стéпат*; *нóпо џӑнӑбéт дéте тóо вáшто*).

Во појужните села, онаму каде што се редуцираат вокалите во отворен краен слог се случува во брзиот говор *о* да се редуцира во *у*: *уп-тáму си-уддéх нӑ́-сéлто*; — *кóлку дӑ́-сӑ́-прáве, пá сӑ́ знá*; — *за-тóлку пáри не сӑ́-пӑзӑрúме.*

Зборувајќи за прилозите во овој говор да го споменеме и членувањето кое не се ограничува само на случаите кога тие ја примаат членската морфема од именката, како што е во литературниот јазик (*при многупте прачки. . .*, Граматика, 344), туку се јавува и кога прилогот оди со глагол: *дóцнуто дујдé, — дӑ́ не сӑ́-вáрниш дóцкӑнта, — нáпкунта стипнáа и óни, — нӑ́-рáнинта чух шаматá, — рáнто, уф-мýркаша кинисáа, — кáсӑнто ни дујдéа пóсте.*

9.2. Кај прилозите изведени од именки, како што е впрочем и обично, забележливо е присуството на остатоци од синтетичката деклинација.

Особено често се адвербијализирале состави од предлог и именка: *нӑпулвúни ѝ-давáл нпвте, — náисна* 'навистина' Гӑр, — *нӑдóло д-истéче, — уддóло úмиш нéшто* (облечено) Ал, — *пӯ́-нӑдóлу пу-фáти* Гав, — *нӑплáдне д-испáднум* Мал, во Градобор: *нӑ́-нáдвор // нӑóнка* (< *навонка*), но и: — *зӑ́-пунáдвор пијáх áпуве* (за вршење нужда), — *нáдвéчӑр* (и: *пӯ́-*

нáдвéчąр) *éла* Бег, *нąстрáна флизé, и їу-снимá* Иц, — *нăстрет дóнци-о*, — *нăсúла нă-мóже* (и: *ус-сúла нă-мóже*), — *нă-зáстринта дуjдé* (зн. наутро) Крец, во Амбар Ќој: *нăкусýро дуjдé и-óн* 'на крајот', — *нă-кусýрут к'и-úлáшум*, — *нă-сóне к'и-дójдé, нă-jáве к'и-úлáчиш*, — *úриквéчăр кō-нájш дóма* Гола, — *уд-здóлу сă-качú* Мор, во Амбар Ќоj: *удуздóлу*, — *úу-вичéри úрăфшăсáа* Каз, — *úу-дéне или úу-вéчăр*, — *úу-їăзúчки сă-влéче* Мут, — *шăрчише биздýша*, — *узóри стăнáх* Кал, *дувéчăр к'и-сă-измúм* Драг, — *нăмрáчкąша újше уф-нáс* Ир, *нă-земен їи-úуслах* Ват.

Бројната група прилози што потекнуваат од некогашните инструментални форми на *-ум*, преобразувани од *-ом*, овде се изгубиле. Синтетичките форми 'силум', 'вечерум', 'часум', овде по правило се изразуваат со предлози: *нă-сúла флизé и а-зé*, — *нă-чáс úде*, — *зă-чáс*, исто и: *уф-чáс*; — *нăвéчąр смéх, шаквú рабóши, а сéїичка úусто*.

Како реликт, со поширок ареал се јавува прилогот *крстумáшо* 'крснозе'. Освен во Кукушко се среќава и во Дојранско (ДГ, 79) и во Солунско (ДМГ, 174).

Форми на '-ум' исклучително забележивме во Амбар Ќој: *сè скрúшум рăбóшаш*; — *нúчкум бише úăднáл*, и уште еден пример во Гърбашел: *ним-сă-сăкăлдúсуви мăри, шáа рăбóша чáскум бúве*.

Исто така и сложените прилози, поточно композитумите од именка + старата демонстративна заменка **sь, *si, *se* во постпозитивен распоред од типот: 'денеска', 'есеноска', 'зимоска' во кукушкиот, а и во посеверните соседни говори (гевгелискиот и дојранскиот, ДГ, 79) не се употребуваат. И В. Илиќ[101] наведува повеќе дијалектни материјали, според кои во овие регии односниве прилошки композитуми не се употребуваат. Меѓу нив се споменува и Словникот . . .[102] од Солунско, од М. Малецки. Обратно, односната заменка се забележува во др. сложени прилози, но во нив таа има препозитивна употреба: *снóшши рáно си лиїнá*, во западното наречје: *синоќа*.

---

[101] В. Илиќ, Временско-семантичките ориентации на композитумите *летоска, есеноска, зимоска, пролетоска* и *денеска, ноќеска*, MJ, г. XI—XII, кн. 1—2, стр. 183—201.

[102] M. Małecki, Dwie gwary macedońskie, II, Słownik, Kraków 1936.

Како кај прилозите во предлошки конструкции, исто така и кај оние што се употребуваат без предлози неретко се среќаваме со остатоци од некогашните коси падежи: *ѓо́р(ц)е дó-о-устáјш* 'горе да го оставиш', — *дóлце сă-свăлú* 'долу се симна' Ним, *ѓóри бих* (: горе) Град, *дéне нé вăрлýве* 'дење го нема', *нóк'е нé рăбóшăхме*, сп. и *пуснóпца* 'нешто во голем број, или на куп': *пуснóпца бúше пут крýшта* АЌ — остатоци од стариот инструментал од женски род (Б.К., Граматика, 345).

Во кукушкиот говор прилошките образувања на *-ечки, -ички* не се многу омилени, сп.: *пуѓăзúчки // пу-ѓăзут сă-влéче, — săднúчки óде, — ќурлимúчки* (*óде*) 'невнимателно', *сè нимúчки рăбóше*.

9.3. Прилозите изведени од заменки се јавуваат со различни значења, но како да превладуваат оние што означуваат место: *вам* (*ел нă-вáм*), *вáки* (*óди вáки*) Ал; во Градобор: *вáка* (*дójди нă-вáка*), *шáмă* (*шáмă бих*), *шáшки* 'таму' и *шат* (*нă-шат // шáшки бих*) Гăр, *удăнáт бих* 'бев онаму, на др. страна', *шýкшаká* 'овде', *шáмшăká* 'онаму' (: *ká ѓуцаснáх, дур шам-шăká сă-нăјдé*) АЌ, *шýка* (*уштýк дă-нé мăрднум*) Мор, *нáм* 'онаму' (*нă-нáм си-óјше*) Бег, *нáки* 'онаму' (*нă-нáки сă-слимнá*) Кал, во Градобор *нáка* (: *нáка нéма нúкуј*), *шóѓи* (: *дур шóѓи к'и-вúдиш*) АЌ, во Пат: *шóѓин*.

Во Карадагот превладува прилогот *дека*: *дек ќ-óдиш, дéк бúше, дéка мо-ј нѓ'вша*? Мор, обратно, во говорот на Полето почесто се јавува формата *кăде, кăд*: *кăд-нáс бúше, ду-кăт стиѓнá* АЌ, *кăт кој к'и-нájде, кăде них о-устáвú* Иц, од Градобор: *кăдé к'и-ѓи нóсиш*?, *кој кăдé знáј, кăдé д-óде, кăт ќ-óдиме — они-сă-лиѓнáти*.

Сп. уште: *шóлко нарóт, шóлко пáри, кóлко извăдú*?, *вóлко, онóлко* (само во иронични состави: *ним ми кажýви вóлко-онóлко*), *зăшó сă-скăрáше*?, *зашó не-с-úде*?; зборот *шо* се употребува со значење: 'колку многу' (*шо нăрóд измрé*; — *шо пáри збráме*).

Од примериве се гледа дека повеќе од прилозите имаат двоен изговор. Многу често се јавуваат со елизија на вокалот од последниот отворен слог, а понекогаш отпаѓа и целиот краен слог: *дек* покрај *дéка, шук* покрај *шýка, кăде* покрај *кăт, шам* покрај *шáмка, сă* покрај *сéѓа* и *сиѓúчка, кóѓа* покрај *ка*: *ка-й-пудбрáх, сăфú* и *сăфú и-нăпрăвúх*; — *ká сă-прăбráхме сúше дóма*; *кáмо* покрај *кам*: *кам ши-ј друѓáрто* (в. 2.7.1. — 2.7.4.).

9.4. Бројот на прилозите изведени од броеви не е многу голем, а како специфичност треба да се споменат одредени фонетски промени. Сп. *еднóш* АḰ, во Драг: *еднýшка о-видéх*, *зāāднóш истāрчá* (зн. веднаш), во сложените со *йāш(ă)*: *друкйāш*, *сáмо адúнйāш*, *трúйāшă*, во Мутулово: *двéйāш*, паралелно со нив: *дваш*, *трūш* (: *и-двáш и-трúш си-зé* — *тūкажáх*).

Како во соседниот дојрански говор (ДГ, 80) и овде среќаваме интересни образувања од број и именка: *аднарóнка йусидé и исūадná*; — *аднарóнка си зé*: со исто значење (= малку).

9.5. Во образувањата на прилози од глаголска основа забележуваме извесна ограниченост. Така не само што отсуствуваат оние на *-ица* ('трчаница') и на *-ана* ('трчана'), познати од западното наречје, туку не се среќаваат и оние на *-шчим*, *-шчимица* (*викáшчим*, *удешчимúца*), познати во соседниот воденски говор (ВГ, 63).

Како посебност на овие говори треба да ги споменеме глаголските прилози со наставката *-ник*, *-нúй*: *тāрчāнúк си-утúйāх* Крēц, *сè нā-вāркāнúк рāбóте* Гāр, *нā-вāркāнúй дуйдéх* АḰ. Во пунктот Мутулово запишавме примери на *-јк'ин*: *смијájк'ин* и сл.

Спорадично може да се сретнат глаголски прилози на *-ком*: *крāдéшком úде*, *тāрчкóм сā-вāрнáх*. Вакви примери имаме забележано само кај одделни информатори, обично мажи, и многу е веројатно дека се нанос од страна.

Меѓу глаголските прилози треба да ја споменеме и формата *сāшти* (стсл. бꙑти): *сāшто сā-ублéчуваш*; — *сāшто умéсе нā-браш-му*; — *сāшто īувóре куш-májка-j* Гāр.

9.6. Прегледот на прилозите ќе го дополниме уште со неколку карактеристични примери. Прво да споменеме дека меѓу особеностите што го одделуваат говорот во Полето од оној во Карадагот, спаѓа и прилошката форма *удéве*, *удéвце* што се јавува во Карадагот, наспрема *йрéī'е* // *йрéī'и* во Полето. Сп.: *удéве īу-видéх*, *удéве дýрми бише тук* Штем. Оваа прилошка форма претставува зачуван архаизам, сп. стсл. давѣ, рус. *давеча* (одамна).

Паралелно со прилогот *сеūне* 'после' (: *сéūне сāскāрáа*) се употребува и *нáйкум*, *нáйкумце* (кор. во стсл. конецъ 'крај'): *нáйкум сā-вāрнá сам* Мор. Овој архаизам се јавува

и во материјалите од Ватилак: *наїкун Милош киниса род руднини, да їи їости, и їобраштиме.*

Во раскажувачкиот стил со значење на *сéштне* и *нáїкум* (*нáїкун*) се употребува и формата *уштáм*: *уштáм он уддé на-мójште увчáре, — уштáм са-размислúх за-мójште мăлéчки* (супстантивирана придавка) Иц, од Ватилак: *ош шам їой Антимо, одејки на Света Ванїеристра, минува ош Гроздината куќа.* Се случува да се употребат двете прилошки форми една до друга: *уштáм, нáїкун си-устанáх дóма; — уштáм сéштне, їлачéјк'ин си-їу-зé дéштто* Мут.

Меѓу прилошките специфичности, на лексички план, да ги споменеме уште примерите: *їúкуїа* 'ничкум': *їúкуїа // їúїка сă-бише їулуїúл* (зн. се беше ничкосал), сп. *куї, куїче*? Мут, *їájре* 'веќе' — се јавува само во северните села: *їájре нă-мóжум; — ишше їájре сă-нăл'ушúх* Грам; *штошо* 'наместо': *штошо дă-си-дójде нăвréме дóма, он шкúше* Гăр; *мăкăма* 'тајно', 'неочекувано': *мăкăма рăбóше, мăкăма áше* (кучето) Мут; во Гăр: *нимúчки* и *мăкăмо* (*сè-мăкăмо ù-прáве; — нимúчки о-їуїлăвисá дéштто*); — *кулинúчки лиїнá* 'мешечки' Гола.

Не е мал бројот на оние прилози што се изделуваат било на фонетски, било на зборообразувачки план: *ним чéки дă-сă-чúне дóцкăна* 'доцна'; — *шăїăрва к'и-сă-жинýве* (зн. допрва), со исто значење: *énус* (*énус му-шикнá дă-сă-удумăкúне; — énус к'и-сă-їпрáве мóма, ká-ј їуминáа їудúнкише*) Ир; — *н-óїко їи-фáше* 'наопаку' Гăр, *нă-стрéди му-шýри // нă-стрéш; — уш-їантивéк ej-шаká; — шăкá їерé к'е-ј* 'така ќе остане' Мут; — *идвáјм сă-рăзбráме* 'одвај', *уфчéра* 'вчера', *нéшре* 'внатре' Ним, исто: *вăшре* Ал, Крец.

Покрај *мáлце* во Мутулово запишавме и: *трóшка* (*адна трóшка ми-дé*), во Гăр: *з-áдна рóнка сă-скăráа*, уште: *удsăди, нăїрéш // уднăїрéди, дудéка // дудéк, кăсно сă-вăрúне, óше // óш* (: *ош ши ми-си-кýсо шýка*), и редуцирано *уш* (*уш їулвúн сáаш к'и-дóош*).

Една од специфичностите претставува и честата употреба на сложени прилошки изрази од предлог и глаголска именка: *нă-јáдинто нă-зăвăрúа* 'нè затекнаа кога јадевме'; — *нă-кинúсувне сă-стрише́ме* 'нè сретнаа кога тргнувавме'; *нă-заддувне к'и-ш-óјме* и сл.

9.7. Прегледов на прилозите би бил непотполн ако не ги споменеме позабележителните турцизми: *ачи́к-ашкире́* (*ла́же*) 'очигледно'; — *сѐ а́н-ка̄а̄ си́ уста̄ви́л* 'оставил сѐ отворено'; со исто значење: *дӑ-н-уста̄ви́ш ачи́к*; — *а̄са̄зда́н сӑ-здӑге́ уд-не́ī̄ин* 'одненадеж се појави'; — *сӑлге ми на̄ве́лиш* 'постојано ми префрлаш'; — *ѓо́мити сӑ-брӑша̄иса́ли* 'божем се смириле'; — *ајл'а́к се́ге, ајл'ака̄и́суве*; — *ма́ксус ним ī̄и-уста̄ви са́ми* 'намерно не ги оставај сами'; — *ма́ксус не́ сӑ-вӑри́не* 'намерно не се враќа'; — *ма́ксус дујге́ баш сиī̄и́чка* 'намерно дојде токму сега'; — *ќуша̄е́н не сӑ-души́куве* 'воопшто не се сеќава'; — *бајá сӑ-зӑулави́* 'многу се задржа'; — *алта́-бӑлта́ рӑбо́та̄е* 'работи на две на три'; — *ба́м-бӑшка́ ī̄и-нӑ̄правѝ* 'ги направи за никаде'; — *му́та̄лак дӑ-го́јдӣиш* 'сигурно да дојдеш'; — *ī̄е́ч-еј* 'доцна е'; — *чи́р-а̄ала́с сӑ-чина́а* 'насекаде се израстурија, кој каде знае'; — *ја̄ом сӑ-чи́нѝ* 'исчезна без трага'; — *а̄ишѝ́н та̄ре́бе дӑ-а̄иче́лиш, се́та̄не дӑ-а̄ра̄иш* 'прво'; — *уа̄а̄ишѝ́н не ī̄ува́рше та̄ка́*; — *нӑ-кусу́ро // нӑ-кусури́ата и ас не́ сум уа̄-ка́мин* 'крајно и јас не сум од камен'; — *сӑкӑн* 'никако'.

9.8. Степенувањето на прилозите што означуваат качество или количество е работа позната и од други говори (Граматика, 344). Сепак ни се чини дека оваа особеност овде е поизразена, дури има случаи кога се употребени и двата степена: *он на̄ја̄о́вик'е ли́ри и́мше*; — *за́а̄ен та̄и си на̄ја̄о́вичко криф.*

Сп. уште: *на́ј-на̄ī̄о́рце ста̄о́јше*, — *на̄ја̄о́виско́ сӑ-качи́ мо́ја̄о де́а̄е.*

ПРЕДЛОЗИ

10.1. Кај предлозите забележуваме извесен број посебности, не само на фонетски односно на зборообразувачки план, туку и во поглед на различните значења. Основната фонетска карактеристика на овој говор, што не можела да ги одмине ниту предлозите е редукцијата и елизијата на неакцентираните вокали (*а̄у-ре́кта нӑ-ī̄о́ре*). Натаму од зборообразувањето треба да се спомене удвојувањето на предлозите (*врӑ-ис-ка́минуа̄, зӑ-нӑ-а̄о́л'то*), а во врска со значењето прави впечаток проширената служба на одделни предлози, пр. на (предлогот) *на*: *а̄у́ге нӑ-мо́ја̄е увча́ре.*

10.2. *врз(с)*. — Овој предлог се јавува главно со просторно значење, што е познато и од други говори: *вр̆ъзмлéко р̆ъкúа не óде*; — *вр̆ъс-кóкъ̀л'то нéма ајн драм мéсо* Мут.

Неретко го срекаваме удвоен со предлозите *на* и *из*: *нъ̀-вр̆ъс рúйчката о-турú јáдинто* (*рúйчка* — дем. од *риза* 'крпа'); — *нъ̀-вр̆ъс чурáпто úдат скóрните* (*скóрни* 'вид длабоки обувки') Штем.

Во Амбар Ќој предлогот *врз* се јавува во комбинација со *из*: *вр̆ъ̀-ис лéста съ̀-нъ̀фъ̀тúло бъ̀рлóк*, но и: *нъ̀-вр̆ъс нéго си-бúше фъ̀рлúл пукрóвут* (зн. дебела покривка „р̆ъзбъ̀ркино уд-вáлна и кóзина“).

10.3. *до*. — Основното просторно значење на овој предлог е дека нешто се наоѓа непосредно до друг предмет: *стинáхме ду-вр̆ъскр̆ъ́сница*; — *ду-съ̀мъ̀лáко* (зн. плевна) *о-устъ̀вú* Ир.

Со него се укажува и на достигање до одреден сегмент од временската оска: *уд-Митрóвдин ду-Ѓурѓóвдин*; — *уд-зилéно ду-зилéно* Ним.

Иако поретко, предлогот *ду* се јавува и за изразување на приближна бројност: *му съ̀-дáли ду-ил'адáрка ут-кúло*; — *и съ̀-чинúла иргéнка ду-тинáјсе гудúни* Мор; — *дъ̀-úмше, д-úмше ду-две мицидúи* Ал; — *ду-кът тинáјсе кúла тéгле* (зн. приближно толку тежи) Гър.

Изразувањето на приближност особено се забележува кога предлогот *до* е во комбинација со зборо формите *къ̀де* (*кът*) или *колку*: *ду-къ̀д нидéл'а к'и-си-дójде*; — *ду-къ̀д р̆ъчóкут к'и-тр̆ъ́фтáсът* Грам; — *ду-кóлко дъ̀-бъ̀ркум*? // *къ̀квá цéна дъ̀-дъ̀ржум*?

Извесна „приближност“ или „неодреденост“ се изразува со истава комбинација и кога се укажува на место, пр. во изразот: *бих ду-кът бáч-Вáнуве* — значи бил само на минување, не влегувал внатре; — *ду-кът тъ̀зъ̀рúш:то уддéх*.

Со истиве предлози се изразува и приблизна оддалеченост: *кóлко-ј дъ̀лéко*? — *ду-къ̀д Мъ̀нътóло áнцък д-úма, тóвик'е нéма* — овде просторната отсечка е ограничена само со крајната точка, а почетната се подразбира, има примери во кои се назначени и двете точки: *ут-тук ду-къ̀д Бъ̀јрък-тáрци*.

10.4. *за*. — Овој предлог во Кукушко, како и во литературниот јазик, има широка употреба, се јавува со различни значења, пр. за намена или цел: *къ̀квó јáдне за-мójте дéца*,

шäквó и зä-нéїувше; — *шóо нек шé-ј зä-акáл, зä-друк пäш* Шек; — *прáво пúше зä-мáјкä-му*; — *їу-спрéмаш зä-дéвир* Гäр. Се среќава во состави наместо предлогот 'по': *бих зä-вóда* (*зäдáрва*); — *свáшувшо кинисáа зä-нивéсша*; или наместо 'во': *ним сä-кáлни зä-мéне*.

Овој предлог уште покажува каков станал некој (нешто): *мóмша сä-чинúла зä-мäжýвне*; — *врéмшо сä-чинúло задош* (се сторило за врнење).

Во материјалите од Верковиќ предлогот *за* го среќаваме и со значење на 'на': *ки вäрзаш за јунако една кишка*, односно 'од': *и му даде за пиле млеко*.

Неретко го среќаваме со други предлози, засилувајќи ја целноста: *кá сме идéли зä-нä-вáки*; — *зä-прäш-свéш не сум ублéчин*;— *двýјца їóли за-уф-бájна* Гäр; натаму во состав со *да*: *зä-дä-сä-брäшшúсäш* 'да се помират'.

10.5. *заради*. — Како другите, и овој предлог се јавува без акцент, и затоа обично се редуцира во формата *зäрди*.

Се употребува со каузално, односно финално значење: *зäрди шóо о-фäрлúли нäшре нä-мóршо*; — *зäрди кóмкаша сшанáхме ráно*.

10.6. *из*. — Веќе рековме дека овој предлог се јавува комбиниран со други предлози (*за-из*, *до-из*). Така е според нашите записи, меѓутоа во пишаните материјали се забележува и негова самостојна употреба, со основно значење: управеност, движење. Сп. *сус пајшóну си шéше из їрáдуш*. Иако примерите се малубројни, сепак дека не се работи за превид на запишувачот ни зборуваат од една страна сложените форми забележани во директно анкетирање: *сä-ублéчуве само зä-ис-чäршúша*, исто: *зä-ис-пóл'шо* Мут, а од друга страна истава предлошка форма ја има запишано К. Мирчев, во не така далечниот неврокопски говор: *из-д'ásна сráна* (НГ, 110).

10.7. *дека*, *кäде*. — Овие форми се употребуваат паралелно, сепак првата превладува во Карадагот, а втората во говорот во Полето.

Употребата на предлогот *дека* (*кäде*) во југоисточните говори, респ. и во кукушкиот е проширена бидејќи тој се јавува и наместо предлозите 'кон' и 'кај' ('накај'). Ги има следниве значења:

— наоѓање при некого или нешто: *ни́вăта ми би́ше кăде уīре́јва* (но и: *нă-уīре́ј слăнце*); — *и-би́ше збра́л о́вците дек вудни́цта*; — *дек ре́кта, дек не йе́ăт йе́тлите*; — *седна́ кăде че́шмăта дă-că-издýше* Мут;

— насоченост, движење: *о́де кăт Со́лун пăт*; — *вăрвăт се́куј кăд до́ма-му*; — *к'и-că-ди́пнум на́йкум, к'и-о́дум кăд Ватилак.*

Во некои случаи значењето е надвор од просторноста: *сè уд-де́к них си* 'секогаш ги застапуваш нивните интереси' Гăр.

— со временско значење на приближност: *кăде Кăрстóвдин*; *кăде нидéл'а că-вăрна́а.*

Предлогот *кăде* (*кăд*) со *нă* и *ду* образува сложени предлози најчесто со значење: движење, управеност:

— *нăкăде*: *уддéли нăкăде вăлдикта дă-că-йи́тăт*; — *а йă ѓа́вулут īу-йадна́ло мăка оти убăрна́ли нăкăд не́īо* Гăр.

— *дукăде*: *мóмта ýмрăна и ѓýйката īă-шутна́ла дукăде суфа́та*; — *не́мă брă-си́нко, нă-мужéх д-о́дум дукăт йаза́ро* (в. 10.3.) Ир.

— *утукăде* (*утукăт*): *о́ни сjă не īă-иска́рат мóмта утукăт ко́лта, că-йла́шат дă-н-că-чи́не не́што*; — *и така́ се́īа к'и-бе́īат утукăде думăзлăко* (зн. долниот дел на воденицата) Ним.

10.8. *като*. — Дејството на комбинирани фонетски фактори: редукција и асимилација (в. 2.8.) видливо е изразено во предлогот за споредување *кутy* (< *катy* < *като*): *кутy му́а биз-īла́ва* 'се кажува за човек што не се контролира' Ал;— *кутy-тво́јто де́те мо́ж-д-и́ма и нă-дрýīо ме́сто*; — *до́бро ве́ле, ама тăкви́ до́ктуре кутy-те́й ас-īи-ко́л'ум.*

10.9. *меѓу*. — И овој предлог е изменет со редукција и асимилација (*меѓу* > *миѓу* > *миī'и*): *а йă ко́шта нă-иди́н дăй миī'и īра́нките īă-устăви́л*; — *миī'и йăзарми́јте că-скри́л*; — *că-бутна́л миī'и л'ýјто уф-кăвине́то* Гăр, — топ. *Миī'и-Две́те Ре́ки* Град.

Основното пространствено значење на предлогот 'меѓу' е дека „нешто се наоѓа во просторот што дели два или повеќе предмети, или пак воопшто во средината на повеќе предмети".

Разгледувајќи го јазикот на материјалите од Верковиќ[103], Лавров, меѓу другото, се задржал на овој предлог, имено му направиле впечаток некои „интересни и чудни примери", како што вели тој, во кои предлогот 'меѓу' е поврзан само со една именка: *во една кал меѓу една вода*; — *сшар човек седи меѓу пăшјуш*. Во првиот случај се работи за материјална именка (*вода*) којашто може да се сфати и како множинска, а во примерот *меѓу пăшјуш* (седи некој) значењето на предлогот веројатно се поврзува со фактот дека патот има два краја.

Во овој говор и според материјалот од нашето анкетирање, ваквите образувања не се туѓи: *сă-скрúй миī'и ичумéнуш*, односно: — *миī'и дăрмăлăкуш* Ал.

10.10. *на*. — Со право се мисли дека „ниеден предлог во македонскиот јазик денеска нема, ниту пак достигнал некогаш толку широка употреба колку предлогот *на*"[104]. За широката употреба на предлогот *на* во нормативниот јазик слично искажување среќаваме и кај Конески (Граматика, 519). Оваа мисла што важи нашироко за нашиот јазик, посебно значење има за југоисточните говори во кои предлогот *на* покажува голема експанзивност. Покрај првобитното пространствено значење за место и правец „со предлогот *на* почнале да се означуваат и темпорални, модални, квантитативни и други односи. Освен тоа, тој презел некои служби и од дативната и од генитивната падежна форма (да означува посесивност, намена и др.)". Па дури има и случаи кога предметот во реченицата иде со овој предлог: *īучнáл дă-īу-īóне на-брáш-му*; — *нă-зăкăрáа нă-нáска ус-чăсăвój*; — *вăлдúкаша о-викнáла нă-сирумáјуш*; — *и он īу-īуслушáл нă-шáшку-му*.

Инаку, првичното значење на предлогот *на* било да укажува на „положбата згора врз нешто ... Од ова основно пространствено значење се развиваат и други повеќе или помалку оддалечени од него, според изразот".

Во таа проширена употреба на споменатиов предлог поимот место се сфаќа и пошироко, делумно и како положба

---

[103] P. Lavrov a J. Polívka, цит. раб., стр. 325.

[104] Б. Корубин, Употребата и значењата на предлогот *на* во современиот македонски јазик, MJ, V, кн. 1, стр. 30.

во внатрешноста: *на-дуќан*, — *на-пошта* и сл. Ова особено важи за долновардарските говори во кои предлогот *на*, независно од првобитното просторно значење: да укажува дека нешто зазема положба врз извесна површина, се јавува и со значење на предлогот 'во': *дă-ми-фăрлиш нéпри нă-мóрипу* Иц; — *пá флизéл он нă-сăндăко* Мор; — *как зé стрáх и сă нăпикá там на пúквите и ич нé прăјувýри*; — *кундисáа Гăрците нă-кăш:та нă-кăпитáн Тóшо* Ир; — *нáйкун зúмах ут-чурéште и си-фăрл'ах нă-кóшница* АЌ.

Предлогот *на* наместо 'во' поретко се јавува и во литературниот исказ, но само со географски имиња: *на Велес*, *на Крушово*, *на Стамбол*, иако пообично е: *во Велес*, *во Прилеп*.

Разлика во значењето забележуваме и во синтагмите: *на Вардар*, *на Струма*, кои можат да се сретнат и во наддијалектниот јазик, но со значење 'покрај Вардар' (*се сончаше на Вардар*), додека во односниов говор тие укажуваат на внатрешноста од одредена средина: *нéк сă-фăрле нă-Вáрдăр*, значи: . . . во Вардар.

Предлогот 'на' нормално се јавува за означување на подолг период од временската оска, пр. *на-пролет*, или со имиња на празници, означувајќи го времето додека трае празникот, пр. *на Велики пости*. Во овој како впрочем и во другите долновардарски говори, неговата употреба со временско значење е поширока: *к'и-óдах на-вичéрта*, *к'и-кундúсах нă-кăтут*; — *кóја нă-мрáкут кинисáхме нă-Грăмáцкуто пăтче* Ал; — *нă-мójто врéме нéмше училúште ни нă-Жéнцко*, *ни нă-Крéцуво*.

Посебно ќе ги одделиме примерите во кои со предлогот *на* се означува куса временска секвенца, определен момент: *рýчме нă-двăнájсе сáато*; — *на-читúри сабájле ги-бýјше бурúата*; — *нă-стрéт вéчăр шитáли вăмпúрто* Гăр.

Овој предлог се јавува и со значење на движење, односно покажува правец во кој се врши дејството: *сéкуј нă-нéгуфта вудни́ца си гă-вăрте*; — *прáво нă-нáс удрúа*; — *дă-ви нóсам нă-тéта*; — *к-óдиме нă-мájкă-ти* Град; — *нă-пóстăр не сăдúте рăка* АЌ.

Со значење дека некој (нешто) се наоѓа при некого или нешто: *и кóја сă цинú тоо дéте нă-негo* (да му пáсе дубúците); — *к'и устáнам нă-вáс нă-гóсте*.

Покрај пространствено предлогот *на* има и други значења, пр. за одбележување на припадност: *нă-сéстрăта нă-нéїо* (зн.: на неговата сестра).

Натаму предлогот *на* со некои именки (придавки) се јавува со прилошко-начинско значење: *сè нă-крăф їлéде* (: секогаш е расположен за тепање); *—нă-тăрне сéде* (: многу му се брза); — *ним їă-фáшти нă-инáт* (: немој да се инатиш).

За широката употреба на предлогот *на* указателни се уште и следниве случаи во кои стои на местото од други предлози:

на м. 'по': *уддé нă-врáїут*; — *пет їýдини нă-рéт*; — *сă-лăзнá нă-кирмúјте*;

на м. 'над': *нă-їлáватя ми-стóо*; — *нă-нéїо ус-кăлăчки зăстăнáли*;

на м. 'со': *нé ни-а-зимá нă-сúла*; — *нă-árно а-фăтúрăбóта* (со добро почна);

на м. 'врз': *дă-сă-кáчме едúн нă-друк*;

на м. 'за': *сáкише ту адна лúра нă-браф*; — *ним сă-фáшти нă-зúдо*.

Ваквата пренагласена употреба на предлогот *на* е заедничка особеност на поголем дел од јужните македонски дијалекти. Сп. примери од непосредните соседни говори: солунскиот — *тој отишел на колибата и видел там еден кош и си пикнал на него* (MJ, V, 1, с. 31), дојранскиот — *к'и нăпрáвте ут-смóква фак и он к'и сă-фате нă-фáко*, гевгелискиот — *жúвут нéма їáаре на нáс* ГГ, 95; авторот Д. Иванов последниов пример го споменува со коментарот: „*на* е употребен во смисла на *за*". Слични примери забележивме и на исток во серскиот говор: *к'и-їу туриш нă-устá*; — *нă дванáјсе сáато*; — *нă-пéчката* (ставил дрва) Сав, на запад во Гуменца: *ак сáке нек сă-скрúе нă-дăрмите* (во грмушките).

Иста е состојбата и во крајните југозападни говори, во Костурско, таму имаме забележано вакви примери: *пăрите на жéбо* (си ги ставил) Вăмбел. Оттаму се и примерите: *Јáска спúја на-плéмната — говéндата се-ráне на-плéмната*.

10.11. *низ.* — Карактеристично за предлогот 'низ' е дека се јавува во комбинирана форма со 'на': *нă-из úплини ýши сă-нăвúре*; — *нă-из ýште му сă-прăзúрке*.

Како специфичност за југоисточните говори треба да го истакнеме фактот дека основното пространствено значење на предлогот 'низ': управеност надолу по некоја површина, не се среќава, туку тоа се изразува со предлогот *по*: *сă-испуштú кóлта нăдóлце пу-баíруш*.

Напротив, овде со предлогот 'низ' најчесто се изразува движење по рамна површина: *нис-снáiата трáйки мă-пулăзáа*; — *о-рăспуслá фăсýл'о нис-трéмо*; — *сă-рăспилијáхме нис-свéшуш*; — *и-рăзридúх низ-лéста кужýрците*.

Второ значење на предлогот 'низ' е излегување низ одреден простор: *дýшта низ-нóсо ми-излизé*; — *низ-баџиникýш испаднáл нăвóнка*; — *нис-прстăн дă-сă-прăвúре* (песна).

Како варијанта на ова значење ќе споменеме примери во кои значењето на односниов предлог е многу близу со она на предлогот 'меѓу': *низ-ирáмто клáј шитýн мóлците дă-бéiаш*; — *нис мисúркаша сијáхме нéкуј кóрин фасýл'*; — *нис-стáрше úмше пу-нéкуј млáш*: — *низ-мăјшто к'и-вúјш и пу-нéкаа жéна*, што означува дека нешто се наоѓа во средината на повеќе предмети.

10.12. *од*. — Се јавува само во проклитичка служба и затоа редовно се редуцира во *уд*. Освен тоа треба да истакнеме дека во Амбар Ќој, односниов предлог се јавува во проширена форма: *удă Бужúк ду Вудици*; — *удă нúх о-зéх*; — *удă-óфцаша сă-испăлăшú*. Предлогот *од* проширен на истиот начин се среќава и во срхр. говори, но тоа таму се случува ако предлогот се наслонува на зборформа што почнува со согласка.

На долновардарските говори не им е сосема туѓо изразувањето на припадност со предлогот 'од', сп. примери од Кукушко: *уд-сéстра-ми дéшто о-прăчикáл*; — *шаа мóма-ј уд-Вашúл'*; — *уд-два брáша бúха*.

Во врска со пространствените значења на предлогот *од* треба да истакнеме дека овде се употребува со значење на 'низ' и покажува провирање низ нешто, но само кон надвор; *испаднá уд-врáшта нăвóнка*; — *уд-бáцаша нă-гóре излишé*; — *рипнá уд-пиџéркаша*. Ова е близу со значењето "пределна точка од која почнува оддалечувањето"; сп. *уш-шáркăша нăвóнка-ј* 'нешто во преголема мера' (обично со негативна нијанса), сп. уште: *уд-акăл мă-извăдú*.

Покрај другите значења како специфичност треба да се истакне неговата употреба паралелно со *по* со значење: последување во времето: *уд-нéкоо врéме сă-зимáа* (зн. се венчаа по некое време); — *уд-нéкоо врéме си-чýх лáфуве*; — *уд-нéкоо врéме исйáднá нă-миɟáн сúчко*. Има случаи кога за засилување се додава и прилогот *сетне*: *уд-нéкуј ден сéтне и он сă-вăрнá*; — *уд-Илúндин сéтне сè к'и-здрéе*; — *уд-свáдбăта сéтне сă-скăрáа* Шек.

Сложен со други предлози:

оданăт: *удăнăт рéкта-ј цăркăфта*; — *удăнăт Вилúнци* Гăр;

отăт: *отăт нáшто јóнце*; — *уттăди буни́ш:то* Ним.

10.13. *околу*. — Во употреба е фонетската разновидност *кулу* со општопознатото просторно значење: опкруженост. Сп.: *му-чукнáл дистúна кирвúй кулу дúбут* (*диб* зн. дно); — *и-извăрsáл кулу крýшта* АЌ.

Во Савек запишавме интересна форма во комбинација со предлогот *из*: *изоколо на вăршúлту*; *вршило* зн. 'гумно'.

10.14. *освен*. — За означување на изземање покрај предлогот *усвéн* се употребува и *мăдáф* (турцизам); сп.: *усвéн ɣýпката ни́куј друк не флизé дóма*; — *мăдáф кóјсте нимáл ни́што друɣо*; — *тóо дéуто мăдáф óрăнто друɣа рăбóта нимáл* Мут.

10.15. *по*. — Веќе истакнавме дека овој предлог го изместил предлогот 'низ' со значење: управеност надолу по некоја површина: *пу-скáл'те нăдóлце*; — *пу-кирмúјте нă-дóл сă-лăзнá* и сл.

Во врска со значењето на последователност треба да истакнеме, како специфичност, дека кога таа последователност се однесува на време, како што рековме, паралелно со 'по' се употребува и '*од*': *уд-нéкуј ден сéтне*; — *пу-Питрóвдин здрéат*, а *по* се јавува и кога се укажува на последователност во редот: *Нáсо óјше прăф*, *пу-нéго бúа друќте*, паралелно со: *зад-нéго бúа друќте*; сп. уште: *пу-стăпките му-óде* 'му ги бара грешките' Ал.

Ретко, веројатно под влијание на говорот на „староседелците" освен со *уд* и *пу* временска последователност се искажува, а тоа е меѓу специфичностите на источните говори, и со прилогот '*после*': *пóсле тоо нек сă-искóл'ат ак-сáкат*.

„Во изрази што значат неполна облеченост“, предлогот *по* многу често е заменет со ’на’: покрај *пу-ја̀шти бу́ше*, пообично се јавува: *нӑ-ја̀шти избија̀л*; — *са́мо нӑ-дула́ма* (зн. кошула) *ју-бу́а пушти́ли* Ир.

Предлогот ’по’ го среќаваме и со значење на мерка, во одредени случаи речиси установена: *нӑ-де́н пу-а́јн арши́н шка́јше*; — *нӑ-де́вирто пу-а́јн ка̀т и-дӑрува́* (зн. по комплет долни алишта); — *пу-сумы́н нӑ-ден ја́дӑхме* Кал.

Во комбинација со заменката ’некој’ означува приближност, но се потенцира малата количина: *ни да́ваа пуне́коо ки́ло бра́шно*; — *пу-не́кој бу́а буја̀ти* (зн. ги немало многу на број); — *пу-не́кој не́-сӑ ни-вӑрна́а*; — *пу-не́каа бу́ше у́чина* Гър. Или со значење на повременост: *ка́-ќ ши-ка́же пу-не́ка̄, дур дӑ-сӑ-чу́диш* Шек.

10.16. *по̄зади*. — Веќе неколку пати го истакнуваме фактот дека во овој говор употребата на сложени предлози е релативно честа. Меѓу нив треба да се спомене и предлогот *пузъ̀т* (*пузди*) со значење дека „нешто се наоѓа непосредно зад некој предмет“: *пузъ̀т-пича̀лто о-уста̀ви́л ‚пузди ад-на ју́да*; — *пузъ̀т-ме́не сӑ-нӑрида́ли сите*; — *уф-сла́мта, пузди-ко́шо сӑ-бутна́л* Мал.

10.17. *по̄ради*. — Овој предлог, во редуцирана форма *пурди* се јавува со исто (причинско) значење како и *зӑрди*, но со поголема фреквентност. Сп.: *пурди сӯш̄то и суро̆фто јо́ре*; — *пурди што́ ѝ-би́ло стра́х нӑ-ли́шишта прӑд-ва̀лко д-испа́дне* Гър. — . . . *пурди што́ му-но́се ја̀ва̀та* (зн. може да испие многу); — *бра̀што но́ја̄ у́бувo пуминува́ли и пурди што́ ќа́вуло мӑчи́л дӑ-ји-ска́ре* Грам.

10.18. *пре̄з*. — Овој предлог спаѓа меѓу специфичностите на југоисточните говори. Во Кукушко се јавува нашироко со значење на:

’низ’ — со пространствено значење (движење, правец): *сѐ пре̄с* (*прӑс*) *мо́јте рӑце-ј пумина́ло што́* (зн. јас сум го создал тоа); — *што не́-ј пумина́ло прӑс-та́а ја̀ва*; — *мина́хме пре̄с мо́стут, пре̄с Стру́ма* Ир; — *чи́ниш прӑс // прӑки пле́т не́ виде́л* (зн. многу неупатен); — *прӑс-прӑсте му-пле́де* (зн. му попушта) Гър, последниве два примера се со преносно значење; сп. уште: *прӑс пӑза́ро пумина́х ама ништо не́ зе́х* Мут;

'во' — со временско значење: *прăс-нидéл'ша ќă-свăршме шáа рăбóша* (зн. во текот на неделата); — *прăз-ден дă-свăрниш* (зн. да си дојдеш додека се гледа); — *сáмо прăз-дéлник рăбóше* Ним;

'по' — со пространствено значење (одозгора): *ýдри-о прăз* (*прăки*) *ýста дă-зăмóлче* Мор; — *прăс-прăсто мă-чукнá* Крец;

'врз' — со пространствено значење (врз целата површина): *прăз-н'ō о-прăфăрли* (зн. стави го врз него); — *прăз-дулáмша нéмиш нúшто* Гола; — *нăфăрли шор прăс-шáхше* (фрли ѓубре врз леите) АЌ.

10.19. *преку*. — Се јавува во редуцирана форма *прăки*, со пространствено значење „преминување по предметот од едната на спротивната страна": *слýши, му-вéле, ка к'и-шдáде злáшн'уш пăмпóр дă-прăмúниш прăки Гóл'уш, на-дрýкша крај*; — *ју-уднéл прăки дéвиш вóди*; — *сáа, ричéл мăлéчкō, прăки шó к'и-пумúнме* Иц.

Освен движење означува и простирање преку одредена површина: *прăфăрли-о прăки-миндăрлăкуш*; — *о-нăмишнá прăки-јăрбо* Мут. Во врска со просторното значење треба да ги споменеме случаите во кои предлогот *прăки* означува дека нешто се наоѓа зад друг предмет: *прăки-Марúкине сéдаш Димбóлци* (значи: зад нив); — *прăки-Јурчú Бунáр бúха шăрлиш : ша*; — *прăки-Кăрá Тупрáк ej Вăјáпуфша Кулúба* Гăр.

Извесно нијансирање на односново значење среќаваме во примери што означуваат дека нешто ја достигнало крајната граница, сп. (*вōша*) *прăки-ендéко-ј* (зн. ендекот е преполн); — *прăки-шéрка ша-ј* (премногу е); — *прăки кúло-ј* (зн. повеќе од кг). Сп. со преносно значење: *прăки-јлáва ме-ј* 'премногу сум оптеретен' (психички), со исто значење: *прăки-нóсуш ме-ј* (*нă-мóжум јăаре дă-шăрпум*) Крецово.

За одбележување е употребата на споменатиов предлог со временско значење за цикличен распоред: *прăки-јудúна рóжде крýша*; — *прăки две-нидéли сă-вúждум ус-мóјше*; — *прăки-два мéхца одум нă-докшур*; — *прăки-сáаш óде ју-вóнка*; — *дéцша ми-сă-рóдни прăки-јудúна* Мут.

10.20. *пред*. — Се употребува само во редуцирана форма *прăд*(*ш*). Основното значење му е пространствено „дека нешто се наоѓа од оваа страна на предметот": *уш-ká к'и-ју-изликýвиш дéшто цáро не к'и-знáа шо дă-шýре прăш-шéбе* Ал; —

џăнїăрлáк сă-шýре нă-шóо шу-óде прăд-друýшше óфци; — *їувéата и-збúрме нă-збирáлшо, прăш-Сýјше Чéшми* Ир.

Во случаите со временско значење, покажува, како и обично, дека на временската оска се случува нешто „порано“: *иднóш шáшко прă-мáјка и шóо прăд-Вилúдин* (пог.); — *прăш стимнýвне сите бúхме дóма* Ал; — *рéкал: к'и-їă-чéкиш нидéл'та прăд-Митрóвдин*; — *прăд дă-їу-пудó јáїнишо, óна к'и-зúме, к'и-їу-избли́же, к'и-їу-исчúсше* Крец.

10.21. *прu*. — Предлогот *прu* често се јавува како *прă* или *пăр*, не без влијание на изговорот на префиксите *прe-*, *прo-*, *прu-*, кои со редукција и аналогија поминале во *прă-* // *пăр-*. Има релативно широка употреба. Се јавува со просторно значење место предлогот *кај*. Сп.: *мă-пушшúа мéне пăрво дă-искóл'ум стрăжáршо, а сéшне дă-сă-вáрнум пăр-них* Мор; — *ама ишше нúа к-óдăхме прă-вăлдúкша, пă нéјсе шéбе шă-нăјдéме нă-пăшо*; — *иде ґáвуло прă-стáрјуш, му дáве една к'ел', една крáсша* Бег.

Неретко наместо *прu* се јавува предлогот *на*; сп.: *уддéа пá нă-брáш-му*.

10.22. *спроши*. — Предлогов со редукција и метатеза поминува во фонетската разновидност *спурши*. Најчесто се јавува со просторно значење на противставеност: *спурши кунáкуш имáло кáвинé*; — *и испăднáл вóнка дă-вúде дал'-ej спурши слáнце устáвино* Крцово; — *д-óјш, ричéл, на-вудни́цша, уф-ґóлу'ш спурши áрїо, úма пăлно рúби* Моларци.

Со исто значење се јавува и сложена форма: *нăспурши-пала́шша к'и-стóш óрăл'то и ká-к сă-пујáве цáрскăша мóма кă-їрáбнăш* Ниманци.

Неретко се среќава и со значење за време — „навечерје на некој ден“: *нăвéчăр, спурши Бăдник пăл'ăхме óїин* Кал; — *спурши прáзнико стрăжáро сă-нăпúл и зăспáл*; — *спурши Пукла́ди скáрăнше сă-брăшúсуваш* Ним.

Интересна употреба забележуваме во примерот: *спурши мéн бúа шúа лáфуве, ама ас сă-нăпрăвúх нă-будлá* (зн. мене ми беа упатени лошите зборови).

Се употребува и за сообразување спрема некого или нешто: *си-најдéе свáшуфци спурши них*; — *спурши рăбóшша и ґунл'ýко* (*ґунл'ýк* 'надница'); — *спурши кóјно и чýло* : каква брада — таков брич.

Со исто значење во Мутулово се јавува предлогот *сӣрӑму*: *сӣрӑму нидéл'а к'и-дójде*; — *дӑ-сéдум сӣрӑму слӑнце ме-j мирák*.

10.23. *со*. — Редуплицираната форма *сос* е широко распространета во источните говори. Овде се јавува редуцирана *сус*, а неретко и со испуштање на првото *с*: *ус* (в. 2. 5. 13.).

Најчесто означува средство за вршење одредена работа: *ус-кӑрлúкӣт и-фáшӣше óфциӣе*; — *нáӣкун сӑ-ӣурýве уфнéӣо млéкӣо и сӑ-чýке ус-чурúло* Гола; — *му-сӑ-фӑрле и суснóхӣе о-издéруве*; — *сус-малéчка мӣúкичка о-ӣрáшме лýкӣ* Гӑр; — *сáке ус-чинӣéл' да-му-j-вáдиш* (фиг.: се кажува за неразговорлив човек).

Предлогот *сус* (*ус*, *с*) се јавува уште и со значење на заедништво, придружување: *сус акӑл* — *биз-акӑл* (пог.: безумна постапка на разумен човек) Шек; — *бáјнцаӣа са-ӣráве ус-сúрне или ус-ýрда*; — *ус-ӣрӑсӣо уф-ýсӣа си-усӣáнá* (останал без ништо) Гола; — *сус-нáс*, *сус-вујнúцӣе óјше* Ир. Во Градобор се јавува формата *су*: *су-мӣóр дујдóха*; — *две чáши су-вá ка к'и-ӣрáзниме*; — *су-ӣвójӣо ухо дӑ-чýјш*, покрај: *с-мӑӣáрӣо*; — *с-ӣéбе бúх*.

10.24. *во*. — За тоа како од старото въ се добило *уф* в. 2.5.13. Како и обично најчесто се јавува со значење: „наоѓање внатре во некоја средина или упатеност за во извесна средина“. Сп.: *уф-лýпкаӣа сӑ-ӣýре кӑшӑк*: *ýрда*, *сúрне*, *ӣáквú рӑбóӣи*; — *нáӣкун ӣу-клáвме уф-сӑлӑмýра*; — *и си-уддéла уфнújнӣа кӑшӣа*, *уф-лишúчкинӣа-дýпка* Бег; — *ӣӑ-ӣурúл лишúцӣа уф-кóшуфӣо и уддéл уф-нéкоо сéло дӑ-ӣурдáве рúби*; — *жéнӣа-j ӣшла уф-кӑзáно шо-j*, *óна-j*; — *к'и-ӣу-излӑже дéфо дӑ-флéзе нӑӣре*, *уф-сӑндӑко* Мор.

Неретко место предлогот 'во' и паралелно со *уф* се јавува и формата *у*. Тешко е да се каже дали се работи за фонетска разновидност од *въ*, или пак за остаток од стариот предлог *у*.

Го среќаваме најчесто со значење на *'кај'* со роднински или лични имиња, исто така и со формите на личните заменки: *у-Ґóрӣиӣо нӑ-свáдба бúхме*; — *у-нáс сӑ-збráха дӑ-сӑ-дуӣувóрӑӣ* Иц. Во материјалите од Ватилак го забележивме примерот: *ӣраво у-мен*.

Во овој говор, како што истакнавме, слична употреба покажува и предлогот *на*.

ГЛАГОЛИ

11.1. **Образување на деноминативни глаголи.** — Во изведување на глаголи од именски основи, конкретно од придавски, прави впечаток зголемената употреба на суфиксот *-ее*.

Ваквите образувања, како и во литературниот јазик, означуваат „преминување во нова состојба“. Како посебност треба да истакнеме дека освен во познатите случаи со непрефиксирани глаголи: 'белее', 'слабее', 'богатее', во овој говор се јавуваат и ред други примери, необични за западното наречје: *к'и-услиӣе́е* (: слеп), *удибиле́е* (: дебел), *уӣрузне́е* (: грозен), *ӣуӣлиӣне́е* (: блед ?), *уќурве́е* (: ќорав), *уздӑрве́е* (: здрав), *уӣлӯне́е* (: глуф), *укриве́е* (: крив). Значи вакви глаголи има и од свршен вид, префиксирани.

Наставката *-ува*, позната на широко за образување на итеративни глаголи, се јавува при изведување на извесни глаголи од имиња: *ӣуӣу́ве* (поп: *не са́кум дӑ-ми-ӣуӣу́ве нӑ-ӣла́ваӣа* — зн: не сакам постојано да ме советува); — *лику́ве* (лек: *де́д-му о-ликува́л*); — *дину́ве* (ден: *ӣам, уф ӣи́а ка́рӣе к'и-дину́вме*), секако образувано спрема: *нуќу́ве*; — *зиму́ве* (зима: *уф-Со́лунцкуӣо зиму́ваа но́ӣо о́фци*); — *слуӣу́ве* (слуга: *уф-буӣа́ӣӣе слуӣу́вше*); *измиќару́ве*, *ӣладу́ве* (овој глагол го употребуваат како преоден: *ӣӑ-ӣладу́ваӣ* — зн. ја држат гладна.)

Во деноминативните образувања со особена продуктивност се истакнува и наставката *-е*. Како посебност треба да го истакнеме фактот дека односниве глаголи во литературниот исказ се јавуваат со наставката *-и*. Основното значење, како и обично, произлегува од именскиот дел. Сп.: *сӑ-ӣо́сӣе* (: гост); — *к'и-й сӑ-со́не ӣо́о* (: сон — зн. нема уште еднаш да ѝ се случи таква погодност). Според глаголот *уми́ре* има и именка: *о́мир* (зн. смрт).

Кон односната група се приклучиле и глаголите што обично се јавуваат со наставката *-а*: *сӑ-че́ш(л)е*.

Грчката наставка *-са* во овој говор гласи *-се*; освен кај позајмици од грчкиот и турскиот јазик (*ва́ӣсе* 'бојадисува', *уӣгу́се*, *дузду́се*), таа се придава и на словенски основи: *ра́ждéсе*, *бра́дóсе*.

11.2. Кај девербативните образувања прво ќе се задржиме само на оние кај кои наставката не придонесува за менување на глаголскиот вид. Такви се глаголите со наставките *-ке*, *-оле*, што укажуваат на извесна деминутивност на глаголското дејство. Веќе имавме можност неколку пати да потенцираме дека умалителното изразување е многу често во овој говор, а тоа се јавува и кај глаголите преку честата употреба на споменативе суфикси. Сп.: *са̀мо сă-ше́тке низ ма̀алта*; — *ри́тке ус-но́јсто кутӣ ӣа̀рле* (*ри́тке* зн. клоца); — *и ѓутка̀та а̀-шу́тке нă-суфа̀тă*; — *са̀мо ри́тке низ уда̀ата*; — *ле́тке ка́ о́де* (зн. многу брза); — *ним до̄- тӣа̀рчкиш ма̄ӣа̀рто*; — *се́ӣде сă-бу́тке* (зн. секаде се меша); — *са̀лде сă-ӣутсми́фке ӣудмусти́а́кто*; — *сằно́ќ ӣа̀ршо́ле* (зн. цела ноќ врне полека); — *шумо́ле.*

Наставката *-оте* привнесува аугментативно значење. Обично се јавува кај глаголи од ономатопејско потекло: *шл'аво́те* (зн. зборува што било), со исто значење: *ӣл'а̀фко́те* и *лумо́те*; — *лӣо́те* (1. зборува во сон, 2. шета бесцелно); — *шумо́те* (: *не ми шумо́ти тук нă-ӣла̀фта*) Гар; — *сă-кико́те* (: *ним сă-кико́ти кут не̄тằма́м*); — *чӣко́те* (: *сѐ-тук чӣко́те дек-би́ло*; сп. чепка) Шек.

11.3. **Несвршени и свршени глаголи**. — Во врска со разликите во глаголскиот вид и можностите за различна употреба во реченицата, кукушкиот говор покажува забележливи посебности.

Обратно од она што претставува норма, односно од она што е специфичност за централните говори: во нашиот јазик презент од свршени глаголи не се употребува, освен со сврзниците *ако* и *да*, во некои источни говори, на пр. во малешевскиот е одбележана интересна употреба на перфективен презент во независни реченици со повторливо значење: *шчом флезе башчата ф кашчи, детето се ӣлаши, земе кнӣата и зафане да работи* (Берово). Во западните говори во такви случаи се употребуваат формите со *ќе*, а особено оние за минато идно време[105].

---

[105] Б. Видоески, Основни дијалектни групи во Македонија, МЈ, XI—XII, кн. 1—2, стр. 25.

Освен во малешевскиот, употреба на презентски форми од свршени глаголи се забележани уште и во североисточните говори[106].

Во кукушкиот говор употребата на перфективниот презент е многу пораширена: освен за изразување дејства што се повторуваат, служи и за искажување на минати свршени дејства и тоа не само во приредени, туку и во подредени реченици.

Прво, разликите во видот не се така изразени во самите прости глаголски форми. Сп.: *и шйкá ká-o-вúдат от-ej йá он шýка, сúше бéiат*; — *испаднáх на-вóнка, ká вúдум сè из-iурéло*; — *шо-j швójшо дéше, úде, ас iу-вúдум* (м. гледам) Мут; — *шóо-йá ни нé чýе ни нé вúде* (м. слуша, гледа) Иц., во Амбар Ќој: *коiа чýе, коiа нé чýе*; — *óдум, кýйум и йá нéма*.

Натаму кај глаголи што означуваат дејство што се повторува или се врши по навика: *флéзе, iрáбне адна йарчá сúрне и избéie*; — *дójде, зáчисше нй-двé нй-шрú и сj-óде*; — *шрáiне мáлчко, йá зйсшáне, нéкуj чéке чúниш*; — *измáлse óфше, зéме вéдйршо и ус-аpiáшшо вйрве*; — *вá кукóшка сéкуj ден йу-аднó jájце снéсе* (покрај: *снéве*); — *jéла-j дйрво, уд нéй вáйсай цйрно*; — *и óна сáма сй-нйбéре* (се однесува на материја); — *как мójша мóма вóнка не излéзе и шувá дй-сшáне* (од материјали од Кукуш); — *ним йлáчи, не усшáне нúкуj шýка* Мор; — *чим дóждо йрикрáше и он си усшáне шука* Ал. Сп. уште: *iлáдна кукóшка, йрóсо сóне* (сонува, пог.).

Трето, во приредени составни реченици: *и дéшшо се излáжуве, искáрве чéшкáша уш-йáзвáша, нáйáлне iа вóда*; — *ублéчáш iу зéшуш и кáчáш се на-йájшóнуш и шрáiнýвáш*; — *и флéзáш уф-адна iрадúна . . . и сéднáш нй-аднá мáса, си йуприкáжваш за-л'убóв*; — *jáдаш, йúаш и сшáнаш, си-вйрвáш*; — *нáйáлнуве-iа вóда, сшáне злáшо* (од материјали од Кукуш); — *и iу-искáрáш уш-шáм, iу-слéзáш, iу-рáсйршáлéсаш ѓávул'шо* Крец; — *зéме, iу-зáйáле ѓávулуш, iу изióре*; — *Лýошо йи-усшáве кójсше нй-йáшо, дójде дóма*; — *и шйкá йумúнаш шúа два дéна и чувéко сшáне* Ним.

Ваквата употреба на перфективни глаголи е уште поизразита во зависно сложени реченици: *сéдне ду-чéшмаша дй-сй-издýше и зúме дй-сй-нáйúе вóда и дй-сй-измúе*; — *цáруш как iй-вúдé нй-чéшша, си-фáши брáдаша* Кук; — *ká му-чýкне*

[106] Б. Видоески, Кумановскиот говор, стр. 225.

дистúна кирфúй узїóре и ѓáвуло уф-нéтре устáне; — *коїа сă-измăлse млéкто, сă-прăцéде и ка е óште тóпло сă-тýре сúрište* Ир; — *цăрúцта сă-туфáле, оти има син зă-жинýвне*; — *и они не їă-искáрăт ут-кóлта, оти сă-плáшăт* Мут; — *и он зéме, зăтō їу-ýдре некóлко шăмáра*; — *и тóо утридéнта сам дójде, кá сă-стéмне, сă-кáче нă-типóлта и тýка чéке*; — *и они ка јáдăт си-лéїнăт дă-сúйăт*; — *и он без дă-вúде, прăко них пумúне и си зúме уд-јáдинто* Крец.

Ваквата употреба на перфективниот презент за нормативниот исказ е прилично необична и затоа наведовме повеќе примери во различни ситуации; за поцелосно следење и увид во проблемот, на крајот место избрани реченици ќе презентираме избран пасус од приказна во кој среќаваме различна употреба на презент и од свршени и од несвршени глаголи, што укажува на една неустановеност на процесот: . . . *нáйкун он сă-слúмне нă-дóл и никуј не-о-видéл. Оде тáмка, сúте сúйăт, он си зúме шúрто, зăпáле кăндúлто и пóчне дă-брō пăрте. Арно ама, едúн пучнáл дă-мăрде и он си-ј бýтне пăрте уф-цéбо. Сăбájле ка стáнăт друїáрто*: *нéма нúшто, óни не знáăт, а он нé-кăжýве. Арно ама, бéїо ка сă-рăзбýде, їлéде стрăжáро їу-нéма, сă-кáче їóре, жéнта їă-нéма и мутикнáло.*

11.4. **Имперфективизација.** — Во врска со имперфективизацијата, она што е во прилична мера изразено во литературниот јазик: „. . . далеку најмногубројни се ваквите изведувања со *-ува*, покрај што се јавува и наставката *-ва*“, во кукушкиот, а и пошироко во југоисточните говори, *-ува* суфиксот се среќава уште пофреквентно, покривајќи и некои можности на други наставки.

На пример разликата на глаголскиот вид што кај некои глаголи во литературниот јазик е изразена преку основниот вокал: *земе — зема, фрли — фрла, отвори — отвора*, во овој говор, бидејќи глаголските групи се измешале и во 3 л. ед. сите завршуваат на *-е*, ваквото разликување на видот станало неизразно и оваа функција ја презела наставката *-уве*: *утвóре — утвóруве, затвóре — затвóруве, растувáре — растувáруве, фăрле — фăрл'ýве, пýште — пуштýве*. Кај глаголите на *-ва* (овде *-ве*) забележуваме двојство: *тук к'и-їу-устáве, сéкуј пăт о-устáăве*, покрај *устáве*, исто така *пупрáве — пупрáăве*, покрај *пупрáве* Крец, уште: *забрáуве, испрáуве* Мут; — *рăс-*

пра́уве, уста́уве, испра́уве АЌ, во Драгомирци: *сѐ ус-л'у́јто сӑ-рӑспра́ве*, исто: *уста́ве, пупра́ве*.

Проширената употреба на суфиксот *-уве* ја забележуваме и кај дел од глаголите што промената на видот, обично, ја искажуваат со редување на кореновиот вокал или со „појава на таков вокал таму каде што денеска го нема во свршениот вид", значи место 'набере — набира' овде среќаваме *набе́ре — набе́руве*, исто: *удбе́ре — удбе́руве*, натаму место 'одговори — одговара' овде имаме: *удјувó́ре — удјувó́руве*.

Но тоа не значи дека во кукушкиот говор не постои можност со редување на кореновиот вокал да се менува глаголскиот вид, на пр: *у́мре — уми́ре* (: *уш-ша́а бо́лис не сӑ-уми́ре*), *за́пре — зӑпи́ре* (: *ним-о-зӑпи́ри, нек-испа́дне*) Ал, дури напротив вакви примери среќаваме и во случаи кога би очекувале други решенија за спомнатава појава. Сп.: *ско́рне — скори́не* (: *ним-о-скури́ни, ра́но-ј*) Мут; *вӑрне — вӑри́не* (: *се́кој чӑш ра́но сӑ-вӑри́не*) Мор, во Градобор: *вӑрин'а*; *— шӑрјне — шӑрји́не* (: *ејо шӑрји́не ус-друја́ршо*), *па́дне — пӑди́не* (: *но́јо мӑка ми-пӑди́не ка к'и-чу́м шака́*) Шек.

Вакви примери со редување на кореновиот вокал иако ретко среќаваме и кај некои глаголи во кои покрај тоа имаме и измени на консонанти во коренот: *у́дре — ужди́ре* (: *нӑ ве́чар ми-ужди́ре пу-а́јн шӑма́р*), *на́јде — нӑжди́не* (: *не-о-нӑжди́ниш ши не́јо*), *па́дне — пӑжди́не* (покрај: *пӑди́не*) Ал, во Мутулово: *пӑжди́не уд-о́блакут*.

Зачестената употреба на наставката *-уве* во овие говори не можела да остане незабележана и од другите истражувачи. Така Д. Иванов во студијата за гевгелискиот говор истакнува: „Големи промени предизвикала аналогијата според глаголите со наставката *-овам, -увам*. Несвршената (односно итеративната) форма скоро кај сите глаголи завршува на *-увум*: *збиру́вум* (*збиру́виш, збиру́ве, збиру́вме, збиру́вше, збиру́вӑш*), *субе́рӑвум* (*субе́рӑвиш, субе́рӑве . . .*), *чину́вум* (*чину́виш, чину́ве . . .*), *фӑрл'у́вум* (*фӑрл'у́виш, фӑрл'у́ве*), но и: *фӑрл'у́м . . . зиму́вум . . . нӑпӑлнувум, пӑлнум, зӑкл'у́чӑвум, јуто́вум . . . пуле́днӑвум, прӑсе́ӑвум, дујду́вум* итн." (ГГ, 88, 89).

В. Думев во работата за воденскиот говор исто така се задржал на односново прашање, според него и наставката *-ум* за 1л. ед. през. е добиена со аналошко израмнување спрема глаголите на *-уве*, т.е. наставката кај глаголите од

типот *купувам* → *купуам* → *купум* се обопштила и кај другите глаголи (в. 2.1563).

Инаку, како и во нормативниот јазик, кај глаголите со општ дел на консонант промената на видот во смисла на имперфектизација може да се врши со суфиксот *-уве*: *удре́чуве*, *прăйле́шуве*, *ръ̆ждёсуве*, *шăксу́ве*, *сидну́ве* Мут, *убле́чуве*, *увдёнуве*, *исше́чуве*, *сшимну́ве* Крец.

Рековме дека глаголите со општ дел на вокал што обично во имперфективната форма се јавуваат со наставката *-ва* во овие говори завршуваат на *-ве*: *дубу́е — дубу́ве*, *пукри́е — пукри́ве*, *нăви́е — нăви́ве*, *успи́е — успи́ве* Ал, *убу́е — убу́ве*, *субу́е — субу́ве*, *дузна́е — дузна́ве* Драг, во Крецово: *дуби́е — дуби́ăве*, *нави́е — нăви́ăве*, *уздăрвёе — уздăрвёăве*.

Наставката *-ве* се јавува во имперфективни форми уште и кај неколку глаголи со општ дел на консонант: *фле́зе — фле́ве* (: *нă-пăше сум-флива́л и ас уф-ни́х*), исто: *изле́зе — изле́ве*, натаму *сне́се — сне́ве* (покрај: *се́куј ден пу-а́дно ја́јце сне́се*) — така е на целото подрачје. Сп. уште: *кла́де — кла́ве* (: *ним си кла́ви сăкле́ш нă-ду́шша*), но од *изва́де* имаме *изва́ĭ'е* (не: 'изваве') Грам.

За раширеноста на наставката *-уве* многу указателни се примерите во кои таа се јавува како втора можност при постоење на образувања со некоја друга наставка. Сп. примери од Мутулово: *на́јде — нắожде — нăјду́ве*, *за́јде — зắожде — зăјду́ве*, од Крецово: *пắдне — пăди́не* (*уд-во́нка пади́не* 'епилептичар') — *пăдну́ве*, *за́јде — зắĭ'е — зăјду́ве*, *пуĭо́де — пуĭо́жде* (: *не му́ сă пуĭо́жде*) — *пуĭо́дуве*, *ле́ше — лиĭи́не — лишну́ве*; од Ицеларе: *шăрĭне — шăрĭи́не — шăрĭну́ве*, *ро́де — ро́ĭ'е — роду́ве*; од Шекерлија: *нăĭо́де — нăĭо́жде — наĭо́ждуве*; во Амбар Ко̀ј: *пуĭо́де — пуĭо́жде — пуĭо́дуве*; од Драгомирци: *се́дне — седи́не — седну́ве*, *ле́ше — леĭи́не — лишну́ве*.

Уште поинтересни се случаите во кои суфиксот *-уве*, што служи за промена на глаголскиот вид од перфективни во имперфективни форми се јавува придодаден кон веќе изведен имперфективен глагол: *ви́де — ви́жде — вижду́ве* (: *ко́лко пăши сă-ĭу-виждува́ли ус-н'аа*) Мут. Освен со изведени форми суфиксот *-уве* во овој говор го забележуваме и со основни глаголски форми од несвршен вид: *ас сум нусува́л убе́ла* Мут (*убе́ла* зн. волнени завивки за нозете). Истиов глагол со суфиксот *-уве* го забележивме и во Градобор

: *тӯли нусувáли*, во Гӑрбашел: *ич не сум ӣи-нусувáла* (се мисли на папучи), во Амбар Ќој: *тóӣи нусýвā широ́ки бинивре́ци* (вид облека).

Во материјалите од анкетирањето забележивме уште неколку случаи со придавање на наставката *-уве* кон несвршени глаголи: *нел'-ӣи-тӯрибýвать óӣте дӑрва* Бег; — *ак-ӣи-тӯрибýве да-си-кýпиш* Ним (: треба); — *уф-Мурáрци сме удувáли нӑ-ӣӑзáр* Гола; — *к'и-удýвум кóӣа ас к'и-сáкум* Кал (: оди); — *кóӣа биӣувáхме ӣу-Стрýма* Ал; — *живувáме áрно ус-них* Иц; — *шо сáка óӣте, дóста живувá* Град (: живее).

Уште понеобична е употребата на наставката *-уве* со грчката глаголска форма за заповеден начин 'ела' што ја запишавме во Моларци: *ӣó-рáнце илýв(и)-си*. Интерес побудуваат и други императивни форми со суфиксот *-уве*: *лиӣнýв-си дóцкӑна-ј* 'легни си...'; *ӣӑ-тӯ́ дуjдýв-си нӑ-врéме* Гӑр.

Со наставката *-ја* се менува глаголскиот вид во група глаголи кај кои во несвршениот вид се јавуваат консонантите *ќ* (*шт*), *ѓ* (*жд*) наспроти *т*, *д* во свршениот. „Историски погледнато овде промената на консонантите настанала во допир со *ј*“. Кај овие глаголски образувања освен тоа, во одделни случаи имаме и промена на кореновиот вокал. Сп. примери од Полето, од Амбар Ќој *фáӣе — фáк'е*, *нájде — нóӣ'е* (: *не нóӣ'иш ош-аднóш ӣаквá...*), *зájде — зóӣ'е*, *вáде — вáӣ'е* (: *бӑрзаӣа кýчка слéӣи кутри́на вáӣ'е*), во истиот пункт имаме и случаи со *шт*, *жд*: *сéӣе — сéшӣе* (*кутý уф-мӑ́ӣла сӑ-сéштум нӑ-бéӣинӣо уд-дóл*), *вúде — вúжде* (*о-вúждум ка сӑ-вӑри́не*); — од Беглерија *стрéӣе — стрéшӣе* (*о-стрéштум ка óде нӑ-рӑбóӣа*), но: *зájде — зóӣ'е* (со асимилација и контракција од *заоѓа*), во Иџеларе *вúде — вúжде*, но: *зájде — зӑóӣ'е*, во Градобор превладуваат формите на *ќ*, *ѓ*: *рóди — рóѓа*, *ӣлáӣи — ӣлáќа*, *фáӣи-фáќа*, па и: *ӣýшӣи — ӣýшќа* (: *они нé о-ӣýшќаӣ дӑ-дójде*).

Како особеност на овој говор, во врска со промената на видот веќе го споменавме и фактот дека кај извесен број глаголи, во коренските слогови од имперфективните форми со аналогија од кај глаголи од типот *умре — умира* е пренесен вокалот *и*, што го нема во свршениот вид. Овде во изменувањето на видот освен тоа учествувала и промената на согласките *т*, *д* во *ќ* (*шт*), *ѓ* (*жд*): *ӣáдне — ӣӑждúне*.

Промената на консонантот *н* → *њ* во допир со суфиксот (*ј*)*а* придонесува за промена на видот само во пунктот Градобор и тоа во ограничен број примери: *вре́мшу си-изминьа́ва.* Сп. уште: *ду вра́шша сйушйи́ња* (: спотне), *нă но́йăша ми зăйи́ња, ıра́но си-вăри́ња* (: *вăрне* 'враќа').

Во селата од непосредната околина на Кукуш, а и воопшто во Караџагот превладуваат формите со *шш, жд*: *фа́шше — фа́ше* (: *ноıо ме́сшо зăфа́ше*), *пла́ше — пла́ше, ро́де — ро́жде, ви́де — ви́жде*, но *за́јде — зăо́ı'е* (: *ф-о́сум зăо́ı'е*) Крец; од Мораpци: *ус-не́ıо не сă-нăфа́шум, вра́ше // вăри́не, но́жде // нăжди́не, ви́жде, ро́жде, зо́жде*. Од оваа регија се и случаите со „интересно редување на кореновиот вокал": *за́јде — зу́жде* (: *сè шăш си-зу́жде*) Ним, Ал, од последниот пункт е и примерот *на́јде — ну́жде* (: *дă-сă-ну́ждише еди́н нă-дру́к*). Во селото Шекерлија исто така запишавме: *за́јде — зу́жде, на́јде — ну́жде.* Бидејќи е во прашање форма што е релативно раширена не може да се третира како превид, туку веројатно се работи за некакво аналошко израмнување спрема слогови со редукција обусловена од акцентот. Во оваа смисла указателен може да биде примерот од Мутулово: *зăуждýве* (покрај *зăо́жде*).

Наставката -(*ј*)*а* во проширената форма -(*і*)*аве* ја среќаваме кај глаголите од типот: *ıро́сше — ıруша́ве* (: *нăде́ше сă-ıруша́ве*), *кăрсше — кăруша́ве* (: *са́мо на кăшули́чкăша цăрква кăруша́вме*) Крец, *ıре́ше — ıриша́ве* (: *нă-ше́бе и ка́ ıриша́виш йа́ ши ıро́сшаш*) Рош.

Веќе ја споменавме употребата на наставката *-ка*, во овие говори *-ке*, со деминутивна служба, кога се придава кон несвршени глаголи и притоа не причинува промена на видот (*сă-вăрше — сă-вăрйке*). Освен тоа таа овде се јавува и со перфективни глаголи и во таков случај се менува глаголскиот вид: *сшăйне — сшăйке* (*йуд-ма́сша о-сшăйке дă-н-кăжу́ве*), *йрăзи́рне — йрăзи́рке*, и: *не-с-дуйи́рки ду-ме́н* Крец.

11.5. **Перфективизација**. — За начинот на образувањето на свршени од несвршени глаголи нема што особено да се истакне. И овде тоа најчесто се врши со наставката *-не*, која обично има значење на моментност: *чу́ке — чу́кне, ви́ке — ви́кне.*

Вториот начин за образување на перфективни глаголи е со придавање префикси на несвршените форми. Бројот на префиксите е прилично голем но и овде најпродуктивни се следниве: *за-*, *из-*, *до-*, *по-*, *пре-*, *раз-* и др.

Меѓу специфичностите кај префиксите на фонетски план прво треба да ја истакнеме честата редукција: *сă-пăрсичéх* 'се пресеков', *дунцé-ли вóда*? 'дали донесе . . . ', *сă-прăкáчи прăки-зúдо* 'се прекачи', *си-пусидé мáлчко* 'седна малку'.

Иако употребата на повеќе префикси во спој е работа позната и од други говори, сепак ни се чини дека овде таа особина е повеќе изразена: *нă-мóжаш дă-сă изнăприкáжувăш*; *си-ј-испукăршúх нójсто văркájк'и*; *сă-изнăуживáли-сă*.

Познато е дека префиксите не само што го менуваат видот кај глаголите, туку внесуваат и дополнителни нијанси во нивното значење. Во основа значењето на префиксите е општопознато, тоа произлегува најчесто од нивното првобитно пространствено значење. Сепак неретко забележуваме и дијалектни разлики. Сп.:

в(о)-. — Основното пространствено значење на суфиксот: „управеност на дејството на внатре во нешто" се среќава и овде иако со извесно ограничување, пр. *влéзе*, *внéсе*, *вдéне*, но: *нáвре* 'вовре', *упúе* (*дă-упúе влáкта*) 'впие', *прéпне* 'впрегне'.

Второто негово значење да покажува „дека нешто станува некакво" овде не се среќава. Со ваква употреба најчесто се јавуваат префиксите: *за-* и *са-* (: *сă-зăцăрвú цéлјо* 'се вцрви'), *му сă-зăжăрúа убрájсто* (: вжарија), *ми-сă-слушú* (: влоши), *рăцто му-ј скăрстú*.

до-. — Овој префикс главно ги споделува значењата од литературниот јазик (Б.К., Граматика, 395), но неретко место *до* за означување на „докрајно извршување на дејството" се среќава и префиксот *из-*: *ду динáр сă-истрисéх*, *а-истрисéх врéјкăта*; *и он си истијá пéснăта*; сп. уште: *прăтăрчáа сите рудни́ни* со значење 'дотрчаа'.

за-. — Основното пространствено значење на овој префикс дека „нешто се опфаќа во една средина" е присутно и во овој говор: *сă-зăпрăдúхте ду-сй'нто нéбо*, но има примери во кои со исто значење се употребува и префиксот *на-*: *а-нăпăрлúме мисúркаша*, *дă-н ù бéпе влáкта*; — *нăкóви тинкúй дă-нпáдне нéкоо дéте*.

Особено често се јавува со значење „површно исполнување на дејството“ и во таква функција се среќава со голем број глаголи: *зáмиј шúа сăдăфшо, дудéк не сă-дójдини*; — *зăчúстй-ō шоо кăпóшо, сè сă-нăлипúл*; — *зăплáкни-си óчше*; — *ми дé кулку дă-ми-j зăмáчке óчше* (зн. многу малку); — *му-убишшáве сáмо дō-зăлăже.*

Со некои глаголи покажува задлабочена опфатеност на дејството: *ка се-j зăипрăjáл, не дуjдé ни дă-jáде*; — *вúj ká-j зăсăркáл, не-устáве нă-нúкуj*; — *сă-зăсăкá ус-н'áа и нúшшо ūóвке*; — *ká-j зăбăрбурúла нé ūрăстáнуве*; — *ká-j-зăăкáл, жúва вóда сă-чинú*; — *зăлипáл, биз ілáс устăнá.*

Обратно, она што во литературниот јазик претставува „најжива употреба на овој префикс“ — почеток на дејството, овде се јавува само во одредени случаи: *óстав їу нек сă-зăūáле* (*óїинуш*); — *ши ūă шшájш он к'и сă-зăшăрче.* Со такво значење почесто се јавува префиксот *ūре-*: *дéшшо ūрăудúло* (зн. заодило), исто: *ūрăїувурúло*, сп. уште: *ама к'и-ūрăїувóрум їáаре* (зн. ќе почнам да зборувам за она што се крие).

из-. — Веќе истакнавме дека овој префикс се употребува паралелно со '*го*' со значење „докрајно извршување на дејството“. Од ова произлегува и неговото значење на сеопфатност на дејството: *сè извличéа уд-дóма*; — *испрáх ду-шéјче* (зн. сè испрала); — *избрáх ду-шýшка* (зн. сè собрала); — *издéхме ду-рóнка* (зн. ништо не оставиле), исто: *испúхме ду-кáпка*; — *изурáх ду-ūéда*; — *испăсéли ду-кóрăн* и сл.

Префиксот *из-* обично се јавува како прв во композитуми од повеќе префикси: *сă-изнăприкăжувá*, — *сă-изнă-шишá*, — *сă-изнăрăбушú*, — *нă-мójш дă-сă-изнăпúјш.*

на-. — Ќе се задржиме прво на пространственото значење на овој префикс „дека дејството се врши згора врз нешто“: *нáфăрли ūукривáч дă-с-стóпл'ум*; — *нăрéди кáмине дă-ūумúнум*; — *нăшýри ūéсук врăз-жáрша.*

Второто значење на овој префикс е извршување на дејството во најголема мера: *нă-сè сă-нăнусú*; — *сă-нăшишá нă шóо бел век*; — *сă-нăфалú.*

Има и обратни примери во кои дејството е застапено само во мала мера: *нек сă-нăвлáїне шишýнуш дă-мóш-сă-дúпле*; — *скрúj-сă дă-н-шă-нămóкре.*

над-. — Најчесто означува дека дејството се извршува во многу голема мера: *ш̄о́о си́ше-ј нӑдг̄ув о́руве*; — *бо́л'ка̄ша и нӑ-г̄о́рша нӑдви́ве*; — *же́нше и нӑдживе́ва̄ш мӑј̄што*.

о-. — Старото пространствено значење на овој префикс во кукушкиот говор е заменето со префиксот 'за': *зӑг̄а́рне* (: огрне).

Инаку „најчесто се јавува со резултативно значење": *сӑ-ӯи́л кӯш-л'у́л'ка*; — *сӑ-уј̄а̄ни́ла о́вца̄ша*; — *сӑ-ублажи́х уф-ни́х* (исто: *сӑ-г̄рӑблажи́х*).

Во одделни случаи префиксот *о-* е заменет со *из-*: *сӑ-избрича́х*; — *а-искуси́ме јо́нца̄ша*; — *о-исц̄у́ чуве́ко зӑ-ни́шш̄о*; сп. уште: *мӑ-нӑруси́* (: ороси).

об-. — Овој префикс се јавува ретко, со мал број глаголи. Сп.: *о́г̄шиј-о кили́мчиш̄о ус-г̄ӑсг̄у́л*; — *г̄у-г̄шиј а́ ко́шуш̄* — *уш̄ш̄о́чй-о чивре́ш̄о че̄г̄чивре́* (зн. од сит страни). Во поголем број случаи е заменет со 'за' // 'на': *зӑзури́-се, нӑлиг̄на́ на-зи́душ̄* (: облегне); — *што-о-зӑзима́а г̄ак ґа́вул'ш̄о*? (: обземе).

Во следниве примери место *об-* ги среќаваме префиксите *г̄о-* и *из-*: *мӑ-г̄улија́ ла́дна г̄ош̄*; — *де́ш̄ш̄о сӑ-исиг̄а́*, со кои се означува целосно опфаќање на површината.

од-. — Кај овој префикс ќе се задржиме само на значењето „изделување од некаде и вршење на глаголското дејство во мал степен": *уш̄ш̄у́ри уш̄-ши́шш̄о дӑ-не́ сӑ-кла́чке*; — *о́ш̄цӑрги уш̄-ш̄о́рба̄ша бра́шно*; — *о́г̄шиј уш̄-фӑлца́но*. За другите значења в. Б.К., Граматика, 398.

г̄о-. — Префиксот *г̄о-* со своето првично пространствено значење „укажува вршење на дејството по дадена површина": *са̄ш̄о жи́шш̄о уд-до́ждуш̄ г̄улиг̄на́ло г̄у-зе́мша*; — *ар̄ја̄ш̄ш̄о г̄улиг̄на́ли г̄уд-ја́вурш̄о*; — *си́ше кру́ши г̄уг̄ӑґа́ли уф-ендре́ко*.

За одбележување е и неговото значење „дека дејството се врши во мала, ограничена мерка": *г̄укуг̄а́ме са́мо сӑба́јле г̄у-ла́до*; — *г̄уни́жи не́коо и́г̄ла и ш̄и*; — *г̄уг̄ле́ш̄-ми нӑ-циле́ш̄ка̄ша*.

г̄од-. — Најчесто „означува дејство што се врши во мала мерка": *г̄уш̄се́чи-ј ш̄и́а́ ко́си, што-с-чини́л али́с г̄о́г̄*; — *г̄удбу́ш̄нј-о̄ дӑ-сӑ-рӑзбу́ге*; — *г̄ушшо́г̄ни-му, дӑ-зна́а*; — *сѐ ми-г̄удг̄ув о́руве зӑ-ш̄о́о*.

г̄ре-. — Со префиксот *г̄ре-* се укажува дека дејството се врши *г̄реку* (или: *низ*) нешто: *г̄рӑф ӑрли́а г̄рӑки г̄рӑсе́ка̄ша*; — *о-г̄рӑг̄ливал ґо́л'уш̄*; сп. уште: *г̄рӑкӑршй но́ќта* (зн. времето по полноќ).

Чести се примерите со кои се укажува на повторно вршење на одредено дејство: *о-пръмисúх лéбут*; — *и пръбършáх съдуфто*; — *сè пу-мéне пръмéтуве*; — *о-прътрибúхме урúзо*.

Уште укажува на дејство што се врши во преголема мера: *пръпијá снóшти, сjъ пâсе вáр* (зн. ноќта пиел многу, следниот ден имал потреба од многу вода); — *и дъ-пръjáдиш нé чúне*; — *а-пръсúа зúмта*.

Има и обратно значење, се искажува со подруга интонација: во мала мера и површно вршење на дејството: *прéчисти зъ-чáс* (зн. набрзина); — *пръвисéл'-се тáм мáлце*; — *пръшéт-се мáлчко*; — *сè нéшто к'и-му-прътéкне*.

Со него се изразува и почеток на дејство: *тук-пръпискáа ут-сúте стрáни*; — *нъ-адnóш пръвикáа*.

при-. — Овој префикс се јавува често редуциран: *пър-* или *пръ-*, не без влијание — аналогија со рефлексот на вокалното *р*. Сп. примери со пространствено значење (доближување до нешто): *пръдуjдéл пурójо*; — *прикáч-ĭу на тъвáнут*; — *пръблúж-ĭъ сóфръта*.

За означување на дејство во мала мера префиксот *при-* се комбинира со *за-*: *пръзъчúсти нис-кâшти*; — *пръзъкóви душимéто*; — *пръзашúj кушúл'те*; — *пръзъпéри нъ дéцта, тъ-сéтне* . . .

раз-. — Како и во литературниот јазик, и овде пространственото значење на овој префикс е да „укажува на управеност на дејството во различни страни“: *му-ръсипúл ĭлáвата*; — *шо-с-ръскинáл?*; — *ми-съ-ръздинáа úтъл'те*; — *съ-ръзмъкнáл кут-нúкуj*.

Исто така означува широка опфатеност на дејството: *съ-ръскикутúл*; — *сè съ-ръсцъфтéло*; — *съ-ръскърáа муí'и них брáтто*; — *съ-ръзмърсúло кâлбуто*.

Покажува и почеток на глаголското дејство: *ми-съ-ръстичé нóсут*; — *дуjдé и съ-ръзвикá*; — *уд-адnóш съ-ръстърчáа*; — *съ-ръспилијáа*.

с(о)-. — Пространственото значење на овој префикс укажува на „сметнување од некаде“: *съ-спаднá ут-тъвáно*; — *съ-спушúй нъ-дóлце*; — *съ-сурнисá нъ-връс-мéне*.

Префиксот *с(о)-* најчесто покажува соединување: *мисъ-скл'учúа нójсто*; — *нъ-мужéх дъ-съ-здýшум ус-нúхка*; — *пáйкут спилтéл мрéжа*; — *дъ-си-j-збéриш пъртáл'то*; — *съ-ръстрисéх, нъ-мóш дъ-съ-сузém*.

Означува и сеопфатност на дејството: *сѐ сукăрши́ нис-кăштӣи; — до́ма си́чко судруби́.*

Префиксот *с(о)-* кај глаголите образувани од именски зборови „означува преминување во квалитетот што го изразува значењето на основата“: *ми-сă-здăрви́а рă̄ц̄то; — уд-рăбо́т̄а сă-смăли́л.*

Во овој говор префиксот *с(о)-* не се употребува за означување на почеток на глаголското дејство, како што е во литературниот јазик. За ова в. кај префиксите: *п̄ре-* и *раз-*.

11.6. **Глаголски групи.** — Глаголскиот систем во кукушкиот говор ни се претставува прилично упростен. Прво, се извршило вкрстување на формите од *и-* и *е-* група, така што во 2 л. ед. тие имаат *и*, а во 3 л. ед. *е* во основата, потоа со аналогија кон нив се приклучиле и глаголите од *а*-група (Б.К., Историја, 189).

Оваа особеност кукушкиот ја споделува со повеќе соседни говори: гевгелискиот (ГГ, 86), дојранскиот (ДГ, 84), воденскиот (ВГ, 59).

Исклучок прави говорот во Солунско. Во Сухо и Висока среќаваме поинакви конјугациски типови; таму *а*-групата не е опфатена од аналошкото израмнување (*карам — караш — кара*), а кон зачувувањето на посебноста на *е-* групата придонесува и акцентот што кај одделни глаголски типови се јавува на наставката од презентот и така го блокира дејството на редукцијата (*п̄ир'е́ш, п̄ир'е́*, — ДМГ, 148). Говорот во Градобор не ги споделува овие акцентски карактеристики, значи таму редукцијата и аналогијата дејствувале непречено и затоа формите на *е-* и *и-* група се измешале: *но́сиш — но́си, се́чиш — се́чи*, но сепак *а*-група се зачувала: *сп̄оп̄и́ња̄ш — сп̄оп̄и́ња.*

Во пунктот кон Серез, Савек ги забележивме истите конјугациски типови како во Сухо и Висока. Не е ни чудно, тие и онака заедно ѝ припаѓаат на серско-лагадинската дијалектна зона.

Сегашно време

11.7. Наставки за сегашно време:

едн.	1 л.	-(у)м	мн.	1 л.	-ме
	2 „	-ш		2 „	-те
	3 „	-ø		3 „	-(а)т

11.8. Кукушкиот говор со наставката *-м* за 1 л. едн. се вклучува во поголемата група македонски говори во кои старата наставка *-мь* од атематските глаголи (*јесмь, дамь, вѣмь*) се генерализирала кај сите глаголи. Така е и во соседните долновардарски говори, вклучувајќи го и пунктот кон Солун — Градобор, додека според З. Голомб во Сухо и Висока кај глаголите од I и II конјугација наставката *-м* се јавува спорадично: *ӣ'ера(м), дӑржа // дръжи́м.*

По правило во овој говор во наставката за 1 л. со *-м* место *а* иде вокалот *у*: *о́рум, це́ӣум, ӣа́сум* Мут, *ви́кум, не́јкум* Шек, *ја́дум, ӣле́дум, о́дум* Крец итн., скоро редовно кај глаголите со општ дел на консонант.

Истава наставка *-ум*, во одделни пунктови, се јавува и со глаголи со општ дел на вокал, сп. примери од Амбар Ќој: *сӣо́јум, бро́јум, сӑ-сме́јум, сӑ-ми́јум* покрај *сӑ-мим, ӣи́јум, ӣе́јум, к'и-уӣлухне́јум*, исто *уќурве́јум, чу́јум*; во Постулар: *жни́ум, сӑ-ми́ум.*

Д. Мирчев од кукушкиот говор го наведува примерот *зна́ум* (БКВГ, 464). На Д. Иванов, во студијата за гевгелискиот говор му изгледа неверојатна таквата форма, бидејќи „не само што е тешка, туку е и невозможна за артикулирање било за оној од Гевгелија, било за оној од Кукуш“ (ГГ, 86). В. Думев формата *зна́ум* исто така ја смета за невозможна, „ја проверив во говорот на бегалци од Кукуш и слушнав *знам* и *зна́јам*; исто *се́јӑм*, а не *се́ум*; *ӣра́јӑм*, а не *ӣра́ум*“ (ВГ, 60).

Дека Д. Мирчев не направил превид во формата 'знаум', како што мислат Д. Иванов и В. Думев, ни потврдуваат не само примерите што ги споменавме од Амбар Ќој, туку такви форми имаме запишано и во Гевгелиско (с. Петрово):

жни́ум, *сӣи́ум*. Веројатно и Д. Иванов и В. Думев во своите истражувања не можеле да анкетираат луѓе од односниве пунктови.

Сепак факт е дека многу почесто кај глаголите со општ дел на вокал наставката *-м* се додава директно: *сӑ-тӣри́м*, *сӑ-ми́м*, *сӣо́м*, *бро́м*, *к'и-чу́м* Крец, *жни́м*, *ве́м* (зн. јавам), *кро́м*, *сӣо́м* (*дӑ-ӣусӣо́м*), *к'и-уздӑрве́м* Мут, *сӑ-ми́м*, *сӑ-сме́м*, *дӑ-сӑ-убу́м*, но: *са́ке дӑ-се́ӑм* Шек, *к'и-ӣка́м*, *к'и-ӣу-уби́м*, *уд-ни́шӣо не́ сӑ-бо́м* Гӑр.

Наставката *-ум* е заедничка особеност уште и на гевгелискиот (ГГ, 86), и дојранскиот (ДГ, 86), додека во Солунско (Сухо и Висока) глаголите во 1 л. завршуваат на *-а(м)*: *ӣ'е́ра(м)*, *ка́рам* (ДМГ, 148), а во Градобор наставката *-ам* повеќе се јавува со глаголи од *а-* група: *бе́ӣӑм*, *са́кӑм*, *слу́шӑм*, другите на *-ум*: *ви-но́сум*, *к'и-о́дум*, *к'и-ӣӑ-ӣи́ӣум*, но тоа изгледа не е консеквентно, сп.: *дӑ-ви́кум*. Сп. уште и во Воденско: *ӣле́ӣӑм*, *зна́јӑм*, *ви́кнӑм*, *но́сӑм*, *куӣу́вӑм* (ВГ, 89).

За начинот како се добило тоа *у* има различни искажувања, в. 2.1563.

11.9. Зборувајќи за упростувањето на глаголските групи веќе истакнавме дека во 2 л. ед. кај сите глаголи како основен вокал се јавува гласот *и*, што се обопштил прво со вкрстување на формите од *е-* и *и-* група, веројатно потпомогнат и со редукцијата, а потоа се наложил и кај глаголите од *а*-група.

Основниот вокал *и*, во секвенци со друг вокал од основата се скратува во *ј*: *дӑ-сӑ-убу́јш*, *дӑ-н-о́диш бо́са*; — *у́бувo дӑ-сӑ-изми́јш*; — *шо́ сӣо́јш куӣ-ӣре́шӣин*. Вакви секвенци, освен кај глаголите со општ дел на вокал, по елизијата на консонантите *ж*, *д*, *з*, се создаваат и кај други глаголи: *ра́но дӑ-си-до́јш* (: дојде); — *д-ин-ка́јш нӑ-до́о-ӣи* (: каже); — *ӣам к'и-си-фле́јш уф-рӑбо́ӣа* (флезе) — в. 3. 144.

Во 3 л., како што истакнавме, основниот вокал од *е*-група се обопштил кај сите глаголи: *са́ке*, *ми́сле*, *ку́ӣе*. Кај глаголите со општ дел на вокал (*а*, *о*, *у*), со асимилација и контракција се добиле формите: *зна́*, *зна́а* (: знае), *сӣо́*, *сӣо́о* (: стое), *чу́*, *чу́у* (: чуе).

Во Градобор во ваквите случаи наместо асимилација и контракција (евентуално) среќаваме редукција: *сӑ-сме́ј*; — *ӣре́ј сла́нциӣу*; — *дӑ не́ сӑ-уӣи́ј* (: опие); — *к'е́ркӑ-ми зна́ј*; —

нитȕ ȗрȕтукáло нé ȗúj; — *и он к'и-устȁрéj* и сл. Слични примери среќаваме и во материјалите од Ватилак: *вода ни сáȗij*; — *кој знај*; — *нека дој ȉори*.

Елизијата на консонантите *ж*, *д*, *з*, што ја споменавме во формите за 2 л., во 3 л. не се среќава.

11.10. Во множинските форми за 1 и 2 л., како основен се обопштил вокалот *и*, кој многу често, ако нема фонетски тешкотии, се елидира: *кóȗме — кóȗте*, *кóсме — кóсте*, *чȕкме — чȕкте*. Трага од споменатиов основен вокал, скратено *и*, забележуваме кај глаголите со општ дел на вокал: *шо знáјме шо ȗрáјте вúй*; — *удéјте ама дȁ нé сȁ-ȗúјте*; — *сáми к'и-жнúјме*; — *ут-шумáрут сȁ-бóјме*; — *дȁ-устȁрéјте и вúа кут-нáска*. Присуството на основниот вокал *и* го среќаваме во согласнички групи кои без него би биле тешки за изговор: *к'и-бȕтниме нéкуј кóрин ȗтéр* (зн. ќе посадиме); — *к'и-ȗȁрскиме лóјсто*; — *дȁ-чȕкните к'и-ви-утвóрȁт*; — *нȁ-мóш дȁ-сȁ-удвúкните ут-чиȉáрут*.

Основен вокал *и* за 1 и 2 л. множина среќаваме и во други долновардарски говори, пр. во воденскиот: *вúкниме — вúкните*, *знáјме — знáјте* (ВГ, 59), исто така и во гевгелискиот, додека во дојранскиот се обопштил вокал *ȁ*: *вúкнȁме — вúкнȁте*, *мúсл'ȁме — мúсл'ȁте* (ДГ, 86), во Аканџалија: *вúкнуме — вúкнȁте*.

11.11. Формите во 3 л. мн. завршуваат на *ȁт* (*ạт*). Гласот *ѧ* во глаголските наставки редовно се рефлектирал во *а*, а овде тоа *а* натаму со редукција се затемнува во *ȁ*. Ваков резултат бележи и В. Думев во воденскиот говор (: *ȗлéтȁт*, *знáјȁт*, *сáкȁт* — ВГ, 59), а Д. Иванов од гевгелискиот говор покрај *ȗлéтȁт*, *вúкнȁт*, запишал и примери со полуредуцирано *ạ* (: *кóсạт*, *купȕвạт*, *сáкạт*). Во Солунско Голомб бележи јасен изговор на *а* во наставката *-ат* не само во примери под акцент: *ȗирáт*, *дражáт*, туку и кога не е акцентирано: *кáрат* (ДМГ, 148).

Кај глаголите со општ дел на вокал, секвенците *-оа-*, *-уа-* поминале со асимилација и контракција во *ō* или *оо*, односно во *ȳ* или *уу*: *ич не сȁ-бóот*; *сè тȁт си-стóот*; — *к'и тȁ-чȕут* и сл., но: *сȁ-мúȁт*, — *спúȁт*, — *жнúȁт*.

11.12. Со резултатот *са* < стсл. сѫтъ, кукушкиот говор споделува уште една особеност со источномакедонското наречје: *сȁ-рȁзбиȉáли*; — *ич не сȁ-дујдéли*.

Во 1 л. ед. скоро редовно се јавува формата *сум*: *ушкóīа сум шýка не-ј дójдин*; — *ус-чувéк не сум сă-скарáл*, така е на целото подрачје, исклучок прави пунктот Градобор: *две īудúни шó-стáр сăм*; — *уд-нăшри сăм-зăкл'ýчин*; — *нé сăм-бил рудéн*. Од материјалите од Ватилак: *не сам видел*.

Формата за 3 л. ед. многу често се редуцира: *блúзу-ј* (: близу е); — *páно-ј*; — *рудни́на ме-ј*. Доколку зборо-формата на која помошниот глагол се наслонува акцентски завршува на консонант, за поудобен изговор формата на помошниот глагол се јавува проширена: *зилéн-еј*; — *буīáш-ej* и сл.

11.13. Зборувајќи за глаголскиот вид истакнавме дека во овој говор е многу обична употребата на перфективниот презент било за искажување на минати свршени дејства, било за изразување на дејства што се повторуваат, дејства што се вршат по навика.

Во непосредна врска со ваквата проширена употреба на перфективниот презент стои и една друга специфичност: испуштање на сврзникот *да* во зависни реченици со свршени глаголи: *дáj-мо-о īáлшшо сă-нăīáрне*; — *шýрй-ō шишýно сă-нăвлáжне, дă-мóже сă-дúшле*; — *а Сóлăн бише, чéк ши-кáжум, куш-Стрýмица димéк*; — *ká-биīувáхме, дур-вúјш сéлшо сăисīрáзне*; — *óде īу сéлша сă-нăýче*; — *óј* (*оди*) *сă-вúјше усшвójше*; — *īлéј си-дójш īрез-дéно, ним шă-стéмне нă-īăш*; — *вăркájше сă-кáче нăīрéди*.

Минато определено свршено време

11.14. Лични наставки:

едн.	1 л.	*-х*	мн.	1 л.	*-(х)ме*
	2 „	—		2 „	*-(х)ше*
	3 „	—		3 „	*-а*

11.15. Меѓу забележливите специфичности кај аористните глаголски форми сигурно треба да се спомене и отсуството на формите со *о*-раздел од *е*-група. Значи во овој говор се генерализирал основниот вокал од 2 и 3 л. едн. низ целата парадигма: *јагéх — јагé — јагé(х)ме — јагé(х)ше — јагéа* ; *дунцéх — дунцé — дунцé(х)ме — дунцé(х)ше — дунцéа*.

Ваквото упростување на аористните форми е заедничка особеност на повеќе долновардарски говори. В. Думев од воденскиот говор ги споменува примерите: *ричéх*, *тичéх*, *вличéх . . . зансéх* (од *занесов*) (ВГ, 57). На односново прашање се задржал и Д. Иванов за гевгелискиот говор, тој дури и објаснува дека форми на *-ох* за 1 л. ед., во песни од Гевгелиско, објавени во МПр, III, 4, 36, 102, се позајмени отстрана заедно со песната. И во тој поглед исклучок прави јужниот соседен говор — солунскиот. Од Сухо и Висока се формите *р'éкух — р'éкухми — р'éкухти* (ДМГ, 157), но во нашите анкетирања од Градобор, обратно, обични се примерите со една основа генерализирана низ парадигмата: *дујдéх дă-вúдум, — дујдéхми, — испридéх* и сл.

Во врска со присуството на *-х* во наставките за 1 и 2 л. мн., интересно е да се истакне дека во првата работа за овој говор — онаа што често ја цитираме од Д. Мирчев, излезена уште 1901 год. редовно среќаваме *-хме*, *-хте*: *плитéхме*, *ричéхме*, *плитéхте*, *ричéхте*, *викнáхте* (ЂКВГ, 466). Во работите што се објавени подоцна гласот *х* е назначен како факултативен во односниве наставки, сп. примери од работата за кукушко-дојранскиот говор на Г. П. Христов: *плитé(х)ме*, но *плитéте*, *урá(х)ме*, но *урáте*, исто: *варúме*, *варúте* (ОКДГ, 115).

Нашите истражувања како последни укажуваат дека гласот *х* веќе не се држи здраво во односниве наставки, пр. од Крецово покрај *придéхме*, *нăпăсéхме*, *ĭу-сминúхме* запишавме и: *о-рăсчинúме*, *дăржáме*; од Мутулово: *уráме*, *ижнáме*, *дујдéме*, *убýме*, но: *тучúхме*, *рăспráхме*; од Драгомирци: *пúх*, *пúхте*, *прáхме*, *прáхте*, но *тичéме*, *тичéте*; од Амбар Ќој: *чýхме*, покрај *чујáхме*, но: *дóбро дујдéте* (поздрав), слично е и во др. пунктови. Само во Градобор по правило примерите се со зачувано *-х*: *жнáхми(е)*, *заĭубúхми(е)*, *разбráхми*, *бráхми*, *видéхме(и)*, но: *мăлéчки бúме*.

Непостојаноста на *х* во односниве наставки, како процес во тек, може да се следи и во соседните говори. Сп. примери од гевгелискиот говор: *плитéме*, *ричéме*, *викнáте*, *нусúте* (ГГ, 94), со загубено *х* се и примерите од Воденско: *плитéме*, *ĭлидáме*, *сијáте*, *викнáте* (ВГ, 62), исто и од Дојранско: *кусĭ'ме*, *кусĭ'те*, *извăрвéме*, *извăрвéте*, но: *сă-скусúхме* 'се насекиравме', исто: *зер ĭă-изĭубúхте*? Во Сухо и Висока (Солунско): *вúд'ахми*, *р'éкухми*, *вúд'ахти*, *р'éкухти*.

11.16. Во 3 л. мн. старата наставка -хѫ зачувана ја среќаваме само во пунктот Градобор: *и о́ни ӣи́ха, си-убу́ха, зӑка́лна́ха, рӑзмису́ха, бра́ха* и др. Спорадично може да се сретне и во др. пунктови, пр. во Крецово: *ӣридэ́ха* покрај *ӣридэ́а*. Во други случаи гласот *х* се губи, а вокалот во наставката се редуцира: *о́ни ӣи́ӭ, си-купи́ӭ* Драг, *сӑ-жини́ӭ, дуjдэ́ӭ* Грам.

11.17. Иако не во многу широк обем, можеби под влијание на говорот на староседелците, респ. струмичкиот, во аористните форми од некои глаголи со општ дел на вокал, забележуваме проширување на основата со секвенцата *-ја-*: *ӣиjа́х* покрај *ӣих, сӑ-убуjа́х* покрај *сӑ-убу́х, ижна́хме* покрај *ижнија́ме* Мут. Двојната употреба укажува дека процесот не е завршен. Во објавените материјали (МПр, г. IX, кн. 3—4) превладуваат формите без проширување: *наӣи́л-си чувэ́кутӣ, аӣна́л-си*; а бидејќи во говорот на староседелците ваквото проширување е многу обично: *наӣиjа́х-се, — убуjа́ме се; — ижниjа́ме; — уӣиjа́л се* и др., тогаш останува да заклучиме дека сепак наспоредните форми во говорот на доjденците од Кукушко се јавиле под влијание на говорот на месното население.

Влијанието на говорот на староседелците се гледа и во употребата на формите на неправилните глаголи од *е-* група. Имено, во струмичкиот говор во формите на аористот тие се јавуваат со зачувано *е* во основата: *издера́х се; — набера́ме каӣи́ни*; сп. и: *— искул'а́а се* (: се исклаа). а оттаму се пенетрираат и во говорот на доjденците: *ва́адин си-ӣустӣил'а́х ира́мчиӣӣо*; и: *— нэ́ сум кул'а́л ӣу́дe.*

Ваквите форми се јавуваат во говорот на оние што живеат во градот каде што влијанието на староседелците е поизразито, а нивелацијата прилично напредната, додека во селата многу пообични се формите без вокал во општиот дел: *сӑ-нӑбра́а ду-ку́че* (зн. целиот род); *— сӑ-рӑздра́х вика́jк'и; — ӣи-удбра́х зӑ-урнэ́к; — о-ӣусла́х зӑ-Бужи́к*; и: *— ӣӑ-зӑкла́ли* и сл.

За разлика од западното наречје каде што употребата на аористни форми од имперфективни глаголи не е многу обична, во кукушкиот говор наспоредно се јавуваат аористни образувања и од свршени и од несвршени глаголи. „На тој начин основната значенска опозиција изразувана преку

аористот во однос на имперфектот не е опозиција на свршеност спрема несвршеност во минатото, но опозиција на моментноста спрема трајноста“ (ДМГ, 160).

Сп. примери: *рăбуш̄úх, ама п̄ичăлúх*; — *нусúхме п̄исóк нă-рăци*; — *уфчéра цéл дéн купăх на Кăрá Туп̄рăк*. Дури и нешто повеќе, чести се аористни форми од несвршени глаголи проширени со наставката *-уве*, која овде не врши граматичка функција: *кóīа биīувáхме, п̄у-Сш̄рýма* АЌ; — *удувáх кá бúх п̄ó-блúјчко*; — уште: *уф Мурáрци сме удувáли нă-п̄ăзăр* Гола.

Веројатно за ваквата употреба на аорист од несвршени глаголи придонесува и различниот акцент кој се јавува како сериозна дистинкција меѓу формите на аористот и имперфектот. Имено, аористните форми се изведени главно од основата на стариот инфинитив, а имперфектот од презентската основа, „во врска со акцентската разлика меѓу тие основи има исто така акцентски разлики меѓу формите на аористот и имперфектот“. Имено, имперфективните форми редовно се акцентираат на коренскиот слог, а аористните на основниот вокал, и независно што понекогаш формите се исти сепак комуницирањето не е отежнато. Се разбира овде можат да припомогнат и други чинители.

— Такви се формите за 1 л. ед. и 1 и 2 л. мн. аорист и имперфект кај глаголите од *а*-група:

аорист: *викáх п̄у-ш̄éп̄, ама ш̄и нé слýшиш*; — *сéīде īу-ш̄ерáхме, куј-знáа дек се-ј-скрúл*; — *чукáме ама не уш̄вурúа*; — *слушáх, слушáх, ми дудијá, сј-уддéх*;

имперфект: *ш̄и вúках дă-сă-вăрниш*; — *ш̄óīи сáках, áма сјā не сáкум*; — *слýша(х)ме как сă-кăраш̄*; — *сúчко си úмахме*; — *сáках дă-сă-вúдме, зăш̄óо и дујдéх*;

Ова време, освен со своето основно значење: „минато дејство што го сфаќаме во неговата завршеност како преживеано“, се јавува и со секундарни значења: да означува идност: *а бе кираш̄á, сóп̄ри ш̄ă-уш̄ип̄áх*; — *бéīи, изīурéхме*; односно претполагани идни дејства во реченици со условно значење: *флизé ли, ш̄ă-смачкáх*; — *а п̄исná, мúсли му*.

11.19. **Аористни форми од помошниот глагол.** — Аористните форми од ’быти’ зачувани во некои позападни говори, овде се јавуваат само како реликт, во коренот *би-*, што се проширил со суфиксот *-ва*: *бивáх — бивá — бивá(х)ме — бивá(х)ш̄е — бивáа*: *дéвиш̄ īудúни бивáх мăлзничăр уф-шш̄ăлш̄о*; — *бивáх и-едно́ и-друīо и-ш̄ре́ш̄о, уш̄-сè п̄узнáх*.

Во употреба се и форми од основата за сегашно време *бид-*: *бидéх — бидé — бидé(х)ме — бидé(х)ѿе — бидéа*: *мăчи́ ама не бидé кмéѿ*; — *вики їáаре и óни бидéа чувéци*; — *не бидé* ('не бидна'). Се случува, поретко, спомнативе форми и да се прошират со суфиксот *-ува*: *бидувáх — бидувá — бидувá(х)ме — бидувá(х)ѿе — бидувáа*: *уф-ни́х бидувáх две нидéли нăкунáк*; — *и їăдáр бидувáх*.

Истиве форми Думев ги споменува од Воденско (ВГ, 64).

Минато определено несвршено време

11.20. Лични наставки:

едн.	1 л.	*-х*	мн.	1 л.	*-хме*
	2 „	*-ше*		2 „	*-хѿе*
	3 „	*-ше*		3 „	*-(х)а*

11.21. Аналошкото израмнување ги зафатило и формите на имперфектот. Во еднинските форми, во 2 и 3 л. како основен се обопштил вокалот *и*. Според Д. Мирчев оваа фонетска специфичност — проширената употреба на основниот вокал *и*, се добила со наслон на презентските форми во кои исто така се јавува вокалот *и* (*сáкиш*, *нóсиш*). Во секој случај и дејството на редукцијата не треба сосема да се исклучи.

Основниот вокал во секвенца со друг вокал, кај глаголите со општ дел на вокал, редовно се редуцира во *j*: *їéјше* (: пееше), *жни́јше*, *к'и-сă-субýјше*, *сам дă-си-чýјше*. Слична ситуација од двокомпонентна вокална секвенца се добива и по елизијата на меѓувокалните консонанти: *д*, *з*, *ж*: *к'и-си-дójше* (: дојдеше), *излéјше* (: излезеше), *стрúјше* (: стрижеше), *ни́јше* (: нижеше).

Кај глаголите со општ дел на консонант основниот вокал многу често се елидира: *чýкше*, *їéрше*, *їи́шше* (: пишуваше), *ѿрóїше*. Обратно, основниот вокал се чува во случаите кога со неговото губење би се создале согласнички групи тешки за изговор: *мúслише*, *вúкнише*, *мăрднише*, *їáднише* и сл.

11.22. Во имперфективните множински наставки за 1 и 2 л. согласката *х* релативно добро се чува. Иста е состој-

бата и во соседните говори: гевгелискиот (ГГ, 94), дојранскиот (ДГ, 88), воденскиот (ВГ, 61), солунскиот (ДМГ, 55). Секако ова не е случајно, и најлогично е да се претпостави дека во овие случаи морфологијата ѝ поставила пречки на фонетиката, со цел да се избегне омонимијата со презентот.

Впрочем, блокирање на фонетскиот фактор од морфолошки причини имаме и при редукцијата на вокали во крајните отворени слогови, кога се носители на значајни граматички информации (в. 2.5.7.).

Значи, да заклучиме, согласката *х* во имперфектните наставки *-хме*, *-хте* се чува, бидејќи, како што истакнавме, имперфектот се наслонува на презентската основа, односно тие и еднакво се акцентираат, а тоа значи дека по евентуално губење на *х* од спомнативе наставки формите би се изедначиле, а изразноста би се изгубила.

Во спомнативе лица како основен се обопштил вокалот *ă*: *и́măхме — и́măхте, но́сăхме — но́сăхте, жни́ăхме — жни́ăхте.* Освен тоа во повеќе села од Полето среќаваме *и*: *ви́кихме —ви́кихте* Коц. Така е и во гевгелискиот: *о́рахме — о́рахте, ви́кнăхме — ви́кнăхте* и во дојранскиот: *тăрчăхме — тăрчăхте.* Обратно, во воденскиот кај глаголите од *е-* и *и*-група се обопштил вокалот *и*: *плéтихме — плéтихте, знáјхме — знáјхте*, а кај оние од *а-* група *ă*: *плéдăхме — плéдăхте, купу́вăхме — купу́вăхте.*

11.23. Во 3 л. множина не постоела опасност од мешање на имперфектните форми со оние од презентот а *х* од наставката се наоѓа меѓу самогласки и скоро редовно се губи. Вокалот од основата по правило се асимилира спрема вокалот од наставката: *но́саа, тăрчаа, сă-ми́јаа*, но се среќаваат и примери, особено во спокојната реч, во кои посебната артикулација на двете самогласки се чува: *о́деа, ми́слеа* Кал.

Во пунктот кон Солунско — Градобор консонантот *х* редовно се чува во меѓувокалска позиција, па се јавува и во наставката *-ха*: *шо ѓу-и́маха, — шо ф(х)о́дăха, се́диха, ви́каха, да́вăха* (в. 3.62.). Во Крецово, иако превладуваат формите со испуштено *х*, сепак можат да се сретнат и форми во кои се чува, пр.: *тка́јаха.* Во Сухо и Висока исто така среќаваме форми со зачувано *х*: *хо́д'аха, ѓруми́наха, вил'а́ха*

(ДМГ, 156). Од другите соседни говори *х* во оваа позиција се чува уште во дојранскиот: *и́мъ̑ха, но́съ̑ха, ва́ръ̑ха.*

Сп. примери од гевгелискиот говор: *ӣле́т̄аа, т̄е́јаа, ӣпр́ајаа* (ГГ, 94), од Воденско: *ӣле́т̄иа, куп́у́въ̑ъ̑, ӣле́дъ̑ъ̑* (ВГ, 61).

11.24. Имперфектните форми од помошниот глагол бы̆ти гласат: *бих — би́ше — би́(х)ме — би́(х)те — би́а: уснéїо друїáре би́а; — бих къ̑т̄ ба́ч Ристо̄; — нъ̑-Дójрън би́хме; — т̄о́ї̄и, ка́ би́хт̄е* и сл.

Д. Иванов (ГГ, 69) формата *би́ше* ја објаснува од старата аористна форма бы- со имперфективна наставка *-ше.*

Л. Милетич тргнувајќи од примериве: *на п̄о́п̄от т̄а́т̄ко му бишé сирумáх; — око́т̄о и бишé набабрéно; — бишé п̄е́дъ̑се; — и́мит̄о и бишé Костáнда; — дéнско бишé ка вър̆вéа коми́т̄ит̄е,* се обидува да даде поинакво толкување (=редукција). Според истражувањата што сме ги вршеле во Гевгелиско, а примерите се оттаму, земени од печатени материјали, акцентот во формата *бишé* е невозможен. Дека сепак се работи за превид во бележењето на акцентот ни зборува и примерот *око́т̄о*, што исто така не е обичен за односниов говор, барем во пунктовите во кои сме собирале материјал: Стојаково, Богданци, Конско, Миравци, Пирава.

11.25. Употребата на имперфектот најчесто се јавува во дијалози и искажувања, а поретко во приказни.

Како илустрација ќе презентираме дел од искажување, сеќавање од информатор од Коџомарлија: *Пáмнум, кáк нé п̄áмнум. Лузи́нт̄а дек ни би́а т̄оӑ съ̑-ви́кше Ръ̑злúвук, Ръ̑злúфциt̄е. Рéка и́мше, и́мше малéчка рéка, не а-знáм, малéчка би́ше. Разлúвук съ̑-ви́кше, и́јше вóда т̄áмка, т̄ъ̑ разлúувише т̄ъ̑кá. Лójшт̄а т̄ам би́а, лójшт̄а. Е, и́мше т̄ам и Лójчкут̄ Бунáр. Пóсле кá к'и-замúниш, кá к'и-п̄умúниш на-дóл и́мше едно мéст̄о му-ви́кихме Бербáт̄ки . . .*

Како обично и овде среќаваме имперфектни форми од перфективни глаголи во подредени реченици со сврзникот *дъ̑*: *дъ̑-дójше к'и-си-удбéрше сам; — дъ̑-дójше к'и-т̄-о-сушúјах; — дъ̑-зъ̑ст̄áнъ̑хт̄е мáл̄чко нé к'и-би́ше т̄ъ̑кá.*

Во врска со употребата на имперфектот ќе споменеме и примери за дејства што се вршеле по навика: *вéчъ̑р, п̄р̆ъ̑ки вéчъ̑р и́јше уф-нáс, сéјше ду-ни́коо врéме; — кá би́ше мла́да сънóш п̄рéјше, т̄кáјше, а сјáа . . .*

Заповеден начин

11.26. Упростувањето на глаголските форми и економичноста најрелјефно се изразени во формите на императивот.

Веќе рековме дека глаголската *а*-група се разложила, а тоа се покажува и во овие форми. Имено, сите глаголи од *и-*, *е-* и *а-* група во еднинската форма за 2 л. се јавуваат со основниот вокал *и*, без наставка, а наставката *-ј* се јавува само кај глаголите со општ дел на вокал. Сп.: *дóнци-й пáрше*; — *дáј-му рăчóк*; — *кóлко сáкиш вúки*; — *пéри ка си-будлá*; — *прáј бáбо зă-гúздус* (пог.); — *мúжи Мúше, фáши шýка* (пог.).

Исклучок прави говорот во пунктот Градобор, кон Солунско каде што се чува глаголската *а-* група и аналогно на тоа наставката *-ј*, освен кај глаголите со општ дел на вокал, се јавува и со глаголите од *а*-група: *ним клáвăј зилéн пипéр*; — *чéкај дă-сă-вăрнăм*; — *не зăдéвăј-си*; — *кăжýвăј ка ши-пúшат*; — *гléдај дă-дójш ráно*.

Многу често во брзиот говор, особено во составите кога на глаголот се наслонува кратка заменска форма, основниот вокал *и* се испушта: *убléч-сă árно, студéно-ј*; — *скăрш-си уд-лéбуш, шóпăл*; — *зăлéй-го дă не сă-скúне*; — *скúним нéкаа пипéрка за-дóма*; — *шýр-си сóл'че*. Во случаите кога со испуштањето на *и* би се создала необична завршна консонантска група, вокалот *и* се чува: *нăмáчки си máхче нălébуш*.

Во неколку случаи основниот вокал *-и* се губи и кога глаголите се употребени самостојно, без заменски форми. Примерите се од глаголите: 'стане', 'држи', 'фати', 'бега', 'чека', 'чини'. Сп.: *стáн уш-шýка, чéк нă-нáки*; — *дрăш, дă нé пáдне*; — *фáш дă-рăбóшиш куш-сúше*; — *флéз-де, мáлчко дă-с-вúдме*; — *чúн шăка, ка ши-вúке*; — *óд нă-шáшки* (: оди); — *бéќ уш-шýка, ним мă-л'ýши* (: бегај).

Освен основниот вокал *-и* се испушта и наставката *-ј* кај заповедните форми од глаголите од типот 'мие', особено ако се префиксирани : *нáши-се мáлчко*; — *úзми-си рăцшо*, но: *пóвиј-гу дéшшо*.

Интерес побудува, особено поради формата, честичката *ела* со значење : 'дојди' — императив, која во Моравци се среќава и проширена со наставката *-уве* што на оваа

форма ѝ дава повторливо значење, и нормално во еднина, 2 л., завршува на основниот вокал *-и*: *илу́ви нă-йăт҃е, ка и́миш вре́ме* 'доаѓај понекогаш кога имаш време'; — *илу́ви дă-мă-йрăзи́рниш, дă-мă-ви́диш.*

Во префиксираните императивни форми често пати акцентот се префрла на префиксот: *на́бер-му зă-го́ма*; — *за́фăт҃-си йо́шквăс*; — *за́йлет҃-ја т҃ăа йле́шка* (в. 4.2.), но: *испа́дни нă-во́нка.*

Многу се необични, во врска со редот на зборовите во реченицата, императивните состави во кои заменската форма се наоѓа во проклиза: *т҃у́р-си йе́рница, că-йо́т҃ир*; — *на́-т҃и ри́јчка, că-изба́рши* Гăр; — *ста́ни, că-рăздви́жи.*

11.27. Израмнувањето на императивните форми се забележува и во множинската форма за 2 л.

Наставката *-јт҃е* се јавува редовно со сите глаголи, независно од групата. Разлики се јавуваат само во основниот вокал. Глаголите од *а*-група во императивната множинска форма за основен вокал го земаат *а*, а оние од *и*- и *е*- група *е*. По правило е така, но има и исклучоци, сп.: *вика́јт҃е дур că-бли́зо*; — *чика́јт҃е-ме во́нка*; — *т҃ăрча́јт҃е дă-ј-сти́пнит҃е*; — *дунце́јт҃е во́да*; — *ним удје́јт҃е ја́ли*; — *зăпишје́јт҃е-ја нă-учили́шт҃е*; — *сидје́јт҃(е)-си ма́дро нă-ја́зут҃*; — *ричје́јт҃е му нă-ва́шт҃е ма́јки*; — *йрăвје́јт҃е се нă-То́шо* (фраз.), но: *кажа́јт҃е-ја нă-учит҃ăлут҃* (: каже).

Глаголите со општ дел на вокал се случува да се јават со проширена основа: *йустујајт҃е нă-дво́ро, сја к'и-că-сли́мнум*; — *измијајт҃е се*; — *ипрăјајт҃е-си во́нка*; — *знајајт҃е оти́дăт҃ ста́ри јуди́ни* (зн. сфатете); — *нăйијајт҃е-că уд-ви́нцйо, дума́шно-ј.* Вакво проширување со формантот *-ја-* забележуваме уште и кај неправилните глаголи: *бира́јт҃е йа́ри, де́ца, ре́дуве вă-че́кăт҃* (зн. свадба, веридба и сл.). Сепак пообични се кратките форми, без вокал во општиот дел: *нăбра́јт҃(е)-си куба́ци*; — *испра́јт҃(е)-си ше́јвиййо* (зн. стварите); — *йусла́јт҃е-си вăлнинко дă-н-нăсти́нт҃е* и сл. Формите со проширена основа се редовни во говорот на староседелците во Струмичко и веројатно оттаму се позајмени (в. 11.17).

Наставката *-јт҃е*, кога глаголот е во акцентска композиција со кратка заменска форма, може, но не мора, да се редуцира во *-јт҃*: *фăт҃е́јт҃-ја*; — *нăйијајт҃-се йу-адна ча́шка*; —

дăржáјт-се за труīузăмáндал'то; — *исфăрлéјт-ī му нă-īăтут, ká не-ј чувéк*; — *нăмăчкáјт-му буја́ узīóре.*

11.28. Заповед за 3 л. се изразува како и обично „по синтактичен пат со сврзување на соодветните форми за сегашно време со *да, нека*". Во овој говор 'нека' се скратува во *нек*: *дă-си-дójдат дудéк сă-вúде*; — *нек-сă-зăīúшăт уфīинзиунéрскуто*; — *дă-сă-чúне нă-две вóди*; — *нек-си-извáдăт īăшăīóрт, к'и-ј-нóсум дол.*

Заповедни форми за 1 л. во овој говор се изразуваат со *да* и презентот: *сáк дă-зéмум, дă-īрăīрáвум нéштичко зă-аīнýвне*; — *дă-стáнум, дă-с-измúм д-óдум нă-īăзáро*; — *īу-лáдо дă-стáнме, дă-скóīме īипéро.*

Блага заповед, без настојување врз она што го бара говорителот, се изразува сингаксички со честичката *ајде*, во овој говор обично скратена во *ај*, и презентската форма со *да*: *ај дă-сă-кирдóсăт* (пожелување); — *ај дă-си-тăрīниме īóрáно*; — *ај дă-не сă-кáрме īáаре.*

11.29. Негираните заповедни форми, освен со честичката *не*: *нé сă-зăкáчуви*, се изразуваат со синтаксична конструкција: *ним* и презентската форма со *да*. Формата *ним* е добиена со редукција од старите императивни форми *немој — немојте*, но овде е сведена до честичка, пр. таа нема множинска форма што би ѝ одговарала на формата 'немојте'. Сп.: *ним īá дă-т-тéкне нéшто* (зн. немој пак да направиш нешто неочекувано); — *ним-дă-мă-чéкăт*; — *ним-дă-сă-л'утиш нă-мéне*; — *ним дă-флéзăт īред ас дă-дójдум*; — *ним д-óјте биз-мéне.*

11.30. Во врска со значењата на императивот, надвор од неговата основна служба, ќе се задржиме на една специфичност што ја познава и литературниот јазик, но овде секако е поизразена.

Зборувајќи за глаголскиот вид веќе истакнавме дека во кукушкиот говор сè уште е во жива употреба презентот од свршени глаголи за изразување на дејства што се вршат по навика, како што впрочем се среќава и во други словенски јазици, на пр. во српско-хрватскиот. Ваквата употреба на перфективните глаголи дури се проширила и на др. ситуации, сп. *фáтăт, īу-вéнчăт и īу-устáват дóма*; — *ни кабáатуш ти-īрóстум, ни īлóба ти īлóбум, ни īлáва ти-сéчум дур не дóнсиш тáнка Арнăýтка* (в. 11.3.).

Наспоредно со односна употреба на презент од свршени глаголи, за изразување на дејства што се повторуваат и вршат по навика, многу често во овој говор се јавуваат и формите на императивот. „Во ваквите случаи заповедната форма се зема како знак за дејство само по себе, без неговата поврзаност со одредено лице, се зема како форма не само за второто, ами и за секое друго лице, а во реченицата се разбира на кое од нив се однесува".

Примериве што следуваат се извадок од искажување на информатор од Гърбашел за тоа како го доживеал бегањето од Кукуш 1913 год:

... Таа на́шта бише: у́стъв са́рто, збе́р не́коо ше́јче, тува́р мъја́рто — дек ти гле́дат о́чте; — у́мри нъ-пъ́то, ни́куј ни́што нъ-мо́же; — за́кой-гу чуве́ко кут-ку́че, пукри́ј-о успъ́рне, ус-са́чки; — ту́ри тёнцарто дек на́јдиш, дъ-зъја́лниш ду́ша — тъка́ бу́ше на́што бе́гине; — е-е то́ги не́мше ни́што: ка́пни-ла́пни пра́въхме, сја-ј убуви́на. Сп. уште примери од Крецово: *пъ́дни, стъ́ни к-о-пуми́нме ве́кут; — стъ́ни, ле́гни, пъ́ тъ́а; — тук-чи́ни, збе́р-си де́цта, кундис-ти до́ма; — адно́ фле́зи, ръзви́к-се, ръскар-се ус-си́те; — на́јат-се, на́пиј-се, то́о к'и-т-устъ́не.*

Глаголска л-форма

11.31. Во врска со образувањето на л-формата, како особеност на овој говор, треба да спомнеме дека таа овде се наслонува на аористната основа.

Значи, и кај глаголите што имаат различни основни вокали во простите минати времиња, овде не се среќаваат двојни форми од типот: *бројал — броел, носил —носел, станал — станел, пеал — пеел.*

Од соседните говори исти образувања има л-формата во Дојранско (: *брујал, нуси́л, стъна́л* ДГ, 90), обратно, според Думев, воденскиот говор ги зачувал формите и од аористни и од имперфектни основи: *нуси́л* но и *но́сил* (од *но́сел* — со редукција), *учи́л* и *у́чил*; сп. уште: *же́нтъ му-ме́сила лет, а мъ́жут ко́пал на-ни́вта* (ВГ, 63).

За еднинските форми, во врска со наставките, нема што особено да се истакне: *куси́л — куси́ла— куси́ло, викна́л — викна́ла — викна́ло.* За одбележување е множинската наставка

која овде гласи *-ли*: *вика́ли, има́ли, нуси́ли — нусува́ли, чика́ли, о-џӑрчика́ли.* Оваа специфичност ја познаваат и други долновардарски говори, пр. од Солунско: *з'е́ли, сӑ-зма́чкали, сӑ кла́ли* (Сухо и Висока, ДМГ, I, 161), *виде́ли, јаде́ли, сџуја́ли, миџе́ли* (Градобор), на запад во Гуменца исто така се јавува наставката *-ли*: *џриде́ли, ура́ли, јаде́ли, вика́ли,* исто и на исток кон Серез: *орја́ли, уџкра́ли, ушли́, цјӑели* (Савек).

Во оваа прилично раширена рэгија на *-ли* не влегуваат северните соседни говори, гевгелискиот: *о́ни ба́а да́ле; — си́џе а-џлида́ле; — нӑ-муже́ле дӑ-а-зе́мӑџ* (ГГ, 91, 111, 112) и дојранскиот (само градскиот): *уста́нале уд-ра́џо изџо́рӑни; — и сӑа ришѝле џа́м шо ришѝле; — сӑ-мӑбиџѝле дву́јцӑџа* (ДГ, 143, 146).

Кај глаголската *л*-форма, изведена од глаголи со општ дел на вокалот *и*, од типот 'мие', можат да се сретнат и примери со проширена основа: *не́-с-сӑ-измија́ла уд-уфче́ра; — не-сум сџија́л ус-дру́к чове́к*, но пообични се кратките форми: *о́џџе не сӑ-ижна́ли; — уф-на́с сӑ-сџа́ли; — сӑ-изми́л; — сӑ-нӑџи́ли* и сл.

Веќе истакнавме дека кај аористните основи имаме прегрупирање, имено глаголите од *о*-раздел, *е*-група поминале во *е*- раздел (:*рече́х, дојде́х* и сл.), меѓутоа во образувањето на глаголската *л*-форма среќаваме и форми од *о*-раздел: *уд-ра́нџе, ре́кӑл* (:рекол), *џно́ј му-џе́че; — а, не, ричэ́л, џи́а џа́ри нӑ-џеј џи-дӑде́а; — чукна́л, флизэ́л нӑџре, нима́ло ни́кој,* но: *бра́џџо флэ́џли си́џе удадно́ш.*

Двојност забележуваме и кај глаголите од односниов раздел со општ дел на *д* и *џ*: покрај познатите форми во кои овие гласови се испуштаат: *џлэ́ли, џрэ́ли, да́ли,* паралелно се употребуваат и формите *џлиџэ́ли, џриде́ли.* Последниве форми само така се употребуваат кај „староседелците", па не е исклучено да се преземени од кај нив.

Глаголите од типот 'бере', 'пере', што имаат неправилни аористни форми и во глаголската *л*-форма се јавуваат без вокал во општиот дел: *о-избра́ли зӑ-џи́џру џ; — не́ и́дум, не́ сум испра́ла; — шо-с-сӑ-рӑздра́л куџ-уфча́р; — зӑ џо́о де́џе ас сум си-џу-дра́ла џӑзуџ* (зн. сум го раѓала).

Треба да се истакне дека во овој говор, сложените глаголи со *несе-* (донесе, однесе) *л*-форма образуваат од основата *нес-*: *нӑџкум му-дунцэ́л адна́ вре́јка бра́шно; — џу-вӑрsа́ли и џу-уднисэ́ли; — им-дунцэ́ла рӑчо́к.*

Ова го нагласуваме, бидејќи нашироко во североисточните говори, сè до линијата Штип — Радовиш, вклучувајќи го и неврокопскиот[107], ваквите образувања се јавуваат со основата *-не-* : *донел, принел* и сл.

Глаголска придавка

11.32. Во кукушкиот говор, за разлика од литературниот јазик, а и од соседните говори: солунскиот, воденскиот и серскиот, глаголската придавка од сите глаголи, вклучувајќи ги и оние со општ дел на согласката *н*, завршува на наставката *-н, -на, -но, -ни.*

Кај оваа придавка првични основни вокали се *а* и *е*. Во односниов говор во сите примери кога глаголската придавка е акцентирана на кореновиот слог како основен вокал се наложил *и*. За наложувањето на *и* особена заслуга има законот за редукција на неакцентираните вокали, според кој неакцентираното *е* поминало во *и*, а кон нив потоа се приклучиле и формите што имале основен вокал *а*.

Сп. примери од Амбар Ќој: *издѝпино мéсто бúше; — кут-зàкóвин стóјше; — зàдàржàни л'ýде биа они* (зн. богати); — *нà-пàтут бúше зàстáн(и)но* (детто); — *ýдрин ус-мóкàр чурáк*; од Беглерија: *испракýдин свет, рàзбéпин; — уртумúсин дубúтук* (: ортома); од Кукуш: *ýдрин, дунéсин*; од Гола: *исúéчин, запúнин*; од Ираклија: *запúшин, тéпин*; од Шекерлија: *ни ýмрин, ни жиф* (*лéже тóлко гудúни*); од Гàрбашел: *смàкнин, прàтýрин* (зн. килав); од Драгомирци: *убàрнин, скýсин* итн.

Кај глаголите со општ дел на вокал, основниот вокал *и* (< *е*) се редуцира во *ј*: *уткрúјн, измúјн, нàпúјн, извúјн* Мут; *ýбýјн, субýјн, прàбúјн* (*ут-пил'кáнут* — верување), *пукрúјн* Ал, *сушúјн, нàпóјн* (којн) Ним.

Првичните основни вокали *а* и *е* се чуваат во ретки примери и во мал број пунктови во случаите кога глаголската придавка се наслонува на аористниот акцент: *сичéна мубúше рàкта; цéл'ут судрáн си дујдé; адно дéте пишáно* (зн. многу лично) АЌ, *визéни рúзи* (зн. крпи за бришење) Бег; *зàјдéно бúше слàнцито* Мут; *кàлнáн, кàлнáнит* (чл. ф.), *испрáн, жниáна нúва* Драг; *изурáна нúва, убличувáна* Крцово.

---

[107] К. Мирчевъ, Неврокопскиятъ говоръ, стр. 84.

Вакво акцентирање, на последниот слог, е карактеристично за некои соседни говори, пр. воденскиот: *и́мам виде́ну, учёну, вӑрsа́ну, по̄ Ту́ши и́мше ноїу па̄ше́ну, и јас имӑ́м па̄ше́ну ӯт Мӣле́нцкӣте Ту́рци*; *шӣје́ну* (ВГ, 65); солунскиот: *кладу́ну, виду́ну, нӑїӯш'ёну, пурӑ́нчи́ну, ричёну* (Сухо, Висока, ДМГ, I, 167); *крӑде́но, бӑрка́ни сме, бӑрка́н изи́к, ӯшӣа́н, ис-пра́н, бих руде́н, кӑлиса́н* 'поканет', *има зима́но пе́нција, не ї-у-и́мам виде́но, не сӑ руде́ни*, но: *пу́книн* (*нош*); *жине́ш, пӑдна́ш, вдина́ш, лӣна́ш*: (*ка̄ш к-о́диме они сӑ-лӣна́ши*) Град; од Гуменца: *ӯшӣа́н, измие́н, ӯткрие́н, лӣна́ш, пӑдна́ш, увдина́ш*; од Савек: *уцене́ш, ране́ш, падна́ш, лӣна́ш, укалва́н, заїраде́но.*

Од примериве може да се заклучи дека во соседните три контролни пункта Савек, Гуменца, Градобор, глаголската придавка не само што се акцентира на последниот слог, туку кај формите чиј општ дел завршува на *н*, *њ* се јавува наставката *-ш, -ша, -што, -ши.*

Кај глаголските придавки изведени од неправилни глаголи се јавуваат две форми. Сп. *што̄ о̄ирде́ не-ј о̄ра́но* (но и: *не-ј-о̄е́рино*); — *ло́јсто не-ј-бра́но* (но и: *не-ј-бе́рино*); — *ї́умӑ́нто-ј о̄усла́но* (но и: *о́ј-си ле́ї̄ни, о̄усте́лино ше-ј*).

Кај глаголите од *а*-раздел, *и*-група, од типот 'брои', глаголската придавка гласи: *бро́јн* (: *ї́уди́нше сӑ-бро́јни уре́е*). Сп. уште: *кро́јн* (: *шака́-ј скро́јн све́шӯт*); — *о̄о́јн* (: *ко́јнӯт не-ј о̄о́јн*).

Глаголската придавка може да биде изведена скоро од сите преодни глаголи: *ши́а јабу́лки не сӑ-ја́дни ӯт-чуве́к, шук уд-мра́ви*; — *уд-де́к сӑ-кӯпни ши́а сӑ́дуве*?

Глаголските *н*-форми образувани од непреодни глаголи се поретки, особено од несвршен вид. Сепак, сретнавме и такви примери во служба на именски прирок: *ї̄еч-ej-ї̄а́аре, ше́бе дӑ сӑ-о́дни.*

Поинтересни се случаите со глаголски придавки изведени од „повратни" глаголи: (*сӑ*) *мо́че*: — *мо́чино-ј де́што*? (дали е помочано), исто (*сӑ*) *ше́ше* — *ше́шино-ј*? (дали било по голема нужда).

Како што рековме глаголските придавки од свршени (непреодни) глаголи се почести: *о-нӑјде́ли о̄а́днин уф-инде́кӯт*; — *чӣти́р о̄а̄ши-ј до́јдин уф-на́с*; — *не́ сум нӑсу́јӣн*; — *дујде́ це́љӯт нӑвӑ́рнин, нӑмо́крин*; — *дуде́к не́ сӑ исо̄а́днӑни да́ј-им дӑ-ја́да̄т.*

Да ја споменеме и употребата на глаголски придавки од непреодни свршени глаголи со атрибутска служба: *пудїа̀рба́вни и па̄пцѝни бижа́нци са̀-ма̀кнаа пу-па̄шӯт*; — *шѝа смѝрса̀ни де́чка сум ѝ виждѝл*; — *па̄са̀н ко́јно, на̀-уста̀ви́ о́ште уф-Нима́нци.*

Уште да ги истакнеме случаите: „формите од преодни глаголи, а тоа значи првобитно пасивни форми, да се употребат со активно значење“: *не́-о-си́ли шо́лко, ја́дин ej*; — *ја́дни би́а ка́-j дунце́а.*

Ваквите форми на север ги среќаваме уште во дојранскиот и во гевгелискиот говор, а во струмичкиот веќе ги нема.

Глаголски прилог

11.34. Во образувањето и во употребата на глаголскиот прилог освен општопознати работи има и некои специфичности.

Сепак најобична е формата образувана, како и во литературниот јазик, со наставката *-ќи*. Основниот вокал кај глаголите од *а*-група е *а*, а кај оние од *е*- и *и*-група *е*. Сп. *вика́ј'и, шѝрча́ј'и, нусе́ј'и, сиче́ј'и.*

Паралелно со оваа во одделни пунктови, на пр. во Мутулово, Гѝрбашел, Моларци неретко се јавува и формата на *-ј'ин*: *шѝрча́ј'ин са̀-супна́х*; — *има́ј'ин си ра̀бо́та дру́га ба̀ркиш*; — *сиче́ј'ин са̀-удри́х* и сл.

Освен споменативе наставки, за образување на глаголски прилог, ги забележивме и овие: *-ниа* и *-ник*: *ни́а на̀ ва̀ркѝни́а, а о́ни не́ до́јдани*; — *сѐ на̀-ва̀ркѝни́а ши-са̀ ра̀бо́шше* (зн. постојано си во брзање); — *ма̀ка-j има́л, шо-j стипна́л на̀ни́а, ва̀ркѝни́к, уд Ине́шиво ду-Гѝрба̀ше́л.*

Употребата на овие наставки е ограничена, освен *ва̀ркѝни́к* ги забележивме уште и примерите: *шѝрчѝни́к* (*да̀до́нции во́да*) и *литкѝни́к* (*пра̀д-ме́не да̀-ша̀-ви́дум*). И Д. Иванов од Гевгелиско ја споменува формата *шѝрчкѝни́к* (ГГ, 93).

Индивидуално, во пунктот Крецово, забележивме и глаголски прилози на *-ком*: *шѝрчко́м са̀-ва̀рна́х*; — *кра̀дешко́м и́де*. Многу е веројатно дека тие овде се импортирани.

Во повеќето соседни говори се јавува формата на *-ќи*; сп. примери од Гевгелиско: *кажува́к'и, скука́к'и, уде́к'и,*

иɟрáк'и и *иɟрäјáк'и* (ГГ, 92); од Солунско: *викáк'и, нусéк'и, сичек'и*; од Гуменџа: *струјáк'и, смијáк'и, рäнéк'и.*

Своевидно богатство од наставки за образување на глаголскиот прилог среќаваме во Воденско: *-јки, -ник, -иничким, -шчим, -шчимица*: *вäртéјки, ɟлидáјки, тäрчиник уд-Влáдуву ду-Вóдин*; — *óди, ама биɟаник*; — *биɟанúчки сä-утикнáх*; — *викáшчим, биɟáшчим*; — *вäртешчимúца вудиничнјут кáмин сä-слäзнáл.*

Како специфичност треба да истакнеме дека глаголскиот прилог *бидејќи*, образуван од свршен глагол, во овој говор, за разлика од литературниот исказ многу често доаѓа со вистинско значење: *ка дујдéл рет да а вúде и царúцта, умрéна бидéк'и сä-насмијáла рúäбта* (ГГ, 111); — *бóлин бидéјк'ин јá шо ми-станá*; — *бидéјк'ин тáмо, сјаа ɟá трéба дä сä-вäрúнум*; — *бидéјк'ин сам дä-ɟлáштум зä-двујца.*

Обратно, во функција на сврзник не се среќава, сп.: *жéнте не испаѓáли отти бúли сáми*; — *не устäнáхме там от ни бúше дилéко*; — *утшу бúше бисчéдна, сä-устäвúха.*

Многу често среќаваме примери во кои глаголскиот прилог се поврзува со еден вршител, а дејството изразено со личната глаголска форма со друг: *Арманцúјте вäршéјк'и, слäнцито ѝ зäјдé*; — *мислéјк'и лóшо нä-брáтут, лóшто ѝ нóжде нéɟуфте дéца*; — *јас ќ-óм, тáтко, рéкäл, јас бидéк'и, зäшó ќ-ойш ти?*; — *ниа нä-вäркaнúа а óни не дójдäни.*

Минато неопределено време

11.35. Ова време се образува, како и обично, со презент од помошниот глагол и *л*-формата од глаголот што се менува.

Меѓу посебностите треба да истакнеме дека минато неопределено време во овој говор не разликува одделни форми за минато неопределено свршено и минато неопределено несвршено време. Тоа произлегува од фактот дека *л*-формата како што рековме се образува само од аористна основа.

едн.	1 л.	*сум нусúл*	мн.	1 л.	*сме носúли*
	2 „	*си* „		2 „	*сте* „
	3 „	(*е*) „		3 „	(*сä*) „

Втората специфичност на која ќе се задржиме е врзана со чувањето, односно губењето на формите од помошниот глагол за 3 л. едн. и мн. (*е, сă*).

Прашањето за употреба на полн и неполн перфект е сложено и бара посебни истражувања.

Според Д. Иванов во соседниот гевгелиски говор „... и двете форми — *он е видел, он видел* — суштествуваат паралелно, неопходно потребни за изразување на два различни аспекти на една мисла или на две сродни мисли".

Иако „честа е појавата при исти синтаксички услови во еден расказ да се употребува перфективната форма во 3 л. и со помошниот глагол и без него", сепак од материјалот можат да се направат некои општи изводи.

Полниот перфект најчесто се јавува, според нашите белешки, кога со него се изразува „констатација во моментот на соопштувањето — без да сме имале можност и порано во минатото да го следиме дејството за кое станува збор... Со една ваква констатација е обично сврзан посилен или послаб степен на изненадување, па и чудење, од резултатот на дејството" (Б.К., Граматика, 197, 198). Сп. ... *она видéла оштъ їи-нéма рй'ште ù тикнáло отти ї-ej-зéла лишúцта*; — *чим свитéе мóра дă-с-сă-вăрнáли*; — *шом їа-видéх таквá си-ричéх отъ нéшто лóшо-j(е) стăнáло*; — *ич їу-нéмум вúдно, кóлко-j пурăснáл*; — *нéкă чýдба-j нăпрăвúл шó-j зăтулúн тóлко.*

Споната од помошниот глагол се чува и тогаш кога со перфектот само се претполага дека некое дејство е извршено во минатото: *ù-питаш дал' он си-ї-ej зел шéjвитто*; — *му-се-j причинúло отъ сă-сéнки*; — *бóлин-ej шо-не-j jăдéл цел ден вáдин*; — *сă-j-зéли и сă-утúшли кă-j нéма*; — *пá-сă-скăрáли чим нé їувóрăт*; — *їо-j-штипнáло нéшто шо мо-j издýjн убрáзо*; — *лишúцта їо-j прăпулувúла їăрнитто мăцýно*; — *пá сă-пúли чим сă тóлко шéн.*

Во подредени темпорални и други реченици исто така неретки се примерите во кои се чува помошниот глагол: *вáрки дă-їи-стúпниш, дудéк не сă-уддéли*; — *шо мирúсе, зер млéкто-j истичéло*; — *дур дă-испáднат, се-j-нăпăлнúла вујскá*; — *тăмáн нă-Гóлăк тúа, прăфтăсáла їи-j кăвăлéријта*; — *дур дă-чýјме, си-уддéл чувéкут кут кá-не-j бил*; —*дудéк да-анáјде прáвинта, с-j-умрéл сирáкут*; — *дудéк сă-с-ститúли, си-уддéл вéкут.*

„Најчесто споната се испушта кога со перфектната форма се искажуваат минати непреживеани дејства, т.е. кога се изнесуваат дејства што ни се кажани од други, а ние ги прекажуваме“.

Примери на прекажани дејства особено често среќаваме во народните приказни. Сп.: . . . *е, шо́ к'и-пра́ве*: *фа́јк'е ѝ изме́суве една бе́ла пу́па. И, таа пу́па па-тъ́ркал'уве. Таа пу́па де́к к'-о́де*? — *уф-не́каа вудни́ца удде́ла. Ка́ удде́ла уф-таа вудни́ца, та́м има́ло*: *а́дно ку́чинце, а́дно ма́чинце и а́дно пите́лче. Они па-пра́чика́ли. И сидна́ли да-вичера́т. Таа мо́ма, ска́рши, да́ј-му на-ку́чинцто, така́ и на-ма́чинцито, така́ и на-пите́лчито.*

Вичира́ли, чина́ли там, му-да́де́ла на-си́те. И адно вре́ме, дуjде́ла ка́рко́нцулта; *аф-аф, ку́что за́ла́ја́л, ма́что*: *мја́у-у, а и пите́лчито за́пија́л, ка́ра́ко́нцулта избиа́л.*

И во ваквите прекажани дејства се случува, иако поретко, да сретнеме форми во кои се чува помошниот глагол во 3 л. ед. и мн. Тоа го забележуваме кога мирното и спокојно раскажување се прекинува и следува некаков заклучок: . . . *биа́ли биз-дуби́ци, са́ми. Дру́га бил'а́, не знаја́ли кој дек-фа́тил*; *си́те, кој на-ка́т са́-ра́спилија́ли. На то бра́т о-зе́ли кумши́јте, на́јма́ле́чко́о па́-уста́на́л уф-по́л'то, па́се́л ми́ските* . . . , но: *ус-една́та ду́ша са́-уста́на́ли, шо-ма́ка се-j тил'а́ло*.

На крајот, во врска со употребата на перфектот ќе истакнеме дека неретко се случува, без промена на смислата, *л*-формата од полниот перфект да ја сретнеме заменета со соодветната глаголска придавка, сп.: *ти си-дуjде́л да́-са́ ка́риш*, ја изразува истава мисла како: *ти си до́jдин да́-са́-ка́риш*, или: *уф-ни́х ич не сум о́дин*, наспрема: *уф-ни́х ич не сум-уди́л*.

Предминато време

11.36. Образувањето на ова време е општопознато. Се гради со формите за минато несвршено време од помошниот глагол сум и *л*-формата од глаголот.

едн.	1 л.	*бих истарча́л*	мн.	1 л.	*би́хме истарча́ли*
	2 „	*би́ше* „		2 „	*би́хте* „
	3 „	*би́ше* „		3 „	*би́а* „

Рековме дека во овој говор *л*-формата не разликува две форми и кај глаголите што имаат различни основни вокали во простите минати времиња, т.е. овде таа се образува само од аористните основи. Тоа од своја страна има одраз и во образувањата на времињата во кои се укомпонирала глаголската *л*-форма. Предминато време и во овој говор се јавува со своето основно значење: дејство што се случило пред некое друго дејство. Така е најчесто: *сéлто бúше сă-испрăзнúло, ká-j бúа зăпăлúли жéнте уф-цăркăфта*; — *бúше скукнáл уф-Ґóл'о та-куртулисáл, áj-īо óште-j жúв*; — *бúме уддéли дилéко ут-сéлто ká зăпукáа ут-кăт-Кýкуш.*

Предминатото време освен со своето основно значење го среќаваме и во контекст „каде што не се врши воопшто сопоставување со некое друго дејство. Тогаш со него се изразува минатост само во однос на моментот на соопштувањето“: *такво́ тéйне не бúх видéл*; — *óīино бúше дуjдéл. Гу-бúа зăпăлúли Сóлун, уд-дóлу кукýшките сéла īи бúа зăпăлúли, а и сóлунцките.*

Слично како перфектот и ова време понекогаш укажува на дејство за кое дури допрва стануваме свесни: *дýр ká сă-рăзбудúх, видéх óти бúа си-уддéли*; — *ká-j видéх, они бúа флизéли īáаре*; — *ká-а удрúла, сéтне сă-бúше-тишмăнúла, ама кáсно.*

Чести се случаите во кои со ова време се искажуваат последователни дејства: *ká сă-биа збрáли, та ká си-бúа фăтúли дă тúат, дă лáфăт*; — *бúа устăнáли сăнóк, дур нă рáнна си-бúа рăзутúшли.*

Посебно треба да истакнеме „дека и во кругот на споменатото посебно граматичко значење, предминато време се ограничува во својата употреба од состави во кои влегуваат глаголски придавки“ : *ний ká дуjдéхме, они си-бúа óдни*; — *ас дуjдéх, ама вúа си-бúхте лéīнини.*

Ваквите конструкции за предминато време, а и за перфектот се употребуваат многу често, би се рекло наспоредно.

И од ова време среќаваме негирани форми: *ас нé бих īи-истăртéла*, исто: *нé бúме уддéли // óдни.*

Идно време

11.37.	едн.	1	л.	*к'и но́сум*	мн.	1	л. *к'и но́сме*
		2	„	„ *но́сиш*		2	„ „ *но́сте*
		3	„	„ *но́се*		3	„ „ *но́сат*

Овде, како што можеше досега и да се заклучи, честичката 'ќе' со редукција поминала во *ќи* (*к'и*). Во состави со глаголи што почнуваат со вокал самогласката *и* од морфемата *к'и* често се елидира: *к'и-остáнум* → *к-устáнум*; *к'и-одиме* → *к-óдме*; *к'-испáднум пу-вóнка*. Посложена е работата кога меѓу морфемата *ќе* и глаголот ќе се најде некоја кратка заменска форма; во такви случаи, во резултат на контракција на вокалите од честичката *ќе* и од заменската форма, на што му претходела асимилација, морфемата *ќе* добива форма *ќа*, односно *ќо*; сп.: *ќă-пýштум* (: *ќе ја пýштам*) *и мójта мóма уф-вудни́цта*; — *ќă-ви́кнум* (: ќе ја викнам); — *ќă- зúмум* (: ќе ја земам); *ќо̄-кáчум* (: ќе го качам); *ќо̄-испýштум* (: ќе го испуштам).

Овде, за разлика од посеверните говори: дојранскиот, а посебно струмичкиот, редовно срекаваме одречни форми со негацијата *не*: *нé к'и-дójш уф-нáска вáадин*?; — *не-ќо̄-ви́книш и нéїо*?; — *зер не-к'и-сă-вéнчăш*? Во струмичкиот говор ваквите форми се необични, таму негираната форма се изразува со глаголот *нема*, честичката *да* и сегашно време од глаголот што се употребува: *ни́каде нéма д-óдеш*; — *нéма да се-врнăш*; — *нéма да ти дáам*; — *нéма да јáдеш*.

Основното значење му е како и во другите говори: *. . . ајде, ви́ке нă-нас, три кójна к'и-ни-нáјте и пу-адна́ злáтна ли́ра, тýрска, к'и-дájте, дă- к'и-пóмните дудéк к'и-сте жи́ви. Ка к'и-тăрпниме, ќ-óјте сè пу-нáс, уф-тимни́цта к'и-плéјте дă-н-сă-изпýпте. Ка к'и-питýвăш нéшто стрăжáрто, к'и-устáвте, ас к'и-удпувóрум.*

„Понекогаш со идно време се искажува и заправо некаква претпоставка. Тогаш во составот може да влезе и сврзникот *да*“. Ваквите претпоставки во овој говор се изразуваат и со повторување на формите за идно време: *к'-изéде, к'-изéде кúло, две, не ќо̄-изéде сăто*; — *к'и-збéре, к'и-збéре, нáј-пóвк'е ду-áдна врéјка*; — *к'-úма, к'-úма дистúна пудúни*.

Меѓу специфичностите уште треба да ја споменеме употребата на идно време за искажување на свршени дејства

што се повторуваат со некоја последователност: *к'и-дójде, к'и-кундúсе и прáво вичéра бáрке*; — *к'и-флéзе, к'и-сă-пуздрáве и к'и-гу-зúме дéшто*. Овде, како што веќе споменавме, со исто значење обично среќаваме презентски форми: *емéн дójде и фáше да-вúке*; — *испáдне ня вóнка и сè зăбрáве*; — *сăкáче нă-дăрвушто, брýше, брýше крýши, нúшшо нé устáве* итн.

Повторливоста на дејството, со идно време, се изразува и во подредени реченици, особено темпорални: *шамáн кō-вúде от úде, ќ-излéзе нă-пóрша, кō-прăчéке*; — *ка-ќ-чýкне Шшифáн ус-шăпăно, к'и-сă-збéрме кăд-Вилúнци, ка-ќ-сă-фáшме, шо óриша, шо чýдби ду-нúкоо врéме*; — *ка-ќ-фáшаш пиликáнто сă-бéрăш, нă-ésин óдме, вúкаш стáрше*; — *кој ка ќ-óде уф-сéлто, răспилáкин насăш к'и-дójде, пá шук Стрýмичко*.

Таква повторливост со идно време среќаваме и во погодбени реченици: *лăпúди ли к'и-сă-пăржăш, бăклăвá ли к'и-сă-сýке, мájстурица-j Лúка*; — *рăчóк ли к'е-j, вичéра ли к'е-j, он уф-нáс ej*; — *кăрштéнка ли к'-úма, свáдба ли к'-úма, Рýша-j пăрва*; — *зă-árно ли к'е-j, зă-лóшо ли к'е-j, Тăшúй ќă-вúкме*.

Минато идно време

11.38. Во образувањето на минато идно време не забележуваме нешто поспецификично. Се прави со партикулата *ќе* и минато определено несвршено време од даденият глагол.

едн.	1 л. *к'и нóсăх*	мн.	1 л. *к'и нóсăхме*
	2 „ „ *нóшше*		2 „ „ *нóсăхше*
	3 „ „ *нóшше*		3 „ „ *нóсаа*

Служи, главно, за означување на минато дејство што се сфаќа како идно од гледна точка на некој друг минат момент: *видé ли мájка от сă сúше дóма, к'и-сă-изрăдў'фше, к'и-фáшше: к'и-гóтвише, к'и-спрéмше и сúше зáадно к'и-рýчахме*; — *ниа óдааме нă-нúфше нă-Тýрчино, рăбóтăхме зă-негo, он к'и-нидájше шо трибýве зă-живóт*. Сп. примери од сеќавања: ... *нă-срéт céло бúа нă-куп. Едúн к'и-рéчше адно, друк друго. Кóл'те туварни шéјве чéкаа. Нă-дéк Ирăклúа к'и-бýфнише нéкаа гăрнáша, к'и-зăсвéшше óгин, кójшто к'и-шшрéпнаа. Кój бúше пó-дóл уф-пóл'то, énус к'и-тăрчише дă-нă-стúпне*.

Чести се примерите во кои со формите на минатоидно време се искажува дејство што не можело да се изврши во минатото, бидејќи не бил извршен одреден услов: ... *страшутиј їулéми биа. Сă-дисú бúа утипáли адно уфчáрче, уд-Дăутлúл. Дуjдé аскéро, бăстисá сéлто, к'и-їу-зăпáл'аа, ама бéїо, сéлто бúше бéїуво, не-ддé.*

Сп. уште: *чúко ак-не-j брáнше кучúнта, к'и-мă-рăскúнаа*; — ... *úмше кутu миїдăнúште. Там к'и-сă-збúраа стрéдн'о ден Вилúдин, нă-óро, ама им бúше стрáх.*

Употребата на ова време за повторливи дејства е релативно ограничена, бидејќи со блиско значење, како и кај идното време, се јавуваат презентски форми од свршени глаголи. Сп.: *нă-лéтин Свити Атăнáс прáвăхме панаїúр. К'и-дójдаа ут-сúте сéла, óра к'-úмше, їóсте, цимбúше*; — *к'и-му-úдраа кутéко и он сè к'и-си-кájше* (: кажеше);

наспрема: *нă-пăто он їи прăчéке и їи дóнце дóма уфнáс*; — *бéїуво бúше сéлто, зéмната. Уф-їúмно, он дójде си зúме нéїуфто, си óде*; — *удúме ду- Сăмокóв, тăткуфците тăм сă-збéрăт, рăбóтăт нéїде, дóнцăт лей зă-дéцта.*

За изразување на претпоставка кон формите на односново време не се придодава честичката *да*, како во некои други говори : *сéкаа кăшта к'-имше пу-сéдум-óсум дéца, не-к'и-мóжаа дă-j-изрáнăт*; — *нă-адно jáдне мош три-штúри лéба к'и-изéдаа.*

Идно прекажано време

11.39. Ова време се образува со морфемата *ќе* + минато неопределено време од глаголот. Така е и во литературниот јазик, меѓутоа како посебност ќе го истакнеме фактот дека *л-* формата се прави од аористната основа, додека во нормативниот исказ „употребата на несвршена *л-* форма е нормална, а свршената може да дојде по некој исклучок".

едн.	1 л.	*к'и сум нусúл*	мн.	1 л.	*к'и сме нусúли*
	2 „	*к'и си нусúл*		2 „	*к'и сте нусúли*
	3 „	*к'и (е) нусúл*		3 „	*к'и (са) нусúли*

„Со ова време се прекажуваат дејства што му одговараат како на идно време, така и на минато идно време": *дек к'и-стрéла вујнáта, тăм к'и-смă стрéли и нúа. К'и-сме-*

сă-удмурúли, ка́ к'и-испăцáли дубúште. Такá бúло ду-Самукóф. Там смă устăнáли, уф-áно смă спáли. Тáшкăве к'и-жнáли зă-пáри, к'и-дунцéли брáшно, другo нúшто, мájкине пă к'и-мисúли лей бис квáс, прснúк; сéтне к'и-смă-јадéли. Там смă устăнáли ду-ésин, вél'ат, к'и-смă кăршúли мисúрки, к'и-смă брáли зимувúште.

Забележливи се примерите за прекажување на дејства што се повторуваат: . . . *и сéга, вичéра к'и-сме-дăвáли. Тóо шó прăвúл пă: к'и-гу-тупнáл зáлкут, к'и-гу-фăрлúл зăд-нéго, к'и-гу-тупнáл к'и-гу-шутнáл зăд-нéго, а пă килúме шарéни уд-милúна; — . . . имáли нéкаа јабýлка уф-двóро, ка́ к'и-испаднáл вóнка цáрут сус-дéтинцто, јабýлката к'и-сă-нăвидéла, дéтинцто гu-фăштáл јабýлките, а ка к'и-удúла цăрúцта, к'и-си-ј дипнáла грáнувто.*

Форми сложени со 'има / нема'

11.40. Конструкциите од типот *има* (*нема*) + глаголска придавка се особеност освен на западните и на долновардарските говори со што се разликуваат, меѓу другото, од соседните североисточни говори, на пр. од струмичкиот. Според З. Голомб се работи за „морфолошка калка од новогрчкиот јазик и репрезентира заедничка формација на балканските јазици (албанскиот и ароманскиот)" — ДМГ, I, 166. „И во овој случај веројатно претежно било влијанието на ароманскиот . . ." (Б.К., Историја, 204).

Овие говори покажуваат и други особености, особено синтаксички, што се појавиле под изразито воздејство на несловенските балкански јазици.

Во подрачјето што го истражувавме ваквите форми се пообични во говорот на јужните пунктови, во Полето, но и таму од широкиот систем развиен во западните говори: *имам* (*имав, ќе имав, ќе сум имал, беше сум имал* и др.) *работено*, ги забележивме само формите од типот: *има работено — имав работено* и — *имал работено.*

Сп. примери: *удáмна úма зимáно пéнција*; — *уф-нáс úма дујдéно штúри пăти* АЌ; — *уд-нúх сáмо Мúтко гuúмах видéно* Иц; — *хич нéмам фудéно нă-дóл* Град; — *дутăт и-нéмах видéно нă-них*; — *утка́ сă-прăфăрлúа гу-нéмум*

стрипна́що;—що зла́що и́мше зăкупа́но; — о́ште ĭи-не́мше прăфша́сано; — он ĭу има́л кăрсте́но; — уф-Але́ксуво о́ште нима́ло флизе́но ĭăрчка вујска́ Гăр.

Вакви примери наведува Д. Мирчев уште во првата работа за овој говор: *ез и́мум ĭле́шино* (*ко́пино*, *ви́кино*); — *ез и́мах ĭле́шино* (*ко́пино*, *дуне́сино*); или: *он о́ште не́мише дуне́сино ше́увишо*, *ка ĭу бăрка́а* (БКВГ, 467).

Во работите за соседните говори исто така се споменуваат вакви образувања, сп. примери од Воденско: *и́мăм виде́ну* (*учёну*, *пијáну*, *удёну*, *вăрсáну*); — *и́мме виде́ну*, *и́мăш виде́ну*; — *и́мăх виде́ну*, *пой Ту́ши и́мше но́ĭу пăте́ну*, *и јас и́мăм пăте́ну уш Мипле́нцките Ту́рци* (ВГ, 65).

Д. Иванов зборувајќи за перфектот во гевгелискиот говор покрај формите: *јас сум виде́л*, *ти си виде́л*, споменува уште и: *и́мум виде́но*, и додава: „вториот начин за образување на минато неопределено време, со глаголот 'имам' + глаголска придавка се среќава многу често: *и́мум виде́но*, но и: *и́ăм виде́но*, *и́миш виде́но*, *има виде́но*“ (ГГ, 90).

З. Голомб од Солунско наведува повеќе примери од споменативе конструкции развиени во цела парадигма: *и́мам ĭромина́нту*, *н'е́мам чу́јну*, *и́мами сто́рину*, исто: *има́х з'е́нту*, *има́х ричёну*, *има́ши ви́дину*, *има́ха з'е́нту*.

Во ваквите образувања З. Голомб истакнува и извесни специфичности. Имено кај глаголската придавка се јавува колебање во родот. Иако основната форма, независно од родот и бројот на предметот што стои до глаголот, е форма од среден род со наставка *-у*, сепак среќаваме и примери во кои се забележува согласување меѓу родот на именскиот предмет и глаголската придавка, што претставува именски член на сложената форма на глаголот: . . . *има́ши иди́н каји́ш* . . . *нос ĭу ни има́ши изва́дин* . . . *ĭлавн'а́та ја има́ши кла́дина* (ДМГ, I, 166, 167).

Обратно, во западните говори „помошниот глагол ги определува сите граматички категории што се среќаваат во сложените времиња, а самиот глагол иде со својата придавка во среден род, која овде се сведува до чиста ознака на глаголското дејство и воопшто не се менува“ (Б.К., Граматика, 502).

СИНТАКСА

12.1. Во дијалектолошката наука познат е фактот дека синтаксичките специфичности често немаат тесен регионален карактер, туку тие покриваат поголеми дијалектни зони.

И во нашиот случај разгледувајќи прашања од синтаксата, помалку од белешки од разговори што сме ги имале на теренот, а повеќе од материјали снимени на магнетофонски ленти и споредувајќи ги со материјали од соседните говори, доаѓаме до заклучок дека односниве посебности обично се јавуваат како обележје на поголема регија, конкретно на долновардарските говори.

Од друга страна ваквите споредувања со материјали од соседните говори, ни помагаат со поголема сигурност да зборуваме и да го разграничиме она што претставува синтаксичка закономерност од она што е случајност, стил или слично.

Овој момент посебно го истакнуваме бидејќи синтаксичките појави многу потешко се досегнуваат и констатираат, отколку да речеме фонетските.

Причините се различни, но да почнеме од она што претставува техника: сериозни тешкотии се јавуваат при оформувањето на солиден прашалник за непосредно собирање на синтаксички материјал, директно, преку анкетниот метод на теренот. Натаму, некои појави навистина се јавуваат ретко, да речеме кога се работи за иновации или пак за архаични, односно ограничени посебности, и навистина потребно е следење на многу материјал, дијалектен, за да се констатира дека односната појава, иако не е многу фреквентна сепак е присутна како извесно обележје во даденов говор.

12.2. Такви тешкотии имавме, на пр. при констатирањето на појавата, секако иновациска, на препозитивна употреба на кратката заменска форма со императивот: *аj сjа̀а ш̄ӑрчи нӑ-че́шмаш̄а, јӑ-ви́кни ма́jка-ш̄и.* Имено, во прилично обемниот материјал дешифриран од ленти бројот на ваквите

примери не беше толку голем за да ни дава право една појава прилично непозната и необична да ја квалификуваме како дијалектна посебност. Но кога такви примери, иако ретко, забележуваме и во некои соседни говори, уште и во материјалите од Шапкарев, иако, како што истакнавме, не многу сигурни, тогаш со право можеме да го констатираме односниов факт.

12.3. Повеќе сондажни истражувања бараше и употребата на сврзникот *да* во декларативни реченици од типот: *вél'аш крăф дă-сé-ј избл'увáл.*

Многу инцидентна, во прв момент ни изгледаше употребата на сврзникот *али* (во адверсативни реченици): *жишкáва, али и жишт͡ина мóш-сă-рéче*, но во понатамошните истражувања се покажа дека егзистира и во соседните говори.

12.4. Подлабоко проследување, поради ретката употреба, исто така бараат и случаите во кои се јавува предлогот *од* како граматички показател на односот на припадност во конструкциите што го заменуваат стариот посесивен генитив — датив: *óн ш͡ă-нé-знăјáл ош͡и шт͡éркăш͡а уш͡-сéст͡рă-му-ј бóлна.* Вакви конструкции има забележано и во евангелските текстови од Кулакија.

12.5. Повеќето од споменативе морфо-синтаксички специфичности во долновардарските говори се развиле во контактот со несловенските балкански јазици, и со нив тие се одделуваат од соседните источни говори. Како северна граница на односниве особености се јавуваат говорите во Гевгелиско и Дојранско.

Меѓу другите модели и врски меѓу зборовите што се јавиле, како впрочем и во западното наречје, под изразито воздејство на балканските несловенски јазици, ќе споменеме уште две посебности. Прво: градба на прашалната реченица без партикулата *ли*: *ричéл Арáш͡инуш͡*: *не ӣу-дáвиш ас дă-ӣу-нăýчум адúн зăнăјáш͡*? Второ: непосредно прибавување на дополнението за место кон прирокот: *сă-скрúли Арџăлúсќоо Ѓол'*. Трето: обопштување на предлогот *на* при директниот објект: *му-ричéл нă-жéнт͡а дă ӣу-зăкóле нă-Лýуш͡о*.

12.6. **Местото на зборовите групирани околу глаголот.** — Глаголските компоненти во сложените глаголски форми како и обично одат една до друга, во блок: *сúчко-j* (*е*) *устанáло дол*; — *сме дуjдéли ус-аднáта дýша*; — *не знáм кóлко сме сидéли там*; — *змúйата бúше станáла кулк-кл'ýнко.*

Сепак не се необични и примерите во кои елементите на сложената глаголска форма се разделени со други зборови: *адно-врéме дéцта сă-му-стрăдáли зă-леī*; — *óни сă-j* (*īи*) *зéли уз-нúхка дéцта*; — *уд-дéк сă-j* (*īи*) *зéли, дă-j* (*īи*) *вăрнăт*; — *там сă-īи нóīо испитувáли*; — *бúше нивéстта си-дунцéла сè нéшто*; — *брáт-му нă тéjко сă уф-Хáскуво óдни и тáмка устăнáли*; — *штéрко, кáж-ми кáк-ej тóлкави сăрáе нăjрăвúл măш-ти*; — *нă мен ми-бúа две дéца, едно бúше уд-зăиклúвăта кáшлица фáтино и сéтне ми-умрé*; — *тáтку ни-бúше зăатнýвне нéшто дунцéл.*

12.7. Во врска со местото на помошниот глагол во сложените глаголски форми исто така забележуваме двојство. Покрај обичниот редослед, помошниот глагол да стои пред основниот, чести се и обратни случаи. Ќе наведеме примери од Амбар Ќој: *нóīо сиврúи īи-нaйрăвúл-си пантaлóнто* (зн. тесни панталони); — *шо те-j* (< *ти е*) *рабóта īă-свăршúла-си*; — *си-нaйравúл-сум си сам*; — *к'éрките шо му īи зимáл-сум*; — *сус réjсо дуjдéла-j* (*е*); — *кăжувáл от-удúл сум уф-них нă-īóсте*; — *и кăд-них спáл сум*; — *и нéкни лувúли сă нă-Крúва Рéка*; — *как му-викáли-сă тóīи нé знáм* (*нă-то мéсто*); — *тáм īу-йричикáли-сă ус-сите мурфéте*; — *к'и-сă удрúли-сă Гăрци и Буīáре*; — *кăде бе ти рăбутúл-си?* — *шо мă-бăркáл-си уфтáа кáша и мен*; — *бúл-си вуjнúк?*

12.8. Во ограничен број примери среќаваме плеонастична употреба на формите од помошниот глагол: *сум-нaйрăвúла-сум си-сáма*; — *к'и-сă-удúли-сă дур ду-там*; — *к'и-сă збрáли-сă за-дéно уф-них.* Сп. уште: *ти си уд-дек си?* (ДГ, 95).

12.9. Партикулата 'не' обично им претходи на глаголските форми (и на сложените): *нé к'и-сéдиш сă-зúма дóма*; — *нé к'и-купýум шо било*; — *нé бих-дáл нă-тéī ни-утрувáчка*; — *нé к'и-сă-óдни óште*; — *нé к'-úмат вúдно тăкóф сурéт*; — *ич нé сум jадéл леī*; — *нé знajáл сум зă-тóо.*

Исто така во конструкциите со кратки заменски форми негацијата се јавува во препозиција: *лисúцта рéкла нă-вăлкут*: *нé-т-сă-јáде*? — *чувéцте цáрски нé-ĭу-устăвúле дă-влéзе*; — *нé-о-кăндисáл и кинисáл дă-с-јóде*; — *нé-а-дáвум мăр-бáбо зă-уфчáр*; — *вăлкут нé-о-бирáла врéјкта*; — *цáро нé-о-зéл áшто уд-бăшта*.

Во материјалите од Шапкарев, освен примери од спомнатиов тип среќаваме и случаи во кои заменката ѝ претходи на негацијата: *ама му-ĭаднало стрáх да ĭо не каже што другóшто дéте на царут*; — *а ако ĭо не закол'ам земи ми мојáта глáва*; — *ем да те пречекат, ем да те не пречекат*; — *мăжут ѝ се карал да работи, а та ĭо не слушала*.

Кај именскиот предикат, нерегуларно, негацијата ја среќаваме пред именскиот дел: *бач-Вáно нé árин-ej*; — *ас ти кажáх*: *нé л'ýде-сă*. — Надвор од ваквите случаи почести се примерите во кои негацијата стои пред помошниот глагол: *ич не бúше висóк*; — *он ĭă не бил кáртăџиа, ĭу-изĭубúл ĭăрă-хóдо*; — *они не бúа нéкуј ќаú, дă-рéчиш*.

12.10. **Местото на заменските форми**. — Во уводниот дел истакнавме дека во овој говор кратките заменски форми во однос на глаголот се јавуваат во препозиција: сп. *и такá áнĭел'то ĭу зéли нă-чувéко нă-нéбуто*; — *и ĭă-фăтúл ус едно дăрво и ѝ-дăдéл пу-ĭăрбо*; — *искăрáла и му-дáла пăрстăно алтăнлúја*; — *флизéл и о-устăвúл филџáнут нă-мáста*; — *тоо ĭă ĭу-пуслушáл пó-мăлéчкут брáт*; — *твá дéте ĭă-фáште змúăта зă-ĭлăфта, си-ĭа-клáве уф-џéбут*.

Истава употреба на заменките, нормално, ја забележуваме и во почетокот на реченицата: *Гă-нóсе дóма, ĭă-зăтвóруве уф-адна кушáра ĭулéма*; — *Му-удрú ајн-ширдáх* (зн. го изнатепа); — *Ни дáваа тăм пу-нéкоо кúлце нăрјáт*; — *Ни-ддéх нéкаа пăра д-им сă-нóжде* (им дадов ...); — *Му-дăдéли мéсо, а он му дăдéл и нă дéтто и нă-сéстра-му пу-едно вăлче*; — *О-дáве пúсмуто нă-жéн-му*; — *Гу-пúте тăткуто*: *как бе сúно, шó нăпрăвú*?

Иако поретко, сепак среќаваме и примери во кои кратката заменска форма се јавува како енклитика: *сéтне зéа, рăзбăĭáа-ĭă тáа мóомта*; — *тóо мúшо ĭрăбнýве-ĭу прăстăнут, сă-слиĭнýве дол*; — *диĭáл-ĭă дă-стáне, дă-зĭóтве вичéра*; — *нúа, вúке, фатúме-ĭă крáјта уф-аднá удáа и сă-*

нămистúме; — *Лýуто пýште-ĭи кóјсте да-пáсат*; — *зăбисúл-ĭă кóожта нă-врáшта*; — *врáтна кóска вúкăт-ĭă шаа нă-ĭăрбут*.

Треба да истакнеме дека и првите и вторите конструкции ги среќаваме во исти пунктови.

12.11. Кога ќе се најдат заедно во проклиза дативна и акузативна заменска форма прво стои дативната: *мер к'и-т-а-зéме дýшта*; — *ми-ј-пуштýве шúа абéре*; — *фáште бáапта, му-ĭу-дáве уĭлáмнико*; — *он сă-вăрнáл, ин-ĭу-зел пăрстăно*; — *и Арáпино му-ĭу-зúме злáшто*; — *сúчките шéјве им-ĭи-збрáл*.

Во одделни случаи дативната и акузативната форма, по губењето на согласката од акузативната и асимилација на вокалите од двете форми, се слеваат во една форма: *мó-о* (< му го) *запалúл сăмăлăкут*; — *úде, мó-о* (< му го) *дáве на-дéшто* (прăстăнут); — *видéл, не видéл мó-о* (му го) *дáве пăрăхутчúпта пúсмуто*; — *шá-а* (> ти га) *удрúх ĭлáвта*; — *дéшто вúке*: *мájко, мá-а* (< му ја) *ибáх нă-цáро*; — *дă-нé мá-а* (> му ја) *дајш óртумта*.

12.12. Оваа особеност, препозитивната употреба на кратките заменски форми, го покрива целото југоисточно подрачје. На југ во Градобор ги запишавме, меѓу другите, следниве примери: *ĭу-ј-стрáх дă-не că-упúј*; — *му-кажáх нă-сúн ме*; — *ма-а нăпрăвú* (< ми ја направи); — *ĭу-купú утшéпка*. Од Ватилак: *идин ѓýпшин шăрча, му ĭи фати рăците на јуруците*; — *ĭи фатихме, ĭи-вăрзахме и ĭи дадехме един арин кýтек*; — *ĭи викна и ĭи е дал по един хирмилик*; — *му вели на поповито*: *да земите конката, да одите на Трајко* (МПр, VIII, кн. 1. 65—98). Од Сухо и Висока: *му пýшта идúн шилиграф и шáпкуји.... — шóс ĭóстинут му дукáрах мáрва мáн'ца*; — *му зан'éва на мáнцоји* (ДМГ, I, 119).

На запад во Гуменца ги забележивме примерите: *му-ĭă-скинá уĭăрлúата* (зн. јаката); — *ĭу-дóждă* (зн. го врне дожд); — *ми-изидéте стéл'та*; — *ĭу-răстурúл диминúкут* (зн. оцакот); — *не-о-пýшкă д-óде нă-рăбóта*; — *му-că-мóл'ум нă-шаа жéничкăта*; — *а-сичé рăстúката* (зн. дабова шума). Од Воден: *му-вéле во бéĭут — шăксил'дáрут*; — *му-дадéă нă-бéĭут дă-вичéрă, си-литнá да-сшие*; — *му-викнá шóĭăј во бéĭут нă-рáпинут су-клóци*; — *амă-нúкуј нé ши пукăжá, му-вéле пак Гóспут* (ВГ, 17, 20).

Од пунктот Савек, кон Серез, се примерите: *ја-укăлвáл* 'ја убил'; — *сă-убрáшта кăра-слáнцшто*; — *ју-шурú нă-шăвáно*; — *мă-убринá* 'ме испришти'; — *ју-бúза* 'го дои'; — *сă-лăчú одáша* 'се одделува'. Примери од БПГ (149): *на залúваше р'ákаша*; — *ło дадé на мéнека*; — *му дадé да разберé*; — *ја кердосáха момáша вéке.*

Во северните соседни говори, гевгелискиот и дојранскиот, го забележуваме истиот ред на зборовите: ... *ју-фáшк'е за-рáкша, му ју дáве, ју клáве уф-шајшóнуш*; — *дéшто му кажýве*: „*Мă-купú ши мéне, ама кóла шрáјне к'и úмиш нă-јăрбуш*"; — *са-а клáве уф-кóрбуш*; — *са-нал'ушúла царúцша* (ГГ, 111); *ју-шучукáл шу-јăрбо, ричéл*: „*Браво*"; — *зéме, ју-запáле нéło, ју-изłóре, јă-шусóле шéпăлша и јушóво, мóсшо не ју-рýше вéче нúкуј*; — *ин-нăкупúл сúчко нă-неа*; — *о-шушúл уф-шăрше, нéјке, не-зúме* (ДГ, 162—166).

Ваквата препозитивна употреба на кратките заменски форми е нашироко позната во балканските несловенски јазици: грчкиот, романскиот, ароманскиот, албанскиот (Б.К., Историја, 125).

Веќе истакнавме дека во овие говори, во врска со местото на кратките заменски форми во однос на глаголот, прави впечаток проклитичката употреба на односниве форми со императивот: *си-ј-прăбéри дéцша*; — *ми-кáжи зéре к'изăбрáвум*; — *сшáни, сă-рaздвúжи*; — *бăшша ричéла*: *кăрфша саа-избăрши ус-шáа рúјчка*; — *шýр-си пéрницша, сă-пóшпри, нúм сă-мáчи* Мут; — *мă-зáкл'учи уф-нéшре*; — *а-бе, дај и наméне м-искáри зăбуш*. Повеќе вакви примери среќаваме во материјали од Кукушко запишани од Шапкарев: *Кáк си му чинúл, шакá óди, ło спáстри*; — *а сéła óди на брашшú, ło вúки и нéło*; — *нека пиштиме шруúца дýши, и ако рéчаш да ме изéдеш, шуłај ме изéди* (СбНУ, IV, 352, 361); сп: уште: — *кójнуш ричéл*: *мă-сувăрsи д-избéłум*; — *бáче, ричéла, ши јă-úскăри и јăшýри нек-сă-сýше* Мал.

Вакви примери имаме запишано и од Гуменца: *сунишăдăр јă-пóшриј к'и-мúне* (*нăзăбицăша*); — *му-рéчи нă-бáче дă-н-úде*; — *о-збéри шо-рăмójнуш, исýшин-ej* (*рăмójн* — камилица).

Во монографијата за гевгелискиот говор Д. Иванов исто така наведува случаи од тој тип: *јас к'и-дăржум, ши ел' ју-зáкули* (ГГ, 115). Од Дојранско се примерите: *óди, му-*

дáј нă-шéл'шо вóда, кáк сáкше млéко дă-јáјше; — *аj, рéкăл, óди мă-зăкóши шам уф-буни́шчăшо* (ГГ, 95).

Во материјали од Солунско, с. Ватилак вакви случаи не забележивме, а З. Голомб за пунктовите Сухо и Висока, зборувајќи за извлекувањето на кратките заменски форми пред глаголот истакнува „... .од оваа шема отстапува само реченицата со прирок во синтетичен заповеден начин (првобитниот, што значи формираниот со помошта на специјални наставки, а не со партикулата *да*). Примери: *дáј ми ја на м'éн'а шáс їáска*; — *е, викн'ă'шти ја на шузú д'ă'ш'а мáјкаму*... Истакнувањето на прирокот на прв план во заповедната реченица од психолошко гледиште е разбирливо. Раскажувањето на тој начин ја добива нужната експресивна сила“ (ДМГ, I, 123).

Ова е несталожен процес, и во кукушкиот говор паралелно егзистираат и двата начина на поврзување на заменските форми со глаголот во императив.

Сп. примери во енклиза: *зáкăлни-се óши не к'и-кáжиш*; — *кáч-сă нă-кóлша, ним óди пéшки*; — *сшóй-сă нăнáки дă-н шă-їлéдум* (зн. бегај одовде), исто: *мáн-сă уш-шýка*; — *а-бă-мăj-мýн, зáйри-їă шáа вóша, сè јок сшăнá*; — *Лýдо, ричéл, úзмăлsu-їи шúа кójсше*; — *зăшвóри-їи уф-кушáро*; — *искáри-їи удврéјкаша дă-н-сă-зăдýшăш*.

12.13. **Местото на атрибутските определби**. — Атрибутските одредници, независно од какво потекло се, се јавуваат и во постпозиција во однос на именката на која се однесуваат. Сп. примери: *снáїăша чýзда не сă-жáле*; — *аj-їу рудáно курдúсин, к'и-прéдме*; — *на їудúнша, мáјкша жáлна пá дујдéла дă-сj-ó-шéре дéшшо*; — *на млéкшо к'и-му-шýрии мајá сúришина, úма и мајá кúсла, за-јýрш*; — *сéшне ќо-о-рéдии уф-кáца дăрвина дă-сшóо*;— *кушăрáко úшăр сă-качýве уф-удáаша прă-мóмша*; — *ама вóда їулéма имáло сјáа шук прăд-нúх*; — *он-пă кáршаuиа пăрвáк*; — *искăрáла и му-дáла пăрсшăно алшăнлúа*; — *и кулу-сáашо шрú дујдéме нúа*; — *чувéцше цáрски* (*заштúјше*) *неїу-усшăвúли дă-флéзе*.

Особено често зад именките, како определби, ги среќаваме посвојните заменки: *шáшкăфцише нáши їи-зăшвурúа уф-цăмúăша*; — *му-кăжáла нă-мăжуш нéјн*.

Ваквата поставеност на атрибутот, во постпозиција, ја познаваат и романските јазици, албанскиот, а делумно и грчкиот (Б.К., Историја, 105, 106).

Ако именката се определува со два атрибута, обично определбите одат заедно, но неретко се јавуваат едната пред, а другата по именката: *кóїа видéла бáшта Тýншáлчшо жúво, здрáво уф-врéјкша*; — *шам їу-извáрвéме їулéмјо, буїурójчкō пос*; — *уф-нáшшо сéло нéмше нúкаква друґа вéра*; — *швá бúше цáрно, јáко вúно*; — *нéїáва аднá и нéјна аднá мóмичка, две сáчинúли*; — *шáа мóмша пá ус-аднá кóса пáрнáрéста куш Арáпин*; — *шóо шáрїóвáцо нáпúшуве áдна книґа їулéма, нá жéн-му*; — *úмше цáрно їрóзде, јáка шл'ýка, дибéла, не сá-јájше*; — *пу шóо пáш, прáвинјō избиґáме дáлéко*; — *кам да-а-фáше нéкаа бóл'ка лóша, да-а-зáбáрке*; — *усшáнáло нá-иднá жéна и наидúн пáл'áвóш сшáр*.

Кога имаме три или повеќе атрибутски определби не може да се констатира некоја строга закономерност во нивниот редослед: *уф-адúн сшáр кунáк, шýрски, дéвиш кáшши сá-бушнáме*; — *ка-пуїлéдне нá-їóре, мóма, куш-слáнце, н-аднá висóка, їулéма шипóла*; — *адна ќóрва бáба, слéпа їá-закáруваш*; — *їлéде адно прáкáршáно мáче шáрéно*; — *и нáбýшуве уф-ýхшо áдна úґла сивриа, їулéма*; — *па имáла мáлéнко, мáшко, нéкоо дéшинце, уд-нéїо рóдно*.

Во случаи кога определбата е именка со предлог и изразува посвојност, обично стои препозитивно во однос на именката на која се однесува: *нá-дóда далéки рудни́ни сá-óни, шо ќ-óде*! — *нá-шéша сéсшрá-ј дувúца бúше, ус-нас биґá и она*; — *нá-цáро сúно їá-сáкáл шипилáшкаша — Мáра*; — *одúме пу-áјн зá-кójне пáш, зá-мáїáрúна шо óдáш*.

Сп. уште примери за беспредложни именски состави: *нá-армáнцúјше дунцé адúн мисáл' леп*; — *исúп цел мисýр мáшнúца*; — *нáјдéли нóшвáша пáлна мисúркин лéп*.

Кога имаме повеќе атрибути, се случува тие да бидат разделени не само со именката на која се однесуваат, туку со цели синтагми: *е, нáјдéл адна лисúца нá-цáдéшу ýмрáна*; — *е, шоо зинґúнуш зáфáшúл дá-прáве ýбува кáшша, нá-стрéш сéло, висóка, їулéма*; — *на шаа чéшма уф-Мурáрци, пáрва, нáјýбува*; — *вáлкуш шéпин, уф-думáзлáкуш нá-вудинúцша, здрóбин, а-кáчýве лисúцша нá-їáрбо, а-нóсе*.

Уште поинтересен ни се чини случајот кога степенуваната форма на атрибутот ја наоѓаме разделена со предлог: *нáј-уф-їлáвáнто каавинé сéдáш їуспудáша нá-мáсша, а он сиднýве нá-друґа мáса, сáм*.

12.14. Иако не во таков обем, како да речеме во Енице-вардарско сепак и во Кукушко наоѓаме примери со повеќе отклонувања во конгруенцијата, т.е. среќаваме синтагми во кои поодделните елементи не се усогласени по род.

Ваквите отклонувања како прво ќе ги споменеме со група именки што завршуваат на согласка а покажуваат колебање на родовата припадност на поширок план. Сп. *к'и-пумúнę вéчăрта, тва врéме, ус-смéа, укубéт* Гăр; — *адúн вéчăр нусúл јáрбици . . .*; — *на трéтиот вéчер. . .*; — *таа вéчер о-заīледáли īóстот отти на-рăцетo имáл рáни*; — *трибýве дă-пудóриме крáјта*; — *он-ej ут-крáјо такóв* (зн. отсекогаш бил таков, од почетокот) Мор; — *нă-Питрóвдин, уф-тáа пéк зăпукáа тóпуфто* Мут; — *нáј-нă-вăрхта сă-кăчú*; — *вăро му-скăршú*; — *таа жар*; — *жáрут сă-истурú*; — *нă-īулéмјō рáдус трибýве сúте дă-сă-дóма.*

Сп. несогласување меѓу придавските детерминанти и именката што се определува: атрибутот во среден, а именката во машки род: *дóбру чувéк бúх*; — *Гăīл'увúто Алчáк* топ. — рид со „пăрнáр" Град; — *воă măш нóīу мăлéнку* Драг; — *тúа шупчúнта*: *бáам, áдно кáмин, к'и-субóрат тéнцăрто* Гăр; — *нúјно мирáк, ас не-сă-бăркум* Иц; — *мójто тáтко не бúше висóк* АЌ.

Примери за несогласување на родот среќаваме кај глаголските додатоци и нивните определби во зависно-сложени реченици: *нă-мáнцăта не клáви тóлко сол' дă-н-сă-чúне сулéно* Гăр; — *питéло сă-фăлúл*: *сúте кукóшки īи-збérум, зер нă-áдин нé дáвум зăрнуто.*

Во независно-сложени реченици имаме случаи на несогласување во родот на истиот подмет од првата и следната реченица: *слéпто кýтре-j куту мáчка, лúче и нă-кăрто, он си збúре зимувúште*: *кумпúр, јăбýлки, крумúт, сè нештo, пут-зéмта-j-он*; — *пупуницут пéе на-прóлит, кул-Блáīувиц, оно-ej шарéно, бéло и цăрвéнко.*

Интересни се случаите на несогласување меѓу субјектот и именскиот дел од предикатот: *паýро-j ут-прăс, īлиīóсно-j, úма чéпче зă-пúјне* АЌ; — *тóо бóјче нóīо-j ýбуф* Гăр. Од примериве се гледа дека овде комбинацијата на несогласувањето оди на релација машки и среден род.

Конгруенцијата меѓу субјектот и *л*-формата во сложениот предикат исто така е нарушена. Неретко среќаваме примери во кои субјектот е од среден род, а *л*-формата од машки: *сă-шăркăл'ál шéнцăрто, си-нăјдéл капáко* (пог.) Гăр; — *шóо бéкчито ји-зăпрéл шăрјóфцто и питáл зă-цáто*; — *мăлéнкуто ѓávулче, му-удрúли шăмáро, и сè си прăзнăјáл* Мор; — *нăкусýро Тýрчито избиáл уд Нимáнци, кундисáл уф-Алéксуво* Ним; — *шóо питéлчито фăтúл дă-кукурúке* Мал.

Во реченицата: *после анѓелето ја сфалил па доло, на-земјата* (Шап.) имаме несложување во бројот, субјектот е во множина, а *л*-формата во еднина, м. род.

12.15. Несогласувањето не е особеност само на кукушкиот говор, туку тоа е појава прилично раширена во југоисточните говори. Прво ќе наведеме примери од Кулакија, Солунско во кои има несогласување во родот меѓу атрибутот и именката што се определува: — *как флéјле уф-јрóбот, видéа млáд дешéнци, сéдеши на дéснаша стрáна, убличéн бéла руба*; — *ши аку си сакáла ут нéјо, ки ши дáдиши вóда жúво*; — *ки са чúни на нејо бунáр што да има вóда солéно*; — *шăрјувáле мирслúво бáлсам да óдат да ју мáжат*; — *видé иднó чувéк шо бéши слеп ут-ká си póди.*

И овде среќаваме несогласување меѓу субјектот и *л*-формата во сложениот предикат: *да шáмо бéши идéн фашéн човéк шо лежáло шáмо трúдесет и óсом годúни*[108].

12.16. З. Голомб зборувајќи за проблемот на несогласувањето прво се задржал само кај именките на согласка и истакнува: „Важно прашање во областа на морфологијата на именките, од историска гледна точка, е прашањето на промената на граматичкиот род, по кое одат формални промени. Овдека треба да ги набројиме таквите случаи како: *сăс с'è рáдус, сăс јул'áм рáдус* В 71, но исто така *сăз јул'áма рáдус* В 85, значи колебањето меѓу првобитниот женски род и вторичниот машки . . .“ (ДМГ, II, 174).

Истиот автор од подруг аспект ги разгледува случаите: *сúлнă аскéр, éндра јрат, тој му рéкла.* Имено, наслонувајќи се на искажувањето на М. Малецки[109], Голомб истакнува: „Ов-

[108] Mazon et Vaillant, L'évang. de Kul. c. 225—227.

[109] M. Małecki, Drobiazgi z Macedonii. Jeszcze o rozvoju koncovego jeru v gvarach Bogdańska, Lud Słovianski, III, A. Kraków, 1933.

дека работата е во мешањето на формите на ном. ед. м. р. со ном. ед. ж. р. во редот на придавките со основа на консонантска група. Од историска гледна точка овдека имаме работа со специјален развој на ном. ед. м. р. на тие придавки што имале на крајот тешка за изговор консонантска група и поради тоа по неа развиле вторичен „ер“ што овозможило да се зачува таа група во неупростена состојба.

Најверојатно тој процес прво се извршил кај придавките што ги имале во завршокот сонантите *р*, *л*, *н*, подоцна по пат на аналогија можел да ги опфати и другите што имале во завршокот консонантска група без сонанти. Новонастанатиот „ер“ во неакцентирана позиција се изедначил со неакцентираната наставка *-а* на ном. ед. ж. р. : оттаму доаѓа и идентичноста на формите за машки и женски род кај таквите придавки“ (ДМГ, II, 207, 208).

За оваа појава има и подруги искажувања, според кои во споменативе примери (*е́ндрă і̄рат̄, си́лнă аскéр*) не се работи за зачуван стар „ер“ на крајот од зборот, туку за обично несогласување, толку карактеристично за долновардарските говори, т.е. крајниот еров вокал е фактички редуцирана самогласка *а*[110]. Според истиот автор „во конкретниот случај имаме работа со турско влијание“.

12.17. Во материјалите од југоисточните говори, собрани од Ст. Верковиќ исто така забележивме повеќе примери со нарушена конгруенција во синтагми од различен тип: *—и она о̄т̄идел, і̄у бакна рăнкат̄а и т̄ој ја дава адин алт̄ин мно̄оценно*; *— и да му донесе бла̄от̄о ракиа сп̄роти адет̄о*; *— да налии вода с две бардаци*; *— і̄осподине Теодорак, как ки видиш мој п̄исмо, да п̄роминиш п̄риз мене . . . зашт̄о имам да т̄и кажам скришно лаф*; *— фат̄или две кораби, на едно̄т̄о влезе чилиби Теодорак*[111].

Ст. Романски, во споменатата работа за долновардарските говори исто така наведува случаи на несогласување: *о̄т̄ишал дет̄ет̄о*; *— дет̄т̄о не сă чинил камин*; сп. уште: *дент̄а и ст̄арит̄е суровескат̄*, покрај *т̄аа ден* и *т̄оа ден*.

12.18. Примери со нерегуларна, нарушена конгруенција: определбата во среден, а именката во машки род, особено

---

[110] Й. Иванов, Български преселнически говори, стр. 196.
[111] P. Lavrov a J. Polívka, цит. раб., стр. 163—167.

често среќаваме на запад, во соседниот воденски говор: *на̀шчу учѝтӑл е но̀ĭу у̀мин*; — *адну у̀мну чувѐк не пра̀ве ло̀шу*; — *врѐдну чувѐк бѐше то̀ Тра̀йче ĭувида̀рчито*; — *искупа̀ну трай*; — *крадѐнту шеј*; — *на̀шчу чувѐк ĭу нима̀ дӑ-си-до̀јде*; — *зӑстӑ-ну̀ват, пул'а̀т и шо̀ дӑ-вѝдат: адну утипа̀ну ма̀ш нӑ зѐминта лѐже*; — *ету ĭу по̀ нӑ-стра̀нӑ и адну умрѐну којн ка пӑдна̀л, не стана̀л.*

Различни случаи на несогласување среќаваме и во материјалите од Гуменца: *то си-има̀л нѐјно кукѐшки*; — *идното пѝнук*; — *две Ара̀па има̀ло скрѝјно*; — *ѐдно ка̀мин*; — *на̀што дѐдо*; — *ѐдно ма̀рша мѐсо.*

12.19. Во Еницевардарско и Кајларско конгруенцијата е најмногу засегната, несложувањето меѓу определбата и именката е скоро обично. Ќе наведеме примери извадени од народна песна од Пазарско: *Јазе сакам идно јунак да се јудбере*; — *Идно јунак да се јудбере јут вазе . . .* — *Немиш рудено такво јунак јув твојта држава . . .* — *Идното ират ќи биде ирада Софја. . .* — *Туку јазе сакам да ми ĭу башладисиш мојту кабаат. . .* — *Идно купринин ајтан ќи ни зевиш, царо, нашо ĭусударо. . .* — *И му врса за мрамуровцкуту дирек. . .* — *Јаз да не се скрийх пуд идно камилцко самар. . .* — *И тоĭа тоја Турче Босналијче, ĭу вјана бановото којна карамана.*

Во истава песна има несложување и меѓу субјектот и *л*-формата од сложениот предикат: *И тоĭај тоја Турче — Босналијче, се развикал јут дека бил уф зандана*[112].

Аналогни примери, во голем број, имаме запишано и во пунктот Тремно, Кајларско: *нӑ-висо̀ко ко̀јн дӑ-нѐ сӑ-ка̀чиш*; — *му-извӑдѝл идно̀ ка̀тно зӑ̀*; — *му-турѝла цѐло лет* и сл.

12.20. Во северните соседни говори, гевгелискиот и дојранскиот, конгруенцијата исто така е засегната. Сп. примери од Дојранско, во синтагми од именки во машки, а одредници во среден род: *ко̀јно ĭувóре чувѐчко изѝк*; — *кӑрко̀л' е то̀о уф-жѝтто, ĭа̀т, излѐве ѐјн цӑрно ило̀т*; — *чиврѝнтиĭта-ј ту̀рско збо̀р.* Поретки се примерите во кои именката е во ср., а атрибутот во м. род: - *а пӑ рӑбутѝл за-едѝн лѐпче, пари не.*

Голем е бројот примери на несогласување меѓу субјектот и *л*-формата: — *ку̀чато пӑ-сӑдѐл, пу̀пата н'ӑ-јӑдѐл*; — *дѐтто пумина̀л ут-та̀м и о-пузнаја̀л нӑ-царскѝ сѝн*; — *и*

[112] Б. Ристовски, „Вардар", Скопје 1966, стр. 21—29. Песната е запишана од К. П. Мисирков.

нéкō пúл'ăнце фăтúл дă-чăрчóре. Во поограничен број примери субјектот се јавува во женски, а *л*-формата во машки род: *— уш-кривéто іă-шушнáл, шăкá, ґýпкăша нă-мóмăша*; *— жéнаму рăчéл нă-пóпо*.

Исто така, и во овој говор, присутни се и случаите во кои субјектот и именскиот предикат не се сложуваат по род: *шō сéло уд-дăвăшнáјсша іудúна ка-ј зăфáшăн*; *— áма кăзáно нéка-ј-дăлбóко* (ДГ, 98, 99).

Во материјалите од Гевгелиско ги забележивме следниве примери: (он) *сăш инсáн іу-издéло*; *— фăрли брúчуш, дă-сăчúне кáмăјне*.

12.21. На исток, во соседниот серски говор примерите со нарушена конгруенција исто така се обична појава. Особено се чести несогласувањата во атрибутивните синтагми, сп. примери од пунктот Савек: *рăжăнóву л'аи*; *— лóшо дрăіáшăн*; *— шарéно кáмен*; *— усáбăно нош*; *— сшáро пéăр*.

Прашалната заменска форма *кој*, исто така и неодредената *н'ákуј* ги забележивме во соодносни врски со именки од сите три рода (човек, жена, дете).

Голем број вакви примери среќаваме и во (БПГ, с. 195): *іол'ámo óіан'*; *— чýздо мăш*; *— длéіо сăи* (*сăи* зн. дршка на мотика); *— јáсно ден*; *— бодлúво ол*; *— цăрлúво óрех*; *— еднó іол'ámo Тýрчин*; *—* топ. *Гóрно и Дóлно Рájан*.

12.22. По ваквото разгледување на проблемот, илустриран со богат материјал од различни говори од југоисточна Македонија, останува да заклучиме дека во односниве говори појавава силно се наложила, а причините мора да се бараат на поширок план, комплексно. Пример, фонетскиот фактор изразен во изедначувањето на формите за м. и ж. род: *мóкра* (човек, жена), односно во *л*-формата *д'ăдушу и р'éкла*, присутни во Сухо и Висока го сфаќаме само како еден сегмент од општата разнишаност на конгруенцијата, што од своја страна не може да се разгледува надвор од општата засегнатост на категоријата на родот, чии почетоци ги наѕираме во изедначувањето на некои заменски форми, пр. на демонстративните *шоо* (човек, дете). Во сето тоа, колку и да имало самородни причини, фонетски или морфолошки, мислиме дека не може да се исклучи влијанието од струк-

турата на несловенските балкански јазици, во овој случај, турскиот и ароманскиот.

12.23. Ќе се задржиме уште на некои случаи на несогласување што се јавуваат не само во југоисточните говори, туку и пошироко (Б.К., Граматика, II, 222). Во нив имаме логичко, а не граматичко согласување кога збирната именка се поврзува со множинска глаголска форма: *шо́ има́л дре́бна па́ра уф-це́буфто, сѐ му-искъра́ли; — па́ра и дъ-има́ли, нъ-не́го не-му-дава́ли* Гър; *— гуле́ма та́јфа дунце́, нъ-две́ де́на ъ-ижнија́а нъ'вта; — шо ја́гуда, ама уд до́ждо си́те испъ́ра́ли; — цъфто нъ-пъламу́ита съ нъ-ва́ро, кут-то́пкички си́тни* Мор.

Слични примери забележивме и во материјалите од Кулакија: *му съ-ръ́звика́ле инса́нот, да ре́кле...* но: *— шо ки курту́лисал инса́нут ут гре́хови.*

Примери со логичко, а не граматичко сложување забележуваме и во споменатиов материјал од Ватилак: *— ва, рајата, кабаат нема, дъ не ги мъ́чиш; — тъ́рчаха нъ селото, кажаха... најкун стана селото, сите тъ́рчаха; — најкун как чу селото тъ́рчаха на помуш.*

Покрај ова се јавуваат и примери со несложување на формите на двојниот објект: *— аку не а ви́дам уф-раците ду́пките ут карфи́ите* — заменскиот дел е во еднина, а именскиот во множина.

12.24. Завршувајќи го прегледов на несогласувањата ќе се задржиме уште на оние реченични споеви во кои глаголската *л-* форма се јавува во безлична употреба, во среден род, независно во кој род и број е предметот: *съ-ипрајало же́нско о́ро башка́, мъ́шко о́ро башка́; — не се-ј чу́ло ни аи́р ни абе́р за Го́л'то; — съ-зъбрави́ло а́рънто шо с-јоо-прави́л; — то́ји съ-ружда́ло пу пе́-че́с де́ца, а сја́ идва́ј пу-адно́ две́.*

Особености на заменскиот предмет

12.25. Системот на заменските форми во овој, а и во соседните долновардарски говори, покажува ред отстапувања од литературниот исказ, и тоа не само на фонетски план *ас* (јас), *ни́ъ* (ние) и сл., туку забележливо е присуството на натамошно упростување и израмнување на зависните падежни форми, на пр.: кај личните заменки долгите аку-

зативни форми за 1 и 2 л. мн. се обопштиле и во дативот (в. т. 7.1.), натаму да ја споменеме и проширената употреба на формата *му* и сл.

Појавата на различни варијанти и упростување на заменскиот систем се забележува кај кратките заменски форми кои најчесто се добиени во резултат на редукција, односно на асимилациони израмнувања на допирот со различни партикули: *ме́-j стра́х да-не́ си-излӑжум*; — *ќо-о-зи́м* (: ќе го земам), односно од контактот на самите заменски форми (дативни и акузативни): *мо́-о-зе́х* (: му го зедов).

12.26. Иако не многу често, во овој говор дативот се изразува со номинативна плус кратка дативна форма од личните заменки. Сп. примери од Кукуш (според материјали): — *и този страх му е да се́дне, се бо́е, ви́ке* (и нему страв му е. . .); — *та́а та не-j-сӑ стӑну́ве* (м. нејзе пак не ѝ. . .); — *ама не без та́ри, ти́ја скӑпо ки им се тла́те* (м. ама не без пари, ним скапо. . .). Во материјалите од Ватилак го забележивме примерот: — *та јаз му рекох*: „*јаз ми е страх, ако не, јаз сам ки одах*“ (м. . . . мене ми е страх. . .).

12.27. Номинативната форма често ја среќаваме со значење на акузативната и тоа кај лично-предметните заменки. Така е на целото подрачје (в. 7.6.): *а, бе, ричел Дефо, зӑ-ко́j о-стре́миш то́о куфче́к*; — *кој ту-излӑжа́а си-турдде́ сто́кичката, си-устӑна́ ус-тӑрстут уф-у́стӑта*; — *ен нӑ-кусу́рут дујде́ и бра́т-ми ус-не́куј шо не́ о-зна́м*; — *к'и си-кундисише уф-не́куј и та́м к'и-уста́нше*; — *не сӑ-нӑјде́хме ни́-с-ни́куј*; — *и то́о сӑ-зӑвӑртуве, тле́де не́ма ни́куј, смӑкну́ве та́шште.*

Дативните форми, во овој говор, се изразуваат со номинатив плус предлогот *на*: *не́ тузна́вум ни́куј, не́ма нӑ-ко́j дӑ-ка́жум*; —*нӑ-не́куј та, а́рно мо-j дӑ-н-о́де нӑ-рӑбо́та*; — *нӑ-се́куј нӑ-мо́јш сѐ дӑ-му-ка́јш.*

За ова подрачје интерес побудува случајот во кој дативната конструкција е изразена само со номинатив без предлогот *на*: *ко́j му-сӑ-уста́ве там*?

12.28. Кратките акузативни форми за 1 и 2 л. ед. и мн. ги наоѓаме со значење на датив односно за изразување на присвојност: *о́тти фтре́син, ме-j- студе́но, ам кој тӑ-ти́ште*; — *вӑлко а-тишу́ве лиси́цта*: *ут шо те-j-тла́вӑта таква́*; — *ут-шо́ ме-j-рудни́на не́јкум дӑ-сӑ-ка́рум*; — *кра́вӑта ме-j нӑ-јо́нцӑта*; — *ка́ ме-j-дујде́л ади́н мира́к. . .*; — *о́на*

ме-ј-испи́ла ча́шката, да́-се́тне сј-уде́ла; — *за́-ва́што ве-ј-ма́ка, ва́-бо́ле*; — *са́-рашири́хте сјаа ве-ј-а́рно*; — *ма́ле́чка те-ј-та́ла́ма́рката* (в. т. 4.).

Во сите овие случаи кратките заменски форми за датив *ми, ти, ни, ви* наслонувајќи се на помошниот глагол *е* со асимилација поминале во *ме, те, не, ве*, а формата од помошниот глагол се редуцирала во *ј* (ДГ, 100—101).

Со наслон на ваквите форми за 1 и 2 л.: *ме-ј ма́ка*; — *ме-ј стра́х*; — *те-ј гре́х*; — *ме-ј ле́н* (зн. ме мрзи), се јавиле и аналогни дативни конструкции кај заменките за 3 л.: *го-ј стра́х да не́ са́-упи́ј*; — *го-ј лен ади́н лаф да́-гра́гувóре*; — *не-го-ј стра́х уд-ни́што*.

Во подруг контекст кога нема услови за асимилација и слично, односниве дативни форми ги наоѓаме неизменети: *на́-ме́н ми-са́-ро́да*; — *на́-ва́с ви-гра́вше изме́т* (зн. ви помагаше).

Кратката акузативна форма *ме* (*те*) во Градобор ја среќаваме место дативната за изразување на посвојност: *гу-виде́х си́н-ме*; — *му-ка́жа́х на-си́н-ме*.

Во истиот пункт, во материјалите од Шапкарев, доколку не се работи за грешки, кратката заменска форма *је*, за 3 л. од *таа*, се јавува и во дативни и во акузативни конструкции: — *је казали*: *ако ни дадеш едно мече*... *она му дадела едно мече и је дадели месо*... *дето је казал*: *фоди си сеа ти*, но: — *и дор да је изречи лакардијата, чафките станали офце*.

12.29. Упростувањето на заменскиот систем е изразено, како што спомнавме, и преку проширената употреба на кратката заменска форма за индиректен објект за 3 л. *му*, која ги покрива сите три рода. Сп. примери: *о́ртума к'и-му-ва́рши* (на кравата) Мут; — *на́-ма́јк-ти да́-му-ре́чиш* Драг; — *не́ му-гре́чи* (нејзе) Ицел; — *му-са́-мо́л'ум на-та́а же́ничката* Гум. Таа форма, значи, е сведена на обележје за дативен предмет, а родовата припадност не се зема предвид.

Оваа особеност е прилично раширена во јужните македонски говори, а делумно и во централните, пр. во битолскиот и прилепскиот (в. 7.4.). Познато е дека се работи за влијание од албанскиот и ароманскиот јазик во кои кратките дативни форми од личната заменка за 3 л. се еднакви за м. и ж. род, т.е. тие му одговараат како на македонското *му*, така и на *ѝ* (Б.К., Историја, 133).

Она што сакаме да го истакнеме е фактот дека во овој говор кратката заменска форма *му* уште повеќе ја проширила својата употреба, ја среќаваме и во примери наместо множинската дативна форма *им*: *и́даа Тӯрците*, *си-зимӯваа шо му-бише ни́јноо дел*; — *о́чките му-ӣи-нӑӣрӑши́ја нӑ-де́чкӑта*; — *ако ас не му-ӣума́ӣум нӑ-де́цта*, *не́ зна́м кој*; — *му-фӑрли́ нӑкуко́шките дӑ-ја́аш*? — *не му-да́ваа нӑ-них нӑ-кӑӣо́не* АЌ; — *нӑ-ки́ӣките во́јчка к'и-му-ӣӯриш* Гола; — *сниде́лта дек-му-сӑ* Шек.

Ваква употреба на кратката заменка *му* место множинската форма *им* забележивме и во Евангелието од Кулакија: *Ка му ричé*, *му дујна́ на них*, *да ре́кӑл*. . . — *му риче́л на них*. . .

На тој начин е засегната не само категоријата на родот, туку и на бројот.

Во материјалите од Шапкарев забележивме уште поинтересни случаи, имено употреба на дативната форма *му* во акузативни конструкции: — *ӣа виа не му ӣузнајале на неӣо*.

Дека не се работи за превид ни потврдуваат аналогните примери што се јавуваат во споменатото Кулакиско евангелие: — *и му ӣита́ Учени́цӣе не́ӣови*, *ем ве́леа*: *Дида́скале*. . . — *ӣак му расӣи́ӣаш на-не́ӣо*. . . *ка си уӣули́*? Ваква проширена употреба на *му* среќаваме и во Ватилак: — *наӣкун аз му нӑӣравих една ӣиква*, *ӣа ӣиква му велиме нија „ӣӑрдело"*.

12.30. Во односново Евангелие прави впечаток уште една појава на нестабилност во системот на заменките, имено употреба на кратката акузативна форма од ж. род на местото од м. род: — *кӑд и во́а чо́век*? *Ве́ли*: *не а знам*; — *не верува́ле чифу́ӣӣте за не́ӣо да бе́ши слеӣ*, *да си уӣули́*, *ду́ри а вика́ле на ӣа́ӣко му*.

12.31. Извесно засегнување на изразноста на категоријата на бројот забележуваме и во обопштената употреба на кратката дативна форма *ин* (*ни*), која се јавува не само наместо множинската форма *им* (за сите три рода), туку таа ја покрива и еднинската форма за ж. р. *ѝ*: *си́ӣте ин сӑсме́јаа*; — *ни ӣрӑви́ла кра́шник сус-зе́ле*; — *ин зӑӣрӑздӑве́л ӣла́со*; — *д-ин наӣра́вум убе́ла* (нӑ-них).

12.32. Во материјалите од Ватилак прават впечаток многубројните примери во кои среќаваме кратки акузативни место очекуваните дативни форми: *најкун ка ја пречекуваха свйкйрваша ке а даваше две свеши и ке ја вйршиха около оїено*; — *и ја вел'ам*: *ним викај, само оїули се*; — *и Сраула ја риче*: *шука е лошо месшо*; — *ји викна и ји е дал по един хирмилик*; — *најкун шија на мојаша дружина а вел'аш*; — *ка ји нусихме, ји вйрзахми шервешише на муцкаша како на добиците*; — *ама оїидох да видам овчарите и ји викам*: *как сши бе, здрави ли сше*? — *он му хвйрли кл'учовеше и ји вели*: *оївори хазнаша*; — *зевај ји назаш и йрај ји свадба*; *дилмо сй харисаха, нека им биде халал ош дедо їосїош. И шака ји вйрна и ји йрави шешка свадба*; — *најкун му даде бої една їолема сила на Сраула, їо диїна на Илија — дилија и їо зема їлаваша* (в. 7.4.).

Бидејќи се работи за материјал, што не сме го собрале лично извлековме повеќе примери со надеж дека и веродостојноста ќе биде поголема.

Слична употреба на акузативни форми во дативни конструкции забележивме и во материјалите од Верковиќ: *и она оїидел . . . и шој ја дава един алшин многоценно, шшошо на царш нема шаков алшин*; — *и ја йриучова невесшаша му сам он, хем ја вели*: *еїу ушри ки дојдаш. . .*

12.33. Меѓу карактеристиките на кукушкиот говор, што се развиле под влијание на балканските несловенски јазици, секако треба да се спомене и обопштувањето на предлогот *на* при директниот предмет: *как к'и-ј-дéл'ме нй їувéаша, пишáл шóо Лýуїо*; — *о-нйвйлúл óїинуш и їй-шурúл нй-óфцша. . .* — *сй-сйушúл дéфо до-о-шйрчке нй-шóо малéчкō браш*; — *дéдо їóсїош о чинúл на йрóсик*; — *и їу-вйрзáл Лýуїо на-шоо вóлуш*; — *їу-искáраш уд-врéјкйша нй-шóо йишéлуш, о-йýшшйш.*

Сепак, освен примерите во кои директниот предмет е придружен со *на*, почести се случаите во кои предлогот отсуствува: — *чúко йй к'и-ј-бráне кучúнша да не лáаш*; — *дур дй-ј-йрчéке кумúшшо и Тýрцше бастисáле сéлшо*; — *Тýрци їа-мйчаш ýбува Јáна*; — *кој к-óде дй-їу-вúде мáл'јуш йрйс низ-цáмуш, к'и-дáа една шýрцка лúра.*

Оваа особина од западните говори ја познава дебарскиот, од југозападните костурскиот, а од југоисточните изгледа прилично е раширена во солунскиот, сп. примери од

с. Бугариево (според Шапкарев): — *се слушнил дефот да го тргка на Јане... и го видел на Јане тамо... го најдел на Јане под кошот... да го заколе на Јане... и а кладел на жента да се варе*; од Кулакиа: — *пак му расприкаш на негo... ги нусиле на негo на... и на мен ми знајте.*

12.34. На проблемот околу обопштувањето на предлогот *на* при директниот предмет во јужните говори се задржал и З. Голомб. Тој истакнува дека односниов тип истапува пред сè кај именки, односно заменки што означуваат лица, поретко кај други. Од пунктот Сухо (Солунско) ги наведува примерите: *на дрýгиjу ги пи́та*; — *сă-пи́та на икимџи́јата.* Според него во говорите „каде што *на* истапува еднакво при директниот предмет, како и при индиректниот, синтаксичката улога на заменските проклитики станува првостепена: бидејќи тие тогаш се единствени показатели на основните синтаксички односи во реченицата што се појавуваат меѓу прирокот и индиректниот предмет“ (ДМГ, 120).

Ова мислење на проф. Голомб може да биде дискутабилно, бидејќи името во Солунско, онаму каде што предлогот *на* се јавува и со дативната и со акузативната форма, па според тоа кратките заменски форми би требало да имаат превосходно значење за синтаксичките односи во реченицата, таму името се чувствува и голема нерегуларност во употребата на заменските клитики. Тоа многу јасно е изразено во примерите од Ватилак: *и ги е пал... и ги вели* и др.

Може да се претпостави дека проф. Голомб немал увид во спомнатиов материјал, а во Евангелието што тој неколку пати го цитира, среќаваме примери со расколебан род: — *да ка си наближи́, а фати́ носи́лото*; — *не верува́ле чифу́тите за него ... дури а вика́ле на та́тко му.*

Зборувајќи за генезата на ваквото изразување на директниот предмет Голомб истакнува: „не е исклучено дека во создавањето на овој тип одиграло улога романското влијание“, проф. Конески е подециден: „и во овој случај имаме калкирање на еден туѓ граматички модел. Таа особеност е карактеристична за романскиот јазик, а се среќава, иако поретко, и во ароманскиот (аром. 'l vidzui pi Taki го видов на Таки)“ — **Б.К.**, Историја, 106, в. т. 7. 1.

Удвоениот објект

12.35. Удвојувањето на објектот се вбројува меѓу главните специфичности на реченицата во нашиот јазик. Почетоците на оваа синтаксичка појава се регистрирани релативно одамна[113], но изненадувачки е фактот дека во составите од М. Цепенков и К. Шапкарев (крајот на 19 век) многу се чести случаите кога членуваната именка, директен предмет, не е придружена од проклитика[114].

„Во балканските јазици (грчкиот, романскиот, албанскиот) удвојувањето на објектот е стара појава. Од тие јазици таа проникнала и во нашиот јазик. . . Меѓутоа, удвојувањето на објектот не е така регуларна појава во нив, каква што станала во нашиот јазик, пред сè во западното наречје (до состојбата на западното наречје во овој случај е најблиска онаа во албанските говори). Во романскиот објектот се удвојува ако претставува лична заменка, а инаку во контекст од кој би можело да произлезе некаква нејасност поради позиција на објектот“ (Б.К., Историја, 120).

Според нашите истражувања во кукушкиот говор, респ. во долновардарските, зачестеноста и степенот на удвојувањето на објектот покажува сличности со она што е изразено во романскиот јазик.

Познато е дека во македонскиот јазик директниот објект се удвојува ако е определен, т.е. ако го сочинува заменска форма, односно членувана именска форма или на друг начин определена (ако е лично име или пак роднинско кое наместо со член е определено со посесивна кратка форма од личните заменки).

Од сиве овие услови во нашиов говор објектот скоро редовно е придружен со заменска проклитика само во два случаи, прво кога е изразен со заменка: *мáјк-ин уддéла дă īă испрáше нă-н'аа*; — *īу-īлéде шáмка нéīо, ама он ýмрин, шоќ-му-īлéде*; — *и них и бушнáл уф-кукушкáрнико, ама īу-нáшо, мóш сă-кáже и кăшна*; — *īă-шушнáл нă-н'аа, нă-мóмша уш-*

---

[113] П. Илиевски, Прилог кон хронологијата на еден балканизам во македонскиот јазик, МЈ, XIII—XIV, кн. 1—2, стр. 67—85.

[114] Р. Угринова-Скаловска, Две стилски особености во нашиот говорен јазик, МЈ, XI—XII, стр. 109.

суфа̀та; — *и́-зи́ме и них, д-ин-сӑ-на́јдат*. Но, и ова не е докрај спроведено, сп. примери од Ватилак: — *ниа на-вас сакаме, неѣо не ѣо сакаме*; — *наѣкун на то, дека сакаха да ми закол'ат, неѣо велеха Трајкова нисиа.*

Второ, заменската проклитика не се испушта кога предметот е изразен со лично име: *зи́ме, о-сувӑрsуве нӑ-Ја́не*; — *ѣа-зима́ла Ру́ша, д-ин-ѣума́ѣе*; — *тӑрѣна́ли, ама она сӑ-вӑрна́ла до-о-ви́де Ицто*; но: *и така викнахми Марѣарит* Ват.

Обратно, ако глаголот е со негација, во дисјунктивни конструкции, удвојувањето на предметот (лично име) не е редовна појава: *не пра́знáвум ни Бра́нко, ни Бра́нкувица.*

Аналогни примери забележивме и со географските имиња: *уф-то́о бӑркуле́ш, не́ пикасáхме ни Пуро́ј, ни Пе́трич.* Кај нив, и во потврдни реченици покрај примери со удвоен објект, не се необични и конструкциите без заменски проклитики: *они, ус-ти́а то́пуфто, зӑпали́ли Кру́ша Пла́нна*; — *пумина́ме Кре́сна, ус-сто́ка, уз-дуби́ци и испадна́ме нӑ-кӑд-Цума́ата.*

12.36. Во други случаи испуштањето на заменската проклитика од директниот предмет, независно што е тој определен, е толку често, што изгледа како типично.

Сп. примери со членувани именки: — *дибе́к ви́кме то́о дӑрвуто зӑ-чу́кне*; — *о-пу́штат дӑ-па́се ко́јсте Лу́уто, а он пӑ си-зи́ме свиро́лчто*; — *тоо уставил ко́јно прӑ-вујна́та* (зн. војската); — *му-дујде́ло нӑ-акӑл отти пупӑри́л ко́рно*; — *нӑјде́ли кумиштто уф-ре́кта дек-ле́жӑт, фа́штӑт, и извар-сӑт*; — *и си ле́ѣниш, а пӑрте си-кла́јш пут-пе́рница*; — *иска́руве ѣуве́ӑта дӑ-па́сат, ѣле́де де́тто адна змиа прӑкӑршана*; — *ри́пта фа́јк'е пӑрстя̆но, о-испу́ште*; — *ба́бо, зе́м-с ну́ко, учи́х, учи́х не́ мӑ-разбра́, нӑ-мо́ж ви́ке да-да́м акӑл.*

Бројот на случаите кога членуваната именка како прав предмет не е придружена од кратка заменска форма се зголемува со примери во кои заменските клитики, наслонувајќи се на морфемата *ќе*, сврзникот *да* и сл., со контракција, на која ѝ претходела асимилација, просто се спојуваат со нив: *уф-н'а́а и́ма ади́н злӑтин пӑрстин, ќо̄-зе́мте, ќо̄-дуне́сте, к'и ви-пу́штум ку́мо*; — *не ба́бо, ќо̄-га́јш тоо ко́јн нӑ-ме́не*; — *го̄-фӑрлиш не́-о фа́тум*; — *га̄-зако́лиш на́ј-у́буфта кукошка.*

Примери од Ватилак: *и скокна право Сраула, му сиче учкурите от потурите*; — *ѣрабнал ножо и заклал сичките*; —

зимаха ил'ам от ѣашата да отѣѣат кѣде ки најдат харамиата; — дојде и ни се моли да му удрим козите да ѣреминат Вардар.

12.37. За разлика од директниот, индиректниот објект во западните говори се удвојува редовно, независно дали е определен или не.

Кукушкиот говор и во ваквите случаи покажува посебности. Имено, иако ретко, во материјалите среќаваме примери со индиректен предмет без заменски проклитики: — *нѣ-мо́же ас нѣ-Киро дѣ-да́м имо́т; — о́ште сто ли́ри ѣа́ри нѣде́тто да́ват; — она да́ла уѣла́мникут нѣ-Лу́уто; — Лу́уто нѣѣрави́л сѣнда́ко и ричел нѣ-де́фо: стој дѣ-ѣу-изме́рме; — ти дѣ-мѣ-да́диш, само уѣла́мнико дѣ-н'о-да́јш нѣ-де́фо.*

Примери од Кулакија: — *и на во́а час ѣу кани́а Учени́ците, ем ве́леа на не́ѣо; — ве́ли на не́ѣо же́ната Самари́тица.*

Во примерот: — *окото да дупнеш на човека, нема да ѣо видиш,* имаме испуштање и на дативната и на акузативната форма (Ватилак).

Повторување на делови на реченицата

12.38. Во народното просторечие, особено во дијалозите, често пати како стилска особеност го среќаваме повторувањето на различни делови од реченицата, било за потенцирање, односно доуточнување на мислата, било за да се укаже на продолжителност на дејството.

Освен објектот се повторува и субјектот и предикатот, исто така среќаваме примери со повторување на негацијата или присвојноста.

12.39. Удвоениот субјект обично се изразува преку лична (или показна) заменка за 3 лице и членувана именка. Најчесто тие одат во блок, прво заменката, а потоа именката: *то́ ми́шут ѣарстѣано о-ѣрѣбну́ве, сѣ-слимну́ве дол; — ѣу-зи́ме то́ цару́т ко́јнут, о́де, сѣ-ше́те нѣ-ѣо́р, нѣ-до́л; — то́ нѣро́до збе́рин, че́ке там дѣ-му-да́дѣт ле́ѣче ли, фѣсу́л' ли, тѣкви рѣбо́ти; — то́ де́уто ѣо́сто ѣуфто́рно ѣѣ-ѣитѣа́л ниве́стта кој ѣѣ-нѣучи́л дѣ-тка́а; — то́ тирзи́ѣата нима́л што́ дѣ-ја́де.*

Обратниот редослед се среќава поретко: *ѣѣртла́кут, то́о-ј ѣѣркла́н шо-му-ви́кѣт; — тѣрбуши́нта, та́а-ј шке́мбе, дек сѣ-цре́вата; — нѣмту́ро, то́о ѣо-ј лен ади́н ла́ф дѣ-ѣрѣѣуво́ре; — убѣ́лта, ти́ѣ сѣ-но́сѣт зи́мно вре́ме нѣ-чура́ѣе ме́сто.*

Удвојувањето како потреба за објаснување, на кое дополнително се навраќа раскажувачот најрелјефно истапува во случаите кога еднаш изразениот субјект во почетокот на реченицата обично со заменка, повторно се јавува зад предикатот и може пак удвоен: *тӧо сӑ-рӑстӗре, тӧо пӑрӑхутчӥаша, нӑјдӗл ајн динӑр — два уф-неїо; — ӱбуфше бӑбини пӥлчки, дујдӗли ӧни; — ӧна му вудӥла смӗшка нӑ-пӑрше, шӑа нӑјїулӗмша шшӗрка; — ӧни, знӑјш, кӑ сӑ-научӥле, вујнӥцше, сѐ уф-них ӧдаа; — он еј нӑјудѕӑде, кумӑндӥро; — ӧна пӑдӥне нӑ-пӑшут, шӑа нивӗсшша; — тӧо о-зӥме зӑїӑро, тӧо цӑрскӧ син, си-ӧде нӑ-лӧф.*

Освен со заменка, субјектот често го среќаваме удвоен со друга именка: *дујдӗ чувӗко, мӑш-ми; — една млӑда жӗна, нивӗсша, му-пумужӗ; — флизӗла бӑпша, сшрӧјнико, уф-цӑрскӑша пӑлӑша.*

12.40. Предикатот се повторува кога се сака да се задржи вниманието врз глаголското дејство, односно да се укаже на неговото продолжително траење: *сӑ-бунӱве, сӑ-бунӱве уф-адна кӑнцӑлӑрја, дӑ-с-ӱче шам пӥсӑр. Уче, пӥше, ӱче, пӥше, нӗїӑвјӧ рӑкупӥс нӑ мӧш дӑ-нӑпӑрӑве нӥкуј; — удӥла, удӥла, ду-сшрӗш пӑш шӑа бӑапша; — їина, їина и сј-уддӗ чувӗко* (зн. слабееше, слабееше и си умре), со слично значење: *сѐ сӑӑне, сӑӑне, шримӗе, шо-ј сӑскил'ӑф* (зн. туберкулозен); — *субӥрӑш їи, субӥрӑш-їи сӥше мӑшки. . .; — ас сӑм шо мӧжум, мӧжум сӑм, тӧо їу-ӥрӑвум; — млӑскӑл, млӑскӑл сӑа нӑ-мӧж сӑ-дӗксе* (зн. јадел, јадел, сега не може да се покрене); — *тӧо свӥр-си, свӥр-си, пӧпо сӑ-измурӥл, нӑ-мужӗл дӑ-ӥрӑстӑне.*

Како специфичност треба да ги споменеме случаите во кои среќаваме повторување на свршени глаголи: *и зӑјде, зӑјде слӑнцшто, а них ӧште їи-нӗма дӑ-сӑ-пӑрбӗрӑш; — тӧо пӑдне, пӑдне кӧјно и сӑа нӑ-мӧжӑш вӥке, нӗмӑш ус-шӧ; — нӑмӧш сӑ-нафӑл'аш, нафӑл'аш уш-снӑаша.* Очигледно е дека овде со повторувањето, на предикатот се настојува да му се даде акцент, да се нагласи меѓу останатите делови на реченицата.

12.41. Интерес побудуваат случаите во кои објектот се удвојува со заменска форма во номинатив: — *ӥсшо шӑкӑ и ӧна, јӑрина шо їа вӥкиме, шрибӱве пӑрво дӑ-їӑ пупӑриш*; сп. уште: — *ќо-о-дӑјш тӧо, кӧјнуш нӑ-бӑба, нӑ-мӗне.*

Посебно ќе ги разгледаме случаите во кои имаме повторување на предметот со именка: — *нéкоо врéме имáла éдна мáјка éдно дéте, син*; — *а пушти́л бáпта, мáјкă-му, дă-тúре цáрскăта к'éрка*; — *дéуто ни-кăжáл нă-мóмта, нă-дујнáгузили́ка*: *ел дă-ми-пукáјш ká сă-кóле.*

12.42. И во изразувањето на посвојноста, забележуваме, како што споменавме, удвојување на формите. Ќе ги споменеме случаите во кои покрај кратката заменска форма, со присвојно значење, среќаваме и употреба на посвојна придавка: *што ми е чéдо мóе, ас не пурéчувум*; — *тúй што ни бúа нúвичките нáши, нóто пóсúлни бúа.*

12.43. Двојна негација забележуваме во плеонастичката употреба на честичката *не*: *не, не сáкум дă-мă-нăгрáдиш нă-мéн.*

Многу често негацијата *не* ја среќаваме засилена со партикулата *ич*: *как сă-натикнá там нă-тúквите и нé мăрднá ич*; — *нéмате прáво хич* Град; — *нé ми сă-јáде ич*; — *ич нé мă-кáни, нé úдум.*

12.44. Удвојувањето на додатоците многу често се изразува со повторување на веќе употребениот збор: — *сéкаа вéчăр ки-ј-уднéсе кóјсте дóма ѓлáдни, ѓлáдни, ѓлéтишта ѓи јáдат*; или: *пăрво и пăрво дă-т-кăжум*: *áска нé бих тăм.*

Во првиот случај со двојната употреба на одредницата *ѓлáдни* се потенцира односниов факт до степен на нешто силно изразено, а вториот пример *пăрво и пăрво* може да се замени со: *нáј-пăрво.*

Удвојувањето на додатокот може да биде и со друга единица што ја дообјаснува првата: *сă-фăтúла лишúцта уффáкут, уф-пăúда шо-й-вúкăт*; — *сă-ј-скрúл уф-кукушкáрникут, уф-кăтнатта*; — *сăто вúно истичéло низ-витлинúко, нис-чéпо.*

Отсуство на делови на реченицата

12.45. Брзото зборување и настојувањето да се дадат што повеќе информации за колку се може покусо време во југоисточните говори условуваат не само елизија на гласовите и скратување на зборовите (в. т. 2.6.), туку и испуштање на делови од реченицата.

Во врска со испуштањето на предикатот карактеристично е тоа што често пати место во втората реченица тој се испушта од првата: *прéхни на дрýго мéсто, ама ний вúкме дáми* (м. *прéхни* им викаат на друго место...), но не се необични и обратните примери: *тупáл вúкат Тýрцте, ний сăкáт и чулáк уф-рăцто.*

Освен во вакви случаи, во кои прирокот се испушта за да не се повтори, среќаваме и такви реченици со елипса на прирокот, што своето значење го добиваат единствено во контекстот: *óни тă, ус-кáмине нă-тáткуве*: *вúй сте Гăрци* (м.: фрлале камења по нашите татковци и им викале: вие сте Грци); — *бáбта ту-злáшто, нă-чурáше* (м.: бабата одела по...); — *кој умрé, умрé, кој жиф си-дуjдé* (м.: ... кој остана жив...); — *ај та нă-гóре, на-Рóшлуво, там Алéксуво* (м. ај пак тргнавме на горе...).

Сп. примери од Гевгелиско: *и дéуто и-пúте*: *дек такá бре дéца*? (м. ... каде сте тргнале...); — *нă-тéбе ричéл цáрут три дéна мивлéт* (м. мивлет ти давам); — *мăлечкут нишáн уф-нидéл'чин ден* (: го правиме); — *кој к'и-гу-удбéриш* — *тóо* (: земи го); — *уд-врáшта нă-вóнка* (: излегол).

Неретко среќаваме примери во кои е испуштен помошниот глагол: — *лóша бóлис, вóнкăшна бóл'ка тáа* (м. ... вóнкăшна бóл'ка е таа); — *ај анáсăна, уд-дéк на тáа бáба тóо кojн тăкóф сúлин* (м. ... уд-дéка ѝ е на таа бáба...); — *сă-бéрат там сúте и арáпино тáмă* (м. ... и арáпино е тáмă); — *нáшто мéсто нé-дăржише снек, óти мóрто блúзо тáмка* (м. ... оти бéше мóрто блúзо тáмка); — *ама женáта му фногo умна и еднош му рекла* (м. ... жената му била фнoго умна...); — *една мájка имáла два сина*: *пoгoлéмио крóток и милувáл домáшната рабóта* (м. ... пóгoлéмиот бил крóток ... кај Шапкарев); — *ама таа згрáата гулúло, кутy гулújна злáто, óчте дă ти устáнăт уф-н'ă, лăске* (м. ... беше пулúло...); — *нă-тóо сéмито-му глýо* (м. ... сéмито му бúло глýо). Од Кулакискoто евангелие: — *субóта вá ден, нé ти и простéно* (м. субóта е ва ден...); — *сéкој шо пúи ут вá вóда, пак жéдин* (м. ... пак е жéдин).

12.46. Меѓу балканизмите што се споменуваат како особеност на западното наречје е и беспредложното непосредно прибавување на дополнението за место кон прирокот.

Таа особеност ја познава ароманскиот и отаде проникнала и во нашиот јазик (Б.К., Историја, 128).

Долновардарските говори, како подрачје што имало жив контакт со ароманскиот елемент, ја примиле таа особина и често среќаваме примери со беспредложно поврзување: *сшипа́ме а́дно се́ло, шам фана́ме Шумаја́*; — *се́шне уддо́ме Самуко́ф*; — *ај ша́ нă-ӣо́ре, нă-Ро́шлуво, шам Але́ксуво*; — *кој са́ке дă-с-јо́де слубо́дно-ј, дă-с-јо́де до́ма, ро́днушо ме́сшо*; — *ка дујде́ме Тудура́јк, шака́ му-ви́кăш едно́ се́ло*; — *уддо́х Кăли́нуво, нă-ӣо́сше дă-пусе́дум*; — *Сăри́ Пăза́р удри́а ӣра́ниша.*

12.47. Прави впечаток употребата на беспредложни врски на допирот со додатокот за орудие: *цидри́лка-ј шо це́дăш мле́кшо*; — *сју́ршо-ј кри́во дăрво, шо суби́рăш жи́шшо на-ку́п*; — *либа́рникуш ej-ка́рпа шо-ӣу-пукри́вăш ле́буш.*

Отсуство на други предлози:

за: — *ас бих ус-Го́це, он мă-ушкăра́ шам, дваjс и-пе́ш ил' а́ди м-ушкăра́* (м. зă-дваjс и пет. . .); — *уддел при шо́о џăмба́зо и ӣу-пишу́ве*: *ко́лко о-да́виш шо́о којнуш* (м. зă-ко́лко. . .); од кај Верковиќ: *и ӣи научиха шес месеца сичко* (м. за шес месеца. . .);

на: — *шам сă-збу́раа сшре́дн'о̄ ден Вили́дин* (м. . . .нă-стре́дн'о̄ ден. . .); — *џа́ро вика́л сиде́нка д-о́ош мо́мше* (м. ... нă-сиде́нка); — *вле́ве шо́о вắлко и лиси́ца му-вăрзу́ве вре́јка у́сшша* (м. ... нă-у́стта); — *шо к'и-ј-пра́вше ша́а ку́шла* (м. ... нă-таа ку́тла); — *о́сшăj ба́бо, ша́а лиси́ца сјаа ни́а к'и-ј-да́јме адна́ ква́чка ус-двăна́јсе пи́лци*; — *нă-ме́н шо́о но́суш бру́нка са́ке дă-м-испа́дне*; — *ши́а пăпу́цшо, им-си-дăде́л дă-рăзбе́рăш* (м. нă-ти́а пăпу́цто. . . , зн. си ги упропастил); — *сă-слу́шше ше́шин-ши Ко́л'о ӣла́со* (м. ... нă те́тин -ти Ко́л'о гла́со).

од: — *шо́ӣи по́вк'е пулви́на се́ло уш-шва́ живе́ехме* (м. ... по́вк'е од пулви́на. . .); — *пу-не́коо зăрно к'и-чо́пнише купа́нша* (м. ... уд-купа́нта); — *димини́куш ej нă-кирми́јше дек-испа́ӣ'е кăде́жо* (м. ... уд-де́к-испа́г'е. . .); — *сă-би́а сшипа́ли, но́со кра́ф му-ше́чше* (м. ... уд-но́со. . .).

Прашални искази

12.48. Меѓу особеностите на западното наречје, што имаат третман на балканизми се споменува и градењето на простата прашална реченица без партикулата *ли*. Оваа особина ја познаваат: грчкиот, албанскиот и ароманскиот јазик (Б.К., Историја, 121).

Ваквото оформување на прашалните реченици не им е туѓо и на југоисточните македонски говори. З. Голомб за Солунско истакнува „. . . треба да се забележи дека во говорите на С — В воопшто нема прашална партикула (барем не е нотирана) од типот на лит. мак. — *ли, нали, нели* во главните реченици, *дали, ли* во зависните реченици. . .“ (ДМГ, I, 135). Во кукушкиот говор исто така забележуваме често пати прашални искази без честичката *ли*, ова е повеќе изразено во јужните села, во Полето, сп.: *му-фърлú нъ-кукóшките*? (храна); — *видé сéīде, дъ не-j скрúјн нéīдин*? — *тъ-нъјдéа*? — *ѕúдиш-īа*? (зн. ја гледаш ли?); но: *та-j кúсла ли вóда*? АК; — *к'и-ти-пúтъм, к'и-знáјш*? — *к'и-ти-лъжум*? — *јáīнито о-пујáте*? Град.

Во Карадагот паралелно егзистираат и едните и другите форми, сп. примери од Ниманци: *мъ-питá*: *úмиш ти два сúна и к'ёрка Жúвка*? — *лисúца рéкла нъ-вълкот*: *не-т-сăјáде*?; но: *видé-ли-си пријáтăл'то*? — *а бе којн, áрăнто сăзăбрáуве ли*? — *бéīи дóма, вúке, ýтре не сă-знáа нъ-тăкá-ли к'е-j, нъ-вáки-ли к'е-j.*

Во пунктот Мутулово партикулата *ли* во примерите каде што е употребена, побудува интерес со местото што го зазема во редот на зборовите, имено меѓу неа и глаголот ја среќаваме инкорпорирана кратката заменска форма: — *стимнú-сă ли īájре*? — *лисúца питáла*: *видé-īу-ли вудинчáро*? — *андáро ричёл*: *нéма-īу-ли дóма*? Инаку, и овде среќаваме прашални изрази без партикулата *ли*: — *търлишта не знájш дéка бúа*? — *ти пъ нъ-нéīо īу-вирýвиш*? — *нé к'и-дójте за-Вилúдин*?

Аналогно со отсуството на честичката *ли* оди и нередовната употреба на честичката *дали*. Со прашално значење се употребува партикулата *мер* „во која се вметнува и модална нијанса, било на изненада од дејството, било на сугерирање негативен одговор“: *мер сă-зéа*? (зн. : зарем

се венчаа?); — *мер сте рóда*? (зн.: дали сте роднини?); — *мер не́-сј-óдăш*? (зн.: зарем не ќе си одат?).

Во негирани прашања, иако не многу често, се јавува честичката *нели*: — *и не́ли, вăрве́ш к'и-т-фáте, дă-прóстиш, и гутóв-си*; — *кăсме́то ѝ чăшáн, не́ли млáда устăнá биз-măш*.

На север, во гевгелискиот и дојранскиот говор исто така прашалните искази често пати место со честичката *ли* се изразуваат со контекстот и со повишување на интонацијата на крајот на реченицата. Сп. примери од студијата за гевгелискиот говор: — *не те-ј гнăс*? — *свúјни не́ма дă-дунéсиш*? — *дéу-ти Рúсто уф-вáс е на-гóсте*? (ГГ, 119, 120). Од истото подрачје во реченици во кои нормално би сме ја очекувале честичката 'дали' прашања се изразуваат и со *ами*: — *ами úмше мóмта пусéстрими*? — *ами вéле нивéстта*?: *не вéле, мóлче* (ГГ, 117, 118).

Од Дојранско: — *ми жéно, знáјш шо ми тăкнá*? — *к'и си мúјш глáвата*? — *úмиш óдăно нă-Сóлăн*? — *пúсмăн си*? (ДГ, 106, 107).

На исток, во говорите од Серско (и Драмско) според Ј. Иванов, ваквото изразување на прашалните искази, без граматички показатели, исто така е многу обично: — *вăрнá се*? — *го видé синó ми*? — *да ти кáжам мéстата*? — *му дáде белéто* (БПГ, 196).

Од Воденско: — *дă-ти мéсам, дă-ти мéсăм*? — *кá ти óде рабóтă сúну, ти спóре*? — *ăми уд двéте*? — *ка ти óде, нивéсту, ти спóре*? (ВГ, 17—19).

Има случаи кога честичката *ли* на прв поглед се чини како да е испуштена, а фактички се изменила со асимилација: *з-áдна пудничáрка не-л'-те-ј стрăмóта*? — *не-л' бúхте зáадно*?

Прашални искази, како што е познато, се изразуваат и со прашалните заменки и прилози. Прави впечаток проширената употреба на заменката *шо*. Прво ќе се задржиме на примерите — прашални искази во кои заменката *што* се јавува наместо прилогот 'колку': *к-ај-зăбикóл'ăт Тýрците, шо к'и-устáнăт, ут-двájсе дýши, устăнáли трýјца* (м. . . . кóлку к'и-устáнăт. . .); — *шо árно сă-вăпсáло*? (м. . . . кóлко árно. . .); — *ус-тáтку-ти, гóспут да-гу прóсте, шо нóго живéăхме* (м. кóлко нóго); — *цел ден к'и-ákиш, шо к'и-т-дáат*?

(зн. цел ден ќе работиш колку ќе ти дадат?); — *сă-бăркá, сă-бĭркá, шо искăрá? — нéкоо бáнка там* (извадил од џебот).

Исто така се јавува и со значење 'зошто': *шó-j утвóрино вóо кăвинé? — шо бе тáте, ни-јáјм ни-тијм?*

Изразување на негацијата

12.49. За негирање освен *не* се употребува и партикулата *ни*: — *тýсто, ни дă-мă-чýу нéкуј, нúшто*; — *ти не вúдиш, он ти нăплáте дýпло*; — *мă-тлóчке, не мă-бóле.*

За засилување на негацијата срекаваме повеќе примери во кои се употребени и двете честички: — *и нă-рăбóта нé нú óде*; — *нú нé-j тăрбéрин дóма*; — *нú нé сáкум дă-сă-бăрштúсум*; — *нú нé си тувóрат.*

Честичката *ич*, како што рековме, ја придружува негацијата и служи за засилување. Ја срекаваме и со *не* и со *ни*: — *шом он нă-мóже, ас тă-úч*; — *ич нă-мóжум дă-т-кáжум нă тóо кá дă-му-вúкум*; — *нé ми-сă-јáде úч*; — *сúт му-кăжýвăт, а он úч ни дă-чýу*; — *нé-видéх úч нúшто.* Во елиптични реченици честичката 'ич' се јавува самостојно: — *úмше устáнно трóзде? — ич* (зн. немало), *ич, ни зă-лéк.*

Партикулата *ич* понекогаш се јавува во блок со честичката *биле*: — *а он ич-бúле нú-дă-măрдне*; — *ич-бúле нé ми нú чýу* (зн. не ми е гајле); — *о-нéјкум ни дă-ми-дójде, ни ич-бúле.*

Негираната глаголска форма 'немој' во овие говори со редукција и елизија поминала во *ним*. Како особеност треба да се истакне фактот дека таа се јавува без сврзникот *да*: *нúм-о-кáлви, трúота-j* (зн. немој да го тепаш, греота е); — *нúм мă-титýви мéн, тúт-ă бăта, она сè знáа*; — *нúм мутурýви јóнца, зилéна-j*; — *нúм-óди бос, úма сăрчú.*

Скратената глаголска форма *ним* ја проширила својата употреба, освен во императивни изрази, се срекава и во вакви случаи: *он турúл два стрăжáра, ним едúн.* Овде таа е сведена до чиста партикула за негирање.

Кај другите лица, во недостаток на специјални заповедни форми, нормално се сврзува со *да*: — *ним дă-сă-збúрăт н-áдно мéсто*; — *тлéј, ним дă-зăдóцнат.* Во материјалите од Шапкарев конструкции со *да* срекаваме и во формите на

„правиот“, синтетичен императив: *ним да пијте тоѝло вино*. Во друг пример, пак кај него, ја среќаваме интересната форма *нимо*: *нимо ми се смејте, оти...*

Прегледот на начините за изразување на негацијата ќе го завршиме со едно интересно укажување. Имено, со формите за негирање, во одделни случаи се искажува, со помошта и на интонацијата, нешто сосема обратно од негирањето: присуство изразено во голема мера, пр. — *лиши́ца ѝ нăриди́ла ри́пите нă-те́л'че, нă-те́л'че, дă-не смăрдăт. Они не́ дă-смăрдат* (зн. смрделе многу); — *дујде́ ма́јкăму, дă-не́ пла́че. Оно не́ дă-пла́чē* (зн. многу плачело).

Изразување на посвојноста

12.50. При анализа на изразувањето на посвојноста во овој говор, општо погледнато, ги забележуваме оние начини што се нашироко познати.

Сепак и на тој план се откриваат некои посебности. Прво како што споменавме (в. т. 7.5.) во долновардарските, а и пошироко во јужните македонски говори кратките дативни форми од личните заменки, ја проширила својата употреба во изразувањето на посвојноста, па ја изместиле и неизменливата заменска форма за посвојност *си* во состави со роднински имиња кога оној кому му се припишува припадноста е субјект во реченицата: — *са́мо он зе́ ле́п и о-раздили́ нă-де́ца-му* (м. „нă-де́цата си“); — *Лу́то-пă дă-ĭă-изми́е, ĭă-пупăри́л нă-ма́јк-му* (м. „нă-мајка си“); — *тиă скри́јте ли́ри ĭи-устăви́л нă-се́стрит-му, д-им сă-на́јдăт* (м. „нă-сестрите си“); — *си́чкуто има́не ĭу-пришиша́л са́мо нă-си́н-му Ри́сто*; — *зе́ д-ин пăрка́жуве нă-рудни́нте-му* (м. „нă роднините си“).

Во примерите кај Шапкарев, од југоисточните говори, среќаваме синтагми од истиот тип во кои се јавува заменската форма *си*: — *женѓа кӑжала нă-мӑжут-си*; — *трећио пăт искăрала жената му пăрстено алтанлиа и ĭо дала на мăжа-си*; — но: — *зел ја и на сестра му и като видели там...*

Ваквите примери ги сметаме за погрешно запишани, бидејќи не само што ги нема во нашите материјали, туку и во соседните говори наместо формите *си* се употребуваат кратките дативни форми од личните заменки.

Сп. примери од Гезгелиско: — *сиднýве сйурти тáтку му* (*нéїăф*); — *воа си сиднýве нă-прăстóлут на тáтку-му*; — *нивéста ка-j млáда да ќ-óде уф мајкă-j нă-пусéтка, ама без măш.*

Примери од Дојранско: — *ступлúл вóда зă дă-їă-измúе мájкă-му*; — *дéтто а-зел и нă-сéстрă-му*; — *рăчéл дéфо нă-жéнта-му дă-їу-фăрле јурїáно вóнка* (ДГ, 103).

Од студијата за воденскиот говор го забележивме примерот: *сă-качúл їóре и рéкăл нă жéнтă-му*: *жéну мóри* . . . (ВГ, 18).

Забележлива е зачестената употреба на дативните форми (полни или елиптични) од личните заменки, употребени атрибутивно наместо посвојните заменски придавки: — *а бе, нéкуј ричéл, дéфо úмше éдин тáквó, нă-нéїо јурїáно-му бúше сáмо злáто* (м. „нéгăвјо јургáн“); — *уфчáро си-уддéл уф-нă-нéїо сéлто* (м. „уф-нéгăвто сéло“); — *ја-їи нă-мéн учúлта* (м. еве ги моите очила); — *крáдăхме уд-нă-нúх уд-лóзто* (м. од нивното лозје); — *уф-нă-н'áа дýткаша имáло сýј рúбички, тăквú рăбóти*; — *нă-нăкачúа там, уф-нă-нéїо кóлта*; — *и сéтне пуминáл уф-нă-нéїо мéстто*. Од Гевгелиско: — *нă-мóжум, рой сум нă-тéбе, ќулле* (ГГ, 113). Сп. од Кулакија: — *и му а дадé на нéїу на мájка му* (ЛК, 179).

Слични примери среќаваме и во студијата за говорите во Солунско: — *да му їо звáш на н'éїу укóту*; — *на м'éн'а . . . кóн'у ми* (ДМГ, I, 117, 123).

Да истакнеме уште и тоа дека во случаите кога именката на која се однесува предметот е лично име, припадноста многу често се изразува со придавка: — *Măрúнте дéца нúкуј нă-мóж дă-j-стúїне*; — *Милáнувто тăрло бúше пó-нă-їóр*; — *Кóл'уфто măїáре пó нă-мóш дă-нóсе*; покрај: — *нă-Мáра. . .*

Има случаи кога кратката дативна форма за изразување на присвојност се испушта: — *рéкал*: *тáте бе, дájте на мéне сто лúри пáри, ас ќ-óом, к'и-с-ýчум зăнăт*; — *нă-мéн-сă дăлéки рудни́ни.*

12.51. Во описното искажување на присвојноста превладува предлогот *на*: — *уддéл тóо Лýуто нă-дéфо нă-кýќта*; — *тóо сă-їлăвúл, нă-пóпо кójсте к'и-j-пáсе*; — *а пă мájк-ин нă-змúита бúла кут цар нă-сúте змúи*; — *сă-нăпикáл уф-кутáро дéк лéжăт нă-брáт-му кójсте*; — *а тóо шо ин-бúше їлáвăн*

нă-вујна́та, уфице́ро, би́ше нă-бел ко́јн; — ка́ дујде́ нă-лиси́ца́та ду-ду́ка́та, нă-муже́ да-фле́зе.

Ваквата употреба на предлогот *на* како граматички показател на односот на припадност се третира како особеност на источното наречје, диференцијална во однос на западното во кое превладуваат конструкциите со предлогот *од*[115].

Изразувањето на припадност со предлогот *од*, во конструкции каде што го заменува стариот посесивен генитив — датив, се смета дека се развило од контактот со балканските несловенски јазици. Аналогни конструкции со *од* познаваат и мегленороманскиот, аромaнскиот и некои северни грчки говори.

Во долновардарските говори овој балканизам се јавува во рудиментарна форма, но сепак е присутна: — *ут-та́тку ни-ј таа ка́шта*; — *Лу́уто ӣучна́л дă-се́че дắрва уф-ӣо́рта уд-де́фут*; — *дă-му-ре́чиш нă-то Ми́три уд Или́ја* Град.

Вакво изразување на посвојноста, со предлогот *од*, има и во материјалите од Солунско, сп. примери од Ватилак: — *а ӣак нашто село беше от една мноӣо ӣолема ханумка — на Селим ӣашоваша мајка*; — *са женише еден бра́товчед мој от стрико*; — *та от два бра́ӣија ка́шла беше*; од Кулакија: — *стоӣа́ноӣ ут ло́зата*; — *зла́тоту ут а́ӣата*; — *на та́тко ут мо́мата* (ЛК, 179).

Сложени реченични конструкции

Приредени реченици

12.52. Во врска со поврзувањето на приредените реченици, освен општопознатите факти забележуваме и некои посебности. На пример: регионална употреба на одделни сврзници (*кам-ли, неӣо*), широка застапеност на сврзникот *да* (во приредени реченици), употреба на сврзници од туѓо потекло и слободно редење на дејства без сврзници.

---

[115] Б. Видоески, Основни дијалектни групи во Македонија, МЈ, XI—XII, стр. 25.

Од копулативните најчеста употреба имаат сврзниците: *и, ѣа, да.* Сп.: — *еди́н Грӑк дуjгé ѣéш, искрӑ́ ќустéцѣе и сӑ-кӑчи́ нӑ-кубѝилта, ѣóла*; — *к'и-нӑсóл'ме сла́ма ду-но́вjут аéр и ду вéшќут аéр*; — *сеѣне сӑ-ѣрӑбра́ме уф-двóро нӑ-учили́шѣто и ѣам сидéме нӑ-ѣӑла́шки*; — *вѝа . . . . не́-сѣе Гӑрци и цар Кустя̆ди́н не-вя̆-са́ке.*

Неретко среќаваме примери во кои сврзникот *и* се јавува во функција на партикула за засилување: *и нӑ-вя̆рна́а нӑся̆ге*; — *и не́ли сѣӑрѣе ѣувéда уф-вéшќут аéр си-ódя̆т*; — *и ѣу-вя̆рса́л Лу́ѣто нӑ-ѣóво во́лут.*

Како специфичност за овие говори ќе ја споменеме честата употреба на сврзникот *да* во составни реченици: — *о́фчки, ѣувéда, ѣрудде́ме дя̆-ѣлӑѣи́ме шо куѣи́ме ни́вите ѣу́ка*; — *сӑ-чи́не вя̆лди́ка ѓа́вуло дя̆-ѣи-ѣрӑчика́л*; — *фя̆ѣи́ме, зя̆мина́ме Димѝр Иса́рскō Мос да нӑ-ѣóре ду-Ду́ѣница биѣа́ме*; — *к'и-ѣ-фра́сне адна́, дя̆-ѣе́рj-оо до-о-на́jш се́ѣне.*

Во Кулакиското евангелие најдовме, исто така, голем број примери со ваква употреба на сврзникот *да*: — *а неразбра́ни, да ѣе́шки уф-сӑрцѣо, ѣребу́ве да. . . — ѣувóри же́наѣа да му ричé: не́мам мя̆ж. . . — му сӑ развика́ле инса́ноѣ да ре́кле. . . — а устави́ ви́ка же́наѣа ѣа́мо сѣо́мнаѣа, да си уѣи́ди на ѣра́да, да ве́ли на л'у́диѣе. . . — ве́леа: не-j воа шо се́диши, да ѣро́сиши. . .* (ЛК, 253—255). Од Гевгелиско: — *ѣлида́л дя̆ ре́кӑл* (ГГ, 109).

Сврзникот *ѣа*, освен со своето основно значење, се јавува како партикула: — *ѣя̆ ѣре́ва и́мше, ѣам и сѣо́кӑѣа ѣа́ше*; — *ѣя̆ ѣа́ѣко-ми и бра́ѣ-ми, ѣо́ уф-Сӑрбја шо умре́*; . . . *ѣя̆ о́ни ус-ко́лѣа усѣя̆на́а нӑся̆ди*; — *и ѣу-ря̆чо́к, кулу у́жина, зна́че, вујска́ѣа ѣа́ сӑ-ѣя̆рѣна́, ѣа́ нӑ-ся̆ге сӑ-вя̆рна́*; — *а ѣя̆ нӑ-сӑба́jлинѣа дуjге́ла буѣа́рска вујска́*; — *а ѣя̆ мо-j мя̆ка нӑ-ге́ѣѣо, и о́де нӑ-сирма́шки ѣума́ѣе*; — *сӑ-дукӑра́ло ѣо́о ѣя̆ и́де, ѣа́ уф-ѣо́о се́ло*; — *ѣя̆ удя̆ви́ли ѣуѣя̆дѝӑѣа дя̆ ѣя̆ва́ усѣя̆на́ло*; — *ѣя̆ удде́ли, сӑ-ѣиѣа́ли нӑ-ца́ро*; — *ѣа не́куj брӑѣ и се́сѣра, ма́jк-мо, ѣа́ѣку-мо ѣи-зя̆ѣубѝили дя̆ са́ми ѣя̆ѣу́вя̆ѣ.*

12.53. Адверсативните реченици обично ги среќаваме со сврзниците: *ама, ам, а, ѣуку, ѣики, кам-ли, неѣо.*

Сп.: — *ни́а о́дя̆хме нӑ-ѣя̆за́р нӑ-Ку́куш, а́ма сѣа́рѣе о́даа нӑ-Со́ля̆н*; — *слу́ши, ре́кӑл, сус ѣо́о ѣӑрсѣин шо́ дя̆ ѣуся́киш к'и-дуби́jш, ам-а́рно до-о-чу́виш*; — *лиѣну́ве си, ама ѣа́а зѣра́аѣа, ѣули́ло, куѣ ѣули́jна зла́ѣо*; — *вя̆лкуѣ сӑ-ѣрубя́л,*

ам нă-мужéл дă-флéзе вă̄тре; — уф-нáшто сéло Буīáрто дуjдéа пă̄рво, а Гă̄рцте флизéли пă̄рво уф-Сóлун.

Сврзникот *туку* освен во оваа се јавува и во формата *тики*: *— он купáл, тúки нă-мужéл дō-прувáле тимéл'о; — кójно ричéл: áрăнто că-зăбрáуве тúки лóшто că-пáмте; — īлéде читирújсе кăмúли úдат, тúки кăмилáринут кáчин нă-măīáре; — ас тă-тирáх, туку ти не бúше дóма; — нúкуj нé că-пуjăвúл, тúки нă-трéтjō ден нéкуj мил'ундéрин прă-стúīе.*

Има случаи кога зборо формата 'тики' се јавува со значење на партикула за засилување: *— нă-кој к'и-кájш, дéца, нé слýшат, тики; — мăчúме, мăчúме, нă-мужéме дă-искáрме вóда, тики.* Сличен пример има забележано и во Гевгелиско: *—јас к'и īу дăржум, ти ел īу зáкули* (*он не знáе, отти син мо е тúки*) — ГГ, 45.

Со својата дијалектна обоеност истапуваат адверсативните сврзници: *кам-ли* и *нeīо*: *— нéма нúшто врăс н'ā, кам-ли чиúз д-úма; — нé сáкум до-о-вúдум, кам-ли дă-ми-дójде; — нé о-бúве зă-дóма, кáм-ли зă-вóнка; — пудничáрка-j кăрпа зă-бăршне пóдници, тăквú рăбóти, нéīо мóш că-кáже и зă-нéкаа нéчиста жéна; — пăлăмáрка-j штúчка, уз-н'áа că-жнúи, дă-н-că-сéчиш, нéīо и зă-īулéми рă̄ци вúкме пăлă-мáрки.*

Адверсативниот сврзник *али* во кукушкиот говор не е многу раширен, но сепак се среќава. Сп.: *пăрмáк că-вúке каудúре пичáт, пăрстут, ак-ej нéпúсмин нéкуj, али пăрмáци вúкме и нă-спúште нă-тăркалúнта; — сúнка-j брýнка, нóīо бóле али и зă-лош чувéк мош că-кáже сúнка* Мор.

Во Дојран и Дојранско (Николич) сврзникот *али* исто така се среќава: *о-дунцéл-си тō, али кој к'и-тóо-кýпе; — кутту курúто-j, уд-дă̄рво, али купáна мош дă-că-рéче.*

Од југоисточните говори овој сврзник е констатиран уште и по долината на реката Струма (БПГ, 191). Авторот нагласува дека неговата употреба е ограничена, го забележил само кај одделни информатори и додава дека лесно бил изместен, поради фонетска сличност, од грцизмот *ала*. Во Солунско, во пунктовите Сухо и Висока е регистрирана имено последнава форма: *алá*[116]. Сп. кај Верковиќ: *— ... али тој сакаши на смокви пō еден алтăн*[117].

[116] M. Małecki, Słownik, Kraków, 1936, str. 2.
[117] P. Lavrov a J. Polívka, цит. раб., стр. 325.

Прегледов на спротивните реченици ќе го завршиме со примери во кои среќаваме сложени сврзници: — *ас ви́кум, ви́кум, и́-ја́ не излéвé*; — *ĭи-рăзбу́дувум, ĭи шрéсум, о́ни и́-ја́ не-мăрднýвăш, али́с ýмрăни.*

12.54. Во врска со употребата на дисјунктивните сврзници посебностите се повеќе од фонетски карактер. Сп.: *ил' к'и-ка́јш ус-кăкви́ мурфе́ше мă-зима́ ил' к'и-că-вăрнум*; — *ил' ќо-о- да́јш ас до-о-чу́вум или к'и-că-удáвум уф-мо́оршо*; — *ем нă-ле́шшо пра́ваа пăнăĭи́р, ем нă-зи́мша*; — *Лу́ушо ем же́нша ми-ĭа-ушипа́, ем ко́јно ми зима́*; — *ем пáсе ĭуве́ша, ем ĭи ра́не*; — *ем ичме́нуш мо-о-ижнијáме, ем са́ке да-н-пуĭу́бе.* Од Кулакија: — *са-чуди́ле, ем вел'а́ле: как воа зна́ј кни́ĭа, не-учéн.*

Кај Шапкарев, во материјалите од долновардарските говори, среќаваме интересна форма *емо*: — *ка к'и дојдеш емо да вееш, емо да не вееш, емо да ми донесеш бакшиш, емо да ми не донесеш.*

Сп. уште: — *ја дај-ми лиша́нуш, ја па к'и-ш-испу́ушшум да-уста́ниш до́ло*; — *ја дă-ми-вăрниш ду-нидéл'а пăрше, ја к'и до́јдум до́ма*; — *ја că-прибу́ри нă-вре́ме, ја к'и-ш-зăшво́рум по́ршша*; — *ни рăбо́ше, ни пă дă-зи́ме дă-пуфа́ше не́шшо.* Пог.: — *уд-не́ĭо ни ла́ф, ни пил'а́ф.*

12.55. Од ексклузивните, освен сврзникот *само*, во жива употреба е и турцизмот *сăл*: — *шако́ф се-ј, сăл că-зăбе куш вáрин зáјц*; — *што́ чéке он, сăл дă-că-насмéјш и ĭушо́ф-ej*; — *е, рăчéл, ку́мо лису́це ши сăл шиа ри́би ĭ-и́миш? — ас к'и-сă-ка́чум ĭо́ре, са́мо пăрво дă-вă-извăрsум, рăчéл, дă-н мă уста́вше.*

12.56. Прегледов на употребата на паратаксата ќе го заокружиме со примери во кои се испуштени сврзниците, а дејствата се редат слободно едно по друго.

Ваквиот начин на изразувањето — а уште повеќе и предимството на паратаксата над хипотаксата и предизвиканото од тоа отсуство на поблиско прецизирање на синтаксичката функција на многу сврзници — е општа особеност на просторечието на повеќето народни словенски говори (ДМГ, I, 133). Сп.: — *е, му-искáрăш ајн пáсуш, ĭу-извáдăш нă-пăзáро. Си́ше о́дăш шам, здрáво, жи́во ус-шáшку-му прáвăш, ама ни́кој не о́де кăд не́ĭо. Тăмáм ќо-о-прăдукáраш нă пăзăрлăко оно к'и-ре́че: ej, уш-шéй пóучин ним-зи́ми! — не́коо вре́ме има́ла една ба́ба едно де́ше, нук. Уди́ли, уди́ли ду-ад-на чéшма. Сидну́ве шам ба́бăша, ре́кла: ох чéдо, ба́ба с-умури́.*

— Вéчăрта тăкá, усăмнáло, сăбáјл'та к'и-сă-сирéме, ќ-óде нă-лóф. Оде нă-ĭóре. Испáĭ'е адúн зајц, о-фáте зájцо, о-дáве нă-цáро. Ош-адúн, пак о-дáве нă-тóо цáрскоо син, на-лувцúата. Нă-трéтјоо зájц, фăтúл амзăлúцкуто цадé нă-ĭор. Прăфăрлúл адна тýмба, зăĭáро сă-чинýве дéте, пак нă-кăд лувцúата úде.

Подредени реченици

12.57. Меѓу специфичностите на хипотаксата во овој говор прави впечаток проширената употреба на сврзниците *да* и *што*, присуството на одредени сложени сврзници, необични за литературниот исказ (*истум*, *штошто*), честата употреба на некои сврзници од туѓо потекло (*дил'ми*), целосно отсуство на сврзникот *бидејќи* и сл.

12.58. Во финалните реченици забележливо е присуството на сложениот сврзник *за да*, за кој се мисли дека се развил во контактот со балканските несловенски јазици: *— и тумáч к'и-ви-фáтум зă-дă-нé вă-сóĭрăт нă-ĭрáницта; — дујдé адúн Грăк зă-дă нă-истéĭле уф-нéĭăфто сéло; — тóо, зă-дă нé ĭу-вăрне, искăрáл уд-нéĭăвше ĭáри му-дáл; — идúн рибáр удúл ĭу-сéлта, нусúл рúби зă-дă ĭи ĭурдáве.* Се разбира дека се јавува и формата *да*: *— д-óдиш, дă-ј-вăрниш нáште дă-си-дóош; — и зимá нăрóдо вăрве, за-нă-Пăрój дă-сă-слéзе.*

12.59. Темпоралните реченици за главната се врзуваат, освен со познатите сврзници: *ка* (*коĭа*), *дур*(*и*), *шом*, *дудéк* и сл., уште и со некои што имаат дијалектен карактер: *истýм*, *чим*, *еднó*, *как* и др. Сп.: *— нé зúмум ĭáри вéле, ас ка к'и-дójдум дóма, к'и-вúдме; — ка видéл тóлко инсáн úдаш ĭу-нéĭо, сă-бутнáл уф-ĭичáлто; — дур да-а-истрéсум крýшта, дур дă-сúаднум, дă-нé јájте; — дудéк дă-нăĭăлне тáа дáта, дéтто нé-сă-ĭујавúло; — шом к'и-ĭу-ĭудójш, тóо к'и-жúвне; — дудéк сă-вăрне вудничáро, лисúцта сă-нăмачкáла ĭлăвта кáша.*

Со регионален карактер се : *— истýм сă-ĭујавúли авцúјте, урáчинут о-скрúл вăлкут уф-врéјкта; — чим-о-тăрĭнáл јурĭáно, лăснáло нéшто жăлто, злáто; — чим сă-чúнăш ĭлóтчишта, лúстто ĭăдúнăш; — истýм о-сувăрsá, тóо ĭăлéн избиĭá.* И двата сврзника: *истум* и *чим*, се јавуваат со значење на 'штом'.

Сп. уште: *еднó к'и-зúне, щýјнто мо-ј уф-ýстта*; — *еднó к'и-сă-смáркне и йóрштта іă-зăпúнăхме.*

Со значење 'кога' се употребува и сврзникот *как*: — *как к'и-дóо стрóјникут, арисáл, нé арисáл трибýве до-о-йрă-чéкиш*; — *как ќа-а-истрéмиш нúивта, сéтне мóјш да-а-сéјш.*

Сврзникот *как* во темпорални реченици често го среќаваме во Евангелието од Кулакија: — *как флéїле уф-їрóбот, видéа млáд дéтенци на дéснатта стрáна, убличéн бéла рýба*; — *да как йузнајá ут јузбашúјатта, му башладисá снáїата на Јóсиф.*

Интересна употреба на сврзникот *што*, со значење 'кога' забележуваме во материјалите од Ватилак: — *сеїа, шо си млад, не можиш да їи јадиш, ам ка ки остарии, как ки јадиш.*

12.60. Од декларативните сврзници најчеста употреба имаат: *оти, шо*, а поретко *да*. Сп.: — *и нă-шóо му-кажáли от жéна-му рудúла мăшко*; — *шóїи, ак шă йузнáа оти не си нúјна, к'и-нă-нăбăрке*; — *ѓáвуло о-йúше: от ти нé дáвиш нúшто зă-бóїа*; — *адúн измислúл óти кој к'и-тичáле йóвик'е йáри, мóмта ќă-дáдăт нă-нéїо*; — *дóктуро сă-йуфăлúл от зă-аднá нидéл'а ќо-о-изликýве дéтто.*

Грчкиот сврзник *оти* во декларативни реченици се јавува комплетно во југоисточните говори; сп. примери од Воденско: *стúїа вике ми-зборýваш: дă-нă-мúслиш йă оти ти мă-нăучú*; — *йóйут му ричé оти ă-дáвă, ăмă ричé...* (ВГ, 17,20); од Гевгелиско: — *ич не мă вирýваа л'ýјто от нé знам дă чéтум*; — *и му кажáа оти ќă-дáдме, и уф-нидéл'та* ... (ГГ, 116); од Кулакија: *фатéјти ми, и видéјти, оти дýша и снáїа илим кóски нéма*; — *и йузнăјáле ístина, óти ут тей испаднáх и верувáле от ти ми а йуштú* (ЛК, 260—261).

Сврзникот 'што' во долновардарските говори покажува многустрана употреба. Меѓу другото го среќаваме и во декларативни реченици. Сп.: — *си-йумислúх шо сидéлто ин-їо-ј- рăсипáл*; — *мéжду бижанлúјте сă-рăсчý шо к'и-йýштăт слубóдно дă-сă-вăрúнăт нăsăде.*

Вакви примери особено често наоѓаме во материјалите од Солунско: — *тој виде јуруците шо идаха зад неїо, фати да беїа*; — (сакаше) *да иде на Солун, ама ка чу што има аскер на Вардарскио мост сă-вăрна*; — *ка ми видеха, што водих харамијата, емен їо видеха*; — *и наткун, как виде, што не*

може да прави ништо; — *они ка видеха, шо к'и ги фатиме, а вӑрлија кабаницата*; — *кога ни велиха да одиме на махкимето, бегот викаше шо е болин, сӑ-криеше*; — *ка чу бегот шо дојдеха сел'аните, пушти, бегот, четири души* (Ватилак).

Како специфичност што треба особено да се истакне е употребата на сврзникот *да* и во финални и во комплетивни реченици. Ова е дотолку понеобично зашто долновардарските говори покажуваат ред особености што се развиле од контактот со балканските јазици, а чувањето на сврзникот *да* во односниве конструкции укажува на обратни тенденции. Имено, се знае дека поврзувањето на финалните и комплетивните реченици со различни сврзници е особеност на балканските јазици, оттаму во македонскиот, нормално се јавуваат разлики: финалните се воведуваат со сврзниците *да, за да,* а комплетивните со *дека, оти.*

Сепак треба да одбележиме дека примерите со *да* во комплетивни конструкции не се толку раширени како оние со *оти* и најверојатно е дека се работи за зачуван архаизам. Сп.: — *вел'ат да се-ј избл'увал крӑф*; — *не му вируве дӑ-сӑ-били зӑадно*; — *мисл'ум да-ј така по-ӑрно.*

Со голема веројатност овде би можеле да се приклучат и примерите од типот: — *и му-риче нӑ-што гувидӑрчито де-ј гу-чикал ду-сӑбӑјле*; — *не бих чул де-ј фасул'о по-скӑп уд-уризо.* Овде, фактички, се работи за дејство на фонетски чинители, прво на аналогија *да-е* > *де-е*, а ова со редукција во *де-ј*; сп. *ми-е* > *ме-е* > *ме-ј* (*мӑка*).

Дека не се работи за превид ни укажува и аналогната употреба на сврзникот *да* во материјалите од Шапкарев, од односново подрачје: — *малкио, кату видел брат му да бега, оставил бабите, та фатил*. . . .

И не само во Кукушко, ваквата проширена употреба на сврзникот *да* е позната и во другите југоисточни говори; сп. од збирката на Верковиќ (повеќето примери се забележани од П. Лавров): — *синку, немој веруваш на мома, да имја толку јуначку* I 19, с. 333; — *тамо видех да излези едно пиле* II. 26, 333; — *и тојна флезе нетри, виде, на чешмата да пиши едно писмо така* II 42, с. 334; — *ама не знаиши и нитту клаваши на умот да е негов брат траговец*; — *еден ден чу еден тел'ал да продава една кӑчша, да га тера триста хил'ада гроша*; — *царјут как га виде нивјастата да е толку лична и хубава.*

Во истава збирка има интересна употреба на сложени сврзници со *дека* и *да*: — *утринава, кажу са научиха граѓаните негови и комшиите, са почудиха, дека да и добил тој на пет-шес години толку стока.*

Од Солунско исто така забележивме неколку алтернативни примери: — *отиде дома и видел неговите жени да скокаш голи, грабнал ножа* ... Ватилак. Од Кулакија: — *уш вéкош нé си чý да си ушфóри нéкуј óчи на нéкој слéп да си póди* (ЛК, 251); — *не верувáле чифýшите за нéго да бéши слеп, да си упулú, дури а викáле на тáшко му* (ЛК, 259).

Вакви конструкции со употреба на сврзникот *да* во комплетивни реченици среќаваме, иако не многу често, во јазикот на Крсте П. Мисирков.

Ние и порано имавме можност да истакнеме дека Мисирков не можел сосема да се ослободи од влијанието на родниот говор[118], а широката употреба на ваквите конструкции во југоисточните говори, вклучувајќи го и солунскиот, како да ни дава основа да претпоставиме дека тие не му биле туѓи на соседниот говор во Енице – Вардарско, каде што се родил К. Мисирков.

Б. Ристовски искажува обратно мислење, според него: "Мисирков го разбрал значењето на сврзниците *дека* и *оти* за разгранетата литературна реченица и мошне често ги употребува, но при тоа сè уште не можел да го напушти влијанието на српскохрватскиот литературен јазик, та употребува и: — *да покажит наједно да јет нашијот јазик*; — *да тој не јет ни српц'и ни буѓарц'и и да јет способен за литературно развијање* (3); — *рекоје да сет Мак'едонците — Буѓари* (16) и сл."[119]

Во поново време на прашањето за употребата на „интензионалните *да*- реченици" што ги среќаваме во рамките на зависно-сложените реченици кај Мисирков се осврнува полскиот славист К. Фелешко. „Именувајќи поединечни, посочени и идентификувани настани, тие ... ја преземаат семантичката функција својствена на *оти*-речениците". Наведувајќи повеќе примери од типот: — *к'е требит да призна-*

---

[118] К. Пеев — А. Поповски, Дијалектизмите во јазикот на Мисирков, Крсте П. Мисирков и национално-културниот развој на македонскиот народ до ослободувањето, Скопје 1976, стр. 119—129.

[119] Б. Ристовски, „Вардар", 1960, стр. 67.

јиме, да србцкиоѿ шовинизам . . . сѿојиѿ мноїо йо високо; — *не јеѿ висѿина кажуајн'еѿо, да не ке излезиѿ нишчо* и сл., авторот се потрудил да одговори на прашањето: кои биле причините и од каде во јазикот на Мисирков вакви синтаксички конструкции со сврзникот *да*.

При недостаток на податоци за постоењето на односниве „интензионални *да*-реченици" во југоисточните македонски говори, а најверојатно и во родниот говор на Мисирков, К. Фелешко го прифаќа мислењето на Т. Димитровски дека овде се работи за свесно посегнување по српскиот образец, т.е. за „словенизирање" на грчкиот сврзник „оти".[120]

Не негирајќи го постоењето на ваквата мотивираност кај Мисирков, сепак длабоко веруваме дека таа можела да има само второстепено значење.

12.61. Во поврзувањето на каузалните реченици, во овој говор среќаваме повеќе сврзници што не се обични за литературниот исказ. Така освен со *оѿи* причински реченици се воведуваат уште и со сврзниците: *уѿ шо, чим, шом, дил'ми, зер*.

Сепак најчести се случаите со сврзниците *оѿи* и *уѿ шо*: — *не́ дăржище на́шѿо ме́сѿо снек, о́ѿи мо́орѿо бли́зо ѿа́мка*; — *о́ѿи но́їо ме́сѿо, ѿи кажӯ'м ѿи́а чифли́ци би́а, нă-се́дăмѿе їуди́ни иде́ло зă-рăбо́ѿа е́дно ме́сѿо*; — *о́ѿи мучурлу́к би́ше, ни́шѿо не́ вире́јше*; — *о́ѿи дăбуѿ йо́-ѿра́а, йо́вик'е дăрже жар, ус-н'оо сă-їре́ахме*; — *уѿ шу би́ше ла́кум зă-рăки́а, си-умре́ мла́ѿ*; — *уѿ шу би́ше зинко́р, зи́мше уд-на́с, но́шше нă-ни́х*; — *уѿ шу нă-муже́а дă-с-рăзбе́раѿ куѿу-бра́ѿе, ду-суѿ їă-дукăра́а рăбо́ѿѿа*; — *уѿ шу си аси́а, не́-ѿ-би́ве*.

Сврзниците *чим, зашо́* и *шом* со причинско значење се јавуваат поретко: — *чим уд-ме́н кри́јѿе, ас к'и-с-живе́ăм ѿа́м*; — *чим бе́їе, зна́че уф-не́їо-ј*; — *чим и́ма сол' о́на-ј бе́ла, їă-бли́жаѿ о́вциѿе, їире́н їă-ви́кме*; — *шом дӯу уд-до́л că-ви́ке јӯжан ве́ѿăр*; — *вункашли́ф că-ви́ке шом уд-во́нка йăди́не* (зн. епилептичар); — *зăшо́ би́а ска́рни, за-ѿо́о їи-кливиѿи́л*. Од Кулакија: *за́ш'о ми-виде́ верува́: блазе́ и шо не видо́а, да верува́ле*.

---

[120] К.Фелешко, Необичните конструкции со *да* кај Мисирков — барани синонимни облици или одраз на туѓи влијанија. К. П. Мисирков . . . , Скопје 1976, стр. 181.

Со вакво значење се употребуваат и турцизмите *ѓи́л'ми* и *зер*: *ѓи́л'ми висо́к, са́мо не́ѣвша ѣла́ва сӑ-ѣле́ѓе*; — *ѓи́л'ми сӑ-л'у́ше ич не́ му-ѣув о́ри*; — *ѓи́л'ми са́кше че́до, к'и-ви-ѓа́ам ѣу-адна́ јӑбу́лка*; — *ѓӑ-ѣува́ркиме зер к'и-нӑ-сше́мне*; — *ѓи́ѣни шо́о ира́мчишо зер сѐ бирба́ш к'и-нӑѣра́вӑш*.

Сврзниците *дека, за дека, заѣоа што* во кукушкиот говор не се употребуваат, исто така не се среќава и сврзникот *бидејќи*, но тој овде има широка употреба како глаголски прилог.

12.62. Концесивните подредени реченици за главната се врзуваат најчесто со сврзниците *иако, мӑкӑр*: — *кукушка́р сӑ-ви́ке нӑ шо́о шу-кра́ѓе, мӑкӑр да-не́ кра́ѓе кукоши*; — *мӑкӑр ѣу-бо́ле куре́муш, к'и-ре́че сӑрцшу мӑ-ја́ѓе*; — *зӑврӑшни́ца мо́ш сӑ-ка́же, мӑкӑр ѓӑ-не́ шӑ-у́дре ѣу-вра́ѣо*; — *ѓӑ-зи́ме уд-рӑка ше́сшо сӑ-ви́ке ко́ѣа ки́сне, ика́ко не́ зиму́ве ни́шшо*; — *ци́к ej шо́о, ика́ко-j нӑ-дво́руш, дек к'и-нӑва́лиш о́ѣин*.

Сврзниците: *и да, што*, веќе рековме, во овие говори покажуваат синтаксичка повеќефункционалност. Меѓу другото ги среќаваме и во допусни реченици: — *и ѓӑ-ш-бо́ле, к'и-мо́лчиш*; — *и да-j сшуде́но, ќ-о́јме*; — *ле́шната ку́јна, и да-j ѣуле́мо и ѓӑ-j мӑле́чко, сӑ-ви́ке ѣича́ло*; — *ве́заш и мукажу́вӑш ша*: *и ѓӑ-сӑ-нау́чиш, и ѓӑ не́ сӑ-нау́чиш сѐ ѓӑ-ви́киш*: *не́ зна́м*.

Интересна употреба на сврзникот *што* со допусно значење забележивме во Евангелието од Кулакија: — *ве́ли на не́ѣо же́ната Самари́шица*: *как и ти, шо си Јуде́ин, уш ме́не са́каш да ѣи́ш, шо сӑм же́на Самари́ца* (м. . . . иако си Јудеин . . . иако сум Самарица), ЛК, 257.

Употреба на сврзникот *да* со допусно значење наведува и З. Голомб од Сухо: — *ама́ ш'а ни ѣу́шшам ве́јки и да ша ѣрусши́ ша́шкуши*! (ДМГ, I, 140).

12.63. Од кондиционалните реченици ќе се задржиме само на оние што со главната се врзуваат со *да*: — *к'и-мӑ-ѣу́шшиш, ѓӑ-ши-ка́жум дек сӑ-скрија́*? (м. ако ти кажам); — *ѓа́-j-ѣули́ј сус-зла́шо, сӑ-ви́ке вӑрӑкли́а* (м. ако е).

12.64. Во консекутивните реченици, освен *што*, се среќава и сврзникот *штошто*, кој претставува дијалектна специфичност: *ша́ка́ сӑ-нӑл'уши́хме, шшо́што не́ са́кум ѓо-о-ви́ѓум*; — *ѓо-о-изма́зниш, шшо́што ич ѓа-не́ сӑ-ѣузна́ве*; — *ѣу-*

наустрѝ ýбуво, што́то сéче кушу-брѝч; — кăр сă-вѝке ушцéдно мéсто, шóлко-j сýу, што́то īу-бѝве сáмо зă-шишýн.

12.65. Релативните реченици за главната најчесто се врзуваат со сврзникот *шо*: *— нáше шо бѝли нă-īóл'шо, кá сă-здăдéла вујскáша, ка чýли, збрáли шо збрáли и зă-Шшéмница шăрīнáли; — сăчки сă шо-j бéраш зă-īóрне; — кăрдăрѝи óфци, шо сă-збéрни уш-īóвик'е дýши дă-j-īáсăш зáадно; — армăнцѝи ин-вѝкăш нă-шúа, шо к'и-j-вѝкниш дă-ш-īумáīăш нăвăршăнто.*

ЗАКЛУЧОК

13.1. Тргнувајќи од фонолошко-морфолошки критериуми повеќе истражувачи кукушкиот говор го разгледуваат заедно со источното македонско наречје. Така на пример М. Ивковиќ земајќи го предвид местото на акцентот во една група ги зема источните македонски говори на целиот појас од Злетово до Солун и Кајлар.

13.2. Навистина долновардарските говори во кои централно место зазема кукушкиот, споделуваат ред специфичности со источното наречје: отсуство на траги од мешањето на носовките (*ичмéн*, *етя̄рва*), развој на протетичко *в* пред рефлексот на иницијалното ѫ (*вя̄ца*, *вя̄линáр*), замената на групите цвь- и свь- со *ця̄в-* (*рясця̄фтéло*; *шо ця̄ф дадé*) и *ся̄м-* (*тякá уся̄мнáх уд-бóл'ки*), пазење на интервокалното *в* (*тувáрум*, *бивулáрин*), но: *дя̄-устя̄јме сто́мин*, чување на *х* во различни позиции; акцентот по место е неопределен: може да стои на секој слог со извесни ограничувања на крајот на зборформите; натаму: отсуство на членските морфеми *-ов* и *-он*, наставката *-ове* за образување множина кај едносложните именки од машки род (*ря̄тóве*, *двóрявве*), обопштување на номинативната форма кај личните имиња од м.р. и како казуз генералис: *ня̄-Стујáн*, *ус-Стујáн*, употреба на посесивната заменска форма за 3 л. ж.р. без партикулата *-зи*: *нéјни дéца бúа*; *нéјнто с-јоо знáа*, изразување на дативниот однос со *на* кај личните заменки и сопствените имиња: *нашéн ши-дéх*; *му-кажáх на- Динúш*, отсуство на наставката *-ш* во 3 л. едн. презент (*нóсе*, *вúке*), помошниот глагол 'сум' во 3 л. мн. гласи *са*, стариот предлог въ се јавува во формата *у(ф)*: *уф-нúхка бих*, удвојување на предлогот *со*: *сус-чувúа*, *сус-ношш*, и *ус-мирáк*, *ус-шеј*; отсуство на предлогот 'кон', отсуство на деминутивниот суфикс *-уле*, чување, иако не доследно, на помошниот глагол во 3 лице на перфектот: *не-са-дујдéли*, *не-ј-дујдéл*, честа употреба на перфективниот презент во независни реченици со повторливо значење: *ни*

ĭлóба тă-ĭлóбам, ни кабáато ти-ĭу-прóстум. Тоа се поглавните фонетско-морфолошки специфичности, познати нашироко во источните говори, што ги среќаваме и во Кукушко.

13.3. Според нашите истражувања, долновардарските говори, во кои централно место зазема кукушкиот, не толку на фонетско-морфолошки, а повеќе на синтаксички план покажуваат сериозни разлики од другите источни говори. Извесен број разлики забележуваме и меѓу говорот во Карадагот и оној во Полето. Границата на овие два поддијалекти би одела приближно по линијата Ниманци, Кукуш, Инешево, Гърбашел, Врагитурци.

Градскиот говор исто така покажува свои специфичности. Ова го забележил уште Д. Мирчев (БКВГ, 428): „има некои особености, што го делат самиот град Кукуш од селата што припаѓаат кон него". За жал авторот не се задржал посебно на овој проблем.

13.4. Во прв момент ќе се задржиме само на фонетско-морфолошките посебности. Основна замена на носовката од заден ред ѫ се јавува средноjазичниот глас *ă*. Оваа е општа особеност на долновардарските говори, а северна граница на односнава фонетска појава, во правец кон струмичкиот говор, се јавува пунктот Костурино, каде што среќаваме ѫ > *а*.

Резултатот *ă* < ѫ најрегуларно се јавува во коренските слогови: *вăшук*, *вăĭлин*, *сăдуве* и сл. Исклучоците се малубројни, ѫ > *у*: *жилýдник*, *вурк'úна*, *ĭýжба*, *кукóл'*, *ŭунýда*; ѫ > *о*: *ŭóŭук*.

Секундарниот *ер* во коренот на зборoформите исто така се рефлектирал во *ă*: *лăже*, *măĭла*, додека во крајните консонантски групи е различен, на него влијаел и карактерот на последната согласка. Треба да нагласиме дека доследното развивање на вокалот *у* во групата *-тъ е особеност само на говорот во Полето: *сéдум*, *óсум*, *осумдéсиш*, додека во Карадагот се мешаат *седąм — осум*.

Вокалните *р̥* и *л̥* подлегнале на разбивање на групи од две фонеми, при кое вокалната компонента е *ă*: *дăрво*, *вăрне*; *бăла*, *жăлшо* и др.

Групата цѣ- во овој говор се рефлектирала во *це-*: *цéдум*, *цéŭе*, *цидúлка*. Со ваква континуација на групата цѣ- кукушкиот говор се поврзува со дојранскиот, а се изделува

не само од посевернитe источни, туку и од соседните долновардарски говори, сп. во Воденско: *цáдăм*, *цăдúлка*, Гевгелиско: *цáдум*, *цáва*.

13.5. На фонетско-фонолошко ниво треба да се спомене и присуството на цел ред долги самогласки кои се позиционо ограничени. Нивната реализација не е општа особеност на кукушкиот говор, се јавува повеќе во селата кон Дојранско, во Карадагот и таму таа не е регуларна, односно не може да добие третман на фонолошки квантитет. Прво, во мал број случаи среќаваме парови во кои должината (односно краткоста) е единствен диференцијален фактор: *ду* (предлог): *ду-тéбе* и *дȳ* (глагол): *дȳ-вéтăр*, или *сто* (број) наспрема *стō* (гл. стои), и второ, под истите услови на секвенците со долги вокали не постојат опоненти со два еднакви кратки вокали. Значи не се работи за фонеми, туку само за алофони.

13.6. Редукцијата на неакцентираните вокали, т.е. нивниот позатворен изговор, обусловен од брзата артикулација е општа особеност на долновардарските говори, подразбирајќи гō овде и кукушкиот. Значи вокалниот систем во неакцентирана позиција подлегнува на упростување, од шесточлен системот се редуцира на тричлен, односно се елиминираат опозициите *е* : *и*, *а* : *ă* и *о* : *у*. Оваа гласовна појава ја познаваат не само соседните говори: воденскиот, солунскиот, дојранскиот, гевгелискиот, струмскиот, туку „редукција на вокалите со вакви или слични резултати познаваат бугарскиот (јазик), северните грчки говори и аромански-от. Тоа значи дека нашите источни говори се вклучуваат во една поширока балканска ареа во која таа појава е позната. Несомнено дека во овој случај се работи за заемодејство меѓу балканските јазици“.

Кукушкиот и дојранскиот говор и територијално и инаку стојат близу, па сепак во однос на резултатите и степенот на редукцијата покажуваат разлики, имено редукцијата во Дојранско е послабо изразена. На таа основа, се забележуваат извесни разлики и меѓу изговорот во појужните кукушки села, од реонот Поле, во однос на северните во Карадагот. На пример целосната редукција на вокалите вклучувајќи ги и оние во крајните отворени слогови, ако е обична во јужните пунктови, таа сè поретко се среќава колку одиме на север кон Дојран.

13.7. Брзата артикулација како општа навика, обусловена од физиолошко-психичката потреба да се зборува брзо е една од главните карактеристики на долновардарските говори. Таа брзина и изразито експираторниот акцент се јавуваат како причина не само за редукција на неакцентираните вокали, туку и за нивното крајно ослабнување и отпаѓање. Најизразити примери за елизија среќаваме кај членуваните форми на именките, придавките и присвојните заменки од женски и среден род, како во еднина, така и во множина: *кусини́нта* (: косенината 'косиштето'), *на́шта мо́ма*, *дибе́лта* (: дебелата), *клипа́лто*, *о́кто*, *рисше́нто* (: ристењето 'христијаните'), *пишэ́лчишта* (: петелчетата); но: *утрува́чкӑта* (: отров), *но́швӑта* (: ноќви), *ја́слите* // *ја́сӑлта* — примери во кои по евентуалната елизија би се создале согласнички групи тешки за изговор.

13.8. Една од карактерните особености на градскиот кукушки говор е прегласот на *а* во *е* зад палатална согласка. За разлика од источните бугарски говори во кои односниов преглас се врши ако вокалот *а* е окружен со палатални согласки, односно ако се наоѓа под акцент, во кукушкиот говор по правило *а* се прегласува во *е*, ако се наоѓа зад палаталните *ј*, *ч*, *ж*, и *ш*, независно од акцентот и карактерот на наредната согласка: *вудиниче́р*, *јӑрнче́ре* (мн.), *ениче́р* (: јаничар), *јӑшлӑце́н*, *кукуше́ниц*, *е́сли* (: јасли), *е́јце* (: јајце), *езе*, *ес* (:јас), *че́ша* (: чаша); кај личните имиња: *Ена* (: Јана), *Сшуе́н* (: Стојан).

Освен зад спомнативе палатални согласки, поединечни примери со *а* > *е* Д. Мирчев забележил и зад *р*: *чуре́ше*. Според Г. П. Христов примерите: *е́ре* (јаре), *е́ше* (јагне), *е́сни* (јасни), што ги наведува Д. Мирчев од Кукуш се особеност на говорот на дојденци во градот од кај Гуменца.

Во говорот на селата, и во оние што се оддалечени само десетина километри од Кукуш, прегласот *а* > *е* не е карактеристичен, се јавува само во лексемата: *шиме́н* (: темјан). Во соседните говори исто така прегласот *а* > *е* се јавува во ограничен број примери. Сп.: *ле́шӑвичка*, *ере́м* Дојранско, *че́ша*, *е́ко* (: јако) Воденско, во Солунско „единствено во Негован *а* по *ч*, *ш*, *ж*, *ц* преминува во *е*“. На исток во контролниот пункт кон Серез, Савек забележивме повеќе примери: *цце́* (со редукција од *ӗцце́*), *исни́к* (: *есни́к* 'јасник'), *иде́* 'јаде'.

13.9. Лабијализацијата *и* > *у* нашироко е распространета во селата од Полето, кон Солунско: *чуре́ша, чувйа, чумбе́р, учуме́н*. Од градскиот говор Шапкарев го забележил примерот: ја ју зе́ми цӑрно *шушé*.

13.10. Во поглед на замената на еровите кукушкиот говор, иако основно се вклучува во широкиот ареал македонски говори во кои ъ > *о*, сепак покажува и извесни колебања. Така, покрај *бо́зил'*, *бо́чува, во́нка* и сл., среќаваме и: *кӑсно* (си дујде́), *мӑкнише* (уд-се́нто), *исӑна́* (ло́јсто).

Со оваа особеност кукушкиот говор се јавува како преоден меѓу крајните југоисточни говори во Солунско, каде што во голем број случаи, во коренот на зборот на местото на големиот *ер* има темен глас и централните македонски говори во кои ъ > *о*.

13.11. Во врска со консонантскиот систем ќе се задржиме на следниве посебности.

Тврдото *л* својата нормална артикулација ја реализира пред вокалите од заден ред, на крајот од зборот и пред консонант: *ла́ни, бӑрло́к, Лузи́нта* (топ.), *ко́кал(че)*, меѓутоа во позиција пред вокалите од преден ред, тоа тврдо *л* ја изменува својата артикулација кон тврдото непце и се добива алофон чиј изговор се пресретнува со полумекото *л'*: *кола — кол'и*.

13.12. Во развитокот на мекото *н'* во кукушкиот говор се јавуваат две специфичности. Прво, со отсуството на мекото *н'* од второто јотување, на целото подрачје: *ја́дине, кӑлвине, кучи́на, тӑркӑли́на*, имаме една особеност што придонесува во оформувањето на дијалектната посебност на говорот. Второ, со чувањето на мекото *н'* од првото јотување, макар и маргинално, само во јужните полски села, истапува еден од елементите со кои се разграничува говорот во Карадагот од оној во Полето; сп. *кон'*, *ба́н'а, ви́шн'а*. За одбележување е дека говорот во овие села го репрезентира и средниот стадиум од губењето на мекото *н'* → *јн'*: *ко́јн'ут, дӯјн'а, ба́јн'а*.

13.13. Општата тенденција во македонските говори за неинтензивна артикулација на гласот *х* во долновардарските говори не е доволно изразена, а кукушкиот и градскиот дојрански говор во тој поглед покажуваат изразита кон-

зервативност и се поврзуваат со солунскиот и со неврокопскиот говор.

Иако не сосема доследно гласот *х*, особено во појужните села, оние што граничат со Солунско, се јавува во сите позиции: *хýбава*, *хáрна*, *урéхо* (*исáхнáл*), *на-ýхто* и сл. Сепак дека *х* во почетокот на зборот и во меѓувокална позиција е во стадиум на губење ни зборува фактот дека вакви примери во соседните пунктови нема, или се јавуваат многу ретко, сп. *врáо* (*о наслáх*), *мéо* (*мă болe*), *ристéне* и сл.

13.14. Г. П. Христов во споменатава работа за кукушко-дојранскиот говор (стр. 111) истакнува дека групите **tj*, **dj* во односниве говори по правило се рефлектирале во *шт*, *жд*, со незначителни исклучоци: *рăѓа*, *рăѓăсáло*. Ова тврдење на Христов може само делумно да се однесува на говорот во Карадагот, сп. *лéшта*, *кăшта*, *нóшува* (: ноќви), *нуштéска*, *срéште*, *срéштум*, *вéжда*, *сáжди*, *зýжде* (: заоѓа), покрај: *к'éрка*, *ноќно пúле*, *сăнóќ*, *врéјќа* и *врéјк'и*, кај глаголите: *сă-сиќáвум*, *нéјк'иш*, *зóї'е* (: заоѓа), *нóї'е* (: наоѓа).

Во селата кон Солунско замената на **tj*, **dj* со *ќ*, *ѓ* е уште поизразена, а оттаму се и случаите во кои крајното *к* кај некои еднослоѓни и двослоѓни зборови истапува како палатално *ќ*: *знаќ*, *друќ*, *изúќ*, *цвиќ* (и: *цвúќа*), *фаќ* (: *има фаќ* зн. вешт е). Овие лексеми, во односниве форми се јавуваат во повеќе села, исклучително, според материјалите од Шапкарев, во градскиот говор е забележан зборот *паќ*, што ние во испитаниве пунктови од Кукушко не успеавме да го пронајдеме, меѓутоа го имаме забележано во струмички села што граничат со малешевските говори, во Смоларе, Стинек, а С. Стојков го споменува и во Петричко.

Да истакнеме уште и тоа дека фонемите *к*, *ї*, пред вокалите од преден ред ја изместуваат својата артикулација на кај алвеолите и се јавуваат како алофони *к'*, *ї'*.

Процесот на новото јотување само делумно го опфатил кукушкиот говор. И во Карадагот и во Полето среќаваме: *л'ýде*, *брáште*, *трéта вéчăр*, но обратно: *свáќа*.

Во врска со измената на согласките и на согласничките групи ќе се задржиме на следниве случаи.

13.15. Карактеристичен пример за упростување на согласничките групи со менување и прилагодување на артикулацијата на едната кон артикулацијата на соседната со-

гласка од групата гледаме во случаите: *ѣла́мна* (и: *ѣла́мн'а*), *уѣла́мник*, *ѣле́мна* (и: *ѣле́мн'а*).

Избегнување на групата *-вн-*, само на подруг начин — со елизија, срекаваме и во лексемата *нук*, *ну́ка*, исто така и во прилогот: *на̄ѣре* (и: *не́ѣре*).

Упростување на согласничките групи со отпаѓање на една од согласките забележуваме и во примерите *ла́ма* (: ламја), *зе́ма* (: земја).

13.16. Меѓу различителните особености на говорот во Полето од една и говорот во Карадагот од друга страна, се вбројува и резултатот од измената на фрикативните *с* и *ш* кога ќе се најдат пред африкатите *ц* и *ч*. Во Полето, во односниве случаи се јавува *х*: *но́хче* (: нос), *михчи́на* (: месечина), *убра́хче* (: образ), додека во селата од Карадагот *с* преминува во *ш*: *бре́шче*, *ли́шче*, *убра́шче*.

Во говорот на западните села од Полето, во почетокот на збороформите невозможни се секвенците *с*, *з*, + *р*, ако зад нив доаѓа вокал. Во таков случај во односниве групи се вметнуваат секундарните плозиви *д*, *т̄*: *стрям*, *стрямни́че* 'вид трева', *пре́страма* 'обичај', *стре́бро*, *здрак*, *здре́ли*.

Меѓу особеностите од консонантизмот во овој говор треба да ја споменеме измената *с* > *ш* што се јавува во одредени случаи, во групата *ст̄* > *шт̄*: *шти́ца*, *штени́ца*, *шта̄ла́'ка*, *лиштувичка*, натаму во почетната група *ск* > *шк* : *шки́тник*, *шкрипчи́на*, *шкра̄ла*; пред самогласки: *шуру́т̄* (: сируп), *лиши́ца* и сл.

13.17. Интересни се случаите кога безвучниот сегмент од вторичната форма добиена како резултат на законот за обезвучување на крајните звучни согласки, односно на законот за едначење по звучност, се наложува повторно во првичната, членуваната и во множинската форма: *лу́т̄ува* (: луб), *ни́сук*, *суни́сук*, *це́пут̄*, *же́шук*, *т̄е́шук*.

13.18. Изразито експираторниот акцент, кој, ангажирајќи голем дел од издишната струја врз акцентираниот слог условува крајно ослабнување на ненагласените гласови, многу често доведува не само до редукција на вокалите, туку и до полна елизија и на вокалите и на консонантите.

На проблемот на елизијата се задржале и Д. Иванов и С. Романски. И едниот и другиот истакнуваат дека секое меѓувокално *д* се испушта кога ќе се најде во слог по акцент;

сп.: *л'ýјто* (: л'удето), *бра́а̄та* (: брадата), *де́у-ти* (: дедо-ти), *о́j-си* (: оди-си), *ӣле́јш* (: гледаш), *во́јчка* (: водичка).

Согласката *ӣ* најчесто се елидира во кратките акузативни форми на личните заменки 'тој, таа, тоа', еднина и множина, употребени во спрега со сврзникот *да*, негацијата *не*, морфемата *ќе* и кратките дативни форми од односниве заменки, сп.: *до-о-че́киш* (: да го чекаш), *да-а-зи́ме* (: да га земе), *ќо-о ӣу́ште* (: ќе го пушти) и сл. Се елидираат уште и согласките *ж*: *нӣ-мо́јш* (: не можеш), *да-ми-ка́јш* (: да ми кажеш), *но́јци* (: ножици) и *з*: *бли́јцко* (: близичко), *но́јчки* (: нозички), *ве́јше* (: везеше).

13.19. Во врска со акцентот веќе истакнавме дека кукушкиот говор спаѓа во онаа група источномакедонски говори што се одликува со неопределена и неподвижна акцентуација (штипско-воденски тип) во која „парадигматичноста на акцентското место е главна одлика . . . и е спроведена во сите зборовни групи готово без исклучоци".

Иако не е спорен фактот дека акцентот во овие говори е разносложен, сепак од материјалите се наметнува и заклучокот, а тоа го истакнува и Д. Иванов за гевгелискиот говор (стр. 58), дека акцентот се стреми сепак да се задржи на вториот, односно на коренскиот слог. Меѓу забележливите акцентски особености на оваа група говори треба да се спомене и префрлањето на акцентот од крајните отворени слогови. Исклучоци: кај аористните форми за 2 и 3 л. ед. (*дујдé*), уште во некои именски форми од ж.р.: *дӑлбучина́*, *миризма́*, *ӣриута́*, *вујна́*, *ширина́*, *чистута́*, и од ср.: *школо́*.

Во некои села од Карадагот, а и во градскиот говор се чува старото место на акцентот кај извесни синтагми од роднински имиња и кратки заменски форми: *жина́-ш-му*, *сестр ́и-ми*. Овде е зачувано старото акцентско место, бидејќи ваквите акцентски целости не пречат на правилото за двосложно акцентирање.

13.20. Во врска со образувањето на именките треба да го истакнеме фактот дека во кукушкиот, а и пошироко во југоисточните говори забележуваме една изразита сиромаштија како во бројот на наставките за аугментативни образувања, така и во нивната фреквентност. Да споменеме дека најпродуктивната наставка за образување именки од односниов тип *-ише*, во кукушкиот говор како и да не постои.

Од нашиве материјали успеавме да ги извлечеме само примерите: *ѣлăвúшѣе* и *рăчúшта* (мн.).

Интересно е дека наставката *-ок*, што во западните говори се јавува со деминутивно, овде ја среќаваме со аугментативно-пејоративно значење, сп. *мăжăшрóк* 'мажиште', *жąбąрóк* и сл. Со исто значење, иако поретко, се јавуваат и наставките: *-ина*: *ѣлавúна*, *мометúна*; *-учка*: *ѣлавýчка*, *капал'ýчка*; *-ул'ка*: *закачýл'ка*; *-еѣа*: *мăжéѣа*; *-л'ак*: *шѣăрбл'áк*; *-л'о*: *лúѣл'о*, *зăбл'о*.

13.21. Во врска со изразувањето на вокативот забележуваме две специфичности, прво употребата на номинативните со значење на вокативни форми: *ej чувéк*; *а бă мајмýн*; *вол ниáдин*; и второ, при изразувањето со наставки прават впечаток образувањата на *-о*: *ej ѣастúро*; *зéшо*. Според С. Романски оваа замена на *-у* со *-о* е обусловена од неинтензивниот изговор на неакцентираните вокали.

13.22. Во образувањето на плуралис кај именките од м.р. забележливо е присуството на наставката *-е* која покажува силна експанзивност. Се јавува главно кај двосложните и повеќесложните именки: *чурáше*, *измикáре*. Множинската наставка *-е* преку Дојранско го зафаќа и струмичкото подрачје, како граница се јавуваат селата кон Радовишко.

Наставката *-ишта*, позната како наставка за образување множина кај некои именки од среден род што означуваат место: *буниште — буништа*, натаму кај збирната множина од неколку еднословни именки: *друм — друмишта*, во овој говор има поширока употреба: *јăѣништа*, *ѣýмништа*, *сúништа* (:син). Според З. Голомб „пренесувањето на суфикс-наставката за неутр. *-ишта* во пл. маск. е општа појава во говорите во јужна Македонија" (цит. раб., II, 180).

13.23. Во образувањето на множинските форми на именките од ср.р. кукушкиот говор покажува особености со кои се поврзува со солунскиот дијалект, а се одделува од другите соседни говори: воденскиот и гевгелискиот. Така во материјалите од нашиов говор многу фреквентно се јавува старата множинска наставка *-ѧта*, од консонантските основи на *-t-*, а и кај други именки: *шѣéлчишта* (: *шѣéлче*), *брáшчеша*, *кушéлчишта*.

Уште една особеност во образувањето на множински форми кај именките од с.р. заслужува да биде посебно истакната: од множинската наставка *-ин'а* во корелација со деминутивната наставка *-ка* се екстрахирал нов суфикс *-инка* за образување на множина со нијанса на деминутивност: *мачи́нка* (: *ма́че*), *пили́нка* и *пи́лчки*, *ирѣинчи́нка* и *ирѣ́нчиша*.

13.24. Во кукушкиот, а и пошироко во долновардарските говори, забележуваме повеќе примери што укажуваат на извесна расколебаност на категоријата род кај одделни имиња. Тој проблем го засегнале скоро сите автори што се занимавале со овие говори. Треба да се нагласи дека тие промени сè уште се во процес и дека се јавува едно колебање. Сп.: *ша́а ден*, но и: *шо́о ден*, *де́нша*, *ади́н крај*, но и: *кра́јша*, *ва́а крај*, *до́бро ве́чер*, покрај *це́ла ве́чер*, *че́сна* м. 'чесно' (лук), *ли́сшо* м. 'лист': *едно́ ли́сшо скина́х*, *ша́рбо* м. 'траба' (шајак), *мушуви́лка* м. 'мотовило', *при́шка* м. 'пришт', *ѣран*, *ѣра́но* м. 'гранка' и сл.

13.25. Од повеќето специфичности кај придавките ќе се задржиме на одделни случаи од степенувањето, кога се употребуваат и двете честички, прво за суперлатив, а потоа за компаратив: *на́j-по́-ѣуле́мjуш*, *на́j-по́-усша́ша* ('зборлива'). Оваа особина е позната и во Серско.

13.26. На испитаново подрачје и кај личните заменки забележуваме повеќе специфичности. Прво, како и во др. источни говори, овде среќаваме деклинациски тип од две форми: номинативна и општа. Дативниот однос се изразува со општата форма и предлогот *на*: *нă-не́ѣо му-ѓắѓе́х*. Локална специфичност е искажувањето на директниот предмет со *на*-конструкции: *нă-ма́jк-ши ѣă-виде́х*.

За личната заменка за 1 л. среќаваме нејотирана форма *ас*, *а́ска*, а во градскиот говор *ес*, *е́ска*. Место кратката акузативна форма *ја* во овој говор се јавува разновидноста *ѣа*, секако добиена со аналогија според формата за машки род: *ѣо*: *ѣа-усшави́х*.

Во кукушкиот говор наместо заменката за секое лице 'себе' се шири употребата на соодветните форми од личните заменки: *си-ѣле́дум зă-ме́не*. Според З. Голомб исчезнувањето на акцентираната форма на повратната заменка 'себе' е општа особеност на јужните говори (MJ, XIII-XIV, стр. 198).

Меѓу специфичностите на лично предметните прашални заменки треба да се спомене отсуството не само на дативната форма 'кому', туку и на општата 'кого' што ја познаваат некои други источни говори: *кој отшйáха — отшйáха, кој нé — куртулисá.*

За неодредената и за одречната заменка за предмети 'нешто' и 'ништо' треба да се истакне дека единствено во градскиот говор се изговараат со *шч*; *нéшчо, нúшчо.* Сп. пример од песната бр. 120 (СбНУ, том I, 1968, стр. 233): — *нúшчо хаúр не найравú.* Замената на групата *шт* со *шч* се јавува и во други примери и се вклучува во групата диференцијални специфичности на градскиот говор, не без влијание на социјалниот фактор.

13.27. Меѓу особеностите на прилошката зборовна група од оваа регија треба да се спомене честата деминутивизација: *тúкичка* (*сéдни*); — *ел пó-на-вáкичка*; — *тáмичка бúше* и сл.

13.28. Во врска со образувањето на деноминативните глаголи прави впечаток зачестената употреба на наставката *-ее*: (*к'и*) *услипéе* (: слеп), *уздáрвéе* (: здрав), *уīрузнéе* (: грозен).

13.29. Употребата на наставката *-ува* прилично застапена при образувањето на имперфектните глаголи на поширок план, во долновардарските говори се јавува уште пофреквентно, покривајќи и некои можности на други наставки. На пр. разликата на глаголскиот вид што кај некои глаголи е изразена преку основниот вокал: *земе — зема*, во овој говор, бидејќи глаголските групи се измешале и во 3 л. ед. сите завршуваат на *-е*, ваквото разликување станало неизразно и оваа функција ја презела наставката *-уве*: *зúме — зимýве, утвóре—утвóруве.*

Проширената употреба на наставката *-ува* ја забележуваме и кај дел од глаголите што промената на видот, обично, ја искажуваат со редување на кореновиот вокал, значи место 'набере — набира' овде среќаваме: *набéре — набéруве.* Уште поинтересни се случаите во кои наставката *-уве*, што служи за промена на глаголскиот вид од перфективен во имперфективен, се јавува придодадена кон веќе изведената имперфектна форма: *вúде—вúжде—виждýве.*

13.30. Глаголскиот систем во кукушкиот говор ни се претставува прилично упростен. Прво, во презентот се извршило вкрстување на формите од *и-* и *е-* групата, а потоа со аналогија кон нив се приклучиле и глаголите од *а*-група.

13.31. Карактеристично за кукушкиот, а и за соседните долновардарски говори е вокалот *у* што се јавува во наставката за 1 л. *-ум*: *о́рум, це́ӣум, ӣа́сум*. За начинот како се добило тоа *у* има повеќе искажувања. Нам ни се чини најверојатно она од С. Романски (цит. раб., стр. 137): вторичниот вокал од **ѥсмь** се лабијализирал, а потоа со аналогија се наложил и кај другите глаголи.

13.32. Упростувањето на глаголските форми многу рељефно е изразено во формите на императивот. Имено, сите глаголи од *и-*, *е-* и *а*-група во еднинската форма за 2л. се јавуваат со основниот вокал *и*, без наставка: сп.: *но́си, ӣе́ри*, исто така: *че́ки* (*ѓа́-ѓо́јдум*). Има случаи кога основниот вокал *и* се испушта: *зи́м-си ле́ӣче*.

13.33. Во врска со глаголскиот прилог треба да го истакнеме фактот дека формата *видејќи* овде не се употребува како сврзник, туку — иако образувана од свршен глагол — се јавува како прилог: *млад виде́ј'к'ин уст̄аре́л*; — *виде́ј'к'ин-си ми́рин е̄т̄ шо ми-ст̄ана́*.

13.34. Уште на почетокот истакнавме дека долновардарските говори со повеќе структурно-синтаксички особености се изделуваат од источните говори и ни се претставуваат со подруга типологија.

Основен белег на односниве специфичности претставува присуството на голем број балканизми. Се мисли дека „несловенската" граматичка форма на македонскиот јазик се добила главно како резултат на билингвизмот што се родил од контактот меѓу македонските Словени и балканските Романи чии потомци се денешните Власи. Дека балканскороманскиот јазик, во услови на билингвизам, играл улога на модел што довел до измени на повеќе граматички форми многу рељефно се покажува особено во јужните македонски дијалекти, каде што концентрацијата на ароманското население е значително поголемо.

13.35. Освен општопознатите балканизми присутни во повеќето македонски говори (губење на деклинацијата, појава на членот, изразување на футурот со морфемата *ќе*, удвојувањето на објектот), во долновардарските, или пошироко во јужните македонски говори, забележуваме и други особености, некои од нив се јавуваат и како диференцијални меѓу источното и западното македонско наречје, на пр. конструкциите *сум дојден* и *има* (*нема*) *дојдено*, отсуството на посесивната заменска придавка 'свој', натаму тенденцијата старата придавска заменка **вьсь** да се замени со адјективот 'цел', проширената употреба на предлогот *на* и кај директниот предмет, препозитивната употреба на кратките заменски форми во однос на глаголот, употребата на прашални реченици без партикулата *ли*, непосредното, беспредлошко прибавување на дополнението за место кон прирокот, честите отстапувања во конгруенцијата и сл.

13.36. Замената на општословенската повратна посвојна заменка 'свој' со соодветни посвојни придавски заменки, рековме, нашироко е застапена во Кукушко: *зā-нéīувто си дéте*; *на-мójут чувéк му-сă-л'ýтум*. Оваа особеност ја познава и соседниот солунски говор. З. Голомб ги цитира К. Санфелд и А. Мазон и истакнува дека и оваа специфичност е развиена под влијание на соседните балкански, несловенски јазици (MJ, XIII — XIV, стр. 202).

13.37. Во долновардарските говори, како и во западното наречје, кратките заменски форми по правило стојат пред глаголот, а и реченицата може да почнува со нив: *о-зéли уд-дóма*; — *нă-уткăрáа на-тóо пýсто Тудóрво*; — *му-удрúли ајн чис кутéк*. Ваква поставеност на заменските форми се забележува во грчкиот, романскиот, аромaнскиот и албанскиот јазик. Како специфичност треба да нагласиме дека извлекувањето на кратките заменски клитики пред глаголот овде е понапреднато отколку во западните говори, имено — иако нерегуларно — среќаваме аналогни примери и во формите на синтетичкиот заповеден начин: — *бăта ричéла*: *кăрфта сă-избăрши ус-тáа рúјчка*.

13.38. Обопштувањето на предлогот *на* при директниот предмет е појава прилично раширена не само во Кукушко, туку и пошироко во југоисточните говори. „И во овој случај имаме калкирање на еден туѓ граматички модел. Таа особеност е карактеристична за романскиот јазик, а се среќава, иако поретко, и во ароманскиот". Сп. примери: — *и ја-штури́л на-же́нта дă-сă-ва́ре*; — *и ју-вăрса́л Лу́што нă-што́ во́луш.*

13.39. Во Кукушко, како и во другите долновардарски говори, наоѓаме повеќе примери со инклинации во конгруенцијата, т.е. среќаваме синтагми во кои поодделните елементи не се усогласени по род: *мо́јшо шáшко.* Сп. уште — *и она оштидел, ју бакна рăнкашта и шој ја дава еден алшин мноѓоцено.*

КУКУШСКИЙ ДИАЛЕКТ

Р е з ю м е

1. Предметом наших диалектических исследований является окрестность Кукуша, которая занимает среднюю часть Нижневардарской Эгейской Македонии. Географически она связана с Дойранской и представляет собой одно целое, простирающееся на юг от Беласицы, исполненной большим количеством „пересеченных горных хребтов, которые ближе к югу становятся все ниже и переходят в разбросанные голые скалы, теряющиеся в Салоникском поле. С высочайших северо-восточных горных хребтов этой области сбегают несколько потоков, которые собираются в три главных притока, и юго-восточно от Кукуша у деревни Саракьой соединяются в реку, известную под названием Галик, которая вливается в Салоникский залив".

2. Кукушскую область можно разделить на 2 части. Первая, т. называемая Карадаг — горная местность, состоящая из нескольких хребтов горы Круши, где расположены села Морарцы, Алексово, Грамадна. Вторая часть, которую местные жители называют Поле, расположена юго-западнее Карадага, до езер Аматовское и Арджанское, и занимает некоторые села такие, как Амбар-Кьой, Постолар, Беглерия и др.

3. О Кукуше упоминается еще в XV веке в турецких документах. Он находится в 50-ти км. сезернее Салоников и в 34 км. юго-восточнее Старого Дойрана. К середине прошлого века по Верковичу Кукуш был относительно македонским городом, в нем было 778 македонских брачных пар и 10 влашских. Кузман Шапкарев говорит о том, что к 1870 г. в Кукуше было от 1000 до 1200 семейств, почти все они македонско-христианские и лишь 50—60 турецких.

4. Благоприятный средиземно-морской климат, близость моря и плодородность почвы дали возможность Кукушскому Полю превратиться в солидную экономическую

базу большого приморского центра Салоника, который еще с XVIII века „был одним из важных центров внутренней, и внешней торговли Турции".

В середине прошлого века общий экономический подъем особенно сильно проявлялся в Кукуше, который являлся экономическим /ремесленно-торговым/ и культурным центром юго-восточной части Македонии. Среди ремесленных работ особенно следует выделить переработку хлопка, которая в середине прошлого века перерастает в легкую промышленность. Шапкарев считает, что большинство семейств в городе пряли и ткали хлопковые полотна. Отдельные купцы покупали и продавали полотно не только в соседних македонских городах, но и на более далеких базарах Турции, Албании, Боснии и Герцеговины,

Такое развитие ремесла и торговли и обогащение горожан обусловили рост национального сознания. В результате этого в 1840 году кукушские купцы стремятся к тому, чтобы учителем в Кукуше был назначен Дмитрий Миладинов. Среди явлений возрождения в Кукуше особенно следует выделить борьбу патриархии и фанариотского духовенства, которая приобретает большой размах в 60-х годах прошлого века. Эта борьба в то же время означала и борьбу за введение народного языка в церквах и училищах.

Благодаря деятельности Д. Миладинова против эллинизма, Кукуш становится одним из известных центров национального возрождения Македонии. Об этом пишется в статье „Кукуш", опубликованной в „Български книжници" в мае 1858 года: если жители Кукуша будут и в дальнейшем стремиться к просвещению и национальному возрождению, то Кукуш превратится в центр, из которого любовь к народному образованию молнией разнесется по всей нашей земле. Народная история отметит это доброе дело, но в то время упрекнет Охрид, Битолу и др. центральные города Македонии за опоздание.

Естественно, что результатом всех этих национальных волнений была попытка издания одной грамматики македонского „наречия" кукушским учителем Вениамином Мачуковским „который в 1872 году обратился с просьбой собрать средства для издания своей грамматики, используемой им в практике. Этот призыв вызвал острую реакцию со стороны

болгарской цареградской печати, и грамматика Мачуковского не была издана".

5. К сожалению, национальное возрождение, охватившее Кукуш во II половине прошлого века, насильственно было прервано в первых десятилетиях XX века.

Среди ужасных проявлений геноцида, который повторяется так часто и в наши дни, историкам нужно вспомнить и события, охватившие юго-восточную Македонию во время II Балканской войны, которая была инспирированна шовинистическими и великодержавными стремлениями буржуазных властей соседних государств—Болгарией, Сербией, Грецией.

„Вторая Балканская война, вспыхнувшая 29 июня 1913 года, дорого обошлась македонскому народу. В годы войны греческой армией были вырезаны тысячи невинных македонцев, большей частью женщины и дети, особенно в районах Кукуша и Демирхисара, где шли военные операции. Были сожжены и разрушены десятки македонских сел и красивый город Кукуш".

В первые дни июля 1913 года в разгар жатвы греческая армия поставила перед собой задачу „эту богатую, до того времени не принадлежавшую Греции область, эллинизировать". Под сильным артиллерийским огнем македонское население, не имея времени для подготовки, прямо с полей, оставив серпы, не успев собраться всей семьей, бежало на север к подножьям горы Круши и через Демир Хисар направились к Кресне и Пиринской Македонии, а некоторые — и дальше, в Софию. За стихийными колоннами беженцев оставались пожары и смерть. Об их ужасах свидетельствуют рассказы очевидцев: некоторые матери, чтобы спасти двух своих детей вынуждены были оставлять третьего ребенка на дороге.

Семьям беженцев из Кукуша плохо помогали болгарские военные власти: их разместили в казенных домах, чаще всего в помещениях школ, по 4—5 семей в одной комнате. Они не могли дождаться возвращения в родной Кукуш. К сожалению, их желание не осуществилось. Многие семьи остались в Софии, другие, после установления границ осенью 1913 года отправились на юг, поближе к родному Кукушу и остановились в Горной Джумае, Петриче и Струмице.

6. Чтобы представить размеры уничтожения Кукуша и окрестных сел в течение июля 1913 года, приведем статистические данные. К концу прошлого века в г. Кукуше было 7750 жителей, во время войны он был полностью сожжен и уничтожен. Его население, скрываясь от разъяренных греческих солдат, убежало в Пиринскую Македонию и окрестности Струмицы. Село Ниманцы находится в 8 км. северовосточнее от Кукуша. К концу прошлого века в нем было 160 жителей, его населяли македонцы. Во время войны /1913 г./ оно было полностью уничтожено. По данным послевоенной переписи в селе Ниманцы не осталось жителей. В конце прошлого века в большом селе Грамадна, которое находилось в 11 км. севернее Кукуша, проживало 600 македонцев. Во время погрома в годы второй Балканской войны население села очень пострадало от греческих войск и по данным послевоенной переписи в селе осталось 150 жителей. Вблизи села Грамадна находится село Ираклия. К концу прошлого века в этом селе было 290 македонцев и 100 турков. Во время Второй Балканской войны село было уничтожено, а население изгнанно. В послевоенной переписи 1913 года село Ираклия упоминается как опустевшее. Такая же ситуация и во многих других селах.

7. С точки зрения фонолого-морфологических критериев, большинство исследователей кукушского говора рассматривает его совместно с восточным македонским наречием. Так например М. Ивкович, имея ввиду место ударения, в одной группе берет восточные македонские говоры всего пояса од Злетово до Салоников и Кайлара.

Действительно, в нижневардарски говорах, среди которых центральное место занимает кукушский, встречается ряд особенностей, который присутствует в восточном наречии. Сравните: отсутствие следов смешения носовых гласных */ичумéн, иттáрва/*, развитие протетического *в* перед рефлексом начального *ѧ* */вáјца, вáтлинáр/*, замена групп *цвъ-* и *свъ-* группами *цáв-* */расцáфтéло/* и *сáм-* */не-ј усáмнáло/*, сохранение интервокального *в* */чувéк, тувáр/*, сохранение фонемы *х* в различных позициях; место ударения не определено, отсутствие членных морфем *-ов* и *-он*, распространение окончания *-ове* для образования множественного числа у односложных существительных мужского рода, обобщение

номинативных форм у личных имен мужского рода и как казус генерализ */на-Стуйа́н, ус-Стуйа́н/*, выражение отношений датива с помощью *-на* у личных местоимений и собственных имен */на-ште́ ти-дадéх; му-речéх на-Дини́ш/*, отсутствие окончания *-т* в третьем лице единственного числа настоящего времени */ви́ке, но́се, се́че/*, появление старого предлога *въ* в форме *уф* */уф-ни́хка/*, удвоение предлога *со* */сус-но́ш/*, отсутствие предлога 'кон', отсутствие деминутивного суффикса *-уле*, сохранение форм вспомогательного глагола 3-го лица в перфекте */не́-сă-дуjдéли, не́-j-дуjдéл/*, частое употребление перфектного презента */ни ӣло́ба шă-ӣло́бам, ни кабáашто ти-ӣу-ӣро́стум/*. Эти основные фонетико-морфологические особенности широко распространены в восточных говорах, которые встречаются в районе Кукуша.

8. По нашим наблюдениям, в нижневардарских говорах, среди которых центральное место занимает кукушский, имеется ряд отклонений от восточного наречия в области синтаксиса, в то время как в фонетическо-морфологическом плане имеется ряд схожестей. Некоторые различия отмечаются между говором Карадага и говором Поля. Городской говор также имеет свою специфику. Это отметил еще Д. Мирчев в самом начале нашего столетия: „Есть некоторые особенности, которые отличают сам город Кукуш от прилегающих к нему сел".

9. Сначала остановимся на фонологических особенностях. Основной заменой носового заднего ряда *ѫ* является среднеязычный звук *ă*. Это общая особенность нижневардарских говоров, а северной границей этого фонетического явления по отношению к струмичскому говору является пункт Костурино, где *ѫ* > *а*.

Результат *ă* < *ѫ* чаще всего встречается в корневых словах */вăшук, вăïлин/*. Исключений мало: *ѫ* > *у* */жилу́дник, вурк'и́на/*. Вторичный ъ в корне словоформ также перешел в *ă* */лăже, мăила/*, в то время как в конечных консонантных группах переход различен; на него влияет и характер последнего согласного. Следует подчеркнуть, что последовательное развитие гласного *у* в группе - *тъ* является особенностью только говора Поля: *се́дум, о́сум*, в то время, как в Карадаге смешиваются: *се́дăм* и *о́сум*.

Сонорные *р* и *л* подверглись разделению на группы из двух фонем, при котором гласный компонент — *ă*: *дăрво*, *вăрне*, *вăлна*.

Группа *цѣ-* в этом говоре переходит в *це-* : *цéдум*, *цéде*. Таким развитием группы *цѣ-* кукушский говор сближается с дойранским и отличается не только от северо-восточных, но и от соседних нижневардарских говоров, сравните в районе Водена — *цăдăм*, *цадúлка*, в районе Гевгелии — *цáва*.

10. На фонетическо-фонологическом уровне следует отметить и присутствие целого ряда долгих гласных, позиционно ограниченных. Их реализация не является общей особенностью кукушского говора, а чаще встречается в селах Дойранско-Карадагского района, но и там нерегулярно, т.е. не может иметь статус фонологического количества, ср.: *л'ýшто* /*врéме*/ и *л'ȳ'што* /< *луѓешто*/.

Редукция безударных гласных, т.е. их более закрытое произношение, является общей особенностью нижневардарских говоров, включая и кукушский. Это значит, что система гласных в безударной позиции подвергается упрощению, шестичленная система сводится на трехчленную, т.е. исчезает оппозиция *е* : *и*, *а*:*ă* и *о* : *у*. Такое звуковое явление наблюдается не только в соседних говорах: в воденском, салоникском, дойранском, гевгелийском, струмичском, а „редукция гласных с такими же или похожими результатами наблюдается и в болгарском языке, в северных греческих говорах и арумынском. Это обозначает, что наши восточные говоры входят в состав одного более широкого балканского ареала, в котором это явление известно. Несомненно, что в этом случае речь идет о взаимовлиянии между балканскими языками".

В отношении степени редукции отмечается разница в произношении в более южных кукушских селах из района Поля, по отношению к северным селам — из Карадага. Например, целостная редукция гласных, включая и конечные гласные в открытых слогах, если является обычным явлением в южных районах, все реже встречается дальше на север к Дойрану.

Быстрая артикуляция как общая привычка, обусловленная физическо-психологической нуждой выражаться

быстро, является одной из главных характеристик юго-восточных говоров. Такая быстрота и выраженное экспираторное ударение являются причиной не только редукции безударных гласных, но и их сильного ослабления и выпадения. Наиболее выраженные примеры выпадения встречаются в формах имен существительных, имеющих артикль определенности, в именах прилагательных, притяжательных местоимениях женского и среднего рода как в единственном, так и во множественном числе: *на́шта мо́ма*, *дибе́лта* /:*дебелата*/, *о́кто* /: *окото*/, но: *но́швата* /: *ноќви*/.

11. Одной из характерных особенностей городского кукушского говора является переход *а* в *е* после палатального согласного. В отличии от восточных болгарских говоров, где такой переход возможен только в случае окружения гласного *а* палатальными согласными и если *а* находится под ударением, в кукушском говоре, как правило, *а* переходит в *е*, если стоит после палатальных *j*, *ч*, *ж* и *ш*, независимо от ударения и характера последующего согласного: *вудиничер* /: воденичар/, *їарнчере* /: грнчари/, *éсли* /:јасли/, *ејце* /: јајце/, *éзе*, *ес* /: јас/.

Для говора сел, отдаленных от Кукуша лишь на десяток км., переход *а* в *е* нехарактерен, там появляется только лексема *штимéн* /: темјан/.

12. Лабиализация *и* > *у* весьма широко представлена в селах Поля, ближе к Салоникам: *чурéша*, *учумéн*. В городском говоре Шапкарев отметил пример: *ја ју зéми цáрно шушé*.

13. В отношении замены еров /ъ и ь/ кукушский говор, входя в широкий ареал македонских говоров, где ъ > *о*, между тем показывает некоторые колебания. Так, наряду с *бóзил*, *бóчува*, встречаем и: *кăсно* /*си-дујдé*/, *исăнá* /*лójсто*/. Благодаря этой особенности кукушский говор является переходным между центральными македонскими говорами, в которых ъ > *о* и крайними юго-восточными говорами Салоникской области, в которых нередки случаи замены ъ „темным гласным“ *ă* в корне слова.

14. В связи с системой консонантизмов следует остановитъся на следующих особенностях.

Твердое *л* свою природную артикуляцию осуществляет перед гласными заднего ряда, в конце слова и перед

согласным: *ла́ни, Лузи́нта* /: Лозјата — топ./, *ко́кăл*, тогда как в позиции перед гласными переднего ряда твердый *л* меняет свою артикуляцию к твердому небу и получается аллофон, произношение которого переходит в полумягкое *л*: *ко́ла — ко́л'и*.

15. В развитии мягкого *н'* в кукушском говоре встречаются две особенности. Первая особенность, влияющая на диалектическое своеобразие говора, — это отвердение мягкого *н* с момента второго йотирования в целом регионе: *ја́дине, кӑлвине, кучи́на*. Вторая — сохранение мягкого *н'* с момента первого йотирования, хотя и незначительно, встречающаяся лишь в южных селах Поля, выступает как один из элементов, которыми ограничиваются говоры Карадага и Поля; ср.: *кон', ба́н'а, ви́шн'а*.

16. Общая тенденция македонских говоров к ослаблению артикуляции звука *х* в нижневардарских говорах недостаточно выражена, а кукушский и городской дойранский говоры в этом отношении показывают выраженную консервативность и связываются с салоникским и неврокопским говорами. Звук *х* проявляется во всех позициях, хотя и не всегда последовательно, в южных селах Поля, особенно пограничных с Салоникской областью: *ху́бава, ха́рна, уре́хо, на-у́хто* и сл. Однако о том, что звук *х* в начале слова и в интервокальной позиции находится в стадии исчезновения говорит тот факт, что подобные примеры мы встречаем очень редко в более северных селах, ср.: *вра́о, ме́о* /*мӑ-бо́ле*/, *ристе́не* /: христијани/ и сл.

17. Праславянские группы **tj, *dj* в кукушском говоре преобразуются, как правило, в *шт, жд*, ср.: *ле́шта, кӑшта, но́шува* /: ноќви/, *сре́штум, ве́жда, са́жди*, однако нередки случаи употребления на их месте *ќ* и *ѓ*: *ќ'е́рка, но́ќно пи́ле, вре́јќа, не́јк'иш, зо́ѓе* /: заоѓа/, *но́ѓ'е* /: наоѓа/. Такие случаи особенно часто встречаются в южных селах, ближе к Салоникам.

Процесс нового йотирования только частично коснулся кукушского говора. И в Карадаге, и в Поле встречаем: *л'у́де, бра́те, тре́та ве́чӑр*, но наоборот *сва́ќа*.

18. В связи с изменением согласных и их групп следует остановиться на отдельных случаях.

Характерный пример упрощения с изменением и приспособлением артикуляции одного к артикуляции дру-

гого согласного группы можно заметить в следующих словах: *їла́мна*, *уїла́мник*, *їле́мна*. Избежание группы *вн-* путем „выбрасывания“ встречается в лексеме *ну́к*, *ну́ка*, также как и в наречии: *на̄́тре* /и: *не́тре*/. Упрощение групп согласных путем выпадения одной из согласных встречается в примере: *ла́ма* /: ламја/, *зе́ма* /: земја/.

19. В реализации фрикативных *с*, *з* перед аффрикатами *ц*, *ч* встречается раздвоение. В говоре Поля в указанных случаях появляется *х*: *но́хче*, *михчи́на* /: нос, месечина/, в то время как в селах Карадага *с* > *ш* : *бре́шче*, *ли́шче* /: брест, лист/, или не меняется, напр.: *ме́сце*, *мисчи́на*.

20. В говорах Поля невозможны последовательные связи *с* и *з* + *р*, если после них стоит гласный. В таком случае в названных группах появляются вспомогательные взрывные *д*, *т̄*: *стра́м*, *здра́к*.

21. Среди особенностей консонантизмов следует выделить и изменение группы *ст̄* в *шт̄* : *шти́̄ца*, *шта̄̆па́л'ка*, и группы *ск* в *шк* : *шки́̄тник*, *шкрипчи́на*.

22. Интересны случаи, когда беззвучный сегмент вторично полученной формы, как результат закона оглушения в позиции конца слова звонких согласных а также закона „выравнивания“ звуков, повторно накладывается в форме с артиклем определенности и форме множественного числа: *лу́̄пуве*/: луб/, *це́̄пӯт* /: цеб/.

23. Кукушский говор относится к той группе восточномакедонских говоров, которые отличаются неопределенным и неподвижным ударением / штипско-воденский тип/, где „парадигматичность места ударения представляет собой главную особенность и присутствует во всех частях речи почти без исключений“.

Среди вышеупомянутых особенностей ударения данной группы говоров следует выделить перемещение ударения с конечных открытых слогов. Исключения: *вујна́*, *їриӯта́*, *чистӯта́*; и *школо́*. В некоторых селах Карадага, а также и в городском говоре сохранилось старое место ударения: *жина́-т̄-му*, *сестра́-ми*. Здесь сохранилось старое место ударения, т.к. подобные случаи не противоречат правилу двухсложного ударения.

24. В связи с образованием имен существительных следует подчеркнуть тот факт, что в кукушском, как и —

более обширно в юговосточных говорах, отмечается некоторая скудность как в количестве аффиксов увеличительно-усилительных образований, так и в частотности их употребления. Интересно, что аффикс *-ок*, в западных говорах, выполняющий роль деминутива, здесь встречается в усилительно-уничижительном значении: *мăжạ̄ро́к* 'мажиште', *кạшăро́к* /: каша/. С тем же значением, хотя и реже, употребляются аффикс *-ина*: *ī̆лạви́на*, *момеш̄и́на*; *-еī̆а*: *мăжéī̆а*; *-л'о*: *ли́ī̆л'о*.

25. В образовании множественного числа имен существительных мужского рода можно заметить наличие аффикса *-е*, имеющего широкую распространенность, проявляется в двух-трех и многосложных именах существительных: *сил'а́не*, *риба́ре*.

Аффикс *-ишт̄а*, известный в форме множественного числа: *буни́ишт̄а* /: буниште/, *дру́мишт̄а* /: друм/, в данном говоре имеет широкое употребление: *ја́ришт̄а*, *си́ништ̄а*. По мнению З. Голомба „Перенесение суффикса и окончания среднего рода *-ишт̄а* во множ. число мужского рода является общим явлением говоров южной Македонии".

В образовании форм множественного числа имен существительных среднего рода кукушский говор обнаруживает сходство с салоникским, но отличается от других соседних говоров: воденского и гевгелийского. Речь идет об архаизме — употреблении аффикса *-еш̄а*: *ст̄а́ичиш̄а*, *ирī̆е́нчиш̄а*.

Как особенность данного говора следует выделить то, что аффикс *-ина* в корелляции с деминутивным *-ка* объединяется в новый суффикс *-инка* для образования множественного числа с оттенком деминутивности: *п̄ш̄ли́нка* /: петле/, *ст̄улчи́нка* /: столче/.

26. Нижневардарским говорам, с кукушским включительно, характерно колебание в роде имен существительных, ср.: *т̄а́а де́н*, но и *т̄о́о де́н*, *де́нт̄а*, *ади́н кра́j*, но и *кра́jт̄а*, *ва́а кра́j*, *адно́ ли́ст̄о скина́х* /: лист/, *ī̆ра́н-о* /: гранка/.

27. Из большого числа особенностей имен прилагательных обратим внимание на отдельные случаи образования степеней сравнения, когда употребляются обе приставки, в начале превосходной, а затем сравнительной степени: *на́j-п̄о́-си́лин*.

28. В связи с местоимениями можно заметить, что особенностью этого говора является то, что в городе в форме 1 лица выступают нейотированные формы с перегласовкой *а* в *е*: *éс*, *éска*, далее выступающие вместо местоимения „всякого“ лица „себе“, распространяется употребление соответствующих форм личных местоимений: *зă-нéїо си-їлéде*. По мнению З. Голомба, исчезновение ударной формы возвратного местоимения „себе“ является общей особенностью южных македонских говоров. Что касается вопросительного местоимения „кој“, следует заметить отсутствие не только формы дательного падежа „кому“, но и общей формы „кого“: *зă-кóј ѝ́ѝ́ши*?

29. Одной из особенностей наречий является употребление деминутивной формы: *ѝ́укичка*, *ѝ́амичка*, *їóрце*.

30. В ряду образований отыменных глаголов обращает на себя внимание частое употребление окончания *-ее*: *к'и-услиѝ́ее* /: слеп/, *уздăрвéе* /: здрав/.

31. Система глаголов кукушского говора представляется нам достаточно упрощенной. Во-первых, в глаголах настоящего времени происходит совмещение форми *и-* и *е-* групп, во-вторы, по аналогии к ним подключились и глаголы *а*-группы. Упрощение глагольных форм выражено и в повелительном наклонении: все глаголы *е-*, *и-* и *а-* группы во 2 лице единственного числа проявляются в гласном основы *и*, без окончаний, ср.: *чéки-ме ѝ́амо* /м. чекај ме . . ./.

32. Форма деепричастия *бидејќи* здесь не употребляется в качестве союза, а только как наречие, хотя и является производной от глагола совершенного вида: *млад бидéјк'ин устăрéл*.

33. Нижневардарские говоры большинством структурно-синтаксических особенностей отличаются от восточных говоров и имеют другую типологическую особенность. Основной особенностью приведенных в монографии специфичностей является присутствие большого количества балканизмов.

Существует мнение, согласно которому „неславянская“ грамматическая форма македонского языка явилась главным образом результатом билингвизма, возникшего в контактах между македонскими Славянами и балканским романским населением, потомками которых являются сегодняшние

Валахи /Арумыны/. В нижневардарских говорах в условиях двуязычия, балканско-романский язык играл роль модели которая привела к многочисленным изменениям. Наряду с общеизвестными балканизмами, имеющимися в большинстве македонских говоров, здесь встречаются:

— обобщение предлога *на* при дополнении: *ĭă-вличе́л нă ма̯йка́-му ус-кăрли́к*; *ĭу-виде́х на-бра́т-ти*;

— употребление кратких форм местоимений перед глаголом распространено шире, чем в западных говорах, а именно — хотя и невсегда, встречаются аналогичные примеры и в формах синтетического императива: *ста́ни сă-йо́тпри*; *ĭу-спа́стри и не́ĭо*; *ĭи-но́си и них*;

— наличие примеров с нарушенной конгруэнцией: *де́тто сам си-сиде́л*; *две а́йа /йи́х/* и сл.

СПИСОК НА КОНСУЛТИРАНАТА ЛИТЕРАТУРА

Белић А. Аорист имперфективних глагола, ЈФ, књ. V, 1925—1926, стр. 171—182. Галички дијалекат, Београд, 1935 год.

Видоески Б. Акцентот во кратовскиот говор, MJ, III, 1952, бр. 3, 4, 5, 6. Прилози за македонската дијалектологија, MJ, VI, 1953, стр. 113—151. Кумановскиот говор, Скопје, 1962. Основни дијалектни групи во Македонија, MJ, XI—XII, кн. 1—2, стр. 13—31. Македонските дијалекти во светлината на лингвистичката географија, MJ, XIII—XIV, кн. 1—2, стр. 87—107 + 8 карти. Заменските форми во македонските дијалекти, MJ, XVI, стр, 25—71 + 57 карти. Акценските системи во македонските дијалекти Лзб, бр. 3, 1970 год., стр. 1—11. Континуантите на вокалните *р* и *л* во дијалектите на македонскиот јазик, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 22, стр. 529—549. Дебарските говори, MJ, XIX, стр. 59—96 + 30 карти. Проблеми на меѓудијалектниот контакт во преодни говорни области, Реферати на македонските слависти за VII меѓународен славистички конгрес во Варшава, 1973 год. Фонолошки описи на македонските говори, АНУБиХ, Посебна издања, књига LV, Сарајево 1981, стр. 627—822.

Голомб З. Два македонски говора (на Сухо и Висока во Солунско), MJ, XI—XII, стр. 113—182, XIII—XIV, стр. 173—276. Значењето на македонскиот јазик за балканистичките студии, Пристапни предавања, МАНУ, 1974 год., стр. 39—43.

Думевъ В. Воденскиятъ говоръ, МакПр, XIII, кн. 3, стр. 8—42, кн. 4, стр. 26—88.

Ивановъ Д. Ударението въ гевгелийския говоръ, Известия ССФ, кн. VII, 1931 год., стр. 447—458. Гевгелийскиятъ говоръ, София, 1932, стр. 1—130.

Иванов Й. Бялгарски преселнически говори, София, 1977 год.

Ивић П. Дијалектологија српскохрватског језика, Нови Сад, 1986 год. Значај лингвистичке географије за успоредно и историско проучавање јужнословенских језика и њихових односа према осталим словенским језицима, ЈФ, XXII, 1—4, 1957—1958, стр. 179—201.

Ивковић М. Акцентски системи српско-македонских говора, ЈФ, II 1921, књ. 3—4, стр. 254—271; IV, 1924, стр. 46—71.

Јашар-Настева О. Македонските калки од турскиот јазик, MJ, XIII—XIV, кн. 1—2, стр. 109—172. Прилог кон проучувањето на лексичките балканизми во македонскиот јазик, MJ, XXV, стр. 211—235.

Конески Б. Прилепскиот говор, Годишен зборник, Филозофски факултет, кн. 2, 1949, стр. 247—301. Граматика на македонскиот литературен јазик, I, II, Скопје 1967, год. За некои морфолошки пречки на фонетските промени во македонскиот јазик, MJ, XIII—XIV, 1—2, стр. 5—15. Историја на македонскиот јазик, Скопје, 1982. За редукцијата на неакцентираните вокали, МАНУ, Прилози, I, 1—2, Скопје 1976 год.

Корубин Б. Употребата и значењата на предлогот *на* во современиот македонски јазик, MJ, V, бр. 1, стр. 30—79.

Кънчовъ В. Македония, етнография и статистика, София, 1900 год.

Леков И. Насоки в развоя на фонологичните системи на славянските езици, София, 1960.

Марков Б. Основните значења на суфиксот *-иште*, MJ, XIII—XIV, кн. 1—2, стр. 51—65.

Милетичъ Л. Къмъ особеноститѣ на гевгелийския говоръ, МакПр VIII, 1932, кн. 2, стр. 51—72.

Мирчевъ Д. Бѣлѣжки по Кукушко-воденския говоръ, СбНУНК, XVIII, 1901, стр. 426—470.

Мирчевъ К. Неврокопскиятъ говоръ, ГСУ, XXXII, 1936 год., бр. 1, стр. 1—134.

Мирчев К. Историческа граматика на българския език, София 1963 год.

Младенов М. Лексиката на ихтиманския говор, Българска диалектология, III, София, 1967 год.

Oblak V, Macedonische Studien, Die slavische Dialecte des südlichsten und nordwestlichen Macedoniens, Wien 1896.

Поповски А. Реканскиот говор со посебен осврт на неговата лексика, докторска дисертација, необјавена, одбранета 1979 год. во Скопје на Филолошкиот факултет.

Реформатский А. Введение в языковедение, Москва 1957.

Романски С. Долновардарскиятъ говоръ, МакПр, VIII, 1932, кн. 1, стр. 99—140. Народописни материали отъ Долновардарско (изъ архивата на Ст. Верковичъ) МакПр, VI, 1931, кн. 4, стр. 91—116.

Сакьов Д. Принос към речника на кукушкия говор, Бялгарска диалектология, книга III, 1967 год.

Селищевъ А. Очерки по македонской диалектологии, т. I, Казань, 1918, стр. 284.

Симовски Т. Населените места во Егејска Македонија, Скопје 1978, стр. 540.

Стаматоски Т. Од лексиката на тетовскиот говор, МЈ, X, кн. 1—2, стр. 79—106.

Стойков С. Българска диалектология, София, 1955. Българските народни говори, София, 1964.

Таховски А. Грчки зборови во македонскиот народен говор, Посебни изданија, Филозофски факултет, кн. 1, 1951.

Тошев К. Промените на консонантските групи *вн* и *бн* во *мн*, МЈ, I, бр. 3, стр. 59—61.

Угринова-Скалоска Р. Број со именка, МЈ, III, бр. 3, стр. 52—57. Говорите во Скопско, Филозофски факултет, Дипломски работи, кн. 2, 1951. Две стилски особености во нашиот говорен јазик, МЈ, XI—XII, стр. 105—112.

Христовъ Г. По-забележителни особености на кукушко-дойранския говоръ, МакПр, X, 1936. кн. 1—2, стр. 103—118. Народописни материали по говора въ Кукушко и Дойранско, МакПр, IX, 1935, кн. 3—4, стр. 167—176.

СКРАТЕНИЦИ

1. За користени трудови

БКВГ — Д. Мирчевъ, Бѣлѣжки по Кукушко-воденския говоръ, СбНУНК, XVIII, 1901, стр. 426—470.

БПГ — Й. Иванов, Български преселнически говори, София, 1977 год.

ВГ — В. Думевъ, Воденскиятъ говоръ, МакПр, XIII, 1943, кн. 3, стр. 8—42; кн. 4, стр. 26—88.

Vaillant, L'évang. de Kul. // *ЛК* — A. Mazon et A. Vaillant, L'évangéliaire de Kulakia, un parler slave du Bas-Vardar, Paris 1938.

ГГ — Д. Ивановъ, Гевгелийскиятъ говоръ, София 1932 год., стр. 1—132.

ГСУ — Годишникъ на Софиския университетъ, Историко-филологически факултетъ, София.

Граматика — Б. Конески, Граматика на македонскиот литературен јазик, Скопје, 1967 год.

ДВГ — С. Романски, Долновардарскиятъ говоръ, МакПр, VIII, 1932, кн. 1, стр. 99—140.

ДГ — К. Пеев, Дојранскиот говор, Македонистика, 2/1979 год.

ДМГ — З. Голомб, Два македонски говора (на Сухо и Висока во Солунско), MJ, год. XI—XII, кн. 1—2, стр. 113—182; год. XIII—XIV, стр. 173—276.

Историја — Б. Конески, Историја на македонскиот јазик, Скопје, 1982 год.

ЈФ — Јужнословенски филолог, Београд.

КГ — Б. Видоески, Кумановскиот говор, Скопје, 1962 год.

MJ — Македонски јазик, Скопје.

МакПр — Македонски прегледъ, София.

НГ — К. Мирчевъ, Неврокопскиятъ говоръ, Годишник СУ, XXXII, 1936, бр. 1, стр. 1—134.

КОГГ — Л. Милетичъ, Къмъ особеноститѣ на гевгелийския говоръ, МакПр, VIII, 1932, кн. 2, стр. 51—72.

ОКДГ — Г. П. Христовъ, По-забележителни особености на кукушко-дойранския говоръ, МакПр, X, 1936. кн. 1—2, стр. 103—118.

RJA — Rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika, Jugoslavenska akademija, Zagreb.

СбНУНК — Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, София.

СбНУ — Сборникъ от български народни умотворения, София.

2. За населени места

Ал — Алексово (Алéксуво)
Ак — Аканцалија (Кăнцалúа)
АḰ — Амбар Ḱој (Амбáр Ḱој)
Беї — Беглерија (Биглирúа)
Бої — Богданци (Бугдáнци)
Вл — Владаја (Влăдáă)
Гав — Гавалјанци (Гавл'áнци)
Гола — Гола
Град — Градобор (Гăрдубóр)
Грам — Грамадна (Гăрмáдна)
Гум — Гуменца
Гăр — Грбасел (Гăрбăшéл')
Дауш — Даутлија (Дăутлúа)
Драї — Драгомирци (Дăргумúрци)
Жен — Женско (Жéнцко)
Ир — Ираклија (Ирăклúа)
Иц — Ханџилар (Ицилáре)
Кал — Калиново (Кăлúнво)
Каз — Казаново (Кąзáнво)
Ков — Кованци
Коц — Коџомарлија (Куцумăрлúа)
Крец — Крецово (Крéцво)
Кук — Кукуш
Мал — Маловци (Мáлувци)
Мир — Миравци
Мор — Морарци (Мурáрци)
Муш — Мотулово (Мутýлво)
Ним — Неманци (Нимáнци)
Пат — Патарос (Пăтрóс)
П — Петрово
Пл — Планица (Плăнúнца)
Пост — Постолар (Пуслáр)
Рош — Рошлово (Рóшлуво)
Сав — Савек
См — Смоквица
Сш — Стојаково (Стујáкво)
Фур — Фурка
Шек — Шекерлија (Шикирлúа)
Штем — Штемница //Сневче

ТРАНСКРИПЦИЈА

ă. — Со овој знак го предаваме темниот вокал независно од неговото потекло.

ē, *ī̄*, *ā*, *ō*, *ȳ*. — Со цртичка над вокалот се означува должината.

ę, *ą*, *ǫ*. — Точката под вокалот го означува полуредуцираниот изговор; *ę* клони кон *и*, *ą* кон *ă*, а *ǫ* кон *у*. Истиов однос е покажан и со знаците: $e^{и}$, $o^{у}$.

л'. — Овој знак го означува полумекото *л*.

н'. — Со овој знак се означува мекото *н*.

ш̄'. — Со овој знак се означува палатализираниот изговор на плозивот *ш̄*.

к'. — Со овој знак се означува палатализирано *к'*.

ї'. — Види го објаснувањето за *к'*.

л̄, *м̄*, *н̄*, *р̄*, *с̄*. — Со цртичка над консонантот се означува должината. Од технички причини долгото *ш* го предаваме со *ш:*.


ДЕМИРХИ САРСКА ОКОЛИЈА
КАРТА НА КУКУШКИОТ ГОВОР
5 4 3 2 1 0 5 10 15km.
P=1: 200 000
СЕРСКА ОКОЛИЈА
ЛАГАДИНСКА ОКОЛИЈА
ГЈУМЕНЏА
ГРАДОБОР
КУКУШ
Κιλκίς
ΚΥΚΥΣΙΑ
ΤΟΔΟΡΟΒΟ
ΣΑΒΕΚ
ΑΡΑΚΛΙ
ΕΝΙ ΜΑΧΑΛΙ
ΣΝΕΒΧΕ
Κεντρικόν
ΓΟΡНО ТОДОРАК
Άνω Θεοδωράκιον
ДОЛНО ТОДОРАК
Κάτω Θεοδωράκιον
ΑΛΕΞΙΑ
ΑΛΕΚСОВО
ΧΑΡΣΟΒΟ
Χάρσον
ΚΑЛИНОВО
Σουλτογιαγινναίικα
ΜИХАЛОВО
Μιχαλίτσιον
ΝОВО СЕЛО
Ἐλευθεροχωρίον
ΜАЛОВИЏ
Ἡλιόλουστον
ΙРАКЛИ
Ἡράπλεια
ГРАМАДНА
Εὐχαρπία
ΜУТИЛОВО
Μεταξοχώριον
ΚИШОВО
Κοκκινιά
ΠЛАНИЦА
Σύσκα
ΡОДОЛОВО
Γερακάριον
ΜЕЏДИРЕК
Μελισσουργεῖον
Ποντοκερασιά
ΠΑΠΡΑΤ
Παρόχθιον
ΧΟЏА МАХАЛА
ΜΕЛИСОУЏИНАС
ΒΑΛΟΠΛΑΡΕ
ΒИРЛАН
Ἀναβρυτόν
Κλειστόν
ΜΟЗГАЛИ
ΓАВАЏАНЦИ
Βαλτούδιον
ΒРАГИТУРИЈА
Σωτηρούδα
ΓРБАШЕЛ
Καστανέαι
ЈАНЕШЕВО
Μεταλλικόν
Ζαχαράτον
ΔΕΚΕΡΝΙ
ΝЕМАНЏИ
Διπόταμος
ΑЏИ АЛИ
Ἑλληνικόν
ΜИРОВО
ΒΑΡΙΟΧΩΡΙΟΝ
ΔΡΑГОМИР
Χερσοτόπιον
ΜЏОМАРЏИЈА
ΑΡΜΥΤΛΙ
Μεγάλη Βρύση
ΚРЕЏОВО
Χωρύγιον
ΑЏДАРЛИ
ΣΕΒΑΣΤΟΝ
ΣΕΣΛΟΒΟ
ΣΤΡΕΖОВО
Ἀργυρούπολις
ΠΕΡΝОВАЛИ
Ἁγία Αἰκατερίνα
ΚΑЗАНОВО
Κατύλη
ΣΥΡΜΑΤΣΧΙΟΣ
ΒЕГЛАРЈЕВО
ΔΑΥΤΛΙ
ΡΑΜΝΖΑЛИ
Δασοτόπι
ΧЏЕНЏКО
Παλαιόν Γυναικόκαστρον
ΒЕЛА ЦРКВА
Κολχίς
ΠОСТИЛАР
Μάντραι
ΑΜΒΑΡΚΟЏ
ΥЏИЕЛАРЕ